БИТКИТЕ НА МАКЕДОНСКИТЕ ГЕНЕРАЦИИ ПОД ГРЦИЈА НИЗ ТУЃИТЕ ИДЕОЛОГИИ

Стојан Кочов

БИТКИТЕ НА МАКЕДОНСКИТЕ ГЕНЕРАЦИИ ПОД ГРЦИЈА НИЗ ТУЃИТЕ ИДЕОЛОГИИ

Стојан КОЧОВ

Издавач

МАТИЦА МАКЕДОНСКА
Бул. “Св. Климент Охритска” 23

Скопје

Тел. /факс 3221- 38
Тел. 3 230-358, 3 224- 265

.
Стојан КОЧОВ

Лектура

Компјутерска подготовка
Јане ЈАНЕВСКИ

Печат
Југореклам Скопје

Изданиево финасиски е помогнато од Министерството за култура на Република македонија

All rights reserved. No part of this book may be reproduced or transmitted in any form or by any means, electronic or mechanical, including photocopying, recording or by any information storage and retrieval system without written consent from the author, except for the inclusion of brief and documented quotations in a review.

Copyright © 2013 by Stoian Kochov & Risto Stefov

e-Book Format

18 Јуни 2013 г.

СОДРЖИНА

ЕДИЦИЈА ИСТРАЖУВАЊА ОД ОБЛАСТА НА НАЦИОНАЛНАТА ИСТОРИЈА НА МАКЕДОНИЈА 5
ДРУГОТО ЛИЦЕ НА ИСТОРИЈАТА 11
1.0 Македонците – соучесници и жртви во судбоносните идеолошки години на тугите стратегии 11
2.0 ВИСТИНИТЕ И КОНТРАВЕРЗИТЕ ЗА ГРАЃАНСКАТА ВОЈНА ВО ГРЦИЈА (1945-1949) 37
3.0 ОСНОВНИТЕ КАРАКТЕРИСТИКИ НА ГРАЃАНСКАТА ВОЈНА ВО ГРЦИЈА (1946-1949) 90
II - ХРОНИКИТЕ (27) ОД ПЕКОЛОТ НА ВОЈНАТА ПРЕГЛЕД НА ВОЕНОПОЛИТИЧКАТА ИСТОРИСКА ХРОНИКА НА БАЛКАНОТ (1940-1950) 109
4.0 Југословенската стратегија на Балканот 109
4.1 Ставот на Велика Британија.(Британците го контролираат Балканот од секогаш. И сега.) 133
4.2 Ставот на СССР 136
4.3 Реакциите на КПГ и на владата во Атина-против формирањето на македонските организации. 141
5.0 ПРВАТА СУДБОНОСНА ГОДИНА 1945 ПОД РАКОВОДСТВОТО НА КПЈ/КПМ (ОД ОКТОМВРИ 1944-1945 ГОДИНА ДО ОКТОМВРИ 1946 ГОДИНА 142
6.0 ВТОРАТА СУДБОНОСНА ГОДИНА ОД ОКТОМВРИ 1946 ГОДИНА ПО “БРАТСТВОТО И ЕДИНСТВОТО” ОД 14 ОКТОМВРИ ПОД РАКОВОДСТВОТО НА КПГ- ДО КРАЈ НА ВОЈНАТА 148
7.0 ТРЕТАТА СУДБОНОСНА ГОДИНА 1947 ГОДИНА ПОД РАКОВОДСТВОТО НА КПГ И ТОТАЛНИТЕ МОБИЛИЗАЦИИ ..173
8.0 ЧЕТВРТАТА СУДБОНОСНА 1948 ГОДИНА ПОД РАКОВОДСТВО НА КПГ, ИНФОРБИРОТО И ОСЕМАЊЕТО НА ДЕЦАТА (ПЕДОМАЗОМА - ЧЕДОСОБИРСТВО) 182
9.0 ШЕСТТА СУДБОНОСНА ГОДИНА ДО ЛИКВИДАЦИЈАТА НА ГРАЃАНСКАТА ВОЈНА 27 АВГУСТ 1949 ГОДИНА ПОД РАКОВОДСТВОТО НА КПГ 230
9.1 ЗОШТО ВОЈНАТА НЕ Е ЗАВРШЕНА КАКО И СЕКАДЕ, НА 9 МАЈ 1945?! 257
10.0 ОТКАКО ВОЈНАТА ЗАВРШИ 281
10.1 Причините за спорот со името се во Граѓанската војна, наводно таа војна е водена од СЛАВО - КОМУНИСТИТЕ 297
10.2 ОД КОГА И ЗОШТО ГРЧКИТЕ ПОЛИТИЧАРИ ПОСАКАА ДА СЕ МАКЕДОНИЗИРААТ 299

11.0 ПРИЛОЗИ:.....334
11.1 На 6 февруари 2007 година на телевизијата на канал 5 во ЦЕНТЕР емисија од Васко Ефтов.....335
11.2 КАКО И ЗОШТО (ПОСЕБНО) КОСТУРЧАНИ ГО ИЗГУБИЈА СВОЈОТ РОДЕН КРАЈ ВО ГОДИНИТЕ (1940 - 1949) - НАШАТА ИСТОРИЈА НЕМА ЈАСЕН ОДГОВОР.....340
11.2.1 ФАКТИ И АРГУМЕНТИ ЗА МАКЕДОНСКИТЕ КОМИТИ ОД КОСТУРСКО. ЗА НАЈСВЕТЛИТЕ ЛИКОВИ КОИ БОРЕЈЌИ СЕ ЗА СЛОБОДАТА НА МАКЕДОНИЈА.....347
11.2.2. ФАКТИ И АРГУМЕНТИ ЗА ГРЧКАТА СТРАТЕГИЈА СПРЕМА МАКЕДОНЦИТЕ - РЕЧЕНО ВО ГРЧКАТА ИСТОРИЈА ОД САМИТЕ ЗАВОЈУВАЧИ.....350
11.3 Интервју: “ Тридесет три години касније: ЗАШТО МАРКОС НЕ КАЖЕ СВЕ.....352
11.4 Последните искази на Захаријадис.....353
11.5 СИБИР ЗА “ ТИТОВЕ АГЕНТЕ,,.....355
12.0 ПОГОВОР.....358
13.0 ПРЕГЛЕДАНА И КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА.....365
14.0 КРАТЕНИЦИ.....374
15.0 ПАТОТ НА БИТКИТЕ НИЗ ТУЃИТЕ КОМУНИСТИЧКИ ИДЕОЛОГИИ.....376
СТОЈАН КОЧОВ - БЕЛЕШКА ЗА ПИСАТЕЛОТ.....379
ЗАБЕЛЕШКИ.....381

ЕДИЦИЈА ИСТРАЖУВАЊА ОД ОБЛАСТА НА НАЦИОНАЛНАТА ИСТОРИЈА НА МАКЕДОНИЈА

Критички огледи:

Вовед во историските битки на Македонските генерации, патиштата на слободата, столетните прогонства и пеколните преселби на Македонците под Грција (Егејска Македонија) низ тугите идеолошки активизми (1940 – 1949).

Секоја сериозна и модерна нација не се срами од тоа да погледне во сопственото минато и да погледне во сопствената сегашност, но тоа цели 60 години, за смртта на дел од Македонската нација (Македонците под Грција), не беше возможно во тоталитарните системи.

Благодарение на собраната техника на пребарување, на меморирањето на огромен број податоци и на системи за пребарување, сите ние имаме брз пристап до огромни количества информации.

Провокацијата за овоа истражување и анализа е книгата: "Петте судбоносни години во Егејска Македонија (1945 – 1949), од историчарот Ристо Кирјазовски кој во два наслови пишува за воено-политичката анализа, тие ќе бидат посебно анализирани, со многу детали и факти за кои постојат цврсти докази со кои сега располагаме укажуваат на тоа дека добро се прикривале. Реалноста е сосема поинаква:

Единот: Акцијата на Тито во Егејскиот дел на Македонија (13).

Вториот: Тито не ги предаде Егејските Македонци на Захариадис (Секретар на КПГ – ККЕ) (40).

Каква беше политичко-идеолошката концепција на Тито КПЈ/КПМ (несомнено, најмоќна сила во Југославија) за оформувањето на Македонските организации: НОФ, АФЖ и НОМС на 23 Април 1945 година во Скопје и што од овие организации, се бараше максимално и масовно да ги мобилизираат Македонците под Грција во политичкиот пекол?!

- Зашто и за нас Македонците војната не заврши како и секаде, на 9 Мај 1945?!

- Како и зошто тргнавме на 23.4.1945 година во нов смртоносен поход?!
- Зошто Тито не предаде како робови на Захаријадис?!
- Зошто ние Македонците, влеговме без Македонска стратегија?!

Намамени од КПЈ/КПМ и КПГ дека заедно ќе се бориме за да ја исправиме Историската Неправда, ја изгубиме Географијата (го изгубивме вековното родно огниште и доживеавме геноцид).

- Зошто толку бевме брутални (спрема нашиот народ) со тугиот идеолошки активизам кои ни агитираа дека оваа војна е револуција и.т.н?!
- Граѓанската војна заврши, битката трае. Илјадици прогонети и со закон им забрането: кои не се "Грци по род" на можат да се вратат на татковите огништа!
- Зошто страв спрема своето историско минато?

Нацијата некогаш ќе наведне поглед над овие факти. Во нив е една закопана национална трагедија. Носиме ли самите вина за обезмакедончувањето на Македонија под Грција? Сепак, носиме, судот на историјата на признава застареност, ниту одбрана со молк! Ако втората светска војна беше војна на истребување, тогаш како да ја наречеме граѓанската војна и што направија со Македонците?!

***

По втората светска војна (1945) постојано догрејуваниот занес го тераше Македонскиот народ на жртви. Со одушевување се се бореше во редовите на ДАГ (1946-1949), а со љубов ја ставаше рачната бомба или револверската цевка на слепоочницата. Зошто, тоа беше така со Македонецот?! Затоа што беше во најсовршена форма политиката на идеолошкиот активизам – тактиката на лажни ветувања. Кога веќе, сега, по 60 години ги отворивме сите работи, време е; со колективно ангажирање на Македонскиот ум, да им покажиме на генерациите и на светот со нашето Македонско простумење и да ги отвориме сите прашања (поради лажната "историја" што ни ја сервираше до ден-денес овој историчар, тој со умисла ги правел систематските празнини во Македонската историја) кои преку тугиот идеолошки активизам на правеше "осакатен народ".

Ја знаеме ли ние Македонците под Грција вистината за себе? Ги знаеме ли нашите вистина? Дали Македонецот решавал за судбината на својот народ во Граѓанската војна во Грција?! Секој, сака за знае

кој ја почна војната. Сака да знае, дали иницијаторите беа Македонците под Грција или однадвор беа наманети и од кого?

Ја знаеме ли – кобната намера на туѓите држави стратегии за извршениот геноцид над Македонците под Грција или тоа ќе остане – тајна на столетието?

Дали Македонската историографија во изминатите 60 години одигра сеопшт Македонски национален интерес и му покажа на светот за извршениот геноцид над Македонците под Грција?! Зошто пред светот "Егејската тема" се држи уште во карантин?

Знаеме дека стоилјадната армија на Македонците од Вардарска Македонија во Втората светска војна се бореше за "Обединета Македонија", но знаеме дека Тито од секогаш беше против за "Обединета Македонија".

Знаеме ли доволно за "Политичката трагедија на НОФ и АФЖ" и за Македонците кои минаа низ црното сценарио на историјата на ДАГ и национално-политичките импликации од робувањето на НОФ и АФЖ кои КПЈ/КПМ и КПГ? Секој сака да знае: кој ги намами Македонците под Грција и каква била политичко-идеолошката концепција на Тито (КПЈ/КПМ).

Или вистината е таква, каква што ни ја покажуваа стратезите што ни ја организираа и ја водеа Граѓанската војна (1) за свои интереси. Знаеме ли како и зошто партиските војници кои им припаѓа на КПЈ ини КПГ ја пишуваа историјата за Македонците под Грција и зошто ги бранеа загубините битки?

Напатените Македонци од Егејска Македонија, шест децении се во потрага по историската вистина, т.е за насилниот избришен голем идеолошки трансфер на Македонците под Грција во Граѓанската војна (1945-1949). Ние Македонците низ еден цел век на борба; од Илинденското востание, Втората светска војна и Граѓанската војна во Грција бевме искористени од тугинците, посебно бевме изманипулирани и искористени од левите сили на КПЈ и КПГ. Истражувањето, беше тежок и макотрпен пат, но желбата за вистината од преживеаните геноциди собитија (кои досега беа прикажувани со поданичка свест) ме храбреше дека еден ден ќе докажам со факти против аргументите за таквата напишана "секторска историја за Егејците" која (намерно или од страв или пак од корист) ги прикриваше многуте факти, за многу историски

потфати од тугинците кои имаа за цел да не искорнат од вековните прадедовите огништа.

Прашањето, (посебно во Граѓанската војна); дали Македонската крв беше пролеана за вековните идеали на Македонскиот народ или бевме изманипулирани и попусто се (само) жртвувавме?! Ме тераше цврсто да бидам решен да се соочам со целиот дел на минатото, да не го правам селективно, туку ќе истакнам се што доживеа Македонецот под Грција и откого, посебно во годините деценијата (1940-1949) за да знаат генерациите како го изгубивме подниот крај за навек. Но, и историска обврска треба да биде на самите нас – Македонците кој ги носиме длабоките семејни корени што вековно живеевме таму (примерот на денешните наши собраќа од "Винижито"), а не нашата судбина, им ја препуштивме на тугинците и на идеолошките поданици, да ја толкуваат како на нив им годи. Во оваа историско-воената анализа доминираат следните прашања: Дали изборот на "Патот на слободата" низ поданичкиот идеолошки активизам не доведе да го изгубивме прадедовото огниште и да се најдеме на "Патиштата на прогонот и големите преселби"?!

Воено-историска анализа ни покажа дека во овие 60 години, вистината постоела, да се измисли можеше само лагата. Тогаш зашто и како се пишувала Македонската анти-историја? Истражувањето за патиштата на робството низ стогодишната борба на Македонците под Грција, посебно низ историјата на идеолошкиот активизам во Граѓанската војна во годините (1945-1949) и големата идеолошка измама за трансфер на Македонците; по војната и по неа, покажува дека ние таа војна, нашиот Македонски патриотизам беше рушен токму од комунистите и никогаш не доаѓаше до израз, туку, токму комунистите не тераа да веруваме во нивниот државен национализам и нашиот патриотизам се користеше за (само) жртвување. Периодот на Граѓанската војна (посебно 1945 година кога НОФ и АФЖ оформени и избран беше "Патот за слободата" од КПЈ/КПМ и дејствуваа под Југословенските директиви во Егејска Македонија. Со оформувањето на Македонските организации НОФ и АФЖ во Скопје, многу аналитичари велат: Граѓанската војна во Грција била политичко-идеолошка концепција на Тито (КПЈ/КПМ) и дека несомнено претендирал да ја демонстрира величината на својата позиција кај Македонците, но исходот покажа дека позади сето тоа се криела и политиката на западните сили.

По едно годишен развој (1945-1946) на настаните (под раководството на КПЈ/КПМ)) и потоа низ годините (1946-1949) на Граѓанската војна НОФ и АФЖ, по налог на Тито се најдоа под контрола на КПГ,

таквата поданичка измама и предавство, е едно од најлошите искуства на Македонците под Грција кои се до ден денес се најдоа на "Патиштата на прогонот - Талкачи", многу генерации што останува по светот се прашуваат: Кој сме, што сме, што не се случи, каде одиме?

Кои и зашто така ја пишуваше Македонската анти-историја и повеќе од полавек бевме класични заложници?

Егејска Македонија е преполна со тајни, кои главно се поврзани со одредени трагедии што се случувале на обој простор и кои во голем дел ја одредиле и нејзината судбина. Заговор, убиства, атентати, шпионски афери го полнат досието на Македонската историја од уште од нејзината поделба 1913 (2) година. Сега по столетието и по 60 години од Граѓанската војна, кога се распука градбата на идеолошките ѕидини на напишаната историја за "Егејците", на видлина излегоа тајните на дел од столетието и историчарот Ристо Кирјазовски во својата книга: "Петте судбоносни години во Егејска Македонија (1945-1949)", не осведочува дека: "Тито им ги отстапува Егејците Македонци на Захариадис (КПГ)" стр. 40, а од новите господари (КПГ) низ војната Македонците добивме "Тупаница полна со омраза". Што значи: идеолошкиот активизам над Македонскиот селанец под Грција, не беше ништо помал од "Калашников" – најубиствениот Руски производ.

Студијата покажува дека: Тугинците не тераа низ нивната стратешка идеологија и не изманипулираа: Да заборавиме на нашиот Исконски Завет: дека за Македонецот – духовното и културното обединување на Македонците, без оглед каде живееме, треба да е наша трајна цел. И треба еднаш за секогаш да се знае дека така се самоопределија нашите предци и ние генарациите таквиот завед, треба да го почитуваме, а не, поново (поданички) пред секој идеолошки насилник, да се самоопределуваме (во некакви Балкански Федерации).

Секој Македонец треба да знае и почитува: Самоопределувањето го имаа сторено пред многу столетија нашите предци; за името и за државноста на Македонците, токму на Македонската света замија и за нас тоа треба да е свршен чин и наша гордост! Нашите предци тоа го знаеа, како и секој друг народ, и ние имаме природно право на самоопределување загарантирано со меѓународното право. Би била голема самоизмама и недостојно да се одречеме од историското име кое само нас ни припаѓа со векови, а не на завоевачите и на доселениците.

Уште многу треба да истражуваме: Чии жртви сме? Кој не натера да се (само) жртвуваме и сами да си ги искорениме нашите длабоки и вековни корени?

Во овој полавековен период дали ние Македонците се запрашавме: - Како можело во Граѓанската војна (1946-1949) да им веруваме на колонистите (Просфигите-Маџирите) од Мала-Азија дека во Граѓанската војна (1949) ни дадоа самоопределување?!

- Зашто Тито ја подржуваше Грчката неправда кон Македонија и Македонците и по завршувањето на Граѓанската војна?!

Истражувајќи повеќе од полавек, можам да потврдам дека: Прогонетите Македонци (и нивните потомци) низ целиот свет, со своите спомени го одржуваат Македонскиот идентитет на родниот Егеј!

Но, еднаш историчарите ќе мора да ја кажат премолчената вистина: зошто Македонците во НР Македонија кои беа определени за обединета Македонија, беа испраќани на голи оток, а Македонците под Грција беа испраќани во Граѓанската војна за обединета Македонија?!

“Во време на универзалната измама, зборувањето вистина е револуционерен акт”, рекол: Џорџ Орвел

“Во војната целта не е да загинеш за својата земија, туку да го натераш непријателот да загине за неговата”. Рекол: Френклин Рузвелт (1882-1945), Американски државник.

“Цената што добрите луѓе ја плаќаат за тоа што не учествуваат во јавните случувања е таа што со нив владеат расипани луѓе”. Рекол: Платон.

ДРУГОТО ЛИЦЕ НА ИСТОРИЈАТА

(Со факти против аргументите за напишаната секторска историја за Македонците под Грција)

1.0 Македонците – соучесници и жртви во судбоносните идеолошки години на тугите стратегии

Преглед на настаните кои го објаснуваат општиот ток на политичкиот развој во Егејска Македонија (партиска хроника од 1940 година до крајот на Втората светска војна).

Книгата "Петте судбоносни години во Егејска Македонија (1945-1949)", од Д-р Ристо Кирјазовски (3), е интимна исповед на политички и поданички историчар – грешник, кој низ целиот текст доминира себепромоција и како одбрамбен механизам, т. е. механизам за квазиаргументирано правдање за нешто што можело да се направи, а не се направило.

Со оваа книга открива и кажува сосема нешто друго од неговите официјално досегашните објавени книги во ИНИ (Институтот за национална историја) во првата шест деценискa Југословенска фаза и со овоа дело напишано во фазата на самостојност и независност на Р. Македонија и со тоа како да посака досегашната продукција напишана за Македонците под Грција т.н "секторска историја за Егејците" да ја погреби во длабок Политички Гроб. Значи: со оваа книга авторот ни показа дека вистината постоела. Да се измисли можеше само лагата.

Соочување со стварноста е веќе нешто што буди чувство на тегобност

Можеби е време да ја дознаеме вистината, и како што вели Лав Николаевич Толстој (1828-1910), Руски романсиер, реформатор, пацифист, и морален мислител дека: "Знак за вистината е едноставноста и јасноста. Лагата секогаш е замрсена, накитена и речита."

Книгата на историчарот Кирјазовски е постхумно објавена од "Здружението на децата бегалци од Егејскиот дел на Македонија" и е промовирана на 23.09.2009 година од Мишо Китановски, кој презентирајќи факти од историските настани, меѓу другото потенцираше дека: книгата ја претстави со заглавјето "Во срцевината

на вистината” и дека Изданието за читателите преставува историска читанка и извор на информации, но и инспирација за понатамошни истражувања.

Но, промоторот не објаснува како беше создадена “Оската на злото низ големиот идеолошки систем”, односно од КПЈ/КПМ и КПГ.

Но, кога малку подлабоко ќе се навлезе во оваа книга, сосема е јасно зошто историчарот Кирјазовски не се соочи во матичката организација со компетентните во ИНИ, туку ги дезавуира, им откажа доверба.

Како и зошто 60 години во секторската “историја за Егејците” се бранети загубените битки, а сега се обелоденуваат од истиот историчар.

Факт е дека во еден долг период од повеќе децении вистинската историја била прикривана и премолчувана, колку од историчарот Кирјазовски, Институтот за национална историја, толку и од државните органи на власта и од целото Македонско општество.

Дали е време најкомпетентната институција, т. е. Институтот за национална историја – Македонските историчари, да дадат одговор на ова прашање за вистината да се истера докрај, никој не знае?

Како и зошто тргнавме во нов смртоносен поход?

“Ниедна вистина не треба да се плаши од друга. Измамата и заблудата, напротив, мораат да се плашат од секоја вистина”.

(Шопенхауер, “Светот како волја и престава”) Целиот овој чин, околу оваа книга, издадена надвор од Институтот за национална историја и токму по 60 години од Граѓанската војна, книгата “Петте судбоности години (1945-1949”, покажува дека очигледно уште многу прашања на се одговорени и тие имаат, подлабоки посуштински проблеми. Покажува и тоа дека цели 60 години минати то Граѓанската војна, во еден огромен историски период за кој не се зборувало ништо за Македонците над кои е извршен геноцид, доведува до поделбата на Македонскиот народ и продолжува да се премолчува и не заштитува а тоа носи најголема штета која предизвикува последици од прекинатата духовна и политичка поткрепа на Македонците од Македонија под Грција, било кај да се по светот. А тоа им годеше (и годи) само на Грчките власти.

Факт е дека историчарот Кирјазовски, пишувајќи ја секторската "Историја за Егејците" бил заробен во мрежата на пројгословенската дневна политика по Македонското прашање.

Нема да откријам тајна ако кажам дека во Македонија, немало национален интерес да се напише вистината за се што се случило со Македонците од Егејска Македонија за време на Граѓанска војна, посебно во годините 1945-1946 и 1947-1948 година.

Оваа ситуација не е никаква новост кога е во прашање историјата на Македонците од Егејска Македонија. Целта на овоа истражување е да реконструира што повеќе елементи, за да добијам целоста слика за да се објаснат повеќе клучни манипулации со Македонскиот народ под Грција од страна на КПЈ/КПМ и КПГ во изминатите шест децении, кога, наспроти очигледната вистина, луѓето биле уверувани во нешто сосема друго. Значи, ако минатата стварност, е нешто што се случило во минатото, тоа е комплексна стварност со сите појави. Не е само Втората светска војна или Граѓанската војна, и политичките промени, туку и елементите од обичниот секојдневен живот на Македонците од Егејска Македонија: наметната идеолошка пропаганда, религијата, културата на живеење и вековна желба за опстојување на своите предедови огништа.

И, наместо ИНИ (Институтот за национална историја) што требаше да има важна улога во осознавањето на нацијата, и да настапи со релевантни показатели; како и што беа манипулирани, жртвувани и истребувани Македонците од Егејска Македонија, дозволи, сега со ова книга на Кириазовски да се потврди дека историјата била цели 60 години злоупотребувана за целите на пројугословенската политика. Со тоа е направена огромна национална заблуда, денес имаме генерации не информирани Македонци, и низ историјата да не го знаат и чувствуваат извршениот геноцид над Македонците од Егејска Македонија како Македонска трагедија на 20-от век.

Жална и сурова е реалноста: Како и зошто го изгубивме родниот крај: што се ни се случуваше во шето (само) жртвување?

Најопасната и најголемата заблуда за нас Македонците беше, што не ја сативме нашата историска обврска за судбината на Егејска Македонија и не ја насочивме нашата борба за опстојување на тие наши длабоки семејни корени кои беа потврда на нашиот идентитет.

Токму за овие и многу други прашања (кои се со умисла засенчени од повеке автори кои од истиот ранг во Граѓанската војна и од

официјалната Македонска историографија) е една и останува како од најделикатните работи да се објасни феноменот на нашата поданичка свест.

Шест децении во потрага по историската вистина, посебно ме правеше огорчен од поданичко толкување на воено – политичката проблематика на историјата за Македонците под Грција. Не мразам ниеден народ, ниедна нација, но нема да дозволам да се гази врз историјата на Македонците од Егејска Македонија. Тое е голема неправда. Ние Македонците во целокупниот период на борба; од Илинденското востание, Втората светска војна и Граѓанската војна бевме максимално искористени од тугинците. Но посебно сакам да нагласам од тоа што сум го доживеал од левите сили: КПЈ и КПГ како бевме немилосрдно и безочно манипулирани и фрлени во идеолошкиот отпад.

Мојата цел не е да навредам авторите кои пишуваа дека Граѓанската војна во Грција беше револуција и дека Македонците преставува Политички и воен фактор (сега изјавуваат срамежливо: "Граѓанската војна во Грција – не беше Македонска војна", Академик Иван Катарџиев – Весник "Незаборав", Март-2010.

Напротив, како и во предходните мои книги и сега, настојувам со една сериозна задлабочена анализа да укажам на пропустите, кои можат да бидат објаснети со аргументи за приодот на војната и 6 децениското време кое ни се забрануваше на многу борци да зборуваме за: историја, сеќавања и емоции од таа трагедија во која ние Македонците дожевеавме геноцид.

Истражувањето на воено-политичка историска анализа го поделив на две фази:
- Првата фаза (1944-1945) и низ текот на Граѓанската војна се до 1949 е, најобемна и досега прикриенаа во интерес на Југословенската, односно дејанијата на КПЈ на чело со Тито.
- Втората фаза е шест деценискиот период по Граѓанската војна, времето на самостојност и независност на Република Македонија.

Со оваа истражувачка студија, решил да напишам се што доживеав како што беа настаните, без оглед дали ќе ги разочарам моите соборци, кои посакуваат да видат дека тие настани биле по убави и по револуционерни.

Никогаш не се изморувам присетувајќи се на настани (1944, 1945, 1947, 1948 и 1949) од што на човека му застанува здивот и секој се

прашува: зошто цели 60 години низ пишувањата историја за "Егејците" се прикриваа и ги прикажуваа во Македонското општество и во светот спрема Југословенката – Титова политика?!

Како учесник во Граѓанската војна, каде што бев натеран од идеолошките активисти да се (Само) жртвувам, и да го ризикувам животот, а понекогаш и сопствениот разум да не станам нечии поданик. Но, никогаш, ама баш никогаш не се откажав од својата слободна мисла: да ја зборувам вистината, без оглед колку тешко и опасно беше да се каже таа горчлива вистина. Можеби сум имал повеќе храброст од другите мои соборци, но за мене секогаш било споредно дали ќе бидам онеправдан или унапреден.

Но, мојата писателска ангажираност и понекогаш пристрасен пристап, неретко ми донел и нарачани колективни критики во "Нова Македонија" и други гласила, токму од историчарот Р. Кирјазовски автор на книгата "Петте судбоносни години во Егејска Македонија (1945-1949)" за која следи комплетна воено-политичка анализа за: "Слободата на патиштата и прогонствата низ идеолошкиот активизам (1945-1949), но посебно во годините 1944-1946 под раководството на КПЈ/КПМ."

Пораката на Сталин: Нелезѓ заблуждатсѓ!

Во втората светска војна, Граѓанската војна беше нов тест за нас Македонците и таа имаше две димензии (барем сега) тоа го потврдија исходот и фактите. Таа се водеше и за размена (протерување) на населените и затоа беше лоцирана баш тука и како второ и за ликвидација на комунистите (кои се покажаа дека не беа доволни информирани) што посакуваа да спроведат социјализам во Грција.

Рускиот став (Сталинов) е чуден: Нека се буричка во капитализамот, а целта на власта во Грција (Западните сили) беше сосема јасна: Грција е под сфера на влијание на Англија и САД и договорот со Сталин на Јалта (4) беше гарант дека социјалистички систем во Грција нема да се дозволи со Граѓанската војна. Знчи остануваше да се изврши етничкото чистење на Македонците и со тоа што повеќе меѓународно да се легализира донесеното новородно население – Просфиги од Мала Азија.

Ние Македонците под Грција требаше да имаме сфатено дека бевме во Грција и таму ни беше коренот, инаку ќе бевме третирани како неподобни. Тоа им го овозможивме сами да не ископачат, кога решивме да се бориме со оружие покрепени од Југославија.

Тоа беше време кога Балканот, беше преполн со парадокси и контраверзии, мешавина од старо, анахроно и ново, недефинирано, илузии и заблуди, од една страна, и желби да се пронајдеме од нашите историско трагични поделби што ја чекавме пригодата со години за нашето обединување, тугинците ни ја поттурија теоријата на крв и почва, која ни донесе пустош и конечно повеќето исчезнавме од прадедовските огништа со завршувањето на војната, но, само за Македонците прогонството остана. Сметката ја плативме, точно спрема зацртаното во заговорот.

Македонскиот селанец, вклештен помеѓе моќниците: (КПЈ/КПМ – Тито и Колишевски, КПГ – Захаријадис и Маркос Вафијадис) поданиците: (НОФ и АФЖ)

И во мојте предходни книги за кои бев безмислено напаѓан, толку од овој историчарот Ристо Кириjазовски, кои сега во оваа негова книга изнесе многу прикриени факти, се распрашувам што бранеше: "Како можело да се бара логика во "братска" подршка, по поделата на Македонија (1913) и да се намамува македонецот за "Обединета Македонија" по Втората светска војна, со нашите горди идеолошки активисти е триумф на, танцување во мрак." Зарем можеше некој да смета дека (Бугарската, Југословенската или Грчката) власт била толку ступидна што би го вооружувала НОФ или кое било друго Македонско ослободително движение, само и само да одвои дел од најзината територија? Значи, секој разумен, ќе рече: Не!

Значи, цели 60 години "Секторска историја за Егејците" имаше за цел: да ги брани ставовите на организацијата НОФ која пропагираше со логиката на безумието, на еден мал народ, големи илузии. И сите тие луѓе се показаа со ограничени национални опции, држејќи го Македонскиот народ во заблуда, а историографот Ристо Кирјазовски со неговата пројугословенска поданост имаше за цел колективно замолчување на совеста. Во таква напишана историја, сета валкана политика е прикажена: дека Граѓанската војна била за Македонците револуција и дека Македонскиот народ имал оформено институции и дека Македонските организации НОФ и АФЖ биле политички и воен фактор – што е еклатантна политичка лага, и со тоа се сакаше да се прикријат ужасните направени над Македонскиот народ. Непобитен факт е дека Македонците не завземале, ниту еден висок положај во органите на ЦК на КПГ и воениот штаб на ДАГ, а во суштина биле поданици; едни на КПЈ/КПМ, други на КПГ. Зашто што, доколку некој член на НОФ или АФЖ, се дрзнеше да ја критикува диктаторската политика на КПЈ (Тито) или КПГ (Захаријадис), тоа

значеше дека е анти-комунист, анти-братски, анти-советски, анти-титовски настроен или гркоман.

Како може да се нарекува Револуција Граѓанската војна, тоа може само политички необразован човек да тврди таква работа. Ете што: Ако во ДАГ учествувале на повеќе од 25.000, тогаш таа бројка преставувала 2,5-3% од целокупно 10 (десет) милионско население во Грција. А од тие 25.000 борци во ДАГ биле 50-60% Македонци и затоа Грчката влада, се до 1985 година ја нарекувала "Бандитска војна". Συμμοριτηκός αγόνας.

Непобитно е само едно, а тоа го признаваат и Грците дека обичните Македонци биле најдобри и најхрабри борци.

Каква улога одиграле поданиците: Тие биле опиени од лажната сопствена моќ, што се направиле.

Реално е да се каже дека имаа загубено контакт со стварноста и низ војната ги сретнуваме со илјада лица. Тие спроведуваа валкана политика и ги туркаа Македонците, спрема наредбите на мокниците, на кои им беше, "сценарио на пекол и испустена земја, прогонети деца, прогонети семејства и без право на враќање".

Тоа значи, со право да ние Македонците им кажеме како на мокниците, и на поданиците: Зошто не лажевте и ни донесовте несреќе која со ништо не се лечи? И изгубената татковина земја, со ништо не се враќа?!

Граѓанската војна беше најголемата измама и Грамос е најголемата гробница на сосила мобилизираните Македонци, а тоа е најтрагичниот настан за Македонскиот народ (никаква Македонска револуција, како што се пишуваше во "секторската историја"), бидејќи сите нас од таму не прави луѓе без корен и кај сите е всадено чувство не оттугеност.

Долго планираните преселби на Македонците од Егејска Македонија беа токму од Грција и од Југославија.

Реакциите од Грција:

1. На 17.04.1946 година, Солунскиот десничарски весник "Неа Алитиа" (Нова вистина), објави напис со наслов "Нашите Судети" во кое се зборува за Македонците и се квалификуваат како Судети и

како такви, пишува весникот "... во интерес на мирот и безбедноста во Грција, треба да бидат ликвидирани..."

2. Весникот "Етникос Кирикас" пишува: "Од Грција треба што поскоро да се протераат 80.000 Славо-Македонци". Истото се вели и во неделникот – Републички весник "Елефтерос типос" од 28.01.1946 година во статијата: "Нека си одат Славо-Македонците од нашата Македонија – нека си одат каде сакаат".

А ние Македонците заборавивме дека сето тоа се базираше на потпишаната Лозанска декларација (24 Јули 1923) во која Грција и Турција, како и неколку земји во својство на гаранти, ја потпишаа Лозанската декларација со која се остави простор за размена на населението – христијаните треба да заминат од Турција, главно од населбите во Анадолија (пондии со Грчко потекло) во Европа а муслиманското население да дојде во нивните куќи од Грција (Егејска Македонија). Овој чекор означи и масовен притисок врз Македонците од Егејскиот дел; посебно во двете војни (Вторате светска војна и Граѓанската војна) да ги напуштат своите домови и да побарат егзил во земјите посеверно од Грција.

Но, нашата беда е во тоа, што посебно во Граѓанската војна бевме продадени од КПЈ/КПМ да не раководат токму тие новодојдени луѓе од Анатолија (Мала Азија).

Реакциите од нова федеративна Југославија:

Ете каков бил и ставот на Иван Шубашиќ, тогаш министер на федеративна Југославија, односно премиер на Југославија во почетокот на 1945 година имал намера да им помогне на Грците за присилно да го исели целокупното Македонско население од Егејска Македонија, за кое тој мислел дека брои околу 100.000, со што би се разрешило "Македонското Прашање (5)", што било голем проблем за развојот на добрососедските односи меѓу Грција и Југославија. Иван Шубашиќ со таквата акција посакал еднаш за секогаш да ги снема Македонците, бидејќи тој ја бранел тезата: "Националното прашање во Југославија не постоело и дека во Југославија постојат: Срби, Хрвати и Словени и тие биле еден народ, а Македонците ги сметал за Срби..."

Тое се гледа кога бил премиер на Југославија – Шубашиќ, на еден дипломатски прием му го објаснил ревидираниот Југословенски план за Македонија на Американскиот политички советник Alexander C. Kirk, кој бил стациониран во Сојузната воена команда во Европа. Овој

Американски дипломат во телеграмата од 26 Февруари 1945 година, која ја испратил до Американскиот државен секретар, вака го опишал планот на Шубашниќ за Македонија: "Тој рече дека не е на мислење оти ќе постои неизбежен проблем со Македонија... Тој рече дека никој не ја оспорува желбата за слободна Македонија во федеративна Југославија. Тој исто така објасни дека и Бугарија нема да се спротистави на овој план, а тврдеше дека и прашањето со Грчка Македонија нема да преставува поголем проблем. Тој рече дека во Грчка Македонија живеат околу 100.000 Македонци, кои би ги иселиле во Југословенска Македонија и така би се решил проблемот со Грција". (Од Американската дипломатска историја, која се чува на Универзитетот во Wisconsin).

Каков беше ставот на Англискиот Амбасадор во Атина. Но и на Велика Британија и САД.

Господинот Р.А. Липер уште во Ноември 1944 година се носеше со идеата за раселување на 120.000 словенски-Македонците северно од Грчката граница под Грција. Тоа му го предлагал на министерот за надворешни работи на Велика Британија Антани Иди во писмото од 24 Ноември 1944 година со цел "Грција да нема било какво славјанско малциство и заради тоа што ампутирањето на славјанската територија кон западна Македонија и нејзиното анектирање во славјанската федерација е практично невозможно и би било истовремено економска катастрофа за Грција". Види: ФО 371/43649 ХП 00201 Р. 20431/1009/67.

Да. Во војната и во овој полавек, никогаш не се запрашавме: Зошто Англија и САД ја подржуваат Грчката неправда кон Македонија и Македонците?

Кобниот судир на ЕЛАС (6) и СНОФ кои заедно војуваа против Германскиот окупатор.

Програмата на ЕАМ (Национален ослободителен фронт, формирана на 27 Септември 1941 година која ја сочинуваа: Комунистичката партија на Грција, Земјоделската, Социјалистичката и народно – демократската партија, Општа работничка федерација, Општа федерација на државните чиновници, Организација на националната солидарност и претставниците на политичкиот, научниот и културниот живот на Грција. Покасно на ЕАМ и се приклучува напредниот дел на либералната партија). Од овој преглед, уште еднаш се гледа дека ние Македонците не сме им биле сојузници, бидејќи до тогаш не сме се имале изборено за некаков политички

субјект во државата Грција, туку едноставно, доброволно сме биле само членови како граѓани на Грција, без белег Македонски. Главно нивната програма се состоеше во следното:

А) 1. Прогонување од замјата на Германско-Италијанскиот и на Бугарскиот окупатор;

2. Воспоставување на интегритетот на Грција;

3. Самоопределување на Кипар, Додеканисите и северен Епир. А каде сме ние почитувани Еамити? И

4. Стратешко регулирање на северните граници на Грција (значи им требаше уште малку Македонска земја на овие сојузници). Види: весникот "Махитис", орган на комитетот на ЕЛАС од 10 Февруари 1944 година, во коментарот: ЕАМ е националното прашање. Зарем и досега уште да не знаеме, дека во програмата на ЕАМ апсолутно ништо не се предвидуваше за нас?

Б) Програмата на ЕЛАС (Грчката народноослободителна војска, формирана во Румели-како партизански одреди, на 15 Мај 1942 година со исти цели, бидејќи тоа е решено на заедничкиот состанок со ЦК на КПГ и ЕАМ). Прогласот е упатен до граѓаните на Грција и до бившите офицери на Грчката армија, познати по својот буржуааски сталеж, а ние Македонците за нив бевме само "Славо-фони", никакви борбени сојузници, туку пак само живи војници, како и нашите татковци во предходните војни. Ние за тој период можеби погромко ја пеевме "Емброс ЕЛАС гиа тин Елада..." и ништо повеќе. Но, има уште еден непобитен факт за кој што бил ЕЛАСИТИТЕ, и не треба да заборава дека дал свечена заклетва. Види: Заклетвата на Еласитите во која гласи: "Ќе се бори за ослободувањето на татковината" – Грција и за заштитата на интегритетот на Грчкиот народ...

Како и зашто дојде судирот по меѓу ЕЛАС и СНОФ? Во редовите на организацијата СНОФ (7) и воените единици на СНОВ, беа исклучиво Македонци – членови на КПГ и кобниот судир дојде, кога за прв пат во Егејска Македонија, некои од кадрите на СНОФ со свои барања кон КПГ за остварување на основните принципи врз кој се засновуваат нациите/државите: историското и културното минато, територијалниот, државниот, етничкиот, јазичниот и на крај економскиот принцип, бидејќи до тогаш Македонските комунисти како членови на КПГ практично според прифатените нивни

програми, се имаа откажано од двата принципи: територијалниот и државниот суверенитет.

Ставот на ЕЛАС и КПГ (8)

На 16 Октомври 1944 година, со наредба (потпишана од командантите на ЕЛАС: Еврипидис Бакирџис и Маркос Вафијадис) до армиските единици на ЕЛАС во Македонија и се однесуваше главно за уништување на Германските армиски единици кои отстапуваат од југот на Грција, но се даваа и наредби за уништување на "Славомакедонските" баталјони кои имаа пребегано во Југославија. Тоа беше и ставот на КПГ. Тоа покажува дека во тој период Маркос не беше "Титоист" и не ги симпатизираше идеите за Обединета Македонија, во рамките на една одединета Балканска Федерација (Види: "Studies in the history of the Greek Civil War, 1945 – 1949", edited by L. Baerentzen, J.O. Smith, "Museum Tusculanum Pres", Copenhagen 1987) (Во преводот е на Грчки.)

Секој прогонет се прашува:

Зошто ЕЛАС посака да ги ликвидира Македонските баталјони, како што сакаше тоа да го стори со Германската армија, а сега од каде таа гаранција ја имавме од генерал Маркос, кога тој лично ја потпиша горната наредба па сега НОФ и АФЖ влегува во заедничка борба во годините на (1946-1949)?!!

На 16 Јули, 1943 година, Командантот на ЕЛАС Сарафис и шефот на Англиската воена мисија, полковникот Еди Мајерс, потпишаа заедничка декларација со која ЕЛАС се признава како сојузничка армија и се потчинува на команда за Блискиот Исток. Но да видиме како се одвиваа работите. На 31 Октомври 1944 година, поголема група Англиски војници со оклопни возила влегоа во Солун пред ЕЛАСИТИТЕ. Зашто? Три дена подоцна радио-станица на ББС објави вест дека Британските трупи го ослободија Солун. На 12 Февруари 1945 година во Варкиза одморалиште близу до Атина, беше потпишан договор меѓу раководителите на КПГ и ЕАМ од една страна, а од друга- владата на Пластирас и Британскиот генерал Скоби. Со тој договор ЕАМ и ЕЛАС, практично и ја предале власта на десницата. Тоа беше крајниот резултат на ЕЛАСИТИТЕ.

Но, да видиме каква е оценката, дадена во резолуцијата на ПЕ на ЦК на КПГ од 15.11.1948 годинаи зошто таму баш така се вели: "Дека Маркос Вафиадис, како комесар на групата дивизии на ЕЛАС во Македонија, следен шовинистичка политика спрема

Славомакедонските борци.” (Види: Сп. “неос космос” Август 1950, “Десет години борба” стр. 470). Но, зошто толку доцна тоа го вели овој орган, кога Маркос беше веќе отстранет, а Македонците им требаа за војници во Граѓанската војна.

Но голема работа е да се доведе својот народ во заблуда и да ја очекува од тугинците националната слобода, а Македонското раководство да води јалови расправи за “Македонското Прашање” со локалните Грчки раководители во Костур, Лерин и Воден, кои беа делегирани од КПГ и ЕАМ.

До сега, никој од раководството на НОФ и АФЖ, кои најмногу буричкале во судбините на Македонците под Грција, (отсем Раковски) не го објасниле прашањето:

Која му беше целта на Темпо што ги повикал баталјоните (Костурскиот, Леринскиот, и Воденскиот) во Југославија.

АТИНСКА ХИСТЕРИЈА СО ЈАСНА СТРАТЕГИЈА ПРОТИВ МАКЕДОНЦИТЕ

Дали но тоа беше исполнето барањето на владата на Папандреју во Каиро која бараше од КПГ и ЕЛАС, конкретно од секретарот на КПГ-Сјантос:

“Да се ликвидираат сите негрчки (Славофонски) политички организации и воени формации во во северна Грција. Историска грешка на Грците и Грчката држава ќе биде, ако и Славофонските формации учествуваат во ослободувањето на градовите: Касториа, Флорина, Едеса и другите територии што сега се окупирани од Германците и Италјаните.”

Најавтетично за овие настани пишува Наум Пејов (9) – Чакаларо во својата брошура: “Костурскиот баталјон во состав на првата Македонска ослободителна бригада”, Декември 1985, Скопје.

Тој пишува : ... во Егејска Македонија, беше остварен маршот на единиците на НОБ и ПОЈ на Југославија пролетта 1944 година од Караџова за Караорман во средината на Април (токму на ден Велигден). Една воена единица на Македонските партизани со Главниот штаб беше одседната во селата Бапчор и Турје, Костурско. Од истите борци беше организиран митинг на кој говореше преставникот на штабот Ѓоре Велковски. Тој, во својот говор истакна дека со оглед на двоумењето на Македонските селани од овој крај да

стапуваат во редовите на ЕЛАС, тие можат да доаѓаат во единиците на НОБ и ПОЈ на Југославија во Вардарска Македонија. Таквиот став веројатно беше продиктиран од оценката дека Македонците од Егејска Македонија со недоверба гледале во Грчкото движење и не сакаат да стапуваат во неговите редови. Таквиот став кај Македонците од Егејска Македонија да можат да стапуваат во редовите на НОБ и ПОЈ предизвика живо интересирање. По ова објава, веќе неколку селани од селото Трсје Леринско, веднаш доброволно им се приклучија на овие единици.

На споменатиот митинг во селото Бапчор, со писмо од Анести Пановски бев поканет да присуствувам и јас Наум Пејов, тогашен секретар на организацијата СНОФ за Костурско. На тој митинг беа преставници ЕЛАС од одредот на Вичо, а преведувач на Грчки, беше Анести Пановски. Кога Грците дознаа, тие тоа го примија со големо незадоволство и бараа начин, тоа под итно да се спречи.

По завршувањето на митингот јас (Наум Пејов) се сретнав со преставниците на Главниот Штаб и поширокото раководство на Главниот Штаб Киро Гергиевски-Дејан и посакав да разговарам за мотивите на тој став на НОБ и ПОЈ на Југославија и особено да прашам: дали тоа важи и за активните припадници на Македонските борци од редовите на ЕЛАС. Ми беше нагласено од Дејан "..дека тоа првенствено важи за нови борци кои сакаат да учествуваат во антифашистичките војски, а досега не сакаа да стапуваат во ЕЛАС затоа што немале поверение во Грчкото движење и не го одобрувале Грчкиот став по Македонското Прашање. Целта на оваа акција е да се искористи антифашистичкото расположење на овој народ и да се изврши широката мобилизација на доброволни борци. Но доколку и припадници од редовите на ЕАМ и ЕЛАС посакат да преминат во нашите редови, ние ќе ги примиме".

Следниот ден, продолжува Наум Пејов и пишува: на пат за седиштето на СНОФ во селото Крчишта, го сретнав Македонските борци од одредот "Лазо Трповски"; Никола Шалбаринов, Димитар Шишковски и Сотир Андоновски и ги запознав со ставот изнесен во селото Бапчор од страна на Ѓоре Велков дека е можно де се проклучат на НОБ и ПОЈ на Југославија. Истиот став го изнесе и пред Лазо Дамовски – Ошенски, Лазо Поп Лазаров и Паскал Митревски. Но тие појавија двоумење и побара проверка на таквиот став и се согласија дека треба да се појди до Главниот Штаб на Македонија во селото Шулин – Преспа. За одење во јавката на селото Шулин – Преспа заминале со Наум Пејов: Никола Шишковски, Спиро Лазовски, Ристо Јанкуловски, Благој Даскалов и Кича Балева (Вера).

Групата откако стигнала во селото Шулин, се одржаа потребните разговори со Дејан, а тоа беше во првата декада од (4-5 Мај месец 1944 година) и групата се врати назад. Во Шулин остана само Кича Балева (сега: Евдокија Фотева – Вера), бидејќи се оцени дека на групата и престој многу деликатна задача, каде треба да се дејствува како поединци во строго илегални услови, па да не се изложува како женско на такви услови.

За создадената ситуација, комесарот на одредот "Вичо", Хараламбос Хараламбидис – Атанатос во тој период на време поднесе рапорт (со детален опис за одржаниот митинг, и за ставот и повикот за мобилизирање на нови и стари партизани од редовите на ЕЛАС) до Главниот Штабот на ЕЛАС, за: "Политиката на Српско-Македонските партизани на НОБ и ПОЈ на Југославија во Април месец на Грчка територија: од Караџова-Преспа". Види: Збирка Егејска Македонија во НОБ 1944/1945, том 1 стр. 135-239.

Пејов, понатака објаснува: ... По враќањето од штабот на НОВ и ПОЈ, групата пристигна во Костурско со цел да им пренеси на сите Македонци кои сакаат да ги напуштат единиците на ЕЛАС и да преминат во единиците на НОБ и ПОЈ, во муграта во месноста "Киприеви ореви" кај селото Габреш на 8 Мај беа арестовани и разоружани од единиците на ЕЛАС: Наум Пејов, Спиро Лазаровски и Никола Шалваринов и спроведени во селото Д'мбени и им било речено дека треба да им се суди како на дезертери за предавство. На 9 Мај под стража, групата била префрлена во седиштето на СНОФ во селото Крчишта.

Во Крчишта, биле пречекани од секретарот на окружниот комитет на КПГ, за Костурско Андонис Андонакис-Периклис и други преставници на ЕЛАС. Но, исто така пристигнале и голем број членови на СНОФ и многубројни селани, кои барале да ги ослободат. По долгите консултации, биле условно ослободени, но сега биле под силен надзор од активистите на КПГ и од единиците на ЕЛАС.

Ситуацијата станува се по неподмнослива, особено кон Македонците кои служеа во редовите на ЕЛАС. Имало и такви реакции, од Еласитите Македонци во редовите на ЕЛАС.

Под такви околности на недоверба, Пејов пишува: ... "Квечерината на 15 спроти 16 Мај 1944 година во селото Поздивишта под драматични услови се издвоивме околу 30-тина борци од одредот "Вичо" и се упативме кон планината Мали-Мади кон Преспа. Бројот на борци

нарасна до 80 борци и продолжуваме до Главниот Штаб на Македонија во селото Шулин-Преспа. Тука не прими политичкиот комисар на бригадата Наум Наумовски-Борче, се направи план и добивме распоред за во Караорман и таму влеговме во составот на Првата Македонско-Косовска бригада."

Реакциите од Штабот на ЕЛАС и КПГ, беа остри и тие прогласија итна потера по пребегнатите и таквите реакции биле упатени не само до Главниот Штаб на Македонија, туку и до Главниот Штаб на Југославија и КПЈ и лично до Јосип Броз-Тито.

Со преминувањето на групата борци од редовите на ЕЛАС од Костурско во Караорман, кои и беа вклучени во единиците на НОВ во Вардарска Македонија, се судрија две тактики на две комунистички партии. Комунистичката партија настојува да и бидат вратени "дезертерите" за да бидат "примерно" казнети.

КПЈ, од друга страна, пребегнувањето на групата го сметаше за нивна лична желба и се најде решение и да се вратат назад во редовите на ЕЛАС и КПГ да го дозволи формирањето на одделни Македонски единици во составот на ЕЛАС во Воденско и Леринско – Костурско. Види: "Македонците под Грција во борбата против фашизмот 1940-1944)", стр. 168: Во договорот со ЕЛАС и КПГ учествуваа делегати на Врховниот Штаб на НОБ и ПОЈ на Југославија Добривое Радосавлевиќ-Орце, Петре Богдановаки-Кочо и други. Тоа се случувало: во Воденско во селото Родиво на 7 Јули 1944 година и во селото Поздивишта Костурско на самиот ден Илинден 1944 година, чија цел беше да се зацврстат уште повеќе врските за соработка и солидарност меѓу партизанските единици на Југославија и Грција.

По наредба на ПБ при ЦК на КПГ, Бирото на КПГ за Македонија ги задолжило командите на ЕЛАС да формираат, во рамките на својот состав, одделни Македонски единици во Воденско, Леринско-Костурско. По наредба на лидерот на КПГ, Г. Сјантос, на 16 Јули 1944 година во село Родиво се формирал Воденскиот Македонски баталјон, а на 2 Август 1944 година во село Поздивишта (Костурско) Леринско-Костурско Македонски баталјон.

Пребегнатите сега ги чекаше транфер од Караорман во Костурско-Корештата.

Ете како тоа го опишува Наум Пејов: "…Костурскиот баталјон реши (или им било наредено?) од Караорман да замине за Костурско токму во последните денови од Јули 1944 година и требаше директно да оди

во селото Поздивишта-Корештата (Сега со баталјонот се врати и Авторот). Но баталјонот реши пред стигне во селото Поздивишта да помине низ селата во Преспа и потоа во селата Б'мбел, Косинец и Д'мбени каде одржа и митинзи и го повикуваше народот да стапува во борба против фашистичките окупатори.

Во селото Поздивишта не очекуваше и преставникот на Главниот Штаб НОВ и ПО – Југославија Петре Богдановски-Кочо и преставникот на IX дивизија на ЕЛАС Ренос Михалеас. Тука требаше да се разговора и договора со Грчките преставници за реорганизација на баталјонот и формирање на нов Леринско-Костурски баталјон. На 2 Август (ден Илинден) 1944 година во селото Поздивишта, беше организиран голем митинг и народот се повикуваше да стапува во редовите на овие Македонски баталјони, што беше во духот на спогодбата со КПЈ и ПОЈ и ЕЛАС и КПГ.

Имено, и покрај тоа што единицата од Караорман имаше стари комунисти (членови на КПГ), формирањето и командунањето на баталјонот не им беше доверено ним, туку на Козмас Аминдас (Грчизиран Арнаутин-Арванитс) и Илија Димовски-Гоце. Тие едноставно биле деградирани."

*

Уште веднаш по своето создавање, Македонските баталјони добиле задача да пристапат кон ликвидирање на комитските формации. На 21 Август 1944 година, Костурскиот баталјон нападнал неколку вооружени комитски села и успеал да разоружа поголем број комити. Кон крајот од Август околу 300 комити од Костурско стапиле во Леринско-Костурскиот Македонски баталјон, ценејќи дека се борат ва Македонска војска. Следното разоружување (и невидено братојадство), односно предавање на оружјето од страна на комитите.

За време и по братојадството, следеа обвинувања Македонските екстремни ЕЛАСити им заканувваа: "Ќе ве уништиме комитски бугараши. Илинденски кучиња, затоа што сакате Костур и селата да им ги присоедините на Бугарија."

Комитите бранејќи се им одговараат: "Вие сте андарти-Грчки кучиња. Одредени сте од нашиот народ. Уништивте и прекрстивте се што е наше и црква и јазик и имиња и места и ора и песни, се погрчивте. Ќе ве колни народот и Господ ќе ве казни... Ние сме тие и ќе останеме чувари на нашето вековно простумење."

Македонските комунисти (КПГ) умерени ЕЛАСити им одговораа: “Не, ние сме комунисти и овие Грци не се како оние андартите кои колеа и бесеа. Елате со нас. Ние сме Македонска војска и се бориме заедно со Грците за доброто на Македонскиот и Грчкиот народ.”

Нашата судбина треба да е врзана за ова родно вековно Македонско огниште оти тука ни била по поделата на Македонија (1913), и треба тука заедно со Грците да ја решаваме, бидејќи ние Македонците дадовме многу крв за интерес на Грчката држава; борејќи се заедно за време на Грчко-Турската војна, заедно гиневме во војната на Албанскиот фронт, сите заедно се боревме против фашизмот за време на Втората светска војна. Грција е обврзана за нас Македонците да не почитува, оти нашите браќа и татковци го положија животот како војници на Грчката армија.

Народот вели: “Тој што не си го сака и почитува своето, тој ќе биде искористен толку пати, колку им е потребен на тугинците!”

Иаку Македонските баталјони совесно си ја извршиле задачата, на 2 и 3 Август 1944 година централните комитети на КПГ и ЕАМ, на барање од советската влада соопштено преку Советската воена мисија во Грција, решиле да го прифатат Либанкиот договор и да учествуваат со свои министри во владата на национално единство предводена од Папандреу. Со овој потег Грчкото партиско раководство се откажало од претензијата да ја освој власта со употреба на сила. Македонските баталјони станале пречка за реализација на оваа политика, бидејќи граѓанските партии што ја составиле владата не го признавале Македонското национално малцинство во Грција. Главниот Штаб на ЕЛАС и КПГ, решија да ги расформираат Македонските баталјони и повеќето од нив ги распоредат (прекумандуваат) во длабината на Грција низ единиците на ЕЛАС и со тоа воопшто да не фигурираат Македонски воени формации или било какви политички Македонски организации. Таа вест Македонците ги вознемири и се создаде паника од разните гласини дека “Грците со тоа сакаат да ги ликвидираат.”

Ете накратко, така Македонците беа измамувани по уништувањето на комитите, односно по организираното братојадство меѓу Македонците.

Кобниот судир на ЕЛАС и СНОФ – најгорчливиот вкус на конфликт помеѓу Македонците и Грците

КПГ била многу вознемирена од кокетирањето на Југословените со прашањето што за Грчките комунисти било најделикатно-обединувањето на Македонија. Во Јуни 1944 година Штабот на Македонските партизани им издат нова инструкција на своите агитатори и на воените единици на КПЈ во Грчка Македонија. Предупредувајќи дека по прашањето за Македонија не смее да ги расипуваат братските односи со ЕЛАС. Но, тие биле потсетувани дека здобиената, национална слобода и рамноправниот од страна на Југословенските Македонци е идеалот на целиот Македонски народ.

Во Октомври според меѓу Грчките комунисти и Гоче дошол до кулминација. Кога се нашол лице пред лице со единиците на ЕЛАС распоредени пред единиците на неговите единици на СНОФ, Гоче, заедно со 800 свои луѓе ја преминал границата и дошол во Битола, а на 9 Декември 1944 година Меклин шеф на Британската мисија интервенирал кај Тито за формираната Првата Егејска бригада. Тито изјавил дека таа нема да ја помине Грчко-Југославската граница и дека Југославија нема претензии врз Егејскиот дел на Македонија.

Него и неговите единици Титовите луѓе ги третирале со истото сомнение како и секоја друга проавтономистичка група Македонци. Во текот на неколку месеци групата на Гоче била ставена во полуинтернација, а идната година КПЈ почнала да се потпира врз неа за операциите што таа ги инспирирале во Грчка Македонија. И толку од тие луѓе беа формирани во Скопје организациите НОФ и АФЖ на 23 Април 1945 година. За Грчката влада и комунистите (КПГ) знаеја дека тие луѓе (СНОФ-ити) кои го почнаа конфликтот и со нивното напуштање на границите на Грција и доброволно влегоа во редовите на Титовата армија, конфликтот остана не решен.

*

Како минувало времето, привидно, се мислело дека заинтересираноста на КПЈ за Грчка Македонија постелено избледела. Но печатот што бил под контрола на Комунистичката Партија на Грција, со исклучок на еден напад против владата на Папандреу во Ноември 1944 година поради “теророт врз Македонците” и еден огорчен уводник на “Политика” на крајот на Декември, во текот на неколку месеци не преземале иницијатива во однос на она што вриело во Грчкиот котел. Неколку фактори стоеле зад оваа промена кај КПЈ. Тито, во почетокот на 1945 година, којшто во тоа време бил во тесен контакт со Москва, можеби заклучил дека е поважно Грчките комунисти да дојдат на власт отколку тој во тоа време да ја добије Егејска Македонија. Исто така, сите борбени единици на

Македонци во Грција остро биле наклонети кон автономија, а Тито бил донекаде ограничен со постоењето на ривалската влада на Шубашиќ којашто се уште уживала извесна подршка од страна на западните сили. Се што било нужно да се биде претпазлив. Само кога овие околности се измениле КПЈ ја реактивираше својата грижа за Грчка Македонина.

Дали ние Македонците во тој период на време имавме Македонска револуционерна платформа:

Покраинскиот комитет на КПМ (Забелешка: повеќето членови на ПК биле членови на КПЈ, се до 1940 година) бил организиран и формиран во Април 1940 година, а на 8 Септември 1940 година одржал прва Покраинска конференција на КПМ и прифатил Македонска револуционерна оптимална програма. Во Прогласот се вели: "Илинден е денот на Македонската Револуција и светло и чисто Македонско знаме... А во резолуцијата пишуваше: Политиката на национално потискајне, асимилација, див терор и преселување на се што е Македонско, како и на Македонската култура, јазик и песни се спроведува со целата крволочност. Измаченото, обесправено и национално поробено Македонско насиление се најдува пред нови и големи борби."

На таа конференција бил избран за секретар Методија Шаторов-Шарло. Шаторов бил човек со висока Македонска свест и Македонските проблеми доволно ги познавал. Покрај него бил и Кузман Јосифовски, кои бил високо ценат од членовите на ПК. За Кузман Јосифовски се велело дека тој по идеите и ставовите бил втор Делчев за Македонија. Тие повикувале на единство на целокупниот Македонски народ, во борбата против заедничкиот непријател: режимот, грабежот, насилството и националното ропство, без разлика дали се работи за делови од Македонија кој биле под Српско, под Бугарско, или Грчко ропство. Ослободувањето на Македонија го гледал како ослободување на целокупниот Македонски простор , а не само на нејзини делови, како што настојуваа околните КП кои се залагаа за парцијално решавање во постојните граници. Тој на 20 Август 1940 година објави напис: За ослободувањето на Македонија од под јаремот на великосрпскиот, Бугарскиот и Грчкиот империјализам. Тој пишува "... Ако Македонците немаат своја држава; за тоа тие на се криви, туку се: Српските, Бугарските и Грчките империјалисти кои се сојузја, кои се заграбија, расцепија, поделија и поробија Македонија."

ПК на КПМ под раководство на Шаторов бил: За ослободување на Македонија ја поврзува во заедничката борба со останатите Балкански народи; За самостоен Македонски национален политичко партиски субјект, на спроти тоа, ЦКЈ кој бил политичко-партискаи субјект во Македонија да биде КПЈ; врз основа на историските традиции од борбата треба да се организира самостојна, суверена Македонска Република, а не под Југословенски државен суверенитет; ПК во своите определби бил категоричен за ослободување и национална суверена држава, наспроти на КПЈ, ослободување само на делот во рамките на Југославија и многу други ставови кои беа спротивни на ПК.

Времето на Комунистичката Интернационала

Тоа беше време на вистините, кога и КПЈ и КПБ и КПГ се членки, поточно секции на една иста сила авторитарна организација, како заеднички надреден орган – Комунистичката интернационала. Нејзините одлуки беа обрзувачки. Во таквата констелација, ниту некоја друга партија можела да прими таков дел од партиска организација без одлука од овој висок орган.

На 26 Мај 1941 година Шаторов бил поканет на разговор со ЦК на КПБ во Софија. Таму на средбата со Бугарските партиски раководители, му е соопштено решение за поврзување на ПК на Комунистичката партија во Македонија со Бугарската партија, како решение на Коментерната и лично на Георги Димитров. За Шаторов тоа значело налог од највисокиот партиски орган, што тој како искусен партиски кадар знаел што значи. Шаротов, главно, ја примил таа одлука и не била грешката во тоа што ја примил одлуката, туку што не го известил ЦК на КПЈ веднаш потоа, а се понадевал дека “тие горе (во ИК) ќе се разберат.”

Под Југословенска партиска надгледност:

Во меѓувреме, во Македонија пристигна инструктор на КПЈ и носи решение (од 24 Јули 1941 година) потпишано од Тито, со критика за лошата работа и однесувањето на Шаторов, поради што го симнува од функцијата секретар и го исклучува од партијата. Тоа беше повод да се свика собирот на партискиот актив на Македонија на 17 Август 1941 година, на кој собир е делегиран членот на ЦК на КПЈ Петар Богданов, да се разјасни ситуацијата со статусот на Шаторок и уште еднаш да се убедат присутните дека решението за поврзување на партиската организација со Бугарската партија вистина е решение на Коминтерната. Таквиот став Петар Богданов му го изложи и на

Драган Павловиќ, делегат на ЦК на КПЈ, кој од своја страна го извести својот ЦК.

Приближно по десетина дена пристигна телеграма од Коминтерната, преку Бугарскиот ЦК до ПК. Со одлуката се наредува: "Македонија да биде при Југославија по причини практични и целисходни. Основната борба сега се боди против Германските и Италијанските окупатори и нивните агенти. Имајки го предвид военото положение во Македонија, неопходно е да се создаде најтесна соработка помеѓу Југославија и Бугарија особено на теренот."

Оваа наредба, како за пример, јасно покажува кој ги носи решенијата. Врвната институција, а не Шаторов. Наредбата, всушност, стави крај на неизвесноста и на дилемите за остварување на Македонската револуционерна програма. Шаторов, кој се уште беше исклучен според решението, беше во тешка изолација.

Политиката платформа на Грчката комунистичка партија:

На 18 Јули 1943 година, командантот на Главниот Штаб на ЕЛАС – генералот Сарафис, со шефот на Англиската мисија при Главниот штаб на ЕЛАС-полковникот Еди Маерс, потпишаа декларација согласно со која ЕЛАС е сојузничка војска под раководство на командата на Средниот Исток и операциите што ги изведува ќе се спроведуваат по наредба на таа команда (120 стр. Во книгата Елас од Стефанос Сарафис).

Како резултата на оваа спогодба Англиската команда влијаеше врз развојот на ЕЛАС, во одредувањето на неговите операции и односи со националистичките формации на ЕЛАС и ЕККА кои, иаку не беа никаква значајна сила, му се наметнаа на ЕЛАС како партнери и во режија на Англиските претставници беа потпишани две спогодби: спогодбата во Плака и спогодбата во Казерта, кои наполно го ограничуваа самостојното дејствување на ЕЛАС во најрешителните моменти за превземање на власта од страна на комунистите.

Од кажувањата на комесарот на Главниот Штаб на ДАГ, членот на политбирото на ЦК на КПГ Василис Барзотас (Неос Космос бр. 2/1957).

"... Некаде кон средината на 1943 година веќе се водеше масовна народна борба ширум Грчката држава. Токму тогаш народната ослободителна војска ЕЛАС, раководителите на КПГ-ЕАМ и ЕЛАС ја ставаат под команда на Англичанита. Како Главниот така и другите

штабови беа екипирани со Британски офицери по чии укажувања наредбите не Британскиот Генералштаб за Средниот Исток. Големи единици, дивизии, групи дивизии, беа всушност во рацете на Интелиџенс Сервис.”

***

Светозар Вукмановиќ – Темпо кој како претставник на ЦК на КПЈ претстојувал во Грција летото 1943 година околу десет дена.

“...Комунистичката партија на Грција (КПГ), заедно со ЕАМ и ЕЛАС, водат, главно политика на потпирање на Англија. Ова, се разбира, не значи дека КПГ не го популаризира Советскиот Сојуз и Црвената армија. Но, целокупното националноослободително движение денеска се врзува во прв ред за Англија.”

***

Претставникот во Грција на Интелиџенс Сервис, Christopher Montague Bunthouse (Chris), заменик шеф, а потоа и шеф на Британската воена мисија.

“ …Ако покрај движењето на Отпорот во Грција ги немаше Британските – офицери, не само Грчката, туку и Европската историја би тргнале по сосема друг правец... Присуството на Британската воена Мисија во Грција ги спречи комунистите во текот на 1943-1944 година да ја стават апсолутна контрола Грција. Ако комунистита, во Септември 1944 година, кога се повлекуваа Германците, ја зазамаа власта, тешко ќе беше да им се одземе таа власт пред очите на тогашната светска јавност!”

Преглед на настани од 1940- 23 Април 1949 година, кои дополнително го објаснуваат општиот тек на наставните.

Македоците под надгледност на Британската мисија и Грчка комунистичка партија, ЕЛАС и ЕАМ:

Под притисок на состојбата во Грција и целта за ликвидирање на Костурските и другите комити, есента 1943 година создаден е СНОФ (10) (Славо-Македонски народноослободителен фронт) и партизански единици СНОВ (Славомакедонска народноослободителна војска).

Основачката конференција на СНОФ за Костурско се одржа на 24 Декември, а за Леринско на 27 Декември 1943 година.

На основачката конференција СНОФ се придржувале на упатствата и белешката од Темпо и на основа тоа ја градеше платформата за заедничката борба на Македонскиот и Грчки народ. Како основни поставки на платформата биле:

1. Борбеното единство на Македонскиот и Грчкиот народ во Егејскиот дел на Македонија како услов за победоносната борба против фашистичкиот окупатор;

2. Мобилизација на Македонците маси во единиците на ЕЛАС за оружена борба и разгром на окупаторите;

3. Политичка и оружена борба против: комитите, Камчев, Михаилов и гестапо, кои со својата автономистичка пропаганда сакале да го насочат Македонскиот народ против Грчкиот и обратно;

4. Борејќи се заедно со Грчкиот народ, во рамките на ЕАМ против окупаторот, Македонскиот народ можел со помошта Грчкиот народ да ги реализира своите национални стремежи и правото на самоопределување врз основа на принципите во Атланската повелба и ците други резолуции на големите сојузници. Со тоа се вели дека окружниот комитет на СНОФ и официјално го постави Македонското национално прашање за прв пат пред Комунистичката партија на Грција.

Раководството на КПГ, меѓутоа, уште во зачетокот ги имаше ограничено секакви иницијативи и ги имаше насочено против комитите. Затоа што во програмските начела на ЕАМ и на ПЕЕА и при спогодбата со избеганата влада и Англиската мисија не ги признаваше правата на Македонците, ниту пак им помагаа на Македонците да создадат такви сили, туку ова се беше со умисла против формирањето на комитите со Македонските барања.

Историски факт е: Раководството на КПГ и ЕАМ, се до Април 1944 година, го користеле СНОФ за свои политички и воени цели, пред се во пресметка со комицкото движење и почетокот на Мај 1944 година ги расформираа Македонските организации СНОФ и СНОВ, бидејќи преставувале основна пречка во преговорите на КПГ со Грчката влада во бегство и со граѓанските партии за формирање на коалициона влада за што била закажана средба во половината на Мај 1944 година.

На 5 Мај 1944 година почнале преговорите за поделба на Балканот на сфери на влијанија. Велика Британија стекна превласт во Грција, а Советскиот Сојуз во Романија. Под притисок на Британците, на 20 Мај 1944 година во Либан, КПГ, ЕАМ и ЕЛАС имаа потпишано спогодба со кралската влада по што се расформира коалиционата влада.

Комунистите на Македонија на својата конференција одржана на 25 Јули 1944 година еднодушно се определија за откажување на договорот во Либан, како и за тоа: НОД да примени револуционерна тактика што ќе ја потпре врз сопствените сили и врз НОВ на Југословенските народи. Во раководството на КПГ се издиференцираа две групи: едната беше за прифаќање на договорот, а другата, за негово откажување.

Групата која што се залагаше за прифаќање на Договорот надвладеа. За таквата определба многу придонесе и ставот на Советската воена мисија на чело со полковникот Григори Попов која на 28 Јули 1944 година пристигна на слободната територија. Тој, познавајќи ја тоталитарната организација и начинот на кој Сталин ја имаше сменето Руската еднопартиска диктатура во тоталитарен режим, а револуционерните комунистички партии по целиот свет во тоталитарни движења, беше преку ликвидирање на фракциите, напуштање на внатрешно-партиска демократија и трансформирањето на националните партии во ограноци на Коминтерната раководени од Москва. Москва беше апсолутна централизација на управувањето, кај сите комунистички партии.

Советскиот граѓанин Григори Попов, сега висок претставник и ополномоштен од советската партиска власт, му преостануваше само да рече:

- Ето директива... Так сказал товариш Сталин!

Конечно на 17 Август 1944 година ЦК на КПГ донесе решение да го прифати Договорот и да учествува во коалиционата влада на чело со Георгиос Папандреу.

На тој состанок Стринго – член ПБ на ЦК и само додал:

- ЦК не еднаш ги предупредуваше Гоче и Пејов дека нивната позиција, нивното однесување нема да им донесе добро.

Ние пак им велиме на Славомакедонските комунисти: потчинете и се на Партијата и во тој случај вам ќе ви бидат зачувани животите. На сакате? Ако пак не сакате, во тој случај, марш по ѓаволите. По ова следеа ракоплескања.

***

Радиограма од Христос Мосхос до групата дивизии на ЕЛАС од Македониаја со која известува за дезертирање од ЕЛАС и за преминот на Воденскиот Македонски баталјон во Вардарскиот дел на Македонија.

Бр. ЕП 162 Пајак, многу итно.
До групата дивизии на ЕЛАС од Македонија.
На 14 Октомври 1944 година единица на Славомакедонските партизани (Воденскиот баталјон) на Кајмакчалан без наше знаење пребегаа во Србија (Вардарска Македонија). Во Српска Македонија испративме делегат да преговара за нејзиното враќање. Веруваме дека е заведена од кадри на Македонските партизани.
17 Октомври 1944 година.
Петрос (Христос Мосхос).

***

Кон средината на Септември 1944 година, Македонското политичко и воено раководство (од Вардарска Македонија), во согласност со одлуките на Првото заседание на АСНОМ, презеде сериозни мерки за ослободување и обединување на Македонија. На 23 Септември 1944 година Главниот Штаб на НОВ и ПОМ испратил директиви до командантите на Леринскиот, Костурскиот и Воденскиот баталион со следната содржина:

“Да се изврши широка регрутација на борци од редовите на Македонците. Оружје, муниција и друг воен материал ќе добиете од ГШ на НОВ и ПОМ. Да се подготвите за операции против Германците во Егејскиот дел на Македонија и Грција во кои ќе учествуваат и единиците на НОВ и ПОМ.” За неколку дена Леринско-Костирскиот баталјон броен 1500 борци и старешини, а Воденскиот Македонски баталјон 575 борци и старешини. Но КПГ и ЕЛАС се обиделе да ги расформираат Македонските баталјони затоа што, наводно, имале информации дека тие подготвувале напад на Солун. Поради тоа повторно се заостриле односите меѓу КПГ и КПЈ, а на 4 Октомври 1944 година, Светозар Вукмановиќ-Темпо го извести ГШ и ПОЈ дека ги известил Македонските единици во составот на ЕЛАС да

не се сложат да бидат расформирани н да се префрлат во Вардарскиот дел на Македонија. Ноќто на 4 спроти 5 Октомври баталјоните беа префрлени во Вардарска Македонија.

Забелешка: Засадувајќи ја иднината, си го искорнавме минатото (вековно огниште).

Во контекст на изнесното, се што им се случуваше со напуштањето на двата баталјони од просторот на Егејска Македонија, таквата акција се напушти вековниот стремеж за сопственото парче земја. Одењето во Југославија (Титова армија), ни најмалку не беше случајно, туку истражувањето покажа дека се напушти одбраната на татковото огниште и таквиот чин треба да го сметаме како прв чекор од заговорот, а сите тие луѓе беа максимално искористен во длабочината на Македонската трагедија во текот на Граѓанската војна, кога КПЈ (Тито) и КПГ (Захаријадис) со својата псевдо загриженост ги правеа (не) видлив судирите на интересите (давани и одземани слободи) го доведоа до разорување на Македонското јадро.

Но, најтрагичното е што во “секторската историја за Егејците” бродоломот (жртвите за туги интереси) го претворивме во тријумф и го нарекувавме цели 60 години револуција и со тоа им ги прикривавме сите зафати што не доведоа до геноцид.

2.0 ВИСТИНИТЕ И КОНТРАВЕРЗИТЕ ЗА ГРАЃАНСКАТА ВОЈНА ВО ГРЦИЈА (1945-1949)

Најголемите манипулации со Македонците од Егејска Македонија по Втората светска војна: од измама во измама.

Сега во книгата "П.С.Г. во Егејска Македонија (1945-1949)" Кирјазовски потврдува дека: "На 23 Април 1945 година по иницијативата и раководство на КПЈ-КПМ во Скопје е оформена организацијата НОФ (Народноослободителен фронт) на Македонците од Егејска Македониа. Едновремено во состав на НОФ беа формирани женската организација АФЖ и младинската организација НОМС."

Со оформувањето на НОФ, Македонците под Грција во деценијата (1940-1949) се најдоа во стегите на бинарните политики; од позиција со копнеж за "Обединета Македонија" до чувство на глувост, прогонства и истрајност-надвор од прадедовните огништа.

Имаше ли НОФ визија каде да оди?!

Во напишаната секторска "историја за Егејците" не е објаснето: посебно политиките пораки за масовноста на жената и доземанието на децата, никогаш не беа јасни, но од исходот на настаните, јасно едно; дека целта на стратезите им беше да направат од старото традиционално Македонско семејство-политичко семејство и полесно да манипулираат и да го стават во функција на обезмакедончување на Македонската куќа и Македонското семејство.

1. Против кого се формирани овие Македонски организации и нивните фронтови?

2. Кои беа отспротива на фронтовитот?

3. Која ин беше целта на борбата?

Дали сето тоа беше по директивите на Цветко Узуновски-Абас, односно: Тито и Колишевски?

Значи, како што видовме предходно, какви се конфликти доживеавме, а сега со оформувањето на НОФ и сите други организации, беше одреден "Патот на Слободата", агитирајќи туѓи цели со пропаганда на гол патриотизам.

Истражувањето и анализата покажува: од таквата наша поданичка не контролираност- Ние Македонците под Грција им станавме предмет за одмаздување во нивните идеолошки ставови на КПГ и КПЈ, но и државната политика на Грција и Југославија.

Уште во далечната 1944-1945 година една мала група интелектуална елита (кои покасно ја сочинуваа организацијата НОФ), наместо добро да ги планира нашите животи, таа дозволи да биде изманипулирана од Југославија и нашата судбина им ја препушти на Грците и како резултата доживеавме геноцид и забрана да се вратиме не вековните огништа. Неопростлива грешка е направена и сите тие се покажаа недораснати во тој историски момент. Сите тие преставници Југословени и Грци беа пресилни за нас Македонците и ние неможевме сами да се носиме со нив, само им служевме во нивна корист.

Македонската приказна од Април 1945 – до Октомври 1946 остана во сенка.

Македонските организации НОФ и АФЖ како најголеми гласници во почетокот на 1945 година ги имаа опфатено комплетно, скоро сите Македонци, а Грчката власт преземаше незапомтени терористички акции; убиства и прогонства над обичните селани кои имаа национално Македонско чувство. Посебно селаните кои масовно беа организирани од овие активисти на НОФ и АФЖ, сите беа луѓе без професија, но стапувајќи во овие организации политиката им стана професија и повекето станаа "Ловци (рибари) на човечки души" и сите тие идеолошки активисти го натераа Македонскиот народ да гледа во празно, но не само во војната, туку и по војната кога илјадници Македонци беа заборавени и оставени по светот да талкаат, а земјата на нашите предци ја оутуѓивме и остана пуста. Големите староседелски духови кои беа длабоко врзани со земјата (јазик, народ-нација, црква, што во името на народот се исполнуваше смислата и индивидуалната егзистенција и значењето на колективното содружништво како Македонски народ под окупација на Грција, но никогаш не беше прифатено наложувањето на Грчката држава дека во неа Македонците станале Елини), сега беа потиснати од "револуционерните" поданички сили на НОФ и АФЖ.

Дали ние Македонците токму во овој период на време под раководството на КПЈ/КПМ, не свесно им го предизвикавме државничкото право на Грчката влада (према меѓународното право да не гони) да ги преземе сите ужасни акции против нас, и да завршат со геноцидни зафати?

Што значи Македонците од НОФ и АФЖ во 1945-1946 година, под команда на КПЈ/КПМ беа натерани со своите акции, сосема полека да ја отворат вратата на прогонот и геноцидните акции, за да излезат за секогаш од своите домови и потем жртвувајќи во редовите на ДАГ, сосем обезличени со растурени семејства, да се прогоната и да се најдат пред затворена вратата (како луѓе: по род на Грци), за да не се вратат никогаш во своите прадедови огништа.

Значи, сега, по 60 години, од овој историчар имаме официјални јасни факти, кои даваат одговор; дека Македонскиот народ во Егејска Македонија го организира и го натера да ги "фати планите" КПЈ/КПМ, но немаме одговор: која им беше целта на КПЈ/КПМ на чело со Тито и Македонското тогашно раководство, што ги натераа Македонците од Егејска Македонија да го земат оружјето и да ги фатат планите уште пред официјално да почне Граѓанската војна во Грција.

Но, треба одма да се каже дека со оформување на Македонските организации НОФ и АФЖ од КПЈ/КПМ во Скопје, ние Македонците од Егејска Македонија добивме два лути противници: КПГ и новата Грчка влада кои непоколебливо го бранеа суверенитетот на Грција.

Наместо историска анализа – вербализам

Иаку книгата "П.С.Г. во Егејска Македонија (1945-1949)" претставува нафрлена и не организирана историска граѓа, содржи многу провокации и неаргументирани историски настани кои повикуваат на ново, стрпливо и систематско хронолошко подредување и пообекнивни судови. Тоа ни покажува дека во пишуваната историја за "Егејците" беше и останува изгубена чесноста, вистинољубивоста, справедливоста, правда и правичноста. Се поставуваат многу прашања, но најбитното е што се слабо застапени воено-политчките анализи и необјаснива останува лажната надеж од тито – КПЈ/КПМ.

НОФ беше присилен да пропагира на еден мал народ големи илузии.

Говорот на веродостојните факти, ни покажува дека тоа е историската вистина; како и од кого и зошто влеговме во смртоносната прегратка која ни донесе геноцид. Фактот е потврден сега од историчарот Кирјазовски, дека тајните за геноцидот над Македонците под Грција се кријат во потезите на КПЈ/КПМ и токму таму остануваат нерасчистени вистинските мотиви за тајното организирање на Македонските организации НОФ и АФЖ, во Скопје на 23 Април 1945

година, под раководството на КПЈ/КПМ (Тито, Колишевски) и им беше соопштено од Цветко Узуновски-Абас (11) организационен секретар на ЦК на КПМ и министер за внатрешни работи на НР Македонија. Тој им соопшти: "Дека Југославија стана центер на револуцијата на Балканот и дека Македонското прашање стана Југословенско прашање, поради што КПЈ во Егејска Македонија ги формира овие партиски и политички организации НОФ, АФЖ и НОМС на кои сте вие на чело. Задача на овие организации е да му дадат Југословенска ориентација на Македонскиот народ во Егејска Македонија. Сега, Македонскиот народ и Македонското движење се под раководството на КПЈ. Македонскиот народ од Егеј ќе го најде своето целосно воспоставување само во рамките на Федеративна Југославија, а тоа на Егејска Македонија да се приклучи кон Југославија." (АМ. Архива на Македонија. Ф-20/276, Ф-20/196).

Каква политичка и национална изопаченост од главните раководители на КПМ: Да се прикриваат злосторства направени над своите многубројни соборци (од Ченто до Влахов-види: документарецот од 25-29.07.2011 година), кои беа анатемисани како автономисти и сепаратисти, а беа вистински борци за решавање на Македонското прашање, но сега да им се пропагира на Македонците од Егејскиот дел на Македонија: "Борете се за Обединета Македонија" – "Македонскиот народ и Македонското движење се под раководството на КПЈ. Македонскиот народ од Егеј ќе го најде своето целосно воспоставување само во рамките на Федеративна Југославија, а тоа на Егејска Македонија да се приклучи кон Југославија."

Нели е тоа грев, да го туркаш сопсвениот Македонски народ во војна, во која Македонците под Грција доживеат геноцид и за навек го изгубија родното огниште. Да, тоа е грев со историски димензии на КПЈ (Тито) и КПМ (Колишевски и Узуновски) е за формирањето на НОФ, АФЖ, НОМС и форсирањето на масовност на Македонското население, а тоа доведе до разнебитување на Македонското семејство, посебно со ангажирањето на Македонка во АФЖ и одземање на децата настана најстрашното за традиционалното Македонско семејство во тој дел на Македонија. (Тоа се показа дека било стратегија на планираниот заговор за големите преселби).

Таква беше тајната смисла на дејствијата на НОФ и АФЖ, кои и тие со својот народ свето веруваа во својата исконска вера за обединување на Македонскиот народ (уверени дека сега се под раководство на КПЈ, односно под раководството на Народна Република Македонија).

Има нешто нелогично во обидите Тито и Колишевски, одново да му се наметнат на Македонците под Грција како водачи (НОФ и АФЖ). Токму оние луѓе кои беа во голем конфликт со Грците (ЕЛАС и КПГ), по пребегнувањето на Егејската Бригада во Југославија и инсталирана во Титовата армија.

Од таквиот чин, селаните од Егејска Македонија, беа во крајност збунети, на само на почетокот, туку и низ целиот тек на Граѓанската војна, бидејќи организациите НОФ и АФЖ за Грците овие организации не биле автоктони. Комунизмот им беше всадуван (и наметнат) на Македонскиот селанец, како "идеал и вечна перспектива", ама по 1948 година ги збунува непринципиелноста на КПЈ/КПМ, токму тогаш кога беснееше Граѓанската војна.

Старите велеа: "во овие матни времиња: целата на јасноста, како и целата на слободата, треба да биде наша бесконечна будност, оти ако овие две работи не се поврзани ќе се искорниме од прадедовите огништа. За нас Македонците повеќе од нас знаат тие што ни ја кројат капата, и нивниот заговор се базира на нашето не знаење."

И така се случи како што старите наши велеа: "Колку луѓето помалку разбираат, толку е полесно да бидат измамени."

Од исходот на настаните очекувањата се покажаа залудни и кобни. Но, се поставува едно сериозно прашање:

- Зашто Македонците (во Грчката држава) со векови го прифаќавме саможртвувањето наместо самооткажувањето со себе си, како цена на удобниот живот и иднина што можеа да ги имат?

Одговорот бил: "Ние Македонци и ништо повеќе! Си имаме свој јазик, обичаи, култура и историја."

Стратезите тоа добро го знаеа, но исто им беше познато дека досега Грчката власт спрема Македонците преземала најсурови мерки за нивната денационализација и асимилација, за искоренување на нивниот национален идентитет.

Ете, зошто бил примамлив говорот на Цветко Узунов, но исто така ни дава повод да анализираме дали постои заговор? Од кого и каква му беше целта?

Поимот конспирација против народот постоеше во сите комунисти народи, а нее за чудо дека и кај нас да постоел. Организациите НОФ и АФЖ во почетокот сето тоа го планираа тајно и буквално од Македонците бараа да се вклучат масовно (мажи, жени и младина), значи, тотална мобилизација – да се дише заедно, да се дејствува или размислува по наредбите од идеолошките активисти. Да се планира заедно во тајност, посебна во смисла на нелегален или чии со умисла.

За Грчките власти (и западните сили), таквата организирана мрежа од НОФ и АФЖ им годеше и на сите проектанти на Граѓанската војна и тие сите тајни за подбучнување на војна ги подготвуваа скоро повеќе од една година (23 Април 1945 година кога почна да дејствуваат организациите НОФ и АФЖ, се до – 31Март 1946 година кога и официјално почна Граѓанската војна.

Со почнувањето на војната на НОФ и АФЖ, улогата им беше смената, но сега од КПГ на чело со Захаријадис, а не од КПЈ на чело со Тито.

Шеесет години идеолошка неправда и прикривање на кобната туѓа концепција.

Значи, сега можеше да потврдиме дека ова беше појдовната база (за тајната стратегија) за масовно политичко организирање на Македонците од Егејска Македонија и се знае од кого беше иницирано т.е. од КПЈ/КПМ, односно од Југославија со согласност од Тито.

Значи, формирањето на НОФ и другите Македонските организации на 23 Април 1945 година, имаа задача да го организираат Македонскиот народ во борба за обединување на Егејска Македонија со Вардарска Македонија, односно со Југославија.

Логично за секој Македонец, се отварат многу прашање за кои досега во историјата, ниту се отворени, ниту е даден било каков одговор во Македонската национална историја и во “историјата за Егејците” што ја пишувал историчарот Кирјазовски:

1. Дали раководството на Македонскиот ЦК на КПМ беше убедено дека со НОФ и АФЖ (со таквата кобна концепција) ќе можеше да се обедини Егејска Македонија, токму по Втората светска војна? Или тотално слепо постапуваше по наредбите на Тито?!

2. Дали избраните (кооптираните) членови на НОФ и АФЖ биле вистински лидери на Македонците од Егејска Македонија или биле само марионетки во рацете на таинствените луѓе со голема моќ под лична команда на Тито?

3. Значеше ли тоа, со заведувањето на Македонците под Грција (наивното верување на невидена демагогија) – ново пресуредување на Македонскиот простор и Македонците под Грција?!

4. Зошто, на овоа прашање Македонската национална историја се уште нема дадено одговор, туку дозволуваше (дозволува) да се прикриват можните теории на заговор кои наидуваа на плодна почва во Егејска Македонија и да не се обелоденува еден таков тежок поданички национален престап спрема сопствениот народ кој доживеа геноцид?!

Да ги проследиме сите надворешни и внатрешни воено-политичките и државнички пречки за неможната реализација на ова кобна концепција – не Македонска (за опстојување на родното огниште), туку повик за отварање конфликт меѓу Грците и Македонците, кој не водеше до самоистребување од прадедовите огништа.

Токму, по оваа книга на историчарот Кирјазовски се отварат многу прашања. Но, сепак разврската за историјата на Македонскиот народ под Грција, ќе биде долг и мачен процес. Секој барем малку писмен историографски аналитичар веќе ја насетува вистината дека за нас Македонците Граѓанската војна не беше револуција и продолжување на Илинден, не беше Македонска револуција, затоа што ние Македонците не раководевме со двата основни столба (Политичкиот и воениот) на таа војна:

Значи, така говорат фактите, а НОФитите и АФЖитите (како партиски поданички војници на КПЈ/КПМ) на Македонскиот народ му пропагираа дека ние Македонците во Граѓанската војна преставуваме воено-политички фактор?!

Многу е нечесно и злонамерно да не се прави сосема јасна разлика меѓу она што се случуваше во развојните фази на НОФ и АФЖ: раководени од КПЈ и КПГ.

Фактите, говорат, дека по масовните насилно мобилизации во Егејска Македонија во до единиците на ДАГ беа регрутирани повеќе од 16-17 илјади Македонци и тие преставуваа повеќе од 60% од вкупната бројка на активните борци во Демократската армија. Но треба да се

знае дека повеќе од 12-14 илјади служеа надвор од етничкиот дел на Македонија, т.е. низ цела Грција и тие немаа никаков допир со организациите НОФ и АФЖ. Сите тие борци, немаа никакви можности: ниту да зборуваат на Македонски, ниту да запеат, ниту де се организираат во некакви Македонски асоцијации.

Ете како, кај Македонците идентитетот се губаше и исчезнуваше. Тепајќи го народот да верува во идеолошото поданство и жртвувајќи го Македонскиот патриотизам во корист на интернационализам, ние Македонците насилно замижувавме како типичен Македонски национален синдром.

Тогаш, како да се објаснат таинствените патишта на црната политика, на злото, за масовното турнување на Македонците во тој пекол, посебно на Македонската жена, во Граѓанската војна, која на Македонците му донесе искоренување.

Но, секој паталец се прашува: зашто овој автор (како и другите досега), не кажа дали таа војна за нас Македонците беше револуција или измама? За какво Македонско прашање се зборува по Втората светска војна? Чии беа тие високи политики што ги спроведуваа НОФ и АФЖ? Македонски...?! Или на тугинците што ги реализиравме своите строги определби (со Букорешкиот договор 1913) спрема Македонското прашање и Македонците, за ново планирано прессуредување до фаза на геноцид.

Ете тие се основни причини што ме определија кон иследувањето на настаните со добри намери за сестрана оцена. Толку за овие и многу други прашања (кои се со умисла засенчени од повеќе автори кои беа од најделикатните работи да се објасни феноменот на нашата поданичка свест.

Повеќе од пола век го чекаме овој миг на преиспитувањето, една вистина заробена во вечна тајна, но фактите говорат дека во Егејска Македонија, злото не паднало од небото. Значи, цели 60 години ни се сугерираше дека треба да бидеме внимателни (спрема оние кои не турнаа во Граѓанската војна), зашто токму тие луѓе ја создадоа Македонската држава. Или ако ги обвинуваме и ги негираме тие луѓе, ќе сме ја негирале и Македонската држава? Ова нели личи на историско назадување?

Но, колку и да болна вистината, таа треба да се каже во име на идните генерации кои не треба да бидат оптоварени со тешките идеолошки товари на минатото.

Во моето истражување сакам да ги отворам сите прашања кои досега немаа никаква надеж да добијат одговор.

Поаѓаки од око знаеме зошто сме претрпеле пораз, тој може да стане многу значаен, ако од него ја извлечеме корисната лекција.

Во ова воено историска-политичка студија (12), за погубните последици од феноменот на поданичката свест.

Никого не бранам, оти не сум ни адвокат ни суд. Јас не критикувам, туку го поставувам вистинскиот проблем, а работите сакам да ги преставам реално. Моето долгогодишно истражување за корените на злото, односно, сакам да се реставрира развојот на националната историја – посебно за Македонците под Грција. Кој ги намами Македонците под Грција во идеолошкото губилиште?! Во кое се исчезнува, се губи глас, човекување – право и надеж за повторно враќање.

Но, морам да го кажам и тоа: од дамна не ги сметам за историографи тие што својата вистина ја соопштуваа само тогаш кога се совпаѓа со таа на власта. Јас само сакам да кажам во какво страшно, трагично време сме живееле, а никои од Македонците политичари, до сега не сака да каже: кои го донел злото во Егејска Македониа. Зошто тоа зло е донесено токму од Југославија. Како во едно време на лажни критериум, комунистичката идеологија домише над разумот и Македонскиот патриотизан се извалка со космолитизмот. Во вистинкиот пекол на Граѓанската војна, Македонските раководства на НОФ и АФЖ треба да се знае дека тие беа: лидери со политичка стратегија која не подалеку од задутре, Македонскиот народ го изведоа на следниот пат и самите тие заталкани во бурјаните на примитивноста со идеолошка заслепеност, а Македонските села и народот беа ставени под “бодликава жица”. Македонците во таа масовна психологија беа натерани во режим чие мото беше: “Во Егејска Македонија (во Македонските села) во кои владееа НОФитите и АФЖотите на смеело да се има Македонци кои се против нив, тие би биле нечесни Патриоти. Во таквата супер идеолошка позиција, јавниот простор ја губеше својата цел.” Последиците беа катастрофални за опстаникот на Македонскиот народ. Македонското семејство беше разбиено: мажите членуваа во НОФ, жените во АФЖ и младинците во НОМС. Со тоа семејството беше лишено и од патријахалност и од матријахалност. Беа максимално ангажирани во агитационите пунктови за иднината што

ја креираа НОФ и АФЖ преку директивите; еднаш од КПЈ и потоа од КПГ.

Ние анализата ќе проследиме еклатантни докази за отсуството на Македонската свест за нашето коленичење. По директивите на Тито, Темпо и Колишевски се поведувавме како полтрони, пред Захаријадис и Маркос изигрувавме сервилни итромани, дури сами сме се заборавиле. Намамени, заинтавме кон ветената "иднина", сме си ја зоборавиле сегашноста. Едно е сигурно точни: сме оставиле обемно досје на "Здодевна историја."

Ете така со години и децении, и во емиграцијата, но во сегашноста живееме со страв да не ги навредиме тие што ни го нанесоа злото. А ние Македонците, великодушно и искрено ја прифативме нивната парола и со години крваревме. Таа парола во Граѓанската војна, ни имаше станато "рак рана" викајќи, ќе се бориме до смрт: "Да го победиме Англоамериканскиот фашизам".

И кој знае уште колку години, ќе се расфрламе со недоквакани ветувања колку што сакаме но, ние Македонците еднаш за секогаш треба да сфатиме: дека имавме (и останува во нас да го имаме) невидливиот водач кој ни го покажува патот кои човековата несреќа. А ние уште ден-денес живееме со паролата:

"Напред во блиското минатото! За 'Големите Вазалски' и 'Успеси' во Граѓанската војна?!!"

Таква беше психологијата на секојдневниот живот. Живееме во еден хаос на поединечна и на колективна паранојa. Нашето трагично разидување не имаше доведе до многу далеку од реалноста. Таквата прегратка, со авторитетот, беше прегратка на самоуништување. Таквата послушност беше акција со крајна политичка цел и тоа со нас Македонците се случи.

Останува горчливиот факт: Дали ова сурова Титова добрина, стана причина за една Македонска трагедија?

Таквата мамке Македонците ја доживеаја како најзастрашувачка и како таква паметат. Но и сега, по оваа реалност што се обелоденува по 60 години е шок за здраумниот човек. Читателот е принуден по неколку пати да го прочите и да се запрашува: Зошто тоа го направија Тито (КПЈ) и Колошевски (КПМ)?

Зошто?! Секој прогонет надвор од татковото огниште се опитва и бара одговор... Но, да ги проследиме настаните, тргајќи по вистината... “Кога вистината ќе почне да се движи, ништо не може да ја запре.” Емил Зола (1840-1902).

Како можеле КПГ и членовите ЦК на Македонија да дозволат и да го намамат Македонскиот народ од Егејска Македонија кога се знаеле следните ставови на Тито по прашањето за Обединувањето на Македонија и по Македонското прашање биле спротивни:

- Јосип Броз – Тито во текот на втората светска војна упорно се залагаше за задржување на предвоените граници со цел да се сочува Версајска Југославија.

- Акцијата на една поголема група Македонци борци и активисти од Костурско и Леринско во Мај 1944 година да се отцепат од ЕЛАС и да се вклучат во Титовата армија ја оквалификува како екстремна и штетна и отцепените им ги врати на Еласитите во Грција. Но, Тито, добро знаел дека овие луѓе го отворија конфликтот и пребегаа во Југославија, а конфликтот остана не решен.

Не сомнено е дека кај овие Македонци патриотизмот и националната определба им беше изразена на највисок степен, но во политиката, нормално, се прават грешки. Но, кога суксесивно се повторуваат истите грешки, тогаш останува збор за елементарно незнаење, политичко слизнување и глупост. Сите конфронтации, расправи, земања-давања, инаетење на релација Македонци=Грци завршуваше секогаш во полза на Грција. Зошто? Затоа што тоа бараа западните сили на чело со Тито.

Каква била дипломатската игра на Тито (КПЈ/КПМ) за иднината на Македонците под Грција, токму по завршувањето на Втората светска војна на почетокот на 1945 година? Никаквaа! Македонците под Грција станаа и едни од најголемите жртви (20.000) на комунизмот и митот на Југословенството. Токму Македонците (викани Егејци), на КПЈ/КПМ – Тито му послужија како монета за поткусурување на Титовите амбиции за владење со Балканот?!

Додека во текот на војната Ј. Броз-Тито го застапуваше ставот на Македонците од Егејскиот дел на Македонија ќе ги остварат своите аспирации во рамките на Грчката држава, по договорот во Варкиза од 12 Февруари 1945 година забележуваме радикална промена на светот.

Положбата во Н.Р. Македонија и ставот на КП на Југославија. Паролава и националниот став.

- Зашто на Срем, а не на Солун? (на кратко: поопширон следи).

Ете, како се случи: бунтот на скопското кале и штип: Недела претпладне, 7 Јануари 1945 година – Божик. Во офицерскиот дом на плоштадот во Скопје се одржува Вториот Конгрес на Народната младина на Македонија. Стотици војници, вооружени, се симнуваа од калето и преку Камениот мост доагаат пред Офицерскиот дом. Со транспаренти, извикувања, мешаница, пароли, "Не сакаме на Срем, сакаме на Солун" и "Не на Берлин, туку на Солун." ОЗНА почнува да ги апси. (Види: Фокус, стр. 24, Мај 2009 година).

Анализирајќи го овој проблем и познавајќи ја ситуацијата во Грција, мојот став е: Паролата: "Не на Берлин – туку на Солун" значеше акција против конечната пресметка со фашизмот и окупацијата. И нешто пострашно бидејќи поголеми воени силни на Велика Британија беа стационирани во Солун и за Македонија значеше катастрофа. Значи требаше да почне војна против Англиските трупи кои веќе беа стационирани во Солун, а силите на ЕЛАС влегоа многу покасно и најверојатно Черчил тоа го направи со умисла за голема и сигурна безбедност за Грција, да биде токму така. (Следи по поопширно во следните поглавија).

Така, тоа не беше само манипулација со светите чувства на Македонците за обединета Македонија, ами растурање на тукушто создадената и единствената Македонска држава. Но, сега проблемот е: Зошто Тито (13) (КПЈ/КПМ) ги создаваат Македонските организации по непол два месеца со цел да ја присоединатa Егејска Македонија кон Југославија?

Сега ги има доволно фактите кои ни овозможуваат да го обелоденине нашето минато. Ако фактите се света работа, уште на почетокот треба да се каже низ петогодишниот период на Граѓанската војна немавме национални нишани со кои можеме да ја наречеме Македонска Револуција (Со ниеден национален симбол – знамето кое за војникот претставува амајлија и други битни национални елементи), како што тоа го правеше историчарот Кирјазовски во досегашните негови книги со искривените факти. Но тој, и сега во својот епилог на оваа книга, внесува стари и неодржливи заклучоци и пишува: "...направен е обид да се даде почит на величествената борба на Македонците од Егејскиот дел на Македонија, која имаше длабок национален и прогресивен карактер...?" И понатака пишува: "...

Оружената борба на Македонците од Егејскиот дел на Македонија во периодот 1945-1949 година преставува продолжение, односно континуитет на поранешните борби за опстанок. И за политичка национална рамноправност и слобода." (215, 216)

Дали Граѓанската војна имаше елементи да се нарекува "Македонска Револуција?" или 60 години, само ги залажуваме генерациите? Колку што јас знам (како учесник во таа војна) ние сите тие сурови борби, не видов Македонски белег (отсем "одговорни за Македонците" поставени од КПГ и ги користеше за свои цели), а на боиштата дадени се повеќе од 20,000 жртви. Но, јас сакам да прокоментирам за само еден национален значај што важи кај сите народи – знамето.

Ние Македонците, го немавме нашето знаме, а во светот е познато: Знамето на државата што го олицетворува духот на општеството. Под него се тргнува во напад, бидејќи се смета речиси за олицетворение на татковината: војниците му се колнат на верност, а неговата загуба е срам за секоја војска. Но, освен тоа, знамето ја остварува врската меѓу народот, замјата и управувачите. На борбеното поле, во старите времиња, под него стои кнезот-војводата, токму под него се ориентираат воините за време на битките. А во мирно време стои до тронот, грижливо чувано до новите борби.

Ме потсеќаат кадрите од "Парадата на победата" во 1945 година: Во Москва по црвениот плоштад Германците носат наведнати Германски знамиња и со биење на барабаните ги фрлаат под ѕидиштата на Кремељ.

Тоа беше некаде во 1950 година, кога по ликвидацијата на ДАГ (за грчката држава бевме нарекувани бандити и долго време не ја признаваше како Граѓанска војна) и бевме емигрирани во СССР и од тогаш се уверив дека со нас Македонците нешто недостојно се случува и не сме никакви Македонски револуционери, туку нечии обични жртви. Тоа ми се потврди и најтешко ми стана кога со голема радост се вратив во Н.Р. Македонија, и сите ние борци во редовите на ДАГ поминавме низ Удбашките испитувања во КПД "Идризово" и потоа сместени по прифатилишта, а сите функционери на НОФ и АФЖ беа пречекани со државни почести и сместени во удобни станови и на државни функции.

Значи, не била случајно туку така пишувана "историјата на Егејците" и таа била пишувана со цел и затоа не треба да имаме никакви илузии, туку макотрпно, објективно и аналитички со историските факти кои ќе ни овозможат да ја согледаме трагедијата на

Македонците од Егејска Македонија, а не да ги оправдуваме потезите на сите оние кои го донесоа злото и го измамија народот.

Историчарот да зборува за Македонска стратегија, дека е одредена од нас Македонците под Грција е надвор од контролата на разумот. Глупоста е вечна, но е неморална велеше Сократ, ќе ја сватиме како дел од човечкото постоење, на која сепак би требало да се спротивставиме.

Не знам зошто, се криеме за прстот и немаме смелост докрај да ја кажеме вистината на Македонската трагедија за која сите аргументи зборуваат дека тоа беше заговор.

Во овие никогаш незапретани сеќавања, ги подвлекув сите грешки, отколку успесите и нашата храбра младост, но ниту еден момент не ми падна на ум да напишам историја. Останува некоја идна генерација на историчари да го почне одново процесот на подетално истражување што и беше одамна неопходно на националната историја на Македонскиот народ од Егејска Македонија. Зошто? Затоа што времето од 60 годишен период, ни потврдува дека оние Македонци кои не го чувствуваат извршениот геноцид на Македонците од Егејска Македонија, тие не ќе можат да ја сфатат Македонската трагедија, што ни се случи токму во таа војна (1945-1949) и се што им се случува денес со името и идентитетот наш. Можеби има сили кои сакат сето тоа да остани: Тајна на Столетието.

Во студијата, истражувања од област на историографијата на Македонците под Грција за големите преселби на Македонците од Егејска Македонија во судбоносните идеолошки години на поданство (1945-1949), покажува дека уште не ја сватившме стогодишната борба што ја водат Грците низ историјата на идеолошката фашисоидна политика со геноцидни цели.

Во таа уништувачка војна; омразата, алчноста, амбицијата и повредените чувства биле движечка сила во невидено (дури и меѓубратојадсво) истребување на Македонци – комити и комунисти. Во таа иделошка војна, се уништи Македонското семејство, како што вели Џовани Мацини: “Семејството е татковината на срцето”.

Се прогонија и уништија илјадици семејства, а во одредени региони се уништие еден голем дел од Македонската вековна култура, јазик и се што беше Македонскао. Така остана само во мислите на прогонетите; запишано; со крв, солзи и плач. Значи, тоа беше време на универзална измама...

Големото интересирање за Граѓанската војна, ме обврза да ги продолжам истражувањата, па така на читателите со оваа книга ќе им бидат понудени, до сега непознати факти кои се прикриени во корист на политиката на КПЈ/КПМ диктирана од Тито.

И како што вели Англискиот новинар и писател Џорџ Орвел: “Во нашето време не постои нешто како ‘незанимавање со политика’. Сите теми се политикки, а самата политика е збир од лаги, избегнувања, будалаштини, омраза и шизофренија.”

Значи тоа беше време на универзалната измама

Конечно по шеесет години се откриени најрелевантните факти кои беа умислено прикриени од Македонските политичари и автори, кои ја имаат напишано секторската историја за Егејците и преживеаниот геноцид во годините (1945-1949), ни го прикажуваа како револуционерно и славно минато.

Шест децении прикриени се корените на злото и мрачните тајни на актерите (проектирантите) кои ја поставија смртоносната стапица низ идеолошкиот активизам, кој доведе до големата измама на Македонците под Грција – геноцид и многу човечка крв а можеше да биде поштедена и најголемите преселби на Македонците од Егејска Македонија.

Студијата преставува изворно сведошто од тајните архивски документи од повеќе држави во светот и автентично се проследени грозоморните процеси на извршениот геноцид врз Македонците во Грција. Истражувањата на воено историското-политчка студија, се правени темелни анализи од: Стогодишната борба на Македонците под Грција низ историјата на идеолошката фашизоидна политика. Гледано од денешна перспектива ороводец во желбите да ги снема Македонците од Грција не би можел да биде некој друг освен самите Грци кои владееле со Грција. Тие настапуваа со геноцидни цели и од таквите зафати се извлекувани релевантни оценки од повеќе аспекти засновани врз извори и провери материјали. Со факти и аргументи се обелодени заговорот: кои и како ја режирале (по Втората светска војна) стратегијата за геноцидот над Македонците во Грција?

Граѓанската војна заврши со 20,000 жртви, масовно прогонството кое продолжува и не решено Македонското прашање во Грција, ние останавме класични заложници на минатото.

Од како војната заврши, ние учесниците на ДАГ (Демократската Армија на Грција) бевме третирани како збунета генерација (посебно по враќањето во матична Република Македонија кога сите обични војници поминавме по ситото на ОЗНА, а раководителите на НОФ и АФЖ, беа пречекани со почести и заслуги.). Така збунети ние борците на ДАГ, бевме препуштени на времето; полека, полека да го завршиме животниот циклус. Преставувавме уплашена генерација, без кредибилитет да проговориме за тие историски настани, небаре сме биле виновни како борци за неуспехот на Граѓанската војна.

Но, да ги проследиме настаните од таа Граѓанска војна во која беше масовно и насилно турнат Македонскиот народ и сето тоа во Македонската историја беше сокривено шест децении. Се останува спорно: зошто и со каква цел беа оформени Македонските организации (НОФ и АФЖ) формирани 1945 година во Скопје од КПЈ/КПМ и потикнувани во Граѓанската војна (1945-1949) во Грција ја предизвикаа националната трагедија на Македонскиот народ и токму со овие организации означи пресвртница во историјата на Македонците од Егејска Македонија и та пресвртницата не беше ниту за "Обедината Македонија", ниту за социјализам во Грција, ниту за советизација на Балканот, туку право кон трагедија и обилно крварење и прогонување на Македонците од своите прадедови огништа.

Факти покажуваат дека присуството на НОФ и АФЖ во 1945 година, пред официјално да почна Граѓанската војна (31 – Март 1946), ја зголеми заканата за терор и развивање на можна употреба на оружје за масовно етничко чистење на Македонците и на тој начин спрема Македонскиот народ беше исконструирана огромната пропаганда офанзива што не прикажа како крајно зло, односно како закана за Грчкиот интегритет. И едно од основните прашања е: зошто тоа го сторија по директива токму од КПЈ/КПМ?

Меѓутоа, исто толку е сигурен и фактот, можеби се уште необјаснив, со одземание на децата.

И со тоа како што вели Хана Арент: "Лагите се секогаш поприфатливи, попривлечени од реалноста, додека лагите се предизвик за оние што си го тестираат познавањето на тоа што публиката очекува да го слушне." Но, сега за Македонците од Егејска Македониа важи реченото и од Англискиот научник Adam Hart Davies" "Тој што не го памети своето минато е осуден до го живее повторно".

Сега со оваа книга, историчарот Кирјазовски го тргна килимот над многу тајни (мувлосани), но релеванти национални прашања и официјално ни дава можност; за детално и реално истражување на умисленият геноцид над Македонците во Егејска Македонија и во историјата преставува вешто прикриена – Македонска трагедија.

Тој во својата книга: "Народноослободителниот фронт и другите организации на Македонците од Егејска Македонија (1945-1949)", издав, "Култура-Скопје", 1985, стр. 93. пишуваше:

"Прво, во каква положба се најде Македонскиот народ по реставрацијата на предвоената Грчка реаксионерна власт во Февруари 1945 година, за да се сфати што го натера нашиот народ повторно да ги "фати" планините и со оружје да му се спротивстави на разузданиот sверски напаѓач. Тука може да се најде објаснувањето за ставот на Македонскиот народ, за појавата и активноста на организацијата НОФ и развојот на работите во Егејска Македонија."

Се оствари ли таа програма КПЈ/КПМ? Не! Беше ли кобна за Македонците Да!

Но сега ги има доволно фактите кои ни овозмозуваат да го обелоденине нашето минато. Ако фактите се света работа, уште на почетокот треба да се каже дека низ петогодишниот период на Граѓанската војна намаше национални нишани со кои можеме да ја наречеме Македонска Револуција, како што тоа го правеше историчарот Кирјазовски во досегашните негови книги со искривените факти. Но тој, и сега во својот епилог на оваа книга, внесува стари и неодржливи заклучоци и пишува:

"Направен е обид да се даде почит на величествената борба на Македонците од Егејскиот дел на Македонија, која имаше длабок национален и прогресивен карактер...?" И понатака пишува: "Оружената борба на Македонците од Егејскиот дел на Македонија во периодот 1945-1949 година преставува продолжение, односно континуитет на поранешните борби за опстанок, и за политичка и национална рамноправност и слободи." (215, 216)

Значи, ете како е пишува историјата и не треба да имаме некакви илузии, туку макотрпно, објективно и аналитички со историските факти кои ќе ни овозможат да ја согледаме трагедијата на Македонците од Егејска Македонија, а не да ги оправдуваме потезите на сите оние кои го донесоа злото и го измамија народот.

Граѓанската војна се претвори во маса безлични луѓе, а всушност тоа е беше и целта на тие што ја проектираа таа војна.

Не знам зошто, се криеме зад прстот и немаме смелост докрај да ја кажеме вистината на Македонската трагедија за која сите аргументи зборуваат дека тоа беше заговор.

Првата надворешна пречка за наводната револуција на Македонците за обединета Македонија.

Ете зошто: Да видиме како настана деление на Балканот по Втората светска војна?

“Од 10 до 20 Октомври 1944 година во Москва се случи едно меѓународно историско советување (14): Сталин и Черчил разговара и се пазареа. Што разговараа; за судбината на Балканските народи. Што се пазареа; за поделбата на народите по меѓу Русија и Англија.

Познатиот договор по меѓу Сталин и Черчил на 10 Октомври 1944 година во Москва за поделбата на сфери на влијание помеѓу Советскиот сојуз и Велика Британија фактички, му овозможи на премиерот Черчил да ја сочува за западните сојузници единствено Грција, додека сите останати Балкански земји останаа под влијание на СССР.” Поопширно: <ΞΕΝΟΚΡΑΤΙΑ>, ΠΑΠΥΡΟΣ, ΑΘΗΝΑΙ, 1975 (13).

Значи, зар ова за нас Македонците не беше доволно јасно и дека некој турка пред најголема и несовладлива стратешка пречка, не само од Грчките власти, туку и од двете супер сили: Англија и Америка?!

Логично следи прашањето: Дали навистина по поделбата на свери на влијание за нас Македонците не постоеше заговор од Балкански размери?!

По ова се подели светот на два непомирливи табори – Источен и Западен блок. И едните тежнеа кон истребување на класниот непријател полнејќи ги Сибирксите лагори, а другиот со невиден прогон на комунистите и конкретно со нас Македонците; етничко чистење со крајна цел – геноцид за навек губење на татковата грутка македонска земија и лишени од желбата за етничко однесување.

Такви елементи во книгате самиот Кириjазовски ни ги нуди, но не ги објаснува? И човек се прашува:

- Злото во Егејска Македонија не падна од небото?! Туку некои организирано со умисла го донесе. Можеби не по нивна волија, ама на Македонецот треба да му се каже:

- Кој го активира конечно "Македонскиот Синдром" за нашето (само) жртвување во годините (1945-1949)!

- Зошто тоа го сторија КПЈ/КПМ (1945-1946) пред да почне Граѓанската војна? Го организира и турна Македонскиот народ во монархофашистичката машина за мелење човечко месо, кога се знаеше дека границите по меѓу Југославија и Грција се "status quo". Нели, самиот Тито, беше против за обединета Македонија?

Дали ние Македонците не знаевме дека Грците четириесет години (од 1900 до 1940, а сега поминаа сто години, а тие си останаа исти) против нас низ историјата водеа идеолошка фашисоидна политика со геноцидни цели. Грците владаи во анектираната територија на Македонија ја имаа сотрено: културате, историјата, традицијата и јазикот кој беше основнен идентитет.

За голема измама во годините (1940-1950) надежта доаѓаше од фактот што тие се комунисти и имаат поголем слух за нас Македонците, но сите тие, и левицата и десницата во однос на нашите национални интересе се покажаа дека се исти. Тоа сега го потврдуваат многу непобитни факти.

Историчарот Киријазовски, низ изнесените факти пишува и сега тврди дека низ годините на Граѓанската војна, буричкале две држави (Југославија и Грција), а тоа значи и две вистини:

- Кој беа всушност нашите сојузници во Граѓанската војна? Одговорот е: Никој! Па ниту ни КПМ, бидејќи таа беше целосно потчинета од КПЈ.

Првата аксиома: Од октомври 1944 година до 14 Октомври 1946 година, Македонците од Егејска Македонија биле под раководство на КПЈ/КПМ и дека "Оформените Македонску организации НОФ и АФЖ имале свои програмски цели и задачи. И дека работата на НОФ ја раководеа инструктори на ЦК на КПМ."

Прв иструктор беше Словенецот Миха Маринко, потоа Никола Минчев и Димитар Димитриевски-Пекар. И кој би можел денес да помисли и сфати дека луѓе во сопсвеното време има ангажмани и непосредна врска со активизмот; како да го турната масовно

Македонскиот народ во војна, а оваа група луѓе како инструктори кои си играа мали богови со големи овластувања.

Притаеното зло имало лице и име а се притајуваше цели 60 години во Македонската историја

Втората аксиома: Како и зошто Македонската приказна остана во сенка. Од Октомври 1946 година кога "Тито им ги отстапива (1946 година) Егејските Македонци (како робовите – моја забелешка) на Захариадис (15)" до 27 Август 1949 година (кога заврши војната под раководство на КПГ).

Но да не заборавиме дека Втората внатрешна стратешка пречка за револуција на Македонците за обединета Македонија беше истотака промената на етничкиот состав на населението во Егејска Македонија со донесувањето на новородното население од околу 660 илијади, кое беше донесено по поделата на Македонија 1913 (16) година. (Тоа население беше со христијанска вера, но не беа исти по етничка основа. Тие беа од разни националности-Ерменици, Туркофони и други.)

Како можеше да се заборави дека во Грција над Македонците е вршено етничко чистење, токму во годините од 1913 до 1940 (17) година. Многу познати се фактите кога преку дипломатски трампи исчезнаа неброени Македонци, токму од Македонија под Грција. Душите ин ги сомле историјата по потпишаните конвенции и нивното иселување.

Грција, по освојувањето на "новите пределi", наместо почитување на правата на Македонците, таа почна со етничко чистење. Тоа го правеше со конвенциите:

А/ Нејскиот мировен договор потпишан на 27 Ноември 1919 година, по меѓу Грција и Бугарија. Грчките власти до 1925 година по силата на оваа конвенција речиси 86.517 Македонци беа принудени од своите родни огништа да заминат за Бугарија.

Б/ Потоа уследи и Лозанскиот мировен договор потпишан во 1923 година за задолжителната размена на населението меѓу Грција и Турција. Турско-Грчката војна (1919-1922) беше последен историски обид на малото, но амбициозно Грчко кралство да наметне и да реализира една дамнешна великодржавничка политика за "Мегали" и чиста национална Елада. Со Лозанскиот мировен договор од Македонија под Грција се иселија 354.000 Македонски муслимани.

Последниците од тие “легални” договори се неописив и е направен невиден геноцид и сето тоа падна на грбот на Македонците, бидејќи на нивно место беа донесени колонисти (само во Македонија) повеќе од 660.000 т.н. Просфиги-Маџири, односно Понтдии од Средна Азија (кои имаа свој посебни јазик и го зборуваа во Македонија, дури и за време на војните 1940-1949, а сесрдно беа прифатени од Македонците), кои денеска официјалната политика на Грција – ги претставува како автоктоно население од 2,5 милиони луѓе и дека тие денес се сметаат за Македонци меѓу кои е и премиерот Караманлис.

Ако наследството е идентитет, тогаш овие колонисти, како можат да градат идентитет на нашето староседелско вековно Македонско наследство?! Но, како самата држава, така и комунистите, упорно градеа идентитиет на нажето наследство, оти нивното го оставија во Мала Азија-Пондиаја. Сега најголеми гласоговорници се токму тие пред светот кажуваат дека тие се Македонци!

Тие денес претставуваат како современи Грци, но и претендираат да бидат Спартикијци и Тракицјци, и Визандици и Епирци, и Македонци и антички Грци, а што уште не! Само современите Македонци не можат да имаат свој идентитет. Но и од статистиката се знае дека токму во тој дел на Македонија (некои живееле) сега живеат голем дел Турци, Ермени, Власи, се разбира и ние Македонците.

Ова ни покажува дека Грците успеаја да внесат контрадикторност во многу заемно исклучиви дефиниции и да исконструираат свои “научни” одговори, согласно на одамна воспоставените версајски гледишта кон Македонија и кон македонскиот народ. Тие отидоа до таму што посакаа да извршат дури и “трансплантација на душата” за во Македонецот постепено да почне да се губи здравото татковинско чувство.

Грците со својата стратегија се покажаа најжестоки во стилот: “Треба да се создаде таков принуден механизам, кон оваа специфична нова усвоена (1913) територија, бидејќи беа длабоко уверени дека македонското јадро како посебен етникум, никогаш нема да биде лојално кон грчката држава и настојуваа да ги озаконат сите геноцидни зафати како што се:

а) Доселувањето на инородно население.

б) Преименување на имињата и презимињата, на топонимите и на се: што е македонско на грчки јазик исклучиво само во тој дел на

Македонија под Грција со закон (“Ефимерис тис Кивернисеос” бр. 332 од 21 ноември 1926 година). Во цивилизираниот свет се знае дека никој не смее да има монопол над именувањето и над имињата: тука спаѓаат името ма територијата, на луѓето, на предметите, на јазикот и на секој поим што со векови го употребувале староседелците. Тоа во Европа го направи само Грција.

Станува збор за промена на топографијата, на душата на македонскиот народ во Грција. Со таквата сурова стратегија, се тераше македонскиот народ на заборав на сопствениот културен идентитет. Целта на окупаторите им беше: да го изменат гравитационото јадро на македонското самостојување и вековното самопотврдување и да се напуштат тајнствените алгоритми запишани во вековниот егзистенцијален код и на сето тоа да им се даде грчки код. Да се избрише целокупната македонска цивилизација која со векови беше обликувана врз иманентни аксиолошки стандарди, изградени врз основа на определени функции на културата, без кои не би била можна егзистенцијата на човечкиот род. Со таа топографија ние Македонците, (токму од тој дел на Македонија), било кај да сме по светот и ден-денес се идентификуваме и се бараме по светот.

в) Метаксовата диктатура-позната од 4 август 1936 година, кога генералот Јоанис Метаксас прогласи диктатура во Грција. Режимот посебно остро се спротиставуваше и го казнуваше македонизмот, изразуван било како опстествена дејност или само преку говорење на мајчин јазик. Многу локални жители на Македонија под Грција завршија во суровите затвори и по островите.

Не помала пречка преставуваа и левите сили во Грција и посебно во Ег. Македонија кои повеќето беа токму од новодојдените колонисти (Мацири, Просфиги-Пондии).

Значи, најголемиот конфлик настана токму во годините (1944-1945) и најголемиот отпор беше од нив (колонистите). Тие беа во највисоките органи на КПГ (ЦК. и П. Б) и скоро тие ги раководеа двата столба: политичкиот-Захаријадис, воениот генерал Маркос, а ние во историјата низ целиот период го третираме како наша македонска револуција.

По иронијата на судбината, се случи обратно НОФ и АФЖ стануваат најсервилни и најпонижени како организационо движење што македонскиот човек го познава. Во почетокот на пропагирањето и дејствувањето многу Македонци веруваа дека НОФ и АФЖ е судбински да станат продолжуватели на Илинденците, но за жал, за

таа грешка мораше да се плати со огромна цена од 20.000 жртви и најголемо етничко чистење, а живите да не можат вечно да се вратат на своите огништа.

Тито со таквиот трансфер-ставањето на македонското ослободително (кое барем така се викаше во периодот на 1945 година) движење во Егејскиот дел на Македонија под команда и во состав на грчкото комунистичко движење, значи радикална промена на стратешки македонски цели а тоа значеше повеќе од безморален чин, бидејќи за тој период на време од 14 октомври 1946 година македонските организации НОФ и АФЖ под раководството на инструкторите на ЦК на КПМ го имале мобилизирано повеќе од 80% токму на тие програмски цели. Сега по овој идеолошки трансфер од борбата за правата на самоопределување, се турка во борба за Социјализам во Грција, во која ќе уживаат рамноправност и рамнограѓанство како национално малцинство. Тоа значеше дека програмските цели и задачи на НОФ кој му ги соопшти Цветко Узунов-Абас не важат.

По отстапувањето на Тито егејските Македонци на Захаријадис, од Колишевски добија нов урок.

Сега пак по директива на Тито, Колишевски , по постигнатата спогодба меѓу КПЈ и КПГ, по извесено време, членовите на Главниот одбор на НОФ на чело со Паскал Митревски беа применети од секретарот на ЦК на КПМ Лазар Колишевски, кој им го рекол следното: “Сега вие одите долу (во егејскиот дел на Македонија). КПГ е вашиот раководител. Да имате верба во нив. Нејзината политика по македонското прашање е јасна. Какво било прашање што ќе ви се појави ќе го решавате со раководството на Партијата. Внимавајте, не одите како фракција во Партијата, туку да се ставите под нејзино раководство. Борете се за зацврстување на борбеното единство со грчкиот народ, и борете се сите и со сите ваши сили против шовинизмот, сепаратизмот и локалистичките тенденции.”

Македонските организации (НОФ и АФЖ) со ничкосан углед пред новиот господар Захаријадис-КПГ почнаа уште една однапред изгубена битка во еден типичен на тоа време-декларирани демократски централизам и тоталитаризам. Ете, како македонскиот народ, сега со новите препораките од оние кои до вчера што му пропагираа “Обединета Македонија” треба сега да продолжи да ги брани изгубените битки.

Што ова значеше за Македонците кои до вчера членуваа во НОФ, АФЖ и НОМС, кои од “бранители на национални борци-за

македонската нација" по нечија наредба се трансформираа-преминале во "војници на ДАГ" - борци за социјализам во Грција.

И, што се случи? Зошто не се остварени суштинските стремежи на Македонците, а на фронтовите погинаа повеќе од 20 илјади Македонци? Кој е виновен за изневерените надежи? Како се пишуваше мрачното историското досие. Каков интерес имавме ние Македонците од Граѓанската војна?!

По овој чин, во т. н "Слободната територија" од која беше поголемиот дел во Македонија и дел во Епир, генерал Маркос почна со масовни мобилизации. Мобилизираните, се распоредуваа во воените единици дури и 10 до 20 во иста единица од исто село и во битките имаше случај да погинат повеќе борци од исто село, па дури од поблиски по род. Генерало Маркос, се понашаше како господар.

Битките на мојата генерација, со нови илузии низ идеолошкиот активизам.

По отстапувањето на Тито, македонските лидери на НОФ и АФЖ беа со намера инсталирани во штабовите како "одговорни за Македонците во Штабовите на ДАГ - беа најголемите сејачи на илузии", само за да не уверуваат дека само со жртви македонскиот народ ќе дојде до слобода.

Сега, НОФ и АФЖ на генерал Маркос, му служеа како сервис, а тоа не важеше за цела Грција. Последица на таквите мобилизации доведоа до жалосна положба и секој се прашуваше: зарем било можно само од едно село да загинат толку луѓе. Ние Македонците во ДАГ сега требаше да се бориме за демократски вредности, но тоа по наредбите на новите господари кои никогаш не сме го правеле со демократски методи, посебно спрема македонскиот селанец и целокупното цивилно население се однесуваме со брутални и диктаторски методи. Луѓето беа масовно регрутирани (постари мажи и жени, децата одземени и сите ние гиневме за демократска и социјалистичка Грција.

Која е вистината? Што се случи со Македонците кои беа намамени од НОФ и АФЖ за "Обединета Македонија"? Дали навистина има некакво "ПРИЗНАВАЊЕТО ОД КПГ" и е договорено со Македонците? Или е договорено со тие на кои до вчера манипулираа со нас и им станавме слуги? Сега на НОФ и АФЖ по "братството и единството" им недостигаше политички идентитет. Тие и така хронично страдаа од недостиг на принципи: принцип е основна

вистина или појдовна позиција која служи како темел за изградба на систем, уверувања и однесување спрема сопствениот народ. Ако тие како политичка партија (која го кренала народот во востание) отстапила од принципите (темелните вредности) на кои ја заснова политичкта идеологија и сега ги жртвувала за дневни потреби и интереси, таа во очите на македонскиот човек станува не одговорна - шкарт.

Македонците, спрема договореното Тито и Захаријадис ќе треба да ја измени програмската цел на НОФ во која сега ќе гласи: "НОФ и АФЖ ќе се бори во сојузот со грчкиот народ за спасување на македонскиот народ од физичкото истребување".
Идеолошка офанзива со својот космополитизам (против македонската национална свест) страшно го разниша македонскиот староседелски корен.

Состојбите беа уште пострашни, бидејќи тие потекнуваа од највисоките политичари (на НОФ, АФЖ и КПГ). Политичарите, дури и во Граѓанскат војна, негуваа опасни анахронизми во нашето национално опстојување и живеење, напаѓајќи ги своие политички противници - комитите и сите тие Македонци кои не гледаа никаква корист од таквата војна. Дали (НОФ и АФЖ) беа свесни колку со тоа го оптоварувааа и го навредуваа својот сопствен народ, а посебно младите македонски поколенија (деца на комити и деца на партизани-комунисти). Дали беа свесни колку им ја заматуваа младата душа и нивната национална свест.

Во заклетвата на борецот во редовите на ДАГ (Ο ΟΡΚΟΣ του Μαχητου ΔΣΕ) во основа се вели: Јас син на грчкиот народ борец на ДАГ (Демократската армија на Грција) ќе се борам за да го одбранам интегритетот и безбедноста на државните граници на татковината-Грција... и.т.н.).

Нови (слепи) патишта на слободата низ големиот идеолошки систем - "Братство и единство". Македонците се најдоа пред тупаницата на омразата и им се нудеше само лажна надеж.

Парадоксално, но човековите права по "Братството и единството" од октомври 1946 година, Македонците се најдоа на листата на ДАГ (демократска армија на Грција), која по заповед на своите политички лидери (Тито и Захаријадис) и Македонците војуваа во нивно име. Потоа, не се видоа ни човечки права и ниту биле ценети како човечки суштества. Семејствата на сите се раслоија и разделија што скоро ни по полавек на можеа да се приберат. Не во своите прадедови домови

насопствената земја, туку низ целиот свет стана жртви на поданството. Тоа беше цената која требаше да ја платат Македонците.

Човечкото во Македонецот, кои сакаше да живее и божественото во него што живееше со векови и неизмерно си го сакаше прадедовото, за жал, мора да признаеме дека ни беше уништено, токму од нашето неконтролирано поданство: да не разменуваат како робови.

Се покажа дека нашето македонско простумение, не го сакаше ни Тито, а најмалку Захаријадис и тие добро знаеја дека таа војна нема никогаш да победи.

Раководствата на македонските организации НОФ и АФЖ, поразени од страотното сознание дека ништо нема од она што им го кажал при нивното формирание во Скопје Цветко Узуновски - Абас организационен секретар на ЦК на КПМ и министер за внатрешни работи на НР македонија. Кој им соопштил: “Дека Југославија стана центер на револуцијата на Балканот и дека македонското прашање стана југословенско прашање, поради што КПЈ во Егејска Македонија ги формира овие партиски и политички организации НОФ, АФЖ и НОМС на кои сте вие на чело...”, македонските доброволци и сиот македонски народ кои беше организиран за таквата цел, не можеа лесно да се оттргна од чувството дека некој зад нивниот грб во војната се договорал за таквата измама. Тие Беа посрамени пред македонскиот народ, бедни, безрадосни, очајни живееа со страв од клетва.

Многу од нив се прашуваа: “Треба ли да тргнам и да продолжам, по овој пат? Или треба да му објаснам на мојот народ дека сме лошо намамени...”

Но, ние борците (и обичниот македонски селанец), тоа не го знаевме и редно е да си признаеме дека добро соработувавме како жртви во секој поглед на политиката што ја водеа овие лидери спроведувајќи ја преку НОФ и АФЖ, но и по војната со презентираната секторска историја.

По “братството и единството”, македонските организации НОФ и АФЖ, беше повеќе од јасно дека битката за “Обединета Македонија” беше изгубена, тогаш зошто токму овие организации го повикуваа македонскиот народ да ги следи!
По овој чин: поразена беше во македонските организации НОФ и АФЖ, моралот, радоста, надежтаи самодовербата на Македонците под Грција!

Значи: Историските фактите кажуваат дека: Врз основа на одлуката меѓу Тито (КПЈ) - Захаријадис (КПГ) од 14 октомври 1946 година, набрзо пристигнаа претставени: Караиванов од КПЈ и Јоанидис од КПГ и ја прогласија следната спогодба: “Македонските организации НОФ (АФЖ и НОМС) и нејзините раководства поминуваат во целост под КПГ, а вооружените мали македонски единици во единиците на ДАГ под раководство на генерал Маркос”.

Значи , се е договорено на рамниште на државност: Југославија и Грција (КПЈ и КПГ). Тоа значи, строго се придржуваа спрема Букорешкиот договор 1913 година и распитањето на организација ВМРО (об) (18), настапува уште еден тежок удар на македонскиот народ во Егејска Македонија.

Сето тоа ме потсетува на макотрпното наше признавање и не признавање од КПГ Грција и КПЈ Југославија во далечниот период кога КОМИНЅЕРНАТА (Комунистичката интернационала) по поделата на Македонија имала погрешна политика во однос на Македонија и македонското национално прашање во периодот од 1919-1923 година. Таквата политика била заснована тезата дека во Македонија живееле преставници на сите балкански народи и ниту еден од нив не преставувал апсолутно мнозинство и затоа македонското прашање било третирано како географско македонско прашање, не како македонско национално прашање.

Комунистичката интернационала, признавањето на македонската нација како етничка реалност ја призна по разговорите водени помеѓу Коминтерната и ВМРО, кои интензивно се воделе во Виена во 1923 година.Во декември истата година бил потпишан еден “проект за спогодба меѓу ВМРО и руската советска република”

Исто така, во Декларацијата на ЦК ВМРО од 29.11.1924 година, ВМРО се обврзувала дека ќе се бори за ослободување и обединување на Македонија во една самостојна држава во своите природни, етнички и географски граници.

И во резолуцијата на Петиот конгрес на Коминтерната (Москва,1924), се вели: “македонското прашање се поставува како национално прашање” и Македонците ќе се борат за “обединета и независна Македонија.”

Во манифестот на ЦК КПГ, кој бил донесен веднаш по освојувањето на политиката за "обединета и независна Македонија" на Третиот вонреден конгрес во 1924 година.

А што да речеме ние Македонците под Грција, за мамката во Граѓанската војна, што била проектирана од КПЈ и КПГ и доживеавме ископачување од многу вековните огништа! ?

ДАЛИ ОВА БЕШЕ И ПОСЛЕДНАТА БЕЗОЧНА ГОЛЕМА ИЗМАМА ОД ЛЕВИТЕ СИЛИ?

Се повеќе сум убеден дека врвот на македонската држава без чувство за национална свест за судбината на Македонците под Грција и не сака да знае што се случи со нив во Граѓанската војна. Не објаснето е, ниту која му беше целта на КПЈ/КПМ, па така секој си има свое сваќање и начин на инструментализација.
Истражувањето иаку се прави по повеќе од полавек (а тоа има и оправдање зошто), но тоа се прави и заради учење од историските искуства, т.е да не се заборави и да не се повтори.

Во тој период на време од Македонците под Грција се бараше: од сега мора да бидат меки, памучни и милозвучни. Тоа што ќе им го кажува КПГ, да им ги гали ушите, да им ја разнежува душата, да им ги насолзува очите од посочениот пак кон светлата иднина.

Истражувањето покажува: кој на врат ни го обеси и добро ни го затегна идеолошкиот синџир на комунизмот. Токму тој синџир (направен од КПЈ, сега врзам од Колишевски) во Граѓанската војна беше најсуров, најкрвав и најбезбожен. Ропски синџир - не разјаснет до ден - денес. Меѓу Македонците настана ново пребројување: чиј си и кој си? Борба за ново престројување и од Македонците се бараше сервилно и ропско расположење.

Но, согледувањето на причините и мотивите на Тито за таквата инволвираност во Грчките работи по Втората светска војна бара опстојно истражување.

Објаснувањето на југословенските раководители дека тоа го правеа само од интернационалистички побуди не е многу убедливо. Зошто? Затоа што, проблемите почнаа да се зголемуваат околу есента 1948 година, кога Југославија почна да влегува се повеќе во прегратката на западните сили.

По ова, во нова верба со стари болести раководителите на НОФ и АФЖ, наместо душмански пречек, пред КПГ направија "Другарска критика како нејефикасно оружје на партискиот апарат" и се здадоа да пропагираат дека "Со ова се поставени темелите за новото единство". И така не беше далеку времето, кога веќе се отвори простор за демакедонизација. Но тоа беше и конфронтација, со народот и со сите членови на КПГ (Македонци) кои немаа пребегано во Југославија со егејската бригада и Партијата во нив имаше поголемо поверење. Тие до вчера за НОФитите и за АФЖитите беа гркомани или како што ги нарекува "народни изроди".

Но, треба да се објасни следното: она што го имала Грција како доктрина и стратегија во поставувањето и дефинирањето на македонското прашање во еден подолг период (по 1913 година) немаше никаква реалност да се очекува дека ќе го промени таквиот став, особено под воен притисок. Тоа се покажа дека се до ден - денес, дека Грција, независно од односите со Титова југославија и потоа со Р. Македонија, изгледа се уште не е подготвена да ја отвори Пандорината кутија на Граѓанската војна и да одговори објективно, одговорно, аналитички на многуте прашања врзани со таа тематика, па и на она што нас најмногу не засега за егзудусот и етнижкото чистење на македонското население во Егејска Македонија. Но, дека и ние Македонците да ја понесеме историската вина што во овие 60 години го прикривавме тоа прашање и за времето на Титовото владење, и потоа се до денес молчиме.

Да се молчи 60 години од страв, е општествена и национална неодговорност.
Во ова мое иследување, целта ми е исклучиво да истражувам и барам дообјаснувања за големата измама за прогонот и згубениот таков дом. Како и зошто беше конструирана вистината (во првите две судбоносни години) за нас Македонците од КПЈ/КПМ и потоа со јамка на врат, оставени сами на себе и предадени на новите господари на КПГ која во главно беше возоглавена и водена од доселениците во 1924 година од Мала Азија. Ние заборавивме дека тие беа донесени и ставени како брана (тампон зона) против славјанството да не може да има доминација над Егејот.

Грчката опција на раководството на КПГ ја опишува генералниот секретар на КПГ Никос Захаријадис во книгата на ΠΕΤΡΟΣ ΑΝΤΑΙΟΣ, "ΝΙΚΟΣ ΖΑΗΑΡΙΑΔΗΣ", ΘΥΤΗΣ ΚΑΙ ΘΥΜΑ, стр. 414.)

Тој пишува: "Година во која Захаријадис со една група партиски кадри кои ги имаа завршено студиите на (КОУТВ) високата партиска

школа во Москва, се враќале од СССР во Грција (1924) и во тој период се одржа 3-от вонреден Конгрес на Социјалистичката Партија на Грција и на тој конгрес е преименувана во Комунистистичка Партија на Грција (ККЕ). На тој конгрес расчистувајќи некои прашања од внатрешната противореченост, и прифаќа не само решенијата на конгресот на 3-та Комунистичка Интернационала, но и тие од балканските комунистистички конференции конкретно, на 7-та Конференција на Балканската Комунистистичка Федерација за таканаречената "Македонска". И тоа ќе застане како прва ЈАМКА која му се навлече на вратот на ККЕ (КПГ), во името на Интернационалниот пролетаријат".

Ете каков беше ставот по "македонското прашање" на водачот на политичкиот столб Никос Захаријадис:

А водачот на државниот и воениот столб беше Маркос Вафијадис, роден во село Тосије во 1906 година во Мала Азија. Завршил четврто одделение. Во Граѓанската војна (1945-1950) Захаријадис го избра и го направи генерал и претседател на привремената влада (во планина), за да еден ден и кога сака да го потроши.Тоа го стори во 1948 година, го прогласи за болен, го суспендира и го прати во прогонство, во градот Пенза СССР. Исто така тие раководеа со Полит- бирото и ЦК на КПГ.

Тие за време војната градејќи го ,,новиот свет" сурово газеа врз достоинството на Македонците, ги валкаа нивните национални чувства и упорно го негираа македонскиот национален идентитет. На крај не отпоздравија...

Потоа следеа:
Годините на валканите пароли; Силата на црвената бура; Мрачните мисли на идеолошкиот активизам; Изгнаници со порабена судбина.

Неоти има, фајде што сега народот ги нарекува натрапници. Посебно; кога по спогодбата (Иоанидис - Караиванов) и директивите на Колишевски, НОФ, целосно и речиси безусловно му се отстапи на КПГ, генерал Маркос беше овластен за нашата судбина.

Генерал Маркос - колонистот сме го овластиле за нашата судбина, верувајќи му на празни ветувања.

Маркос ги издава и првите нардеби:

Наредба Бр. ЕП 13 од 27.12.1946 година, генерал Маркос, гласи: “Сите партизански единици на НОФ од денеска се ставаат во составот на ДАГ”.

Значи, НОФ од овој датум не претставуваше никаков воено - политички фактор, туку по т. н. “Братство и единство” на НОФ и се земени сите ингернции. По ова настана деликатна рамнотежа, помеѓу НОФ и КПГ, но полека организацијата НОФ влегуваше во менгемето на КПГ, охрабрувана па дури и од македонскиот врв на КПМ и несомнено стануваше жртва на политичките игри. А, бргу потоа се најде во рацете на бескруполозната апсолутистичка власт на КПГ.

Ако Македонците со векови ги биеше глас дека: “Македонците биле единствен народ во светот што не го признавал ропството”, сега, буквално беа под силен надглед на Грците.

Дали некој помисли на фаталното дејство на омразата која никогаш не ја имаа заборавено спрема поранешни ЕЛАС (ити), сега НОФ (ити)?

Дали пред некои меѓународни институции НОФ и АФЖ беа признати како легитимни субјекти и од нив можеа да бараат (државно-правна) заштита?
Документ преведен од Грчки:

“...Не помина година, во вечерните часови на 24 октомври 1947 година, неколку членнови на политбирото: Јоанидис, Стрингос, Маркос и Еврипидис Георгиос - Петрос ги повикаа Митревски, Керамитчиев и Вера на “посебен разговор.”

Маркос, се искашла во дланката и со погледот кон Митревски, но никој неможеше да препотстави какви мисли му поминуваа низ Главата. Маркос чувствуваваше потреба еднаш за секогаш да ги укори водачите на НОФ и АФЖ. Тој, се воомјази и гласно, но саркастично се намсеа и рече:

- Вие треба да знаете дека сте членови на КПГ и овоа сакам да го повлечам, не еднаш, туку трипати. Тука постои само КПГ и никој друг. Јас не знам зошто се бунтувате и велите дека еден ден Македонците ќе кренат “врева” и ќе ги напуштат редовите на Демократската армија. Јас одгорно тврдам дека организациите НОФ и АФЖ не се само ваши. Вие добро знаете дека со благослов на Маршалот Тито и нашиот водач Захаријадис, сте ставени под капата на КПГ. Треба да сте комунисти, а потоа родољубци. Така треба да

гледате на славомакедонското прашање а не да размислувате за некаква “Обединета Македонија”. Ако вие го посакувате тоа, тогаш ние Маџирите - просвигите како што не викате, каде треба да одиме? Дасе вратиме пак во Мала Азија?!

Ех, мои Славомакедонци. ТРЕБА ЕДНАШ ЗА СЕКОГАШ ДА РАЗБЕРЕТЕ ДЕКА ОВА ЗЕМЈА - МАКЕДОНИЈА, СЕГА МУ ПРИПАЃА НА МНОЗИНСКИОТ НАРОД А ТОА СМЕ НИЕ! ВИЕ НЕМАТЕ НИШТО СО МАКЕДОНИЈА ВО ГРЦИЈА.

Тоа многупати го има повторено и Ленин. “Малцинствата треба да се покоруваат на мнозинството.” Вие се борите за туѓи интереси и против мајка Грција. Но на крај ќе изгубите. Никој нема да ви помогне; ни Тито, ни Сталин. Се разбира сами сте направиле да Партијата ве има на око...

Ние се знаеме и за секој од вас подробно. Покажувајќи им го листот на кој пишуваше строго доверливо: известува Периклис Колодакис, шеф на службата за безбедност при Демократската армија.

- Со таквите ваши преправања просто си го сопирате вашето унапредување во политичкиот живот.

Што сакате, од вас партијата да направи генерали?! Вие сте го читале “манифестот упатен до ослободителната армија на кинескиот народ”. таму се вели: “Сите офицери и војници треба да се образовани како би храбро пошле во борба и ивојувале победа.”

Вие не успеавте да се ослободите од ганџите на шовинизмот и сами се изолиравте од славомакенскиот народ, посебно од тие 6.000 борци во Демократската армија кои храбро се борат и жртвуваат за високите идеали на социјалистичката револуција во Грција.

Ние добро знаеме се; за секого од вас и за вашата политичка дејност и обврска што сте ја зеле пред известителните служби на Југославија.

Информацијата од нашите разузнавачки служби гласи:
“Раководството на КПЈ, сакајќи да има увид и влијание врз настаните во Грција и врз македонското ослободителано движење, тајно обврза еден голем број борци и активисти на НОФ (што се вратија од Југославија) преку организирани канали да го информираат за се што се случува во егејскиот дел на Македонија и во Грција. Раководството на НОФ беше принудено да добива и да извршува директиви од двете раководства: од КПГ и од КПЈ.”

Вие сте свесни дека со овој потег на КПЈ сте направиле и уште правите големи штети и со тешки последици. Со вашите антипартиски ставови, кои не се реални ставови на Партијата, верувам дека кога ќе се разбудите ќе биде многу доцна, но Партијата нема да ве толерира како фракционери. Нашата известителна служба досега има десетици Македонци идентификувани кои треба да бидат осудебни и гонети како агенти на југословенските инвестителни служби а дезертерставата стануваат се поброjни.

Ако голема стратешка пречка за обединувањето на Македонија беше поделата на сфери на влијание и Егејска Македонија во Грција припаѓаше во ЗАПАДНИОТ БЛОК, но не беше непомала внатрешната состојба, по измената на етничкиот состав по донесувањето на околу 640.000 илјади инородно население.

Ние Македонците, треба да си признаеме, дека по поделата на Македонија и посебно со донесувањето на Маџирите (Пондии) од Мала Азија во 1924 година, се измени коренито етничкиот состав и оттогаш сме биле долго под надгледување од страна на грчките влади.

Но, најуверливо е следното: Генералот Маркос во еден број на грчкиот весник “Та Неа” и “Епикера” што се печати во Атина, беше објавена информацијата за средбата во Атина на генералот Маркос со генералот на владината војска на Грција во времето на Граѓанската војна, Цакалотос. При таа средба двајцата генерали се ракувале и од се срце се прегрнале, а Цакалотос му рекол на Маркос: “Вака требаше да се ракуваме уште пред да почне Граѓанската војна за да спасиме многу животи”. А генералот Маркос му одговорил: “Навистина, поради мене загинаа многу луѓе, но не треба никогаш да се заборави дека направив едно големо дело за иднината на Грција: смислата на борбата беше во тоа што ги протеравме Славомакедонците од северниот краеви на Грција, со цел Македонија, да остане грчка. Види: “Нова Македонија”, од 25.02.1992.

Значи, со ова што вели Маркос, во Граѓанската војна ние Македонците се боревме за да ја изгубиме Македонија под Грција!!?? Тој, значи , преставувајќи ни се како комунист не лажеше.!? Па произлегува дека Генеролот Цакалотос и како човек и како воин е по хуман; жали за жртвите. А ние во историјата се отепавме да пишуваме славопоики за генерал Маркос кој се покажа дека водеше наше истребување во самите редови на кои му служевме.

Заради што по автентично да го скенирам македонското поданство и национално - политичко шеесетгошното минато низ кое Македонците од Еејска Македонија го доживеле геноцидот и зошто останаа надвор од интегралната македонска историја?

Факт е дека цели шеесет години, почнувајќи од 1945 година па се до денешен ден, се толкуваше историјата за Македонците од Егејска Македонија со искривени факти, со цел да се прикријат многу деанија на личности кои доведоа до големи жртви и преселби, но и губење човечкото право за враќање во своите домови.

Факт е, (сега пишува Кирјазовски) дека акцијата на Тито во Егејскиот дел на Македонија (од октомври 1944 до 14 октомври 1946 година ги имаше Македонците во прегратките на КПЈ/КПМ и конечно Тито им ги отстапи егејските Македонци на Захаријадис (секретар на КПГ) кој се до крај на Граѓаската војна над нив се понашаше како орел над кокошки и не треба да се крие дека:

Сега откако му ги предадоа македонските борци и сиот македонски народ беше тотално под команда на КПГ, македонските организации НОФ и АФЖ не правеа ништо друго, освен што трчаа по лавиринтите што му ги црташе Захариајдис. Малку поинакво единство по меѓу КПГ и македонските организации НОФ и АФЖ, не такво како што им велеше Колишевски туку беа пресретнувани со “Тупаница полна со омраза.”

Односно, по таквото “Братство - единство”, сепак требаше да се бакне данајската рака, за тоа беше потребно одново Македонија да клекне. И сите овие пораки доаѓа (многу јасни) токму од КПЈ и Тито.

Сега за Македонците следеше Рузвелтовиот совет: “Зборувај нежно, ама носи и голем стап”.

Ќе рече некој: зарем такви биле комунистите? Зарем таков ков беа луѓето кои не водеа во светлата иднина?

Токму во овакви мигови, кога; ќе не дотераа било кои од тие луѓе на кои верно им служевме, за нас Македонците потоа немавме никаква друга алтернатива.
И така, безалтернатива ја завршивме војната на големото Црвено губилиште. Таков беше нашиот пре живеан дебакал.

Зошто? Затоа што по ова идеолошко престројување кон крајот на 1944 година, одмаздата од комунистите Грци (ЕЛАСИТИ) ни се

повторуваше, како по времето кога батаљоните пребегнаа во Титовата армија.

Зар со таквиот потез на Тито: Ние Македонците од Егејска Македонија, турнати токму од Тито во пеколот - не си го отпеавме нашето? Да не заборавиме: Тоа, пред светот не покажа како НЕДОПРООДЕНИ.

Каква тајна не сакал да издаде Тито? (Види: по опширно во поглавјето “9. 1. шестта судбоносна година до ликвидацијата на Граѓанската војна на 27 август 1949 год. под раководство на КПГ). Интересно е мислењето и ставот на Тито изнесено на средбата со Меклин.
“Μελετε για τον εμφυλιο πολεμο (1945−1949)” - Студиските анализи за Граѓанската војна (1945-1949) стр.336/337, статија од Јоже Пирјевиќ , “Ηρηξη Τιτο- Σταλιν και το τελο του εμφυλιου στην Ελλαδα”.
Оваа тајна се открива и во британските документи за Македонците и југословенско - грчките односи објавени од Државниот архив на Република македонија од историчарите Д-р Лиљана Пановска и Д-р Тодор Чепреганов.

“ . . Тито не негирал дека во минатото им давал помош на востаниците во Грција.” ...Но, тој ветил дека во иднина нема да им биде дозволено на востаниците да се враќаат во Грција за да продолжат да се борат, ниту ќе им биде давана каква било друга помош.

Исто така се предлагало: затварање на радиостаницата на Маркос, која се наоѓала на југословенската територија; отстранување на грчките востанички регрути, кои сега се обучуваат на југословенската територија; затварање на грчко - југословенската граница, што би било насочено против востаниците.

Исто така во британските документи може да се види дека: “Југословенската влада, истотака Тито, нема претензии спрема Грција и нема интерес да се меша во внатрешните работи на Грција”.

Со таа изјава на Тито, за британците повеќе не постоело никакво сомневање дека “македонското прашање за скоро време (за невек) е ставено во замрзнувач.”

Ете, каква била мамката, уште кога во Скопје на 23 април 1945 година, под раководството на КПЈ/КПМ (Тито, Колишевски) беа оформени македонските организации: НОФ, АФЖ, НОМС и им беше

соопштено од Цветко Узуновски - Абас организационен секретар на ЦК на КПМ и министер за внатрешни работи на НР Македонија. Тој им соопшти: дека македонското прашање стана југословенско прашање, поради што КПЈ во Егејска Македонија ги формира овие партиски и политички организации НОФ, АФЖ и НОМС на кои сте вие на чело. Задача на овие организации е да му дадат југословенска ориентација на македонскиот народ во Егејска Македонија. Сега, Македонскиот народ и македонското движење се под раководството на КПЈ. Македонскиот народ од Егеј ќе го најде своето целосно воспоставување само во рамките на Федеративна Југославија, а тоа на Егејска Македонија да се приклучи кон Југославија. (АМ. Архив на Македонија. Ф -20/276, Ф- 20/196.

Зарем овие луѓе не носат грев со историски дименизии за злото што им го нанесоа на Македонците под Грција!? Зарем не беа со умисла формирани НОФ, АФЖ и НОМС од КПЈ (Тито) и на КПМ (Колишевски) и диригирани да вршат масовизација на македонското население.

Зарем тоа не беше ЗАГОВОР!? Време е токму на македонските историчари да проговорат и да не им ги кријат злонамерите низ историјата на македонскиот народ на сите самонаречени стратези, политичари и на разни идеологизирани наивници, без чувство на почит кон илјадниците жртви на боиштата во неразумната Граѓанската војна и дури уште и ден-денес да имаат смелост да не советуваат да живееме во еден конфузен оптимизам и дека сме требале да го почитуваме Титовиот и Захаријадисовиот завет (комунистичко ветување: За обединета Македонија, што ни го дал токму во грчот на ликвидацијата на ДАГ. А сега барем: зошто го сторил тоа Тито и Захаријадис, го разбира секој разумен човек.)

Нова зона на конфронтации

За нас Македонците, од тогаш, па се до ден - денес, не требаше да имаме илузии дека Грците (комунисти или националисти), тие не сакаа и не сакаат преговори со луѓе кои имаа македонски патриотизам...

Посебно по измисленото “Братство и единство”, период кој тереше до крајот на Граѓанската војна не се смени ништо на добро - Македонците останаа раскарани и по завршетокот на војната се караа.

Народот остана прогонет и поделен, од која страна и да се гледа. Историски, се уште живееше заглавен меѓу различни епохи, поделен

меѓу “подржувачи на КПГ - Захаријадис (марксисти)” и “подржувачи на КПЈ - Тито (ревизионисти). Од идеолошки аспект, најсликовита беше поделбата на патриоти и предавници. Зар остана ли уште некаква вистина во потезите на Захаријадис (КПГ) и Тито, односно (КПЈ/КПМ) во програмските цели и задачи на НОФ и АФЖ дека нудеа национална стратегија за духовен и физички опстанок на своите вековни огништа и обединета Македонија?

Не! Туку со таквите лажни илузии кај Македонците нарушени беа основните вредности на заедничкото христјанско живеење. Богољупците беа анатемисани, црквите прêтворени во идеолошки собиралиштаи поповите прогонувани и ликвидирани. Се губеше желбата за етничко однесување и се форсираше идеолошкиот активизам за лажен интернационализам.

По овој чин, кај Македонците оправдано се создаде КЛИМА НА СТРАВ И ЕТНИЧКИ КОНФЛИКТИ НИЗ ЦЕЛИОТ ТЕК НА ВОЈНАТА. Македонците со изгубеното своето: ЈАС МАКЕДОНЕЦОТ - РЕШАВАМ ЗА СУДБИНАТА НА МОЈОТ НАРОД!

Македонците се најдоа, зграпчени и подредени во редови на грчките комунисти, со разнебитено и политичко семејство и ништо друго не им остануваше, само да се (САМО) ЖРТВУВААТ ВО БЕЛИТЕ СНЕГОВИ НА ГРАМОС, НО НЕ ЗА МАКЕДОНСКИТЕ ИНТЕРЕСИ.

Значи, каква беше таа војна? Ете, како ја дефинира војната, американскиот претседател и генерал Двајт Ајзенхауер (1890 - 1969): “Војна е период во кој меѓесебно се убиваат, луѓе што не се познаваат, на заповед на оние што многу добро се познаваат, но не се убиваат.”

А, раководствата на македонските организации НОФ и АФЖ им остана низ целиот период на Граѓанскат војна; да ГЛУМАТ ИНТЕРНАЦИОНАЛИЗАМ, се до последните дни на војната, кога од комунистите Грци - интернационалисти беа осудени и пратени во Сибирските заатвори.

Факт е дека опцијата на НОФ и АФЖ за стратегија фокусирана на безбедноста на македонскиот народ беше испуштена од нивните раце и аргументите покажуваат дека македонските организации НОФ и АФЖ формирани во Скопје од КПЈ/КПМ и потикнувани во Граѓанската војна 1945-1949 година во Грција со идеологијата на

лажна свест, на македонскиот народ му донесе - Национална трагедија.

Факт е, дека сето ова што се случуваше со нас Македонците ни најмалку не беше случајно. Во основа на се, беше ЗАГОВОР, кој беше објавен на 21.05.1946 година во весникот "Етникос кирикас" во кој пишува: "Од Грција треба што поскоро да се протераат 80.000 Славомакедони." Истото се вели и во неделникот - републички весник "Елефтерос типос" од 28.01.1946 година во статијата: "Нека си одат Славомакедонците од нашата Македонија - нека си одат каде што сакаат."

Факт е, дека за времето на Титова Југославија, секаква појава на духот за самостојна и независна држава Македонија, жестоко се прогонуваше со единствена цел: во рамките на Југославија да се создаде некаква имагинарна измислена наднационална "Југословенска нација", за која цел свој живот пледираше и се бореше Тито, залудно трудејќи се да создаде од илузија - кохезија на стаклени нозе на кои почиваше СФРЈ.

ТУКУ СЕ РЕАЛИЗИРА СЛЕДНОТО:
ВИСОКАТА ЦЕНА НА МАСОВНАТА ПОЛИТИКА ПРИМЕНЕТА НАД МАКЕДОНЦИТЕ ВО ГРАЃАНСКАТА ВОЈНА ВО ГРЦИЈА (1945-1949) БЕШЕ ПРОБЕН МОДЕЛ ЗА ОРГАНИЗИРАЊЕ НА МИГРАЦИОНИТЕ ДВИЖЕЊА И ТОА ИМ УСПЕА НА ПРОЕКТАНТИТЕ.

До ден - денес историјата наша, не даде одговор: : ШТО НИ СЕ СЛУЧУВАШЕ? ЗОШТО И ОД КОИ ПРИЧИНИ СЕ РАЗВИВАШЕ СТРАТЕГИЈАТА ЗА "МАСОВНАТА ОДМАЗДА"? ЗА ТАКВИОТ ПОВИК МАКЕДОСКИОТ НАРОД ИДЕОЛОШКИ СЕ ТЕРАШЕ ДА ОФОРМИ ПОЛИТИЧКО СЕМЕЈСТВО. СЕ БАРАШЕ ВИСОК АНГАЖМАН НА МАКЕДОНСКАТА ЖЕНА. ЖЕНИТЕ НАСИЛНО МОБИЛИЗИРАНИ, СЕ НАЈДОА ВО ПРВИТЕ БОРБЕНИ РЕДОВИ, СЕ ОБЕЗДЕТИ МАКЕДОНСКАТА КУЌА... ЗОШТО ТОА НЕ ГО ПРАВЕА ГРЦИТЕ!?

Факт е дека со тоа беа турнати Македонците во војна уште пред да почне Граѓанската војна. Се покажа дека токму во времето на Студената војна и кога беше кренатa "железната завеса" по меѓу Грција и Југославија, Македонците под раководство на КПЈ/КПМ тргнаа во бесмисленият поход. Но, не мина долго време се осознавме дека сонот што ни го создадоа КПЈ/КПМ преку НОФ и АФЖ бил и останал: измама, вообразување, самоизмама, мечти, фантазија, празна

надеж и неизводлива замисла за некаква обединета Македонија и дека низ таа војна распаднавме во крв, раселувања и вечни талкачи - рамно на геноцид.

Ете така, ние Македонците од Егејска Македонија станавме СОУЧЕСНИЦИ И ЖРТВИ. Или најблаго речено: СОУЧЕСНИЦИ ВО СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ТАКВАТА ПОЛИТИКА ШТО ЈА ПРЕДВИДУВАШЕ ЗАГОВОРОТ - ГОЛЕМИТЕ ПРЕСЕЛБИ НА МАКЕДОНЦИТЕ БЕЗ ПРАВО НА ВРАЌАЊЕ ДОМА. ИЗГУБЕНИОТ ДУХ ГО БАРАА ВО ПРИФАТЛИШТАТА НИЗ ЕВРОПСКИТЕ ДРЖАВИ.

Историјата памти и збор и молк. Во историјата е - и вистината. А едноставно врз вистината е можно да се гради нешто вистинско и трајно. Но за жал, се до ден - денес дури и по 60 години имаме многу не разјаснети работи во македонската историја.

Повеќе од половина век, правејќи се наивни и слепи и за секоја нова ситуација им го вртевме другиот образ, неоти што не чувствувавме болка, туку без своја вина, при недостаток на информации, останавме заложници на сопствената немоќ, реално да го согледаме она што се случи со нас и како ја изгубивме родната грутка за навек. Нема дилемма од таквата прикриена историја, дека сите ние во оие 60 години станавме соучесници во губењето на вистинската историја за нашите поколенија.

Тоа беше врема на чиста политичка пропаганда и перење мозок. Во изминатиот полавековен период од нас се бараше активно да молчиме, а тоа ни се наложуваше “активно” да учествуваме во етногеноцидот на сопственото население во родниот крај - Егејска Македонија. Овде не мислам само на Македонците од тој дел, туку и на нејзините подржувачи на чело со Тито и неговата политика со која се сакаше: “македонското прашање да биде закопано!” Дефинитивно, со оваа книга Кирјазовски се демистифицира и си го призна поданичкиот чин, и осакатените конструкции потпрени врз југословенската идеолошка моќ, ни донесоа огромна штета во националната свест. Во овие 60 години, се беше свртено наопаку. Политиката ги имаше сменето фактите и аргументите и факт е дека многу млади генерации од таквата “ Историја за егејците” се создадоа духовни инвалиди, заболени од неизлечивиот синдром на југословенството, останаа со таквиот комплекс, кои се уште е присутен кај некои млади историчари кои своите одбрани ги темелеа на тезата дека Граѓанската војна во Грција за Македонците била револуција.

Сето тоа што досега беше напишано и пласирано од историчарот Кирјазовски и оформено како мозаик во идеологијата на лажна свест, пропагирана како националната свест. Со децении Македонецот се обидуваше да го прима, без можност да го одбива во овие 60 години, и остануваше збунет и речиси секое мислење кое имаше историска вредност, беше јавно и со силата на моќта омалоуважувано и дисквалификувано.

Првите импликации се очигледени: Нихилизам, маргинализираност, отугеност. Македонците од егејска Македонија третирани се како да се бореле, за туѓи политички цели - за македонска историска бесмисленост и со нивна крв се испишуваа големи истории. Но, сите тие луѓе останаа, надвор од интегралната македонска историја и нивниот македонски национален идентитет незаштитен, а тоа допринесе низ емиграцијата по светот, да се губи со секоја измината година.
Според изнесените факти во книгата, и според овој материјал тоа се должеше исклучително на ОТСУСТВОТО НА МАКЕДОНСКИОТ ФАКТОР.

Но, зачудува фактот, зошто Институтот за национална историја нема релевантна оценка за оваа книга и за целокупната дејност на овој автор?

Кај секој добронамерен паталец и учесник во ДАГ, одамна се прашуваше: дали тоа беше револуција или измама за (Само) жртвувањето на Македонците под Грција во Граѓанската војна?

Разбран човек, го нарекува нашиот народ, оној што добро размислува и што ги следи моралните правила.

Но, имаше и такви (потикнати од Кирјазовски да ја пропагираат идеологијата на лажна свест), кои се уште ја имаа дрскоста и смелоста со еден целосен анахронизам се до оваа книга тврдоглаво и понатаму со невидена настојчивост да и пркосат на самата историска реалност која не сакаа да ја видат и да ја признаат. Тоа значи отфлање на етиката и прифаќање на насилството, злобата, непријателството.

Историчарот Кирјазовски, на македонската јавност најмногу е познат по книгата:
“Народноослободителниот фронт (НОФ) и другите организации на Македонците од Егејска Македонија (1945-1949).

Тој за ова своја книга вели:
“Главната поента ја насочив кон организацијата НОФ како главен раководител на македонското национално ослободително движење, настојував, во трудов документирано и автентично да ги изнесам многу сложените настани и да дадам аргументирани оценки.”

Во истата книга (стр.338) се цитира од “Нова Македонка”, од 1 април 1948 година:
“НОФ и АФЖ имаат историска важност на денешниот ден и наложува на македонскиот народ, да стапи масовно во редовите на ДАГ, зашто само оружената борба и гарантира слобода и живот!”

Но, тука се поставува и прашањето: Кога се знае дека НОФ и АФЖ во тој период немаа ниту политичка, ниту воена власт и не пратставуваа никаков Фактор за кого го повикуваа македонскиот народ!?

Но, Тој е познат и по своите одбрани на своите книги, бранејќи ги до крај од сите оние автори кои мислеле поинаку, ги дисквалификуваше и оцрнуваше и ги правеше за неподобни и непријатели на Југославија. Им отвараше “ДОСИЕ”, тврдејќи дека:
МАКЕДОНСКАТА ИСТОРИЈА Е НА ВИСИНАТА НА СВОЈАТА ЗАДАЧА (Извадок: од некои нови напади врз македонската историска нука): Списание “ДЕНЕС” 14, јануари 1999 година).

Во “Нова Македонија” од 22 октомври 1985 година во 12 часот во Институтот за национална историја во Скопје, беше промовиран трудот на Д-р Ристо Кирјазовски: “Народноослободителниот фронт (НОФ) и другите организации на Македонците од Егејска Македонија (1945-1949)”. Статијата е озаглавена со наслов:

“На традициите од претходните Национално-револуционерни борби.”
Во статијата ги искажува своите “sвездени” мигови на лажната идеологија и вели: “Без организираната борба на Македонците од Егејска Македонија преку НОФ не би можело да се објасни постоењето на посебни организми за македонската проблематика...”
Тој, во својот труд, зборува за целокупната дејност на НОФ, но во овој компаративен преглед да се задржиме само на НОФ-развојот и политичките цели. Д-р Ристо Кирјазовски зборува за два периоди на развојот и тоа:
Првиот период (23.4.1945- 21.11.1946) кога дејствуваше, организацијата на НОВ самостојна и независна (тука не станува збор дека била раководена од КПЈ/КПМ) од КПГ.

Вториот период (21.11.1946 до 2.4.1952) кога дејствуваше под раководство на КПГ и формално кога беше расформирана од КПГ. Тој за првиот период вели: “Според непотполни податоци, во почетокот на 1946 година Организацијата НОФ, покрај главното, имаше 5 окружни, 10 околиски, 3 градски и 32 реонски раководства со 120 професионални кадри на НОФ, НОМС и АФЖ. На територијата на Егејска Македонија беа организирани 220 села (половина од овие се уништени во времето на Граѓанската војна -м.з.) функционираа над 170 селски и градски организации, во кои членуваа 4.784 Македонци и Власи во НОФ, 4.823 младинци и младинки во НОМС и 2.201 Македонки и Влаинки во АФЖ” Види стр.129.

Во тој период за оружените состави вели: “Во подрачјето на Вичо, во август дејствуваа над 100 борци; Во Централна и западна Егејска Македонија, дејствуваа околу 500 македонски партизани на НОФ. Тие беа распоредени: Кајмакчалан 200, на Пајко 80 на Вичо 130 и на Грамос 80. Македонските партизани беа организирани во групи и од 10-15 и во одреди од по 40-50 борци. Поголема воена формација беше формирана само во Воденско - до батаљон. (Види: стр.143.)

Врз основа на законот за вонредни мерки од 6 јули 1947 година беа обвинети 200 илјади демократски граѓани,од кои 80.000 беа Македонци.

Досие Македонска политичка емиграција - Македонска работа или наследно братојадство

Сето ова ме потсетува на оние извртени замки дека ако сте против КПГ, вие сте за автономисти и ги штитите комитетаџиите (1944). Или сте против НОФ АФЖ, формирана во скопје (1945), вие сте против обединувањето на Македонија, вие сте гркомани и не му верувате на Тито. Или ако сте против “Илинден” формирана во емиграција (1950), вие сте титов агент. Накрај кога се вративме во Р. Македонија од СССР и источните земји, раководителите на НОФ и АФЖ,беа пречекани со музика, станови и државна работа (но не сите од нив, некој како П. Раковски не доби ни место за гроб). Но, од сите овие настани, најнезаборавен е пречекот на обичните војници на ДАГ преку “Идризово” (20), односно низ ситото на УДБА. И нај трагикомичната средба беше со сите тие борци на НОФ и ДАГ кои масовно пребегнува во Југославија по 1948 година напуштајќиги борбените единици по повикот од УДБА и КОС. Сега беа сите инсталирани во овие државни органи за надгледување на повратниците од Источните земји, а историчарот Кирјазовски, многу

лесно наоѓаше предавници. Тој се научи брзо да ги лепи ваквите етикети.

По моето враќање (1957) во татковината Р.Македонија, настана првиот судир на судбините, по средбата на злодејци и жртви, во прифатилиштето "Чаир", Скопје.
Како Македоните од егејска Македонија да останат Македонци по враќањето од источните земиј во татковината Република Македонија, кога службениците и институциите во графата националност им пишуваат "Егејци"?!

Утредента пред социалното, застанав во исти ред со многту мои соборци, пред еден шалтер на кој пишуваше: "Шалтер за Егејците".

Сега мие тешко дури и невозможно да кажам кога точно, прв пат во животот, го слушнав зборот "Егејци", со големо "Е". Откаде и зошто не третираат како нова категорија на граѓани (кои со векови се именувале како Македонци) именувани "Егејци"?! Па тоа беше апсолутно несоответно, бидејќи со тоа некој сакаше да изгубиме дел од својот идентитет. Сето тоа беше манипулација, како и е денес со "Македонците со исламска вероисповед исповед": Торбеши, помаци..., само со една цел, да се руши македонското јадро.

Го прочитав по втор пат и во себеси: "Гледаш ли колку зла судбина има околу нас... Околу овој шалтер?"

Потоа добив и решание - Потврда за приемот на пријавата за престој Кочов Атанас Стојан, Национал: Егеец - репатриран од СССР број 152/29. од 17-10-1957 год.

Потоа во 1962 година добив решение бр. 6368 од 16.5.1962 година за едносо бен стан. Отсек за станбени работи - началник: Ристо јанкуловски.

Во општо не се сеќавам во домот на моите родители или во Граѓанската војна (1945-1949), но ниту во СССР, да сум го чул тој збор макар и еднаш.

Ме лутеше и огорчуваше, ме осамуваше тој збор. Ме правеше да чувствувам, без вина. Ме оттуѓуваше, ме истуркуваше надвор од матичната историја. Не само мене, туку секој Македонец нерекуван Егеец се прашуваше: КОИ СМЕ ТОА "НИЕ"? Страшно, нели?

Но, се уште не можам да објаснам, што е тоа, што ме натера да ја рекоструирам целата вистина за драмата наша македонска и да докажувам дека сите сме "Егејци" и нема кој не почувствувал радост, страв, болка, љубов, гнев, повреденост, напуштеност? Внатре во нас, сите сме исти. Но, ние во прифатилиштето, се уште се потпираме на сликата што ние инсталирана во главата: како чекориме кон совршеното комунистичко општество.

Покасно разбрав, дека оваа пропаганда, дека егејците се зло за Македонија всушност била добро разработувана агенда од 1948 година наваму од страна на удбашите на КПЈ, и како што вели Александар Русјаков во својата статија "Крајот на светот: Света војна" "Нова Македонија" од 18.9.2010 година, "...удбашите на КПЈ, кои и ден - денес владеат со редовите на двете најголеми македонски и албански партии"

Немав намера да молчам. Меѓу првите го изложив мојот став; во разни статии, но и во книгата "(Само) жртвувањето на Македонците под Грција". Особено затоа што бев меѓу оние првите што реагираа и јавно протестираа и тоа ми донесе лична штета, бев лишен од привелегиите на борците, но јас тоа го сфатив дека само злобник би можел да ме обвини за антимакедонец, односно бранење на нечија погрешна поданичка политика. Но, жарот со кој се пласираа критичките наводи на историчарот Кирјазовски, го следев како чиста поданичка политичка битка, не го игнорирав, туку го следев како ја проектира и рангира "вистината за Македонците во секторската историја за егејците" и за правата на оние мои соборци - несреќници кои станавме само паричка за поткусурување во битката за власт на оние што дезертираа од единиците на ДАГ.

Познато е дека кодошењето е една од конститутивните црти на секое тоталитарно општество. Наклеветениот губи работа, углед и чест. Тоа беше типично и за нас македонците борци од ДАГ, кои по Граѓанската војна: едни останавме до крај на војната, а други дезертираа во Југославија и сето тоа доаѓаше единствено како последица на несреќата на другиот.

Идеолошко кокетирање на одредени борци - НОФити, кои дезертира од ДАГ (од пеколот на црвеното губилиште, да спасат глава).

За жал, многу од овие луѓе имаа една многу нереална желба - сакаа да ја прикажуваат историјата без никаква наша вина, а исходот на војната покажа обратното: да пишуваме и да зборуваме за македонска стратегија, и дека е одредена од нас Македонците под Грција е

надвор од контролата на разумот. Но, едно е непобитно: минатото никогаш целосно не умира!

По репатрирањето од источноевропските земиј во Р. Македонијана, многу од нас борците беа окарактеризирани како неподржувачи на Титовата линија и долго беа под истрага, токму од оние кои дезертираа од ДАГ. Долги години, се клеветеа (нечујно) едни со други и низ тугите идеолошки поданства, поделеноста, траеше се до осамостојувањето на Р. Македонија.

Ние Македонците, таквите манипулации, одамна требаше да го сфатиме нашето поданство како злосторство, а не покорно да живееме низ годините на кобата и гневнот со молчење...

*

Според изнесените факти во оваа последна книга, историчарот Кирјазовски; ги наведува и опишува фактите со кои полемизираа критикуваните автори кои беа во потрага по зрнцето вистина (од кој сум и јас за моите книги: (Само) жртвувањето на Македонците под Грција, 1994 година, Идеолошкиот активизам над Македонците под Грција, 2000 г. и. други.) уште пред повеќе од 20-30 години. И токму една од причините што ме натера книгата “Петте судбоносни години (1945-1949)” од историчарот Кирјазовски, критички да ја проследам со непобитните факти, кои и тој денес ги признава.

Читам, така и се чудам и крстам (иаку сум атеист!).

Дане заборавил на не доличното стигматизирање и клевети, но јас решив да одговорам не со “Досие”, туку со:

На книга се одговара со книга не со отварање ДОСИЕ

Значи, тоа беше време кога историчарот на секого можеше да му рече: “Затни ја муцката и јади го лебот што ти го даваме!” Тој во знак на одбрана отвори производствена линија што штанцуваше “одјеци и реаговоња.”

Највпечатливи примери за тоа како биле уништувани судбините на истакнати македонски борци поради политички мотиви, во далечната 1976 имав прочитано една рецензија, се разбира пак во приватна режија на Д-р Кирјазовски, со исти стил, со иста намера и храброст, и со својствениот политички активизам. Тогаш тој за предметот Ск.4-686 инв.бр.1419/76, архив на ИНИ, напиша: “Трудот на Павле

Раковски е промашена работа и не може да биде од полза. Поради тоа што текстот содржи и провокативни тврдења против југословенското раководство, предлагам трудот да не се дава на користење на поширокатa читачка публика “(15.11.1976 година).” Чудна работа!

Многу тешки историски работи паднаа и се скршија врз Павле Раковски, врз неговата лична судбина...

Овој автор и врвен интелектуалец (Павле Раковски), од таквите пресуди, по враќањето од сибирските логори во Н.Р.Македонија, како да немаше право на парче македонска земја, можеби и затоа не доби ни сопствен гроб. А целиот живот го посвети на македонското дело. Тој беше еден од членовите на потесното раководство на НОФ. Ја напиша првата македонска азбука од 24 букви, а со таа азбука се напишани: Прогласот од македонскиот народ во Воденско, повеќе песни, маршот на Воденскиот батаљон и др. Тој беше анатемисан; а беше рехабилитиран по 30 години, пред неговата смрт.

Павле Раковски (и многу други) доживеа: Најстрашен внатрешен затвор. Каков бил тој внатрешен затвор? Внатрешниот затвор на оној што бил (од власта) терминирано застрашен од евентуалната помисла да погреши, да биде валкан, лажовен, затскриен, невоспитан, некултурен. Тоа е состојба (доживеана) на душата, состојба на умот и чувствата.

Кога човек не гледа смисла во животот почнува да ја бара во смртта, во ништовноста. Што значи, внатрешниот затвор е многу повеќе од темната келија.
Еве, како тоа го правевме покрај туѓинците и самите ние.

*

Сега за мојата книга “(Само)жртвувањето на Македонците под Грција” 1994година, обидот да се размислува поинаку Д-р Кирјазовски не го сфати дека тоа е придонес за афирмација на слободата на интелектуалната мисла, туку се послужи со методот на тоталитарната идеологија, која од секогаш се поставуваше како господар на вистината, напиша материјал (Со умисла - обид за сатанизација) од 41 страница и не го објави, туку го подели на “Чуварите” на историјата за Егејска Македонија. Инструирани, препишуваа цели пасуси и се јавуваа на страницата писма во “Нова Македонија” тие беа луѓето, кои традиционално беа ангажирани од Кирјазовски како онаа музичка кутија што се навива и свири една иста песна. Некој, си ја сватија вината. Некои, не! Да се разбереме

(тоа го покажа времето), писмени не се луѓето што знаат да читаат и да пишуваат. Тие само не се аналфабети. За вистинска писменост треба многу, многу повеќе труд и напор!

Материјалот напишан од Кирјазовски е депониран на 8.04.1994 година во фонд "Мемоари" бр. Ск. 1118 во одделението за документација на ИНИ.

Во рубриката ФОРУМ, "Македонско Сонце" од 14.12.2001, самиот Киријазовски, за мојата книга "Идеолошкиот активизам над Македонците под Грција" (2000 г.), пишува:

"Според С. Кочов македонската историографија е сервилна, односно потчинета на линијата на Белград, дневно политичка и необјективна... Основното што го поставува Кочов, и се обидува да даде одговор е прашањето кој е виновен за Граѓанската војна и тешките последици за Македонците.

... Господинот С. Кочов тврди дека Граѓанската војна не беше ниту револуција ниту продолжение на славниот Илинден, дека организацијата НОФ на македонците од Егејска Македонија им робуваше на КПГ ин а КПЈ, односно им служеше на туѓите антимакедонски интереси, на КПГ ин а КПЈ.

... Доколку организацијата НОФ ја одигра улогата што и ја препишува господинот Кочов, тогаш раководството на НОФ е директен соучесник и одговорен за трагичните последици за Македонците, поради што не може да биде амнестиран и да му се пепат славопојки.

... Кочов ја обвинува македонската историографија за не интегрално изучувањето на историјата на македонскиот народ и дека тоа е пример само наш (македонски феномен), што не е сосема точно."

Ете, зашто ме обвинуваше историчарот Кирјазовски, а сега сето тоа го признава и го опишува во оваа негова последна книга, но јас и сега од тој голем спектар на прашања, едно од доминатните прашања е: дали имаме интегрална македонска историја?

Зошто го поставувам овоа прашање? Затоа што сакале или не, и ние Македонците од Егејска Македонија имаме само една татковина и нема да откријам тајна ако кажам дека во Македонија немало национален интерес да се напише вистината за се што се случило со Македонците под Грција во Граѓанскат војна, посебно во годините

1946-1949 година, кога македонските организации се раководеа од КПЈ/КПМ.

Како и зошто Кирјазовски си го земаше тоа право сите ние по војната што не дезертиравме од ДАГ и се враќавме во Југославија, односно во Н. Р. Македонија од нас да направи исполитизирани и тоа со политичка култура на многу ниско ниво (дури и неверни на режимот), да не лиши од сите привелегии кои ги имаат некои соборци...

Јас, по војната, со една голема воена формација заминав во СССР. Во СССР се школував и поминав еден навистина скромен но убав период од мојот живот кој ми помогна да сфатам и да научам да ги ценам луѓето и работите околу мене многу повеќе отколку што умеев порано. Имав можност изворно да ги согледам сите зла што беа направени на македонскиот човек и на македонското семејство и со сите тие судбински проблеми ние Македонците живеевме, но повраќањето на сите нас низ Идризово ни беше несфатливо?! ...Сега, верувам дека на секому е јасно: Сталин и Тито се караа, а ние Македонците страдавме и во одредеени ситуација се зајадувавме како братојадци...

И како што вели рускиот писател - Фјодор Достоевски: “Оној што самиот себеси се лаже најлесно се навредува.”

Секој интелигентен човек, може да претпостави, од кои мотиви Кирјазовски тоа го правел: Дека тој како титуларен режимски историчар, посака книгата “(Само)жртвувањето” да ја одмине со академско потценување, зашто ќе му биде под достоинството да се занимава со писанијата на еден лаик, туку,подобро е да организира група “учени” мажи, кои полавек по нашиот национален пораз изигруваат марксисти и “револуционери” (ама ги знаев дека сите тие заедно со Кирјазовски беа дезертери од ДАГ) за одбрана на неговите досегашни напишани “Историски вредности:за историјата на Македонците под Грција.”

Крај му нема на таквите луѓе, но тоа ме потсетува на грЧкиот филозов Сократ (469 п. н. е. 399 п. н. е), кога прашале: Кое животно најлуто каса, тој одговорил:

“- Од дивите - клеветникот. Од припитомените - подлизуркото.”

Повод за класна кавга, или бесполезно идеолошко дејствување како чувари на отворена масовна гробница во која го фрлаа секој

самосвесен Македонец. Се беше сведено на опасна делба во македонското национално ткиво.

Факт е дека тугите идеологии кон нас Македонците создадоа паралени светови и паралелни историски настани.

Ние учесниците на ДАГ кои имавме историско сеќавање на долга низа национални порази го знаевме тоа. Но за џабе по поразот на ДАГ се идентификувавме заедно со НОФ- тите и АФж- тите како излажани "Македончиња" што не ги бива за ништо и кои и небаре се помиривме кога не викаа "Егејци" и толку се навикнавме на губитничкиот "Идентитет" што дури сега, кога целата македонска нација е занишана за името и идентитетот, можеме да се увериме дека од пред полавек некои чепкале по нашето најсвето, а тоа ни покажува дека некои од многу давно посакувале да не обезмакедончат.

Блазе си на тогашните политички активисти, значи, ете се покажува дека од тогаш систематски работеле на уништување на нашата национална гордост.

Во една од групите најзабавни беа изјавите на оние кои се не само некомпетентни, туку и тотално неинформирани (луѓе со вграден поданички чип, споменувајќи пријатели и сојузници - Грци и Југословени, при што забораваа дека тие си имаа сопствени национални и геополитички интереси, токму на Балканот.). А еден поголем број беа од гогољевиот список на "мртви души" и тоа ме потсети на што напишал Бјелински, по читањето на "Мртви души" од Гогољ:" Господе, зар толку е јадна, бедна и жална нашата - вистина"?! Се разбира, сите тие написи беа пласирани преку идејата на познатиот модел на нашето минато, со одредена предумисла, со стеснет интелектуален хоризонт и сведено на:

Што всушност бранеа тие? Тие велеа:

"Убаво ни е пишана историјата историјата за егејците"...
По ова идеолошко лаење, се чувствував целосно деградиран, разнебитен и полн со бес, зашто во својата татковина неможам да најдам одговор; зошто јас и илјадници Македонци сме се жртвувале, односно: дали таа војна беше револуција или измама - турнати од КПЈ/КПМ во војна низ која спрема ЗАГОВОРОТ, требаше ние Македонците од Ег. Македонија да доживееме ГЕНОЦИД.

Но, бев убеден дека историјата, како општествена наука, ќе мора да биде во функција на општеството и да ја ослободи мислата. И кога

тогаш ќе ја дознаеме таа сурова реалност. Отсекогаш постоел стравот од историјата... Но, кога говорат веродостојните факти, тогаш, само тоа може да биде историска вистина и само така ќе се ослободиме од превезот на мракот, и ќе ја видиме вистината дека сите тие историски настани ниго трасираа патот кон иднината - со крупни чекори назад.

Но, се поставува прашањето: Дали ние Македонците едноставно не сме способни за самокритика?

Ова не е прв ужасен заборав што ја зафати Македонија (што го зафати Македонецот). Нема веќе илузии и лаги. Нам ние потребна радикална промена на поданичкиот македонски манталитет. Секој што мисли дека може да не заведува и лаже - поарно кажано тој има проблем со самиот себе, а тоа го покажа и Кирјазовски со оваа книга, која ја издаде надвор од националната институција ИНИ.

Таквата историографија за нас Македонците од егејска Македонија се покажа дека во овие 60 години беше најподложна на политизации и мајоризација од политичка позиција. А кога се манипулира со неа настанува искривоколчување е со несогледливи последици.

Во истаржувањата, конечно се откриени сите умислените прикриени факти и од други македонски автори, кои ја имаат напишано секторската историја за егејците. Шест децении прикриени се корените на злото и мрачните тајни на актерите (проектирантите) кои ја поставија смртоносната стапица низ идеолошкиот активизам, кој доведе до големата измама на векот - геноцид и најголемите преселби на Македонците од Грција.

Оние кои него чувствуваат извршениот геноцид над Македонците под Грција во 1945-1949 година, како македонска трагедија, тие никогаш не ќе можат да ја сфатат фашизо - геноцидната политика на Грција што ја има спрема македонскиот народ.
Па затоа, илузорно е да се бега од судбината, макар колку и да е трагична или несреќна за нас Македонците.

Историјата памти и збор и молк. Во историјата е - и вистината. А едноставно врз вистината е можно да се гради нешто вистинско и трајно.

Ако е така, тогаш самите сме виновни за своите постапки. Мина времето кога по потреба, секогаш некој друг можеше да биде виновен за она, за што самите сме винивни. Ние Македонците, треба да си признаеме, дека сме биле долго под надгледување од страна Грците и

тие одамна рекоа за нас:"Остави го непријателот да спие". Истражувањата покажуваат дека на проектантите на ЗАГОВОТОРОТ им беше познато дека кај на Македонците страстите лесно зовриваат. Тоа се потврди дека ние во крвта и секој од нас (посебно тие што бевме сведоци во таа војна) досега барем еднаш се соочил во животот дека историјата што ја создававме беше трагична.

КАКВИ СЕ НАШИТЕ ВИСТИНИ?

Истражувањето покажува дека ние Македонците и по сите преживеани премрежија низ текот на Граѓанската војна, како народ не се ослободивме од очекувањата што зависеа од другите (тугинците - комунистички партии (КПЈ и КПГ) кои спрема нас беа со крајно сомнителни политички вредности, и не се вративме кон себеси, оти токму тука лежеше и едноставната сила на самопочитувањето, туку продолживме да се (Само) жртвуваме и да гинеме со ЛАЖНА НАДЕШ ВО ИЛУЗИИ. Така и сме (ни) ја пишувале историјата.

Значи, зошто на Македонците им се случи тоа што се случи? Прифаќајќи ја замката да ни ја стават јамката, настаните ни покажаа дека активистичката пропаганда за масовно учество на Македонците потикнувано од КПЈ/КПМ, преку НОФ и АФЖ, сами си ја уништивме (си ја подјадовме) иднината во предедовата земја и останавме (не оставија) пола веќе со ПРАЗЕН ПОГЛЕД.

Така се пишуваше "историската вистина", која повеќе од полавек беше една и единствена. Поимот на напишаната вистина беше Бог, неподложен на промена или на дај Боже - ревизија.

По завршувањето на војната, ставот на левицата беше следниот

На Конгресот во мај 1987 година на прес конференцијата со грчките и странските новинари, во септември 1988 (скоро година дена и потоа) во Солун генералниот секретар на КПГ, Харилаос Флоракис, конкретизира, односно кажа отворено зошто на Конгресот зазеде таков став. Имено, на односното прашање од новинарот на „Месимврини", Флоракис, меѓу другот рече дека: „Во оваа пригода сакам да кажам дека за нас, за нашата Партија, "македонското малцинство не постои!" (Вечер, од 5 ноември 1988, с. 9)

Како денес си спомнувам: во педесетите години во Ташкент, ми го постави прашањето еден мој храбар соборец, внук на Илинденците и син на Костурските комити кои беа безмилосно ликвидирани и анатемисани. Ми вели: "Вистина е Костурските комити (21) не

успеаја да направат рај во нашата Ег. Македонија, но за ради тоа требаше ли НОФ и АФЖ да направат пекол?”

Многу тајни за геноцидот над Македонците под Грција се кријат и во потезите на КПЈ/КПМ и токму таму остануваат нерасчистени вистинските мотиви за тајното организерање на македонските организации НОФ и АФЖ, во Скопје на 23 април 1945 година, под раководството на КПЈ (Тито, Колишевски и Митревски) и токму тогаш ни беше ставена ЈАМКАТА.

Сите знаеме дека Македонија како Целина пропадна 1913 година. Пропаднаа и двата дела. . Меѓутоа, еден дел преживеа. Прво, како република во состав на федеративна држава, а веќе 20 години како самостојна држава. Затоа, од Грција и сите настојувања се да пропадне и овој последне дел - Република Македонија.

Токму тоа сакам да напоменам на она што денес по 60 години ни се случува со Грција за името, идентитетот и јазикот: основниот мотив на Грција да ја склучи Привремената спогодба со Македонија беше наводната безбедносна закана на Македонија за Грција. Македонија ги прифати тие приЧини како релевантни и правни интервенции во уставот за македонското малцинство во Грција, го измени знамето, се согласи со ново привременот име, а за возврат побара Грција да не ја попрежува во зачленувањето во меѓународни организации. Веќе овие отстапки, како што беше кажано, се правно ништовни, а и политички неправилни.

Би можел тука да прекинам и да оставам секој од читателите што ќе ја чита книгата да побара сопствено објаснување за тоа што ни се случуваше. Но, ќе изнесам повеќе докази: факти и аргументи кои ќе го расветлат тоа наше проклето поданство што не доведе за навек да ја изгубиме родната прадедова земја и да останеме цел живот со поглед во празно и повеќе од полавек Читајќи ја напишаната македонската антиисторија, но и остана: борбата за враќање на oсеменият идентитет.

ТАКА ЗАВРШИ ГРАЃАНСКАТА ВОЈНА ВО ГРЦИЈА И МАКЕДОНЦИТЕ НАД КОИ Е ИЗВРШЕН МАСОВЕН ГЕНОЦИДЕН ЗАФАТ СО НАСИЛНИ ПРОГОНИ НАД МИРНОТО НАСЕЛЕНИЕ ЗАПАМТЕНИ ВО ИСТОРИЈАТА - ГОЛЕМИТЕ ПРЕСЛБИ (1945-1949)

Заклучок: Наместо крик, молк за геноцидот.

НЕПОБИТЕН ФАКТ Е : Откако Грција подпадна под сферата на влијание на западните сили: Англија и Америка и НАТО, превземената акција за формирање македонски организации НОФ и АФЖ во Скопје на 23 април 1945 година од страна на КПМ/КПЈ и решија да го стават македонскиот селанец (голорак) да се крене на лажна револуција и да биде бришан пред модерната наоружена грчка армија, тоа не е трагедија, тоа е повеќе од глупост и најгруба измама, бидејќи на почетокот му се пропагираше дека: "Југославија стана центер на револуција на Балканот и дека македонското прашање стана југословенско прашање."
Токму тогаш беше донесена дефинитивната смртна пресуда за нас Македонците; формулирана како "Конечно решение на македонското прашање. "
Со други зборови; им се оствари подмолниот план на сите проектанти: Протерувањето и убивањето на цел еден македонски народ до последниот негов припадник! А тие што остнаа живи, никогаш да немаат право да се вратат на своето вековно живеалиште и да се држат под закана и идеолошка надгледност:
Или си наш сојузник или си противник,
Или си за инфорбирото или си против него и сќ до денешно време:
или си за ЕУ или си против Грција,
или си за уставното име или си за официјален јазик (а ние Македонците во Грција јас паметам дека по дома имавме само македонски јазик)
Тоа треба отворено да им се кажи на генерациите! !

3.0 ОСНОВНИТЕ КАРАКТЕРИСТИКИ НА ГРАЃАНСКАТА ВОЈНА ВО ГРЦИЈА (1946-1949)

КОИ БЕА ИДЕОЛОШКИТЕ ВОДАЧИ НА ГРАЃАНСКАТА ВОЈНА 1945-1949 ГОДИНА И ДАЛИ НИЕ МАКЕДОНЦИТЕ УЧЕСТВУВАВМЕ ВО КРЕИРАЊЕТО НА ПОЛИТИКАТА НА КОМУНИСТИЧКАТА ПАРТИЈА НА ГРЦИЈА?

ПРВО: Кои го сочинуваа политичкиот столб. Во програмата на КПГ стои: "Позициите што ги има дефинирано КПГ (Комунистичката Партија на Грција), се базираат на принцепите на марксизмот, ленинизмот и пролетерскиот интернационализам.Тоа беше нивниот" компас" и на основа тие принципи, се вели во програмата, така и му пристапуваа на одредени прашања. Но, тоа не значи дека позициите на Комунистичката партија за одредено прашање не ќе се променат, односно, без партијата да ја земе предвид реалната ситуација... "

На 7-от (Седмиот) Конгрес на КПГ што се одржа на 1 октомври 1945 година, земаа учество 223 делегати од кои множинството припаѓаа на работничките партии и на земјоделската селска партија.

Во раководството на партијата, во централниот комитет и во Политбирото завладееа кадри на "генерацијата 30 годишници". Такви беа кадрите, а Захаријадис- генералниот секретар на комунистичката партија, беше на чериесет и две години.
Составот на централниот комитет се состоеше од следните лица:
Постојани членови (30)

Анастасијадис Стергиос, Арамбазис Никос, Васиадис Аристос, Вутусјанос Мичос, Вафијадис маркос, Вландас Димитрис, Грозос Апостолос, Еритријадис Гиоргис, Загурџис Никос, Захаратос Милтијадис, Захаријадис Никос, Зевгос Гианис, Зографос Зисис, Иоанидис Гианис, Кацаврас Василис, Маркезинис Василис, Мавроматис Панагиотис, Музенидис Адам, Барџиотас Василис, Бланас Ахилеас, Парцалидис Мичос, Плумбидис Никос, Порфирогенис Милтијадис, Русос Петрос, Сјантос Гиоргис, Сукарас Сотирис, Стрингос Леонидас, Титилос Гиоргис, Хаџивасилиу Хруса, Хаџис Танасис.

Кандидати за постојани членови (15)

Вазванас Вангелис, Ветас Викос, Вонтисиос Гиоргис, Гифтодимос Костас, Димитриу Гиоргис, Теос Костас, Капета Алегра, Кату Роди, Колигианис Костас, Лулес Костас, Макридис Теодорос,

Махараопулос Христос, Парцалиди Аврa, Румелиотис Никос, Тсијанис Михалис.

Составот на централната контролна комисија (5)

Данијалидис Полидорос, Карагкицис Пантелис, Папаригас Мичос, Синакос Михалис, Фармакис Костас.

Еден ден по завршувањето на работата на 7-от конгрес на 7 ноеври 1945 година си свика првиот пленум и на него се избра Политичкото Биро на Централниот Комитет на Комунистичката Партија на Грција и се изабраа:

1. Постојани членови (7)

Сиантос Гиоргис, Захаријадис Никос, Иоанидис Гианис, Хаџивасилиу Хриса, парцалидис Мичос, Барџиотас Василис, Петридис Тасос (Анастасијадис Стергиос)

2. Кандидати за постојани членови (3)

Стрингос Леонидас, Зевгос Гианис, Русос Петрос.
КПГ во десетилетниот период на 1940 година претставуваше од поглед на возраста еден млад организам од доста млади луѓе.
Групите на возраста на 7-от конгрес беа како што следи:

20-30 години 73 преставници
31-40 години 100 преставници
41-50 години 46 преставници
Забелешка: Значи, ние Македонците не бевме политики а ниту воен фактор.

Види: “Ι ΣΤΟΡΙΑ ΤΟΥ ΕΛΛΗΝΙΚΟΥ ΕΜΦΥΛΙΟΥ ΠΟΛΕΜΟΥ 1946 −1949” τομος 1. ΓΙΩΡΓΙΟΣ ΜΑΡΓΑΡΙ ΤΗΣ, 2001, page 136

ВТОРО: Кои го сочинуваа државниот столб.

ФОРМИРАЊЕ НА ПРИВРЕМЕНА ДЕМОКРАТСКА ВЛАДА НА ГРЦИЈА - ПДВГ

Jatrides, “Civil war 1945 - 1949: National and International Aspects”, Jatrides, Greece in the 1940s, A Nation in Crisis, University Pres of New England.

(Авт. превод): На 23 декември 1947 година официјално се формира Привремената Демократска Влада (ПДВ), на основа донесеното решение што го имаше донесено Политичкото Биро на ККЕ (КПГ) неколку недели порано Привремената Влада составена исклучиво од членови на ККЕ (КПГ). Претседател на Владата и министер на војската беше назначен Маркос Вафијадис (23). Останатите членови беа: потпретседател на владата и министер за внатрешни работи Гианис Иоанидис, министер за здравство и социјална грижа Петрос Кокалис, министер за финансии Василис Барџиотас, министер за земјоделство Димитриос Вландас, министер за национална економија и привремено снабдување Леонидас Стрингос. Никос Захаријадис не завзеде никаков чин.

За објавувањето “Слободна Грција” и за чинот на создавањето на владата на андартите (партзаните) види пошироко: "Civil war 1945 - 1949" National and International Aspects", στο : Jatrides (επι μ.), Greece in the 194)’s, A Nation in Crisis, University Pres of New England.

Забелешка: Значи, ние Македонците не бевме државотворци, ниту во политика, но ниту во воената стратегија.

Пошироко: Спрема тајните документи, работите се разиваа како следи:
Значи, во согласност со одлука на ПБ на ЦК на КПГ на 23 декември 1947 година, формирана е Привремената демократска Влада на Грција а се самораспушти на 15 отомври 1949 година.

Врз основа на решеијата на Третиот пленум на ЦК од 12-15 септември и на ПБ на ЦК на КПГ од 2. 12 1947 година на 23. 12. 1947 година е формирана Привремената демократска влада на Грција (ПДВГ). Формирана е во Преспа, во Асамати (Н.Р.Македонија-Југославија), во зградата на предвоената пристанишна капетанија. Седиштето на Владата требаше да биде во грчкиот град Коница (како што тврдеше генералниот секретар Захаријадис дека признавањето е обезбедено: “... Ќе ја заземеме Коница, ќе ја формираме владата и веројатно ќе не признаат”).

Единиците на ДАГ водеа тешки борби, со големи загуби, за да го освојат овој град, но безуспешно. Поради тоа, изостана формирањето на Владата во овој град. Доаѓањето на членовите на Владата во Преспа го обезбедуваше потполковникот на УДБ Слободан Крстиќ - Учо Југословен, офицер на ЈНА. Види на крај во книгата: прилози, негово интервју во списанието-Дуга - “Игра око македонског живља”. Владата првобитно беше составена од осум членови и тоа: за

претседател е поставен Маркос Вафијадис, а за членови: Јанис Јоанидис, Петрос Русос, Милтијадис Порфирогенис, Петрос Кокалис, Василис Барџиотас, Димитриос Вландас и Леонидас Стрингос. Исто така со декрет се унапредени 25 лица во чин полковници на ДАГ, но ни во владата, ни во овие офицери, кои претставуваа военополитички фактор на ДАГ, нема ниту еден Македонец.

Привремената Демократска Влада на Грција (ПДВГ-во планина), беше еднопартиска и еднонационална, односно беше составена исклучиво од Грци комунисти. И покрај тоа што повеќе од 50% до 60% од слите на ДАГ беа составени од Македонци, а ги стретнуваме само во историјата за "Егејска Македонија" дека НОФ бил военополитички фактор. Зошто?

Основната карактеристика на Привремената Демократска Влада и поопфатената политичка платформа на КПГ и на Демакратската Армија на Грција, беше упатена прокламација кон грчкиот народ:

"Прва и основна главна цел на Привремената Демократска Влада е да ги мобилизира сите народни сили за брзо ослободување за земјата од тугите надворешни империјалисти и домашни издајници, за обезбедување на националниот суверенитет, за оссигурување и неповре на границите од секој туг империјалистички заговор и за конечна победа на Демократијата."

Реакции:

1.Грчката Влада побара од САД и од Велика Британија да ги предупредат Советскиот Сојуз и источноевропските земји за последиците од нивното признавање на ПДВГ.

Свесна за последиците од признавањето на ПДВГ американската влада веднаш реагираше. На 30 декември 1947 година интервенираше кај источноевропските земји да не ја признаат ПДВГ, предупредувајќи ги дека ако го сторат тоа ќе имаат сериозни последици. Балканската комисија на ООН побара од државите-членки на ООН, да не ја признаат ПДВГ.

2. (Авт. Превод): "... Владата на Маркос нема... Ништо од основните карактеристики на една влада на која и даваат белег, барем нешто од типичните референции, кои се нужно потребни и дефинирани по меѓународното право. Уште нее ни застапена и ополномоштена, спрема воените нормативи и права и сите акциите и се нелегитимни.

И уште нешто повеќе од тоа, таа нема ништо што може да дојде до признавање како политички субјект и легитимна влада.

Партизаните, кои се командовани од Маркос, немаат усвоено ништо конкретно и со тоа, легитимно да располагаат со право, а кое би претставувал грчки државан простор. Седиштето на нивната Главна команда, се уште не им е извесно, но и тоа го држат во многу тајност и самите се во постојано преселување. Единствени такви центри им се наоѓат во областите кои понекогаш им припаѓаат под нивна контрола, а тие се во планинските предели во дивите ридски недостапни реони. Немаат никакви суштински владини комуникации. Воглавно тие се организирани во групи и се во постојано движење, а кога се под притисок на воена потера, се повлекуваат во најнепроодните планински реони. Тоа го потврди и Комисијата на Обединените Нации, па дури, понекогаш и се повлекуваат во туѓа гранична територија."

ТРЕТО: Кои го сочинуваа воениот - командниот столб.

ФОРМИРАЊЕ НА ГЕНРАЛ ШТАБОТ И НЕГОВИТЕ РАКОВОДНИ КАДРИ НА ДЕМОКРАТСКА АРМИЈА НА ГРЦИЈА

Наредбата на Привремената Демократска Влада за наименување на офицерскиот кадар на ДАГ.

По оформувањето на ДПВ на 23. 12. 1947 година, врз основа на Постапката со одредбата бр. 11 на главната команда и Законот бр 1 на Пвремената Демократска Влада го донесувам следното решение:

Именуваваме офицери на Демократската армија на Грција со чиновите во ги наведуваме по редоследото:

А Генерали
1. Вафијадис Маркос
В. Генерал полковници
1. Протопапас Сарандис-Кикицас
Г. Генерал мајори
1. Вонтисиос Гиоргиос-Гусиас, 2. Гкениос Танасис-Ласанис. 3 Гканациос
Василис-химарос, 4. Теохаропулос Никос, 5. Канакаридис Никос, 6. Бланас Гиоргиос.

Д. Полковници

Пешадија: Венецанопулос василис, 2. Каљанесис Гиоргиос, 3. капетаниос Еврипидис, 4. Катемис Гиоргиос, 5. Малтезос Герасимос, 6. Самаридис Гиоргос
Артилерија: 1. Килисманис Гианис, 2. Папагиаснис Стефанос
Кавалерија: 1. Скандалис Ираклис
Авијација: 1. Макридис Савас, 2. Маниас Гианис
Полит-комесари: 1. Вутусианос Мицос, 2. Еврипидис Георгиос, 3. Зографос Зисис, 4. Колигианис Костас, 5. Барџиотас Василис, 6. Стрингос Леонидас, 7. Хаџис Танасис.

Е. Полковници

Пешадија; 1. Александру Гианис-Диамандис, 2. Георгијадис Георгиос, 3. Гиакоглу Никос, 4. Гианулис Георгиос, 5. Зигурас Димитрис, 6. Илијадис Софијанос, 7. Кукулидис Георгиос, 8. Калинос Теодорос, 9. Канелопулос Костас, 10. Кариофилис Гианис, 11. Конталонис Георгиос, 12. Контаксис Анастасиос, 13. Киранsопулос Димитрис, 14. Пападимитриу Илиас, 15. Папастергиу Левтерис, 16. Прекезес гиоргиос, 17. Рафтис Костас, 18. Росиос Алекос-Ипсилантис, 19. Спанос Томас, 20. Статакис Манолис, 21. СфаЌанос Георгиос, 22. Терзоглу Никос, 23. Тцелифис Томас, 24. Томбулидис Павлос, 25. Тријандафилу Никос, 26. Фолракис Харилаос

Артилерија: 1. Иосифидис Костас

Авијација: 1. Герогакопулос Георгиос, 2. Ндренас Леонидас.
Полит-комесари: 1. Васванас Вангелис, 2. Ветас Фокион, 3. Ѓузелис Стефанос, 4. Мандилас Нокос, 5. Рогакос Вангелис, 6. Тирумидис Кириjакос

Санитарци: Сакелариу Епаминонтас

Д. Мајори:

Пешадија: 1. Асурас Гергиос, 2. Ваис Хронис, 3. Кардасис Танасис 4. Белогианис Никос, 5. Пападопулос Вангелис, 6. Флору Архимидис

Артилерија: 1. Маргас Костас

Кавалерија: 1. Стиљанопулос Василис

Саботер: 1. Агелулис Антонис-Врацанос

Полит-комесари: 1. Акритидис Никос, 2. Грisонас Костас, 3. Куцомаркос Георгиос, 4. Пектадис Михалис
Санитарци: 1. Скуфис Такис

Е. Капетани:

Пешадија:

1. Адамис Алекос, 2. Гецос Панделис, 3. Захаријадис Аврам, 4. Зокас Зисис, 5. кавреsис Костас, 6. Каминарис Василис, 7. Кондорос Димитриос, 8. Корологос Гианис, 9. Кохлијадис Гианис, 10. Ламбракис Панос, 11. Мацис Георгиос, 12 Бацис Одисеас, 13. Милонас Георгиос, 14. Николакопулос Спирос, 15. Форфолиос Вангелис.

в, Саботер: 1. Витулкас Никос.

И. Капетани прва класа

а, Пешадија: 1. Георгијадис Стелиос, 2. Ексархос Леонидас, 3. Иљадис Костас, 4. Пападимитриу Томас, 5. Згуромалис Манолис, 6. Стефану Ставрос

в, Саботер: 1. Самаракис Агисилаос, 2. Сољас Михалис, 3. Сиулас василис.

З. Потпоручници

а, Пешадија: 1. Витос Христос, 2. Влаху Димитриос, 3. Галацос Костас, 4. Калину Гергија, 5. Канакис Димитрис, 6. Карагианис Пантелис, 7. Карастатис Танасис, 8. Кацунис Димитрис, 9. Кукумпљакос Клеантис, 10. Костопулос Христос, 11. Порлиарас Савас, 12. Портокилидис Гианис, 13. Тастанидис Ахилеас, 14. Терзопулос Теодорос

в, Оделение за радио врски: 1. Карацас Василис, 2. Понирос Стелиос
Санитарци: 1. Ктена Лефтерија

Полит-комесари: Михопулос Никос

Во базата на Привремената демократска Влада,
28. декември 1947 година
Претседател и воени министер на ДАГ
Генерал Маркос

Види: Ι ΣΤΟΡΙΑ ΤΟΥ ΕΛΛΗΝΙΚΟΥ ΕΜΦΥΛΙΟΥ ΠΟΛΕΜΟΥ 1946 −1949 τομος Ι ΓΙΩΡΓΙΟΣ ΜΑΡΓΑΡΙΤΗΣ, 2001.

Напомена: Во военото раководство-офицерите на ДАГ, од горе именуваните офицери има само еден Македонец унапреден во потпоручник, а тоа уште еднаш се потврдува дека ние Македонците не бевме воено-политички фактор, како тоа што го тврди нашата историографија.
Се поставува прашањето: Како сме можеле да дозволиме ние Македонците да учествуваме повеќе од 60% од воените ресурси на ДАГ без свои такви штабови?

ЧЕТВРТО: КАКО Е ДЕФИНИРАНА ДЕМОКРАТСКАТА АРМИЈА НА ГРЦИЈА -ДАГ

Види: Δημητρης Βλανδας, ΗΜΕΡΟΛΟΓΙ Ο 1947 −1949. Αθηνα 2007, стр. 36 и 41.

Превод: “Демократската армија е една револуционерна комунисичка армија”. Во суштина сето нејзино функционирање и дејствување се наоѓаше под контрола на ККЕ (КПГ) и на повисокоите партиски органи; значи под раководтвсо на Никос Захаријадис - Генералниот секретар на партијата и на Полит - Бирото.

Всушност и Захаријадис, се преставуваше како голем демократ, а беше ист како Сталин и Тито; најголеми диктатори. Тие го признаваа само судот на својата партија.

Основни карактеристики на ДСЕ (ДАГ)

- Социолошкиот и демографскиот облик на ДСЕ (ДАГ) беше следниот: целокупниот број на борците кои служеа во ДАГ, низ целиот тој период се бореа околу 100. 000 мажи и жени. Дури во летото во 1948 година броеше околу 26. 000 активни борци. Бројката на учесници жени во 1949 година достигна до 30% од борците во редовите на ДАГ.

- Возраста на борците во составот на единиците во ДАГ, се вели дека била од 13 до 17 години. А Д. Кацис , посебно за единиците на сампотеро во ДАГ вели дека беше следната; Само 11 борци беа постари од 24 години, а целата воена единца која броеше повеќе од 150 борци 70% од нив беа од 16 до 19 годишна возраст.

Види: Δημητρης Βλανδας, ΗΜΕΡΟΛΟΓΙΟ 1947 −1949. Αθηνα 2007, Vol. B, page 158.

Белешка: Тоа можам да го потврдам и јас лично, бидејќи за повеќето од моите години во војната од1947 - 1949 година служев во истата единца со тие бестраши борци како Димитриос Кацис, Антонис Врацанос имногу други борци, , а тоа го опишува Кацис во своите книги.

- Комунисти - членови на комунистичката партија, се вели дека: Само 20% во ДАГ биле членови на комунистичката партија КПГ

Види: “Το αρχειο του εμφυλιου”.

Авторот “До пеколот и назад”, издавач “Аз- Буки”,Скопје 2005, Евдокија Фотева - Вера ја нарекува Втора фаза од развојот на НОФ - ПРИЗНАВАЊЕ ОД КПГ.
Арно ама, не е така. Кај нашите Македонците под Грција (кои беа лидери на НОФ и АФЖ), барем сите „случајности” зад себе кријат јасно видлива причина. Клучниот збор во таа формулација е „кријат.“

Која е вистината? Дали „ПРИЗНАВАЊЕТО ОД КПГ” е договарено со Македонците? Со организациите НОФ и АФЖ!? Или со тие на кои до вчера манипулираа со нас и им станавме слуги?

Историските фактите кажуваат дека: „Врз основа на одлуката меѓу Тито (КПЈ) - Захаријадис(КПГ) од 14 октомври 1946 година, набрзо пристигнаа претставени: Караиванов од КПЈ и Јоанидис од КПГ и ја прогласија следната спогодба:

„Македонските организации НОФ (АФЖ и НОМС) и нејзиното раководство поминуваат во целост под КПГ, а вооружените мали македонски единици во ДАГ под раководство на генерал Маркос”.

Значи, се е договорено на рамниште на државност: Југославија и Грција. Тоа значи, строго се придржуваа спрема Букорешкиот договор 1913 година.
Врвот на македонската држава без чувство за национална свест за судбината на Македонците под Грција за големата измама.

По постигнатата спогодба меѓу КПЈ и КПГ, по извесено време, членовите на Главниот одбор на НОФ на чело со Паскал Митревски беа применi од секретарот на ЦК на КПМ Лазар Колишевски, кој им го рекол следното: „ Сега вие одите долу (во егејскиот дел на

Македонија). КПГ е вашиот раководител. Да имате верба во нив. Нејзината политика по македонското прашање е јасна. Какво било прашање што ќе ви се појави ќе го решавате со раководството на Партијата. Внимавајте, не одите како фракција во Партијата, туку да се ставите под нејзино раководство. Борете се за зацврстување на борбеното единство со грчкиот народ, и борете се сите и со сите ваши сили против шовинизмот, сепаратизмот и локалистичките тенденции."

Ете, кој на врат ни го обеси и добро ни го затегна идеолошкиот синџир на комунизмот. Токму тој синџир (направен од КПЈ, сега врзам од Колишевски) во Граѓанската војна беше најсуров, најкрвав и најбезбожен. Ропски синџир - не разјаснет до ден - денес. Меѓу Македонците настана ново пребројување: чиј си и кој си? Борба за ново престројување и од Македонците се бараше сервилно и ропско расположење.

Но, согледувањето на причините и мотивите на Тито за таквата инволвираност во Грчките работи по Втората светска војна бара опстојно истражување. Објаснувањето на југословенските раководители дека тоа го правеа само од интернационалистички побуди не е многу убедливо. Зошто? Затоа што, проблемите почнаа да се зголемуваат околу есента 1948 година, кога Југославија почна да влегува се повеќе во прегратката на западните сили.

По ова, во нова верба со стари болести раководителите на НОФ и АФЖ, наместо душмански пречек, пред КПГ направија „Другарска критика како нејефикасно оружје на партискиот апарат" и се здадоа да пропагираат дека„Со ова се поставени темелите за новото единство". И така не беше далеку времето, кога веќе се отвори простор за демакедонизација. Но тоа беше и конфронтација, со народот и со сите членови на КПГ (Македонци) кои немаа пребегано во Југославија со егејската бригада и Партијата во нив имаше поголемо поверење. Тие до вчера за НОФитите и за АФЖитите беа гркомани или како што ги нарекува Евдокија Фотева - Вера: „народни изроди"

Кога денес човек размислува што рекоа некои мислители за историското минато: „Народ кој не црпе искуства од своето минато, тешко може да ја планира својата иднина", ќе се запраша: Што не научивме од историјата? Ние не го научивме автентичното македонско опстојување на прадедовите огништа. Да, вистина е, посебно ние Македонците под Грција, допрва ќе треба да ја отвориме книгата на проблемите и ќе треба еднаш јавно да се извиниме за

минатото а тоа да им биде поука на младите во иднината. Да не заборавиме на најелементарното нешто: дека пред се нашиот народ тука(во Македонија под Грција) имаше корени и со векови човекуваше со свое достоинство! Ако продолжиме сите наши неодговорности, неспособности, некомпетентности, несовесно да ги прославуваме тие настани искри - воколчени со „случајности", или да се оправдуваме со„судбина од која не се бега", никогаш нема да се ослободиме од случајните луѓе, кои доведоа македонскиот народ до ископачување.

И факт е дека тие што сакаа да не уништат знаеја (знаат) многу повеќе од нас, ние за нив речиси ништо!! Ние и ден - денес им ги криеме нивните зафати. Зарем, тоа не го објаснува ФЕНОМЕНОТ НА НАШАТА ПОДАНИЧКА СВЕСТ?
Зарем тоа не е ВАЗАЛСТВО? Зарем тоа не е вистина дека сега македонските организации добија нов господар на кого треба да им бидат слуги?

Тоа ли е, како што пишува Евдокија Фотева - Вера - ПРИЗНАВАЊЕ ОД КПГ?
Да, токму сега македонските организации станаа ВАЗАЛИ: потчинети, зависни и слуги на новиот господар со невидени отстапки:

Ако еден од основните национални атрибути е јазикот, тогаш како можеле организациите НОФ и АФЖ, по т, н „Братство единство" (1946), да се „откажат" од националниот идентитет.

Дали тие Македонци во единиците на ДАГ кои беа регрутирани и испратени во длабината на Грција можеа да зборуваат македонски? Тие таму беа предупредупредувани дека: „Името и презимето, нужно треба да бидат на грчки, а треба да се говори само на грчки јазик".

После некој ни е виновен што КПЈ/КПМ и КПГ, не фрлија во идеолошкиот отпад! Како да ја изцелиме таа болка, таа наша постојана и трајна болка: по нашиот дом, по нашите блиски што ги оставија своите коски на бојштата во Граѓанската војна?

Како да заздравиме?

Захаријадис, генерален секретар на КПГ, во Белград со маршал Тито кога разговарал околу одлуката за поведување на оружена борба против десницата во Грција.Тој од Тито добил целосна поддршка, односно, ветување за морална и материјална помош и дека патот на

слободата води токму низ Македонија. На оваа средба било дословно договорено и за следното:

1.Македонското национално ослободително движење во Егејскиот дел на Македонија, предводено од НОФ, кое од април 1945 година се наоѓаше под раководство на КПЈ/КПМ, да помине под раководство на КПГ, а учеството на Македонците бил услов за победа на една таква револуција. .

2. Дел од составот на Политбирото на ЦК на КПГ на чело со Јанис Јоанидис, да се префрли во Белград со задача да раководи со оружената борба, да ја претставува во странство, да се грижи за снабдувањето на партизаните со оружје, облека , храна и други материјали.

3.Слободна регрутација на борци од редовите на македонската и грчката политичка емиграција во Југославија; организирање болници за ранетите и болните борци на ДАГ; Југославија да ја преземи улогата на организатор и координатор на помошта од други земји за ДАГ.

Уште на 24. 08. 1946 година, еден дел од составот на ПБ на ЦК на КПГ на чело со Јоанидис Јоанис и потребниот апарат, илегално се префрли од Атина во Белград. Маркос Вафијадис кој во јуни 1946 година од Захаријадис беше назначен за генерал и за организатор и раководител на партизанските групи илегално ја напушти Грција и се префрли во Белград каде што доби конкретни директиви и ветувања од делот на ПБ на ЦК на КПГ.Во септември се префрли во Егејска Македонија каде што на 28 октомври го формира Главниот Штаб на партизанските единици, односно ДАГ. Се раскажуваше дека нофитите и афежитките за ова случајно дознале, ама не се осмеливме да се спротивстават на наредбите на маршалот Тито и другите богови. Но, не поминало многу време еден есенски ден, кога ги построиле пред генерал Маркос, тој им рекол: „од денес сте војници на Демократската армија и ќе ви бидат команданти, по учени и поверни луѓе на КПГ.”

Студена пот на јаве ги облеа. И како студ, и како мраз, и морници ги полазија.Ужасно збунети (сега како продадени робови), распламтените лица им се стемнија, покорно дадоа партиска обрврска дека се ќе сторат со своите авторитети Македонците да ги внесат во редовите на Демократската армија, па дури еден од нив рекол: „Ќе ги разбудиме и умрените ако треба, нека дојдат и тие во оваа света револуција, да јуришаме сите заедно, живи и мртви!”

Да си спомниме на она што го раскажува Раковски: „... На средбата со Колишевски, во текот на нашето подготвување да заминеме во егејска Македонија за да ги удриме темелите на револуцијата, Колишевски на неговиот првокласен циничен говор ни рече: '... Дека ние Македонците сме биле многу надарен народ, со ептен видна интернационална и револуционерна настроеност, со голем усет за стратегија тактичност и дека Тито му рекол: токму сега е моментот…“

Можеби, еден ден ќе се разјасни се ... Какви сили се криеја зад тие наши луѓе кои им служеле на туѓите богови.

На 10 ноември Захариадис од Сталин доби директива вооруженото движење зимата 1946-1947 година да не се омасови (а Македонците беа и старо и младо во редовите на ДАГ), бидејќи тоа наводно го налага меѓународната ситуација, КПГ на политичката борба да и даде примат и слично.

Зарем ние Македонците и во историјата треба да оспоруваме дека овие политички директиви - фундаменти не беа поставен од тугинците (КПЈ-КПГ)??!!

Овоа е еклатантен доказ за отсуството на македонската свест за поведението на НОФитите и АФЖитите. Овие луѓе, не само што не им се извинија на македонскиот народ за довчерашните пропагирања за „македонските позиции”, туку тиа со уште поголема бруталност го туркаа масовно народот во борбените позиции на Граѓанската војна.

На туѓинците, целта им била од некои свои послушници да направи херои, таков лик, преку кого ќе се идентификува цел еден народ, а другите да ги сведе во најголема мера негативци (комитаџии и др.) и во такви услови да проработи кодошењето (што подоцна и се почесто и се случуваше меѓу членовите на НОФ (23) и така настана најпогубниот момент за Македонците под Грција.

ЗБУНУВАЊЕ НА НАРОДОТ, ИЛИ...?!

ПО ОВА, ДОСЕГАШНИТЕ ПОЛИТИЧКИТЕ ПОРАКИ НА НОФ И АФЖ (ВО ИЛЕГАЛА) СТАНУВАА НЕ ЈАСНИ, ИАКУ НЕКОИ ОД МАКЕДОНЦИТЕ УШТЕ ГИ ДОЖИВУБАА КАКО НАЦИОНАЛНИ. ПО ПРЕПОРАКАТА НА КОЛИШЕВСКИ, ВЕДНАШ СЕ РЕЛАТИВИЗИРАМЕ, И ОД СЕ, ПУСТОШ НАПРАВИМЕ. НОФ И АФЖ, НА МЕСТО ДА ПРЕСТАНАТ СО (САМО)ЖРТВУВАЊЕТО

И ДА ЈА НАПУШТИ МАСОВНАТА ПОЛИТИКА КАКО БОРБА НА ЖИВОТ ИЛИ СМРТ, ТИЕ СО ПОКОРНА ПОСЛУШНОСТ УШТЕ ПОВЕЌЕ ЈА ЗАСИЛИЈА МОБИЛИЗАЦИЈАТА, НО СЕГА СО НЕВИДЕНА ЕМОЦИОНАЛНА ЗАРАЗА И СЕРВИЛНОСТ СПРЕМА КПГ.

Ова заплеткано сфаќање со утешни илузии, покажува дека владееше мрак во македонското лидерство. По 1946 година, таквиот „успех за будењето на македонската свест", всушност, не им требаше ни на КПЈ ни на КПГ и немаше никаква значајна вредност, кога сите Македонци, заедно со лидерите на НОФ и АФЖ се најдоа во менгемето на КПГ.

Но, да се вратиме на најголемата манипулација од раководствата на КПЈ и КПГ, кога на средбата на 2 април 1946 година Тито и Захаријадис во Белград без присуство на Македонците решија:Македонците од Егејскиот дел на Македонија предводени од НОФ, а раководени од КПЈ/КПМ, да се стави под раководство на КПГ и да се измени програмската цел на НОФ во која сега ќе гласи:НОФ и АФЖ ќе се бори во сојуз со грчкиот народ за спасување на Македонскиот народ од физичкото истребување.

Идеолошка офанзива со својот космополитизам (против македонската национална свест) страшно го разниша македонскиот староседелски корен.

Состојбите беа уште пострашни, бидејќи тие потекнуваа од највисоките политичари (на НОФ, АФЖ и КПГ). Политичарите, дури и во Граѓанскат војна, негуваа опасни анахронзми во нашето национално опстојување и живеење, напаѓајќи ги своие политички противници-комитите и сите тие Македонци кои не гледаа никаква корист од таквата војна. Дали (НОФ и АФЖ) беа свесни колку со тоа го оптоварувааа и го навредуваа својот сопствен народ, а посебно младите македонски поколенија (деца на комити и деца на партизани - комунисти). Дали беа свесни колку им ја заматуваа младата душа и нивната национална свест.

Во заклетвата на борецот во редовите на ДАГ во основа се вели: Јас син на грчкиот народ борец на ДАГ (Демократската армија на Грција) ќе се борам за да го одбранам интегритетот и безбедноста на државните граници на татковината-Грција…и.т.н.).

Не познат е редоследот на ова заколнување!

Заклетвата на борците во редовите на демократската армија на Грција:

(Авт.Превел): ЗАКЛЕТВАТА НА БОРЕЦОТ НА ДАГ: “Јас син на народот на Грција и борец на ДАГ, се колнам дека ќе се борам со пушка во рака и ќе ја пролеам мојата крв и спремен сум да го дадам и својот живот за да го истераме од земјата на татковината Грција и последниот надворешен окупатор. За да се ликвидира секакво присуство на фашизам. За да ја обезбедам и да ја воспоставам националната слобода и територијалниот неповредлив интегритет на татковината Грција. За да се обезбеди демократијата и добрто на народот.

Се колнам дека ќе бидам добар и истакнат, дисциплиниран војник, и ќе ги извршувам сите наредби и канони и ќе ги чувам сите тајни на ДАГ.

Се колнам дека ќе бидам пример и ќе имам најдобар однос кон народот со цел за трајно помирување и ќе го одбегнувам секој обид што ќе ме компромитира и ќе ме понижува како личност и како борец. Основните интереси ќе ми бидат: слободата и трајната демократија во Грција. За сите овие интереси на народот на Грција, спремен сум со пушка во рака да го положам и животот.”

Според овој хронолошки преглед ќе треба да се каже и за т.н и многу најавуваната воена сила на ДАГ низ целиот тек на Граѓанската војна. Ете што ни потврдуваат следните извори:

КАКВИ БЕА КОНЕЧНО ВОЕНИТЕ СИЛИ НА НАЦИОНАЛНАТА АРМИЈА (НА АТИНСКАТА ВЛАДА) И НА ДАГ ВО ПЕРИОДОТ НА ГРАЃАНСКАТА ВОЈНА ВО 1949.

Во мај 1949 година Главниот штаб на Националната Армија тргна во подготовка за воена експедиција против ДАГ, под кодексот на името “Пирсос”.

Бројноста и воена структура на воените формациски сили на националната армија во тоа време беше следниот:

150.000 редовни војници,
50.000 сили на националната одбрана,
25.000 жандармериски сили,
7.500 полиција,
50.000 специјални единици,

14.300 во морнарницата,
7.500 во авијацијата.

Значи збирот на воените сили на атинскиот режим е нешто повеќе од 300.000, а воените сили на ДАГ одвај броеа не повеќе од 25.000 војници.

Ете што ни потврдуваат следните извори:

1. Тасос Вурнас, стр. 159-160; есента во 1948 година воените сили на ДАГ имаа околу 18.000 борци;

2. Василис Барџиотас, како втор човек на ДАГ, пишува дека до крајот на 1949 година, силите на ДАГ имаа достигнато до 30.000 борци;

3."Неос козмос", од 1950 година, стр. 624, 637; пишува дека вкупната бројка на силите на ДАГ во 1948-1949 година достигна до 25.000 борци;

ПРЕД ЕДНА ТАКВА ОПРЕМЕНА И МНОГУБРОЈНА АРМИЈА, партизаните на ДАГ, не беа во состојба да дадат отпор и на 28-30 август остапија во Албанија.

На 30 септември Иоанидис Јанис службено, побарал од Сталин да му се дадат на КПГ, односно ДАГ две бази и тоа една во Бугарија и другата во Албанија. Сталин не ја прифати за Албанија."

Но, треба да се забележи, дека постој и уште еден битен извор (Види: книгата "ΜΕΛΕΤΕΣ ΓΙΑ ΤΟΝ ΕΜΦΥΛΙΟ ΠΟΛΕΜΟ (1945−1949)";

Спрема искажувањата на генерал Маркос:

"До 1947 година од 90% борците на ДАГ биле НАСИЛНО МОБИЛИЗИРАНИ, а после овој датум нема потврдувања дека се јавувале како доброволци во редовите на ДАГ, низ текот на Г. војна. Се поставува прашањето: Зарем можеме ние Македонците, таквата состојба и ирealност да ја нарекуваме Граѓанската војна, револуција и продолжување на славниот Илинден?

На крај, на место ЕПИЛОГ, составениот ХОДОГРАМ од аргументи и факти, јасно се гледа конечниот ишод на настаните, низ кои минал македонскиот воин низ историјата на ДАГ и како го дожибеа геноцидот.

Можеби сето ова за нас Македонците, го објаснува чинот за кој старите Латини рекле (дефинирале) дека: “Во одредени времиња, постојат состојби на трошење на националната енергија, од кои национот има најмала корист!”

ПЕТТО: ВИСТИНИТЕ И КОНТРАВЕРЗИТЕ ЗА ГРАЃАНСКАТА ВОЈНА (1945 - 1949)

Грчките историографи за изгубената револуција (Граѓанската војна) ги лоцираат основните грешки:

Едни се со ставот на: (Авт. превод): Танасис Хаџи, секретар на ЦК на ЕАМ во воведот на својата книга “Победоносната револуција” пишува: “Победоносната народна револуција ни беше изгубена на основните и главни грашкин а раководството на Национално ослободителното движење и прад се од грешките на Полит Бирото на КПГ...”

Политиката на големите сили спрема Граѓанската војна Велика Британија (24) и САД

Општата оценка на западните земји беше дека Грција доколку падне под советска контрола ќе го изложеше во опасност не само Блискиот Исток, туку и Западна Европа, особено франција и Италија и дел од Африка. Според Председателот на САД Труман паѓањето на Грција под советско влијание, ја изложуваше во опасност безбедноста та Турција, Источното Средоземие и Западна Европа.

Врз основа на гоните оценки, двете западни земји ја градеа и ја водеа својата политика спрема Грција.

Други се со ставот: РАЗВОЈОТ НА ПОЛИТИЧКИТЕ ПРОЦЕСИ И НАСТАНИТЕ ПО ВТОРАТА СВЕТСКА ВОЈНА (ВАРКИЗОВИОТ ПЕРИОД-1945) (25)

Настаните во 1945 година, придонесоа за избувнување на Граѓанската војна (1946-1949 година) и тие во историјата на Грција, се земаат како нејзин почеток. Но, Граѓанската војна, почна на 31 март 1946 година, кога беше на паднато Литохоро од страна на вооружени симпатизери на КПГ и членови на ЕЛАС, кои не се согласуваа со потпишаниот договор во Варкиза. Значи, сите иследувања на историските состојби на Граѓанската војна, се сведуваат без сомнение на идеолошките мотиви, од самиот напад на единиците на полициската станица во Литохоро во ноќта на 30 март 1946 година во 10, 30-11, 30 часот.

Но, сериозните историографи, посебно раководниот кадар и учесниците на ДАГ (само ние -Македоните не, бидејќи ние веќе во таков вооружен отпор влеговме уште со формирањето на НОФ на 23. 4. 1945 година, а тоа значи една година пред тој датум), си го поставуваа прашањето:

Зошто КПГ повикува на вооружен отпор, точно една година по договорот во Варкиза (12.02.1945)?

Досегашните оценки на грчките историографи, од политичко становиште и оценки на генерал штабовите на грчката владина армија и на ДАГ, Граѓанската војна (1946-1949) во Грција ја оценуваат како најголема историска грешка, бидејќи сето тоа се случило по Втората војна, кога се беше договорено меѓу големите сили на конференцијата на Јалта (26) , со што се изврши поделбата на сфери на влијанија, а за државните граници на Балканот беше речено да останат меѓу државите : “Статус кво”.

Значи, воспоставена е власта во Грција и железната завеса на границата спрема север. Државните граници на Грција и Југославија: “СТАТУС КВО”

Но, има и такви кои велат дека по завршувањето на Втората светска војна, 1945 година е карактеристична по многу нешта што се случија во Грција, особено по потпиешувањето на договорот во Варкиза и превземањето на власта од страна на десница, се смета, од грчката историографија дека е годината 1945 (посебно зимските и пролетните месеци), време во кое настанува прогонот на левите сили (КПГ, ЕЛАС, ЕАМ и други), но сега организиран и кординирани од страна на Англичаните (26а) преку ново формираната грчка влада.

Резултатот од оранизираниот терор во времето од 12 Февруари до 31. Март 1946 година е објавен во извештајот подготвен од страна на централната комисија на ЕАМ, а го поднесе Михалис Киркос, на една од седниците пред Комисијата на специјалните надгледувачи од страна на ООН, во кој се регистрирани следните, односно се регистрирани следните случаеви:

Стрелани... . 1. 284
Ранети... ... . 6. 681
Интернирани. 31. 632
Апсени... ... 34. 931
Исчезнати... ... 151

Силувани... ... 165

И други околу 500 граѓани, по разни основи.
За историјата, нека се забележи и тоа дека извештојот на ЕАМ е напишан на француски јазик од “Oktav Merlie”, управител на францускиот Институт во Атина во 1945 година. (Види: Тасос Вурнас, 1981/32, Атина).

Трети се: 3. Осмислен проект кој има тенденција да ги елиминира малцинствата кои живеат со векови на прадедовите огништа.

Нацијата (тенденцијата за чиста грчка нација).

Како може една членка на ЕУ; како што е Грција, во нејзиното законодавство, се до ден - денес да има расистички закони, како што е законот:

(Превод: На основа решението на министерството за внатрешни работи 106.841/5-1-83, се дозволи слободното репатрирање на “Грци по род”.

Потпишано на 29 декември 1982 година од Министерот на внатрешни работи Горгос Гениматас и министерот за јавен ред Ѓиани Скуларики.

Значи, донесен е закон кои не важи за Грците, туку за оние кои живеат во Грција и не се Грци. А кои се тие? Тие сме ние Македонците кои во Граѓанската војна, бевме насилно мобилизирани од комунистите Грци кои раководеа со ДАГ на чело со генерал Маркос. И сите тие Грци по род, по завршувањето на војната се вратија во Грција, во своите домови и беа социјално згрижени и интегрирани во грчкото општество, а ние Македонците сме обвинети дека сме ја разгореле Граѓанската војна и сме се бореле со цел Република Македонија преку Солун, па се до Егејот да се протега.

II - ХРОНИКИТЕ (27) ОД ПЕКОЛОТ НА ВОЈНАТА ПРЕГЛЕД НА ВОЕНОПОЛИТИЧКАТА ИСТОРИСКА ХРОНИКА НА БАЛКАНОТ (1940-1950)

4.0 Југословенската стратегија на Балканот

Како и зошто; Југославенската стратегиска опција на Тито (КПЈ) имала континуиран интерес и негирање за Македонците во Егејска Македонија.

Многу нешта ни се случуваа без знаење на обичните луѓе поради шеесетогодишните таинствените причини, а добрите и лошите нешта често пати ни се случуваат од историјата, затоа што не мрзи да ја читаме. По случувањето, се ни изгледа како случајност.

Ниту се служиме со мудроста на нашите претци, туку дозволуваме на идеолошките активисти да го оптеретуват човечкиот род и на смртниците посветот им донесуват толку болни и трајни солзи.

Сега по полавековното чемреење под идеолошката пајажина, во потрага по приказната наша низ тајните досијеа на тугите политики кои од егејска Македонија направивме гробница на јунаци во Граѓанската војна (1945-1949), се јавува историчарот Кирјазовски со книгата “Петте судбоносни години во Егејска Македонија” и вели: “Тито им ги отстапува егејските Македонци на Захаријадис”, но не кажува - Зошто тоа го сторија КПЈ/КПМ! ? Види: стр. 40.

Прво: Официјалниот став и акциите на Јосип Броз Тито спрема Македонците од егејска Македонија.

Македонската политика што ја усвоила КПЈ во текот на Втората светска војна, имала цел да се здобие со контрола над подрачјето Вардарска Македонија и да се задржи во рамките на новата комунистичка Југославија. Признавањето на Македонците како одделна националност идеално им одговарало на домашните цели на КПЈ - Македонците не се Бугари и поради тоа бугарските барања кон Македонија не се валидни; тие не се ни Срби, па затоа не се обновува омразата против Србите. Како нација, Македонците ќе имаат право да се здружат со своите братски словенски народи (Србите, Хрватите, Словенците и Црногорците) во југословенска федерација.

Со таквиот политички став на КПЈ на чело со Јосип Броз Тито, кој упорно се залагаше во текот на Втората светска војна за задржување на предвоените граници со цел да се сочува Версајска Југославија. Во

духот на таквата политика никогаш не го одобруваше обединувањето на Егејска со Вардарска Македонија.

Многу идикативно е прашањето: зошто генералниот секретар на КПГ Сјантос, не преговара со Македонците, туку бара да преговара со висок преставник на КПЈ - Југославија? Дали македонските комунисти на тоа реагираа? Не! Тие веќе беа влезени во вештите комбинации на Темпо, кој и самиот се покажа: како чувар на границите на кралска Југославија и ништо повеќе. Тој беше за новото: македонско движење со пројугословенска историска тенденција.. Грците, сега, му веруваа на Темпо оти од КПЈ се беше потврдено со елиминирањето односно отстранувањето на генералниот секретар на КПМ Методи Шаторов – Шарло (28) и повеќе не постоеше можност за остварување на идеите на Шарло за некакво духовно обединување на Македонците од целокупниот етнички состав на Македонија.

За нас Македонците(посебно од егејскиот дел), по ова стана јасно дека било каква акција да превземеме за обединета Македонија, ќе бевме дочекани на нож од КПГ И КПЈ.

Значи, сега се беше на политичко - партиско и државничко рамниште на Грција и Југославија. Но, со иста цел беше сторено и со Албанија, кога на 20 јуни 1943 година во Главниот штаб на НОБ на Албанија беше потпишан протокол „за тесна воено политичка соработка" од преставниците на Југославија(КПЈ) Светозар Вукмановиќ- Темпо, Албанија (КПА) Енвер Хоџа и Грција (КПГ) Верверис.

А токму, за таквото ниво на разговори инсистираше владата на Папандреју во Каиро. Имајќи предвид дека тоа ниво го има прифатено и решено Југославија со смената на Шарло и целокупното партиското раководство на КПМ и новата платформа. Владата на Папандреју од КПГ и ЕЛАС, бараше да не прифаќат никакви компромиси со Македонците: било да се од Егејска македонија или од вардарска Македонија, оти би имало историски последици за грчката држава и нејзиниот суврнитет. Незнам, што уште требаше за да сфатат македонските комунисти од Македонија под Грција дека тие веќе за КПГ и ЕЛАС не преставуваат политички субјект (туку лажен привремен) и дека беа само намамувани од Темпо.

Значи, ТРЕБА ДА СЕ ПОДВЛЕЧЕ: решението го договорија преставниците на КПГ и КПЈ, пак во рамките на Букорешкиот договор; Југославија - Грција.

Тоа за нас Македонците значеше: Бранејќи ја комунистичката идеологија, го изгубивме за невек идентитетот и дедовите огништа. Нашата судбина е наша судбина и моравме да ја земеме во сопствени раце, оти сурово е кога луѓето не сакаат сами да господараат со својата судбина, тогаш како што вели нашиот народ судбината загосподарува со нив.

Така и се случи: со првото братојадство.

Другата цел на КПЈ во нејзината македонска политика била да се прошири хегемонијата на југословенските комунисти. Повоените цели на Тито не биле скромни. Тој ги барал и со воена окупација настојувал да ги обезбеди од Италија Јулиска Краина, вклучувајќи го и Трст, речиси половина на австриската покраина Корушка, вклучување на Албанија во југословенската федерација, и грчкиот и бугарскиот дел од Македонија.

Новата македонска политика на југословенските комунисти (КПЈ) им давала идеално оружје за постигнување на таа цел. Поигрувањето со македонска културна различност сигурно би било привлечна сила за Македонците во Егејска Македонија кои биле предмет на елинизација.

Кампањата за обединување на Македонија ја започнале југословенските партизански лидери уште во текот на Втората светска војна, дури и пред да ја обезбедат својата контрола во Вардарска Македонија. Хаотичните и флуидни услови што преовладувале на Балканот по повлекувањето на силите на Оската го потикнале ова движење.

Во текот на месеците во кои се вршела конечната консолидација на власта на КПЈ во Вардарска Македонија, Тито настојувал да ги искористи своите предности, но тој бил претпазлив на интервенција во грчката ситуација. Но во тој период односите со грчките комунисти станале затегнати. Во мај 1944 година се што било останато од македонските комити (на кои ЕЛАС се заканувал со ликвидација, еден поголем дел биле најбрутално ликвидирани) им се придружило на Гочевите единици на организација СНОФ.

Настана караница меѓу штабот на ЕЛАС и Гоче за тоа како да се постапи со оружјето што било запленето од комитите. Во меѓувреме, КПЈ пратила свои агенти и помали единици што се движеле низ Северна Грција (Македонија) и тие ги повикувале Македонците да

стапат во Титовата армија. Тогаш започна масовно преминување на Македонците од редовите на ЕЛАС во Титовата армија.
Кога поголема група Македонци членови на КПГ ги напуштија редовите на ЕЛАС и поминаа во редовите на Титовата армија, од штабот на ЕЛАС беа прогласени за дезертери. До Граѓанската војна беа раководена од КПЈ/КПМ.

*

Првата бркотница од ФЕНОМЕНОТ НА НАШАТА ПОДАНИЧКА СВЕСТ (приклонување кон КПГ или КПЈ) интересен е и податокот дека токму во таквиот расцеп се одвиваа сите тогашни парадокси. И едните и другите тврдеа дека се големи патриоти. Анализирајќи го феноменот на нашата поданичка свест, беа најдобри „Патриоти", за кои сите други беа предавници и такви во СНОФ, НОФ, АФЖ, НОМС, КОЕМ, Илинден и целокупното македонското движење ги имаше како плевел. Тие беа патриоти по професија, за секое ура очекуваа награда, сеедно дали од Главните штабови или од Партијата, во спротивно тие би биле предавници.

Се покажа дека секоја идеологија без исклучок води до насилие на мислата и сега таквата идеолшка интимност и двојните стандарди на душогризниците, Македонците ги правеа со различни визии, со различни копнежи за завземање на некаков положај. Се разбира дека ги очекуваше; во секоја нова партија - нов свет, помалку ред и поверење. Но, тоа преставуваше голема работа да се пренасочи и да се доведе својот народ во заблуда и да ја очекува од тугинците националната слобода.

НАРЕДБИТЕ НЕ ТУЃИТЕ БОГОВИ

(Чепкање по воените архиви. Види: „Егејска Македонија во НОВ септември 1944 - февруари 1945. Том 4 книга 3, 1996 година, стр. 173 и 174)

Преглед на настани:

4 октовмри 1944 година

Радиограма од Светозар Вукмановиќ -Темпо (Нарекуван од Македонците како"Најмилиот брат") до ВШ на НОБ и ПОЈ за неправилниот став и однос на грчкото раководство на отпорот спрема Македонците од егејскиот дел на Македонија.

Радиограма бр. 35.

Грците повторно настојуваат да ги разбијат Македонците во Грција. Им забрануваат и со оружје им пречат да мобилизираат нови борци во македонските единици. Сменија Македонци од раководни места и поставија Грци. Апсат раководители, убиваат невини луѓе, забрануваат песни за Тито и други наши песни.

Ги советуваме Македонците да преминат кај нас (Југославија) и да не дозволат да ги разбијат и да ги апсат. Ќе примиме и некои раководни другари, авторитетни Македонци и ќе формираме делегација со доказен материјал за ГШ на Македонија.

Темпо.

5 октомври 1944 година.

Радиограма од Александар Ранковиќ до Светозар - Темпо со која наредува да не праќаат единици на НОВ и ПОЈ на Југославија во Егејска Македонија.

Радиограма бр. 3.

За сега да не праќате единици во Грција. Доставете конкретни податоци за да вложиме протест кај претставникот на Грција (Преставник на ГШ на ЕЛАС и на ПЕЕА во ВШ на НОВ на Југославија беше Андреас Цимас.)

*

6 октомври 1944 година.

Радиограма од Светозар Вукмановиќ - Темпо до ВШ на НОВ и ПОЈ, со која известува за репресиите на ЕЛАС врз Македонците од егејскиот дел на Македонија.

Радиграма бр. 43.

Поради тоа што повторно започна масовен терор на грчките партизани врз македонските единици во Грција, го проучивме прашањето за испраќање на наши единци во Грција со цел да се борат против Германците и заради заштита на нашето население.

Темпо.

*

Едно утро радио Лондон, емитуваш извештај од капетан Еванс, Хачисон Патрик. Написот беше посветен на македонското ослободително движење во областа на Флорина и Касторија, и забележува:

“Во октомври 1944 година на ГОЧЕ (Илија Димовски) како КАПЕТАНИОС и практично командант на Вториот батаљон на ЕЛАС - овиот 28 полк, му беше наредено од ЕЛАС да замине за ВЕРМИОН (Дурла), тој одговорил „не”, ние сме МАКЕДОНЦИ и нашето место е во МАКЕДОНИЈА, но тој, јас верувам дека Вермион е помалку СЛОВЕНСКИ отколку областа ВИЧО, каде ГОЧЕВИОТ батаљон тогаш беше стациониран и каде тој прво го пополни него; и родното место на ГОЧЕ е ВИЧО. Тој тогаш се побуни и замина за ПРЕСПА, подоцна за МОНАСТИР (Битола) и неговиот батаљот беше со него.

На овој батаљон му се придружи и командантот на одредот “Лазо Трповски” Чакаларо (Наум Пејов), тој со оружје заробено од Германците се бори против андартите, се изјасни дека неговата цел е независна МАКЕДОНИЈА, а не голема БУГАРИЈА. Имаше и веројатно има големо влијание на селата во близината на неговото село Габреш. Неговата чета беше нападната и растурена од единиците на ЕЛАС во средината на летото.

Се истакнува дека ПЕЈОВ бил комунист од пред војната, но тој бил разочаран од односот на КПГ и ЕЛАС спрема Македонското прашање. Тој уште во мај со група свои соборци заминал за ПРЕСПА во ГШ на НОВ и МОМ во селото Шулин со цел да праша дали можат сите Македонци што се во редовите на ЕЛАС да поминат во редовите на Титовата армија. ДЕЈАН го примил и му дал засолниште, но скоро бил прекорен од ТИТО. ПЕЈО беше вратен назад од Титовите партизани, некои велат лично од ТИТО, во ЕЛАС кој го прати под амнестија во батаљонот на ГОЧЕ. Кога ГОЧЕ се побуни во октомври ПЕЈОВ му се придружи се до МАНАСТИРИ(Битола) и го подржа во сите акции.

На 17 октомври 1944 година”.

Кога дознал капетан Маркос, со старата омраза кон Македонците; се намршти и ги повикал сите штабови веднаш да донесат решение и да испратат елитни единци за прогонување и фаќање.

Тој рекол: „Сега... Јас би ги гонел како тоа го правам и со Германците. Тоа е многу сериозно прашање. Тие можат да се разбунтуваат во нашите редови и ние ќе понесеме големи загуби...”

Во историјата на македонскиот народ, том петти стр. 483, се вели: „Четвртата дивизија решила да употреби воена сила за ликвидирање на батаљонот, во што ги ангажирала 27, 28 и 53 полк на ЕЛАС и месниот резевен ЕЛАС. Пред големата надмоќ на ЕЛАС и да се избегна крвопролевањето, на 12 октомври 1944 година батаљонот ја напуштил територијата на Егејска македонија и се префрлил во Вардарска Македонија. Истиот ден и од истите причини тоа го сторил и Воденскиот 8 македонски батаљон. Вкупниот број на борците Македонци што се одделиле од ЕЛАС и се прафрлиле во другиот дел на Македонија изнесувал околу 2. 250”.

По ова што се случи во костурско и леринско, на 10 октомври 1944 година, во Саракиново пристигна емисарот на Темпо, Рочко од Ваташа. Барал батаљонот да се стави под команда на Главниот штаб на НОВ и ПО на Југославија. Види: Павле Раковски, Автобиографија - моите страдања, издавач АЕА, Скопје, 1995.

Според извори на КПГ, во редовите на активниот и Резервниот ЕЛАС се бореа повеќе од 25. 000 Македонци и Македонки. Види: Ристо Кирјазовски,„КПГ и македонското национално прашање”, стр. 347.

Расцеп и сите мекедонски парадокси.

Во тој период на време настана една страшна подела на македонските комунисти во Егејска Македонија, а таа подела се одрази и во Граѓанската војна. Тие комунисти кои останаа во редовите на КПГ беа и останаа да ја подржуваат линијата на Партијата која гарантираше: „полна рамноправност на македонците во рамките на Грција.” Сега низ историјата нив ги стретнуваме како „изроди” и гркомани (како што ги именува Евдокија Фотева - Вера во книгата: “До пеколот и назад”,Скопје, 2005), а тие што пребегаа со батаљоните во Титовата армиаја како „дезетери” и покасно во Граѓанската војна беа наречени „Титови агенти” и осудени од КПГ.. Се се сведува на македонска работа. Но, во тој расцеп се одвиваа сите македонски парадокси. и токму тука, на тие ралации треба да се истражува ФЕНОМЕНОТ НА НАШАТА ПОДАНИЧКАТА СВЕСТ.

Сега со различни визии (за војна и безвојна - како мал и духовно необединет народ) и со различни копнежи. Контролиран процес,

условуван, преиспитуван од корен. Мачно докажување од сите: кој од кого повеќе ја сака Македонија и Македонците. И сосем различно сфаќанија за иднината и опстанокот Македонците под Грција на своите многувековни прадедови огништа и со различна љубов и омраза се топоревме врз судбина на Македонија и Македонците под Грција.

Грчките партизани реагираа со страшни репресалии против македонското население... Уште повеќе, тие ги затвораат сите Македонци што се во редовите на грчките партизани и ги интернираат во јужна Грција и целиот пропаганден материјал е прогласен за нелегален.

Каква била дипломатската игра на Тито(КПЈ/КПМ) за иднината на Македонците под Грција, токму по завршувањето на Втората светска војна на почетокот на 1945 година?

Додека во текот на војната Ј. Броз - Тито го застапуваше ставот на Македонците од Егејскиот дел на Македонија ќе ги остварат своите аспирации во рамките на грчката држава, по договорот во Варкиза од 12 февруари 1945 година забележуваме родикална промена на ставот.

Положбата во Н. Р. Македонија и Ставот на КП на Југославија

ЗОШТО НА СРЕМ А НЕ НА СОЛУН? (29)

Од историографските истражувања: „Луѓето што добро не ги познаваат приликите за време на Втората светска војна повремено го покренуваат и прашањето зошто македонските единици тргнале на Сремски фронт, а не на Солун за да ја обединуваат Македонија. Од тоа време се знае и за побуната на артилериската бригада која била сместена на Скопското кале и која на 7 јануари 1945 година тргнала кон центерот на Скопје, извикувајќи: „На Солун, на Солун! “ Побунетите веднаш билое вратени назад, а некои од актерите затворени и осудени. Историчарите кои го истражуваа овој период велат дека одлуката да се замине на Сремски фронт не ја донел еден човек туку Президиумот на АСНОМ, највисокото тело на новоформираната македонска влада, откако стасала наредбата на Врховниот командант Јосип Броз Тито.

За да не се оди на Солун постоеле повеќе причини. Во тоа време Британија во Грција имала стационирано околу 200. 000 војници, 400 авиони и 3. 000 тенкови. Покрај тоа обединетите грчки единици располагале со околу 100. 000 војници, а во Солун се наоѓале и околу

10. 000 војници на кралска Југославија. Сите тие биле под команда на британскиот генерал Скоби. Ако македонската војска тргнела за Солун, таа практично требало да го нападне големиот сојузник во антифашистичката борба и да се бори со моќната и добро вооружена армија на Велика Британија. Со тоа практично би пропаднале сите придобивки за кои се изборите македонските единици во четиригодишната борба и најверојатно денес не би постоела македонската држава. А тогаш Македонија била призната како една од членките на светската антифашистичка коалиција. На нејзината територија престојувале сојузнички мисии, а нивни преставници присуствувале на Првото заседание на АСНОМ.

На оваа тема многу е пишувано, но (Види: Владо Ивановски: "Нова Македонија" од 11-12 октомври 1997 г. број. 3: "Зошто не на Солун". Пренесено од Македонија Тајмс), особено во број 3: "Зошто не на Солун" и дава пресек на настаните, посебно во поднасловите: "Желбите посилни од околностите" и "Ставовите на големите сили", што заслужува посебен респект. Овоа прашање и други автори во своите трудови го споменуваа:"Одиме на Солун, а не на Сремскиот фронт..." и сите преминуваа со голема леснотија, а е едно од клучните прашања. Но тоа прашање, со неверојатна длабинска мисла го отвара и го анализира историчарот Владо Ивановски, а тоа ни ги открива сите други преземени акции од страна на КПМ/КПЈ.

Многу компетентно со непобитни факти проговори Ивановски за:

1. Односот на трите големи сили на антифашистичката коалиција:СССР, САД и Велика Британија;

2. Дека е непобитен и фактот за време на НОВ и ПК на комунистичката партија на Југославија за Македонија и ЦК на КПМ е присутен проблемот за обединување на Македонија;

3. Го наведе и документот од 16- 08- 1944 година "Македонија - Меморандум", на Државниот секретар за надворешни работи на Велика Британија, во кој се вели: " Ние сме готови да дадеме согласност за формирање на македонска држава во рамките на федерална Југословенска држава. Притоа мора да инсистираме оваа држава да не смее да анектира, ниту да бара други територии, независно од тоа дали тие територии им припаѓаат на Бугарија или Грција"

4. Потоа ја наведе Спогодбата за поделбата на интересни сфери, и дека Грција беше 100% под британско влијание, со право, по потреба, во секое време да може да интервенира со сите можни средства;

5. Дека, Тито, летото на 1944 година, барал од единиците на НОВ на Македонија да се обезбеди јужната граница со Грција.Тоа значи да се чуваат суверените граници на овие држави;

6. Дека, во тоа време САД ја истакнува неопходноста од зачувување на територијалниот итегритет Статус љуо на предвоените граници на Југославија,а Бугарија и Грција и дека САД беа категорично против каква и да е ревизија, иако притоа признаваа македонска територија во Грција.

И на крај дава заклучок:
"...Политичкото и военото раководство на Македонија реално ја проценило, ја држеше и ја контролираше ситуацијата за време на јануарските настани, не дозволувајќи притоа да преовладаат емоциите над разумот и на тој начин штотуку формираната и кревка федерална Македонија да биде вовлечена во војна. Последиците од таквата авантура би биле кастрофални."

На овоа сериозно прашање, на 14 септември 2009 година во "утрински весник", генералот Тодор Атанасов на прашањето " Дали требаше да одиме на Сремскиот фронт"? Генералот дава сериозна анализа и вели: Учесник сум во таа кампања, тогаш наречена "Операција за дефинитивно ослободубање на Југослаија" и вели: Еве зошто требаше да одиме:

- Првата државичка, според мене и мудра одлука на АСНОМ, беше "Македонија ќе ја продолжи војната против фашизмот иф ашистичките држави до целосна победа" Ако не одевме на Сремскиот фронт, не ќе ја реализиравме оваа одлука на нашата држава.

- Пред да одиме на Сремскиот фронт, се случи спогодбата во варкиза меѓу грачката кралска влада и ЕАМ - Антифашистичкиот фрон на Грција. По оваа спогодба, почна разоружувањето на ЕЛАС - НО војска на грција, а потоа ќе почне монархофашистичкиот терор, не по пауџидите на Наполеон Зервас, туку врз борците - антифашисти. Македонците воини на АФ се најдоа во монархофашистичката машина за мелење човечко месо. За ова од мене поквалификувано можат да кажат се уште живите воини од Егејска Македонија и историчарите.

- АСНОМ и ние, неговата војска (НОВ и ПОМ), не можевме да го занемариме искуството наречено “Варкиза”. Видовме што се случи кога се врати грчката кралска влада. Си преставивме што би можело да се случи ако се вратеше српската влада од Лондон? ! Одговорот ќе им го препуштам на оние што ислат поинаку.

- Ишодот на војната на глобален план беше извесен, меѓутоа ишодот на војната во Југославија не беше сосема извесен. Во тој миг за Македонија, за македонскиот народ, за македонската држава и за придобивките од четиригодишната борба, животно прашање беше да не ни се случи и нам овде “Варкиза”. Македонскиот егзодус по “Варкиза” не беше дело на германскиот фашизам, туку на монархофашистичкиот терор и погром спонзориран од сојузниците. Не само што требаше да одиме на Сремскиот фронт туку бевме подготвени да сториме и повеќе само да не се врати српското кралство. Патем, ако некој возрасен Македонец мисли дека не е значајно што македонските дивизии избија на австриската граница пред очите на цел свет, тогаш тој “некој” има не историско - научни, туку сосема други проблеми. Тие дивизии небеа дива војска. Зад себе имаа своја држава, асномска Македонија, дефакто сојузничка држава во рамките на АФ - коалиција. Не сега и поради мислењето на Ј. А. (полемизира со Јовче Ангелески, актуелен раководител на Музејот - НОВ и антифашистичката борба), туку и тогаш, одењето на Сремски франт, на берлнин имаше алтернатива. “Не на Берлин, туку на Солун”. На оваа линија мошне сериозно пробуричкаа специјалнисе служби на Третиот рајх, а и остатоците на сличните на фашистичка Бугарија, вешто манипулирајќи со чувството на Македонците - кој Македонец не го сака Солун? Да го поставиме поинаку прашањето: што ќе беше ако не одидовме на Сремскиот фронт, односно ако тргневме за Солун? Еве го одговорот:

- Ако не одевме никаде, ни на Солун, ќе останевме на бришан простор и ќе се случеше балканска догма за прераспределба и допарчосување и на овој дел на Македонија.

- Ако тргневме на Солун, како држава ќе преминевме на страната на фашистичката оска, на губитничката страна, сами ќе се исклучевме од Антифашистичката коалиција и фронт. Тоа ќе беше акт на војна против сојузниците - посебно што односот на силите беше крајно негативен за такво нешто - ќе одидевме во неврат и националната слобода и националната држава. Солун не ќе го земевме - и ќе ни се случеше наша “Вардарска Варкиза”, што ќе беше пустошно за Македонија.

Ги читам и со задоволство ги препрочитувам колумните на генералот Тодор Атанасов. Низ неговите текстови човек со задоволство ќе констатира дека Атанасов е вистински интелектуалец и пишува со чин на историска одговорност и со својот интелектуален и морален капацитет толкувањата ги става во служба на македонското општество и на своето време. Тоа го покажува во неговите текстови како неговата иманентна особина и не дозволува да биде турнат во некаков политички темен тунел.

По овој негов напис "Дали требаше да одиме на Сремскиот фронт? " Односно "Не на Берлин, тука на Солун", се служувам со заклучок: на д- р Владо Иваносвки и со неговото воено - аналитичко и политичко објаснување дека и двајцата многу компетентно ги објасниј фактите и дојдоа до заклучокот:

"...Политичкото и военото раководство на Македонија реално ја проценило, ја држеше и ја контролираше ситуацијата за време на јануарските настани, не дозволувајќи притоа да преовладаат емоциите над разумот и на тој начин штотуку формираната и кревка федерална Македонија да биде вовлечена во војна. Последиците од таквата авантура би биле кастрофални."

Јас како учесник во ДАГ и човек кој одблизу го доживеа геноцидот и моето семјство се најде: татко ми во Австралија, мајка ми во Полска, брат ми во затвор во Грција, а јас во СССР (а тврдам дека илјадници семјства така ја доживееа трагедијата во егејска Македонија), ми се наметнува, посебно прашањето: зошто генералот се дистанцира од интегралното согледување на македонската историја! ?

Да ја проследиме силата на аргументите пред аргуменотот на силата:

- Дали нашиот истакнат и почитувам генерал знаел (а мора да знае дека кој го донел злото во егејска Македонија и уште повеќе за извршениот геноцидот над Македонците под Грција) дека од октомври 1944 до 14 октомври 1946 година, Македонците од егејска Македонија беа во прегратките на КПЈ/КПМ, и дека по неполни два - три месеци од бунтот на скопското Кале, во Скопје беа смртосно заведени Македонците од егејска Македонија и по иницијатива на ракодството на КПЈ/КПМ на 23 април 1945 година се формирани организацијата НОФ (Народноослободителен фронт) на Македонците од Егејска Македонија. Едновремено во состав на НОФ бе формирани женската организација АФЖ и младинска организација НОМС. Тоа сега по 60 години го потврдува и историчарот Ристо

Киријазовски(Види: Книгата “Петте судбоносни години во егејска Македонија (1945 - 1949) Д- р Р. Киријазовски - поглавје: Акцијата на Тито во Егејскиот дел на Македонија, стр. 13, 14, 15, 16).

Историјата на Македонците од егејска Македонија не е ништо друго, туку список на измами, поданства, предавства, злосторства и несреќи, но прашањето е зошто тоа не се кажува во интегралната историја на Македонскио народ. Интегралната историја на Македонскио народ, сепак треба да каже, кој го активира “македонскиот синдром” за (Само) жртвување на Македонците под Грција во годините (1945 - 1949) во Граѓанската војна и со тоа отидовме во неврат и со тоа отидовме во неврат и со тоа бационалната слобода и занавек ги изгубиме таткови огништа.

Ако во историјата треба да ја гледаме иднината, ме интересира и должност ми е како учесник во Граѓанската војна да ги иследувам корените на злото: по чија волја бевме турнати во Граѓанската војна(1945-1949), токму по Втората светска војна и дали ние Македонците не носиме вина за обезмакедончувањето на Македонија под Грција? Имавме ли стратегија за да ги сочуваме вековните огништа или со тоа му одеше на рака на Грција за израмнување на нејзините интереси, бидејќи добро знаеме со спуштањето на железната завеса, за нас Македонците под Грција, одвај се чекаше некаков повод...

Како беше со Македонците во Југославија? Во тој период на време (но и се до распадот на СФРЈ), сепак, факт е дека Македонците, во рамките на поранешна Југославија, не “бодеа” толку очи бидејќи тие во самата Федерација не доаѓаа (доволно) до израз. За надвор од неа и да не зборуваме. Надворешната политика беше во рацете на Белград, со одредено влијание на Загреб и Љубљана. Ние (реЧиси)не се мешавме. Тоа, значи дека сите неправди правени спрема нас Македонците од Егејска Македонија се натураа од Белград.

Никако не сакам да зборувам за тоа како само другите се виновни за тоа што се случило со нас Македонците. Во нашата историографија се има доста сокриено и повеќе од полавек нема кажано: како и зошто КПМ дозволила Југославија да има двострана политика; јавна и тајна - со која ги потикнуваше Македонците под Грција за вооружена борба? Зарем не беше тоа против волјата на македонскиот народ? Дали со тоа македонскиот народ не дозволи друг да му ја крои судбината? Зошто во интергралната македонска историјографија не е објаснета таквата вина на КПМ/КПЈ?

Проблемот изгледа компликуван, но така е навидум, зошто вистината е едноставна, ако гледаме чесно и непристрасно врз суштината на историската објективност. Значи се поставува прашањето: Дали ние Македонците (сега еден народ во грчката држава, после етничките промени, кој во 10 милионското население преставувавме околу 3%) преку таквата стратешка опција пропагирана и нудена токму од луѓето на НОФ и АФЖ, бевме интелектуално и воено - политички способни да го сочуваме територијалниот интегритет и компактноста на македонското население (во Егејскаа Македонија) по Втората светска војна, кога меѓународните граници на Грција и Југославија, истовремено станаа и воени граници на двата табора?!

ЗВУКОТ НА ВОЈНАТА:

Настани кои покажуваа промени во политика и првите чекори кон пеколот на Граѓанската војна.

Факти и аргументи:

За доказ дека злото не паднало од небото - туку и нашата приказна е дел од овие конфликтни балкански состојби

1. Со заповед на Ј. Броз - Тито Број 236 од 2 април 1945 година. Првата егејска бригада е расформира:

2. Можеби им дала повод тогашната изјава на Тито во Москва: Во Москва на 26 април 1945 година, Маршал Тито даде изјава за "Њујорк тајмс" во која вели: "Ако Македонците од грчките области изразат желба да се обединат со другите Македонци, Југославија ќе ги почитува овие нивни стремежи." Види: Југословенско - советски договор за пријателство е склучен на 11 април 1945 година, во Москва, и ФО 371/48388/7762.

3. Од официјалната историја: Формирањето на македонските организации: НОФ, АФЖ и НОМС не сомнено имаа политичка цел, сега пишувана од Ристо Кириjазовски (1966/181) ја открива „вистината" и ја остава како информација, но од друга страна ја турка тезата дека водевме револуција, а не измама со создавањето на НОФ, АФЖ и сега во новата книга вели дека биле раководени од КПЈ/КПМ од периодот во времето (23 април 1945 - 14 октомври 1946).

Секој што чита историја и тој што посакува да знае, лесно ќе открие колку сме грешиле ние Македонците во нашето (само) жртвување,

односно колку и зошто сме ја потхранувале и не сме можеле да ја согледаме трагедијата на Македонците под Грција?

Време е македонската историја да ги разоткрие игрите на „големите ледери, државници и нашите занесени ороводци" и македонскиот народ да дознае:

КОЈ ГО АКТИВИРА „МАКЕДОНСКИОТ СИНДРОМ" ЗА НАШЕТО (САМО) ЖРТВУВАЊЕ ВО ГОДИНИТЕ (1945-1949) НА ГРАЃАНСКАТА ВОЈНА !?

Зошто? Затоа што Граѓанската војана е најтрагичниот настан на Македонсците од Егејскиот дел на Македонија и ги прави луѓе без корен и кај сите е всадено чувство на оттугеност.

Многу авторитативно ќе беше, како жив сведок едеен од ледерите на АФЖ; главен и одговорен агитатор за мобилизација на македонската жена, ако за овоа прашање проговореше и авторот Евдокија Фотева - Вера, но и таа ги одмина овие релеванти историски прашања и не упати: во уште една магловитос во тие настани дека тоа бил некаков период на ИЛЕГАЛНОСТ, а не објаснува зошто прибегнале на ОПЦИЈА НА ВОЈНА, кој му годеше исклучиво на тугинците. Што значи досега не е речено ништо: која им била намерата и страетшката цел на оформените Народноослободителните фронтови и која им била платформата на НОФ и АФЖ.

ДАЛИ КРВАВАТА ПРИКАЗНА ВО ЕГЕЈСКА МАКЕДОНИЈА ПОЧНА СО ИЛЕГАЛОНОТО ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗЛОТО ОД ОРГАНИЗАЦИИТЕ - НОФ и АФЖ!?

(Заробеници на поданството - пола век, една вистина заробена во вечна тајна).
Што се случи со оформувањето на НОФ и АФЖ во Скопје под раководството на КПМ/КПЈ?

Дали НОФ и АФЖ, можеби несвесно по налог на тугинците направија увоз на "револуција" во егејска Македонија!? И токму на тој простор од НОФ и АФЖ беше применет стариот добар принцип:„Ако не си со нас, тогаш си против нас".

Ќе каже ли некој, конечно, кој донесе решение за таквата акција?

Ставот на врвот на Федеративна Југославија се гледа прво од изјавата што Маршал Тито ја даде за "Њујорк тајмс" во Москава на 26 април

1945 година: “Ако Македонците од грчките области изразат желба да се обединат со другите Македонци, Југославија ќе ги почитува нивните желби”.

Неколку дена пред тоа, на 23 април 1945 година по иницијатива на раководството на КПЈ- КПМ во Скопје е формирана организавијата НОФ (народноослободителен фрон) на Македонците од Егејска Македонија.

Но, да видеме како се оформи НОФ, АФЖ и НОМС, раскажува еден од основачите Павле Раковски: “Автобиографија (моите страдања), АЕА издавачи, 2000/ стр. 341: “Кон средината на април 1945 година добив порака од Џоџо Урдов. Веднаш да заминам за Скопје. Отидов. Политичката комисија веќе беше распуштена. Наместо неа, при ЦК на КПМ во Скопје, на 23 април се конституира, односно се формира Народноослободителен фронт-НОФ на Македонците од Егејска Македонија (без конференција и избори, по пат на кооптација). Паскал Митревски (30) добил одврзани раце да одбере уште четворица и да го состави централниот раководен орган - петчлено Биро. Ме повика и само ми го соопшти тоа. Ме праша за мислење. Кои четворица други, освен него, мислам оти треба да влазат во ова Биро? Му ги предложив следните. Георги Урдов-Џоџо, Ило Димаков - Гоче, Наум Пејов и Махаил Керамиџиев.

Ми заблагодари и отиде. А Бирото го состави вака; Паскал Митревски, Георги Урдов-Џоџо, Михаил Керамиџиев, Танас Коровешов и Павле Раковски.

Јас веќе споменав дека Митревски високо стоеше пред моите очи поради довербата што му ја укажуваше партиско-државното раководство на СР Македонија. Го ценев и почитував едноставно и отворено. И тоа, ми се чини одлучи, за мојот избор во највисокиот раководен орган на НОФ.

Едновремено во состав на НОФ беа формирани женската организација АФЖ и младинската организација НОМС. Всушност, се работи за проширување на дејноста на истоимените организации од Вардарскиот во Егејскиот дел на Македонија. Членовите на главното раководство и речиси најголемиот дел на активистите на НОФ и на другите македонски политички организации и воени формации беа регрутирани од демобилизираните бориц и старешини на Првата егејска македонска бригаде, и од редовите на егејските Македонци кои како политички бегалци престојуваа во Југославија.

На тој состанок бев одреден за координатор од теренот на Егејска Македонија, со луѓето во Ф. Р. Македонија што ја раководеа дејноста на НОФ, а тоа беа инструктори на ЦК на КПМ. Прв инструктор беше Словенецот Миха маринко, потоа Никола Минчев, Димитар Димитриевски - Пеко.

По првата седница, петтемина тргнавме да ги удриме темелите на НОФ на терен: Во Костурско, во Леринско, Воденско, Енице-Вардарско и Серско..."

Дали Тито (КПЈ/КПМ) во програмските цели и задачи што им ги соопшти Цветко Узуновски - Абас организационен секретар на ЦК на КПМ и министер за внатрешни работи на НР Македонија на егејското раководство на НОФ за Македонците под Грција им нудеа национална стратегија за духовен и физички опстанок на своите огништа или се беше во корист на Југословенската политика?

На состанокот, на кои присуствуваа од потесното раководство на НОФ: Митровски, Раковски и Урдов, Цветко Узуновски им соопшти: Денес Југославија стана центер на револуцијата на Балканот и дека македонското прашање стана југословенско прашање, поради што КПЈ во Егејска Македонија ги формира овие партиски и политички организации НОФ, АФЖ и НОМС на кои сте вие на чело. Задача на овие организации е даму дадат југословенска ориентација на македонскиот народ во Егејска македонија. Сега, Македонскиот народ и македонското движење се под раководството на КПЈ. македонскиот народ од Егеј ќе го најде своето целосно воспоставување само во рамките на федеративна Југославија, а тоа на Егејска македонија да се приклучи кон Југославија. (АМ. Архив на Македонија. Ф -20/276, Ф- 20/196.)

Грчката опција на раководството на КПГ ја опишува генералниот секретар на КПГ Никос Захаријадис во книгата на ΠΕΤΡΟΣ ΑΝΤΑΙΟΣ, "ΝΙΚΟΣ ΖΑΗΑΡΙΑΔΗΣ − ΘΥΤΗΣ ΚΑΙ ΘΥΜΑ" стр. 414.

.

Тој пишува:

"Година во која Захаријадис со една група партиски кадри кои ги имаа завршено студиите на (КОУТВ) високата партиска школа во Москва, се враќале од СССР во Грција (1924) и во тој период се одржа 3 - от вонреден Конгрес на Социјалистичката Партија на Грција и на тој конгрес е преименувана во Комунистистичка Партија на Грција (ККЕ). На тој конгрес расчистувајќи некои прашања од внатрешната противореченост, и прифаќа не само решенијата на

конгресот на 3 - та Комунистичка Интернационала, но и тие од балканските комунистистички конференции конкретно, на 7-та Конференција на Балканската Комунистистичка Федерација за таканаречената "Македонска". И тоа ќе застане како прва ЈАМКА која му се навлече на вратот на ККЕ, во името на Интернационалниот пролетаријат".

Подвлекол Захаријадис, а нас Македонците Господ да не чува, не сме верувале на таквата подлост. Во тоа време за луѓето со политичката моќ се колневме во Главатарот Захаријадис. Каква ретка среќа доживувавме затоа што го имавме, затоа што неводел и ни го трасирал патот до победата. Пеевме, за него песни и кога бевме радосни и кога бевме гневни.

Ах, денес колку боли тоа наше ЦИВИЛИЗАЦИСКО ЛИЦЕМЕРСТВО! ?

Захаријадис на авторот Антеос му дообјаснува: "Отсем бугарската (31) делегација, југословенските и грчките делегате, гласаа за ставовите за автономија на Македонија и на Тракија, верувајќи дека ја исполнуваат Интернационалната должност и усложнувајќи ги бугарските совенистички погледи на овие простори".

Каква била политиката на Коминтерна? Дали Захаријадис се придржувал на таа политика и како ја поднесувал ЈАМКАТА која му била наметната од Коминтерна?

Захаријадис бил лидер на грчкото комунистичко движење и генерален секретар на КПГ (ККЕ) од 1936 година до 1956 година и упорно го култивираше во редовите на КПГ култот и довербата во апсолутна непогрешност на КПСС и на Сталин, тогаш зошто ја подржувал линијата на поранешните грчки раководства од 1924 година до 1936 година и вели дека "Македонското прашање" и нему и на КПГ му било ЈАМКА? !

Дали навистина, таквиот став, официјално му го одобрувале КПСС и СТАЛИН?

Ако тоа го рекол Захаријадис уште во 1924 година, значи тој систематски ја подржувал официјалната партиска линија на Јанис Кордатос и потесното раководство на СРПГ (Социјалистичка работничка партија на Грција), која на третиот вонреден Конгрес на партијата (но и уште од своето формирање во 1918 година), донеле резолуција и биле против политиката на Коминтерна за "Обединета и

независна Македонија”,бидејќи таквата политика не и оди во прилог на новата грчка историска реалност.

Која била историската реалност на сите грчки комунисти?

Објективната историска реалност за овие комунисти, била; одбраната на колонистите: таквата реалност настапила откога во егејска Македонија беа донесени повеќе од 630.000 колонисти од Мала Азија, односно со остварените договори:

Нејскиот мировен договор: Грција и Бугарија и

Лозанскиот мировен договор: Грција со турција.

За комунистите, тоа довело во егејска Македонија до етнографско - историски промени и сега грчкото неселение било мнозинство и немало место за таквиот став на Коминтерната за “Обединета и независна Македонија.” Значи, КПГ правеше се, само да не ја вознемири грчката буржуазија и да не се создадат услови за воведување диктаторски режим во Грција, а воведениот диктаторски режим од Метаксас против Македонците, не им беше грижа.

Така, проживувавме со тие комунисти кој имаа цврсти ставови дека: “Националното прашање ја интересира само буржуазијата”. Борбата на работничката класа не е заинтересирана за “Нациолното прашање”.

Тоа не го сфативме, но сега верувајќи му на Захаријадис кои се преставуваше комунист и дека работи и верува во Ленинските - Марксистичките принципи, доживеавме од Захаријадис; геноцид и протерување на Македонците од строседелските огништа.

Долгогодишното истражување за сите дејања на грчките комунисти покажа дека тие по промената на етничкиот состав во егејска Македонија никогаш не биле за решавање на македонското прашање, а тоа исто покажува, и кај многу други воено политички аналитичари (Грци, Руси, Хрвати и Американски имат голема воздржаност; токму за целокупната дејност на Захаријадис: - Дали тој навистина бил за социјалистичка револуција во Грција и рамноправност; со право на самоопределување на Македонците во годините на Граѓанската војна или повеќе ја застапувал страната на западните сили.

Факт е дека: ККЕ (КПГ) не опстујувала на Коминтерските ставови во однос на македонското национално прашање, таа секогаш била само

со намерите да го користи во интерес на развојот на грчкото ослободително движење под своја контрола. Дури настојвале и преку СНОФ да дејствуваат во насока на привлекување на македонското население во ЕАМ и КПГ и да се борат под нивни стратешки цели.

Посебно се познати сите манипулации токму од самиот генерален секретар Захаријадис за длабочината на македонската трагедија во Граѓанската војна (1945-1950), кои идеа во прилог на грчката влада и се покажа дека АКЦИЈАТА НА НОФ ЗА ТОТАЛНАТА МОБИЛИЗАЦИЈА НА МАКЕДОНЦИТЕ ВО ГРАЃАНСКАТА ВОЈНА БИЛА - БЕСЦЕЛНА И САМОЖРТВУВАЧКА.

Дали со таквите постапки, Захаријадис не посакуваше да му докажи на грчкиот народ, дека ЈАМКАТА била за Македонскиот народ, а не за Грчкиот.

Ние Македонците, низ годините на Граѓаската војна спречени бевме да ја манифестираме волјата за национално единство, туку робовски им служевме на лидерот и партијата, која не искористија и не фрлија во идеолошкиот отпад.

За комунистите било нормално; прво да не поделат и поробат, потоа да ни го изменат етничкиот состав со донесувањето народ од Мала Азија на Македонска земја и тие да ни станат господари, а ние да се саможртвуваме...?

На секои Македонец, дури по војната му стана јасно, дека се боревме за да не снема. Не намамија комунистите и не воведоа во длабока и идеолошка и политичка криза. Ете тоа е: СУРОВА ВИСТИНА ШТО МОЖЕЛ ДА НИ ГО НАПРАВИ САМО ЗАТЕМНИЧАВ ЧОВЕКОВ УМ.

Тоа го барала грчката влада која имала опција на геноциден зафат зафат над Македонците, а го остариле комунистите.

Познато е дека Владата во емиграција на чело со Папандреју во Каиро, уште тогаш барала од КПГ и ЕЛАС, конкретно од секретарот на КПГ - СЈАНТОС:

„Да се ликвидираат сите не грчки (славофонски) политички организации и воени формации во северна Грција. Историска грешка на Грците и грчката држава ќе биде, ако и славофонските формации СНОФ И СОБ учествуваат во ослободувањето на градовите:

Касторија, Флорина, Едеса и другите територии што сега се окупирани од Германците и Италјаните.”

Реакции и други настани во тој период во Грција.

1. На 17. 04 1946 година, солунскиот десничарски весник „Неа Алитија” (Нова вистина), објави напис со наслов,, Нашите Судети, во ко се зборува за Македонците и се квалификуваат како судети и како такви, пишува весникот “...во интерес на мирот и безбедноста во Грција, треба да бидат ликвидирани”.

2. Весникот „Етникос Кирикас” пишува: „Од Грција треба што поскор да се протераат 80. 000 Славомакедонци”.

Истото се вели и во неделникот - републички весник „Елефтерос типос” од 28. 01. 1946 година во стаијата: „Нека си одат Славомакедонците од нашата Македонија - нека си одат каде што сакаат”.

* *

СТАВОТ НА ЗАПАДНИТЕ СИЛИ БЕШЕ ЈАСЕН, НО РУСКИОТ-СТАЛИНОВИОТ Е ЧУДЕН: “НЕКА СЕ БУРИЧКА ВО КАПИТАЛИЗМОТ, НО НЕ ЗА ПОБЕДА” И ПОДРШКА – САМО НА ЗБОРОВИ, А ЈУГОСЛАВИЈА ИМАШЕ ДВОСТРАНА ПОЛИТИКА - ЈАВНА, СО КОЈА ГО ПОЧИТУВАШЕ ИНТЕГРИТЕТОТ НА ГРЦИЈА И ТАЈНА & СО КОЈА ГИ ПОТИКНУВАШЕ МАКЕДОНЦИТЕ ОД ЕГЕЈСКИОТ ДЕЛ НА МАКЕДОНИЈА ЗА ВООРУЖЕНА БОРБА.

Големите сојузнички сили, во принцип, не биле против создавање на македонска држава, но тие не се согласувале меѓу себе како да изгледа идната македонска држава. СССР ургирал за присоединување на македонските територии во состав на федерална Југославија, додека, пак САД и Велика Британија не сакале соединување на македонските територии, затоа што тоа не и било од корист на Грција. За да се спречи планот за соединување на македонските територии, главната дипломатска улога за иднината на македонската држава во свои раце ја презела Велика Британија.

Впрочем, таа им диригирала на САД каков да биде нивниот став во однос на Англија спрема Америка сигурно може да се види и во телеграмата што била упатена до американскиот државен департмент од Барнес, американски дипломат во Софија, на 26 јануари 1945

година, а со чија содржина била запозната и бугарската влада: “Владата на Неговото величество не е на мнение да се одобри формирање ексклузивна федерација меѓу Југославија и Бугарија. Но, ние сме подготвени да се согласиме со федерација на сите балкански држави составена од сегашните сојузници и од нивните непријатели, а со можност за вклучување и на Турција во неа. Исто така, Неговото величество силно се спротивставува на создавање голема македонија, во која би била вклучена и територијата под грција, но ние сме подготвени да ја одобриме идната македонска држава во состав на Југославија...

Неговото величество става до знаење дека секое присоединување на територија од Бугарија со југословенската федерална држава Македонија без согласност на ОН ќе се смета за акт за кој неговото величество е со мислење дека бугарската влада нема право да го стори тоа”.

Оваа британска закана против соединување на македонските територии под Грција и Бугарија државниот департмент на Америка ја прифатил како свршен чин, иако САД биле со став дека желбата на локалното население треба да се почитува. Во телеграмата од 24 февруари 1945 година до британската амбасада во Вашингтон, американскиот департмент одговори дека “САД се со позиција дека предвоените граници на Југославија, Бугарија и Грција во однос на македонската територија треба да се почитуваат како полноправни и каква било нивна ревизија единствено може да се изведее со почитување на желбата на населението и со меѓународна подршка, во рамки на повоената мирољубива победа”.

Како што се гледа тука, САД во принцип биле да се почитува желбата на локалното население, но тие сепак попуштиле под притисок на британската влада и го прегазиле принципот на сопствениот политички дух да се почитува желбата на народот, па и дозволуваат на Британија да ја скрои политиката на Балканот по соја мерка. “Американската влада се согласува”, стои во истата телеграма, “со погледот на британската влада дека не постои легитимна база за подршка на Македонија, било да е тоа за независна и самостојна држава, како дел од Југославија или пак дел од големиот словенски сојуз, да и се даде територијата под Грција со објаснување дека таа територија е македонска”.

На овој начин Велика Британија успеала да ја придобие Америка за да го заштити своето миленичe Грција. Овој британски притисок врз сојузниците, како и врз Југославија и Бугарија, силно го растресол

југословенско - бугарскиот план за соединета Македонија во федерална Југославија. Како заклучок: Британското политичко влијание врз иднината на Македонија и македонското население под Грција, за жал, успева да ја легитимира поделбата на Македонија.

А каков беше ставот на англискиот амбасадор во Атина:

Господинот П.А. Липер уште во ноември 1944 година се носеше со идејата за раселување на 120. 000 словенски - Македонците северно од Грчката граница под Грција. Тоа му го предлагал на министерот за надворешни работи на Велика Британија Антони Идн во писмото од 24 ноември 1944 година со цел „Грција да нема било какво славјанско малцинство и заради тоа што ампутирањето на славјанската територија кон западна Македонија и нејзиното анектирање во славјанската федерација е практично невозможно и би било истовремено економска катастрофа за Грција": ФО 371/43649 ХП 00201 Р. 20431/1009/67.

3. Историските факти исто говорат дека во 1945 година и по завршувањето на Втората светска војна дури 35.000 етнички Албанци - Чамите, со муслиманска вероисповед, кои се ставија под команда на Италија, биле истерани од денешна Грција поради соработка со окупаторските германски власти. Грција се изјасни дека тоа поглавје од нејзината историја и во албанско - грчките односи е затворено со оправдување: „Тие соработуваа со италијанско - германските окупатори за време на Втората светска војна и бидејќи се воени злосторници беа казнети според грчките закони".

Стотина милијарди долари за Тито

По шестогодишното живуркање во Југославија, поради потпишувањето на воената спогодба со двете членки на НАТО, во пролетта 1954 година, Тито ги посети најпрвин Турција, а потоа и Грција. Со пактот парафиран во јуни 1954 година, армиите на овие три земји добиле задача од САД да го бранат Средоземјето од Советите.

Тито го потпиша пактот во свечена бела униформа, со Сталиновиот Орден за победа на градите.

Ноќта спроти свечениот чин, младите грчки комунисти, при пречекот на југословенскиот претседател во пирејското пристаниште, фрлале летки: "Доле Тито, предавник", "Тито, надвор од Грција".

Три години порано, во јули 1951 година, додека уште се преговарало за пристапувањето на Југославија кон американската програма за помош за заедничка одбрана, генерал Двајт Ајзенхауер го сретнал во Париз Константин Поповиќ. го прашал:

- Дали Југославенската армија, заснована на комунистижки систем, би се борела против Советскиот Сојуз, рамо до рамо со капиталистичкиот систем, во кој генерал Ајзенхауер длабоко верува?

- Доктринарната позиција не би била пречка Југословенската армија да се спротивстави на агресијата заедно со западноевропските војници.

Во деведесетитте години од минатиот веќ објавени се неколку различни податоци за тоа, колку САД и другите водечки западни земји, вложиле во одржувањето на режимот на Тито. Според едни се работело за речиси сто, а според други за 102 милијарди долари, според паритетот на вредноста на американската валута од 1988 година.

Види: Перо Симиќ, во својата книга Симиќ, “Тито - Тајна на столетието” за македонското издание ТОПЕР, Скопје 2009, стр. 274-275.

4.1 Ставот на Велика Британија.(Британците го контролираат Балканот од секогаш. И сега.)

Во почетокот на 1945 година веќе беше јасно дека капитулацијата на Германија се гледа хоризонтот. Значи беше крајот на најкрвавиот судир на цивилизацијата - Втората светска војна и човештвото со многу жртви и голем хероизам посакуваше да ја затвори најцрната страница. Светот со нетрпение излегуваше од темницата што му беше наметната од мрачните умови во Берлин, Токио и во Рим. Черчил, Рузвелт и Сталин се состанаа во Јалта (32) да ја договорат поставената распределба на моќта и влијанието. Сојузничките трупи од запад и Црвената армија од исток незадржливо се пробиваа кон срцето на третиот рајх - БЕРЛИН. Хитлер не го изгржа понижувањето, се самоуби на 30 април. Берлин падна на 2 мај, а Германија конечно се предаде на 9 мај.

Сепак, големите сили, како и секогаш во човековата историја, останаа главни актери во меѓународниот живот. Тие продолжија да ја зголемуваат својата моќ и да го шират своето влијание понатаму од своите граници во обид да го моделираат светот во согласност со сопствените интереси. Притоа, кога во 1945 се распадна политичкиот и воениот сојуз кој го порази фашизмот, „безбедносната дилема" почна да ги разјадува односите меѓу Америка и Советскиот Сојуз.

Поделените Македонци во четири држави, но и за тој период на време кога државите се најдоа под влијание на разни политички сфери (глобализација - световна идеологија) и тука се раѓаат прашањата кои следат:

Прашања кои досега многу автори не ги допреле во своите книги напишани за Македонците од Егејска Македонија се како и зошто е прифатена високата цена на масовната политика примената над Македонците во Граѓанската војна во Грција и дали тоа беше пробен модел за организирање на миграционите движења, бидејки тоа по војната се докажа со извршениот геноцид над Македонците.

Зошто се поставува овоа прашание? Затоа што македонските раководители требаше тоа да го знаат дека многу компетентно со непобитни факти се говори во документот од 16-08-1944 година "Македонија-Меморандум", на Државниот секретар за надворешни работи на Велика Британија, во кој се вели: " Ние сме готови да дадеме согласност за формирање на македонска држава во рамките на федерална Југословенска држава. Притоа мора да инсистираме оваа држава да не смее да анектира, ниту да бара други територии,

независно од тоа дали тие територии им припаѓаат на Бугарија или Грција. “

Потоа ја наведе Спогодбата за поделбата на интересни сфери, и дека Грција беше 100% под британско влијание, со право, по потреба, во секое време да може да интервенира со сите можни средства;

Дека, Тито, летото на 1944 година, барал од единиците на НОВ на Македонија да се обезбеди јужната граница со Грција.Тоа значи да се чуваат суверените граници на овие држави;

Дека, во тоа време САД ја истакнува неопходноста од зачувување на територијалниот итегритет СТАТУС -ЉВО на предвоените граници на Југославија, Бугарија и Грција и дека САД беа категорично против каква и да е ревизија, иако притоа признаваа македонска територија во Грција.(Види: Владо Ивановски: “Нова Макеонија” од 11-12 октомври 1997 г. број. 3 “Зошто не на Солун”. (Пренесено од Македонија Тајмс), особено во број 3: “Зошто не на Солун” и дава пресек на настаните, посебно во поднасловите: “Желбите посилни од околностите” и “Ставовите на големите сили”, што заслужува посебен респект. Овоа прашање и други автори во своите трудови го споменуваа:”Одиме на Солун, а не на Сремскиот фронт...” и сите преминуваа со голема леснотија, како и Кирјазовски во овој труд, а е едно од клучните прашања. Но тоа прашање, со неверојатна длабинска мисла го отвара и го анализира историчарот Владо Ивановски, а тоа ни ги открива сите други преземени акции од страна на КПМ/КПЈ, (Види понекогаш како овој автор ја открива вистината и ја остава како информација, но од друга страна ја турка тезата дека водевме револуција, а не измама:Кирјазовски Ристо 1966/181) за создавањето на НОФ, АФЖ и нивното раководење од периодот во времето (1945-1946) и секој што чита историја и тој што посакува да знае, лесно ќе открие колку сме грешиле ние Македонците во нашето (само) жртвување, односно колку и зошто сме ја потхранувале и не сме можеле да ја согледаме трагедијата на Македонците под Грција?

Проблемот изгледа компликуван, но така е навидум, зошто вистината е едноставна, ако гледаме чесно и непристрасно врз суштината на историската објективност.Значи се поставува прашањето: Дали ние Македонците преку таквата стратешка опција бевме интелектуално и воено - политички способни да го сочуваме територијалниот интегритет и компактноста на македонското население по Втората светска војна, кога меѓународните граници на Грција и Југославија, истовремено станаа и воени граници на двата табора?

Ако во историјата треба да ја гледаме иднината, ме интересира и должност ми е како учесник во Граѓанската војна да ги иследувам корените на злото: како и зошто беше активиран македонскиот синдром по Втората светска војна во Граѓанската војна 1945-1959 година и дали ние Македонците не носиме вина за обезмакедончувањето на Македонија под Грција? Имавме ли стратегија за да ги сочуваме вековните огништа или со тоа му одеше на рака на Грција за израмнување на нејзините интереси, бидејќи добро знаеме со спуштањето на железната завеса, за нас Македонците под Грција, одвај се чекаше некаков повод.

Јас, исто, полувина век си ги поставувам прашањата:

Зошто КПМ-меѓу КПЈ и КПГ-ги жртвуваше Македонците под Грција?

Зошто КПМ дозволи НОФ да се најде во менгемето на КПЈ и КПГ и во положба да ја брани логиката на безумието и одеше по работ на бричот..

Зарем КПМ не знаеше дека НОФ на КПГ и направи не проценлива услуга, но не помалка на КПЈ.

Зарем неможеше да согледа дека идеолошкиот активизам на туѓинците, се шириле како малигно заболување на душата, кај Македонците под Грција во годините 1944-1950 година...

Зошто ја отфрливме алтернативата која не би била помала славата ако непријателот го победевме со ненапуштање на вековниот стремеж за зачувување на сопствениот исконски македонски простор-нашето прадедово парче земја и компактноста на македонското население во Македонија под Грција?

4.2 Ставот на СССР

КАКОВ БЕШЕ СТАВОТ НА СССР ПО ПРАШАЊЕТО ЗА СОЗДАВАЊЕ НА МАКЕДОНСКА ДРЖАВА ВО МАРТ 1949 ГОДИНА?

На 8 март 1949, Советскиот ополномоштен во Грција Чернишов телефонира во Москва, дека грчката реакција употребува невидена агресивна и активна пропаганда против Комунистичката Партија и андартското движење (ДАГ) за „македонското прашање" за кое станува збор, односно за донесените решенија на 5 -от Пленум на ЦК на КПГ и на 2 Конгрес на НОФ - Народниот Ослободителен Фронт на Македонците. Основната акција на пропагандата е насочена кон дејанијата на Комунистичката Партија и Андартите (ДАГ), кои наводно биле склони кон рушење на суверенитетот на Грција, односно кон целовитиот простор на дражавата. " Ставот по ова прашање за обединување на Македонија во овој момент", продолжува Чернишов, "...Таквата пропаганда на владата Атина и дава повод да изврши регрутирање и пренесување на владините трупи со висока воена готовност кон овие делови што ги контролираат андартите (ДАГ). Грчкиот народ кон ова прашање за целовитоста на грчкиот просторен суверенитет има посебна чувствителност, но истата грижа се јавува и кај луѓето што сега живеат во градовите, а се симпатизери на комунистите и на андартите (ДАГ). Конкретно се очекува да се свика конгресот на Народно Ослободителниот Фронт на Македонците (НОФ), што е одреден да се одржи на 10 март во слободните територии кои се наоѓаат под ДАГ. По тој повод, државниот печат на англоамериканската лига и изјавува со провокативни намери дека Конгресот ќе се определи за припојување на грчка Македонија во една заедничка држава со бугарската и југословенската Македонија и дека Комунистичката партија на Грција "прави предавство на грчка Македонија".

Согласно информациите што Чернишов (за ставот на СССР (33)) ги доби од Москва, на организаторите на Конгресот им се укажува дека таквата намера е непромислена за да на Конгресот стане збор за такво прашање, па дури и за иднината на македонскиот народ во рамките на некаква Балканска Федерација. Но, им се препорачува дека делегатите на Конгресот треба да се свртат кон ориентацијата на населението во грчка Македонија да се ориентираат во борба против монархофашистичкото општество во Грција и да се борат за создавање на една слободна и демократска Грција".

Сталиновиот став:

За формите на Граѓанската војна и методите се дискутираше на посебен состанок меѓу Сталин и Захаријадис. Според грчкиот водач, Сталин ја одредил и тактиката на борбата: "ќе почнете постепено од село спрема град за да се избегне непотребната воена интервенција на Англичаните, а со насока на изнаоѓање компромис". Но да ги проследиме другите факти што говорат за ставовите на Сталин спрема Грција и спрема КПГ, и како Сталин го гледа политичкиот интерес на СССР. (Види: "МЕЛЕТЕС ГИА ТОН ЕМФУЛИО ПОЛЕМО 1945-1949 "стр. 288/289. Но, исто така од голем интерес е ставот на историчарот Рој Медведев изнесен во својата книга:"Нека оцени историјата" Pos Медведев (Лет Хисторѕ јудге), Спокесман Боокс, 1976, /473.":

(Авт.превод - СТАВОТ НА СТАЛИН: " Ставот на Сталин спрема Грција и КПГ во периодот на војната, беше недвосмислен, дури сомнителен. Расположливите доказателства, во главно покажуваат дека ставот на Сталин е негативен спрема Грција. Сталин мислеше дека Грција е мала земја и можеби место положајот и микро-стратешката положбата за политичките интереси на Советскиот Сојуз е неинтересен. (...).

Во 1944, преку англоамериканските средби во периодот време на година април-октомври, Сталин не донесе ниту едно суштинско спротивставување на британските претензии за владењето со интересите во Грција. Кога Черчил и Иден ја посетија Москва во октомври, Молотов едноставно се пазареше со Иден за процентуалната поделба за влијание на поделба на сфери. Тоа беше основа за да така грубо да се сложат Черчил и Сталин на 19 октомври. Но штом се однесуваше за интересите кон Бугарија, Југославија и Унгарија беа сосема други, а за за Грција ниту Сталин, ниту Молотов не помислија за некаква поголема промена на влијание од веќе одредените 10% за Грција.

(...) Рој Медведев, во книгата:"Нека оцени историјата", пишува за првиот круг на Ѓраѓанската војна во 1944 година. Тој вели: " Во судирот што продолжи, Грците комунисти не добија никаква реална помош од Советскиот Сојуз. (...). Советскиот Сојуз се откажа дури и морално да ги поддржи грчките антифашисти. Силите на ЕАМ-ЕЛАС без никаква помош и надеж се принудија да ја прекинат воената борба за власта. Потоа се образува Влада без учеството на ЕАМ. Политиката на владата по неке време придонесе да се создадат услови за Ѓраѓанската војна. Еве тоа е доказ дека уште еднаш пат

грчките комунисти не добија морална и материјална поддршка која се бараше од Сталин и од СССР...” (...)

Уште еден интересен податок што го дава Спиридон Благоев, (види:”Н.М.- фељтон од 17 .05. 1997, под насловов:”Третата и последна средба Тито-Сталин, мај 1946 година”, пишува (…)

“Сталин: ”а Грција покренува ли барања во однос на Југославија?”.

Тито: ”во однос кон нас имаме провокации,меѓутоа во последно време нема”.

Сталин: ”Англичаните таму држат армија, со цел да ја зајакнат реакцијата, возможно, и за други цели”.

Тито: ”(со насмевка): Ние кон нив имаме барање:Егејска Македонија и Солун”.

Молотов: ”Да, Солун, стар словенски град.Нужен е излез на Егејско Море”.(…)

Еден од најистакнатите грчки историографи - Тасос Вурнас, во својата книга “Историјата на денешна Грција - Граѓанската војна” на стр. 176 вели дека Сталин на 10 февруари 1948 година на Југословенската делегација во Москва им рекол, буквално: “Не се согласувам со југословенските другари дека треба да продолжи револуцијата во Грција. Таа борба нема никаква надеж на успех. Што мислите, Велика Британија и Американците, најсилните држави на светот, ќе ви дозволат да ја урнете линијата на комуникација со Средоземното море? Глупости! А и немаме речиси ништо од морски сили! Не! Револуцијата во Грција треба да ја прекинете, што е можно побрзо. Тоа го потврдува и Владимир Дедиер во својата книга “Тито” (1953), но истото го вели и Милован Ѓилас во книгата “Разговори со Сталин” (1962). Тоа им го препорачуваше Сталин на Југословените, највероајтно базирајќи се на договореното, меѓу Сталин и Черчил, на Јалта и во Москва (Од 5-20 октомври 1944 за победа на балканот под влијание на сфери меѓу големите сили). И уште еден Сталинов став јасен и непобитен дека СССР беше против исфрлената парола на Захаријадис која беше изгласана одлука на 5-0т Пленум на ЦК на КПГ за “Независна и обединета Македонска држава во рамките на балканска федерација”. Тоа добро се гледа од преписките на советскиот амбасадор во Атина Чернишов со раководството на СССР и КПГ за таквата одлука дека се против.

Непобитен документ: каков беше ставот на СССР за Македонците и Македонија под Грција.

Види:книгата: −Νικος ΖΑΞΑΡΙΑΔΗΣ − ΘΥΤΗΣ ΚΑΙ ΘΥΜΑ страница 462.

(Авт.превод-СТАВОТ НА СССР ЗА ПРАШАЊЕТО ЗА СОЗДАВАЊЕ НА МАКЕДОНСКА ДРЖАВА ВО МАРТ 1949 ГОДИНА: “На 8 март 1949, Советскиот ополномоштен во Грција Чернишов телефонира во Москва, дека грчката реакција употребува невидена агресивна и активна пропаганда против Комунистичката Партија и андартското движење (ДАГ) за “македонското прашанија” за кое станува збор, односно за донесените решења на 5-от Пленум на ЦК на КПГ и на 2 Конгрес на Народниот Ослободителен Фронт на Македонците. Основната акција на пропагандата е насочена кон дејанијата на Комунистичката Партија и Андартите (ДАГ), кои наводно биле склони кон рушење на суверенитетот на Грција, односно кон целовитиот простор на дражавата. “ Ставот по ова прашање за обединување на Македонија во овој момент”, продолжува Чернишов, “...Таквата пропаганда на владата Атина и дава повод да изврши регрутирање и пренесување на владините трупи со висока воена готовност кон овие делови што ги контролираат андартите(ДАГ). Грчкиот народ кон ова прашањ за целовитоста на грчкиот просторен суверенитет има посебна чувствителност, но истата грижа се јавува и кај луѓето што сега живеат во градовите, а се симпатизери на комунистите и на андартите(ДАГ). Конкретно се очекува да се свика конгресот на Народно Ослободителниот Фронт на Македонците (НОФ), што е одреден да се одржи на 10 март во слободните територии кои се наоѓаат под ДАГ. По тој повод, државниот печат на англоамериканската лига и изјавува со провокативни намери дека Конгресот ќе се определи за припојување на грчка Македонија во една заедничка држава со бугарската и југословенската Македонија и дека Комунистичката партија на Грција”прави предавство на грчка Македонија”.

Согласно информациите што Чернишов ги доби од Москва, на организаторите на Конгресот им се укажува дека таквата намера е непромислена за да на Конгресот стане збор за такво прашање, па дури и за иднината на македонскиот народ во рамките на некаква Балканска Федерација. Но, им се препорачува дека делегатите на Конгресот треба да се свртат кон ориентацијата на населението во грчка Македонија да се ориентираат во борба против монархофашистичкото општество во Грција и да се борат за создавање на една слободна и демократска Грција”.

Што значи, по Втората светска војна, кога луѓето веруваа дека повеќе нема да се дозволи да се случи вакво крвопролевање ние, Македонците, ја доживеавме и со геноцид ја платившме високоризичната авантура преку разбеснетиот ритам на огнот, без македонска опција и без присутност за националните интереси, и бранејќи ја комунистичката идеологија го изгубивме идентитетот и дедовите огништа за навек. Тоа во свеста на Македонецот остана како трајно сведоштво; - за една потресна големомаченичка легенда, за едно етничко чистење, кое набрзо по ликвидацијата на ДАГ се претвори во уште една незапаметена наша трагедија во која самите сме и сведоци.

4.3 Реакциите на КПГ и на владата во Атина-против формирањето на македонските организации.

Како организациите: НОФ, АФЖ и НОМС, создадени во СФРЈ-Скопје, беа пречекани во Грција од левите сили, на кои НОФ не натера да им бидеме верни и им го поверивме сиот македонски потенција, па дури и децата ?

На 12-от Пленум на ЦК КПГ, кои се одржа два месеци по основањето на овие организации, прокламира:

“Решително се спротивставува на секое територијално барање од која и да е страна против Грција. Зачувувањето на територијалниот интегритет на државата е првостепена задача на секој грчки патриот”,

(ТО ККЕ АП ТО1931-1952, с. 110).

5.0 ПРВАТА СУДБОНОСНА ГОДИНА 1945 ПОД РАКОВОДСТВОТО НА КПЈ/КПМ (ОД ОКТОМВРИ 1944-1945 ГОДИНА ДО ОКТОМВРИ 1946 ГОДИНА

Поважни настани во 1945

12. 02. 1945 г. Во Варкиза, одморалиште што се наоѓа близу до Атина, потпишана е спогодба меѓу раководството на движењето на отпорот на КПГ и ЕАМ од едната и Владата на Пластирис и британскиот генерал Скоби од другата страна.Со таа спогодба се потчинува грчката команда под англиската за Блискиот Исток. (на 12 февруари 1945 година). ЕАМ и и ЕЛАС практично и ја предадоа власта на десницата.

Од денот на демобилизацијата на ЕЛАС (26 февруари 1945) до мај истата година во Егејскиот дел на Македонија егзистира период на беззаконие, самолие, масовен терор, грабежи на покукнина, крупен добиток, убиства, масовни и поединачни силувања, уништувања на македонски домови, протерување преку граница.

23. 04. 1945 г. Во Скопје, во просториите на ЦК на КПМ, формирана е организацијата НОФ (Народно Ослободителен Фронт) на Македонците под Грција. Во составот на оваа организација се формирани АФЖ и НОМС. Од формирањето се до т.н “Братство и единство” помеѓу НОФ и КПГ НОФ дејствуваше спрема директивите на КПМ/КПЈ, а потоа помина под команда на КПГ се до нејзиното расформирање.

26. 04. 1945 г Во Москва маршал Тито даде изјава за “Њујорк тајмс” во која вели: “Ако Македонците од грчките области изразат желба да се обединат со другите Македонци, Југославија ќе ги почитува нивните желби.”

А на 20 јуни 1945 година во близината на Воден, Егејска Македонија, е одржана Окружна конференција на НОФ за Воденско.На конференцијата, на која зедоа учество 125 делагати од градот и од селата, реферат за идеолошките содржина на борбата и нејзините форми на борбата поднесе членот на Главното раководство на НОФ Павле Раковски,а за финасиската положба - секретарот на Окружното поверенство на НОФ Вангел Ајновски - ОЧЕ. Делегатите, покрај другото, побараа ликвидирање на терористичките селски пољаци. (Н.М/94).

Првата осуда на НОФ, АФЖ и НОМС од левите сили.

(Повод: 1. Грешката била зошто македонските организации се формирани од надворешен фактор, односно КПЈ и на неметнатите цели и борба за - "Обединета Македонија" во рамките на Југославија. и под

2. подврдено на 20 јуни 1949 година, раководниот актив на КОЕМ (Комунистичка организација на Егејска Македонија) под режија на Жаријадис, прифати и потпиша Резолуција, со која ги потврди сите обвинувања против Југославија и македонските организации:

„ НОФ и АФЖ се агентурски организации. Тие во Егејска Македонија дејствуваа и имаа корени на трите агентури: едната ОЗНА, втората на Известителната служба на ЈНА, управата на југословнскиот Генералштаб., и третата, на Колишевски. Работеа на иста цел: да ја поткопат и разбијат КПГ, особено НОФ одвнатре и да ја потчинат нивната политика на политиката на КПЈ, што за главна цел има присоединување на Егејска Македонија кон Југославија.

Следуваат многобројни обвинувања (скоро од сите членови на НОФ и АФЖ), лични дисквалификации и морални навреди, митарења и дефинитивно ФЕНОМЕНОТ НА ПОДАНИЧКАТА СВЕСТ кај овие луѓе е реализиран. На видело е веќе, дека за секој член на НОФ или АФЖ кој бил како успешен спроведувач на колективната поданичка свест стоеле три важни работи: 1.) Идеолошка заднина од КПЈ или КПГ, 2.) Гарантирана лидерска позиција и 3.) Уживање на државно партиските привелегии. А со илјадниците борци во редовите на ДАГ: Тие кои ги дадоа животите на бојштата во Граѓанската војна и нивните семејства? А со живите кои станаа талкачи по светот? Сите тие прави борци, останаа без историја и со години не можат да си ја пронајдат сопствената среќа. Се до денденес не се споменуваат и ценат, ниту во матичната историјата на КПЈ/КПМ во Р. Македонија, ниту во историјата на КПГ во Грција.

28. 06. 1945г. Се одржа XII-от Пленум на ЦК на КПГ, а во одлуката се вели: "НОФ,со брзото омасовување и со неговите воени формации, опасно го загрозува грчкиот карактер на Македонија; грчките позиции и интереси во неа и територијалниот интегритет на грчката држава".

29. 06. 1945г. ПРОГЛАС од Окружниот комитет на КПГ за Воденско од членовите на КПГ и народот во Воденско, со кој се осудува организацијата НОФ.

По најостра осуда за македонските организации НОФ, АФЖ и НОМС од легалната власт во Атина, преку парламенот со донесување на следните закони, почна најстрашниот и безмилосен терор над македонското население.

Во 1945 година, грчката законодавна власт донесува закони против организацијата НОФ, АФЖ и НОМС.

ЗАКОН 543/45: ”Против организацијата НОФ и лицата што дејствуваат за отцепување на грчки територии”.

07. 07. 1945 г. грчкиот го донесе законот број 453 и ЗАКОН ТОД: /45, “За ред, мир и правда” За обезбедување на јавната безбедност и против ”автономистичка дејност” со кој македонските политички организации НОФ, АФЖ и НОМС се прогласени за автономистички, сепаратистички, антигрчки и се ставени надвор од законот, а на членовите и се суди за поседување и употреба на оружје.

18. 07. 1945 г.

Посебен ЗАКОН КЗ 43: ”Против автономистичката дејност” и со кој закон македонските организации НОФ, АФЖ и НОМС се рогласени за автономистички, кои се стават надвор од Законот и нивните членови се прогласуваат за бандити и им се суди за Велепредавство.

20. 07. 1945 г.

ПРИНУДНИОТ ЗАКОН (КЗ) 4124/45, всушност законот беше применет само против Македонците:

“За кривично гонење на сомнителни лица”.

20. 07. 1945 г
ДЕКРЕТ “Г”И и други закони:ПЗ 433/45”Околу илегалното поседување на оружје”,ПЗ 753/45 “Околу илегалното поседување и употреба на оружје”.

“За вонредни мерки и за јавна безбедност”.

16. 12. 1945 г.

Во Костур, започна судскиот процес против 106 Македонци од гратчето Хрупишта, Костурско, обвинети за соработка со окупаторот

и покрај тоа што тие беа борци на ЕЛАС. Некои од нив беа осудени на казна доживотен затвор, а други на временски казни.

Кон средината на април 1945 година, Политичката комисија (34) во Битола, веќе беше распуштена. Наместо неа, при ЦК на КПМ во Скопје, на 23 април1945 година се конституира, односно се формира Народноослободителен фронт - НОФ (истовремено АФЖ и НОМС) на Македонците од Егејска Македонија и првата порака им беше упатена:

“БРАЌА МАКЕДОНЦИ! СТОЈТЕ ЦВРСТО И ГЛЕДАЈТЕ ГО СПАСЕНИЕТО ШТО НОФ И АФЖ ЌЕ ВИ ГО ДОНЕСЕ! “

КОГА НОФ БЕШЕ ОФОРМЕН И ОРГАНИЗИРАН ОД КПЈ/КПМ, СЕ ПОКАЖА ДЕКА ГОТОВА БЕШЕ ТЕАТАРСКАТА СЦЕНА ЗА ВОЈНА И ТОА СЕ ПОКАЖА ДЕКА МАКЕДОНЦИТЕ СТАНАА ЖРТВИ ЗА ТУЃИ ИНТЕРЕСИ

Но, да ја проследиме дипломатската игра на Тито (КПЈ/КПМ) за иднината на Македонците под Грција, токму по завршувањето на Втората светска војна на почетокот на 1945 година?

Додека во текот на војната Ј. Броз - Тито го застапуваше ставот на Македонците од Егејскиот дел на Македонија ќе ги остварат своите аспирации во рамките на грчката држава, по договорот во Варкиза од 12 февруари 1945 година забележуваме родикална промена на ставот.

Ставот на врвот на Федеративна Југославија се гледа прво од изјавата што Маршал Тито ја даде за “Њујорк тајмс” во Москава на 26 април 1945 година: „Ако Македонците од грчките области изразат желба да се обединат со другите Македонци, Југославија ќе ги почитува нивните желби”.

Неколку дена потоа, на 23 април 1945 година по иницијатива на раководството на КПЈ - КПМ во Скопје е формирана организавијата НОФ (народноослободителен фронт) на Македонците од Егејска Македонија. Види: Павле Раковски: “Автобиографија (моите страдања), АЕА издавачи, 2000/ стр. 341: Поглавјето 4. 0 југословенската стратегија на Балканот

Во ЦК на КПМ во Скопје, на 23 април се конституира, односно се формира Народноослободителен фронт-НОФ на Македонците од Егејска Македонија (без конференција и избори, по пат на кооптација). Паскал Митревски (35) по четиримесеци помината во

Белград добил одврзани раце да одбере уште четворица и да го состави централниот раководен орган-петчлено Биро.

На тој состанок Павле Раковски бил одреден за координатор од теренот на Егејска Македонија, со луѓето во Ф. Р. Македонија што ја раководеа дејноста на НОФ, а тоа беа инструктори на ЦК на КПМ. Прв инструктор беше Словенецот Миха Маринко, потоа Никола Минчев, Димитар Димитриевски - Пеко.

На состанокот, на кои присуствуваа од потесното раководство на НОФ: Митровски, Раковски и Урдов, Цветко Узуновски им соопшти: " Денес Југославија стана центер на револуцијата на Балканот и дека македонското прашање стана југословенско прашање, поради што КПЈ во Егејска Македонија ги формира овие партиски и политички организации НОФ (36), АФЖ и НОМС на кои сте вие на чело. Задача на овие организации е даму дадат југословенска ориентација на македонскиот народ во Егејска Македонија. Сега, Македонскиот народ и македонското движење се под раководството на КПЈ. Македонскиот народ од Егеј ќе го најде своето целосно воспоставување само во рамките на федеративна Југославија, а тоа на Егејска македонија да се приклучи кон Југославија. (АМ. Архив на Македонија. Ф -20/276, Ф- 20/196.)

По првата седница, петтемина тргнале да ги удрат темелите на НОФ на теренот: Во Костурско, во Леринско, Воденско, Енице-Вардарско и Серско... "

Но и историчарот Лазар Лазаров 1998/62, не упатува на извештаите испратени до француската влада на 26 септември 1945 од страна на францускиот генерален Конзул во Солун Жерар Раул Дувал, во кои вели: "...Седиштето на организацијата НОФ се наоѓа во Скопје, на југословенската територија...по се ми се чини дека пропагандата на НОФ на Славофоните е остварување на идејата за автономна Македонија, а југословенската влада ја контролира ова организација и ја гледа грчка Македонија како сопствен дел на југословенската територија..." (стр.62).

Основното прашање во истражувањето е:

Дали (КПЈ/КПМ) во програмските цели и задачи што им ги соопшти Цветко Узуновски - Абас организационен секретар на ЦК на КПМ и министер за внатрешни работи на НР Македонија на егејското раководство на НОФ за Македонците под Грција им нудеа

национална стратегија за духовен и физички опстанок на своите огништа или се беше во корист на Југословенската политика?

Што ни потврдува историчарот Р. Кирјазовски:: “Ово е период кога овие организации дејствуваа надвор и независно од КПГ и беа исклучиво раководени од КПМ/КПЈ” (види:Киријазовски 1995/10).

Нема сомнение, дека оптималната цел на НОФ (КПМ/КПЈ) и беше да ги опфати тотално сите Македонци под Грција и да ги стави во функција на сенароден фронт за реализација на програмската цел. Но, се поставува прашањето: Ако таквата стратешка цел беше прифатена како грижа од КПМ/КПЈ, тогаш, зошто само пред неполни три месеци овие највисоки тела на Југославија беа против паролата: “Да го свртиме оружјето кон Солун!”, односно: “ На Солун, не на Сремскиот фронт?!”

Од таквата стратешка цел на КПМ/КПЈ, организацијата НОФ и АФЖ, беа создадени 5 окружни, 10 околиски, 3 градски и 32 реонски раководства со 120 професионални кадри на НОФ, АФЖ и НОМС и беа организирани 220 села (половина од овие села се уништени во времето на Граѓанската војна м.з), функционираа 170 селски и градски организации. Во тој период биле создадени и воени формации-до батаљони.(види: Кирјазовски 1985/143).

Од историски аспект, самите слогани (НОФ и АФЖ) си ја имаа завршено функцијата уште кога се прогласи пред светот победата над фашизамот, но за нас Македонците изгледа тоа не важеше. Но, со тоа грчката влада го озакони (донесе специјални закони, кои исклучиво важеа само за нас Македонците) насилството против таквите организации (НОФ и АФЖ) во Грција и власта се osва со невиден терор до Втората светска војна. Ова, се правеше, уште пред да почне Граѓанската војна, бидејќи официјално е дека Граѓанската војна е прогласена на 31 март 1946 година со решение на Вториот пленум на КПГ, одржан на 12 февруари 1946 година.

ЗОШТО ЈУГОСЛАВИЈА ИМАШЕ ДВОСТРАНА ПОЛИТИКА - ЈАВНА, СО КОЈА ГО ПОЧИТУВАШЕ ИНТЕГРИТЕТОТ НА ГРЦИЈА И ТАЈНА - СО КОЈА ГИ ПОТИКНУВАШЕ МАКЕДОНЦИТЕ ОД ЕГЕЈСКИОТ ДЕЛ НА МАКЕДОНИЈА ЗА ВООРУЖЕНА БОРБА? !

6.0 ВТОРАТА СУДБОНОСНА ГОДИНА ОД ОКТОМВРИ 1946 ГОДИНА ПО "БРАТСТВОТО И ЕДИНСТВОТО" ОД 14 ОКТОМВРИ ПОД РАКОВОДСТВОТО НА КПГ- ДО КРАЈ НА ВОЈНАТА

Поважни настани во 1946

На 13. 01. 1946 г. "РИЗОСПАТИС" (весник) истакнува во одбрана на Македонците против страшното и неверојатно малтретирање на Славомакедонците" За гонењето на Македонците се вели дека е "Најголемо и најужасно гонење за какво што не знае и какво што не познава новогрчката историја..."

На 12. 02. 1946 г. Во Атина е одржан ИИ-от Пленум на ЦК на КПГ на кој е донесено решение да се апстинира на парламентарните избори и се донесе т.н. историското решение за оружено востание.

На 31. 03. 1946 г. Една од најкарактеристичните акции беше нападот на партизанските единици на Литохоро, каде владините сили имаа 23 убиени војници. Ова како една од поголемите акции во грчката историја на ДАГ се цени за почеток на Граѓанската војна во Грција.

На 02. 04. 1946 г. Захаријадис, генерален секретар на КПГ, враќајки се од Москва во Белград се сретна со маршалот Тито и разговараше околу одлуката за поведување на оружена борба против десницата во Грција. Захаријадис од Тито добил целосна поддршка, односно, ветување за морална и материјална помош. На оваа средба било договорено и за следното:

1. Македонското национално ослободително движење во Егејскиот дел на Македонија, предводено од НОФ,кое од април 1945 година се наоѓаше под раководство на КПЈ-КПМ, да помине под раководство на КПГ

2. Дел од составот на Политбирото на ЦК на КПГ на чело со Јанис Јоанидис, да се префрли во Белград со задача да раководи со оружената борба, да ја претставува во странство, да се грижи за снабдувањето на партизаните со оружје, облека, храна и други материјали.

3. Слободна регрутација на борци од редовите на македонската и грчката политичка емиграција во Југославија; организирање болници за ранети и болни борците на ДАГ; Југославија да ја преземи улогата на организатор и координатор на помошта од други земји за ДАГ.

На 17. 04. 1946 г. Солунскиот десничарски весник “Неа Алитија” (Нова вистина) објави напис со наслов “Нашите Судети, во кој се зборува за Македонците и се квалификуваат како Судети и како такви”, пишува весникот “во интерес на мирот и безбедноста во Грција, треба да бидат ликвидирани”.

На 12- 14 април 1946 г. Весникот “Лаики фони” - Органот на Обласниот комитет на КПГ за Егејскиот дел на Македонија, во насловот “Масовен прогон на Македонците”.

На 04. 05 1946 г. Во Трсјанско-Турјанската планина, Леринско, беше формиран првиот партизански одред на чело со Петре Марков од селото Нерет, Леринско.

На 18. 05. 1945 г. Врз основа на договорот меѓу КПЈ и КПГ, околу 5-6000 борци и старешини на ЕЛАС и политички активисти беа префрлени во с. Булкес, Војводина, каде формираа грчка заедница и постепено беа регрутирани во редовите на ДАГ.

На 21. 05. 1946 г. Весникот “Етникос Кирикас” пишува: “Од Грција треба што поскоро да се протераат 80.000 Славомакедонци”. Истото се вели и во неделникот-републички весник “Елефтерос типос” од 28.01.1946 година во статијата: “Нека си одат Славомакедонците од нашата Македонија-нека си одат каде што сакаат”

На 27. 07. 1946 г. Воениот суд ја осуди на смрт и ја стрела Ирина - Гинова Мирка, учителка од с.Росилово,Воденско, секретарка на АФЖ за Воденскиот округ.

На 24. 08. 1946 г. Врз основа на договорот Тито-Захаријадис, еден дел од составот на ПБ на ЦК на КПГ на чело со Јоанидис Јоанис и потребниот апарат, илегално се префрли од Атина во Белград. Генерал Маркос Вафијадис кој во јуни 1946 година од Захаријадис беше назначен за организатор и раководител на партизанските групи илегално ја напушти Грција и се префрли во Белград каде што доби конкретни директиви и ветувања од делот на ПБ на ЦК на КПГ.Во септември се префрли во Егејска Македонија каде што на 28 октомври го формира Главниот Штаб на партизанските единици,односно ДАГ. Но, на 10 ноември Захариадис од Сталин доби директива вооруженото движење зимата 1946-1947 гдина да не се омасови, бидејќи тоа наводно го налага меѓународната ситуација, а КПГ на политичката борба да и даде примат и слично.

Пак диктат, послушност и свиен 'рбет.

21. 11. 1946 г. Врз основа на одлуката меѓу Тито-Захаријадис од 14 октомври 1946 година, КПЈ и КПГ, претставени од Караиванов и Јоанидис ја остварија следната спогодба: “Македонската организација НОФ (АФЖ и НОМС) и нејзиното раководство поминува во целост под КПГ, а вооружените единици на ДАГ под раководство на генерал Маркос” (38).

По постигнатата спогодба меѓу КПЈ и КПГ, по извесено време, членовите на Главниот одбор на НОФ на чело со Паскал Митревски беа применети од секретарот на ЦК на КПМ Лазар Колишевски, а кој им го рекол следното: “Вие сега одете долу (во Егејска Македонија), раководител сега на вашата борба ќе ви биде КПГ. Линијата на КПГ е исправна. Да имате доверба во неа.Боретесе со сите расположливи сили против шовинизмот,сепаратизмот и локалните тенденции...” КОБНО ПОДАНСТВО

Сега грижата на Колишевски како секретар на КПМ, по масовните убедувања преку НОФ и АФЖ - за обединета Македонија, му било задача да ги натера Македонците под Грција на: македонски нихелизам, поданство, реки крв.

Спогодбата и директивите на Колишевски се многу јасни и децидни. Секоја појава и манифестација против таквиот став, или израз на желба за обединување од страна на Македонцирте ќе преставува сепаратистичка тенденција. Според тоа, Југославија им го скрати правото на македонците да мислат ид а изразат желба за обединување, кое нешто речиси две години истата Југославија им го пропагираше и ги организраше да се борат за извојување на истите.

Зарем Колишевски (и ЦК На КПМ) незнаел дека Тито и Захаријадис со Спогодбата имале за цел масовно да ги вклучат Македонците во вооружената борба во што и успеале преку активноста на НОФ, АФЖ и НОМС. Зарем не знаел дека со тоа им се дава повод, мотив и аргументи на владата во Атна, па и на комунистите да не обвинат нас Македонците како истурена агентура на надворешни сили и како што се случи во текот на војната и по неа бевме обвинети дека го загрозуваме и разбиваме суверентетот и интегритетот на Грција.

Што ни се случуваше? Зошто молчевме 60 години? Зошто и од кои причини се развиваше стратегијата за “Масовна одмазда?

Ние Македонците под Грција требаше да имаме сфатено дека во Грција и таму ни беше коренот.

Како заклучок: Трајните револуционерни вредности секогаш се актуелни, но дали ние Македонците, со напуштањето на својата земја оставивме историски вредност!?

На 27. 12. 1946 г. Наредба Бр. ЕП 13 на генералот Маркос гласи: "Сите партизански единици на НОФ од денеска се стават во составот на ДАГ".

По 60 години, историчарот Кириjазовски објавува дека:

Тито им ги отстапува егејските Македонци на Захариjадис (Фактот прикриван повеќе од пола век, сега е потврден од историЧарот Кирjазовски - книгата:"Петте судбоносни години 1945-1949" ст. 40)

Како и зошто дошло од прегратките на КПЈ/КПМ, во прегратките на КПГ:

Врз основа на одлуката меѓу Тито (КПЈ) и Захариjадис(КПГ) од 14 октомври 1946 година, набрзо пристигнаа претставени: Караиванов (37) од КПЈ и Joанидис од КПГ и ја прогласија следната спогодба: "Македонските организации НОФ (АФЖ и НОМС) и нејзиното раководство поминуваат во целост под КПГ, а вооружените од НОФ; малите македонски единици поминуваат под команда во ДАГ и под раководство на генерал Маркос."

ПАТИШТАТА НА РОПСТВОТО ПО "БРАТСТВОТО И ЕДИНСТВОТО" ЗА МАКЕДОНИТЕ БЕА ПРОДОЛЖЕНИ

Како НОФ, АФЖ и НОМС станаа шверцери на сопствениот живот?

Од програмските цели на НОФ и АФЖ, кои беа раководени од КПЈ/КПМ од октомври 1944 година до 14 октомври 1946 година и имаа задача да му дадат jугословенска ориентација на македонскиот народ во Грција и му пропагираа дека македонскиот народ од Егеj ќе го најде своето целосно воспоставување само во рамките на Федеративна Народна република Jугослација, а тоа значи егејска Македонија да се проклучи кон Jугославија. Види: Ф- 20/276, Ф-20/196.

По т. н "Братсство и единство", овие акции станаа сверцери на сопствениот живот и на животот на Македонците под Грција.

По овој чин НОФ и АФЖ на македонскиот народ, не смееше да му пропагира борба за “Обединета Македонија”,туку сега паролите беа стокмени од КПГ и на Македонците им се велеше: “Ние Македонците треба да земеме масовно учество и да дадеме што поголем дел во оваа војна, зашто при победата и ослободувањето на Грција, ние Македонците со право ќе ги добиеме сите национални права... “

КПГ од како НОФ, АФЖ и НОМС стана потчинети, знаеше дека владеењето ќе биде комотно со овие организации, ако ги подели на поданици (покасно жигосани како “предавници” и “верни”. Поданиците беа дел од досегашните послушници на КПЈ и “верните” кои не беа пребегнати со Костуркио и Воденскиот батаљон во Југославија. Значи, по ова “братство и единство”, Македонците беа поделени на пријатели и непријатели.

Таа слика стана не весела, туку може да се нарече како почеток на ендно планирано “братојадство”. Меѓу Македонците завладеа несигурноста и стравот. Со тоа беше нарушено етничкото единство на Македонците и тогаш се јави погубниот синдром “ние и тие”. Сега Партијата (КПГ) знае лесно да го експлоатира непресушниот бунар на омразите “ние - тие” и дека владеењето е многу комотно кога поданиците се цврсто поделени на пријатели и непријатели. Партијата (КПГ), всушност, и настојува се повеќе да го произведува синдромот “ние - тие” и покрај комунистичките демагошки залагања за единство во редовите на КПГ и ДАГ.

Партијата (КПГ) беше “мистериозен фактор што ги делеше Македонците особено во Граѓанската војна: на тие што се вратија од југославија и на тие што останаа во Грција по втората светска војна. Од овој политички циркус, кој ќе не спасеше и ќе ни донесеше достоен живот и мир помеѓу нас Македонците!?

По “Братството и единството” Паријата (КПГ), бараше послушност и да се живее и бори секој во Партискиот поредок, и учесниците во редовите на ДАГ и политичките организации да се стремат кон униформмирани погледи и чувства. За таа историски специфична форма на еден идеолошки образец на колективно однесување беа карактиристични;пристрасноста,нетолерантноста, еградирањето на националното (посебно македонското), зголемување на надгледноста, екстремизмот, ослободување од индувидуалната одговорност и нејзиното пренесување врз колективната, ригидност, односно тотално потчинување на НОФ и АФЖ кон авторитетот (Вождот на Партијата - Захаријадис), некритичност кон својата група и преголема

критичност, па и отвореното непријателство спрема македонските организации.

Од програмските цели на НОФ и АФЖ и стратешката цел на КПМ/КПЈ, организацијата НОФ и АФЖ, беа создадени 5 окружни, 10 околиски, 3 градски и 32 реонски раководства со 120 професионални кадри на НОФ, АФЖ и НОМС и беа организирани 220 села (половина од овие села се уништени во времето на Граѓанската војна м.з), функционираа 170 селски и градски организации. Во тој период биле создадени и воени формации до батаљони. (види: Кирјазовски 1985/143).

Од историски аспект, самите слогани (НОФ и АФЖ) си ја имаа завршено функцијата уште кога се прогласи пред светот победата над фашизамот, но за нас Македонците изгледа тоа не важеше. Но, со тоа грчката влада го озакони (донесе специјални закони, кои исклучиво важеа само за нас Македонците) насилството против таквите организации (НОФ и АФЖ) во Грција и власта се osва со невиден терор до Втората светска војна. Ова, се правеше, уште пред да почне Граѓанската војна, бидејќи официјално е дека Граѓанската војна е прогласена на 31 март 1946 година со решение на Вториот пленум на КПГ, одржан на 12 февруари 1946 година.

Последната голема измама - Наводно НОФ доби: признавање од КПГ. Кај Македонците под Грција (кои беа лидери на НОФ и АФЖ), барем сите „случајности" зад себе кријат јасно видлива причина. Клучниот збор во таа формулација е „кријат. "

Која е вистината? Дали „ПРИЗНАВАЊЕТО ОД КПГ" е договарено со Македонците? Со организациите НОФ и АФЖ!? Или со тие на кои до вчера манипулираа со нас и им станавме слуги?

(Москва - Белград- КПГ)

(Следните факти се клучни моменти во целата историја на НОФ - од воените архиви: СССР, Југославија и КПГ)

На 20 март 1946 година Захаријадис ја напушти Атина и замина за Прага. Патувањето, едновремено, било искористено и за разговори со комунистичките лидери, од кои Захаријадис побарал подршка за вооружуваното дејствување од повеќе лидери на европските комунистички партии, но скоро од никого не добил одобрење, туку на тоа гледале како на незрел потез. Најзначајните лидери - Торез на Франција и Тољати на Италија му укажале "дека е опасно да се

прибегнува кон оружје.” Посебно Георги Димитров, му укажал дека “ меѓународната ситуација не дозволува избувнување на нов вооружен конфликт, кој фактички би им овозмужил директно мешање на западните сојузници на БАЛКАНОТ “

Но, сите тие лидери, добро знаеа дека Захаријадис, по девет години заточеништво во мај 1945 година се врати од контрециониот логор Дахау, во Атина од Германија и им остави чуден впечаток со својот најнов став. Тој со британски авион пристгнал во Грција и веднаш по враќањето ги презел своите поранешни должности на генерален секретар на КПГ и започна со работа.

Тој во весникот „Ризоспастис”, ги изложил стремежите на Партијата, истакнувајќи дека КПГ „никогаш не настојувала да ја освои власта против желбата на народот и дека никогаш немала да се стреми кон курсот на дејствување заговори само од Троцкистите, од анархистите и од идиотите”

Истовремено знаеле дека, Арис Вилухиотис, „Симболот на грчката герила” бил јавно прекорен од Захаријадис, како „авантурист” кој со своето „однесување” ја помагал десницата во нејзините напади против левицата. Последователно, уследило неговото исклучување од Партијата, а набргу потоа, било убиен од спротивните сили.

Но, Захаријадис на тие средби во Прага добил и доста информации за маршалот Јосип Броз - Тито дека „по успеход на герилското движење во Југославија, Тито бил насочен кон проширувањето на револуциите насекаде на БАЛКАНОТ.“
Захаријадис, посебно вознемирен, на враќање од Прага го посетил Белград каде барал да биде примен од маршалот Тито.

Захаријадис, бил примен од Тито и тие разменува на руски по некој збор без тумач и Тито пасакувајќи да наздрави, му се обрати:

- Што мислите за иднината на БАЛКАНОТ?

Захаријадис му одговори:

- Маршале, токму затоа сум дојден кај вас по инсистирање на многу лидери кои многу Ве почитуваат по усехот на герилското движење во Југославија. И детално му објасни дека политичката положба и народот е спремен да се бори и да ја преземе власта од англо - американските империјалист.

Тито, неможејќи да го сокрие задоволството, расположен со своите соборци: Ранковиќ, Кардел, Џилас, Темпо, Колишевски и други, му рече:

- Животот не оди назад. Револуциите носат прогрес, развој на општеството и на производни сили. Јас во името на комунистичката партија и народот, ви ветам широка помош што е потребно за една организирана народна армија.

Вие знаете дека ние по Втората светска војна одма мислевме на една револуција и неслучајно денес во егејска Македонија дејствуваат токму такви револуционерни снаги од граѓани на Грција - Македонци. Тие се раководени токму од нашите опитни центри кои имаат долга револуционерна традиција. Ние сме спремни тие сили и силите кои се во логорот Булкес да ви се стават под ваша команда.
Тито, се сврти кон Колишевски и му рече:

- Лазо, прибележи, и направи се, тие снаги под мотивот „братство и единство" да се стават под КПГ во корист на револуцијата.

а/ НОФ и АФЖ да бидат приклучени кон КПГ и да се прекинат врските со вас (КПМ) и да не им се мешате и наредувате што и како да се борат за некаква обединета Македонија - тоа сега е анахроно пред ова револуција. И секако да им се изменат програмските цели на борбата и да се прифатат програмските цели на КПГ;

б/ НОФ да формира Централен орган кој ќе одговара пред покрајнскиот комитет на КПГ;

в/ Вооружените Македонци во егејска Македонија да се стават под целосна: организациона, политичка и акционо единство под команда на воените раководители што се под команда на КПГ.

Вие гледате, како тоа го прават Англичаните и Американците во Грција.
Но, сето тоа другар Никос, ќе треба да го одобри Стариот - Генералисимусот Сталин за еден таков чин на револуција. Но, Тито, добро го знаеше ставот на Сталин: „Нека се буричка во капитализмот!" и беше сигурен дека ќе го прифати предлогот на Захаријадис.

Захаријадис, возбудено му рече:

- Јас сум спремен сето ова да му го пренесам на генералисимусот и од него да барам подршка.

- Да наздравиме за иднината револуција!, - рече Тито и продолжи: - Бидете решен, не се плашите, не се плашите на некакви жртви и совладувајќи ги сите тешкотии, па ќе успеете во својата намера. Револуцијата тоа го бара.

Се треба цврсто да се зграби во своите раце и со голема сигурност сметајте на нас!

*

По престојот во Југославија, при крајот на март 1946 година, Захаријадис заминал за Златоглавата престолнина - Москва на разговор со советското раководство.

При средбата, Сталин, Молотов и Андреј Жданов ги одобриле одлуките претставени како од КПГ, додека на втората тајна средба со Захаријадис, Сталин дал препорака процесот на вооружунато дејствување да започнел „Градуелно од селата кон градовите, со цел да се спречи прераната воена интервенција на Британците, и да се издејствува начин за изнаоѓање конпромис.“

Сталин, полнејќи го лулето, го погледна Захаријадис во очи и го праша:

- Дали заележавте кај маршалот Тито дека тој се гледа како лидер на една идна Балканска федерација?

Захаријадис, збунет, посака да го одбегне прашањето, но сепак му одговори:

- Маршалот е голем стратег и интернационалист. Од него добив согласност за прифаќање на 20.000 лица кои беа „прогонуваи од монархофашистичките војски“ и се спремни за оружје.

Сталин му рече:

- Како што сум известен, маршалотт Тито, веќе една година во Егејска Македонија во Грција има формирано македонски организации и тие имале голем успех во организирање на Македонците и херојски се борат. Како што се НОФ - Народноослободителен фронт и АФЖ - Антифашистички фронт на

македонските жени и се раководени директно од КПМ/КПЈ. Сите тие борци, по Втората светска војна биле прогонувани од Маркос. Сите тие што ја сочинувале „Егејската бригата" сега се во Грција и водат борба за обединета Македонија. Што ќе правите со тие македонски воено и политички формации? Кај нив старата свест за обединета Македонија ќе опстојува се додека не преовладее новата: „За социјалистичка револуција во Грција", а на нив и таму ќе им биде добро. Социјализамот е насекаде ист...

Захаријадис извадил еден лист на кој пишувало:

„Договор помеѓу КПГ и преставниците на македонската држава"

Според овој договор: „Слоавомакедонците од грчка Македонија, од една страна, се обрзале да ја подржуваат КПГ на изборите во нејзиниот обид да ја освои власта, од што зависела единствената надеж за поволно решавање на македонскиот проблем, а од друга страна, да & дадат вооружена помош на КПГ, во случај на инциденти помеѓу левицата и десницата во текот на изборите"

Сталин рекол:

- Ну харашо. Ето очен правилно. Македонци хорошие борци, они показалис војаки народ.

Захаријадис, потврди дека „тие се изманипулирани жртви на историјата". Го извести Сталина дека сите ти воени формации и политички организациитие; по предлогот на маршалот Тито ќе прогласиме „братство и единство" и ке бидат ставени под раководството на КПГ.

- Посебно маршалот Тито покажа интернационални погледи за борба против англо - американскиот империјализам.

- Ви уже договорилис за револуцију! Ето хараш. Постапете онака како што мислите дека е потребно, - му рече Сталин и продолжи: - Подготвите нацрт - решение на ЦК на КПГ. Со тоа посака да изгледа умерен, добар, ненаметлив, великодушен и почитувач на револуционерните размислувања на другите лидери од лагерот на социјализмот.

По ова средба Захариадис изјавил:

„КПГ престанала со оружената форма на борба да ја користи за мирољубиво решение на Грчкото прашање и се определила за заземање на власта со силата на оружјето!”

Сталин, добро знаел; дека со Тито биле договорени: „Основната грижа за Тито му била да ја заштити новата федерација. “. Овој нов развој на настаните на Сталин му бил јасен ставот на Тито. Тито, знаејќи дека Југославија е 50% под влијание на Запад, цврсто настојувал да ја задржи југословенската федерација за што многу пати тоа го истакнувал пре службата за безбедност на Југославија и генерал штабот на ЈНА дека: „.... најдобро е да се води војна надвор од границите на Југославија и да ја помагаме сесрдно, отколку во Југослваија” Таквиот став и за Сталина бил прифатлив за зачувување на социјалистичкиот лагаер кои беше создаден по Втората војна.

Но, ниту на Сталин, ниту Тито, барем според развојот на настаните, ни од далеку, не биле подготвени да ги ризикуваат стекнатите позиции за победа на комунизмот во Грција или за обеденување на Македонија.

Сталин во блиска иднина не предвидувал „силна воена акција” и ништо, можеби е особено забележливо дека тој „не давал ветување за воена подршка на таа средба.. “но тој му дал препорака и на Захаријадис кога станува збор за формирање на народноослободителa војска и каква концпција за водење на борбата, најдобро е да се почитуваат Титовите совети.

Захаријадис, следниот ден отпатува за Белград, каде требаше со Тито да ги усогласат деталите за организирање на борбата, помошта и соработката. Тито, требаше да му ги изнесе сите проблени и да го дефинират карактерот и перспективите на Демократската армија и мерките што треба да се преземат за идната војна.

На Захаријадис во Москва му било приредено испраќање, како на храбар револуциорен лидер.

Сталин седеше во големата сала во плетена фотеља, со расмеано лице и павкаше со лулето, а Молотов, Жданов, Маленков, Микојан, Каганович, Суслов, Берија, Булганин и другите членови на Политбитото на КПСС пиееја водка „перцовка”. Келнерите, се сновеа и им нудеа од првокласната закуска.

Сталин, расположен, на Захаријадис му пожела револуционерни успеси.

Захаријадис, на заминување застана мирно и покорно пред Генералисимусот Сталин и одвај на измешан руски јазик ги изговори следните зборови:

- Глубокоуважаеми товариш Јосиф Висарионович, бољшое спасибо. Желају Вам крепкое здоровие и уште многие лета да не водите во социјализмот кон победата на комунизамот.

Вашите совети, ќе ни бидат патоказ и ќе ги спроведиме на дело во борбата против англо - американскиот империјализам, се до конечната победа на работничка класа во светот.

*

На 8 април 1946 година, Захаријадис се врати во Белград и беше примен од Тито. Кога застана пред маршалот со страхопочит.

Маршалот Тито, на Захаријадис му рекол:

- Ако веќе сме револуционери и интернационалисти, долг наш е да помагаме „ревулуции" и не гледам зошто да бидеме против револуцијата во Грција, кога веќе се зафативте да ја реализирате. Можам само да ви чститам другар Никос.

Соберете ги секого што може да држи пушка. Во сите револуции, тоа е нормално и народот тоа го бара.

Тито ја запали пурата и го продолжи шетањето низ пространиот кабинет заобиколувајќи ја масата, праша:

- А какво е расположењето на младината?

Захаријадис одговори потврдно:

- Одлично!

Во книгата„Југословенскиот комунизам и македонското прашање" од Стив Е. Палмер и Роберт Р. Кинг, Арчон Боокс, 1971, стр. 117; пишуваат:

„Заинтересираноста на КПЈ за грчка Македонија постепено избледела Печатот што бил под контрола на Партијата, со исклучок на еден напад против владата на Папандреју во ноември 1944 година поради

„теророт врз Македонците" и еден огорчен уводнил во „Политика" на крајот на декември, во текот на неколку месеци не преземале иницијатива во однос на она што вриело во грчкиот котел (во тоа време имаа голема активност организациите НОФ и АФЖ под раководство на КПМ/КПЈ м. з). Неколку фактори стаеле зад оваа промена кај КПЈ. Тито, којшто во тоа време бил во тесен контакт со Москва, можеби заклучил дека е поважно грчките комунисти да дојдат на власт отколку тој во тоа време да ја добие Егејска Македонија. Исто така, сите борбени единици на грчките македонци остро биле наклонети кон автономија, а Тито бил донекаде ограничен со постоењето на ривалската влада на Шубашиќ којашто се уште уживала извесна подршка од страна на западните сили. Се уште било нужно да се биде претпазлив. Само кога овие околности се измениле КПЈ ја реактивирала својата гржза за грчка Македонија"

ТАКА СЕ ЗАТВОРИ ТРИЈАГОЛНИКОТ ПО МЕЃУ: СТАЛИН, ТИТО И ЗАХАРИЈАДИС. ОД ПОЛИТИЧКА ИГРА ДО ВОЕНА КАТАСТРОФА.

НО, ЗОШТО НИЕ МАКЕДОНЦИТЕ ОД 1945 ДО ДЕН - ДЕНЕС НЕ МОЖИМЕ ДА ИЗЛЕЗЕМЕ ОД ТОЈ НАЈСТРАШЕН КОМУНИСТИЧКИ ТРИЈАГОЛНИК?

Тие си водеа своја, сопствена светска политика, се мешаа во туѓи работи, постојано планираа револуции и штрајкови, но ние и по геноцидот станавме единствени жртви - светски ТАЛКАЧИ.

Сега следеше: Политичка и воена помош од Југославија за КПГ, а не за НОФ и АФЖ

Захаријадис, за време на престојот во Белград одушевен од средбата со маршалот и за одредувањето на централната оперативна група на чело со Александар Ранковиќ за помош на демократската армија, со своите соработници, меѓу кои беа генералот Јово Капичиќ, заменик на сојузниот министер на внатрешните работи, потполковникот Слободан - Уча Крстиќ, потполковникот Миле Врбица, Ѓуза Радовиќ и машал Милутиновиќ, мајорите Драго Мијовиќ и Обрадовиќ Трниниќ, капетан Ѓуро Ѓурица, поруниците Јован Поповиќ, Раде Космановиќ, Крсте Пенговски и Шиме Бенчиќ, војниците Лазар Сеферовиќ и Бошко Јовановик. Посебна екипа ја сочинуваа медицинските лица, потполковникот Велимир - Браца Мајсторовиќ и д-р Јован Бијелиќ. Тие требаше да го организираат сместувањето и лечењето на ранетите што ќе доваѓаат од боиштата на Граѓанската војна. Помош во раковањето со оружјето требаше да им пружат на

борците на Демократската армија мајрите Владимир Декиќ и Света Стефановиќ, поручниците Јован Поповиќ и Петар Лучиќ. Оружјето било наброено во една импресивна бројка: топови, митралези, автоматски пушки, панцер - фауста, пиштоли, рачни бомби, радиостаници, шинели, коњи и многу храна и сето тоа во вредност од пет милиони тогашни динари.

Захаријадис, реши да го посети и логорот Булкес, Војводина, каде веќе се вршеше воена обука на повеќе од 5.000 борци.

Тој во својот говор им нареди на сите политемигранти да употребат „железна тупаница" против англо - американскиот империјализам и монархофашистички режим во Атина. Тој им рече: „Вие сте должни да пристапите кон изврошување на решението на КПГ. Во Грција вратетесе само со оружје в рака што ви го дава братската партија начело со маршалот Тито, затоа што монархофашистичкиот режим има за цел да ги уништи демократските сили и да спроведе фашистички режим." Види: Драган Кљакиќ „Советизација Балканске зоне" - Исповед на Лазар Колишевски, Београд, 1992 година, издавач „Радничка штампа".

Кога Захаријадис, на 9 април, се вратил во Грција, во Солун, пред неговите следбеници, одржал говор, во кој нападот на селото Литохоро - Катернско, ноќта на 30/31 март 1946 година, спроти одржувањето на изборите, што од некои се сметаа за почеток на Граѓанската војна, го претстави како предупредување на владата и сугерирал „дека народот ќе се принуди во самоодбрана да се фати за оружјето!"

Захаријадис, по враќањето од Белград, со цел да ги придобие Македонците на 14 април 1946 година, во Солун изјави: „Со посебен и терор се насочува врз Славомакедонците (власта)... Зошто таков терор се врши врз Славомакедонците од монархофашистите? Прво, тие имаат за цел да ги скршат нивните сили (мисли на НОФ и АФЖ) народно демократски убедувања и второ, сакаа да посеат неслога меѓу Грците и Славомакедонците..."

*

Захаријадис, не остана само на зборови, туку во почетокот на јуни 1946 година, без никакви консултации, го избрал Маркос Вафијадис, член на Политбирото на ЦК на КПГ и поранешен капетањос на ЕЛАС, за иден водач на Демократската армија, и го задолжил да

замине во планините за да го преземе раководството на „партизанските групи кои веќе дејствуваа таму. “

Според британскиот амбасадор Нортон:

„Согласно предвидениот план, на 25 август 1946 година, Јоанидис и Росос преминале во Белград, а на 1 септември, во белград пристгнал и Вафијадис за да ги изврши потребните консултации за конкретните воено - политички прашања. По престојот во Белград, Вафијадис се префрлил во егејскиот дел на Македонија, каде на 28 октомври, го формирал Главниот штаб на герилските сили. Тој, воедно, именувал и регионални команданти, кои започнале да ги организираат нивните следбеници во вооружените единци. Во декември 1946 година, овие единици го добиле името Демократска армија на Грција (Демократската армија). За главен командант на Демократската армија бил именуван Вафијадис, кој станал под псевдонимот генерал Маркос. “

Која е вистината? Дали „ПРИЗНАВАЊЕТО ОД КПГ” е договарено со Македонците? Со организациите НОФ и АФЖ!? Или со тие на кои до вчера манипулираа со нас и им станавме слуги?

Историските фактите кажуваат дека: „Врз основа на одлуката меѓу Тито (КПЈ)-Захаријадис(КПГ) од 14 октомври 1946 година, набрзо пристигнаа претставени: Караиванов од КПЈ и Јоанидис од КПГ и ја прогласија следната спогодба: „Македонските организации НОФ (АФЖ и НОМС) и нејзиното раководство поминуваат во целост под КПГ, а вооружените мали македонски единици во ДАГ под раководство на генерал Маркос”.

Значи, се е договорено на рамниште на државност: Југославија и Грција. Тоа значи, строго се придржуваа спрема Букорешкиот договор 1913 година.

Но, согледувањето на причините и мотивите на Тито за таквата инволвираност во Грчките работи по Втората светска војна бара опстојно истражување. Објаснувањето на југословенските раководители дека тоа го правеа само од интернационалистички побуди не е многу убедливо. Зошто? Затоа што, проблемите почнаа да се зголемуваат околу есента 1948 година, кога Југославија почна да влегува се повеќе во прегратката на западните сили.

По ова, во нова верба со стари болести раководителите на НОФ и АФЖ, наместо душмански пречек, пред КПГ направија „Другарска

критика како нејефикасно оружје на партискиот апарат” и се здадоа да пропагираат дека„Со ова се поставени темелите за новото единство”. И така не беше далеку времето, кога веќе се отвори простор за демакедонизација. Но тоа беше и конфронтација, со народот и со сите членови на КПГ (Македонци) кои немаа пребегано во Југославија со егејската бригада и Партијата во нив имаше поголемо поверење. Тие до вчера за НОФитите и за АФЖитите беа гркомани или како што ги нарекува во својата книга “До пеколот и назад” Евдокија Фотева - Вера: „народни изроди”, ИздаваЧ “Аз - Буки”, Скопје 2003.

Кога денес човек размислува што рекоа некои мислители за историското минато: „Народ кој не црпе искуства од своето минато, тешко може да ја планира својата иднина”, ќе се запраша: Што не научивме од историјата? И што полавек уЧиме од македонската антиисторија? Ние не го научивме автентичното македонско опстојување на прадедовите огништа. Да, вистина е, посебно ние Македонците под Грција, допрва ќе треба да ја отвориме книгата на проблемите и ќе треба еднаш јавно да се извиниме за минатото а тоа да им биде поука на младите во иднината. Да не заборавиме на најелементарното нешто: дека пред се нашиот народ тука(во Македонија под Грција) имаше корени и со векови човекуваше со свое достоинство! Ако продолжиме сите наши неодговорности, неспособности, некомпетентности, несовесно да ги прославуваме тие настани искри - воколчени со„случајности”, или да се оправдуваме со„судбина од која не се бега”, никогаш нема да се ослободиме од случајните луѓе, кои доведоа македонскиот народ до ископачување.

И факт е дека тие што сакаа да не уништат знаеја (знаат) многу повеќе од нас, ние за нив речиси ништо!! Ние и ден - денес им ги криеме нивните зафати. Зарем, тоа не го објаснува ФЕНОМЕНОТ НА НАШАТА ПОДАНИЧКА СВЕСТ?

Зарем тоа не е ВАЗАЛСТВО? Зарем тоа не е вистина дека сега македонските организации добија нов господар на кого треба да им бидат слуги?

Тоа ли е, како што пишува Евдокија Фотева - Вера - ПРИЗНАВАЊЕ ОД КПГ?

Да, токму сега македонските организации станаа ВАЗАЛИ: потчинети, зависни и слуги на новиот господар со невидени отстапки:

Ако еден од основните национални атрибути е јазикот, тогаш како можеле организациите НОФ и АФЖ, по т, н „Братство единство” (1946), да се „откажат” од националниот идентитет.

Дали тие Македонци во единиците на ДАГ кои беа регрутирани и испратени во длабината на Грција можеа да зборуваат македонски? Тие таму беа предупредупредувани дека: „Името и презимето, нужно треба да бидат на грчки, а треба да се говори само на грчки јазик”.

После некој ни е виновен што КПЈ/КПМ и КПГ, не фрлија во идеолошкиот отпад! Како да ја изцелиме таа болка, таа наша постојана и трајна болка: по нашиот дом, по нашите блиски што ги оставија своите коски на бојштата во Граѓанската војна? Како да заздравиме?

Се раскажуваше дека нофитите и афежитките за ова случајно дознале, ама не се осмеливме да се спротивстават на наредбите на маршалот Тито и другите богови. Но, не поминало многу време еден есенски ден, кога ги построиле пред генерал Маркос, тој им рекол: „од денес сте војници на Демократската армија и ќе ви бидат команданти, по учени и поверни луѓе на КПГ.”

Студена пот на јаве ги облеа. И како студ, и како мраз, и морници ги полазија.

Ужасно збунети (сега како продадени робови), распламтените лица им се стемнија, покорно дадоа партиска обрврска дека се ќе сторат со своите авторитети Македонците да ги внесат во редовите на Демократската армија, па дури еден од нив рекол: „Ќе ги разбудиме и умрените ако треба, нека дојдат и тие во оваа света револуција, да јуришаме сите заедно, живи и мртви!”

Да си спомниме на она што го раскажува Раковски:

„... На средбата со Колишевски, во текот на нашето подготвување да заминеме во егејска Македонија за да ги удриме темелите на револуцијата, Колишевски на неговиот првокласен циничен говор ни рече:'... Дека ние Македонците сме биле многу надарен народ, со ептен видна интернационална и револуционерна настроеност, со голем усет за стратегија тактичност и дека Тито му рекол: токму сега е моментот,,, “

Можеби, еден ден ќе се разјасни се... Какви сили се криеја зад тие наши луѓе кои им служеле на туѓите богови.

На 10 ноември Захариадис од Сталин доби директива вооруженото движење зимата 1946-1947 година да не се омасови (а Македонците беа и старо и младо во редовите на ДАГ), бидејќи тоа наводно го налага меѓународната ситуација, КПГ на политичката борба да и даде примат и слично.

Зарем ние Македонците и во историјата треба да оспоруваме дека овие политички директиви - фундаменти не беа поставен од тугинците (КПЈ-КПГ)??!!

Овоа е еклактантен доказ за отсуството на македонската свест за поведението на НОФитите и АФЖитите. Овие луѓе, не само што не им се извинија на македонскиот народ за довчерашните пропагирања за „македонските позиции", туку тиа со уште поголема бруталност го туркаа масовно народот во борбените позиции на Граѓанската војна.

На туѓинците, целта им била од некои свои послушници да направи херои, таков лик, преку кого ќе се идентификува цел еден народ, а другите да ги сведе во најголема мера негативци (комитаџии и др.) и во такви услови да проработи кодошењето (што подоцна и се почесто и се случуваше меѓу членовите на НОФ (39)) и така настана најпогубниот момент за Македонците под Грција.

ЗБУНУВАЊЕ НА НА НАРОДОТ, ИЛИ...?!

ПО ОВА, ДОСЕГАШНИТЕ ПОЛИТИЧКИТЕ ПОРАКИ НА НОФ И АФЖ (ВО ИЛЕГАЛА) СТАНУВАА НЕ ЈАСНИ, ИАКУ НЕКОИ ОД МАКЕДОНЦИТЕ УШТЕ ГИ ДОЖИВУВАА КАКО НАЦИОНАЛНИ. ПО ПРЕПОРАКАТА НА КОЛИШЕВСКИ, ВЕДНАШ СЕ РЕЛАТИВИЗИРАМЕ, И ОД СЕ, ПУСТОШ НАПРАВИМЕ. НОФ И АФЖ, НА МЕСТО ДА ПРЕСТАНАТ СО (САМО)ЖРТВУВАЊЕТО И ДА ЈА НАПУШТИ МАСОВНАТА ПОЛИТИКА КАКО БОРБА НА ЖИВОТ ИЛИ СМРТ, ТИЕ СО ПОКОРНА ПОСЛУШНОСТ УШТЕ ПОВЕЌЕ ЈА ЗАСИЛИЈА МОБИЛИЗАЦИЈАТА, НО СЕГА СО НЕВИДЕНА ЕМОЦИОНАЛНА ЗАРАЗА И СЕРВИЛНОСТ СПРЕМА КПГ.

Ова заплеткано сфаќање со утешни илузии, покажува дека владееше мрак во македонското лидерство. По 1946 година, таквиот „успех за будењето на македонската свест", всушност, не им требаше ни на КПЈ ни на КПГ и немаше никаква значајна вредност, кога сите Македонци, заедно со лидерите на НОФ и АФЖ се најдоа во менгемето на КПГ.

Но, да се вратиме на најголемата манипулација од раководствата на КПЈ и КПГ, кога на средбата на 2 април 1946 година Тито и Захаријадис во Белград без присуство на Македонците решија:

Македонците од Егејскиот дел на Македонија предводени од НОФ, а раководени од КПЈ/КПМ, да се стави под раководство на КПГ и да се измени програмската цел на НОФ во која сега ќе гласи:НОФ и АФЖ ќе се бори во сојуз со грчкиот народ за спасување на Македонскиот народ од физичкото истребување.

Идеолошка офанзива со својот космополитизам (против македонската национална свест) страшно го разниша македонскиот староседелски корен.
Сега од Македонците се бараше да платат двојна цена и да се само - жртвуваат за некакви нејасни цели.
Состојбите беа уште пострашни, бидејќи тие потекнуваа од највисоките политичари(на НОФ, АФЖ и КПГ). Политичарите, дури и во Граѓанската војна, негуваа опасни анахронзми во нашето национално опстојување и живеење, напаѓајќи ги своие политички противници - комитите и сите тие Македонци кои не гледаа никаква корист од таквата војна. Дали (НОФ и АФЖ) беа свесни колку со тоа го оптоварува и го навредуваа својот сопствен народ, а посебно младите македонски поколенија (деца на комити и деца на партизани-комунисти). Дали беа свесни колку им ја заматуваа младата душа и нивната национална свест.

Веднаш се ралативизивме, и од се направивме пустош, но најмногу од идентитетот.

Тоа е вистината, и можеби е дел од стратегијата на туѓинците кои посакаа преку манипулацијата на НОФ и АФЖ, да си ја остварат целта, бидејќи од таквото делување на НОФи АФЖ, грчката држава имаше преземено законски мерки со невиден терор и прогон, таквите воени зафати наилкуваа на физичко истребување. Народот беше принуден да ги напушта родните огништа и да бега во Југославија или владините сили за безбедност ги испраќаа по островите.

Таквото погрешно сфаќање на националното прашање, веќе наплатено со жртви и со поништување на многу национални вредности, слепо се брани и денес по цена на тотално национално пропаѓање. Тешко беше да се излезе од лавиринтот на сите манипулации околу КПГ и КПЈ, зошто се работеше за едно добро разработена стратегија во која дури и оние луѓе со т. н “тврди

националисти" пред агресивната катадневна пропаганда потклекнаа, во корист на т. н "класното", а националното (посебно за нас-Македонците) беше формално.

Но, од ишодот на настаните се покажа дека за НОФ (За сите нас Македонците, посебно под Грција), беше лет во хаос?! А во хаосот кој е моќен, тој е праведен. Значи правдата не е во правилноста, туку во моќта. Тоа се потврди!

Значи, што се случи: народот ја предаде својата слобда бидејќи на тоа го принуди НОФ, извориштето на тоа идеологија, а тие луѓе, туѓинците ги имаа устоличено да не водат, но до одреден период на време.

Практично, прогласувањето на територијалниот интегритет на Грција, загрозен преку НОФ и АФЖ, се јави како повик до Грците во Македонија и цела Грција да се борат против НОФ и АФЖ, да ја спасуваат Македонија под Грција.

Значи, со појавата на НОФ и АФЖ, во регионот настана пекол. Со тоа се создаде сива зона, опасно место за живеење и поле за воено-стратешки натпревар меѓу идеологиите за туѓи цели.

Ако и малку ја анализираме таквата неповолна ситуација, посебно, од национален интерес, никој умен не би го дигнал на оружје македонскиот народ-кој се наоѓаше во една најфлуидна (неизнасилена, но менлива) ситуација, а тоа го стори само НОФ и АФЖ -диригирани од КПМ/КПЈ. За Македонците, Граѓанската војна, беше време без логика, посебно прогласувањето на НОФ-Народноослободителен фронт, а тоа значеше мобилизација на целокупниот македонски потенцијал под Грција. ЗОШТО?!! Како ќе стигневме до успех?

И ден-денес, секој страдалец си го поставува прашањето ЗОШТО?!

Она што се нарекува,,Идентитет на човекот и на народот, таа исконска сила - Македонецот ја откри токму во НОФ и АФЖ, бидејќи го мобилизираа, за наводно да ја носи историјата, онаква каква што & прилега, на националните интереси, но таа ти било по налог на КПЈ и КПГ доведе до геноцид. Ќе се објасни ли еднаш: Дали Граѓанската војна за Македонците била револуција (продолжување на илинденските традиции - како што се сретнуваме со таквата оцена во официјалната историографија) или беше алиби за доуништување на Македонците под Грција?

Денес после половина век, секој од талкачите што ја доживеа Граѓанската војна како најголема трагедија; посебно за нас Македонците под Грција велат дека била најкобна. Но, никој од водачите да каже дека:„ЗЛОТО ВО ЕГЕЈСКА МАКЕДОНИЈА НЕ ПАДНАЛО ОД НЕБОТО!? ТУКУ НЕКОИ ОРГАНИЗИРАНО СО УМИСЛА ГО ДОНЕЛЕ”. Можеби не по вивна волја...

Развојот на силите на партизаните и андартите и итрата тактика на генерал Маркос за неомасовување на вооружените сили.

Развојот на левите сили (КПГ и ЕАМ), низ политичките настани во почетокот на 1946 година се одвиваа спрема концептот за неомасовување на населението во вооружен отпор и од таквиот став беа враќани илјадници војници и офицери сите симпатизери и членови на КПГ и на ЕЛАС, кои беа жестоко прогонувани од новата власт на Атина.

Но, зачудува концептот на НОФ (КПМ/КПЈ) по кој уште во 1945 година беше реализиран и изврши масовна мобилизација на македонското население, зачленувајќи го во НОФ и АФЖ. Очевидно тоа покажува дека е внимателно испланиран идниот и другите концепти преку стратегијата и тактиката на тугинците.

Тоа го покажува и следното дека по предупредувањето и спречувањето на левите сили низ цела Грција да учествуваат во масовноста, а подоцна тие леви сили се преорентираа и настана наводно проблемот со резервите на воените сили на ДАГ. И, не е чудо тие од 25. 000- илјадитата армија на ДАГ, во нејзините редови се најдоа насилно мобилизирани и ја сочинуваа 50% Македонци борци, а другите беа Грци. Тоа значи, од осуммилионското грчко население во единиците на ДАГ имаше неповеќе од 18-20 илјади борци на ДАГ, а од 300 иљдите македонско население во Грција имаше околу 15-20 илјади Македонци борци на ДАГ, низ целиот период на Граѓанската војна (1946-1949).

Според истражувањата на генералот Зафиропулос, силите на партизаните, во текот на 1946 година се развиваа по следната динамика.

-До април 1946 година..... 950
-Мај..... 1. 300
-Јуни..... 2. 700
-Јули..... 3. 500

-Август..... 3. 600
-Септември..... 4. 490
-Октомври..... 5. 930
-Ноември..... 7. 450
-Декември..... 9. 285

Што значи односот на владините сили е 10: 1, а военото наоружување е неспоредливо.

Но, да ги проследиме фактите: Види книгата: Κισαβος, "Ο εμφυλιος πολεμος 1946−1949".

(Авт.превод: "... Кога пристигнав во Белград, вели Маркос... одма се сретнав со другарот Иоанидис во една канцеларија каде ме дочекаа и двајца лидери на Комунистичката партија на Југославија;Темпо (Вукмановиќ) и Ранковиќ. Ме прашаа што ќе треба за неопходно да сторат за да помогнат (за ДАГ). Им реков дека потребно е наоружување за 18. 000 борци. Само што слушна Иоанидис, дека барам наоружување за 18. 000, стана и ми вели: Маркос, да ли си во добрите: што ќе правиш со тоа наоружување за 18. 000 борци. Доволно е само за 4-5 илјадии ниту за еден повеќе не треба ".(Стр. 94. Кисавос). Понатаму тој објаснува:

"... Тогаш јас го прашав Марко: -Зошто другар Марко, по враќањето од Белград во Грција, ја променивте линијата на Партијата. Беше присутен и лекарот Сакеларију. Ми одговори: -Ми ја промени партиската линија Иоанидис кога бев во Белград, другар Георги. "

Најсигурно е дека, таквата линија ја променија Југословените и Иоанидис и од тогаш Марко се здоби со особени симпатии од југословените и лично од Тито, кои се до ден-денес се забележливи тие симпатии.

Кисавос, во неговата книга потврдува дека Маркос, по враќањето од Белград во Грција, во својот Штаб, реши да ги враќа во своите домови сите што доаѓаа како доброволци во редовите на ДАГ, така на пример: околу 1. 500-2. 000 доброволци беа вратени и по нивното враќање непријателот безмилосно ги уништи како "кучиња". Исто така, наведува и други примери, како што е со секретарот на Политичката Комисија на градот Трикала, Костас Аридас кој заедно со поголема група кадрови кои имаа цврсто донесено решение во Околиската област на Тесалија дека треба да излезат во планина и да се борат, беа вратени и сите беа арестовани и стрелани. (Стр, 88.)

Кисавос, пишува за уште еден потрагичен, па дури и срамотен случај.

“Една група, околу 250 млади и наоружани доброволци, од околијата на Каламбака - Кастраќу, кои се обидоа да ги вратат, тие се спротивставија. Но, тие по своја иницијатива се организираа во 2-3 чети и решија сами да се борат против непријателската владина војска, во време на најголемите воени операции што ги имаше преземнео владината војска на тој терен.

На чело им беше Спирос Царас од с. Кастраки -Каламбака. Се покажаа најдобри борци (во тие жестоки борби) и без да имаат жртви во таа тешка и жестока борба. Раководството на маркосовите штабови, наместо да им честита за нивната храброст, тие беа изгрдени за непослушност, а долго време го имаа за сомнителен Спиро Царас.

Спротивно на тоа што го правеа Грците, НОФ и АФЖ и политиката на КПМ/КПЈ за оптималното омасовување на целокупниот македонски народ.

Значи, ако политичката стратегија и тактика на Маркос била за не омасовување на вооруженият отпор (во стратегијата и политиката се цени дека таквиот став беше на Сталин) и тоа со искусни борци од ЕЛАС, тогаш каде да ја бараме логиката на таквите политички процеси. Тоа што го правеше НОФ со невидено галопирање во омасовувањето на македонците селани (сигурно беше Титова политика и Захаријадисова...): (Види-Извештај од главното раководство на НОФ од 9 февруари 1946 година, за организационата структура на НОФ во Егејска Македонија: Ам. Збирка “Егејска Македонија во НОБ 1945-1949”, АЕ: 86 и 87. Објавени во едицијата: “Егејска Македонија во НОБ 1946”, Т. Ш..., док 42 и 43. Стр. 97, 100, 103-106.)

Села / член на КПГ /член на НОФ/ НОМС/ СКОЈ/ АФЖ

Костурски округ

1. Преспанска околија
 А. реон Герман..... 16 села
 Б. реон Африка..... 7 села
2. Околија Корештата
 А. реон на Д'мбени.....9 села
 Б. реон на Дреновени..... 14 села
 В. реон на тиолишта.....14 села

3. Околија Полето
А. реон Жупанштa.....12 села
Б. реон Рупиштa.....10 села
В. реон на Кастенаријата..... 18 села
Г. Подреони на Калевиштa..... 5 села
Леринcки округ
1. Леринcка околија
А. Буфcки реон..... 13 села
Б. Которcки реон..... 15 села
В. Банички реон.....6 села
Г. реон Овчарени.....9 села
Д. реон Турје..... 6 села
2. Совичко-Кајларcка околија
А. реон Екши-Су.....5 села
Б. реон Ајтос..... 8 села
В. реон Мокрени..... 16 села
Воденcки округ
1. Мегленcка околија
А. реон на Кронцелево.....13 села
Б. реон на Шбоцко..... 11 села
2. Островcка оклија
А. островcки реон..... 7 села
Б. реон на Месимер.....11 села
В. реон на црно Мариново..... 8 села

Во извештајот се нагласува, дека состаноците се одржуваат редовно во месец јануари. Повеќето села ја прифаќаат нашата линија и се борат под наше раководство. Во извештајот се наведуваат точно колку им припаѓаат на секоја од овие организаци, а бројката е фрапантна и се добива претстава дека македонското население е целосно под влијание на овие организации. Има и други детаљи.
За Организационото раководство

Секретар, с. р.

Во аналите на историјата, таков случај не е Регистриран.

1. Ако НОФ беше политички македонски субјект, требаше да каже: какви отстапки би можела да направи спрема КПГ, а притоа да не му нанесе трајна и неповредлива штета на својот народ на национален план. Но, настана она другото: значи ако го создаде КПМ/КПЈ, тогаш таа и го предаде(продаде) на КПГ, а со какви и кои политичките цели?!!! Само тие знаеја (КПЈ и КПГ)!

Но, еве, си најдоа елита која се оутѓува, која ќе мобилизира послушни (измамени) бориц, ама не мислат што ќе биде ако сето ова за македонскиот народ е вистинска мамка! Не сакам да верувам дека станува збор за смислена намера на НОФ и АФЖ, па затоа оставам процтор за неукос, неинформираност, неумешност, политичка ароганција...

И, така нашите надежи се најдоа пак на масата на КПГ, ние се најдовме во униформата на ДАГ, децата се најдоа по светот, семејствата растурени, имотите оставени и татковото огниште изгубено за навек. Значи, добро соработувавме во целиот период за "мекото етничко чистение".

7.0 ТРЕТАТА СУДБОНОСНА ГОДИНА 1947 ГОДИНА ПОД РАКОВОДСТВОТО НА КПГ И ТОТАЛНИТЕ МОБИЛИЗАЦИИ

Поважните настани во 1947

На 12. 02. 1947 г. Велика Британија ја извести владата на САД, дека од економски причини на 31 март 1947 година ќе прекине да ја помага Грција.Владата на САД, оцени дека долколку не ја наследи улогата на Велика Британиа Грција неминовно ќе падне под влијање на Русија

На 20. 02. 1947 г. Во Атина меѓу Владата на САД и грчката влада, е потпишана спогодба за помош на Грција и САД и почнаа да ја остваруваат доминацијата во Грција, истиснувајќи ја Велика Британија.

На 24. 02. 1947г. Кралот на грчката држава и грчката Влада јавно ги повикува борците на ДАГ да се предадат до 15 март 1947 година. Во повикот се вели, дека сите сторени дела против државата и народот ќе им се амнестираат, ако до одредениот рок се придржуваат на повикот и се вратат во своите домови.

На 01. 03. 1947 г. Претседателот на САД Хари Труман објави решение со кое се прокламира "Труманската доктрина" (40) за ангажирањето на САД во Грција. На Грција и беше доделен кредит и современа воена опрема за опремување на владината војска. Истовремено на грчката влада и беше ставен на располагање американскиот генерал, специјалист за борба против герила господинот Ван ФЛИТ.

Со неговата стратегија и применетата тактика во последните битки на фронтовите на Вичо и Грамос, беше ликвидирана ДАГ и исфрлена надвор од границите на Грција.

На 16 мај 1947 г. Радиостаницата "Слободна Грција" беше сместена во Белград и почна да емитува емисии.

15. 09. 1947 г. Од 15 до 17 септември е одржан III-от Пленум на КПГ, на кој се расправаше за воените прашања. На пленумот е истакната паролата: "Сите на оружје, се за победата!" Решено е да се создаде слободна територија на Кожанската висорамнина, која е опкружена со планинските масиви на Пинд, Пиерија, Каракамен, Кајмакчалан и Вичо.

На 27. 09. 1947 г. Главниот штаб на ДАГ издаде наредба за мобилизација на сите мажи од 17 до 35 години. Со не помал интензитет, за веќе неколку месеци (од 4-9 месеци) се вршеше мобилизација на бегалците Македонци (политичка емиграција во Југославија) низ Скопје, Велес, Штип и Битола, од разни Ворјасовци и се испраќаа ноќно време, со камиони покриени со цирада во единиците на ДАГ (Види:Ф.М во ИНИ, СК.4-271/60, стр.73-76).

До 01. 01 1948 г. Воена опрема и помош дадена од Југолсавија на ДАГ. (Види: список на комплетна опрема во книгата "Македонците и односите на КПЈ и КПГ, 1945-1949", стр.263 од д-р Ристо Кирјазовски), "Преглед на воената опрема и друга материјална помош за ДАГ.

Нова стратешка цел на КПГ

Во февруари 1947 година, раководството на КПГ донесе одлука за промена на задачата на ДАГ, односно на стратешката цел на нејзината оружена борба-од борба на притисок врз атинскиот режим за мирољубиво решение на грчкото внатрешно прашање во борба за соборување на тој режим и заземање на власта. Владата на Атина строго реагираше и дури преку грчкиот парламент донесе низа закони, но, во исто време, се огласи и Кралот.

На 24. 02 1947 година, Кралот на грчката држава и грчката Влада јавно ги повикуваа борците на ДАГ да се предадат до 15 март 1947 година. Во повикот се вели, дека сите сторени дела против државата и народот ќе им се амнестираат, доколку до одредениот рок се придржуваат на повикот и се вратат во своите домови.

Американскиот министер за надвореши работи Г. Марашал, на 14 февруари 1947 година, изјави дека Владата на САД е задоволна од владината промена во Грција и дека во интерес на САД и на сите обединети нации е Грција да прими помош за да ги зачува својата независност и територијалниот суверенитет. (Види: Стејт департмент, Билтен, 23. 2. 1947, 341). Оваа изјава на Г. Маршал иницираше Грција да добие американска помош.

Решеноста на двете западни земји - Соединените Американски Држави и Велика Британија по секоја цена да спречат грчките комунисти да ја заземат власта, резултиреша со интервенцијата на САД во Грција изведена преку познатаат Труманова доктрина на 12 март 1947 година. Трумановатa доктрина јасно го предупреди Сталин да не се надева на успех во Грција. Неограничената помош ја доби

Грција преку Труманова доктрина и во продолжение преку Маршаовиот план и овозможи да сосдаде бројна и модерно вооружена армија, оспособена и подгответа да ја порази ДАГ.

На 17 февруари 1948 година претседателот на САД Труман во месечниот извештај до Конгресот предупреди: "Ако се појави потреба готови сме да и дадеме уште поголема и сестрана помош на Грција".

Нашето, бесмисленото идеолошко ангажирање на македонскиот народ во катастрофата (туркајќи го безмилосно во "лизгав и опасен терен" во идните миграциони движења) може да се оцени од следните ставови на НОФ и од МЕМОРАНДУМОТ на Врховниот штаб на Демократската армија на Грција до Анкетната комисија на ООН кој гласи:

ДЕМОКРАТСКА АРМИЈА НА ГРЦИЈА

ГЛАВНА КОМАНДА

ШТАБ-одделение ИИ а

14 марта 1947 година.

МЕМОРАНДУМ

До Анкетната комисија на обединетите нации
И

За причините кои ја предизвикаа Граѓанската војна и нашето мисление за нејзиното прекинување.

Кратко објаснење: бидејќи материјалот е пообемен, тука ќе пренесеме само мало толкување и комплетна 4-та глава од меморандумот, за да се види; што и колку се однесува на нас Македонците и нашето (Само) жртвување и дали навистина Граѓанската војна беше македонско народно-ослободително движење и продолжување на илинденските традиции на Македонците учесници во ДАГ како што се манипулира во историјата за Егејците.

Кратко: (На договорениот состанокот од страна на Врховниот командант на Демократската армија на Грција генералот Маркос со советските и полските преставници на Анкетната комисија на Советот на безбедноста за Грција и со преставниците на Југославија,

Албанија и Бугарија, на ден 21 март 1947 година во Главниот штаб на демократската армија во селото Хрисомилија (околија Каламбака 0, генерал Маркос им предаде опширен маморандум за Анкетната комисија. Меморандумот се состои од 4 (четири гоглавија).

Во меморандумот се даваат точни податоци за монархофашистичките банди во Тесалија, со назначување на сите места каде се наоѓат нивните штабови и имињата на сите тие офицери. Скоро сите тие офицери се од страна на народните судови осудени на смрт, поради соработката со окупаторот и поради нивните многу злочини, кои многу често лично ги извршувале. То се познатите злочици: Калабалитис, Сурлас, Зервас, Целиос, Каракисос, Биздас, Кундурис и други. Исто така во меморандумот се наведени и податоците за огромниот број на Еласитовите офицери, кои бес причини биле апсени, стрелани, или се наоѓаат во прогонство на островите. Во меморандумот во неколку наврати подцртуваат документите кои ги дава и преставникот на гржката влада дека монархофашистичките банди постоеле и биле наоружани од страна на Англичаните уште многу порано од кога се наоружа некој си партизан од левицата и избегал во шума. Целта на монархофашистичките банди бил да ги истребата демократските жители, бидејќи ценеле дека ако некој демократ зборува за демкратијата, него го ценеле како најголем злочин за Грција. Во архивите, кои ги има запленето Дамократската армија од жандармериските станици или други државни институции, нема ни една наредба која би се занимавала со други прашања отсем како да се уништа народнорепубликанското движење и Комунистичката партија.

Исто така е карактеристично дека во текот на 1945 година најголемите блокади и напади се вели дека биле извршени од англиските и грчките воени единици.)

Демократската армија, надахната со духот за смирување и за нормално демократско решење на нашиот внатрешен проблем, кои виси како мора над гржкиот народ, до денес не пропушти ни во една прилика и секогаш ги предлагаше тие мерки со кои се може да се отвори патот за демократско решавање на овој проблем. Ставот на Демократската армија во потполност се совпаѓа со желбата на демократското водство на нашето Народно републиканско движење кое претставува волја на нашиот демократски народ, а што се однесува до причините кои ја предизвикаа Граѓанската војна во нашата земја и што се однесува до нејзиното окончување, ги поновуваме и останuваме на тоа дека без да се разрешат следните зафати ќе нема мир: повлекување на анггиските војски од нашата

земја; учеството на ЕАМ во владата; општа амнестија; чистење на државниот апарат од воените злочинци и припадниците на"батаљоните за безбедност";

Воспоставување демократија и слобода во војската и во формациите на јавната безбедноста и Спроведување на слободни избори, оти поинаку неможе да се смири нашата земја, не може да се обезбедат нормални прилики и народна слобода. Демократската армија и народ ќе ја продолжат борбата до конечното остварување на своите права и идеали, убедени дека сите демократски народи ќе не подржат во нашето дело.

Демократската армија, верува дека Анкетната комисија при Обединените нации-која ја претставуваат сите демократи и либерални народи кои поцена на неверојатните жртви се борат против фашизамот-чекорејќи по патот на своето објективно испитување на состојбата која постој во нашата земја, ќе ги пронајдат вистинските причини кои ја предизвикаа Граѓанската војна и дека ќе помогне во остварувањето на стремежот на нашиот народ, тие истите кои ги уживат сите демократски народи во светот-а тоа е слобода.

Главна команда на Демократската армија на Грција

Маркос, с. р

Наскоро се одржа Првата конференција на НОФ (41) во 20 мај 1947 година, и ја потврди новата линија и задачите на организацијата, односно на македонското национално-ослободително движење, произлезени од ставовите на КПЈ и од КПГ, а тие се: целосно вклучување на македонскиот народ во борбата што ја води ДАГ за победа на народната демократија во Грција. Се друго и беше подредено на таа цел. (Види: Кирјазовски 1998/232-233).

Тоа што го доживеа македонскиот народ беше од еуфорија до разочоравување и со јаnsa да живее низ ветриштата на војната.

Ете, такви беа нашите успеси кои дојдоа како резултат на исполнувањето на ставовите на КПЈ и КПГ.

Зарем не беше тоа опасна стратегија и итра тактика на тугинците кои не подготвуваа за поход во еден правец??!!

Интересно е и прашањето: дали НОФ знаеше каков е ставот на генералниот секретар на КПГ Никос Захаријадис.

(Види: Василис Барџиотас, 1987/91.) “... Никос Захаријадис, уште од 2-от Пленум на ЦК во 1946 година сакаше воената борба, и тоа уште на почетокот да биде притисок за мирољубиво решение и за демократски развој, а не за ја земеме (освоиме) власта.

Оваа идеја, не ја напушти и после септември 1947 година кога се одржа 3-от Пленум на ЦК, каде што одговорноста на Партијата беше посветена на борбата. Да, секако Захаријадис, ја поддржуваше таа идеа (став) се до 1948-1949 година, кога се водеа конкретни разговори во ООН, со предлог и подршка на Советскиот Сојуз, за мирољубиво решение на грчкото прашање... “.

Американскиот министер за надворешни работи Г. Марашал, на 14 февруари 1947 година, изјави дека Владата на САД е задоволна од владината промена во Грција и дека во интерес на САД и на сите обединети нации е Грција да прими помош за да ги зачува својата независност и територијалниот суверенитет (Види: Стејт департмент, Билтен, 2. 2. 1947, 341.)

Предвидувањето на Американците за развојот на настаните во Егејскиот дел на Македонија во пролетта 1947 година, го искористија грчките власти уште повеќе да го зајакнат и да го омасоват прогонот против Македонците. За да му дадат правна основа на теророт, донесоа повеќе закони и други прописи. Покрај другите, донесени следните закони и законски прописи: ПЗ 511/47, “За органнизирање на концентрациони логори”, “Закон за присилно евакуирање на населението од внатрешноста во градските центри”, Декрет Л-3 “за лишување од грчко државјанство на лица кои дејствуваа антидржавно”.,ПЗ 509/47,”За мерки за безбедност на државата, уставниот поредок и заштита на граѓаните”.

Но, и според таквите драконски мерки, ние и понатака верно обрзани спрема ставовите на КПЈ и КПГ, си ја исполнувавме туѓата задача...

ДЕМОКРАТСКА АРМИЈА НА ГРЦИЈА (ДАГ)

ЗАПОВЕД
Главен штаб
Штабно биро 1
Број на проток.722

Во врска со број 132/25.8.1947 година и А.П.307/25.9.1947 година, заповед:

Ги повикуваме да служат под оружјево редовите на Демократската армија мажи и жени...

Погоре мобилизираните, каде и да се наоѓаат ќе треба да најдат начин да се јават во своето местожителство во најблиските во единиците на Демократската армија. Оние од мобилизираните кои не ќе се јават на оваа заповед во редовите на ДАГ, ќе се сметаат за непријавени.

Штабовите во областа да издадат соодветни наредби. Да се превземат мерки за навреме да се известат сите повикани.

Главен штаб, 30.9.1947 година.
Генерал Маркос.

Втора наредба, на 23. 11. 1947 година.

Главниот штаб на ДАГ нареди само за реонот на Вичо (Е.Македонија) да се мобилизираат сите мажи и жени од 17 до 35 години; повеќе се однесува на мажите кои беа оставени за изградба на фортификациите или поради болест. Со оваа мобилизација, практично беа мобилизирани сите Македонци од костурскиот и леринскиот реон.

***

Таквата доверба, послужи како мобилизационен успешен фактор. Но, потоа, се случи она што не се очекуваше: илјадници наши Македонци се најдоа(беа испратени) по налог на Маркос во длабината на Грција, а каква им беше судбината, тоа е посебна прикаска, оти се знае дека тие исчезнаа како во жив песок. Само ќе наведам дека и јас сум едно од тие млади момчиња (сите бевме на возраст од 17-18 година), кога на 5-10 октомври 1947 година, околу 350 деца бевме регрутирани (од селата. Турје, Бапчор, Вишени, Кономлати и др) од Македонија за штабовите во Епир и антихашија, за кои по борбите во Коница не останавме ниту една третина. Но, да видеме, како го има оценето таквиот зафат нашата историја:

“Македонските воени формации, сега единици на ДАГ беа испратени во внатрешноста на Грција со цел-да се омасови и таму партизанското движење. И НАВИСТНА МНОГУ ПРИДОНЕСОА ЗА РАЗВОЈОТ НА ВООРУЖНАТА БОРБА И ВО ТИЕ ПОДРАЧЈА. “. (Види: Кирјазовски 1985 /166).

***

Ете зошто ние Македонците во Граѓанската војна не можевме да му наметнеме, ни политичка ориентација, ниту воена ориентација или некаква стратегија и требаше да сватиме дека татковина не се брани со уривање на домовите и искоренување на човекот.

А по таа војна што не снајде ние -Македонците по војната за државата Грција не постоеме, ниту пак комунистите, пола век не не побараа и не не заштитија... Од 15 до 17 септември 1947 година е одржан III-от Пленум на КПГ, на кој се расправало за воените прашања. На пленумот е истакната паролата: "Сите на оружје, се за победата!" Решено е да се создаде слободна територија на Кожанската висорамнина, која е опкружена со планинските масиви на Пинд, Пиерија, Каракемен, Кајмакчилан и Вичо.

На 27 септември 1947 година, Главниот Штаб на партизанските единици на Маркос (бидејќи уште не беше прогласена Демократската влада, а тоа е незаконито и недозволено) издава наредба да се изврши моболизација од 17 до 35 години. Но, и по оваа мобилизација, бидејќи се спроведе само во македонските села одвај ја достигна бројката од 15.000 до 17.000 борци учесници во ДАГ. Само за споредба: пролетта 1946 година кога почна Граѓанската војна, Владата на Грција располагаше со следните оружени сили:

27.000 милиционери од кои 14.000 имаше во Ворија Елада (Е. Македонија);

Парадржавни организации околу 5.000;

Национални воени единци 17.000 (околу 40 батаљони);

Редовна војска од 75.000 војници (7 армии и 2 слободни бригади), (Види: "ДАГ-стратешките прашања и тактиката на раководењето", од Г. Малтезос-Џумеркиотис стр.60). Тој понатаму пишува:" Познато е дека во 1947 година ДАГ, не само што го немаше решено прашањето за воените резерви, туку го немаше решено и прашањето на вооружувањето со обичните бојни пушкомитралези и други бојни средства, но и муниција и тоа останува необјаснето, зошто од една страна Захаријадис му даваше на Маркос наредба да го зголеми бројот на силите во единиците на ДАГ до 60.000, а Иоанидис на Маркос му даваше (обезбедуваше) вооружување само за 4.500 илјади борци, а пак тој Маркос се до крајот на 1947 година враќаше илјадници симпатизери-војници кои сакаа доброволно да стапат во редовите на ДАГ" (стр.354). Се поставува прашањето:Зошто генерал

Маркос само во Македонија вршеше незаконски мобилизации, од старо до младо и направи пустош од Македонците?

Проблем за грчките аналитичари е и решението на 3-от Пленум на ЦК на КПГ што се одржа во Белград, во септември 1947 година, и како што пишува Гусиас (стр.251), на пленумот присуствуваа само шест членови на ЦК на КПГ и неколку воени лица, но ниту еден Македонец.

Пленумот реши и го задолжи Главниот Штаб на ДАГ да почне со мобилизација во целата земја и до март 1948 година наоружаните сили на ДАГ да нарасне на 60.000 борци. На истиот Пленум е донесено решение, од централното тежиште на самоодбрана да се премине во напад, во борба за власт. За постигнување на таа цел беше изработен воено-оперативен план "С", односно познат како "Езеро". На овој Пленум се истакна и паролата: "Сите на оружје, се за слободата!" Решено е да се создаде слободна територија на Кожанската висорамнина, окружена со планинските масиви на Пинд, планината Пиерија, Каракамен, Кајмакчалан и Вичо, и со тој план требаше да се ослободат градовите Лерин, Воден, Негуш, Соботско, Коница и други. Тоа би било како прва етапа за ослободување на Грција.

Ете, сето ова ни потврдува и е уште еден непобитен факт, дека се сакало Граѓанската војна да биде лоцирана во Егејскиот дел на Македонија, а тоа било решено во Белград на тој пленум, без никаков обзир спрема македонскиот народ и неговата судбина, туку се во интерес на туѓите политички цели.

Мобилизации надвор од границите на Грција на сите луѓе кои имаа пребегано од теророт во Југослвија

На 27. 09. 1947 година, Главниот штаб на ДАГ издаде наредба за мобилизација на сите мажи од 17 до 35 години. Со не помал интензитет, веќе за неколку месеци (од 4-9 месеци) се вршеше мобилизација на бегалците Македонци (политичката емиграција во Југославија) низ Скопје, Велес, Штип и Битола, од разни Ворјасовци и се испраќаа во единиците на ДАГ (Види: Ф.М во ИНИ, СК.4-271/60, стр.73-76).

8.0 ЧЕТВРТАТА СУДБОНОСНА 1948 ГОДИНА ПОД РАКОВОДСТВО НА КПГ, ИНФОРБИРОТО И ОСЕМАЊЕТО НА ДЕЦАТА (ПЕДОМАЗОМА - ЧЕДОСОБИРСТВО)

КОБНАТА 1948

(Скрб, страв и вечна разделба со родниот крај)

На 13. 01. 1948 г.

Во црквата на селото В'мбел, Костурско, одржан е првиот конгрес на НОФ и е констатирано дека во единиците на ДАГ се мобилизирани повеќе од 20.000 Македонци. Во тоа време според податоците на ГШ на ДАГ, низ цела Грција немало повеќе од 25-28.000 борци на ДАГ).

На 24. 02. 1948 г.

Во Грција пристигна командантот на Американско - воено - Советодавна и програмска група предводена од генерал Ван ФЛИТ.

Беше највена како: ВИСОКА ПОСЕТА НА АТИНА.

На 31 декември 1947 година беше формирана Американската воена советодавна и програмска група „ЈУСМАРГ" на чело со Ван Флит. Преку Американската воена советодавна група, Американците воспоставија контрола не само врз политиката и економијата, туку и врз вооружените сили.

Воен дневник:

На 7 февруари 1948 година, американскаскиот генерал - поручник Џеимс А. ВАН ФЛИТ (43), ја презел командата на ЈУСМАРГ, а една недела подоцна, заедно со шефот на британската воена мисија, генерал мајорот СТЈУАРД РОЛИНС, биле приклучени кон Грчкиот национален совет за одбрана. Види: Foreign Office to Belgrade, March 4, 1949.

Се се одвиваше спрема Труманова доктрина

Труман што потенцираше:

„... Ако падне Грција под контрола на некое вооружено малцинство многу лесно ќе завладеат збрки и аномалија на целиот Среден Исток. така, исчезнувањето на Грција како независна држава ќе има

длабокок одраз врз сите европски земји чии народи се борат... Ако не помогнеме на Грција во овој критички момент последиците ќе бидат тешки, колку за Запад, толку и за Исток. Должни сме да превземеме непосредна и решавачка акција. “ За таа цел побара од Конгресот околу 4000. 000 долари за економска и воена помош за грција и за Турција. Советскиот сојуз ја осуди како „Труманова доктрина”.

Во почетокот на март 1948 г. раководствата на НОФ и АФЖ од страна на Захаријадис беа тестирани и се бараше да го покажат; политичкиот и воениот потенцијал, а тоа кај Македонците многу јасно покажа: Кој не се почитува самиот себеси не е почитувам ни од другите.

Македонските НОФ - ити и АФЖ - ити, често се спречкуваа меѓусебно и Захаријадис тие спорови ги подгреваше некако по принципот „Скарај па владај”. Дозволуваше извесни „плуралистички мислења” во својот најблизок круг и од тоа извлекуваше корист од меѓусебните спорови и непријателството, бидејќи тоа му овозможуваше, најчесто, подобро да си ја дефинира својата власт со предлози и идеите.

Захаријадис, се реши да го тестира македонскиот интелектуален и политички капацитет во егејска Македонија и да ја утврди довербата по изминатото време на овие кадри под раководствот на КПЈ/КПМ (23 април 1945 година до 14 октомври 1946 година) кога македонската свест беше во рамките на југословенската политика.

Извадоци Б: „ ... На 27 март 1948 година, Жаријадис го презеде наредниот многу значен потег за усвојување на организацијата НОФ однатре. Имено, за секретар на партиската фракција во НОФ го наложи познатиот антинофитин и експонент на политиката на КПГ во македонското национално - ослободително движење, Ставрос Кочопулос (за кого авторотЕвдокија Фотева - Вера на книга ”До пеколот и назад”: вели дека е изрод), со што раководствотото на НОФ помина во негови раце.

... Во март 1948 година, со итна наредба на ГШ на ДАГ, беше мобилезиран, речиси сиот кадар на НОФ, АФЖ и другите македонски асоцијации. Раководството на КПГ, побара од македонското раководство да му достави предлог за кадровското ангажирање на мобилизираните македонски активисти.

Еве што, меѓу другото, наведува Митревски во својот извештај до грчкото раководство: „Согласно со вашата директива, по прашањето

за мобилизацијата на кадрите, по широката дискусија, на крајот се согласивме:

Ставот на Керамитчиев - Павле Раковски и Лазо Поплазаров да бидат поставени како политички комесари на бригада. Вангел Ајановски (Оче), Михајл Малио да бидат поставени за политички комесари на батаљони, а Ламбро Чолаков за интендант на батаљон.

Ставот на Вера - Раковски, Поплазаров за политички комесари на бригада. Маљо и Чолаков за политички комесари на батаљони, а Оче за обавештаен офицер на бригада.

Ставот на Ставре Кочопулос - Раковски, Поплазаров и Маљо во командата на батаљон. Чолаков и Оче во чета.

... Паскал Митревски, го известува грчкото партиско раководство, дека во врвовите на НОФ, и кај Македонците, има сепаратистички тенденции, шовинизам, национализам, фракционизам, антипартиска дејност и сл. (Извештај поднесен до ПБ на ЦК на КПГ на 12 април 1948 година.).

Види: стр. 233. „... Михајло Керамитчиев, Вера Николовна, Павле Раковски, Илија Димовски - Гоце, со свое писмо, се обратија до ЦК на КПЈ, молејќи го да интервенира кај раководството на КПГ, да го измени својот став и политиката кон Македонците.

Останува нејасно како членовите на НОФ и АФЖ во кои толку многу се пропагираше дека се токму тие синови на македонскиот народ кои ќе му донесат слобода, а добија ниски оценки? Уште потешко може да се разбере како сами се оценуваат и сите евеј стигнале до политички комесари.

Захаријадис се чудел зошто не избраа лидер, кој ке ги води и кој ќе ја преставува Егејска Македонија и Македонците во идната Балканска федерација??!! Тоа го охрабрило и раскажувал: “Ете кои се НОФИТИТЕ...“

Моето прашање е: зошто македонските лидери на НОФ и АФЖ, немаа смелост да предложат Македонци во политичкиот столб на КПГ и воениот столб на ДАГ, кога во активниот дел на ДАГ, нас Македонците не имаше од 50-60%, туку прифатија: Кадровите на НОФ и АФЖ се праќаат во штабовите и ги назначуваат како одговорни за Македонците!?

Никогаш не било јасно, зошто активистите на НОФ и АФЖ беа распоредени како “Одговорни за борците Македонци во борбените единици” можеби затоа што во аналите на војувањето на регуларните војски, го немало.

Сега тие се јавуваа да пропагираат, пред секоја воена операција и кога требаше да одиме во некоја воена битка “одговорните за Македонците” доаѓаа и не советуваа дека треба да се однесуваме смело и херојски... оти тоа гобарале од Македонците - Партијата и Вождот.

Зарем во сето оваа, има ли нешто македонско, отсем тотално поданство... а нашата историографија зборува за: Македонско военополитички фактор и револуција.
Истражувањето покажува:

Тогашните македонски политичари беа потпросечни и тој недостиг од лидерство (на НОФ- ити и АФЖ-итки) е толку впечатливо што дури и најнеобразованиот човек го чувствуваше дефицитот на интелектуален капацитет и личен интегритет кај сите политичари. Погоре видовме: Тие се определија сами до политкомесари на чети, батаљони и полкови, но никој не се определи за лидер и водач на Македонците, по паролата на Захаријадис која беше изгласена на 5-от Пленум на ЦК на КПГ за „Независна и обединета македонска држава во рамките на балканска федерација”

На 15. 03. 1948 г.

Весникот “Ексормиси”, кој го издаваше ДАГ во реонот на Грамос, објави сопштение на министерството за надворешни работи на Привремената Демократска Влада на Грција со датум од 7 март 1948 со наслов “Родителите и децата ја молат владата” и понатака се вели дека ”Од средината на февруари до 5 март, од 59 села на слободнататериторија родителите дадоа 4.784 деца”, а исто така на 20. март привремената влада донесе решение за евакуација на сите деца што се до возраст до 14 години да се испратат во Југославија, Унгарија, Романија, Чехословачка и Полска и, според податоците биле испратени околу 28.000 деца

На 28. 04 1948 г..

На слободната територија на Вичо, под раководство на Евдокија ФОТЕВА - Вера, е одржан и конгрес на АФЖ на жените од Егејскиот дел на Македонија.

На 10. 06. 1947 г Врз основа решението на ПДВ (Привремената демократска Влада), во 1947-1948 г. во "Слободните зони "во Егејска Македонија беа отворени македонски ужителски курсеви и 87 македонски училишта во кои беа опфатени околу 10. 000 македонски ученици.

01. 06. 1948. г. Политбирото на ЦК на КПГ донесе решение со кое се суспендираат Михаило Керамитчиев од претседател на НОФ и Паскал Митревски од секретар на Главниот одбор на НОФ, "Поради непринципиелна фракционашка борба"

30. 06. 1948. г.

Тогашниот јогословенски пеат ја објави т. н. Резолуција на Инфорбирото донесена на второто советување на Коминтерна, одржано во Букорешт од 20 до 28 јуни. Резолуцијата не беше донесена преку ноќ, туку беше резултат на повеќемесечно несогласување и остра преписка помеѓу тогашната КПЈ - владеачка (и единствена) политичка сила во тогашната Југославија и блокот на комунистичките (апсолутно владејачки) партии од преостанатиот комунистички свет, а управуван и командуван од страна на КПСС односно Јосиф Висарионович Џугашвили - Сталин. Друштвото кон кое "природно" припаѓаше комунистичка Југославија (ФНРЈ).

Во средината на 1948 г. побарање на КПГ, од албанските власти побара на албанската територија во близината на грчко - албанската граница (месноста Кук) да се изгради воен логор за осудените од службата за безбедност на ДАГ, а на 5 март 1949 г. министерот за внатрешни работи на Албанија Мехмет Шеху нареди да се расформира логорот во кој се чуваа граѓани на Грција (од неколку стотици беа Македонци) осудени на смрт.

28 07. 1948 г. На Грамос почна вдодневниот четврти дводневен пленум на ЦК КП на Грција, на кој, меѓу другото, е донесена резолуција, во која за учеството и придонесот на македонците во борбата, се вели: "Пленумот го истакнува големиот придонес сто славомакедонскиот народ го дава во општото дело на слободата. Учеството на славомакедонскиот народ во ослободителната борба е се народно и целосно. Со таа борба славомакедонскиот народ цврсто го гради слободниот рамноправен живот, ја зацврстува и ја обезбедува со крв на своите синови и ќерки својата народнодемократска иднина".

27. 08. 1948 г

Заседаваше ПБ на ЦК на КПГ со дневен ред:

а/ Борбата на Грамос која се нарече:”Епопеа на Северен Пинд, политички и воени прашања и укази”

б/Отстранувањето на Маркос Вафијадис од генерал и водач на ДАГ, поради болест и неговото заминување во Москав. (Забелешка: Тогаш, тој систем го произведуваше и поимот идеолошки луд, па така, меѓу лудаците се најдоа и многу умни и здрави глави).

в/Новиот воен Совет ќе го сочинуваат:

1.Никос Захаријадис-Претседател и врховен командант на ДАГ.

2.Георгиос Вондициос - Раководител на воените битки.

3.Василис Барџиотас - политички Комесар на Главниот Штаб.

4.Мичос Вландас-Одговорен за воените ресурси.

5.Леонидас Стрингос-Државната управа.

Г/ Реорганизација на Главните Штабови по околии и создавање на воени дивизии. Унапредување на офицери во воени високи чинови на ДАГ.

Прилог

Наредба (27 август 1948 година)

Имајќи во предвид на ново создадената

Прилог

Наредба(27 август 1948 година)

Имајќи во предвид на ново создадената ситуација на 23 декември 1947 година и предлогот на Главниот Штаб на Демократската Армија на Грција

Решаваме:

1.Разрешување и реорганизација на Главните околиски штабови и создавање на дивизии.

2.Дивизиите се наименуваат како што следи;
I Дивизија: Тесалија

II Дивизија: Румели
III Дивизија: Пелопонес
VIII Дивизија: Епир
IX Дивизија: Македонија
X Дивизија: Македонија
XI Дивизија: Македонија

Во седиштето на Привремената Демократска Влада 27 август 1948 година.

Претседател и Министер на воените сили на ДАГ

Генерал Маркос.

24. 09. 1948 г. Види: "ΔΗΜΗΤΡΗΣ ΒΛΑΝΔΑΣ −ΗΜΕΡΟΛΟΓΙ Ο 1947 − 1949". Тогашен воен министер на ДАГ во ПДВ на Грција: (стр. 237-238)

. Таа вечер учествував заедно со другарот Захаријадис на состанокот со славомакедонските кадри кои ги имаше околу 54 (кадри).

Прашањето на Славомакедонците преставува табу тема, колку за КПГ, толку и за вооружените сили, односно за ДАГ. Иаку Славомакедонските борци на ДАГ преставуваат кон крајот на Граѓанската војна мнозинство на борците во ДАГ, малку се пишува за овој народ. КарактеристиЧно е по тоа што Г. Маргаритис посветува два томови за годините 1946-1949 година, најавувањето уште за Граѓанската војна за незнаЧителното присуството на ДАГ на островите

На ден 15. 11. 1948 г. Политбирото на ЦК на КПГ донесе одлука да ги исклучи и да го суспендира генерал Маркос од функциите главен командант на ДАГ и член на ЦК на КПГ.

На ден 23. 11. 1948 г.

Главниот штаб на ДАГ нареди само за реонот на Вичо (Е.Македонија) да се мобилизираат сите мажи и жени од 17 до 35

години; повеќе се однесуваше на мажите кои беа оставени за изградба на фортификациите или поради болест. Со оваа мобилизација, практично беа мобилизирани сите Македонци од костурскиот и леринскиот реон.

Забелешка: До 1. 01. 1948 година, воена опрема и помош дадена од Југолсавија на ДАГ. (Види: список на комплетна опрема во книгата "Македонците и односите на КПЈ и КПГ, 1945-1949", стр.263 од д-р Ристо Кирјазовски), "Преглед на воената опрема и друга материјална помош за ДАГ."

СЛЕДИ САМО ДЕЛ ОД СТУДИЈАТА КОЈА СЕ ОДНЕСУВА НА: ЧЕДОСОБИРСТВОТО

КОБНАТА 1948 - факти и валкани цели...КПГ од македонското крепко и вековно семејство, на Македонците им создаде политичко семејство - го распарчи и ја обездети македонската куќа.

Раководството на КПГ, акцијата за евакуирање на децата - чедособирството ја мотивираше и ја образложуваше со потребата за спасување на децата од ужасите на војната, но,тоа би требало да уследи по молбенобарање на нивните родители.

Што тоа значи? Тоа значи оваа акција на КПГ со помош на македонските организаии НОФ и АФЖ се чисти факти и валкани цели.

За да се добие реална и објективна престава за општата политика на Грција за трајното уништување на Македонците е иста без оглед на политичката физиономија на режимот (монархистичка, републицанска, либерално - демократска, авторитарна), сега КПГ со цел да се ослободи од секаква одговорност за таквото незаконско чедособирство, кое преставуваше геноциден зафат, за акцијата успее требаше да се убедат родителите да ја прифатат одлуката. Така и сега како за многу важни прашања, КПГ проблемот го активира преку НОФ и АФЖ да организират широка политичка активност меѓу населението, која резултираше со мобено барање на родителите за евакуцијата на децата. Но, набргу се виде дека хуманоста не е била единствениот мотив, туку се виде дека КПГ и военото раководство ДАГ имале за цел од овие деца да го решават проблемот со борбените резерви на ДАГ, и што е било можно да ангажира нивните родители во борбените воени ресурси, што се покажа дека до 1948 година, КПГ како водач на на Граѓанската војна не успеа да го реши проблемот со мобилизација на нови борци низ цела Грција.

Под каков идентитет се земаа и се иселуваа македонските деца?

Едно од најзначајните прашања што се запознав со чедособирството - Педомазома. а на кое не му е дадено соответно внимание е разликата на ставот помеѓу славофонските и грчкофоните села во Северна Грција.

Извештајот на УНСЦОБ известуваше за настроението на селаните во славофонските области и реони, дека воопшто, биле многу спремни да им дозволат на своите деца да заминат, но никогаш официјално не се дозна колку од 25. 000-28. 000 (44) деца припаѓаа на ова славофонска група. Ова никаде не е одбележано, и најверојатно дека ова прашање изгледа се негирало сосеме кај грчките извори. Грчката влада во Атина, ја истакнуваше грчкоста кај сите овие деца, иаку ова прашање е нешто кое помалку зачудува и кај комунистичката страна која уверено(цврсто зборува) за Елинопула (Грчиња), дури и по завршувањето на Граѓанската војна, е сторено многу за Грчкото образование во комунистичките земји на овие деца. Извештајот на Црвениот Крст, кој дава изобиље од информации за проблемот на спознавањето на децата, но не кажува ништо за некаква славофонска група. А е многу јасно дека сите деца кои иаку зборуваа на славофонски јазик, тие беа преставувани како Грци спрема правната регулатива на евиденцијата и официјалното мисление. Но, во моето истражување ќе беше многу поинтересно да слушневме колку од децата беа славофони?

ИДЕНТИТЕТОТ СО ЛИКОТ НА МАРКОС

“Кон павиљоните во Тулѓеш тргнавме како надојдена река, се испомешавме на плочникот во големиот двор. Се баравме еден со друг, но најтешко им беше да не пронајдат нашите “мајки”. Во домот имаше многу деца на кои не им се знаеше ни името ни презимето, ни родното место. Едноставно биле собрани во збеговите преку граница и така со години, како сенки, ги бараа своите најблиски, својот идентитет...

Најверојатно за да бидеме рамноправни, или којзнае зошто, во Калиманешти ни ги одедоа имињата. Тоа беше последно што го имавме, тоа наше основно национално обележје. Потоа, околу вратот ни врзаа метални плочки, на кои од едната страна беше гравиран ликот на генерал Маркос, а од другата - бројки што требаше да ни го заменат нашето име. Јас добив број 521 и кога ме прозиваа на

романски, требаше да се јавам на зборовите: ”Чинч суте доузеч ши уно”.

Кон крајот на 1948 година, пак со воз тргнавме за Полонија. На границата не пречекаа Пољаци со комплетни послуги, медицински персонал. Во возот лекарите ни извршија детален преглед, а на секое дете по потреба, му одредуваа кај треба да оди на лекување. Луѓето беа многу љубезни со нас, а истовремено беа вцашени како тоа партизански деца, чии родители се уште водат борба на Вич и Грамос, да немаат имиња?

Кога стигнавме во домот “Барбурка”, не облекоа во нови руби, а што соблековме со се плочките што се фрлаше на куп личеше на ослободена логорска војска. Животот често беше полн со суровост и жестоки поигрувања. Пољаците ги викавме добри чичковци, а најмногу го сакавме пан Пјотр Пшежински. Не сакаше и тој, не викаше “потомци на една мртва војска”. Стар опитен Пољак, поранешен бизнисмен и филантроп, долги години бил по логорите. Многу не сожалваше и ни велеше дека по судбина сме исти, бидејќи и тој во логорите имал број, но без лик на некој водач. “Вашата судбина е потешка, зашто ви го обесија на врат да го носите генерал Маркос.

(Дополнителни факти: Види Фани Буцкова 1998/76-”... Плочките во Романија од едната страна го имаа втиснато ликот на генералот Маркос, а од другата старна бројот, додека во другите земји го имаа само бројот. Формата на плочката беше тркалезна и обесена се носеше на врат, а некаде и на рака. Некои од тие што носеле такви “медаљони”дури и по педесет години си ги помнат броевите, а некои од нив ни посведочуваат и со фотографии. На пример. Ахил Петровски, сликан во Чехословакија, имал број 288, што јасно се гледа на сликата од мај 1948 година, Димитра Карчицка го добила бројот 1048, а нејзиниот брат Илија -1053. Кога кон крајот на 1948 година заминаа за Полонија, таму им беа земени плочките. Томија Цуцулова, “мајка'-воспитажка, во Унгарија имала број 112, а нејзината мала ќерка-111. Олга Петкова во Полонија го имала бројот 555, а Спаса Петкова-425. За “таквите медаљони “остана само спомент и сеќавањето на добрата меморија”.

Ете македонското дете во срцето на Европа и светот се најде заведо под број на место ИМЕ и ПРЕЗИМЕ. (види: “Незабарав” бр. 15, стр. 7 јуни 1998 и Фељтонот “Автентични сведоштва за раселувањето на македонските деца од Егејска Македонија” во “Вечер” 20 мај 1986

Логорски бројки наместо имиња

Во Романија, за домските власти и за држава, никој од нас немаше сопствено име. Секој од возрасните и децата носевме бројка и кога ни се обраќаше ја изговараше бројката. Томе беше број 1.381, Ристана 1.441, а јас 1.454. Тоа ни беше и име и презиме. Само мајките - учителки, со заветот што си го дадовме пред разделбата, со децата комуницираме со нивните крстени имиња. Ристана и Томе, кога стигнавме во Тулгеш, ги разделија, бидејќи таму децата ги делеа по павиљони, според возраста и пол - се сеќава Доста Ендриова, од селото Бапчор, Костурско.

Чедособирството – Педомазома што се случи во кобната 1948 година, преставува за навек обезмакедонЧувание на македонското семјство, а денес пред светот се декларираат и нарекуваат како "ДЕЦА БЕГАЛЦИ".

Зошто бегалци? Дали деца од една, две, три, четири, пет, шест години можеле да пребегнуваат преку границите од една во друга држава? ! ? ! Дали овој назив е соответен за насилно осемените деца или не ? ! Или преку тоа се прикриваат умислените цели на остварениот геноцид, кој ние Македонците се до ден - денес не го кренавме гласот пред светот, како што тоа го обележија Ерменците геноцидот од Првата светска војна (1915).

Како што тоа го кренаа гласот републиканите во Шпанија против Франко, кога илјадници деца на сите марксисти и револуционери ги собирал во триесетите години и ги превоспитувал?

Кога покасно истото го правеле и Републиканците. Па и многу други го правеле тоа во Европа.

Но, посебно нас Македонците многу нешта ни се случуваа без знаење на обичните смртници поради таинствени причини, а добрите и лошите нешта често ни се случуваат од историјата, затоа што не мрзи да ја читаме. По случувањето, се ни изгледа како случајност.

Ниту се служиме со мудроста на нашите предци, туку им дозволуваме на идеолошките активисти да го оптоваруваат човечкиот род и на смртниците да им донесуваат толку долготрајни солзи.

Тајна на столетието. Историја без детали, бранета преку синдромот на моќта, со смислено историско маскирање. Тугите политички цели, наша историска бесмисленост: со наша крв да се испишуваат големи

истории. Идеолокиот активизам на тугинците, се шириле како малигно заболување на душата, кај Македонците под Грција, во годините 1944-1950 година... Како и зошто тргнавме во нов смртоносен поход по Втората светска војна? Во војна со силен интензитет на исцрпување и опустошување на македонското население.

Време е да се растајни геноцидот над Македонците под Грција (1945-1949) во Граѓанската војна.

Тајните на идеолошките активисти на КПЈ и КПГ, треба да кажат зошто се определија кон воената опција којашто секогаш и годеше на грчката држава!

Сега, по полувековното чмреење под идеолошката пајажина, во потрага по приказната наша низ тајните досиеја на туѓите политики кои од Егејска Македонија направија гробница на јунаци од Граѓанската војна (1945-1949) ние Македонците, борејќи се за туѓи политики цели -сега се осознаваме дека тоа била наша историска бесмисленост. Со наша крв, тугинците да си испишуваат големи истории.

НОФ и "историските" решенија, донесени на Првиот конгрес на НОФ

На 13 јануари 1948 година во црквата на с. В'мбел, Костурско, беше одржан Првиот конгрес на македонската националноослободителна организација НОФ. Беше речено:" Првиот конгрес на НОФ претставува најсветла етапа на македонската поилинденска историја....и стои на интернационални позиции и со искрена намера да помогне во развитокот на грчкото движење, НОФ се согласува три четвртини од македонските партизани да се борат во редовите на ДАГ јужно од Олимп, односно во сите краишта на Грција...", и беше констатирано дека во единиците на ДАГ се мобилизирани повеќе од 20.000 Македонци. Во тоа време според податоците на ГШ на ДАГ, низ цела Грција немало повеќе од 25-28.000 борци на ДАГ).

Смислената стратегија на туѓинците, потпомогната со паролите на НОФ (несвсно, поданичко: преку синдромот на идеолошкото верување, се за Партијата, се комунистичките вождови, да се крене и старо и младо), имаше голем "емотивен набој", но за интересите на нацијата беше од "секундарно значење".

Кога се изарчија паролите, привршија значајните конгреси, луѓето станаа рамнодушни на тревогите. Бескрајна едноличност. Тежи и

притиска сивилото, оловното небо над Македонија, за кое допринесовме токму тука (по препорака) да ја лоцираме војната. Се си има своја цена. Политичарите на НОФ и АФЖ, лесно како искусни (поучени) гимнастичари на разбој, се префрлуваа на другата страна, ја менуваа бојата.

Ѓулињата и бомбите фучеа, заканувачки, како диви sверки. Ги уриваа sидовите од куќите, во коишто се раѓале и живееле генерации. Луѓето бегаат, стегаат заби, збивтаат. Лицата им беа влажни, облеката натопена со крв, очаени и принудени да си ги дадат децата-родот македонски (и пак со измама)... и така во недоглед.

Се сеќава ли некој од НОФ(итите) и афежитите што се се случуваше? Накусо, се се преобразува во својата спротивност, но НОФ и АФЖ (КПМ/КПЈ) и КПГ тврдеа (ат) дека тоа на Македонците само им се причинувало(ва)??!!

Навистина, по долгодишните истражувања, човек повеќе на знае(ше) кому во што да верува. Освен во една вистина: Македонците беа терани да се борат за да ја изгубат Македонија под Грција, тоа го потврди и генералот Маркос по враќањето од СССР во Атина.

Зарем, нели е тоа деградација на човековото достоинство, кога се знае дека војската со која командуваше овој генерал (декларирaн комунист), беше од илјадници Македонци и дека се дадени илјадници жртви. Таквиот став, спрема Македонците (НОФ, АФЖ и КПМ) не е само цинизам..

МОТИВИ ЗА ЧЕДОСОБИРСТВОТО “παιδομαζωμα”КАКО ЗАШТИТАТА НА НЕБОРБЕНОТО НАСЕЛЕНИЕ И ДЕЦАТА СТАНАА ПРОПАГАДИСТИЧКИ ПОВОД СПРЕМА ПАРТИЗАНИТЕ?

1. Мотивите и програмата што ги имаше владата на Атина за отселувањето на децата.

Ѓоспоѓите на Кралицата, како што ги нарекуваа (72 атинејки) ги оставија своите семјства, и безбедни домови, за да ги спасат децата (во северните околии). Тие патуваа со саати качени на мазги, не гледајќи на опасностите од боиштата, само со цел да ги пронајдат децата по селата и да ги земат пред тоа да го сторат комунистите. Тоа претставуваше една разочарана и страшна борба, одејќи по тие патишта кои по некогаш и го губеа тој пат, но и поред сите тие стравотии битката ја добија.

Грчката Кралица Фредерики, “Мерки за постигнување разумност”, стр, 137.

Ете како ја објаснува програмата на владата на Атина за “Педомазома”, Lars Barentzen: “И двете завојувани страни во Граѓанската војна се базираа на тоа дека сите отселувања (миграции) на деца од воената зона, настануваа од нужност и причините за “oсемњето” секоја страна го правела истото, како што го правела и другата страна.

Од сето иследување произлегува дека и за двете страни, многу е тешко да се откријат точните мотиви и да се каже: Кој, зошто и кога прв почнал.

За комунитичката страна, информациите што се присобрани од УНСЦОБ и од други извори, покажуваат дека масовните иселувања не биле почнати во март 1948 година, иаку неколку групи деца билеземениуште во јануари

(Види: Lars Barentzen Το παιδομαζωμα και οι παιδουπλεις της Βασιλισσας, 1992/ 148: Извештај на УНСЦОБ..a/574 стр. 30; “Се објави дека иселувањета почнале уште во јануари, но активно продолжија во март”.

За владината страна, во спомените на кралицата Фредерика се тврди и многу јасно е дека “борбениот пат”, за “oсемание на децата пред да ги земат комунистите”, почна одма по создавањето на Кралското Здружење за Грижа на деца, во јуни 1947 година, но расположивите писма со поплаки, потврдуваат дека многу покасно се принудени на таква специјална програма за отселување на деца, приближно се совпаѓа со истиот период на време, кога и владината пропаганда почнала да ги обвинува комунистите дека вршеле “Педомазома”. Веројатно изјавата на кралицата се однесува на некоја збрка со општата преселба на села од воената зона и кога владината војска ја имаше почнато уште во 1947 година и што требаше, природно, да прими илјадници деца и немоќници”.

Да напомениме дека комунистичкото министерство за надворешни работи, својата декларација со датум од 7 март 1948 година се вели дека: “За последната наредба на Фредерика” за собирање на сите деца во детски логори со едно оправдување дека сега тие тоа го прават исклучиво за тоа што тоа го прави истото и кралицата.

Можеби тоа имаше врска со едно објавување што имаше објавено и грчката влада на Атина, предходниот ден, на 6 март 1948 година дека бројноста на oземени деца се движи околу 14.000 деца од Северните "бандитски" реони. (Согласно информациите на Британија од Солун "Од дописите на архивот на американското министерство за надворешни работи: 868. 00/3-1948).

Оваа вест, која доаѓа по осум дена од почнувањето на пропагандистичката операција против комунистичкото "Педомазома", изгледа дека произлегува прва официјална вест за една таква работа од атинската влада. Ова се совпаѓа со веста дека весниците во Атина почнаа во март да објавуваат написи за мали групи деца кои беа иселени или имаа избегано од северните села на Грција со цел да се спасат од насилното oземање.

Слично, во истото време, комунистичкиот печат објави и првата жалба за една веројатна владина акција за "земање на деца од мајките".

Согласно едно американско сопштение кое зборува за времето од јануари-март 1948 година потврдува:

"Окружните управители, војската и морнарницата се сложија на соработка, на планот од кралицата Фредерика за отселување на деца. Целта им е да отселат 10.000 - 12.000 деца. До 31 март имаа отселено 6.240 деца. (тоа го потврдува:

Програмата за надворешна помош на IPA Foreign Relief Program, Грчка мисија, јануар-март 1948 година, стр. 14).

Американската мисија за помош на Грција (А.М.Г) објави, во месечната мисија за април 1948 година, дека мисијата ја пратеше владина (експедиција на оддалеченост) и дека "Со препорака на истите во назначените места останаа спречени да контролираат, но Мисијата, оцени дека бројот на oземените деца е околу 10. 000."

Иаку и УНСЦОБ не се занимаваше, официјално со претпазливоста што ја земаше грчката влада, комисијата испрати на 19 април 1948 година, еден лист прашалник до грчкиот претставник-довереник, за да прибере информации во врска со бројот на децата за грижување на отселените деца од страна на грчката влада, токму од северните реони на Грција. Грчкиот претставник, одговори на 23 април 1948 година и кажа дека има 5.500 деца на возраст од 3-14 година и беа отселени од целокупните реони на Македонија и дека приближно

2.150 деца беа сместени во разни центри во Солун. Но, исто така околу 5. 000 деца беа собрани и од Серес и Тракија. Ова дело го изврши под nasop (налог) на министерството за општествена грижа (Извештај на УНСЦОБ А/754 (1948), стр. 19).

Атинскиот печат почна да објавува подробности за владината акција за иселување на деца од 1 април 1948 година.

Со наслов: “Денес пристигнува во Атина првата група деца” и понатака пишува “катимерини” дека “1. 000 деца од реоните во кои владеат бандитите (партизаните на ДАГ) беа пренесени со еден брод од Солун во селото Кастри, на Кифисиа. Една втора група ќе пристигне “Утринава”, значи на 2 април, во Пиреа и уште една трета група ќе пристигне “по неколку дена. “ Овие деца ќе се пренесат во Патра и во Сирос.

Во истиот лист на “Катемерини” се објавија и опишаа две средби кои се остварија во вчерашниот ден: “Кралицата, вчера во 11 часот го прими потпредседателот на владата господинот Цалдарис и господинот Гкрисгулнт и се задржа на подолг разговор. Во текот на разговорите, кралицата ги запозна господата Цалдарис и Гкрисгулнт со постигнатите успеси и соработка што ги имала за постигнатото денес за акцијата од собирањето, преселувањето и згрижувањето на децата кои беа откинати од бандитските северни реони(се мисли на Воденскиот, Леринскиот, Костурскиот и др.“

Новината пишуваше, дека нужни се оваквите средби и треба да продолжат, а едно такво советување се одржа и во министерството за надворешни работи, под председателство на Цалдарис, на кое имаа земено учество многу грчки министри и Американски мисионери, но тука беше и специјалнио назначен на чело на американската воена мисија, генералот Ван ФЛИТ (Van Fleet).

Согласно репортажата за ова советување, беа именувани “повеќе комисии и поткомисии” и имаа почнато со истото дело за собирање на децата”со помош на воените Камандanти кои биле во тие реони”.

На советувањето се реши да се отпочне една нова комисија од председателството на министерството за Грижа. Ова комија ќе требаше да има “Исклучителна задача и да изработи целосен систем за згрижување на иселените деца”.

На крајот, статијата завршува со тоа дека се разговарало за две опции на грижа за таквите деца. Едната беше за сместување на групи деца

во хуманитарните здружења"каде ќе ги имаат целосно школување и грижа", другата опција беше сместување во одредени семејства, во кои веќе имало најавено дека одредени семејства се спремни да примат голем број деца и да им пружат гостоприемство. Со таквата акција, државниот буџет не би се оптоварил премногу од овие програми, бидејќи парите беа депонирани од касата на кралицата Фредерика и биле сума: "Се одредила сума пари за згрижување на децата за потполно покривање на трошковите за време од околу шест месеци." (Види весникот: "Катемерини" 1. 4. 1948 година).

Мотивите и програмата што ги имала Привремената Демократска Влада (ПДГ)-ДАГ и КПГ.

КОБНАТА 1948 - факти и валкани цели...КПГ од македонското крепко и вековно семјство, на Македонците им создаде политичко семејство - го распарчи и ја обездети македонската куќа.

Раководството на КПГ, акцијата за евакуирање на децата - чедособирството ја мотивираше и ја образложуваше со потребата за спасување на децата од ужасите на војната, но,тоа би требало да следи по молбенобарање на нивните родители.

Што тоа значи? Тоа значи оваа акција на КПГ со помош на македонските организаии НОФ и АФЖ се чисти факти и валкани цели.

За да се добие реална и објективна престава за општата политика на Грција за трајното уништување на Македонците е иста без оглед на политичката физиономија на режимот (монархистичка, републиканска, либерално - демократска, авторитарна), сега КПГ со цел да се ослободи од секаква одговорност за таквото незаконско чедособирство - кое преставуваше геноциден зафат, за акцијата успее требаше да се убедат родителите да ја прифатат одлуката. Така и сега како за многу важни прашања, КПГ проблемот го активира преку НОФ и АФЖ да организират широка политичка активност меѓу населението, која резултираше со мобено барање на родителите за евакуцијата на децата. Но, набргу се виде дека хуманоста не е била единствениот мотив, туку се виде дека КПГ и военото раководство ДАГ имале за цел од овие деца да го решават проблемот со борбените резерви на ДАГ, и што е било можно да ангажира нивните родители во борбените воени ресурси, што се покажа дека до 1948 година, КПГ како водач на на Граѓанската војна не успеа да го решипроблемот со мобилизација на нови бориц низ цела Грција.

Од печатот на ДАГ и КПГ (партизаните-андартите):

Многу брзо, по првите жалби на грчката влада, раководството и ДАГ (КПГ), потврди дека навистина имало таква акција за собирање на деца со цел да ги оддалечи од Грција. На 3 март 1948 година, радиостаницата на “Слободна Грција” го потврди следното:

“Партизанската (Андарската) Радиостаницата објави дека согласно 'договорот' помеѓу земјите кои беа членки на коминформ, Грчиња на возраст од 3 до 14 години ќе се испратат во Бугарија, Југославија, Албанија, Романија, Унгарија, Полонија и Чехословакија. Согласно со ова објавена вест, во 'Слободна Грција' (Значи во реоните под контрола на партизаните-(Андартите) имало барања од народните одбори во овие реони за со молба за згрижување на нивните деца и бараа организирано да им се овозможи испраќание во демократските земји кои веќе дадоа согласност за прием и гостоприемство на овие деца, бидејќи тие ќе бидат жртви на американскиот окупатор. Тие таму ќе можат да си го продолжат своето школување.”

“3 март 1948 година”

Реакцијата на вториот човек на ДАГ:

“Вистинскиот, достоинствен и човечки потфат на ДАГ, е окарактеризиран од владата на Атина како...'насилно собирање на деца'...'чедоубиство' и 'Јаничарењѐ. Но вистинското насилно собирање на деца и јаничарење тоа го направи истата држава на Атина, бидејќи многу деца на партизаните на ДАГ, со невиден терор и со измама се најдоа во нивните раце, каде ги имаа затворено во разни т.н. школи на кралицата Фредерики во Лерос, каде навистина ги воспитуваа за јаничари и ги учеа децата дека нивните родители им се предатели и треба да ги потскажуваат на органите за прогон и државна безбедност!”

Василис Барџиотас, висок дејател на КПГ и политички комесар на ДАГ. “Борбата на Демократската Армија на Грција”, стр, 128.

На 15. Март 1948 година, весникот “Ексормиси” што го печатеше: Демократската Армија на Грција во реонот на планината Грамос, објави едно попозно известување на министерството на Надворешни работи на Привремената Влада, со датум од 7 март 1948 година. На почетокот се објаснува за првичните зафати на прагматичниот потфат:

(“Народните и други организации за згрижување на деца од 'Слободна Грција', и многу илјадните родители и ополномоштени, се обратија пред извесно време со апелирање до човекододетелските организации на народно-демократските земји и побараа од нив да ја земат грижата за грчките деца и детска младина, која е на работ на гибелот од варварството на монархофашизамот.”

“...Човекодобродетелските организации и покровителите на детските организации, како и други разни организации на младината на овие земји, со особена радост и задоволство ги прифатија молбите на овие родители и изразија подршка за грчките деца, па дури и иако треба да ги задржат на подолг период на време.“)

Значи: по ова “гаранција”, од овие организации; КПГ и Привремената Демократска Влада: “Реши да ги прими сите молби на народните одбори (организации) и на родителите и да ги задоволи со тоа што ќе го одобри заминувањето (иселувањето) и останување во тие земји на децата, се додека условите во нашата земја не бидат безбедни за нивното враќање” (45)

Понатака во весникот не се даваше некоја поконкретна информација за хронологијата за важноста и опстојателствата на ова решение, но од искажаното се објаснува со изопштвеност за создадената положба:

а/ Катастрофата што се создаде од политиката на “монархофашизамот”,

б/ Проблемот е се поголем со храна за децата,

в/ Скитањето по патиштата на градовите и селата околу 150. 000 и повеќе деца од кои секојдневно умираат по десетина,

г/ “Последниот указ на кралицата Фредерика, која им нареди на потчинетите да ги соберат сите деца, без разлика да ли се во центрите на градовите или било каде, за да ги претворат во Јаничари и да ги стават со сила во хитлеровската организација на младината” и на крај,

д/ “Најсуровите и најстрашните бомбардирања на незаштитените жени и деца, од кои во последно време беа убиени околу 120 деца”.

Истиот лист од весникот “Ексормиси”, објави еден новинарски напис од еден овластен на “Ексормиси” и се вели: “... дека посетил повеќе реони на “Слободна Грција” со наслов: “Жените и децата се заблагодаруваат на Привремената Демократска Влада на ДАГ”. Тој

во својот напис објаснува дека има уште многу родители и од селата кои се под контрола на Владата од Атина. Тие дојдоа до “Слободната територија' во слободните села и напишаа молби до Народните Совети, да ги замолат и да им дозволат да ги примат и испратат и нивните деца, бидејќи во тоа време се вршеше попис за масовно иселување на децата од овие слободни села. Едноставно се молеа и тие да им ги запишат (стават во нивните во тие списокови): “Од половината на февруари до 5 март, од 59 села, родителите ги имаа дадено своите деца и бројката изнесуваше 4.784 деца”. Весникот ги дава истовремено дури редоследот на броевите под кои се запишани децата, а тоа го прави за деца од повеќе села кој ги именува со името, и во тој ист напис објаснува за уште “стотици” телеграми од родителите кои ја изразуваат благодарноста кон Привремената демократска Влада (46).

Две недели подоцна, на 1 април 1948 година, весникот “Ексормиси” напиша дека:

“Во волски коли и на мазги, коњи и магаринија беа натоварени деца, многубројни фаланги(конвој од мали деца се движеа пешки кон разни правци”. Пристигнувајќи на еден таков конвој во едно село, доцна во ноќта, се опишува со детали: “неколку одеа пешки. Други качени на коњи, мазги, магаринија и покрај нив одеа нивните мајки. Тие беа од селата “Βασιλειδα” (Загоричани), “Λιθια” (Куманичево), “Σταυροποταμο” (Бомбаки), “Τυχειο” (Тиолишта), “Κοντοραπι”, (Кондораби).

Најмалите беа позаспани качени на магаренцата. Кога децата се разделија и се оддалечија во приквечерината: ”Истите мајки кои ги претеа своите деца останаа да ги гледаат од далеку тие се повеќе се одалечуваа. Ги отпоздравуваа со мајжински солзи и болка и со една неописива омраза кон англоамериканските окопатори и монархофашисти, кои беа виновно за децата што не им ги оставија на своите мајки да си ги радуваат своите деца!”.

Потоа следуваат неколку статистички податоци:

“До моментот се испратени пет групи. Се иселија околу 1.884 деца со околу 100 жени кои ги надгледуваат децата. Во овие денови се припремаат уште 3 групи од 1.150 деца.”

Во истата статија се тврди дека:

“Во заробената Грција, монархофашистич-ката влада на Атина објавила една дива војна Против Грчињата и на нивните мајки.

Војската и милицијата дејствува и врши воени експедиции по селата и ги грабат малечките деца од прегратките на своите мајки”.

“Од 150 дечиња кои ги грабнаа монархофашистите од селото Буф-Леринскǫ “Μπουφι της Φλωρηνας”..многу мајки успеаја од скришум да си ги oсемат своите 25 децаа тоа се случи токму во центарот на Лерин. Потоа сите мајки заедно отидоа и се пожалија и си ги добија назад своите oсемени деца”.

На крај статијата потврува дека во реоните на Александруполис, владини агенти им се заканија на група родители, ако не им ги предадат нивните деца кои посакуваа да ги соберат и однесат во логорите на кралицата Фредерика.

Весникот “Ексормиси”, кој го издаваше ДАГ во реонот на Грамос, објави сопштение на министерството за надворешни работи на Привремената Демократска Влада на Грција со датум од 7 март 1948 со наслов ”Родителите и децата ја молат владата” и понатака се вели дека: “Од средината на февруари до 5 март, од 59 села на слободнататериторија родителите дадоа 4.784 деца”, а исто така на 20 март привремената влада донесе решение за евакуација на сите деца што се до возраст до 14 години да се испратат во Југославија, Унгарија, Романија, Чехословачка и Полска и, според податоците биле испратени околу 28.000 деца.

3. Мотивите и програмата што ја имала организацијата на НОФ и АФЖ.

Дали нас Македонците не водеше некаква верба во сопственото револуционерно искуство и сега посакавме да отвориме нов период во развојот на македонските револуциони традиции или нешто друго.

Но, се поставува прашањето; дали НОФ и АФЖ имале сознание за границите на можното, што всушност можеше Македонскиот народ да добие од таа Граѓанска војна, или несвесно ја прифатија лекомисленоста за таков голем исчекор. Говорот на вродостојните факти, кажуваат за некоректност и за непрофесионалност во водение на политиката и способност за водение еден народ, оти сите ишоди на настаните тоа го потврдуваат. За нас Македонците, за време на НОФ се уриваше едно да се “сошие” друго.

Повикувањето на Сенароден Фронт, значи, да претпоставиме дека тоа беше повик за спас од кризата на нашиот мекдонски идентитет во Грција, а факт е дека македонскиот човек во 20-от беше по потрага по својот индетитет. Но таквата агресивна агитација на НОФ потсилена од тугинците, посебно од КПЈ/КПМ и програмата што му ја сопштин а НОФ, Цветко Узуновски се вели: “Денес Југославија стана центер на револуцијата на Балканот и дека македонското прашање стана југословенско прашање, поради што КПЈ во Егејска Македонија ги формира овие партиски и политички организации НОФ, АФЖ и НОМС на кои сте вие на чело. Задача на овие организации е даму дадат југословенска ориентација на македонскиот народ во Егејска Македонија. Сега, Македонскиот народ и македонското движење се под раководството на КПЈ. Македонскиот народ од Егеј ќе го најде своето целосно воспоставување само во рамките на федеративна Југославија, а тоа на Егејска македонија да се приклучи кон Југославија. (АМ. Архив на Македонија. Ф -20/276, Ф- 20/196.)

За жал, по потчинувањето под КПГ ориентацијата сега беше сосема друга (нема обединуваниее кон Југославија туку таа сега стана матрица и нужно поведение кај широките македонски слоеви, кое се усмери кон само: “Уништување на англоамериканските окупатори” и таквата насока на агитација, стана рак рана во македонскиот обичен селанец. Тука, ама баш тука го истроши и својот интелектуален ум и својот живот и си го отвори патот за прогонството.

Борба со злото?

И така, НОФ, со својата ропската послушност и сега како и во 1946 година со не спласната еуфорија го презема водството во организиран мрачен поход и не доведе до најновите страдања.

Треба отворено да се каже, дека по ова акција (со децата), НОФ повеќе не претставуваше ништо. Со судбината на овие деца располагаше КПГ и ДАГ, како што беше и со нивните татковци и мајки.

Но, што е најважно; НОФ ниту презеде, а и ниту можеше да преземе било каква акција во полза на македонските деца, со нив сега располагаше КПГ и раководителите на ДАГ.

Се поставува прашањто:

Што би било ако 28. 000 деца останеа во Грција и ќе имаа можност да се вратат во своите домови? Дали такво прашање си постави НОФ?

Данес имаме илјадници примери кои насила се вселуваат во туѓи земји, а ние се иселувавме под пропаганата на КПГ! ЗОШТО?

Сведоштва: Говор на НИКОС ЗАХАРИЈАДИС на вториот конгрес на народноослободителниот фронт.

25 март 1948 година

"... илјадници деца се спасија и се обезбедија во земјите со народна демократија. Така словеномакедонскиот народ е мирен од ова гледна точка (47).

Како да се протолкува ова утешување од вождот на КПГ (Граѓанската војна) за обездетување на Македонците..... ??!!

Впрочем, "крупните чекори"; на македонскиот народ и не му беа потребни. Од таквите преамбициозни народни водачи (тука вклувајќи ги и НОФ и АФЖ), кои секогаш преземаа "крупни чекори" на секој план, една од заостанатите прегазени жртви е и децата кои до ден-денес останаа по светот, чие "Спасување" како феномен на едно време, веројатно трајно ќе остане како непријатен спомен во македонската историја.

Во тој дух, да ја проследиме: "Нова Македонка", весник на АФЖ од септември 1948 година, пишува:

"...Денеска сите се насолзивме. Се трогнавме како никојпат.Седевме во сенката под една топола. Никој од нас уште не спиеше. Се стемнуваше и ќе тргнувавме на работа, ноќе работевме. И...еве ја другарката Цвета од АФЖ. Само што иде, ние се радуваме. Кога е со нас, не знам зошто не се плашиме нит од топот.

Овојпат ни донесе писма од нашите деца, коишто се наоѓаат во народните републики. Ги читаме писмата, рацете ни се тресат. Срцето ни чукаше силно, но нашите ластари беа далеку. Што убаво ќе беше да ги бацевме малку!

Но тука идат аероплани. Алтилеријата фрла гранати по нашите села. Колку е убаво што нашата Влада ги испрати таму нашите деца за да се спасат.

Сега ни се наполнија очите со солзи. Ни пишуваат дека живеат добро... Само за вас мислиме, ни велат, вашите маки, војната...

Кутрите. Кога ќе си ги видиме пак? Ќе ги видиме кога ќе се ослободиме. Што убаво...Но за да се стори тоа ќе треба да го победиме фашизмот. А за да го победиме поскоро сите треба да се бориме. И ние во рововите се бориме.
Ванош напревивме повеќе три (3) бункери. Тоа го правиме за да ни се вратат побргу нашите деца, за да си одиме дома ние и нашите мажи..."

Читаме:

"...Не, јас не го оставам мојот другар, мојата сестра и брат ми да се борат овде, а јас да заминам со децата. Знам дека тие ќе бидат безбедни, имам полна доверба во избраните афежетки, а јас овде ќе можам повеќе да придонесам за борбата."

Зарем ова не значи тотална подредување на волјата на поединецот кон некоја надворешна сила (идеолошка сила)?

Невидени злоупотреби на идеолошката моќ.

Ете, така обземени од масовната еуфорија, поверувавме во раѓањето на еден нов ден. Непознавајќи ги условите на постојаното спротивставување меѓу капиталистичката империја на Запад и комунистичката империја на исток.

Таквото контролирано агресивно однесување може да се види и од паролите со кои го повикуваа народот.

Трагични и катастрофални последици врз македонската нацијата.

Историјата познава трагични случаи на разделби, осемање и откинување на деца од родителите. Независно од мотивите, судбината на откинатото дете секогаш носи белег на трагизам. Разделбата не едно дете од родителите е несреќа, немерлива трагедија и за детето и за родителите, но разделбата на илјадници деца од родителите и татковината претставува веќе трагедија на нацијата. Оттука раселувањето на македонските деца од Македонија под Грција е и дел од најновата историја на македонскиот народ.

ВО ЧИИ ДУХ СЕ ВОСПИТУВАЛЕ ДЕЦАТА?

(ЕТЕ ШТО ОСТАНОЛО ВО СЕЌАВАЊЕ НА ЕДНО ДЕТЕ, ЗБОРУВА САМИОТ АВТОР НА КНИГАТА:

ΡΑΠΤΗΣ ΜΙΧΑΛΗΣ:, “Τυχερο μας στον Ατυχα”, ΑΘΗΝΑ 1999. Страница 242)

“... Им се вошитував и со голема почит кон тие луѓе, можеби затоа што имаа една поѕаскриена добрина, една аристократска благородност. А како да не им е вошитувам на тие луѓе, кои во најтешките мигови во Детските Стационари (домови) го слушавме нивниот глас во преполните “Трпезарии”, во Салоните на Детските живеалишта и ни даруваа неповторливи мигови на радост и живост. Во совршена тишина и дисцилпина, си ја (ги) спомнувам на 1949 година, влегувавме подредени во строј, во салоните на Детските живеалишта: Тулгеш, Синаја, Орадеа, Роман, и Клуз на Р. Романаија и ги слушавме ненаситно хронографиите на Апостоли Спилиу, коисе пренесуваа со кристален глас од сите мои другари. На крајот од секое емитување избувнувавме со чудна одданост и викавме:

“Да живее Д. А. Г!”
“Да живее Маркос!”
“Непријателот нема да стапне на Грамос и Вичо!”
“Чив е Маркос?!”, викнуваше некој, а ние одговаравме во еден глас:
“Наш е Маркос!”
“Ние чиви сме?!”

“На Марко!!”, одговаравме пак во еден слеан глас.

По сменувањето на Маркос Вафијадис од главнокомандувач генерал на главниот Штаб на ДАГ, на негово место сега во нашите усти небаре ни го поставија Никос Захаријадис, генерален Секретар на КПГ и пак викавме со исто возбудување и живост, но и фамнатизам како што викавме за Маркаса... тоа ни беше секојдневна молитва. Партијата, за нас децата и обичните членови на партијата беа престорени во фетиш, на што им придававме магична и надприрона сила. Си спомнувам дека не ја разликувавме партијата од раководството, таа невидена моќ, таа надсила и невидиното мудро раководство, со својот механизам... за нас партијата беше во многу случаеви, небаре сите членови на П. Б (Полит-Бирото) и на тоа раководство како главен бог е главен Никос Захаријадис... “

По измените (ликвидацијата на ДАГ).

“... Се за Борбата на народот наш! (се мисли на грчкиот).

“... Изменија работите, се измени името на родио-станицата... Ќе слушате од сега по јасно и по чисто, но не “Гласот на слободна

Грција”, таа отиде, сега ќе продолжиме да ја слушавме “Гласот на Слободата “

ДАЛИ АКЦИЈАТА ЗА ОСЕМАЊЕ НА ДЕЦАТА ОД СТРАНА НА КПГ-ПАРТИЗАНИТЕ НА ДАГ, БИЛА ДЕКА ДЕЦАТА СЕ СМЕТАА КАКО ЧОВЕЧКА СИЛА НА ВОЕНИ РЕСУРСИ НА ДАГ?

Во март 1949. УНСЦОБ покрена многупати петиции за деца кои од раководството на КПГ и ДАГ, беа вратени на бојното поле во единиците на ДАГ. Во 1948 година кога ги собраа децата, најверојатно очекуваа дека војната ќе продолжи повеќе години и така многу од осемените деца ќе мораат да се вратат за да војуваат во Грција. Истражувајќи го оваа прашање, можеби најдобар одговор ќе ни дадат следните прилози од самите луѓе кои беа на врвот.

Првиот: член на ПБ на ЦК на КПГ и политички комесар на ДАГ Василис Барџиотас, односно втор човек од високото раководство на ДАГ. Да проследиме едно типично историско маскирање во неговата книга:

Еве што пишува:

“... Зимата во 1949 година се враќавме од една задача во Грамос и од далеку забележавме една група од мали девојченца што ни направија голема впечаток. Беше снежно и навлегувавме во еден сињак и вијулица. Доста студено. Им се доближивме на тие девојчиња за да видиме што се случува со нив. Беа околу 55-60 девојчиња на возраст од 10-13 години, облечени во страри палтенца и наместо чевли на нозете имаа завиткано со крпи. Бидејќи се тресеа од студ ги однесовме до најблжната борбена единица на ДАГ каде борците жени им понудија да се напијат топол чај, а потоа ги облекоа со привремени облеки и потоа ги запрашавме: - Зошто дојдовте... соборкини во такво време на Грамос. Што ви се случи? Одговорот им беше: -Дојдовме да се бориме. Кога јас им се обратив со олку мек глас и со чувство на болка дека сеуште се мали и дека во редовите на ДАГ служат борци и боркињи кои се поголеми од 16 години и им реков дека ќе ги испратиме во некоја школа да учат, за да научат писмо и потоа по неколку години ќе им дадеме пушки за да се борат, настана несогласување и почнаа да се жалат.

-Па кој сте вие; Зошто не ни дозволувате да се бориме.

Едното велеше: “Мене ми ја убија мајка ми пред моите очи”. Другото зборуваше и за двата негови убиени родители. Секое од нив имаше по

еден или два родители убиени и бараа да се најват и да ги прими Политичкиот Комесар на Главниот Штаб на ДАГ оти само тој би можел да им ја разбери нивната болка.

Кога им кажав дека јас сум тој Политичкиот Комесар на Г. Ш на ДАГ, се смирија малку но не можевме да ги убедиме. Организиравме една мала чета покрај нашето седиште и ги оспособивме за селефонискини. Неколку од овие девојчиња... Самоволно ја напуштија школата и доброволно отидоа во борбените единици. Секакои таму не им дозволија да се борат. Ги спасивме сите. Кога си ја спомнувам ова сцена, ми поминуваат пред очите со сликата на гладните, босите и слабо облечени овие девојчиња кои трхтеа од студот со со тешкотија си ги задржувам солзите. За тие херојски девојчиња кои дојдоа да се борат во ДАГ за да се одмаздат за крвта на нивните родители! Ете зошто борбата на ДАГ беше оправдана, национална, демократска и антифашистичка. Кога зборуваме за херојте партизани ќе треба да се навраќаме и кон учествотто на младите во ДАГ, кои беа многу и беа интересни. Тогаш 70-80% од борците и боркините беа млади и младинки, кои се одликуваа со смелост и борбеност на најборбените истурени позиции во единиците на ДАГ.

Но отсем тоа што имавме и посебни воени состави од млади чети пополнети од млади наоружани со автомати, пушкометралези и топови и како што беше полкот на демократската омладина под командата на младинецот Шумади, кој се смело се нафрлуваше во најкритичките точки во битките на борбата.

ДАГ, се состоеше во основа од млади и младинки. Тие... постарите над 25-30 години беа многу малку и тоа помалку од 15-20% во составот на ДАГ и во главно беа и постари борци...

ДАГ, се состоеше од младинци и младинки и тие беа со таква младост што сите ние се гордеевме кога одеа во борбата напред исполнети со задоволство и уверние во победата. Затоа нема да напишам посебна глава за младината, ми се чини сето тоа за младината тука го кажав.

Политички Комесар на ДАГ
Василис Барџиотас

Коментар незнам да ли треба, но знам дека во светот никој не наоружа деца во такви воени формации и со такво наоружување и да ги стви на првата линија на фронтот. (... ??? Прашалките мои-С. К).

Вториот: Паскал Митревски е првиот секретар на НОФ, се обраќа со писмо до ПБ на ЦК на КПГ, во врска со прашањата што настанаа како резултат на мобилизацијата на малолетните деца. Види: АМ, збирка: "Егејска Македонија во НОБ 1954-1949", АЕ: 47/б. Документот е на грчки јзик, во ракопис. Објавен е во едицијата: "Егејска Македонија во НОБ 1949", Т. 6..., док. 100, стр. 211-213.

Еве што пишува:

" Другари,

Сериозно не окупира прашањето на децата што дојдоа од народните републики и што се мобилизираат. Меѓу тие деца има (машки и женски) кои се 12-13 годишна возраст и сега се наоѓаат во регрутниот центар во село Штрково. И другите деца не се повозрасни од 16 години. Вкупно се 35. Повеќето деца се од село Желево.

Нивното доаѓање се дозна во селата и ни создаде сериозен етнички проблем, а посебно за децата (машки и женски) што се на 12-13 годишна вораст. За возраста на тие деца направивме проверка и констатиравме дека навистина се на таа возраст.

Ова прашање и другпат не преокупирало, но во консултација со вас тогаш беше најдено решење.

Се разбира во случајот не станува збор за тешкотиите што кај нас ги создаде Прашањето. Тие со голема работа, што ќе ја раз-вие нашата организација, сигурно ќе бидат надминати. Но, тука се работи за еден принцип, за еден етички проблем, што сме принудени да го земеме предвид. Се создава една морално-политичка ситуација кај народот, кој поставува прашање, се оформува негативен морален впечаток, ги отежнува базите и изворите за пошироко активирање и за развој на силите на движењето. Разбирливо е дека 10-15 деца не можат да го решат проблемот и да ги задовола потребите што ги имаме. Изгледа одговорните по домовите погрешно ги толкуваат некои работи. И што е полошо, нивниот однос спрема децата не е добар.

Конкретен е случајот на Тимјос, одговорен во домот на "Тулгеш", Романија. Неговиот став не може да се окарактеризира никако како добар. Тој врши еден недозволен психолошки и морален притисок врз децата со што создава една тешка атмосфера.

Еве што му рекле децата на другарот Малио, кој беше испратен од ЦК на НОФ да ги посети:

Тимјос ги собра децата во домот и на еден насилнички и недозволен начин им викаше: “Да одете долу и да се борете. На сите оние од вас кои не ќе сакаат да одат, ќе им ставам на челото по еден печат со крст за да се разликуваат дека се гадови и да се жигосуваат.”

Ова им го велел на деца од 12-15 годишна возраст.

Исто така за ситници им се заканувал со зборовите: “Јас ќе ве научам. Со она што правите, личите на ајкулите на Труман... “ итн.

Исто така не им дозволувал да пишуваат писма на македонски јазик. Им ги задржувал парите и чековите што им ги испраќале родителите и роднините од Америка и од други земји. Децата изјавуваат дека тој им ги порошил.

Еден друг случај, 12 годишниот Алеко Стефов, со солзи на очите му рекол на малио дек еден Тимјос, бидејќи не го исчистил дворот, го разголил и го оставил да стои надвор 4 часа гол, само по гаќи, при страшен студ во декември. Исто така го оставил гладен 24 часа. Истото дете го тепал со сета сила и го туркал со клоци. Детето раскажувало дек рацете на Тимјос му биле отечени од она што ги тепал децата.

Другпат соблекол и други деца и ги принудил да одат голи ама по гаќи. Ги оставал и гладни.

Сигурно дека децата понекогаш можат да направат некој наивен истап и други детски грешки. Меѓутоа, односот и предходно изнесените мерки што ги применувал спрама децата покажуваат нешто најмалку психолошко и методско позитивно, односно нешто најнегативно во однос на воспитувањето.

Најлошото е што децата штом пристигнале, сето тоа го разнеле и разгласиле меѓу селаните. Ние што го дазнавме тоа од луѓето, го испративме др. Малио да ја провери таму ситуацијата и врз основа на неговите констатации да ги ограничиме таквите гласови.

Потребно е да ги испитате таквите случаи и нашето мислење е споменатиот Тимјос што поскоро да биде отстранет за да не би направил и други штети. Исто така предлагаме, децата што дојдоа а се на 12-15 годишна возраст да се вратат.

При такви случаи, сметаме за потребно да ги известиме родителите преку специјално соопштение, се разбира усно или не некои друг начин што ќе ни го посочите.

Исто ака сметаме дека во иднина треба да се граничи испраќањето на деца од народните републики што е помали од 15 годишна возраст.

Во врска со тоа прашањ сигурно ќе ви зборува и другарот Којчев, со кого зборувавме вчера.

Ве молиме да ни одговорите по ова прашање или подобро да не повикате горе, за да подискутираме за тоа, па и за други прашања, при што подобро ќе се соочиме со прашањето на детските домови, со поставувањето во нив словеномакедонски кадри, кои ќе ги согледат и ќе помогнат практично во решавањето на прашањата на Словеномакедонците. (48)

14. 06. 1940 година. Со другарски пздрав,
Паскал

За таквите зафати на раководствата на КПГ и ДАГ во "АМ, Збирка "Егејска Македонија во НОБ 1945-1949", АЕ: 476/49 и АМ, Ф-7/108, се вели:

"Регрутацијата на децата се вршеше со широка пропаганда и со примена на притисок. За таа цел беа издадени соодветни директиви, наредби и беа испратени специјални емисари. Регрутацијата на децата се вршеше не по возраст, туку по висина, и на тој начин беа регрутирани деца на 12-13 годишна возраст. Од романија, Чехословачка и беа регрутирани неколку стотици деца. Исто така, беа организирани центри за обука на децата и по неколкудневно обучување тие беа испраќани на првата линија на фронтот, каде повеќето и загинаа."

Таквиот потфат го потврдува и тогашно евакуирано дете: Томе Миовски, Сеќавања "Мобилизирањето на Мекедончињата од Чехословачка". Види: Весникот "Незаборав", стр. 7. Од 1 јули 1995 година.

"Точно една година од нашето заминување од родните села, кога Привремената демократска влада (ПДВ) не собра и не испрати по демократските држави за да се спасиме од сигурната смрт, од непријателските бомби и од гладот и болестите, ете пак истата сака да не врати во пеколот на војната, во пеколот на смртта. Тоа беше вака:

На 17 април 1949 година во 8, 30 часот, директорот на Домот ни соопшти, дека денеска по ручекот ќе допатува во нашиот детски дом делегација на Политбирото на Комунистичката партија на Грција (КПГ).

Точно во 16 часот пред домот се појави еден црн "татраплан", голема лимузина и уште невлезен во главната врата, почнавме да викаме пароли и да го пееме партизанскиот марш. Штом запре колата, излезе Милтијадис Порфирогенис, член на Политбироти на ЦК на КПГ и министер во Привремената демократска влада за правосудство.

По свечената вечера која мина во радосно расположење и апсолутна тишина, директорот ни соопшти, дека младичите и девојките од 15-16 годишна возраст со гостинот во 20 часот ќе имаат состанок, а другите во 19,30 треба да одат на спиење.

Во 20, 15 часот, гостинот влезе во салата, а ние сите станавме и со долг аплауз го поздравивме со паролите: "Да живее Маркос, да живее КПГ, да живее Слободна Грција... ". Седна и сите по него седнавме и пак се исправи како гигант пред нас децата и со тивок глас почна да ни раскажува за борбените успеси што ги достигнуваат единиците на ДАГ против монорхофашистите: "ДАГ ја има во свои раце 25% од целата територија на Грција", рече тој. Во секое село има народна власт-народни одбори, народни судови, селски задруги, основани се народни болници, културно-уметнички и фолклорни друштва, народот се чувствува слободен и веќе за неколку дена во наши раце ќе падне Лерин, Костур, Воден и другите градови и дека 1949 година ќе биде година на победата. "

Ние од радост станавме и почнавме да викаме: "да живее Слобдна Грција, Маркос победа. Маркос победа! " Не утеши гостинот и продолжи: "Младии и младинки, синови и ќерки на нашите борци на херојската Демократска армија, јас сум испратен од Политбирото на ЦК на КПГ и од нашата Привремена демократска влада за да ве повикам и вие да одите долу во татковината, бидејќи нашата света борба има потреба од млади луѓе, млади борци, достојни на своите татковци и мајки кои секојдневно достигнуваат борбени успеси против нашиот непријател-монархофашизмот. Исто така ќе се си ги видите вашите убави и сега слободни села, вашите родители, роднини и домашни. Затоа ве повикувам сите кои сакате "доброволно" да се вратите во Слободна Грција, да станете и тука да се запишите". Тој го држеше списокот, што го имал кај себе со нашите имиња.

Еден по еден се запишавме 31 младичи и 8 девојки и откако се запишавме, гостинот, ни рече: “Знајте, дека доброволците од Романија и Бугарија, веќе се вратија во “Слободна Грција” и во многукратко време одлично го овладаа оружјето и овие денови стануваат редовни борци на славната ДАГ, а другите деца од другите демократски држави се на пат за татковината, а пак вам во најкратко време ќе ви биде соопштено. Но за вашето враќање во татковината на никого ниту збор, ниту на тукашните, ниту на домашни, на никого, разбирате, бидејќи кој од вас ќе каже или напиши, тој е непријател на нашата борба”.

Следниот ден, во понеделникот по ручекот, не собра нас “доброволците” директорот и ни рече: “Од денес до 20-22 часот до вашето заминување, ќе имате секоја вечер ноќно тренирање на теренот за да се учите на ноќни борби. Од денес нема на никого, а за враќање во Грција на никого ниту збор, ниту на вашите помали браќа и сестри. Кој од вас се осмели да каже, ќе биде протеран од домот”.

После седум дена, во неделата на 24 април 1949 година во 18 часот, директорот не собра нас 'доброволцитѐ и ни рече: “Утре, понеделник, 25 о.м., во три часот раното, ќе замините со воз во братислава со воспитачката Ирина. ќе добиете студена храна за еден ден и ќе тргнете пред да почне движењето во селото. Таму ќе се сретнете со повеќе 'доброволцѝ и оттаму ќе заминети за “Слободна Грција”.

Во понеделникот на 25 април 1949 година во два часот наутро, не разбудија и на брзина се измивме, се облековме, ги дигнавме куферите и точно во 2.30 часот тргнавме во редовенстрој во придружба на директорот и воспитачката Ирена, без да се видиме со нашите помали браќа и сестри, тргнавме со брз марш до железничката станица, која беше на еден километар оддалечена од домот и во три часот, се качивме на возот и тргна-вме за Братислава. По целото патување бевме добро расположени и весели и целото време пеевме партизански и револуционерски песни.

По десет часа патување, кои изминаа многу брзо, околу еден часот по ручек, стасавме во Братислава на железничката станица каде што не чекаше придружба, се поздравивме со воспитачката Ирина, која требаше да се врати, бидејќи не и беше дозволено понатаму да патува со нас. Околу 14 часот стасавме пред влезот на касарната, каде што имаше стражар. Откако го прегледаа камионот, тој ги отвори вратите и влеговме во големиот двор, каде што се движеа војници. Малку понатаму запре камионот и сите слеговме и одма околу нас се собраа неколку групи деца, кои беа пристигнати пред нас. Со многу од нив

се познававме уште од првите денови во Чехословачка, кога во декември 1948 година беа испратени во автомобилскиот завод "Татра" -Копривница на техничко училиште, а еве сега и нив ги мобилизирале.

Се одморивме малку и во 8 часот веќе беа пристигнати и другите и така сите се собравме во големиот двор и таму се запознавме и со одговорните, кои беа испратени од КПГ., односно од партиската организација од Булкес, а тоа беа Никола Стојановски, родум од село Герман, Прспанско и Никос Зафиридис и Геогиос трендафилидис, обајцата Маџири од Костурско.

По вечерата во воената менза. Одговорните направија општ список од сите нас 250 деца од кои 200 Макеончиња, а другите Влашиња и Маџирчиња, настојувјќи по наредбата на КПГ сите нас Македончињата да не запишат со грчки имиња и презимиња, иако ние одамна ги имавме подребано грчките имиња и презимиња, уште кога се отворија училишта во слободните села, но тие упорно настојува велејќи ни: "Утре кога ќе одите во Грција за да се борите против фашизамот, ќе вели непријателската пропаганда, дека во Грција се дојдени југословенски и бугарски доброволци, а не грчки.

Ние, едногласно и најстрого протестиравме против таа велкогрчка теорија, одбивајќи ја и сите се запишавме со своите имиња и презимиња и наредбите и заповедите ги вршевме на македонски јазик, а Грчињата беа одделна чеа и ги вршеа на грчки јазик.

Другио ден, одговорните не одделија на три чети, две македонски и една грчка... "

Понатаму објснува, дека на 4 јуни 1949 година ги посетил членот на ПБ на КПГ Петрос Кокалис-министер за просвета и култура во ПДВ и им соопштил: "Другари другарки, дозволетеми да ви ги пренесам борбените поздрави од борците на ДАГ, кои секојдневно достигнуваат борбени успеси,... Борбата нема нужда од нови борци.. "

Продолжува да раскажува: "Ние, сите како што бевме построени за еден момент онемевме, бидејќи ни дојде ненадејно, не можевме да разбереме зашто не не пуштат, кога веќе 41 ден денонќно трениравме и сме готови, а сега владата реши да не одиме? Дали е кон крај ослбодувањето или во што е работата? Самите одговорни не знаеа што станува. Бевме толку разожарани, ниту јадевме, само скитавме по дворот и се прашувавме... "

Ако тогаш не се знаеше, сега се знае, дека токму во тоа време беше повикан во Москва Захаријадис и од советското раководство и му беше наложено и наредено на ДАГ да ја прекине оружената борба и да се повлече, а ПДВ да поднесе апел до Генералното собрание на ООН за мирољубиво разрешување на конфликтите. Но, истотака се науираше и ликвидацијата на ДАГ.

Но, откако ќе се прочита овој текст од сеќавањата на ова тогашно евакуирано дете, нависти човек неможе да остане рамнодушен, спрема постапките на еден таквите:

Трговци со човечки судбина.

Што правеле"Во името на народот". Тој збор беше задолжителен дел од политичкиот вокабулар, мотив и алиби за многубројни идеолошки преслекувања, воени цели, територијални освојувања и етнички чистења.

Овој министер (Порфирогенис), повеќе личи на трговец со судбината на детските души, отколку министер за правда во ПДВ, која раководеше со ДАГ, а во таа армија со 60% од воените ресурси беа Македонските селани. Неговата агитациона дрскост спрема овие деца (дека ќе си ги видат родители, убавите села, пријателите, слободната прадедова земја..." Но за вашето враќање во татковината на никого ниту збор, ниту на тукашните, ниту на домашни, на никого, разбирате, бидејќи кој од вас ќе каже или напиши, тој е непријател на нашата борба".) ја дава сликата на целокупната ситуација во која се најде македонското дете, под тој комунистички идеолошки инжењеринг, но не помалку и македонскиот борец.

За нив (тие што ја раководеја војната) не постоеја идеали, не постоеја свети нешта, не постоеја морални ограничувања. Се можеше да се стави во функција на сопствената кариера, се можеше да се каже во сопствената корист, се да се направи за сопственото јас. По завршувањето на војната се покажаа како духовно инвалиди кои ја држеа власта во војната на чуден диктоторски начин за можат до бесвест да повторуваат зборови како: патриотизам, лојалност, идеал, традиција и посветеност на раволуцијата.

Секој ќе се запраша: дали за ова се боревме??!! Каде беа НОФ и АФЖ, да не заштитат? Имаа ли моќ? НЕ!

ГРИЖАТА И ПОПЛАКИТЕ НА ГРЧКАТА ВЛАДА ЗА ОСЕМЕНИТЕ ДЕЦА ОД СТРАНА НА КПГ И ДАГ

На 27 февруари 1948 гоина, грчката влада вложи официјално писмо до: The United Nations Special Committee on the Balkans: UNSCOB) - Специјална Комосија на Обединените Нации за Балканот, за следното:

“Дека Елинопула (грчки деца) се преселуваат насилно од страна на андартите (партизаните на ДАГ) подалеку од границата, кон Албанија, во Бугарија и во Југославија. Истотака и во други држави кон источна Европа и се задржуваат во овие држави”.

Дополнително, поткрепувајќи уште со следното:

“Агентите на 'генералот' Маркос имале почнато од поодамна, со попис на планираните деца, од возраст 3 до 14 години, во Северна Грција.

Сета оваа акција се претпоставува дека имала за крајна цел:

(а) Да ги тероризираат грчките семејства за да ги помагаат андартите;
(б) Да ги воспитат грчките деца со комунистичка идеологија:
(в) да им ја уништат грчката национална свест и сознание, и да ги оттуѓаат;
(г) да го разорганизираат пољоделското стопанство(аграрот), принудувајќи ги селаните со нивните семејства да избегат (емигрираат) од надворешноста кон градовите за да ги заштитат своите деца” (49)

ДАЛИ НАВИСТИНА ГРИЖАТА ЗА ОСЕМЕНИТЕ ДЕЦА БЕШЕ ТАКВА КАКО ШТО ЈА ПРЕТСТАВУВАШЕ ГРЧКАТА ДРЖАВА ИЛИ КАКО КРАЈНАТА ЦЕЛ АКЦИЈАТА И БИЛА ЕТНИЧКОТО ЧИСТЕНИЕ?

Осмислен проект кој има тенденција да ги елиминира малцинствата кои живеат со векови на прадедовите огништа Нацијата (тенденцијата за чиста грчка нација).

Како може една членка на ЕУ; како што е Грција, во нејзиното законодавство, се до ден - денес да има расистички закони, како што е законот:

На основа решението на министерството за внатрешни работи 106.841/5-1-83, се дозволи слободното репатрирање на “Грци по род”.

Потпишано на 29 декември 1982 година од Министерот на внатрешни работи Горгос Гениматас и министерот за јавен ред Гиани Скуларики.

Значи, донесен е закон кои не важи за Грците, туку за оние кои живеат во Грција и не се Грци. А кои се тие? Тие сме ние Македонците кои во Граѓанската војна, бевме насилно мобилизирани од комунистите Грци кои раководеа со ДАГ на чело со генерал Маркос. И сите тие Грци по род, по завршувањето на војната се вратија во Грција, во своите домови и беа социјално згрижени и интегрирани во грчкото општество, а ние Македонците сме обвинети дека сме ја разгореле Граѓанската војна и сме се бореле со цел Република Македонија преку Солун, па се до Егејот да се протега.

Зарем нели со овој закон, се потврдува дека и зафатот "ПЕДОМАЗОМА" е дел од планираните миграциони движења и претставува дел од стратешките прашања што ги имала грчката држава по (1913) за иселување(насилните миграциони движење) на Македонците?.

Создавањето на УНСЦОБ и нејзината улога во истражувањето на проблемот "Педомазома"

Грчкото прашање конечно пристигна во Советот на Безбедноста на Обединетите Нации по трет пат во текот на 1946 година. Првите две седници кои беа дочекани со остри жалби од Советскиот Сојуз и Украјна, логично завршија без резултат. (50)

Третата дебата продолжи по едно обраќање на грчката влада, кое беше одржано на 3 декември 1946 година, и после опширните советувања со САД, дека треба генералниот секратар што побрзо да го стави на дневен ред прашањето на Грцијаза за спорот што го води со соседните земји.(Извештај на УНСЦОБ А/574-1948, с. 1. Извештајот на Комисијата е ставен на дневен ред на 174-от состанок на Советот за безбедност.).

На 19 декеври 1946 година, Советот за Безбедност предложи една истражувачка комисија (51), со извештај во кој се посакуваше да се создаде едно тело донајдоцна 23 мај 1947 година. Но кога го преставија ова тело, со кое се подржуваа мисленијата на Грција, претставниците на Советскиот Сојуз (52) и на Полонија (53) ги негираа таквите мислења на целото тоа множинство. Како последствие на разговорите во Советот за Безбедност, гласањето на

двете страни се доведе до вето и прашањето се доведе до безизлезност.

Тогаш прашањето се најде пред Генералното Собрание, каде неможеше да има советско вето, па така на 21 октомври 1947 година Генералното собрание (со 40 гласа за и против 6 и 11 воздржани) се изгласа решењето за создавање на Специјалната Комисија на Обединените Нации за Балканот (The United Nations Special Committee on the Balkans: UNSCOB).

Сега УНСЦОБ беше претставена од претставници на Австралија, Бразил, Кина, Франија, Мексико, Холандија, Пакистан, Англија и САД. Беше решено без никакво дополнување на преставник од Советскиот Сојуз и од Полска, кои се беа и откажале да соучестуваат.

Главната дејност на УНСЦОБ беше да изврши истражувања на сите поплаки кои ги имаше доставено грчката влада дека партизаните во Грција примаа помош од Албанија, Бугарија и Југославија.

Овие држави, не само што не сакаа да соработуваат, туку и не им дозволија на посматрачите на УНСЦОБ да влезат во нивната територија. На 1 декенври 1947 година УНСЦОБ ги лоцира своите централни канцеларии во Солун. (Ивештај на УНСЦОБ А/575 -1948 с. 1-3). Беше решено да се создат околу 6 групи на посматрачи, каде секоја ќе претставува од по четири посматрачи и по едно помошно лица. Се определија во шест зони во Северна Грција и до крајот на февруари 1948 година овие групи: 1, 2, 3, 4 и 6 се наоѓаа во споменатите зони (Извештај на УНСЦОБ, А/574-1948, с. 3).

Групата 4 во извештајот за јуни 1948 година со наслов “Движења и задржувања на грчки деца” поврдуваше во својот извештај за конкретни случувања:

1. Во одредени реони на Северна Грција кои се под контрола на партизаните, направија попис на деца. Има докази дека овој попис е почнат од поодамна.

2. Поголем број деца беа оземени од реоните на Северна Грција и спратени во Југославија.

3. Некои од родителите дадоа согласност, дури откако им ги имаа запишано децата и навистина има многу деца кои се насилно оземени и имаше големи спротивставувања од своите родители...

Во врска со реоните, се вели дека пописот на деца беше направен во две главни реони кои беа под контрола на комунистите:

а) Во славофонските реони на западна Македонија беа: оклу езерото Преспа, во Леринските села и во Костурските каде населението се грчки граѓани но зборуваат славофонски јазик. (Извештај на УНСЦОБ А/574 -1948 с. 29-одел 2).

... Еден сведок од реонот на Костур вели дека: "многу деца од селото најдоа скривалиште во Костур за да не ги земат партизаните и дека спрема неговото мисление само 10% од родителите се сложиле да им ги дадат своите деца. Но, исто така УНСЦОБ потврдува дека дојде до вистински докази дека многу деца, посебно од словенските реони на западна Македонија ги зедоа со согласност на нивните родители.

Еден друг сведок од реонот на езерото Преспа вели дека "многу родители беа благодарни кога ги гледаа децата да заминуваат во Југославија".

Накратко во сите овие искази има и тоа дека постоела голема разлика во решавањето дали да ги дадат или не децата помеѓу славофонските села и грчките села.

Во грчките села, осудата беше голема и наликуваше како на акција за насилна мобилизација и се правеа големи напори да ги убедуваат таквите родители, но имаше и такви случај кога децата беа земени и без да ги прашат нивните родители.

Се тврди и тоа дека во североисточните земји дека беа испратени деца на партизани или на луѓе кои беа симпатизери на партизаните. (Види: Извештај на УНСЦОБ А/574-1948, с. 31)

Американските реакции по жалбите од грчката влада за вршење "Педомазома".

Грчката влада употреби најсилна и решителна фразеологија во критиката на oseманието и иселување на децата од страна на КПГ и ДАГ. Цалдарис, минисер за надворешни работи, укажа и посака со пример дека на 27 март 1948 година, дека "Oсемањето на грчките деца не е нешто едноставен прекршок спрема обрските на спогодбата за човечки права туку е злочин спрема човештвотот".

Владата зборуваше за "Национално убиството" и "наивност-простота" (Извештај на УНСЦОБ А/574(1948 стр. 18).

Се разбира, владата на Атина беше убедена и очекуваше дека Американците ќе пристапат со ист интензитет и позитивно ќе се искажат, но многу видни американски авторитети во кои се вбројуваше и министерот на Надворешни работи Џорџ Маршал, продолжуваа да не веруваат во значењето на таквата силна пропаганда и обвинувања за таквото "Педомазома".

Тоа како што се гледа, повеќе изврши влијание за порешителна акција со што би и се извршило притисок на Обединените Нации, да го разгледат предметот за насилното "Педомазома" од комунистите.

Во почетокот некои Американци во Атина мислеа дека ова прашање може да биде од голема полза на пропагандата. Карл Ранкин (Carl Rankin), на амбасадата на САД, напиша до министерството за надворешни работи дека на 10 март 1948 година "амбасадата е уверена дека осемањето на грчките деца од ген. Маркос... е психолошки гаф на против тежа, кој ќе треба да се искористи во пропагандата, како објавен притисок против САД и да се осведочи со тоа светската јавност. " На 3 март 1948 година Ранкин, мислеше и тоа дека "проблемот може да се преиначи и во антикомунистичка пропаганда", но некои Американски почнаа да се запрашуваат дали ползата од таквата пропаганда може да премине како варијанта и на страната на комунистите.

Водачот на AMAG, Dwight Gliswold, велеше во една телеграма, испратена во Вашинктон, со датум 23 март 1948 година дека неодамнешната вест на комунистите за осемање на деца "се покажа како необична смислена психолошка војна против владата на Атина" (Lawrence Witner, -162).

Gliswold, веруваше, истотака дека и кралицата се имаше "спротиставено со прекумерен начин" но многу добро се знаеше дека иселувањето на деца беше сторено и од истата влада беа осемени" илјадници деца, некогаш под притисок од "партизанските реони", а тоа ќе може да го засенчи значењето, за кое сега, грчевито се бори пред светската јавност грчката влада.

Во Солун, главниот конзул на САД покажуваше дека иселувањето што го прават партизаните "тоа е како резултат на војна со невите" што по неговото мисление, целта им беше да покажат дека грчката армија е неспособна да ја гарантира безбедноста.

Во Вашинктон, Џорџ Маршал, веднаш објави сомнение за проблемот што го дебатираше грчката влада: иаку неколку младинции деца беа “земени во со сила од легални семејства “(пишуваше Маршал на 24 април 1948 година, но мнозинството беше од “реоните каде беа вгнездени партизаните, и тие деца преставуваа проблем на општествена грижа за ген. Маркос, и така заминуваа со помала или поголема доброволност во согласност на словенскот малцинство или беа деца од комунистички радители.

Покасно, кога Грчката амбасада во Вашингтон, побара американска помош за подршка во Обединените Нации, за наредната седнива на Генералното Собрание, и се даде одговор дека американското министерство за надворешни работи, смета дека прешањето за децата била”најслабата алка” и дека во емиграцијата можеле да се претворат како такви-вооружени борци против државата Грција.

На 14 август 1948 година, американската мисија во Грција се запозна подетално со прашањето, но тоа го имаше искажано и во телеграмата и Маршал, во која пишуваше дека имаше такви со “непотполни наводи сведенија” со тврдење дека голем број деца беа насила осемени и наоружани.

Само, и само истите грчки партизани можеа да бидат одговорни за осемање и иселување на деца и една таква протесна осуда на Генералното собрание на Обединените Нации “не би им служела и не би имала никаква цел” спрема мислението на Маршал.

Во една неодамнешна, повнимателно обмислена студија, американскиот историчар(Види: Howard Jones, “The Diplomacy of Restraint: The United States’ Efforts to Repatriate Greek Children Evacuated during the Civil War of 1946-1949”, Journal of Modern Greek Studies), го анализира американскиот став спрема осеманието на деца “Педомазома”.

Хоњард Јонес, потврдува дека имаше две основни претпоставки за конкретниот став што го зазеде американското министерството за Надворешни работи и Маршал лично: Прво Маршал “осведочувањето дека грчката влада ја имаше покажано желбата за иселувањето на деца” и оти, за ова прашање “немаше друг излез (решение), отсем да побара враќањето само на тие деца кои се земени под силен притисок, а тоа на основа етиката и моралот за вистината на непобитните факти во името на човештвото”.

Друга причина, согласно искажувањето на Џонес, беше дека "Вашинктон се трудеше да одбегне секакво заладување на односите со југослвија, која беше согласно со грчката влада, главен виновник".

Многу е сигурно дека јазот кој се повеќе се длабеше помеѓу Југославија и Советскиот Сојуз, можеби од таквите случувања, зависеше иставот на САД, бидејќи тие сега беа основни прашања и можеби затоа Маршал, решението на "педомазома"го ставаше на втор план, но тоа е само претпоставка за што нема американски докази.

Било каков друг мотив, иаку се претпоставува дека имаа американците практичен резултат на дејствувањето на САД, како концепт, многу верно тоа го кажува Џонес: "Искусната дипломатија на Маршал, му успеваше во безизлезните ситуации од кои не ќе добиеше никој, ги оставаше отворени прашањата на Американците и Југословените и дозволуваше на владата на Вашинктон да се концентрира на прашањето на Западна Европа кои беа значајни за американската безбедност".(Види: Studies in the History of the Greek Civil War, 1945-1949, edited by L. Baerentzen, J. O. Smith, "Museum Tusculanum Press", Copenhagen - 1987) Улогата на Обединените Нации и на Меѓународниот Црвен крст

"На третото Генерално Собрание на Обединените нации, во ноември 1948 година, прашањето на грчките-деца, се одлучи да се разгледа посебно од севкупното прашање на Грција.

По долгото траење на перлиминаторните разговори за проблемот во Грција за наводите на Првата Комисија за (Политичка и Безбедност), пред четирите сили: Кина, Франција, Велика Британа и САД, се предложи и план на резолуција за наводната надворешната помош, што ја добивале грчките партизани од соседните земји.

По ова, претставникот на Грција предложи дно дополнение на тотаа резолуција, додавајќи го барањето за враќање на сите oземени грчиња деца (тука не се одвојуваа Македончињата) во Грција .

Белгискиот претставник, кој беше председател, дискутираше и рече дека ова барање ќе треба да се измени (модифицира и дополни) со додавка: "кога таквите деца ќе ги побарат нивните родители. "

По извсни дебатирања, белгискиот председател изјави (на 9 ноември 1948 година) и "појави (покажа) усилби за постигнување согласност по прашањето за репатријација на грчките деца" и од таква гледна точка се предложи да се испита ова прашање од "аспект на чисто

човечки погледи, на една одделна седница, сосема независно од "политиката, со решење на четирите сили".

После многу долги дискусии, се побара од председателот да одреди план резолуција за една наредна седница и тоа беше прифатено.

Сега Првата Комисија (во изменета форма) на 11 ноември 1948 година, белгискиот предлог почнуваше со следниот параграф: "Генералното Собрание го препорачува (одобрува) враќањето во Грција на грчките деца кои се наоѓаат сега далеку од своите домови, кога таткото или мајката-родителите, но ако тие се отсутни, тоа можат да го сторат луѓето кои им се блиски роднини и кои ќе покажат; желба и грижа за тие деца".

Југословенскиот претставник имаше забелешка на тие зборови "... ако родителите им се отсутни, тогаша тој што ја зема грижата за тие деца", истакна дека грчката влада ќе мора да ги одреди таквите луѓе, кои би имале таква намера и да оцени дека не биле спротивставени со намерите на нивните родители.

Ова безизлезност се реши, конечно со автсралискиот предлог, согласно со тој предлог Генералното собрание реши; "Го препорачува (одобрува) враќањето во Грција на сите Грчиња (не прави разлика на Македончиња и Грција), кои се наоѓат сега далеку од своите домови, кога тие деца ќе бидат побарани од таткото и мајката, но ако тие се отсутни, тогаш, тоа може тоа да го стори овластен нивен роднина, ако изјави таква желба за тоа".

Во таква форма се изгласа резолуцијата и се одобри со 45 гласа за, а против немаше ниту еден. Таквиот предмет се "дистрибуира" и се инсистираше на тоа дека треба сите држави да си ги преземат неопходните мерки за да се остварат целите на резолуцијата и "даваше упатствија" на генералниот секретар да побара од заинтересираните држави да ги известат носителите кои беа одговорни за таквата резолуција, исто така да побараат и помош од Меѓународниот Црвен Крст. (Yearbook of the United Nations, 1948-1949, стр. 239-244).

Тој план (Предмет) влезе во процедура на гласање и во дневниот ред на Генералното Собрание на 26 и 27 ноември 1948 година. Предметот се заведе едногласно како: <<(Резолуција 193 (III) С >>. Додека Советскиот Сојуз и неговите сомисленици, како што беше познато, беа против ова решение, уште кога се презентираа наодите од УНСЦОБ(Обединените Нации, Генералното собрание - (United

Nations, General Assembly, Official Records, Plenary Meetings). Трети оддел, место 1, 1948 стр. 661662.

Грчкиот Црвен крст, објави веднаш веста за резолуцијата на Обединените Нации и почна со работа за примање молби за репатријација на децата. Како што минуваше времето, прашањето за грчките (се мисли на општо земените деца, но тука треба да се каже: досега, се изнесуваа факти дека Македонците -славофоните, деца ги давале доброволно.) деца кои беа земени и насилно иселени, се претвори, главно, како грижа на Црвеното Крст.

На 11 јануари 1949 година, Trygve Lie, генерален секретар на Обединените нации, побара официјално од Меѓународната Комисија на црвениот Крст и од здружењето и подружниците на Црвениот Крст во Женева(во продолжеток од Црвениот Крст) "да ги воспостават неопходните врски директно со грчката влада и со Грчкиот Црвен Крст, и начелно со влдите и со здружњата во нивните земји, т.е. во чии земји се наоѓаат грчките деца и да ги испитаат возможноста за реализација на резолуцијата која ја едногласно ја одобри генаралното Собрание на Обединените нации на 28 ноември 1948 година и им ја препорачуваше на државите и владите (и не ги делеше децата на Грци и Македонци) туку за репатрирање на сите деца од Грција.23

***

Како прв чекор на Црвениот Крст беше тоа што испрати една мисија во Грција. Господинот R. W, Roth (ја преставуваше меѓународната комисија) и господинот Гаиле Галуб (го претставуваше здружењето на Црвениот Крст) и останаа во грција од 10 февруари до 11 март 1949 година, за да го проучат проблемот-за репатрјацијата.

Во текот на посетата на грчкиот црвен Крст им предочиле 3. 445 молби кој пристигнале за репатријација на децата. Овие ополномошници имаа неколку состаноци и со грчката влада и со УНСЦОБ, но исто така беа примени и од кралот и кралицата на Грција".

"...Ополномоштените ги проучија и условите под кои децата ќе треба да се врши репатријацијата и беше навистина добро подготвена целата акција за да бидат примени децата во Грција.

Грчкото министерство за надворешни работи им даде и една официјална напишана гаранција дека нема да се превзема никаква

мерка со подозревање кон сите тие деца, било по религиозна вера или идеолошка припадност на нивните родители или била од каков вид друг разлог за примена на некаква пресија.

*

Исто така, како важен податок се наведува, дека од април 1949 година бројот на грчките деца кои имаа поминато низ Југославија во други источноевропски земји беше 13. 500 деца. (Црвениот Крст. Прв опширен извештај, стр. 19. Извештајот содржи, истотака, една аналитика за местата каде и во кои земји се упатени децата. Од април 1948, до март 1949 година:

за Чехословакија..... 3.550
за Унгарија..... 3.050
за романија..... 6.400
за Полонија..... 500

Збирно: 13.500 деца.

(Види книга: ΜΕΛΕΤΕΣ ΓΙΑ ΤΟΝ ΕΜΦΥΛΙΟ ΠΟΛΕΜΟ 1945−1949, st.153−158)

Грижата наша – македонска

(Во комуникацијата со високото раководство на КПГ и ДАГ, дури мајчиниот јазик не си го запазивме).

Навистина, грижливо во истражувањето, барав документ на македонски јазик, било каков, испратен до некое високо партиско тело на КПГ или воен штаб на ДАГ, со кој документ на македонски би покажале дека НОФ како воено политички фактор стоел до тој македонски став и така им се обраќал(барем во нашата историја НОФ е така нарекувана), но за жал нема ни траг, бидејќи целата кореспонденција или било каква комуникација е водена на Грчки јазик. Барав документ, кој го третираше и проблемот на oсемените деца, но нема. Зошто?!! Зарем за НОФ и АФЖ, јазикот не беше политичко стратешко прашање?

Ако еден од основните национални атрибути е јазикот, тогаш како можеле организациите НОФ и АФЖ, по т. н “Братство единство”(1946), да се “откаже” од националниот идентитет и да ги прифати таквите услови од КПМ/КПЈ и КПГ (а во нашата историографија се вели дека биле договорени сите услови меѓу НОФ

и КПГ), или тоа можеби сега се правеа таквите остапки за атар на Комунистите.

Но, по овој чин на "Единство" настапи комплетната разузнавачка мрежа која беше добро организирана од КПГ и сите нофити и афежитки (поранешни еласитки) ги поминуваше по најситното идеолошко сито, со цел да им ја одреди вината и казната за гревовите од минатото, а на нашите нофити и афежитки, мачно беше да им се гледаат бесрамните додворувања кон раководителите на КПГ и ДАГ, посакувајќи да им се избрише вината за непокорноста кон КПГ, ЕЛАС и ЕАМ.

Ете, по овој чин многу лефтерно ја прифативме грчката асимилација, но сега по познатата комунистичка теза: во интерес на партијата, државата и мнозинскиот народ.

Значи, нечујно се вклучивме во процесот на елинизацијата, но сега без никаков отпор, а за што до вчера најмногу се бореше македонскиот народ и страдаше од грчките власти.

За правда, треба да се каже, дека во т. н "Слободна Грција" (Котурско и дел Леринско и Грамос), можеа луѓето да зборуваат колку што сакаа, но скоро во селата ги немаше, сите беа мобилизирани и ставени во единиците на ДАГ. Но дали тие Македонци во единиците на ДАГ кои беа рагрутирани и испратени во длабината на Грција можеа да зборуваат Македонски? Тие таму беа предупредувани дека: "Името и презимето, нужно треба да бидат на грчки, а јазикот треба да се говори само грчкиот, зашто грчките борци ќе помислат дека вие сте: "Бугари? или Југословени?" (прашалките мои-С. К). И, следеа оправдувања дека: "КПГ нема сторено доволно објаснување на грчкиот народ, за да знаат Грците кои сте вие Славомакедонците... " Но, едно е вистина, дека сите регрутирани Македонци во ДАГ, по насилните мобилизации што следеа во (1947-1949) беа заведени со грчки имиња и презимиња, а тоа се правеше (ги поканува преку одборите на НОФ и АФЖ) спрема книгат на родените. Таквите книги беа воведени од грчките поранешните влади на Атина.

Најверојатно, сите овие прашања беа оставено, за после слободата, како и многу витални други прашања во интерес на Македонците кои гинеа во името на КПГ.
Но, да се вратиме на проблемот со осемените деца, бидејќи официјално не најдов кој беше овластен за извршување на таквата злокобна акција и по чии налог се земени децата (отсем дека се знае за пропагирањето на НОФ и АФЖ, спрема она познатото од нашата

историја дека: НОФ и АФЖ биле воено-политичка сила-”апсолутни владетели” на соопственият простор, но што се однесува до нивното владење, тие биле целосно обврзани само да ги спроведуваат наредбите на КПГ, која располагаше со огромна моќ на идеологијата и најверојатно тие им дале на КПГ целосен кредибилитет, дури да не располагаат ни со децата на својот народ.

Ако и ова што го тврди д-р Кирјазовски е историски точно, тогаш станува се појасно дека ние Македонците соработувавме во миграционите процеси, но останува да се истражува под какви идеолошки обрски имале НОФ и АФЖ спрема налодавците, а спрема сопствениот народ никакви: Тој вели: *”... За успешно извршување на оваа акција беа ангажирани органите на народната власт. Народната милиција, политичките организации и другите институции. Посебна улога за целосен успех на акцијата во подрачјето на Егејскиот дел на Македонија одиграа Македонските организации НОФ и АФЖ, кои притоа го мобилизираа целокупниот свој кадровски потенцијал.

За успехот на акцијата придонесе и тоа што евакуираните деца потекнуваа главно од подрачјата на Егејскиот дел на Македонија каде што се водеа најжестоките и најкрвавите борби, па префрлувањето во странство беше многу полесно, бидејќи тие подрачја се наоѓаа под контрола на ДАГ. и, што беше најважно, родителите на децата, претежно Македонци, целосно беа на страната на ДАГ и лесно се убедија и се согласија за евакуација на своите деца... “(Види: Кирјазовски 1989/36-37).

Така размислуваше и така пропагираше елитата на НОФ и АФЖ, со своите заеднички илузии па дури и мислејќи дека силно ја држат власта и се на правилин пат во животот и дека можеа да решат се за судбината на македонскиот народ. Елитата, размислуваше тогаш кога требаше поинаку да рамислува. Тогаш имаше крупни не совпаѓања меѓу тој тип на размислувања и реакции на обичниот македонски селанин, но беше дочекуван: “Ти не си наш!” и со тоа омразата му ја исполнуваше душата, а таквата беспрекорност стана судбина, а животот без смислен.

За жал, од таквото размислување, сведоци сме на полувековното маршрање низ Балканот и по светот.

Ете, со такви покорувања станавме нација со туѓ патриотизам, односно идеолошки војници. Македонскиот патриотизам, чувството на љубов и верност кон своето татковинско дело, беше лишено. А, то го потврува иследното: Низ сите високи состаноци и донесувањто на

судбински решенија не е забележано присуствотот на Македонци. Зошто? Затоа што НОФ од секогаш беше во инфериорна (потчинета, подредена, помалку вредна и спрема кадрите на НОФ се гледаше со некаков инфантилизам) положба спрема КПГ, а тоа го дозволија во своите преговори и КПМ/КПЈ, кога го договорија т. н "братството и единството" по меѓу нив и КПГ.

Но во сета ова трагедија е и нашето полувековно колективно замолчување на свеста и најболното е тоа што го измачува човека: како можевме ние Македонците да замижеме пред очигледното, дека се посега токму по нашиот корен и разделбата на тие деца од местото на раѓањето се прогласува за иден состанок само со историјата.

Светот, знае малку за трагедијата на Македонците под Грција, најголемиот дел од таа трагедија, погрешно ја знаеме, па дури и ниесамите. Тоа е сурова вистина, но....

Македонската држава и државност со своите институции, како вековен идеал на македонскиот народ, и по полавек, не се ни osва.

Во ваквиот вител на спротивставувања околу "Историската правда и историската вистина" навистина е тешко да се најде одговор, но види заради вољата на вистината: Архив на Македонија (АМ), збирка: "Егејска Македонија" во НОБ 1945-1949, АЕ: том 1, 2, 3, 4, 5, сите документи се преведени од грчки јазик.

Со ова и ќе го завршам историското сведочење за однесувањето на НОФ и АФЖ.

Смислената стратегија на туѓинците, потпомогната со паролите на НОФ (несвсно, поданичко: преку синдромот на идеолошкото верување, се за Партијата, се комунистичките вождови, да се крене и старо и младо), имаше голем "емотивен набој", но за интересите на нацијата беше од "секундарно значење".

Кога се изарчија паролите, привршија значајните конгреси, луѓето станаа рамнодушни на тревогите. Бескрајна едноличност. Тежи и притиска сиви-лото, оловното небо над Македонија, за кое допринесовме токму тука (по препорака) да ја лоцираме војната... Се си има своја цена. Политичарите на НОФ и АФЖ, лесно како искусни (поучени) гимнастижари на разбој, се префрлуваа на другата страна, ја менуваа бојата.

Ѓулињата и бомбите фучеа, заканувачки, како диви sверки. Ги уриваа sидовите од куќите, во коишто се раѓале и живееле генерации. Луѓето бегаат, стегаат заби, збивтаат. Лицата им беа влажни, облеката натопена со крв, очаени и принудени да си ги дадат децата-родот македонски (и пак со измама)... и така во недоглед.

Се сеќава ли некој од ноф(итите) и афежитите што се се случуваше? Накусо, се се преобразува во својата спротивност, но НОФ и АФЖ (КПМ/КПЈ) и КПГ тврдеа(ат) дека тоа на Македонците само им се причинувало (ва)??!!

Навистина, по долгодишните истражувања, човек повеќе на знае(ше) кому во што да верува. Освен во една вистина: Македонците беа терани да се борат за да ја изгубат Македонија под Грција, тоа го потврди и генералот Маркос по враќањето од СССР во Атина.

Зарем, нели е тоа деградација на човековото достоинство, кога се знае дека војската со која командуваше овој генерал (декларирaн комунист), беше од илјадници Македонци и дека се дадени илјадници жртви. Таквиот став, спрема Македонците (НОФ, АФЖ и КПМ) не е само цинизам...

9.0 ШЕСТТА СУДБОНОСНА ГОДИНА ДО ЛИКВИДАЦИЈАТА НА ГРАЃАНСКАТА ВОЈНА 27 АВГУСТ 1949 ГОДИНА ПОД РАКОВОДСТВОТО НА КПГ

“Не им верувај на оние што многу зборуваат за својата праведност.” Фридрих Ниче (1844-1900)

Поважните настани во последната 1949 година.

Влошените односи по меѓу КПЈ и КПГ, се одразија на многу сектори на поранешната соработка помеѓу Југославија и Грција. Со посебни тешкотии, со кои катадневно се манифестираше со; нетрпеливост и недоверливост, особено ни редовите на ДАГ на борбените позиции во кои уЧествуваа и Македонците, тоа дојде до одраз за промена и ставот на КПГ по Македонското прашание, кое за уште еднаш стана поле за антидржавни ставови помеѓу балканските држави. На 30-31 1949 година се одржа Петиот пленум на ЦК на КПГ.

Во книгата: <<ΕΦΥΛΙΟΣ ΠΟΛΕΜΟΣ − 60 ΧΡΟΝΙΑ ΑΠΟ ΤΗ ΛΗΞΗ ΤΟΥ>>. Се вели:

“На 5-от Пленум во јануари 1949 година, се напушти постариот став на КПГ за ‘рамноправност на малцинствата’ и прифати ставот за ‘самопределување’ на Славомакедонскиот народ, без да се определува и насочува формата на остварувањето.” Види: КПГ еписима Кимена, т. 6, стр. 337.

А во книгата: <Η ΤΡΙ ΧΡΟΝΙ ΕΠΟΠΟΙΙΑ ΤΟΥ ΔΙΜΟΚΡΑΤΙΚΥΟ ΣΤΡΑΤΥΟ ΕΛΛΑΔΑΣ 1946 - 1949, по повод 80 година на КПГ, се вели: На Петиот пленум, по македонското прашание беше донесена следната прокламација:

“Во Северна Грција македонскиот (славомакедонскиот) народ даде се за борбата со еден завиден хероизам и саможртвување што предизвикуваат незапамтен вошит. Не треба има никакво сомнење и како резултат по победата на Демократската Армија на народнта револуција, македонскиот народ ќе си го заземе (најде) своето воспоставување, така како што го сака македонскиот народ, допринесувајќи и денес со својата крв за да сето тоа заслужено да го добие. Македонските комунисти стојат секогаш на Чело на борбата на својот народ.” (55)

Види книгата: ΔΗΜΗΤΡΗΣ ΒΛΑΝΔΑΣ −ΥΠΥΟΡΓΟΣ ΣΤΡΑΤΙΩΤΙΚΩΝ ΗΜΕΡΟΛΟΓΙΟ 1947 −1949.

Во јануари 1949 година на Петтиот Пленум на Централниот Комитет на КПГ се реше за поновиот состав на Привремената демократска Влада (ПДВ - ПДК). Новиот состав беше објавен на 3 април 1949 година во весникот на Привремената Влада. Во новата влда која беше составена од КПГ, во н еа беше и еден член на Ослободителниот фронт на Славомакедонците НОФ (Паскал Митровски - Паскалис Митропулос и беше поставен министер за.....) и од Земјоделската партија на Грција - АКЕ со своите министерства.

Претседател на владата беше поставен Мичос Парцалидис, а за министер на војската Д. Вландас.

Види: Весникот на Привремената Влада, од 3 април 1949 година. Истото е објавено во: КПГ, официјални текстови, Атина, современа епоха, 1989, том. 6. стр. 347.

Види книгта: ΑΜΥΝΤΑ ΚΟΣΜΑ, ΕΘΝΙΚΗ ΑΝΤΙΣΤΑΣΗ ΕΜΦΥΛΙΟΣ ΠΟΛΕΜΟΣ; αναμνεσεις ενος Καπετανιου, 240.

АМИНТА КОЗМА “НАЦИОНАЛЕН ОТПОР - ГРАЃАНСКА ВОЈНА, спомени на еден капетан. с. 240.

Петтиот пленум го промени ставот спрема македонското прашање од рамноправност во самоопределување. Захаријадис, подржувајќи го ставот со промената, напишана во брошурата “Десет години борба” на срт. 122, тој пишува: “И не разбира (Парцалидис Мичос) дека со оваа промена се оди на мобилизирање на славомакедоците сили (борци во ДАГ) во борбата, и да ги отврати од разбивачката и рушителна намера на Тито...”.

ПРИЗНАВАЊАТА И ОДРЕЧУВАЊАТА НА ЗАХАРИЈАДИС. ДЕМАНТ ЗА БАЛКАНСКАТА ФЕДЕРАЦИЈА

На 3.02.1949 г. По решението на Петиот Пленум на ЦК на КПГ и на него беше исфрлена паролата за “Независна и обединета македонска држава во рамките на Балканската федерација”. Поради тоа на 3.02.1949 година свикан е II-от Пленум на централниот совет на НОФ и се прокламирани нови принципи на НОФ, за иднината на Македонците под Грција.

Долго во македонската историја не можеше да се најде одговор за овие манипулации, и денес секои од нас се прашува: “Само идиот или

политички слепец не ги разбира овие манипулации со нас Македонците”.

Од резолуцијата на 2 - от пленум на Гл. Одбор на НОФ во која се вели:

“II-от Конгрес ќе биде Конгрес за прокламирање на новите програмски принципи на НОФ, кои што со вековното тежнење на нашиот народ, ќе го прокламира соединувањето на Македонија во една единена држава, независна, рамноправна македонска држава во рамките на народнорепупликанската федерација на балканските народи кое што ќе биде реализирањето на неговите многугодишни крвави борби. II-от Конгрес на НОФ ќе го прокламира сенародното востање на македонскиот народ, ќе ја направи проверката на сите сили на македонскиот народ, ќе ги соедини и ќе ги групира околу НОФ и победоносно ќе ги поведе во заедничка борба со грчкиот херојски народ во борба против монархофашизмот и американските империјалисти. II-от Конгрес ќе се отправи особено кон поробеното македонско население од градовите како што се: Лерин, Костур, Воден, Ениџе врадар, Гумењце, Серес и дарма, ќе го покаже и ќе го дигне во непомирливата борба против монархофашизмот и англоа - мериканските окупатори за побрзото ослободување и исполнувањето на тежнењта на непокорениот македонски народ, во борба на Народна Република Македонија”

На 9. 02. 1949 г. на барање на Порфирогенис (член на Политбирото на КПГ), во Скопје беше примен во својство на делегација на КПГ и се одржа состанок со преставниците на НОФ кои имаа дезертирано од единиците на ДАГ и се бараше регрутирање на околу 300 нови борци за ДАГ од бегалците што беа избегани во Југославија, но не се реализира.

На 7. 03. 1949 г. ЦК на КПГ објави соопштение во кое се демантира одлуката на КПГ за заземениот став за македонското прашање на 5-от Пленум и ставовите на II-от Пленум на НОФ од 3.2.1949 година.

Второ оптимистичко сценарио: се создава комунистичка партија на Македонците под Грција.

(СУПТИЛНА МАНИПУЛАЦИЈА СО МАКЕДОНСКИОТ ЧОВЕК И СО НЕГОВАТА ИСТОРИЈА.)

На 27. 03. 1949 година, свикан е основачки состанок од 163 комунисти,делегати на ИИ-от конгрес на НОФ, на кој едногласно е

решено да се формира комунистичка партија на Македонија од Егејскиот дел на Македонија, која би била засебна организација и дел од КПГ и би се викала КОЕМ (56) - КомунистиЧка Организација на Егејските Македонци. (За овој настан, се велеше дека е најсветлата точка од грижата што ја водеше КПГ спрема Македонците, но да ја оставиме историјата да каже колку навистина беше и остана "светла"...)

Но, да видеме како нашата истрориграфија го оцени тој настан: "Создавањето на КОЕМ беше своевидна тактика со крајна цел македонското национално прашање да се стане составен дел на антијугословенската ИБ кампања, да се предизвика прекин на сите духовни и политички врски меѓу Македонците од Вардарскиот и Егејскиот дел на Македонија создадени во борбата за национална и социјална слобода, дезориентација на национално-ослободителното движење на егејските Македонци и вклучување на македонскиот фактор во божемните причини за поразот на ДАГ". (Види: вес. "Вечер"-Историската вистина не е дневна политика. Од 2 јули 1989 година, д-р Ристо Кирјазовски.)

Зарем, е тешко да се сфати, дека ние Македонците под Грција им станавме предмет за одмаздување во нивните идеолошки ставови на КПГ и КПЈ, но и државната политика на Грција и Југослвија.

Мобилизација на Македонците и надвор од границите на Грција беше поЧнала уште на: 09.02.1949 година

На барање на Порфирогенис (член на Политбирото на КПГ), во Скопје беше примен во својство на делегација на КПГ и се одржа состанок со преставниците на НОФ (кои ги имаа напуштено редовите на ДАГ- како што ги нарекува авторот - Дезертери) и се бараше регрутирање на околу 300 нови борци за ДАГ од бегалците и дезертерите што беа избегани во Југославија, но не се реализира и следше:

Прво (со умисла) оптимистичко сценарио на Захаријадис: се даде самоопределување на македонскиот народ. Значи, ни понуди визија за независна Македонија??!! Па одма по ова почна со масовните мобилизации дури и надвор од границите на Грција. Зарем овој чин не беше спротивен по меѓународните човечки права??...

Значи, историјата не учи дека ветувањата дадени во времето на војна не се секогаш тоа што требало да бидат.

Κ. Κ. Ε. - ΑΝΑΚΟΙΝΩΣΗ

(Соопштение на ЦК на КПГ со кое ја демантира паролата за соединување на Македонија. Документот е на грчки и се наоѓа во архивот на Македонија.)

Која му била целта на Захаријадис? Дали со тоа тој посака да ја оцени нашата зрелост по националното прашање дури по тригодишната борба, да дознае што сакаме? Оти периодот на дејствувањето НОФ и АФЖ под КПЈ од 23 април 1945 - октомври 1946 година за КПГи комунистите во Грција, остануваше докрај нејасен.
По извесно време, Захаријадис, одговарајќи на критиките потврди дека тоа го направи со двојна цел:

Прво: Масовно да ги вклучи Македонците во борбата.

Второ: да ги неутрализира сепаратистичките дејности на групата поранешни раководители на НОФ и АФЖ Македонци кои беа пребегнати во Југославија и од таму ги повикуваа Македоските борци од единиците на ДАГ да дезертираат, бидејќи немало никва цел да крвари Македонецот во таа војна.

Какви беа реакциите од создавачите (Колишевски и други од КПМ и КПЈ) на НОФ, па од нив предадени и покорени на КПГ

Вториот Пленум на ЦК на КПМ (одржан на 19 и 20 април, 1949 година во Скопје. Види „Борба" од 6 март 1949 година) остро ја осудува паролата за обединување на Македонија во рамките на балканаската федерација, како парола на империјалистите, кој ја прифатија некои наши 'критичарѝ, во кампањата против нашата земја, што е поведена на база на злогласната Резолуција на Инфорбирото, да ја искористат за разбивање на единството на македонскиот и на другите југословенски народи, заради отцепување на Народна Рапублика Македонија од Федеративна Народна Република Југославија и да нанесе штета на социјалистичка Југославија.

Лазар Мојсов во својата книга:Бугарска радничка партија (комунисти) и македонско питање, Белград, Борба, 1948, стр. 288-290 пишува: „Да се покренува прашањето за обединување на Македонија надвор од границите на Југославија, значи обична провокација против независноста и интересите на македонскиот народ."

Значи, сите заборавија на акции од КПЈ/КПМ што ги ги туркаа Македонците во 1945 година и им велеа Колишевски, Цветко Узунов, Михо Маринко и други дека "... позади вас стое Југославија"

Всушност, најжестоко противење имаше од оние кои го орагнизираа НОФ и го пратија во егејска Македонија, година дена пред да почне Граѓанската војна. Сега со став: дека тоа прашање ќе предизвика „етничко чистење, сецесија или други геноцидни зафати во сите соседни земји на Балканот. Накрај, во таа војна доживеавме само ние Македонците под Грција геноцид.

Значи, Југославија (КПМ/КПЈ), како и Грција КПГ, беа против секаква ревизија и строго бара зачувување на позициите на Букорешкиот договор (1913) (57).

Делегацијата на КПГ предводена од членот на ЦК и министер за правда при ДПВ, Милтијадис Порфирогенис, во Белград била примена од А. Ранковиќ. Тој, за формирање на македонска држава во рамките на Балканската федерација рече: „... дека таквиот акт бил насочен против интегритетот на Југославија". Види: „Борба од 27 април 1949 година."

Но, се поставува прашањето: што сакаше КПМ/КПЈ со оформувањето на НОФ И АФЖ во Скопје на 23 април и ги испрати во Егејска Македонија да го организираат македонскиот народ дури до степен на семејна револуција!? Има ли нешто врска со договорот помеѓу Сталин и Тито: да се прави се само да се сочуваат социјалистичките системи во источно европските земјите по Втората светска војна, посебно беше многу несигурно за Југославија која по договорот во Јалта беше 50% под влијание на Запад и 50% на Исток.

Има аналитичари, кои ценат дека потикот на Македонците со помош на Југославија бил за советизација на Балканот ? Но, тоа е негирано од самиот Сталин, а покасно и од Тито. Останува, само едно: „нека се запали огнот подалеку..." Сталин рекол: „дејствијата да бидат партизански, ненасилни, полека но да се буричка во капитализмот, а и Тито беше на иста позиција и на почетокот посакуваше да намами Македонците под грција, да ги стимулира до максимум. Потоа, да им ги предаде на Грците и накрај, се беше јасно што стана со Македонците под Грција..."

Во судирот меѓу КПЈ и КПГ, односно, во антијугословенската кампања, раководството на КПГ се обиде да го вклучи и македонскиот фактор од егејскиот дел на Македонија.

МАКЕДОЦИТЕ НА ВТОРИОТ КОНГРЕС НА НОФ СЕ ВРАЌААТ НА ПОЗИИТЕ НА БУКОРЕШКИОТ ДОГОВОР (1913)

На 25 и 26 март 1949 година во селото Попли Преспансло се одржа вториот конгрес на НОФ, во присуство на оклу 700 делегати и гости. Поголемиод дел од делегатите беа припадници на ДАГ.

Конгресот го отвори Евдокија Николовна - Вера која меѓу другот рече: „Денес го одржуваме Вториот конгрес на НОФ, кој ке прокламира нови програмски принципи на нашата организација. Македонскиот народ, кој има дадено стотици жртви ќе може утре со победата да се определи како што сам сака. Конгресот се одржува во моментот кога целиот македонски народ учествува во борбата против монархофашистите... “

Од името на ЦК на КПГ Конгресот го поздрави Никос Захаријадис кој рече: „Вториот конгрес на НОФ се одржува во тешки и решителни моменти. Синоќа во Атина зборуваше Глизбург и рече дека ситуацијата билакритична во почетокот на 1949 година како никогаш дотогаш... Заради тоа мерките што ќе ги преземете на овој ваш Конрес треба да бидат такви за да придонесат кај вашиот народ борбата да биде уште поголема и сите заедно да одлучиме и да направиме пресврт за да победиме уште оваа година. Од овој аспект вашиот Конгрес е воен конгрес и треба да ја изврши решеноста на вашиот народ да го зголеми својот придонес. Кога е така треба да ги мобилизираме сите ваши македонски сили, сите ваши средства и можности за да стигнеме до победата. Вашиот Конгрес е конгрес на единството на македонскиот народ.

... Сега поминувам на прашањето на тие кои го потхрануваат разбивањето на единствтото. Тој кој ја напушта борбата и шири гласови дека 'Грците (ние) ќе не предадат' тој го предава својот народ. “

Забелешка: Ова се што го зборуваше комунистот Захаријадис пред Македонците, а и самите Македонци е и остана една невидена манипулација и хипокризија спрема еден мал народ кој навистина со измама беше турнат во една катастрофална војна и уште посакуваше да го дотолчи, но откука се гледа дека и Македонците во НОФ немаа никакви информации. Тоа се потврдува, дека Захарајадсис од Сталина беше известен дека војната треба да ја прекине (требаше на 10 април 1949 да биде во Масква), а тој у што го туркаше народот во тотален гибел. Но, да ја проследиме настаната ситуација во

единството на НОФ, па ќе можеме да просудиме какво македонско раководство сме имале и како сме го решавале македонското прашање? Така што, на целото тоа прашање се става акцент што не му припаѓа.

ДЕФОРМИРАНА СВЕСТ ЗА МАКЕДОНСКОТО ПРОСТУМЕЊЕ. НЕ ВИДЕН РАСКОЛ МЕЃУ НОФитите (МАКЕДОНСКИ РАКОВОДИТЕЛИ) А ЗА ОДГОРНОСТА НИШТО. НИКАКВА ГРИЖА СПРЕМА СВОЈОТ НАРОД ЗА ОПСТАНОК НА СВОИТЕ ВЕКОВНИ ОГНИШТА?!

Народот вели: „Ако некој посака да ги раздели Македонците, може да се откаже од таквата намера: Тие сами ќе се си го организираат расколот најдобро од секој друг.”

Резолуцијата на Инфорбирото, односно судирот меѓу КПСС и КПЈ во јуни 1948 година, имаше крајно негативен одраз во редовите на НОФ и АФЖ. Настана ново политичко раслојување и приклучување кон нови политички реторики, нови маки за прегрупирање: реагирање, спротивставување, и жртви. Само борците во единците на ДАГ надвор од етничките граници на Македонија не знаеја ништо за овие игри. По разединувањето на НОФ, и КПЈ и КПГ сватија дека можат да манипулираат преку нив со Македонците под Грција како сакаат.

НОФ, наоѓајќи се близу две години под раководство на КПЈ, а потоа минувајќи по раководство на КПГ без да ги прекине целосно врските со КПЈ, раководството на НОФ се подели на спротивстваени табора. Едниот, под влијание на постоењето на македонската држава во рамките на СФРЈ и на перманентните илегални врски што ги одржуваше со офоцијалните југословенски фактори и служби, стакна уверување дека КПЈ не се откажа од Егејска Македонија и дека КПЈ на македонското прашање ќе му даде југословенско решење во рамките на НР Македонија во СФРЈ. Другиот табор од раководството на НОФ, имајќи ги предвид договорите меѓу КПГ и КПЈ и директивите што ги доби од југословенското раководство, а повеќе поради опортунзам, беше близок на КПГ и ја спроведуваше нејзината политика и го бранеа гледиштето за целосна рамноправност во рамките на грчката држава. Но, и тој дел од раководствот целосно не ги прекина врските со КПЈ, што значи и покрај спогодбата меѓу КПЈ и КПГ од 1946 година, КПГ немаше целосна контрола врз НОФ. Поради значењето што го имаше Југословија во борбата што ја водеше ДАГ, раководството на КПГ, не преземаше радикални мерки за да ги прекине врските на НОФ со Југославија и да го истисне влијанието што го вршеше НР македонија врз Македонците од

Егејскиот дел на македонија. По ибувнувањето на судирот меѓу КПСС и КПЈ ситуацијата целосно се смени. Набргу по Резолуцијата на Инфорбирото (58), односно на Првиот пленум на Централниот совет на НОФ, одржан на 8 август 1948 година, под притисок на Захаријадис беа суспендирани главните раководители на НОФ и АФЖ. Таков беше вечниот Балкан. Сега Македонците од Егејска Македонија во трескавичен и драматичен раскол, длабат во уште поголеми небиднини а сето тоа им одговараше на тугинците.

НОФ и АФЖ станаа фиктивни организации со бројни комбинаторики каде се правеа остапки по цена на губење на националните интереси и динината на Македонците под Грција.

Второ (со умисла) оптимистичко сценарио: се создава комунистичка партија на Македонците под Грција.

СУПТИЛНА КОМУНИСТЧКА МАНИПУЛАЦИЈА СО МАКЕДОНСКИОТ ЧОВЕК И СО НЕГОВАТА ИСТОРИЈА.

За таа цел, била формира комунистичка партија на Македонија од Егејскиот дел на Македонија, која би била засебна организација и дел од КПГ и би се викала КОЕМ.

Една од главните цели на КОЕМ беше да се спречи секаква духовна и друга врска меѓу егејските со вардарските Македонци и македонското национално прашање да стане составен дел на антијугословенската ИБ кампања, да се предизвика прекин на сите духовни и политички врски меѓу Македонците од Вардарскиот и Егејскиот дел на Македонија создадени во борбата за национална и социјална слобода, дезориентација на национално - ослободителното движење на егејските Македонци и вклучување на македонскиот фактор во божемните причини за поразот на ДАГ.

Зарем, е тешко да се сфати, дека ние Македонците под Грција им станавме предмет за одмаздување во нивните идеолошки ставови на КПГ и КПЈ, но и државната политика на Грција и Југослвија.

На 4 април 1949 г. Во Вашнгтон се потпиша конкретна согласност за формирање на НАТО (Ораганизација на североатланскиот договор), од владите на САД, Велика Британија, Франција, канада, Италија, португалија, Белгија, Холандија, Исланд, Данска и Норвешка.

На 12 април 1949 г. Пристигна директива од Сталин за прекин на оружената борба на ДАГ. Сталин, таквото решение го донесе,

решавачкото ангажирање на САД во Грција и создавањето на НАТО и отцепувањето на Југославија од социјалистичкиот лагер врз која, главно, се потпираше ДАГ. За таа цел во Москва беше повикан и Захаријадис ибеше договорено: повлекувањето на ДАГ, односно прекинот на борбата требаше да се оставри до крајот на месец мај 1949 година. (по широко во наведеената литература).

На 22 април 1949 г. Захаријадис на ПБ на ЦК на КПГ им наложи и решија да се одложи повлекувањето и нареди резервите на ДАГ да ги надополнува со регрутација на деца од децките домови во источноевропските земји на возраст од 13-15 години. Повеќето деца беа од Костурско и Леринско. Сведок сум: Се вџасив, кога се сретнав со мојот братучет Митре Новачков со неполни 14 годин, кој толку што пристигна на Мали - Мади со погелема група на деца од 13-14 годшна возрст од домовите на Романија, а скоро сите тие деца погинаа кога се водеа борбите на фронтовската линија на Мали-Мади и планината Рунѕел.

На 5. 05. 1949 г. Фицрој Меклин шев на Британската воена мисија се сретна со Тито во белград. Меклин по директива на британската Влада побара од Тито гаранции за еден решителни пресврт на Југославија спрема ДАГ. (ΔΣΕ), со доделување на економска помош од западните земји.

На 29 мај 1949 г. Атинаската влада со цел да докаже дека во Грција не постои македонско малцинство, и да ги дезориентира и отргне Македонците од ДАГ, издаде строг доверлива наредба: “Ве известуваме дека согласно со издадената наредба од страна на надлежен орган во иднина жителите на Северна Грција кои за свој мајчин јазик го имаат и го говорат познатиот идиом, задолжително да се именуваат со името Славофони. Се забранува секое друго име, како што е “Славомакедонци”, “Бугараши”,”Бугари”.

На сите им се обрнува внимание да прекинат да ги третираат Славофоните за Словени.

На 20 јуни 1949 година, раководниот актив на КОЕМ (Комунистичка организација на Егејска Македонија) под режија на Захаријадис, прифати и потпиша Резолуција, со која ги потврди сите обвинувања против Југославија и македонските организации:

„ НОФ и АФЖ се агентурски организации. Тие во Егејска Македонија дејствуваа и имаа корени на трите агентури: едната ОЗНА, втората на Известителната служба на ЈНА, управата на југословнскиот

Генералштаб, и третата, на Колишевски. Работеа на иста цел: да ја поткопат и разбијат КПГ, особено НОФ одвнатре и да ја потчинат нивната политика на политиката на КПЈ, што за главна цел има присоединување на Егејска Македонија кон Југославија.

Следуваат многобројни обвинувања (скоро од сите членови на НОФ и АФЖ), лични дисквалификации и морални навреди, митарења и дефинитивно ФЕНОМЕНОТ НА ПОДАНИЧКАТА СВЕСТ кај овие луѓе е реализиран. На видело е веќе, дека за секој член на НОФ или АФЖ кој бил како успешен спроведувач на колективната поданичка свест стоеле три важни работи:
1). Идеолошка заднина од КПЈ или КПГ,
2). Гарантирана лидерска позиција и
3). Уживање на државно партиските привелегии. А со илјадниците борци во редовите на ДАГ: Тие кои ги дадоа животите на бојштата во Граѓанската војна и нивните семејства? А со живите кои станаа талкачи по светот? Сите тие прави борци, останаа без историја и со години не можат да си ја пронајдат сопствената среќа. Се до денденес не се споменуваат и ценат, ниту во матичната историјата на КПЈ/КПМ во Р. Македонија, ниту во историјата на КПГ во Грција.

На 4 април 1949 година во Вашингтон се потпиша конкретна согласност за оформување на НАТО, од владите на САД, Британија, Франција, канада, Италија, Португалија, Белгија, Холандија, Луксенбург, Исланд, Данска и Норвешка.

Значи, се работи за една значајна согласност, со која Западноевропските држави ги ставија своите воени сили под рамковна контрола на американскиот Пентагон.

Владите на сите потписнички држави, паралелно со потпишаниот документ, посебно потпишаа и договори за воените обрски со САД, во кој се одредени условите за американската помош кон овие држави и соответното наоружување на сите воени формации.

Така со создавањео на НАТО, се заокружи едно прегрупирање на меѓународен план под водство на САД-, една таква прегрупација која го карактеризираше економското и политичкото ниво со “Труманова доктрина” и со “Маршаловиот план”.

Оформувањето на НАТО, силно се одрази и на целокупната грчка положба во однос на Граѓанската војна.

ПРЕДЛОЗИ НА КПСС КОЈА ГИ УПАТИЛА НА КПГ ЗА ПРЕКИН НА ВОЈНАТА

На 11 април 1949 година Захаријадис беше повикан во Москва, каде што лично Сталин му дал директива ДАГ да ја прекине оружената борба. Сталин оваа одлука ја мотивираше со информацијата што ја имал, дека во текот на летната офанзива против ДАГ, грчката владина армија со НАТО ќе ја нападнат Албанија, а СССР поради конфликтот со Југославија, нема да биде во состојба да и помогне.

На 20 април 1949 година, Захаријадис го запозна потесното раководство на КПГ со директивата на Сталин и беше изработен план за повлекување на ДАГ од Грција, кој според Сталина требало да се заврши до крајот на мај 1949 година.

Но, на 4 мај 1949 година, ненадејно, советското раковотство, го извести Захаријадис дека повлекувањето на ДАГ привремено се одлага и ДАГ да ја продолжи борбата.

Пред сите овие факти; можеме ли ние Македонците да ја нарекуваме македонска револуција и да веруваме дека бевме политички - воен фактор во Граѓанската војна и дека командувавме на ДАГ како да постапува, во чии редови НОФ имаше мобилизирано повеќе од 15.000 Македонци - селани?

На 24 јуни 1949 г. Службата за безбедност на ДАГ, побараа согласност од ПБ на ЦК на КПГ да организира изолационен логор (59) за "докажани" и осмничени приврзаници и агенти на атинскиот режим и на југословија. Со оваа мерка ќе се осуети агентурската, диверзанската и друга непријателска дејност на тие агенти.

Треба, ли, да се трошат зборови и за манипулациите на тугинците со нас, а и со нашите водачи од НОФ и АФЖ?! НОФитите од духовни водачи станаа водачи на сервисни пунктови, каде што веќе по тоталните мобилизации не беше толку важно да се грижат за судбината на Македонците и Македонија, туку на која партија и припаѓаат (КПЈ или КПГ) и што можеа повеќе да допринесет во нивна корист.

Овоа е прилично сурова вистина, но веќе 60 години бесмислено се оправдуваме пред поколението, наместо да си признаеме дека македонскиот субјективен фактор, не беше на ниво на барањата и целите на македонските позиции. Не успеа да се соочи со многуте сложни проблеме, што ги создаваа внатрешните и надворешните

фактори. Не ги процени тугите сили, стратешки интереси и планови. Македонците, потпирајќи се на два центри (КПЈ и КПГ) напуштајќи го едниот и приклучувајќи се на другиот и безрезервно спроведувајќи ги неговите политички интереси, доживеавме „легални миграции" помогнати и стимулирани токму од овие центри и не снајде - ГЕНОЦИД.

ПРЕГЛЕД НА НАСТАНИ КОИ ДОПОЛНИТЕЛНО ГО ОБЈАСНУВААТ ОПШТИОТ ТЕК НА СИТУАЦИЈАТА КОИ СЕ СЛУЧУВАА ВО ЕГЕЈСКА МАКЕДОНИЈА

На 28-29 јули 1949 г. Резолуцијата на Информбирото била тема на расправа и на Четвртиот пленум на ЦК на КПГ, што се одржа на 28-29 јули 1949 година. Пленумот одлучил да ја прифати резолуцијата на инфорбирото, и за тоа донел посебен документ насловен како: „Резолуција на 5-от пленум на ЦК на КПГ во врска со резолуцијата на Инфорбирото на комунистичките и работничките партии околу ситуацијата во КП на Југославија". Сепак, како што било напомнато и во самата резолуција, поради „специфичната положба на КПГ, и на нашето движење спрема Југославија", Пленумот одлучил резолуцијата „засега да не се објави и да влезе само внатрепартиски".

Раководствата на БКП и КПСС не ја одобрија таквата политика на КПГ спрема КПЈ давајќи на знање дека нема да дозволат да се појави втор Тито на Балканот.

Како одговор на оваа Конференција, Раководствата на КОЕМ, НОФ, АФЖ и НОМС (Борците на ДАГ, на кои повеќето од семејствата им се во Југославија, а сега ја бранат политиката на КПГ) издава соопштение во кое се вели: Ние Македонците ќе ги браниме позициите и ставовите на другарот Захаријадис и раководство на КПГ за земените ставови спрема Југославија и нејзиното раководство кои водат предавничка политика и ќе се бориме заедно со грчките комунисти, за справедливата борба што ја води КПГ и ДАГ за ослободување на Грција од монархофашизамот.

СЕ СЛУЧУВА ВО Н. Р МАКЕДОНИЈА ВО СКОПЈЕ - МАНИПУЛИРА КПМ?КПЈ

На 9 февуари 1949, Порфирогенис (член на Политбирото на КПГ), во Скопје беше примен во својство на делегација на КПГ и се одржа состанок со претставниците на НОФ и се бараше регрутирање на околку 300 нови борци за ДАГ од редовите на бегалците што се наоѓаа во Југославија, но не се реализира.

На 20 јули 1949 година по иницијатива на генералниот секретар на ЦК на КПГ, Никос Захаријадис се свика раководниот актив на Комунистичката оганозација на Егејска Македонија (КОЕМ). Состанокот беше одржан во пештерата меѓу селата Винени и Орово, Преспа.

На активот на КОЕМ присуствуваа Никос Захаријадис, Мичос Прцалидис и други функционери на КПГ и 45 членови и кандидати за членови на Главниот одбор на НОФ и политички и воени македонски старешини на ДАГ кои служеа на Подрачјето на Вичо.

На тој состанок, Никос Захаријадис го изнесе следниот став: "…НОФ е агентурска организација која ја попречуваше реализацијата на линијата на КПГ и со тоа му нанесе штети и непријатност на демократското движење во земјата. Во Егејска Македонија дејствуваа и уште имаат корени трите агентури: на ОЗНА, на ЈА и Колишевски, која ги контролира првите две агентури. Сите агенти на југословенските известителни служби даваа писмени обврски дека доследно ќе ги извршуваат агентурските работи... Партијата на КПГ сака да помогне и да ве спаси (им се обраќа на Македонците). Прекинете секаква врска со КПЈ и расчистите идеолошки со неа... Имаше еден период кога Македонците дејствуваа како фракција во КПГ во времето кога Тито сакаше да ја ограби Македонија до Солун. Кои од вас бевте испратени во Грција од КПЈ во функција на тој интерес, да го расчистите прашањето и сметките. Ако Тито ја приклучи Македонија кон Југославија, тоа значи ја вклучува во империјализмот. Тоа треба да го расчистите. Тито од 1945 година испраќа агенти од ОЗНА и II-то Биро на ЈА, организирани во тројки.

Во времето кога Југославија беше во лагерот на народните републики, ги толерираше агентите на Тито во перспектива прашањето да го регулираме поинаку. Отвореното предавство не принудува да го расчистиме тоа прашање..."

По Захаријадис во ист дух зборуваше членот на ПБ на ЦК на КПГ Мичос Парцалидис. Тој меѓу другото, рече: "…Ми направи извонреден впечаток единството меѓу македонскиот и грчкиот народ во Вичо. Зошто? Како се успеа во тоа нешто? Со борбата што ја водеше Партијата, Грците и Македонците комунисти. Точно затоа што партијата се бореше да му помогне на македонскиот народ во неговата борба.

Не се потребни многу маки за да ги осуетиме обидите на таа реакционерска банда. Предавството на Тито има многу напреднато. Сега кој нас тоа предавство се расчистува. Се создава шанса да прозбориме повторно. Нема да се најде другар што ќе пројави дилеме дали да се изјасни за Советскиот Сојуз, или за Југославија. Нажалост раководството на НОФ тоа го нема расчистено.Има ниско идеолошко ниво....”

Захаријадис ултимативно побара од присутните да се произнесат или за револуција, или за контрареволуција. За Сталин или за Тито. Тие што ќе ја гласат Резолуцијата се добри комунисти, револуционери и интерационалисти,а тие што нема да ја прифатат се контрареволуционери!

Ете, така се решаваше македонското прашање во Граѓанската војна со саможртвување; за Сталин, за Тито и за Захаријадис и за интересите на тугинците идеологии.

МАКЕДОНСКИ СОСТОЈБИ

(Парадигна на поделбите - Сталин против Тито, а Тито барал бесмилосна пресметка со информбировсците, но сега во игра се Македонците).

Кадровите на НОФ и АФЖ по налог на Захаријадис во борбените редови на ГШ на ДАГ. Се поставува прашањето: дали Македонците имаа капацитет да ја сватат поданичката погубност од таквите идеолошки поделби на земјата Македонија.

На 1 август 1949 година, Органот на Главниот штаб на ДАГ „Прос ти ники „ (Кон победата) бр.168 од 3.08.1949 година, го донесе одговорот од раководствата на КОЕМ, НОФ, АФЖ и НОМС, дека на 29 јули 1949 година во Скопје е одржана Конференција на преставниците на околу 30.000 бегалци од Егејска Македонија (на кои повеќето синови, браќа и сестри им се мобилизирани во редовите на ДАГ и гинат на боиштата на Грамос, Вич и низ цела Грција и сега ја бранат политиката на КПЈ).

Понатаму се вели: Неколку поранешни активисти на НОФ и АФЖ - предатели од титовата клика, кои дезертираа од редовите на ДАГ, сега со предавнички повици од митингот до Македонците што се бората во редовите на ДАГ со зборвите: „Браќа Македонци! Фрлете го оружјето и пребегајте во Југослвија и повеќе не ја проливата

македонската крв за туѓи интереси. Грците не излагаа и не жртвуваа во ова војна!”

На Конференцијата, покрај другото, е донесена резолуција во која се вели дека македонскиот народ од Егејска Македонија, никогаш нема да ја заборави укажаната помош и секогаш ќе ја зачуваат вечната љубов и благодарност кон југословенските народи на чело со маршал Тито. Конференцијата најостро ја осуди клеветничката кампанија и со најголемо гнасење ги отфрли најновите клевети од раководството на КПГ.

СТАЛИН ПРОТИВ ТИТО, А ТИТО БАРАЛ БЕЗМИЛОСНА ПРЕСМЕТКА СО ИНФОРБИРОВЦИТЕ, НО СЕГА ВО ИГРА СЕ МАКЕДОНЦИТЕ

За време на овие идеолошки и ривалско политички воени игри што се случуваа помеѓу Сталин и Тито во периодот на време помеѓу 1948 и 1949 година, Сталин започнал да обликува една нова концепција, „Планот Вишински”, за уривање на југословенското раководство. Со овој план, покрај останатото, била предвидена и акција за создавање „независна македонска држава”, во која под закрилата на Инфобирото би биле „собрани сите пиринѕки, вардарски и егејски Македонци”. Информбировската парола за создавање на единствана македонска држава требала да ги насочи против Југославија, Македонците од егејскиот, и од вардарскиот дел на Македонија.

Види по опширно: Милован Ѓилас, „разговорите со Сталин”, стр. 175-178. Од истиот автор во книгата „Власт”, Милован Ѓилас пишува: „Тоа престрого, неодмерено и безобѕирно постапување е последица на ставот дека треба коминформизмот од корен да се откорне”. „Тој став не го одредил никаков форум. Го одредил Тито кој бил највисок форум, ако не и единствен, особено за таквите прашања. Тито од советското сталинистичко искуство, а, исто така, и од сопствените желби и амбиции, знаел дека по Револуцијата може и него и државата да ги загрози единствено внатрепартиската комунистичка опозиција. Тито тогаш, есента 1948 година, викал и тоа не еднаш: „Во апс! Во логор! Ами што, кога сакаат се служат на други против својата историја”.

Види: По опширно „Утрински весник “ 3 јули 2006.

Во книгата „Југословенскиот комунизам и македонското прашање” од Стив Е. Палмер и Роберт Р. Кинг, Арчон Боокс, 1971, стр. 117; пишуваат: „Но, онака како што разликите меѓу југословенските и

советските партиски водачи се повеќе се изразувале, во февруари 1948 година Сталин го пресвртил своето мислење и се обидел да го наметне создавањето на бугарско - југословенската федерација со цел да ја потчини КПЈ. Југословените одбиле да ја прифатат инструкцијата на Сталин. Во оваа конфузна ситуација, на првиот конгрес на бугарскиот Отечествен фронт, што бил одржан во јануари 1948 година, македонскот прашање било избегнато, но на партиската конференција на пиринските Македонци што билоа одржана на крајот на месец април во благоевград, бил заземен непријателски став кон иницијативите на Македонците од југославија. Кога КПЈ била исклучена од Коминформот на 28 јуни 1948 година, настана прекин, и меѓу југославија и Москва.

По резолуцијата на Коминформот, бугарската партија упатила бесни напади против Југославените и празела итни чекори да го елиминира југословенското влијание од Пиринска Македонија. Шеснаесетиот пленум на ЦК КПБ што бил одржан на 12 јули 1948 година изјавил дека: Федерација на јужните Словени и евентуалното присоединување на пиринската област кон Народна република македонија се возможни само под услов Југославија да му остане верна на заедничкиот фронт на социјализмот (т.е. на Коминформот).

... Во декември 1948 година, на Петиот конгрес на КПБ Димитров изјавил: „Нашата партија секогаш го бранела становиштето и ќе продолжи тоа становиште да го брани дека Македонија им припаѓа на Македонците". Но, тој додал дека националното единство е можно „само во рамките на една федерација на јужните Словени".

РЕАКЦИИ ОД САД И ВЛАДАТА ВО АТИНА

Меморандумот на Централната известителна служба на Американското министерство за одбрана во кое се тврдеше: „дека целта на политиката на Советскиот Сојуз и на соседните социјалистички земји беше во Грција да дојдат на власт комунистите, да се создаде независна Македонија, која ќе влезеше во составот на Југославија и Грчка Тракија да се приклучи кон Бугарија. Во таквата ситуација Советскиот Сојуз ќе имаше излез на Егејското море и целосна контрола врз Балканот. "

Американскиот министер за надворешни Г. Маршал, на 14 февруари допатува во Атина. Тој изјави дека САД е задоволни од владината промена во Грција и дека во интерес на САД и на сите обединети нации Грција да прими помош за да ги зачува својата независност и територијалниот интегритет..

Како противодговор, грчката влада, на 27 декември 1947 година, го донесе специјалниот закон ПЗ 509/47, ‘околу мерките за обезбедност на државата, уставното устројство и заштитата на Граѓаните’, согласно кој КПГ и ЕАМ се стават вон законот, а со американското одобрување, од 25 до 28 декември, во Атина е извршено апсење на 650 сомнителни комунисти.

Во ваква создадена ситуација, во која речиси и не постоеле реални изгледи за каков било успешен воен поход за Демократската армија, КПГ продолжила да апелира за постигнување согласност со грчката влада. На 27 јануари 1949 година, ПДВ, преку востаничкото радио, понудила нов мировен предлог, содржан во следното: „1). Преиспитување на сите пактови и договори, што се однесуваат на слободата и независноста на земјата; 2). Спротиставените армии да ги задржат нивните територии; 3) Моменталната прокламација на политичката амнестија; 4). Повторно воспоставување на сите политички слободи; 5). Започнување преговори за формирање на влада прифатлива за двете страни.таа влада да ги уточни членовите на договорот што треба да биде потпишан,и во срок од два месеца да се одржат слободни избори. “

Меѓутоа, како и во предходните случај, овој мировен предлог бил оценет како сомнителен и неприфатлив.

На 1 февруари, британскиот амбасадор Нортон го известил грчкиот министел за надворешни работи, Цалдарис, дека „Немало никаква измена на британската политика во однос на бандитите. “

На 10 јули 1949 година Тито ги затвори границите спрема Грција, а КПГ по директива на КПСС, на 23 јули ги прекина односите со КПЈ. По овој чнин во Албанија се јавија: КПГ ВРШИ ДЕГРАДИРАЊЕ НА МАКЕДОНЦИТЕ –

КАДРОВИТЕ НА НОФ И АФЖ ПО НАЛОГ НА ЗАХАРИЈАДИС ДА СЕ РЕГРУТИРААТ ВО БОРБЕНИТЕ РЕДОВИ НА ГШ НА ДАГ

.. На 3 октомври 1948 година во селото Рудари Преспа, Леринси округ, беше свикан актив на военополитичките кадрови на НОФ. (!?)... Захаријадис ми рече дека и јас треба да одам во редовите на ДАГ; вели лидерот на АФЖ Вера во својата книга: “До пеколот и назад”. “ Веднаш се согласив”. (На тој на состанок беа распоредени сите членови од раководството на НОФ кој каде треба да оди)

„Ќе одиш, ми вели, во 18 Бригада на ДАГ како помошник на политичкиот комесар(тога политички комесар на 18. Бригада. “ Тогаш, се сметаше за најмакедонска и беше раководена од политичкиот комесар Ташко Гушевски - Маки, и командантот Пандо Вајна)..

На крај во своите автобиографски белешки Вера, дава суд: „Практично, со нашето апсење прастана да постои НОФ. Таа организација живуркаше и во емиграција, но во 1951 година е преименувана во „Илинден”. По иницијатива на Никос Захаријадис, за раководители на „Илинден” се избрани: Пандо Вајна, Ставро Кочев и др. Овие внатрешни непријатели отидоа во Бугарија и сосема преста дејноста на НОВ, т. е. „Илинден”.

Ставот на официјалната историја по 1995 година

Како во (најновата книга) официјалната истрориографија ги има опишано Македонските со КПЈ и КПГ? Види: „Македонците и односите на КПЈ и КПГ (1945-1949) - официјални документи со коментари” од 1995 година, глава осма, стр. 201 од Ристо Кирјазовски. Тој сега со нови ставови и спротивни на досега изнесените во првите книги на овој автор како што е книгата: „Народноослободителниот фронт и другите институции на Македонија (1945-1949)” од 1985година и други книги издадени до 1995 година од истиот автор.

Извадоци А: „... Време е, македонскиот народ од егејскиот дел на Македонија, и пошироко, да ја запознае целата вистина и секој чинител да го преземе врз себе делот на одговорноста за се што се случи. Време е, нештата да се именуваат со нивните вистински имиња. Тоа е наша обврска.

ЛОВ НА „ТИТОВИТЕ АГЕНТИ” И НА ДЕЗЕРТЕРИТЕ ОД БОРБЕНИТЕ ЕДИНИЦИ НА ДАГ КОИ БЕГААТ ВО ЈУГОСЛАВИЈА ПОД ЗАШТИТА НА КПМ/КПЈ

За дезертерите кои до вчера биле раководни членови на НОФ и АФЖ, сега ги напуштаа редовите на ДАГ, заборавија дека во двегодишното постоење и со нивната агитација, создадоа цврст партиски апарат, воспитан во духот на Југословенската партија. Сите тие НОФити и АФЖити беа комунисти, партиици, потикнати од КПЈ (вклучително и лидерот на АФЖ - Евдокија Фотева - Вера), сега таа за нив на стр. 204, вели:

... Тие секогаш и долу, во Егејска Македонија, во КПГ, НОФ, АФЖ, НОМС Се служеа со интриги (се мисли на сите кои дезертераа од редовите на ДАГ за време на Граѓанската војна и се префрлија во Југославија - Р. Македонија).... Ние со Минчо по природа бевме вистинољубиви, воспитани на чесност.... Си останавме доследни на македонската организација НОФ на Егејска македонија.

... На 11 - 12 април во грчката „јафка" во Скопје ме однесе еден мој другар од моето село Димитар Трповски со цел да се видам со група раководители на НОФ кои ушта во 1948 година дезертираа во Југославија. Тие на чело Михаил Керамитчиев, Вангел Ајановски - Оче, Стеријана Вангелова - Славјанка, Лена Стојкова - Мирка и други ме нападнаа и ми ракоа дека ние се предадовме на Грците. Јас тогаш се налутив и им реков дека тие се малодушни и дезертери, го оставија народот што го организираа и побегнаа да се скријат, да си ја спасат кожата и своите семејства, а пак ние верните на Партијата и нашиот народ ќе останеме докрај и да загиниме. Види по опширно: стр. 85.

По овој навистина искрен став на Евдокија Фотева - Вера, се наметнува прашањето: дали овие луѓе сега именувани како „дезертери" биле за обединета Македонија во балканска федерација или ја бранеле тезата дека КПЈ на Македонците од Егејска Македонија, ќе им даде југословенско решение? Тогаш, зошто ја напуштија егејска Македонија(по втор пат. Првиот беше со егејската бригада) и македонските борци кои ги имаа турнато во ДАГ на бојштата низ цела Грција ги оставија во рацете на Грците? Зошто не се бореле за таа цел која за нив била најоптимална македонска опција?

Оваа состојба највпечатливо ја осликува нејзината приврзаност кон КПГ и реакцијата кон своите соборци нарекувајќи ги дезертери, односно историската од типот на „Дали си за Захаријадис или за Тито". Односно меѓу народот кружеше: "Дали си со нас и ако не си, тогаша, не си со сите! "

Оваквите изјави беа со умисла и тие имаа разорен ефект за македонското единство.
Се повеќе се плашам од искривоколчување на вистината и морам да го наведам и овој факт:

Во книгата на Лиљана Панова „Крај на една илузија".Граѓанската војна во Грција и Македонците 1946-1949, на стр. 159 пишува: „... Николова, пак, му се доверила на Ајановски - Оче дека 'КПГ повторно почна да ја спроведува својата расцепничка политика меѓу

кадрите на НОФ', дека 'денеска во НОФ постојат три фракции, едната на Паскал (Митровски), другата на Раковски и третата на Којчев', и дека 'КПГ повторно подготвува нешто против НОФ'. “

Објаснето во фуснота: „Состанокот се одржа ноќта на 12 - 13 април. Покрај Раковски и Николова, присуствуваа и Тане Наумов, секретар на Леринскиот окружен одбор на НОФ, Керамитчиев, Димовски - Гоце и Вангелова - Славјанка”

Значи, од таквиот став на Евдокија Фотева - Вера, го откриваме феноменот што беше присутен кај Македонците од егејскиот дел на Македонија. Тој феномен е карактеристичен и беше присутен во годините на војната 1940-1949 година, посебно кај раководителите: „Пропагирај, организирај и внесиго македонскиот народ во паријата или војната, остави го и бегај”. Тоа е факт дека се случи со нашите раководства на организациите: КПГ, КОЕМ, СНОФ, СНОВ, НОФ, АФЖ и НОМС.

Од кога го турнаа македонскиот народ во окопите на војната, настана најосновното погрешно расудување кај македонските раководители на НОФ и АФЖ. Настана следната:

ПОЛИТИЧКАТА ТРАГЕДИЈА НА НОФ и АФЖ:

пропагираа и ги тера Македонците да имаат комплетно мислене за нешто ниту го виделе ниту го прочитале, а сега:

ИДЕОЛОШКА КАРАНИЦА ЗА „КОЈ ПОВЕЌЕ ЈА САКА МАКЕДОНИЈА И КОН КОГО ДА ЈА ОБЕДИНИ” или „СО КОГО ДА ГО РЕШИ МАКЕДОНСКОТО ПРАШАЊЕ”

Сега, по приклонувањата им стана чиста политичка дезориентираност и секој од нив сфати дека „следен за отстрел може да биде секој од нив”.

Македонските НОФити и АФЖити, со различни ставови и секој со својот стап (партиската палка) се вдаде да присобере доволен број преживеани борци или бегалци со цел да формира „вистински борци” за иднината на Македонија и Македонците од егејска Македонија.

Што тоа ни покажува?

Ни покажува дека тие наши политички лидери, (кои дали беа одредени од (КПГ или КПЈ) во прв ред немаа сфатено дека војните се

водат со целосен иденитет и имаат јасни почетоци и краеви. Ние Македонците во Граѓанската војна немавме ништо, ниту идентитет, ниту почеток, ниту крај, туку бевме максимално манипулирани и искористени и оставени по светот како вечни талкачи.

Да ја проследиме Евдокија Фотева - Вера, која ни дава на знаење со нејзиниот став дека таа: не чувствува никаква одговорност, затоа што постапуваше совесно и го правеше тоа што од нејзе го бараше комунистичката Партијата.

Но, ни покажува и тоа дека после толку талкања, толку пропагирања, толку жртви, како лидер на АфЖ борејќи се за обединета Македонија, сега цврсто го прифаќа ставот спрема македонското прашње што го гарантираше КПГ уште од 1936 година: „Полна рамноправност на Македонците во рамките на грчката држава “ и Статус љуо на границите и ништо повеќе, се друго досега од КПМ?КПЈ беше само жртви и манипулации со Макеонците под Грција.

А што е со тие „дезертерите” што ја бранеле тезата: дека КПЈ на Македонците од Егејска Македонија, ќе им даде југословенско решение?

Повеќе од јасно е дека тие што биле спрема ставот на КПЈ не биле за„Обединета Македонија во балканска федерација” т. е за последниот предлог на КПГ. Не, тие не беа за тоа, како и сите Македонци што се изјасниј на 2 - от конгрес на НОФ, туку тие сега им се додворуваа на КПЈ и југословенските власти дека тие се за „македонското пројугословенско движение “ и за статус љуо на гарниците.

Сите тие наши раководители, сега наракувани „дезертери” низ историографијата за Егејците и низ нивните книги и личните автобиографии ги сретнуваме дека тие дошле во Скопје по налог на КПГ и работеле на формирање на македонски единци за враќање во Грција. Значи, изигруваа СТРАТОЛОЗИ (Офицери за мобилизација). Ги ловеа тие борци Македонци што спасиле душа за да ги вратат назад на бојштата во Грамос.

Покасно, тие отворено беа втурнати во „Создавањето на историјата од името на југословенските интереси “, а тоа за Македонците под Грција значи: ИСТОРИЈА БЕЗ ДЕТАЛИ.

Што тоа значи ? Постои една изрека која вели: „Ако не знаете зошто сте претрпеле неуспех, не сте ни помалку поумни од колку што сте

биле пред него.” Тоа значи, дека некој и по полавек сака да незнаеме зошто и како влеговме во таа граѓанска војна.

Многу изгубени илузии. Многу саможртвавања со нејасна национална цел, многу партиски оправдувања, но едно е јасно дека тугинците преку нашите НОФити и АФЖити, Егејска Македонија стана предел од злости и пакости и молитви. Од кројки и прекројки. Од земања и давања. Од негации и одобрувања, од големи соништа на мали политичари.

Во 1949 година оловните еха на оружјето се повеќе надвиснуваше како пресметка за зовриените емоции. Во единците на ДАГ останаа само обичните заведни и мобилизирани селани. Дел од раководителите на НОФ не отпоздарвија... Драматиката и по ликвидацијата на ДАГ, за Македонците смртоносната стапица остана трајна. Времето потврди дека чемреењето продолжи и под идеолошката пајажи на, да си ја газиме сенката на својата полувековната судбина.

Вистина е и тоа дека политиката е насекаде валкана работа, но грозно е навистина, подло и приземно кога луѓето што го повикуваа народот на револуција им го свртуваат грбот. Не знам дали историјата забележала сличен пример кај другите народи.

НЕ САКАНИ, БОЛНИ ВИСТИНИ - КОМУНИСТИЧКИ ЛОГОРИ НА ИДНИТЕ СМРТНИЦИ

Сепак, сепак не молчеа сите, но за нив беа измислени смртните логори. И како што се ближеше крајот и се наѕираше ишодот на борбата на Демократската армија, толку повеќе Албанците беа Принудени да водат сметка за својата инволвираност во грчките настани, со тоа што можеа да ја компромитираат и да ја изложат на разни опасности Албанија и да биде нападната од НАТО. Поради тоа, на 5 мај 1949 година, министерот за внатрешни работи на Албанија Мехмет Шеху нареди да се расформира логорот што беше организиран во непосредна близина на грчко - албанската граница, каде шро се чуваа граѓани на Грција осудени на смрт од преките судови на Демократската армија.

Повеќето од затворениците беа Македонци, осудени поради агентурска дејност во корист на југословенските известителни служби: ОЗНА, КОС и пресудите се извршуваа на лице место.

Но, такви логори ги имаше и во Преспа. Затворениците беа исклучиво од постари лица кои јавно ги осудуваа акциите на НОФ, АФЖ и на воените штабови на ДАГ. Сите тие беа мајки, татковци или сопруги на борци кои служеа во единците на ДАГ или имаа погинато, а тие како најблиски остро реагираа. Имаше и такви родители кои имаа и по два до три синови мобилизирани во ДАГ и имотите им беа запустени.

Но, се поставува прашањето: КОЈ ГО УБИ ДУХОТ НА ОВИЕ ЛУЃЕ КОИ СЕГА МАСОВНО ДЕЗЕРТИРААТ?!

Официјалната историографија пишува за репресалите врз Македонците борци во единиците на ДАГ. За аферите на група македонски борци на Грамос и Вичо кажува: Службата за безбедност и судската служба на ДАГ, имаше за цел да елиминира секаква реакција на Македонците кои агитираа во корист на Југославија. На 5 јули 1949 година беа уапсени поќе борци Македонци и над нив беа извршени пресуди изречени од Прекиот суд на ДАГ. Потоа следеа„Буфската афера", „Африканската афера", „Изолираните логори за Македонци во реонот на Вичо", „Кајмакчаламскиот одред" и многу други. Од сведочењата на осудените билоречено: „Причините за дезертирањето лежело во недовербата спрема решенијата и делата на ЦК на КПГ спрема македонските борци... "

Од КПГ и Штабот на ДАГ, беа посочувани како разузнувачки и диверзански центри и такви центри имало три: Првиот е политичкиот и се раководеше од КПМ, и лично од нејзиниот секретар Колишевски. Овој политички центар ја имаше главната контрола на другите два центри. Вториот центер на ОЗНА и Третиот центар на ИИ група на југословенскиот Генерален штаб.

КПГ и Главниот штаб на ДАГ од таквиот развој на настаните реши да испрати висока делегација во Скопје - Југославија. Делгацијата на КПГ - НОФ во Скопје пристигна на 8 февруари 1949 година. Истиот ден, во 11 часот е одржан првиот состанок. Од КПМ на состаникот учествуваа Лазар Колишевски и Цветко узуновски, а од грчка страна - Милтијадис Порфирогенос, Никос Георгијадис и Паскал Митревски (како преведувач).

Од страна наЦК на КПГ беа поставени следните прашања:

1. Во редовите на македонскиот елемент се појави едно непријателско движење спрема денешната заедничка борба на грчкиот и на македонскиот народ...

2. Напоредно, кај Македонците - бегалци од Грција кои се наоѓат во Југославија се формира непријателско расположење...

3. Центар на таа непријателска пропаганда против нашето движење е една група македонци, кадри кои ја напуштија Грција по директива на НОФ и пропагираат против КПГ и ДАГ и ги повикуваат борците Македонци да ги напуштат борбените редови и. т. н.

Спрема П. Росос, враќајки се од Белград во Грција на 7 април 1949 година на ГШ на ДАГ им пренесол што им зборувале дезертерите кои до вчера биле членови и раководители на НОФ и АФЖ на Македонците кои биле пребегани од прогонот на грчките власти сега привмено сместени во Скопје: „Не одете будали, да гинете без никаква корист во ДАГ". Види по опширно во книгата Кирјазовски од 1995 година.

ИЗГУБЕНА Е СЕКАКВА СМИСЛА ЗА НЕКАКОВ МАКЕДОНСКИ ПОЛИТИЧКИ ФАКТОР.

ИМАШЕ ЛИ ИЗЛЕЗ ОД ХАСОТ?

Кај Македонците се испомешаа: објективноста и обрските спрема сопствениот народ.

Сето тоа уште еднаш го потврдува фактот дека го испуштивме нашето време. Ни избега. И ние од него бегавме. Се посипавме со злости и пакости, со делби и омрази. Го исподеливме народот и го разнебитивме. Се дезориентиравме и прифативме нов товар на идното време.

Значи, зад нас ја оставивме татковината - МРТВА ЗЕМЈА и нашето враќање стана неизвесно, иднина недефинирана, оти тоа зависело од минатото и ние се најдовме надвор од интегралните истории на Р. Македонија и од на Р. Грција. Сите знаеме дека се правени злосторства над Македонците под Грција. Но зачудува фактот дека дури Р. Македонија (како наследник на КПМ? КПЈ) не ги осудуваа, конкретно за Граѓанската војна не може да замижи пред историските факти и дека опредлбата на НОФ за оружена борба, во април 1945 година (НОФ од формирањето на 23 април 1945 година се до половината на октомври 1946 година беше раководена од КПЈ? КПМ). Таа беше погрешна, со многу тешки последици за Македонците. Тврдењето, дека НОФ така постапи за да го заштити народот од теророт на монархофашистите, не држи, и преставува

неуспешен обид за оправдување, бидејќи одлуката за оружена борба е донесена по еден месец од разоружувањето на ЕЛАС, кога атинскиот режим се уште не беше организиран и зацрвстен, поради што не беше во можност да примени масовен терор.

Се поставува основното прашање: До кога ние Македонците ќе замижуваме пред реалните факти?!.

Ако самите се оценувавме дека сме способни да раководевме до чета, тогаш зошто со години пишуваме во историјата дека во Граѓанската војна ние Македонците сме биле воено политички фактор? Ако, таквата вистина за нивната политичка и воена способност ја кажаа само пред Захаријадис, тогаш, зошто и за каква цел го повикуваа македонскиот народ?!

Но, едно е јасно: од досегашните повеќе годишни истражувања се потврдува; дека овие лидери на НОФ и АФЖ, или од едната (КПЈ) или од другата (КПГ) Партија биле удостоени со високи признања и оситуирани како заслужни борци, а народот од Македонија под Грција доживеал геноцид! Сеќавање што кај секој паталец трае цел живот.

Има ли друга вистина? Дали има човек кој бил лидер на НОФ или АФЖ, кој сигурно и компетентно ќе ни потврди со факти некоја друга историска вредност. И ќе му веруваме на кажувањата? Но, досега ниту еден македонски политичар од организациите на НОФ и АФЖ не призна дека згрешил и ниту помислил да му се извини на македонскиот народ. За сега, само можеме да жалиме за тоа.

По повод 50 - годишнината на ДАГ, група истражувачи на весникот „Ризоспастис", орган на ЦК на комунистистичката партија на Грција, (КПГ), по повод 50 - годишнината на ДАГ, подготви и објави труд под наслов,, 50 година на ДАГ". Трудот во деведесет продолженија го објави споменатиот весник во 1996 и 1997 година.

Авторите на трудот „50 години на ДАГ" врашат ревизија на решенијата и ставовите на 6 - от Пленум, (1956); 7-от Пленум, (1957), и на 8-от Конгрес, (1961), на КПГ кои политиката на раководството на КПГ на чело со Никос захаријадис во периодот 1945-1949 година ја имаат оценето за погрешна и штетна, а „некои грешки" што ги направил, тој наводно, не одиграа решавачка улога за развојот и ишодот на настаните.

Факти: „... Судирот во декември, кој тареше 33 дена со поразот на ЕЛАС и договорот во варкиза на 12 февруари 1945 година. Авторите на трудот„ 50 години на ДАГ" го прифаќаат ставот на Сталин во врска со судирот меѓу ЕЛАС и Англичаните во Атина Што го изнесе на средбата на делегациите на КПСС, КПГ и АПТ одржана во јануари 1950 година во Москва. Сталин тогаш рече дека договорот во варкиза не требало да се случи и ЕЛАС требало да ја продолжи борбата надвор од Атина. На забелешката на Захаријадис дека Георги Димитров со телеграма од 15 јануари 1945 година му препорачуваше на раководството на КПГ да настојува на договор со Англичаните, односно мирољубиво решение на судирот, Сталин на тоа остро реагираше со зборовите: „Димитров не е ЦК на КПСС."

На што не упатува ствот на Сталин? Не упатува на договорот со Тито. Да се сочува социјалистичкиот поредок во Југославија и источно - европските земји, а да бидат можни варијанти - не за освојување, туку за „буричкање". Најверојатно, најоптималната варијанта им беше со нас Македонците од егејскиот дел на Македонија...

Но, едно останува не јасно за нас дури и по 60 години: Чиј жртви сме ние? Кој не натера да се (само) жртвуваме и сами да си ги искорнеме нашите длабоки и вековни корени? !

9.1 ЗОШТО ВОЈНАТА НЕ Е ЗАВРШЕНА КАКО И СЕКАДЕ, НА 9 МАЈ 1945?!

Како да дојдеме до вистината за македонската трагедија во Грција?

Истражувајќи низ архивските документи од повеќе држави во светот што досега имаат напишано воено политичките аналитичари од Велика Британија, Советскиот сојуз, Грција, Бугарија и од поранешне Југославија за Југословенското прекомерно инволвирање во Граѓанската војна во Грција имаат напишано дека една од главните причини е дека:

"... Комунистичките движења во Југославија и Грција не ја признаваат поделбата на зони на влијанија според Сталин и Черчил од 1943. Југославија со влијание 50: 50, Грција 90: 10 во полза на Британија и САД. Освен ова, заедничка особина на тие движења е што комунистите, и во двете земји, автентично се бореле и против враќањето на монархијата, како и протерувањето на фашистите. "

Дали навистина не се почитувал договорот на Сталин со Черчил и САД ?

Првите интервенции на Сталин:

- До Југославенското раководство КПЈ и Тито:

"... Сталин инсистирал да се почитуваат неговиот договор, односно Британија и САД. Тој го притиска Тито да ја почитува неговата порака. Како последица на тоа, Тито по војната создава компромисна привренена Влада, во која влегува и поранешниот манархистички министер Иван Шубашиќ, за ресорот надворешни работи. "

- До Грчкото раководство КПГ.

"... Сталин, преку советската воена мисија, фактички, му наложил на раководството на ККЕ (КПГ) да го прифати Либанскиот договор. Постапувајќи по директивата на Сталин. ЦК на ККЕ, на 2-3 август 1944 година, донел решение за прифаќање на Либанскиот договор, а истата интервенција беше и следниот конечен договор на 12. 02. 1945 г. во Варкиза, одморалиште што се наоѓа близу до Атина, потпишана е спогодба меѓу раководството на движењето на отпорот на КПГ и ЕАМ од едната и Владата на Пластирис и британскиот генерал Скоби од другата страна.Со таа спогодба се потчинува грчката команда под

англиската за Блискиот Исток. (на 12 февруари 1945 година). ЕАМ и и ЕЛАС практично и ја предадоа власта на десницата.

Понатака во документите на КОС и УДБА се вели:

“... Според договорот на Сталин со Черчил од 1943 година, Југославија е дел од зоната на влијание на СССР, а за Тито се вели дека тој излегол од Втората светска војна како лидер на антифашистоличкото движење и дека од порано е близок соработник на Сталин но, од 1943 Тито создава врски и со Бртанија, а потоа и со САД.

... По одлуката на Сталин во 1948 година да го исфрли од комунистичката заедница, Тито ќе ги реактивира своите врски со Британија и САД градени врз неговите заслуги кај нив со повлекувањето од Трст, и отстапувањето на градот по војната.

Во 1948 година, кога Југославија е под закана на силниот Сталин, за одржување на внатрешниот мир и поредок, Тито ќе заведе незаконски судови за одбрана од Инфорбирото, комунистичките соседни држави и Сталин, и со помош на САД ќе успее државата да ја одржи како самостојна со умерено комунистичко уредување, кое во споредба со останатите комунистички земји со децении е демократски амбиент.

А што правел најголемиот бог - Сталин?

Сталин организира ново братојадство и бесрамна манипулација спрема македонскиот народ, тој во својата стратегија решил да го злоупотреби македонското прашање: Види во книгата на Дарко Белицќ, Југославија у Хладном рату: Односи с великим силама 1949-1955 (Загреб: Глобус, 1988), 31. 51).

“Помеѓу 1948 и 1949 година, Сталин започнал да обликува една нова концепција, “Планот Вишински”,за уривање на Југословенското раководство. Со овој план, покрај останатото, била предвидена и акција за создавање “независна македонска држава”,во која под закрилата на Инфорбирот би биле “собрани сите пиринski, вардарски и егејски Македонци”. Инфорбировската парола за создавање на единствена македонска држава требала да ги насочи против Југославија македонците од егејскиот, и од вардарскиот дел на Македонија. “

Ете, како се изигравале “црвените богови” со нас Македонците, а ние 60 години на генерациите со “секторската историја за егејците” им

проповедаме дека во Граѓанската војна (револуцијата), бевме воено политички фактор!?

Мислам дека овие богови, беа длабоко инволвирани во заговор против Македонците под Грција и ја знаеја целта на Грција дека се работи за уништување и прогонување на Македонците. Ние се покажавме дека немаме изградено државно (национално) чувство. Затоа, да не се чудиме зошто го изгубивме родното огниште за навек, кое со ништо не можеме да си го повратиме...

Судир на слични карактери

(Објаснува Перо Симиќ, во својата книга:"Тајна на столетието, " Стр. 235.)

" Формален повод за ненадејното недоразбирање со Сталин, на почетокот на 1948 година, преставува привелегираната положба на стотина советски војници и цивили инструктори во југославенската армија и во другите институции на комунистичка Југославија.

... Тешко било да разбере што го погодило повеќе црвениот московски цар - своеглавоста на Тито околу Албанија или се поголемите амбиции на неговиот југословенски избраник синтетизирани во во песната која озвонувала во цела Југославија:

Другарот Тито заслужил
Негов Балкан да е цел
И од Европа еден дел

Најверојатно го налутило и едното и другото.

Дали македонската трагедија е дел од оваа песна: Негов Балкан да е цел или веќе се реактивирани своите врски со Британија и САД?

(Описите на настаните се темели на книгата Балканот 1804-1999, од британскиот публицист и новинар Миша Глени).

"... Од 1946 до 1948 Тито, односно КОС во Грција го испраќа Светозар Вукмановиќ - Темпо. Темпо имал големо искуство во оганизација на партизанско движење, бидејќи предходно бил еден од организаторите на партизанското движење во Македонија. Според документите на КОС, освен Темпо, во ДАГ кај генерал Маркос Вафијадис, престојуваат и соботуваат Лазар Колишевски. Димитрие Алексовски, генерал Михајло Апостолски... официјалните контакти

со ДАГ ги одржувал Александар Ранковиќ, а Титовиот дипломат во Обединетите нации, Јосип Ѓерѓа, барал право на самоопределување за комунистите и Македонците во Грција. Оскар Давичо и Михајло Лалиќ пишувале репортажи за борбата на ДАГ против монархофашистите, а по нивно сценарио бил снимен и документарен филм. КОС го известува Тито и Ранковиќ дека монархистите во Атина се плашат од можноста во борбите да се вклучат и граѓаните од НР Македонија, чии сонародници во Егејска македонија се борат во ДАГ. Освен обука, логистика и командна соработка, Тито и КОС помагаат и во други правци. За санитетска и разузнавачка помош на ДАГ и партизаните од Егејска Македонија бил задолжен КОС на Србија. Задолжени биле; Д- р Велимир Мајсторовиќ, воен хирург и началник на специјалната болница за ранети од Егејска македонија сместена во Катланово, крај Скопје. Потоа, полковникот Слободан Крстиќ Уча,легендарниот Титов соработник, генералот Јово Капичиќ, како и мајорот Јован Поповиќ, инструктор за артилерија на Југословенската армија.

Специјален Титов разузнавач бил и Иван Караиванов, агент на советската НКВД и инструктор на Коминтерна.

Непосредни соработници и инструктори на генералот Маркос вафијадис биле и: Ѓуза Радовиќ, Обрад Трниниќ, МилоВрбица, Велимир Доцниќ, Светислав Стојановиќ и Петар Луциќ, сите од КОС на Србија.

Само во првата година на борците Југословенската армија како помош во оружје испорала 3.134 противпешадински мини, 6,550 противтенковски мини, 9. 177 килограми специјални експлозиви,пушки и митралези МГ- 15. Слобоан Марковиќ имал задача по потреба илегално безбедно да го денесе и враќа од белград генералот Вафијадис.

Само да се присетиме овој колонист дојден во донесен во Македонија од Мала- Азија и стана герал Маркос Вафијадис, што му рекол на генерал Чакалоттос по враќањето во Атина.

Во многу наврати госпдинот Мицотакис вели дека Грција, најмногу е напатена во Граѓанската војна од комунистите (а Грците успеаа таквото сознание да им го создадат и на многу видни историчари на Запад, а ние Македонците со напишаната секторска историја, цели 60 години, премолчивме се, во интерес на Југославија и Тито.

Да го проследиме генералот Маркос Вафијадис (роден во село Тосије во 1906 година во Мала Азија. Завршил четврто одделение и прогонет од турските власти се досели во Македонија) кој ја раководеше таа војна назначен токму од КПГ: Тој по враќањето во Грција (Види грчкиот весник „Та Неа" и „Епикера" што се печати во Атина, беше објавена информацијата за средбата во Атина на генералот Маркос со генералот на владината војска на Грција во времето на Граѓанската војна, Цакалотос. (Цитирана во предходните поглавија) Види:„Нова Македонија", од 25. 02. 1992.

Во последната книга: "ΕΜΦΥΛΙΟΣ ΠΟΛΕΜΟΣ − 60− ΗΡΟΝΙΑ ΑΠΟ ΤΗ ΛΗΞΗ ΤΟΥ". (GRAGIANSKATA VOJNA – 60 GODINI OD ZAVRSHETOKOT - NEJZINIOT KRAJ.

Види: ΕΛΕΥΘΕΡΟΤΥΠΙΑ− ΔΟΜΝΑΣ ΚΟΦΦΑ (p. 97)

(Зошто тоа не го сторија Бугарија или Албанија, туку токму тоа го направи Југославија?!)

"... На севернита граница на нашата земја (Грција),, држава Југославија претставуваше - клучот за развојот на грчката Граѓанска војна во нашата земја. По меѓу овие две држа граница имаше такви допирни точки кои преставуваа надежни (и разочарувачки) кои беа неопходни за снабдувањето на Демократската Армија. Но, не беше беше само географската положба што го одредуваше овоа знаЧење со соседната земја, туку и други фактори. Во 1945 година Југославија веќе беше силен и важен фактор на балканот и соседите на Грција, но таа дополнително, располагаше и со еден сериозен и непобитен авторитет. Владата во Белград беше избрана од самото силно движение на отпорот против поробувачите на Оската и добиваше се поголем почит по меѓу големи сојузници,, независно на која страна припаѓаа. Комунистите се имаа докажано дека тие се политиЧка сила и во тие години можеа да стават ред во меѓуетниЧкото население што ја преставуваа Југославија и истовремено беа способни да ги залечат раните во многунационалната земја, кои им беа нанесени од Оската и им беа оставени отворени.

На запад во една сиромашка земја како Албанија, таму се настојуваше тоа да го постигне преку судовите и со тоа да го зацврсти повоениот период, но на исток во бугарија, не беше така, таму требаше прво како содружник ма Оската требаше да Чека на потпишувањето на условите за мир со содружниците и тоа се до февруари 1947 година за целосно да се дефинира положбата во политиката и дипломатијата.

Сакам да нагласам дека еден специфичен “Однос” ја сврзуваше Југославија со Грција. Од 1945 година од федеративното создавание на југословенската држава беше и “Демократска Македонија” со престолнината Скопје и преставуваше еден значаен простор со автономија на рамниште по локални прашања.

*

“... Политиката на Белград се покажа многу брзо дека таа беше една мешавина од контрадиктирност на мноштво елементи. Честољубивост и страв - испомешаност, како од една страна се развиваше надежна револуционерна и балканска перспектива, на друга страна”, стр. 102.

Ставот на Никос Захаријадис за постапките на југословенската и Тито

Да ги проследиме и оценките на Никос Захаријадис, генерал секретар на ЦК на КПГ, претседател на воениот Совет на ДАГ, по завршувањето на Граѓанската војна за улогата на Југославија на 6-от Пленум на ЦК на КПГ во октомври 1949 година, Захаријадис изјави:

“... И треба тука да ја кажеме вистината отворено, дека, ако од 1946 година беше позната подмолната улога на провокаторот Тито, тогаш КПГ не ќе заземаше решение да поново го земе оружјето. Ќе завземеше друг пат, по упорен, помакотрпен, подолг, затоа сега е очигледно, дека не ќе можевме да кинисаме во ново соожување, без да ја имавме обезбедена позадината, и токму во моментот кога монархофашистите ја имаа најбројната и сестрана американоанглиската помош. “
Зборувајќи за проблемите на поразот на ДАГ, на 7- от Пленум на на ЦК на КПГ 1950 година рече:

“Ако од порано го знаевме ставот на Тито, дека ќе биде таков, ќе размислевме дали да го земеме оружјето и да војуваме во Граѓанската војна.”стр. 422. Или по опширно види: “Το ΚΚΕ. Επ σημα Κε μενα .τομ. 7οφ , σελ.15.

Какви тајни и гревови криеше Тито?

Интересно е мислењето и ставот на Тито изнесено на средбата со Фицрој Меклин (60).

Види:"“Μελετες για τον εμφυλιο πολεμο (1945−1949)”. (Студиските анализи за Граѓанската војна (1945-1949) стр.336/337, статија од Јоже Пирјевиќќ ФО371/78716/Р 4691.

СО РАСКИНОТ НА ТИТО-СТАЛИН И ПО ЛИКВИДАЦИЈАТА НА ЃРАЃАНСКАТА ВОЈНА ВО ГРЦИЈА.

“...Ова беше како предуслов во мисијата на Меклин, што се оствари на 5 мај 1949 година, кога вечераше со Тито и беседеја за многу наталожени прашања, но и за ставот на Југославија т.е за односите со Запад. Тоа што се однесува за Грција, Тито не се откажува од тоа дека има дадено голема помош на андартите (ДАГ) во изминатите години. Но, се сложи дека сега положбата е сменета и рече дека, сама Југославија не можеше да им го откаже правото на азил на политичките бегалци, но тие сега се држат во внатрешноста на земјата и тоа подалеку од границите. Навистина, така го сватив, дека Тито можеше да даде ветување, дека во иднина не ќе им дозволи на тие луѓе да се вратат во Грција за да продолжат со војувањето. И дека повеќе не ќе им даде никаква помош на андартите (ДАГ). Ми зборуваше, дека ова изнесеното не ќе се обелодени пред јавноста, односно да се дознае, бидејќи ќе го доведе во многу сложена положба.” ФО371/78716/Р4691.

Ова ветување било чувано како строго доверлива тајна. За неа никој не смеел да дознае, зашто таа ќе му наштетела на југословенскиот маршал.

ВЕРБАТА НАША ВО ЛАЖНИТЕ БОГОВИ.

Во Граѓанската војна доживеавме да се потчиниме на партиската идеолошка насоченост и “Ставовите на посилниот секогаш за нас да бидат најдобри!”

Но, несамо во војната, туку и 60 години по војната во секторската “истоија за егејците” не уверуваа дека и комунистите (Тито и Захаријадис) ни признаваа самоопределување? Ај да не се правиме луди, може?

Значи ние Македонците, сме биле заведени од лажни богови и гиневме, а тие со нашата крв, ни го прекројуваа идентитетот и историјата, не ископација, го растурија македонското семејство по светот. Тоа беше ужасно време на тотална измама и шпионажа. Посебно по Титовото “не” на Сталин се се прекршуваше врз плеките на Македонците кои беа масовно мобилизирани во борбените

единици на ДАГ. Немаше Македонец што не беше прашан и контролиран: За кого си? За Тито или за Захаријадис!?

Но, најтрагичното е дека на овие богови им служевме за остварување на нивните цели, а ние Македонците по војната оставени по светот, цели 60 години молчевме, трпевме и траевме.

Сите знаеме дека се повикувавме, токму од НОФ и АФЖ на национално востание и масовно народот се osва оти тоа за Македонецот е било доблест, но тоа се покажа дека било национална измама. Ако НОФ и АФЖ решија да го повикуваат македонскиот народ под Грција на сенароден фронот за спроведување на своите стратешки определби, се поставува прашањето: водеа ли сметка (имаа гаранции) дека тие не се легитимни пред светот и не ќе можеа да го постават македонското прашање; ниту пред Советот за безбедност, ниту пред Обединетите нации, туку пак требаше, тоа да го сторат Грција или Југославија. Не знаеја дека тие се строго контролирани и од сите балкански комунистички партии и ни од далеку нема да успеат да ги реализираат тие историски желби.

За жал, нашето учество (1940-1950) никогаш во програмата на националната стратегија не постоеше единство и достоинство, туку лично калемење и корист на поединци членови на Комунистичките партии (КПГ или КПЈ).

Значи: сме сакале со КПГ и КПЈ и сме ги прифатиле правилата да бидат нивни, а колку бевме во состојба да ги контролираме како луѓе со поданичка душа, тоа е докажана работа преку ишодот на настаните кој не доведе до национален пораз -геноцид.

Тогаш (1945-1949) поради нашата ропска покорност (кон било кој), ја прави дефинитивно суддбински се по сплеткана..

Што значи, по Втората светска војна, кога луѓето веруваа дека повеќе нема да се дозволи да се случи вакво крвопролевање ние, Македонците, ја доживеавме и со геноцид ја плативме високоризичната авантура преку разбеснетиот ритам на огнот, без македонска опција (ане можевме да имаме, бидејќи бевме под контрола на КПЈ и КПГ) и без присутност за националните интереси, и бранејќи ја комунистичката идеологија го изгубивме идентитетот и дедовите огништа за навек. Тоа во свеста на Македонецот остана како трајно сведоштво; - за една потресна големомаченичка легенда, за едно етничко чистење, кое набрзо по ликвидацијата на ДАГ се

претвори во уште една незапаметена наша трагедија во која самите сме и сведоци.

Во емиграцијата, гетоизирани, свртени кон себеси, во новиот свет на логорите, далеку од сопствената национална традиција, како единки го баравме спасот во единственото заедничко - тагување по најблиските.

Се поставува прашањето: како можело овие политички стратези да замислат такви апсурдни творби, кога во тоа време и на тој простор беше акумулиран голем историски фанатизам, акумулирани разни смртоносни идеологии. Значи, Балканот и натаму остануваше најконфликтен регион во Европа, особено во т. н Западен Балкан тлееа потенцијални кризни жаришта. Но, што е за чудо, во тоа време истите тие стратези и политичари беа ангажирани со градење нови "цивилизации" во Сибир и на Голи Оток, а ние Македонците во овие 55 години, не оценивме дека овие политички водачи за нас сториле повеќе добро или зло? Не! Сите молчевме како неми! СПАС ВО МОЛЧЕЊЕТО. Особено по Балканскиот (61) договор во 1953 година. SИД НА МОЛЧЕЊЕ.

Кај обичниот наш човек, одвај имаше останато само една исконска желба: да остане Македонец, без разлика уште колку ќе трпи, само со цел еден ден да се врати во својата земја, да го зборува јазикот и да се сретне со своите.

Токму со физичката подела, тугинците посакуваа да настане и тотална духовна подела, а таа се одрази толку разорно, што ни донесе катастрофални последици по сите стратешките национални проблеми: до геноцид на Македонците под Грција и да се стави како проблем пред светот едно од најчувствителнити за нацијата; прашањето за името на целокупниот македонски етникум.

Таквата духовна подела и негрижа за интегрално гледање на македонската судбина (низ матичната историја, литература, едукацијата и високите институции на Република Македонија), се покажа многу експлицитно низ историјата на минатиот век, па и се до ден-денес е таквото индифирентно гледање на судбината на Македонецот.

Аргументите што се истражувани во оваа студија, не се во прилог на напишаната историја за: "Егејците". Тие сугерираат сосема поинаков критички однос кон историските настани, а не лицемерно однесување самите кон себе, затварајќи ги очите пред сопствената судбина.

Нашата судбина е наша судбина и моравма да ја земеме во сопствени раце. Оти сурово е кога; ако луѓето не сакаат сами да господараат со својата судбина, тогаш како што вели и нашиот народ: судбината загосподарува со нив. Ова мора јасно да се каже барем по 60 години, оти со години тугинците не влечеа за нос. Аргументите говорат, дека навистина тоа се случи со нас Македонците под Грција.

Конфликтите по меѓу овие завојувани страни, исклучиво беа класните (но и немногу јсните, токму во таа насока, ставови на луѓето од врвот на КПГ: Маркос и Захаријадис, но на КПМ/КПЈ) и идеолошките прашања за уредување на грчкото општество т, е комунистите наводно водеа борба за социјализам, односно за глобалниот проект:

Советизација на Балканот. Но, во овој период на време од исклучителна важност е и улогата на организацијата НОФ и АФЖ, кои и служеја верно на комунистичката партија на Грција (спрема препораките на КПЈ), а таквата препорачлива приврзаност, КПГ ја искористи по "комунистически" до максимум и преку ова организација, успеа да го организира и мобилизира Македонецот во ова Граѓанска војна, а по ликвидацијата на ДАГ да замине заедно со соборец-Грк, надвор од Грција од своето родно место(по поранешните социјалистички републики и СССР), но Македонецот рамноправен борец во ДАГ и многу од Македонците, дури и членови на КПГ, со билет во еден правец. Грците со исти гревови: борба за социјализам во Грција, ем големи комунисти, се вратија во своите огништа, само затоа што им беше обезбеден повратен билет. Тоа е факт, се друго е во сферата на шпекулации, дилеми, небулози и фантазмагории.

Секој разумен човек, си го поставува прашањето: Какви последици имаше формирањето на НОФ (62) и АФЖ кај Македонците под Грција. Ако се знае дека еден дел Македонците под Грција, сега под влијание на македонската држава што се создаде во рамките на Југославија и на нејзиното раководство, (КПМ/КПЈ), се спротистави на ставот и практиката на КПГ спрема македонскотот прашање, се одделија од неа и побараа да им признае правото на самоопределување, а друг дел продолжи да го следи ставот на грчките комунисти за македонското прашање кој на Македонците им ги признаваше малцинските права во рамките на грчката држава. Со тоа Мекдонците се поделија на два табора: со КПГ и со КПМ/КПЈ и како крајна стратешка цел (во неа на мошне успешен начин беа обмислени и исконтруирани формите и содржините преку кои тие добиваа и соодветна конкретизација во практиката токму на тлото на

Македонија под Грција) на тугинците им беше да го натераат НОФ со почетокот се повеќе да располага со судбината на Македонците под Грција, а потоа да ги распоредуваат и регрутираат како што сакаат.

А пак, колку овие поглавија се со исполитизирани термини, тоа навистина е едно посебно и многу сериозно прашање во македонската историја. Например: "Македонското биро на КПГ", а тоа е -Биро за областа Македонија под Грција. Па следат омилените атрибути: Егејци, Крвава епопеја на Егејците, Беломорци, четници и. т. н, а најверојатно е со единствена цел да направи полесен пробив во колективната свест, но очигледно е дека во овој труд преовладува перфидна жонглерска таткика-историска дивоградба, која зборува од (со) идеолошка пизма. Но во друга прилика за таките проблеми, оти тоа навистина за странците преставува-анатомија на магла, а не историја на македонската нација.

Но, на овој овтор, најголем проблем му се фактите. Во оваа книга, токму фактите противречат на тоа што го пишува. Фактите говорат, дека не сме браниле татковина со автоктон ум- македонски, туку со туѓо идеолошко проклетство и доказите се тука-недоброј. Видливи со голо око. Но семоќниот историограф-Кирјазовски не сака да се повини, туку се уште пишува утешни илузии и ја отфрла вистината. Посакува да остане чувар на државните тајни и фактите да ги прилагодува спрема дневната политика.

Значи, нешто кај овој автор полавек, појде наопаку; се што напиша и пишува е ништо друго, туку конвенционална историја-нарачана. Алките што недостигаат и во овој историски опис "Македонското национално прашање и Граѓанската војна", се искривоколчени фактите и аргунетацијата за целиот тој период на време (Граѓанската војна 1945-1949), а со тоа пак, не ги согледува национално политичките импликации од робувањето на НОФ кон КПЈ и КПГ, оти таа војна за нас Македонците под Грција е без никаков реален мотив за што се дадоа 20.000 жртви и доживеаме тотален национален пораз.

Секој паталец од Македонија под Грција, пола век си го поставува прашањето: зошто историските факти никогаш не пристигнуваат до читателот „чисти", туку тие секогаш се прекршуваат низ поданичката свест на овој историограф и посакува од нас да направи полавековни заробеници. До кога и која е смислата на молчењето, а истовремено ќе им се заблагодаруваме на КПГ и КПЈ, за тоа што не исподелија и не оставија по светот.

Ќе се објасни ли еднаш: Дали Граѓанската војна била револуција (продолжување на илинденските традиции или па дури и се уште се поставува прашањето: „Дали можеше Македонија да се обедини?" - како што се сретнува таквата оцена во официјалната историографија или сето тоа е замаглување на историјата за измамата за Македонците под Грција?

Види: Книгата "Македонците и односите на КПЈ и КПГ (1945-1949)", од 1995 година.

"На 23 април 1945 година, кога се уште не беше завршена Втората светска војна, а во Грција пак, десницата, со помош на Велика Британија ја спроведуваше својата власт, применувајќи остри репресивни мерки против движењето на отпорот, во егејскиот дел на Македонија, надвор и независно од КПГ и, спротивно на нејзината политика, стратегија и тактика, се појавија организации на КПМ, СКОЈ, НОФ, а во состав на НОФ и масовните политички организации НОМС и АФЖ. Едновремено НОФ организира и свои вооружени еденици, кои развија герилска борба. Организатор на тие активности беше КПМ. Со овој чин, македонскот национално-ослободително движење во егејскиот дел на Македонија се институционализира. Целта на организацијата НОФ, која застана на чело на македонскот ослободително движење беше, со примена на сите форми на борба, да се бори за самоопределување и обединување на македонскиот народ. ", Стр. 10.

Исто. Види: книга "Правната дискриминација на големо - грчката политика во егејскиот дел на Македонија по втората светска војна", Скопје, 1996 година:

"НОФ и другите наведени организации од нивното формирање до ноември 1946 година се раководеа од КПЈ-КПМ.", стр. 181.

Види книгата: народноослободителниот фронт и другите организации на Македонците од Егејска Македонија (1945-1949), издавач „Култура", Скопје 1985 година. Авторот вели: "Првиот конгрес на НОФ (13 јануари 1948 година) претставува најсветла етапа во македонската поилинденската историја.

Раководството на НОФ, и покрај лошото искуство од минатото и разните појави на неискреност и опуртунизам на раководството на КПГ, стоејќи на интернационални позиции и со искрена намера да помогне во развитокот на грчкото движење, се согласува три четвртини од Македонците партизани да се борат во редовите на ДАГ

јужно од Олимп, односно во сите краишта во Грција. Понатаму, за да се зајакне грчкото младинско движење, да се расформира македонската младинска организација НОМС и нејзините членови да се зачленат во грчката младинска организација ЕПОН, а за да може да егзистира, односно опстане Земјоделската партија на Грција, НОФ им поставува задача на своите членови да влезат во нејзините редови". И уште еден мотив: дислоцирањето на македонските единици во длабината на Грција за превентива, да не се повтори случајот од 1944 година, кога мекедонските батаљони се одделија од ЕЛАС. Стр. 213.

Понатака вели: "Народноослободителниот фронт (НОФ) се појави како сенародно антифашистичко движење на македонскиот народ внатре, во условите на отворена интервенција на англо-американските империјалисти во внетрешните работи на нашата земја (сега не Македонија, туку Грција м. з) и завршниот напад на монархофашистите против демократските сили во земјата, а особено против македонскиот народ".

Ете, така не информираше овој автор. Но, целиот учен свет се прашува: зашто зборува овој автор, за револуција или за измама? За какво македонско прашање по Втората светска војна? Тоа ни покажува дека овој автор не ја познава глобализацијата на светската идеологија и не сака да признае дека НОФ и АФЖ се најдоа во менгемето на КПГ и КПЈ и чекореа преку тенка нишка (токму по моделот на идеологизацијата е спроведен во практиката по Втората светска војна во Македонија под Грција), туку авторот го прикажува како воено политички фактор во Граѓанската војана и со тоа ги потхранува идеолошките активисти.

Повик за (Само) жртвувањето на македонската жена во првите борбени редови.

Со овој повик Грамос стана најголемата гробница на сосила мобилизираните Македонци

Наместо чувари на семејството и македонската куќа, опфатени од политиката на АФЖ,жените биваат деградирани и стануваат послушни на политичките одлуки на партијата.

За да се даде објаснење за феноменот на жените да бидат во првите редови, не треба многу мудрување, тоа се правеше не толку од патриотизам, колку од страв и политичко самоубиство, а тоа доведе до раслојување и растурање, а под таквите околности се претвори во

политичко семејство, а тоа доведе до геноциде над Македонскиот народ во Ег. Македонија. Повикот се случи на:

На 16 јуни 1949 година Извршниот одбор на АФЖ на жените Македонки од Е. Македонија на чело со Евдокија Фотева - Вера, усвои резолуција за активирање на жените Македонки во одбрана на фронтофската линија Вичо. „НОВА МАКЕДОНКА, списание на АФЖ и со овој повик беше и последен од масовните мобилизации на македонската жена и со тоа македонската куќа се закатануваше...)

На 10 - 14. 08. 1949 г. Владината војска под команда на генерал Ван Флит со, 60.000 војници, организарана во 6 дивизии од сите родови, 200 тенкови и блиндирани коли, околу 100 авиони од сите типови,почнаа офанзива против ДАГ на планината Вичо со која командуваше Мичос Вландас и располагаше со 9.863 борци и 40 топови.На 13-14 август ДАГ беше поразена со загуби од 1.859 (мртви, ранети, исчезнати и заробени). Владината војска имаше само 256 мртви и 1.336 ранети.

А на 15-16 август 1949 година, единиците на ДАГ се повлекоа во Албанија, но во наредните денови беа префрлени околу 6.000 борци на ДАГ да ја продолжат борбата на Грамос.

Полтбирото на ЦК на КПГ на својата седница одржана на 20 август 1949 година, оцени дека “Грамос ги има сите услови даму се нанесе на непријателот смртоносна рана и во тие мигови беше исфрлена паролата дека: Грамос ќе стане гробница на монархофашистите - Владината војска”.

На 22 август 1949 г. во Корча, беше одржана средба помеѓу Захаријадис, а од друга старна на АПТ Енвер Хоџа, Мехмет Шеху и Капо.

Актуелните прашања што се дискутирале на средбата, беше прашањето за префрлување на околу 5.000 борци на Демократската армија на боиштата на Грамос, кои се повлекоа во Албанија по поразот на Вичо и тие требаше да им се приклучат на единиците од Демократската армија на Грамос. За префрлувањето беше потребна согласност и ангажирање на албанските власт.

На прашањето на Енвер Хоџа:

- Што ќе правите доколку владините сили на Атина нападнат со сите сили?

Захаријадис одговори:

- Ќе се бориме до последен. Или можеби, ќе се повлечеме во Албанија.

Енвер Хоџа изрази страв дека такво нешто сериозно ќе ја изложи и ќе ја искомплицира меѓународната позиција на Албанија.

Мехмет Шеху, знаејќи за предлогот на Советскиот Сојуз дека што побрзо треба да ја распушти Демократската армија, но Захаријадис упорно го премолчувал, Шеху уште еднаш потврдно му рече:

- Време е да си го признаете поразот и не би било целишодно и разумно, овие сили и осакатени борци да ги носите во конечната гробница на Грамос.

На 24-29-08. 1949 г. Владината војска во ноќта на 29 спрема 30 август почна нов поход за конечно освојување на Грамос и за конечната ликвидација на ДАГ. Владината војска пак под команда на генерал Ван Флит и сега вкупните сили беа поголеми уште за три батаљони од оние што ги имаше во нападот за освојување на Вичо. На Грамос со главниот Штаб на ДАГ сега командуваше генерал Георгиос Вонтисиос-Гусиас, со околу 12.500 борци (6.000 кои беа префрлени од боиштата на Вичо, бидејќи досега Грамос го бранеа само околу 6.500 борци). Последните битки беа на 29 август и на 30 август се повлекоа во Албанија. Загубите на ДАГ: 922 мртви, 944 заробени и 650 потешко и полесно ранети и околу 400-450 доброволно се предале. Загубите на владината војска: 243 мртви и 1.452 ранети.

КАКО Е ОДРЕДЕН ВИНОВНИКОТ ЗА ТРАГЕДИЈАТА?

(НОФ и АФЖ ПРОГЛАСЕНИ ЗА АГЕНТУРСКИ ОРГАНИЗАЦИИ)

(Парадигна на поделбите - Сталин против Тито, а Тито барал бесмилосна пресметка со информбировсците, но сега во игра се Македонците)

Кадровите на НОФ и АФЖ по налог на Захаријадис во борбените редови на ГШ на ДАГ. Се поставува прашањето: дали Македонците имаа капацитет да ја сватат поданичката погубност од таквите идеолошки поделби на земјата Македонија.

Во својата книга “До пеколот и назад”, Евдокија Фотева - Вера пишува:

“... На 3 октомври 1948 година во селото Рудари Преспа, Леринси округ, беше свикан актив на военополитичките кадрови на НОФ. (!?)... Захаријадис ми рече дека и јас треба да одам воредовите на ДАГ. Веднаш се согласив. (На тој состанок беа распоредени сите членови од раководството на НОФ кој каде треба да оди:

„Ќе одиш, ми вели, во 18. Бригада на ДАГ како помошник на политичкиот комесар (тога политички комесар на 18. Бригада”. Тогаш, се сметаше за најмакедонска и беше раководена од политичкиот комесар Ташко Гушевски - Маки, и командантот Пандо Вајна)..

На крај во своите автобиографски белешки дава суд: „Практично, со нашето апсење прастана да постои НОФ. Таа организација живуркаше и во емиграција, но во 1951 година е преименувана во „Илинден”. По иницијатива на Никос Захаријадис, за раководители на „Илинден” се избрани: Пандо Вајна, Ставро Кочев и др. Овие внатрешни непријатели отидоа во Бугарија и сосема престна дејноста на НОФ, т, е. „Илинден”.

Ставот на официјалната историја по 1995 година

Како во (најновата книга) официјалната истрориографија ги има опишано Македонските со КПЈ и КПГ? Види: „Македонците и односите на КПЈ и КПГ (1945 - 1949) - официјални документи со коментари” од 1995година, глава осма, стр. 201. од Ристо Кирјазовски. Тој сега со нови ставови и спротивни на досега изнесените во првите книги на овој автор како што е книгата: „НОФ - Народноослободиселниот фронт” и другите институции на Македонија (1945-1949) од 1985 година и други книги издадени до 1995 година од истиот автор.

Извадоци А: „... Време е, македонскиот народ од егејскиот дел на Македонија, и пошироко, да ја запознае целата вистина и секој чинител да го преземе врз себе делот на одговорноста за се што се случи. Време е, нештата да се именуваат со нивните вистински имиња. Тоа е наша обврска.

ЛОВ НА „ТИТОВИТЕ АГЕНТИ” И НА ДЕЗЕРТЕРИТЕ ОД БОРБЕНИТЕ ЕДИНИЦИ НА ДАГ КОИ БЕГААТ ВО ЈУГОСЛАВИЈА ПОД ЗАШТИТА НА КПМ/КПЈ

За дезертерите кои до вчера биле раководни членови на НОФ и АФЖ, сега ги напуштаа редовите на ДАГ, заборавија дека во двегодишното постоење и со нивната агитација, создадоа цврст партиски апарат, воспитан во духот на Југословенската партија. Сите тие НОФити и АФЖити беа комунисти, партиици, потикнати од КПЈ (вклучително и лидерот на АФЖ - Евдокија Фотева - Вера), сега таа за нив на стр. 204, вели:

"... Тие секогаш и долу, во Егејска Македонија, во КПГ, НОФ, АФЖ, НОМС се служеа со интриги (се мисли на сите кои дезертераа од редовите на ДАГ за време на Граѓанската војна и се префрлија во Југославија - Р. Македонија).... Ние со Минчо по природа бевме вистинољубиви, воспитани на чесност.... Си останавме доследни на македонската организација НОФ на Егејска Македонија.

... На 11-12 април во грчката „јафка" во Скопје ме однесе еден мој другар од моето село Димитар Трповски со цел да се видам со група раководители на НОФ кои ушта во 1948 година дезертираа во Југославија. Тие на чело Михаил Керамитчиев, Вангел Ајановски - Оче, Стеријана Вангелова - Славјанка, Лена Стојкова - Мирка и други ме нападнаа и ми ракоа дека ние се предадовме на Грците. Јас тогаш се налутив и им реков дека тие се малодушни и дезертери, го оставија народот што го организираа и побегнаа да се скријат, да си ја спасат кожата и своите семејства, а пак ние верните на Партијата и нашиот народ ќе останеме докрај и да загиниме. Види по опширно: стр. 85.

По овој навистина искрен став на Евдокија Фотева - Вера, се наметнува прашањето: дали овие луѓе сега именувани како „дезертери" биле за обединета Македонија во балканска федерација или ја бранеле тезата дека КПЈ на Македонците од Егејска Македонија, ќе им даде југословенско решение? Тогаш, зошто ја напуштија егејска Македонија (по втор пат. Првиот беше со егејската бригада) и македонските борци кои ги имаа турнато во ДАГ на бојштата низ цела Грција ги оставија во рацете на Грците? Зошто не се бореле за таа цел која за нив била најоптимална македонска опција?

Оваа состојба највпечатливо ја осликува нејзината приврзаност кон КПГ и реакцијата кон своите соборци нарекувајќи ги дезертери, односно историската од типот на „Дали си за Захаријадис или за Тито". Односно меѓу народот кружеше: "Дали си нас и ако не си, тогаш, не си сите".

Оваквите изјави беа со умисла и тие имаа разорен ефект за македонското единство.

Се повеќе се плашам од искривоколчување на вистината и морам да го наведам и овој факт: Во книгата на Лиљана Панова „Крај на една илузија". Граѓанската војна во Грција и Македонците 1946-1949, на стр. 159 пишува: „... Николова, пак, му се доверила на Ајановски - Оче дека 'КПГ повторно почна да ја спроведува својата расцепничка политика меѓу кадрите на НОФ', дека 'денеска во НОФ постојат три фракции, едната на Паскал (Митревски), другата на Раковски и третата на Којчев', и дека 'КПГ повторно подготвува нешто против НОФ'."

Објаснето во фуснота: „Состанокот се одржа ноќта на 12-13 април. Покрај Раковски и Николова, присуствуваа и Тане Наумов, секретар на Леринскиот окружен одбор на НОФ, Керамитчиев, Димовски - Гоце и Вангелова - Славјанка"

Значи, од таквиот став на Евдокија Фотева - Вера, го откриваме феноменот што беше присутен кај Македонците од егејскиот дел на Македонија.Тој феномен е карактеристичен и беше присутен во годините на војната 1940 - 1949 година, посебно кај раководителите: „Пропагирај, организирај и внесиго македонскиот народ во партијата или војната, остави го и бегај". Тоа е факт дека се случи со нашите раководства на организациите: КПГ, КОЕМ, СНОФ, СНОВ, НОФ, АФЖ и НОМС.

Од кога го турнаа македонскиот народ во окопите на војната, настана најосновното погрешно расудување кај македонските раководители на НОФ и АФЖ. Настана следната:

ИДЕОЛОШКА КАРАНИЦА ЗА „КОЈ ПОВЕЌЕ ЈА САКА МАКЕДОНИЈА И КОН КОГО ДА ЈА ОБЕДИНИ" или „СО КОГО ДА ГО РЕШИ МАКЕДОНСКОТО ПРАШАЊЕ"

Сега, по приклонувањата им стана чиста политичка дезориентираност и секој од нив сфати дека „следен за отстрел може да биде секој од нив".

Македонските НОФити и АФЖити, со различни ставови и секој со својот стап (партиската палка) се вдаде да присобере доволен број преживеани борци или бегалци со цел да формира „вистински борци" за иднината на Македонија и Македонците од егејска Македонија.

Што тоа ни покажува?

Ни покажува дека тие наши политички лидери, (кои дали беа одредени од КПГ или КПЈ) во прв ред немаа сфатено дека војните се водат со целосен идентитет и имаат јасни почетоци и краеви. Ние Македонците во Граѓанската војна немавме ништо, ниту идентитет, ниту почеток, ниту крај, туку бевме максимално манипулирани и искористени и оставени по светот како вечни талкачи.

Суштината е дека: кај Македонците низ своите битки, основните слабости на внатрешен план беше немањето македонски национален консензус по клучните прашања за опстојување на родните огништа. Немавме изградено (државно0 национално чувство. Затоа, да не се чудиме зошто се најдовме на ова дереџе иво војната и по војната.

Да ја проследиме Евдокија Фотева - Вера, која ни дава на знаење со нејзиниот став дека таа: не чувствува никаква одговорност, затоа што постапуваше совесно и го правеше тоа што од нејзе го бараше комунистичката Партијата.

Но, ни покажува и тоа дека после толку талкања, толку пропагирања, толку жртви, како лидер на АФЖ борејќи се за Обединета Македонија, сега цврсто го прифаќа ставот спрема македонското прашње што го гарантираше КПГ уште од 1936 година: „Полна рамноправност на Македонците во рамките на грчката држава “ и Статус љуо на границите и ништо повеќе, се друго досега од КПМ? КПЈ беше само жртви и манипулации со Макеонците под Грција.

А што е со тие „дезертерите” што ја бранеле тезата: дека КПЈ на Македонците од Егејска Македонија, ќе им даде југословенско решение?

Повеќе од јасно е дека тие што биле спрема ставот на КПЈ не биле за „Обединета Македонија во балканска федерација” т. е за последниот предлог на КПГ. Не, тие не беа за тоа, како и сите Македонци што се изјаснија на 2 - от конгрес на НОФ, туку тие сега им се додворуваа на КПЈ и југословенските власти дека тие се за „македонското пројугословенско движение “ и за статус љуо на границите.

Сите тие наши ракодители, сега наракувани „дезертери” низ историографијата за егејците и низ нивните книги и личните автобиографии ги сретнуваме дека тие дошле во Скопје по налог на КПГ и работеле на формирање на македонски единци за враќање во Грција. Значи, изигруваа СТРАТОЛОЗИ (Офицери за мобилизација).

Ги ловеа тие борци Македонци што спасиле душа за да ги вратат назад на бојштата во Грамос.

Покасно, тие отворено беа втурнати во „Создавањето на историјата од името на југословенските интереси", а тоа за Македонците под Грција значи: ИСТОРИЈА БЕЗ ДЕТАЛИ.

Што тоа значи ? Постои една изрека која вели: „Ако не знаете зошто сте претрпеле неуспех, не сте ни помалку поумни од колку што сте биле пред него." Тоа значи, дека некој и по полавек сака да незнаеме зошто и како влеговме во таа Граѓанска војна.

Многу изгубени илузии. Многу саможртвавања со нејасна национална цел, многу партиски оправдувања, но едно е јасно дека тугинците преку нашите НОФити и АФЖити, Егејска Македонија стана предел од злости и пакости и молитви. Од кројки и прекројки. Од земања и давања. Од негации и одобрувања, од големи соништа на мали политичари.

Положбата на македонските борци при крајот на војната

Во 1949 година оловните еха на оружјето се повеќе надвиснуваше како пресметка за зовриените емоции. Во единците на ДАГ отанаа само обичните заведни и мобилизирани селани. Дел од раководителите на НОФ не отпоздарвија... Драматиката и по ликвидацијата на ДАГ, за Македонците смртоносната стапица остана трајна. Времето потврди дека чемреењето продолжи и под идеолошката пајажина, да си ја газиме сенката на својата полувековната судбина.

Вистина е тоа дека политиката е насекаде валкана, но грозно е "навистина" подло и приземно кога луѓето што го повикуваа народот на револуција им го свртуваат грбот. Не знам дали историјата забележала сличен пример кај другите народи.

Сведок сум заедно со една група саботери кога требаше да се минира мостот што го спојуваше малото и големо езеро на Преспа: на последното катастрофално сценарио: по падот на фронтовската линија "Вичо", Без грижа на совеста на тие високи раководства (НОФ, АФЖ и КПГ), осакатените борци кои влегоа во Албанија, сега се носеа на последната најкрвава и катастрофална битка на Грамос. Тие битки беа и крај на војната и сите бевме во логорите на Албанија; во Бурели и Елбасан.

На 29- 30 септември 1949 г. се одржа партиска конференција и на собранието на Македонците во логорот Бурели во Албанија, во присуство на високи раководители на КПГ, донесен е заклучок и се прогласени виновниците за поразот на ДАГ: КПЈ/КПМ и организацијата НОФ на Македонците од Егејскиот дел на Македонија и е донесено решение за кривично гонење. Врз основа на овоа решение, органите на ДАГ на 7 октомври 1949 година, уапси 11 членови на раководството на НОФ, АФЖ и други активисти од овие организации, кои покасно беа испратени во логорите на СИБИР.

На 17 октомври 1949 година во воениот логор читаме во билтенот:

“Отстапивме, но не сме победени”

Во зори на 17 октомври 1949 година, и веќе прогонетата “Привремена Демократска Влада” на партизаните е ставен крај на непријателските односи, со прокламацијата што беше објавена преку радиостаницата од Букурешт. Во прокламацијата, по меѓу другото, се наведува и следното: “ДСЕ (ДАГ - Демократската Армија на Грција), не го положи оружјето, само го задржа во спремност. Се повлече пред големата воена опременост која ја имаа организирано надворешните окупатори потпомогнати од титовата подршка и предавство кое не удри од грб. Но ДАГ не подлегна и не е уништена. Останува целосна и мокна со својот интегритет...“

ПОЛИТИЧКИ БЕГАЛЦИ ПО ГРАЃАНСКАТА ВОЈНА

По ликвидацијата на Граѓанската војна сите воено формации на ДАГ со наредба на главниот штаб поминаа во Н. Р Албанија и бевме разоружани и спраќани во воените логори Бурели и Елбасан. Во Бугарија исто така ја поминаа границата кај Берковица и тие беа разоружани.

Во Бурели се одржа 6-от Пленум на КПГ и поред партиските и воени оценките, направен и распоред на борците во која држава ќе треба да отпатуваат и колкав треба да е бројот:

Во Чехословакија 13. 500 луѓе (по касно и од Југославија околу 6.000).
Полонија околу 9.000 луѓе (по касно уште 3.000).
Романија околу 5.600 луѓе (по касно уште 1.000).
Бугарија останаа околу 8.800 луѓе.
Унгарија околу 4.000 луѓе(по касно уште 2.000)

Во Источна Германија околу 2. 2оо луѓе, од кои околу 1. 500 беа млади деца).
Во СССР во Ташкент околу 16. 5000 луѓе(по касно уште 5.500 луѓе.)

Треба да се напомене дека од овие бројки кои се верифицирани од грчките извори, околу 56-60% се Македонци.

За Југославија, нема точен извор за бројноста на пребеганите, но во литературата се проценува околу 60.000 луѓе и тоа исклучиво Македонци.

Според овој хронолошки преглед ќе треба да се каже и за т.н и многу најавуваната воена сила на ДАГ низ целиот тек на Граѓанската војна. Ете што ни потврдуваат следните извори:

Тасос Вурнас, стр. 159-160;есента во 1948 година воените сили на ДАГ имаа околу 18.000 борци;

2.Василис Барџиотас, како втор човек на ДАГ,пишува дека до крајот на 1949 година, силите на ДАГ имаа достигнато до 30.000 борци;

3."Неос козмос", од 1950 година, стр. 624, 637;пишува дека вкупната бројка на силите на ДАГ во 1948-1949 година достигна до 25.000 борци;

Но, треба да се забележи, дека постој и уште еден битен извор (Види: книгата, "ΜΕΛΕΤΕΣ ΓΙΑ ΤΟΝ ΕΜΦΥΛΙΟ ΠΟΛΕΜΟ (1946−1949)". Спрема искажувањата на генерал Маркос: "До 1947 година од 90% борците на ДАГ биле НАСИЛНО МОБИЛИЗИРАНИ, а после овој датум нема потврдувања дека се јавувале како доброволци во редовите на ДАГ, низ текот на Граѓанската војна.

Следи прашањето: Зарем можеме ние Македонците, таквата состојба и иреалност да ја нарекуваме Граѓанската војна, револуција и продолжување на славниот Илинден?

На крај, на место ЕПИЛОГ, составениот ХОДОГРАМ од аргументи и факти, јасно се гледа конечниот ишод на настаните, низ кои минал македонскиот воин низ историјата на ДАГ и како го доживеа геноцидот.

Можеби сето ова за нас Македонците, го објаснува чинот за кој старите Латини рекле (дефинирале) дека "Во одредени времиња,

постојат состојби на трошење на националната енергија, од кои национот има најмала корист!”

Како што се гледа и во книгата на Гкасис за местото на погинувањето, најголемиот дел од овие херојски борци погинаа во следните најстрашни битки, во кои непријателот беше со своите сили за 10 пати повеќе и понаоружан. Ете например да наброеме неколку битки од тие во кои сенаведуваат погинатите:

1. Битката на Северен Пинд, (26 јуни-22 јули 1947);
2. Битката за освојување на градот Коница, (24.12.1947-4.01.1948);
3. Битката во Кајлари, (18 октомври 1948);
4. Битката на Буковиќ, (10-14 ноември 1948);
5. Битката за пречекот на: Херојската фаланга на невооружени од Румели, на планината Пиерија, (16 март 1948);
6.Битките на аграфа: С. Кароплеси, Смоково, Керасово и планината Нијала, (8-22 април 1947);
7.Битката на проф. Илија, Фурка, Табури-Греко, (31.7.1948);
8. Битката на Гољо-Каменик, (21 јуни 1948);
9. Битката на Клевти, (28 јуни-1 август 1948);
10.Битката на Таљаро-Ликокремасма и источниот дел на Смолика, (31 јули 1948);
11. Битката на Алевица, (14 јуни 1948);
12. Битките за освојување на градовите:Воден, Соботско и Негуш, (22 декември 1948 -14 јануари 1949);
13. Битката за освојување на Лерин, (12 февруари 1949);
14. Битките на Кајмакчалан, (4 јуни 1949);
15. Големите битки за повторно освојување на Грамос, (1-2 април 1949);
16. Битките на височините, Вулгара, Котелско-Грамос, (4 април 1949)
17. Битките на Патомата-Грамос, (2 јуни 1949);
18. Битките за задржување на Вичо. Тие битки беа најжестоки на Лисец и Јамата, (10-14 август 1949);
19. Најдраматичната битка на Кулата - Преспа, меѓу двете езера, (14 август 1949);
20. Битките на Црно-Грамос, (24 август 1949);
21. Последните битки на Грамос, 24-29 август 1949);
22.Битките на Ќафа (кота 2322), Грамос, (30 август 1949 година, пред само неполни 10 часа пред ликвидацијата на ДАГ).

На овој ден историјата ќе забележи уште една кобна вест:Херојски загина командантот на батаљонот 426 во составот на 118 бригада Пецо Ромев, роден во1919 година во селото Горничево, Леринско.

За крај почитувани читатели видовме: КАКО ЛАЖНИТЕ БОГОВИ СО СВОИТЕ ПРАЗНИ ПАРОЛИ ГО ЛАЖЕА МАКЕДОНСКИОТ НАРОД. КАКО БЕА ПОГАЗЕНИ ВЕТУВАЊА. СО КАКВА СУПТИЛНА МАНИПУЛАЦИЈА БЕШЕ ИЗМАНИПУЛИРАН МАКЕДОНСКИОТ ЧОВЕК И СО НЕГОВАТА ИСТОРИЈА НИЗ ИДЕОЛОШКА КАРАНИЦА ЗА „КОЈ ПОВЕЌЕ ЈА САКА МАКЕДОНИЈА И КОН КОГО ДА ЈА ОБЕДИНИ” или „СО КОГО ДА ГО РЕШИ МАКЕДОНСКОТО ПРАШАЊЕ” И КАКО РЕЗУЛТАТ ДОЖИВЕАВМЕ ГЕНОЦИД. НО, И КАКО 60 ГОДИНИ БЕВМЕ КЛАСИЧНИ ЗАЛОЖНИЦИ НА МИНАТОТО.

10.0 ОТКАКО ВОЈНАТА ЗАВРШИ

(Почна на 31. 03. 1946, заврши на30. 08. 1949)

А) КРАЈ НА ВОЈНАТА - ЕГЕЈСКИОТ ПРОБЛЕМ РЕШЕТЕ ГО СО ТРАНСФЕР НА МАЛЦИНСТВАТА!

Граѓанската војна - национална катастрофа за Македонците:Остави крај на стравотните последици од неа, со илјадници човечки жртви, повеќе илјади осакатени и инвалидизирани лица, безброј растурени семејства. Изгубено за навек многувековното, најсветото-прадедовото огниште.

Гадостите од Граѓанската војна, односно од годините на војните од 1940 - 1949 година ме научија дека не смеам да ја игнорирам политиката, зашто во неа се сместени едни опасни човеколики суштества чии дела допринесоа да не ископачат ид а ни одредат ПРОГОНСТВО КОЕ ТРАЕ.

Еднаш засекогаш треба да се знае дека во годините на Граѓнаската војна нашите селани од Леринско, Костурско, Воденско и од другите делови на егејска Македонија, немаа намери за мотивиран егзодус, туку станува збор за осмислено етничко чистење на еден долгогодишен процес потикнуван со перфидни методи кои имаа и имаат далекусежни импликации за разнебитување на македонската нација.

Кога се знае дека НОФ и АФЖ во тој период немаа ниту политичка, ниту воена власт и не преставуваа никаков фактор, тогаш за кого го повикуваа македонскиот народ?

На 9 октомври 1949 година во Бурели, Албанија, беше одржан 6-от пленум на ЦК на КПГ. Пленумот го напушти ставот “за самостојување и за целосно национално самоопределување на Македонците под Грција”, што беше прифатен на 5-от пленум, одржан во јануари истата година, и се врати на ставот „целосна рамноправност на мекедонското малцинство во рамките на Грчката држава”. На пленумот, исто така, беше решено да се расформира организацијата НОФ и АФЖ.

На средбата на делегациите на раководствата на КПСС, КПГ и АПТ во Москава, во јануари 1950 година, свикана и раководена од Сталин по повод судирот меѓу КПГ и АПТ и писмото на генералот Маркос Вафијадис до ЦК на КПСС во кое го обвинува Захаријадис за агент на

Интелиџенс сервис, стана збор и за политиката на КПГ спрема македонскот национално прашање.

Истотака беше оцената како грешка и формирањето на засебната партиска комунистичка организација на македонците под Грција - КОЕМ (Комунистичка организација на Македонците од Ег. Македонија".

Постапувајќи по директивите на Сталин, раководството на КПГ од 14 до 18 мај 1950 година го одржа 7 - от пленум, на кој расправаше по две точки:

1. Укажувањата на КПСС и 2. Внатрешно - политичката ситуација во Грција и задачите на партијата.

Пленумот го прифати ставот на Захаријадис дека „предавството на Тито со помош на неговата агентура во Грција - организацијата НОФ, одигра решавачка улога за поразот на ДАГ"

Од целокупната анализа произлегува дека македонското национално прашање, со политичка умисла беше во игра и некој го држеше (истакнуваше на прв план по потреба) со цел да биде присутно низ целиот период на Граѓанската војна во Грција. Но, не за да се реши, туку да се искористи и максимално да се исцрпат сите национални потенцијали во остварувањето на политикта на сите сили кои беа инволверани во грчкото прашање. Велика Британија и Соединените Американски Држави го користеа за оправдување на на својата интервенција во Грција во корист на атинскиот режим. Со почетокот, Советскиот Сојуз и Југославија го користеа за зачувување на ново создадените социјалистички земји.

Но, последиците од политиката на наведените субјекти беа катастрофални за Македонците од егејскиот дел на Македонија.

*

На крај се беше на маса:

Се вели во Стенограмите од надитрувањето меѓу Русите и Американците околу Егејскиот дел на Македонија во ООН. Македонското прашање е закана за мирот на Балканот. Се предлагаше конвенција за размена на населението.

Значи се предлагаше ТРАНСФЕР НА МАЛЦИНСТВАТА.

Што тоа значеше за нас Македонците? Значеше да не снема од прередоите огништа, односно од нашата Егејска Македонија.

До тука се соочиме со корените на злото и мрачните тајни. Време е да си ја признаеме сопствената истроија, но само ако си ја признаеме политичка незрелост. Напуштањето на прадедовите огништа е документ на национален пораз. Шест децении затворени во сопствениот карантин ги загубивме елементите на национално човечко битие и станавме роботи, управувани од туѓи центри. Времето ни покажува, треба да имаме респект и способност да ги расветлиме нашите црни дамки во македонската историја.

Зарем, треба уште да веруваме во резултатот од нарекуваната - револуција во напишната ”секторската историја” ! ?

Сега се соочуваме со КАЗНА БЕЗ ВИНА - ПРОГОНСТВО КОЕ 60 ГОДИНИ ТРАЕ.

Молчиме и дома и пред светот и ја премолчуваме (60 години), а со тоа ја убиваме вистина за нашата самобитност. Полека, но сигурно врз нас егејските Македонци, сакаат да не натераат да го губиме здравото татковинско чувство и да се откажуваме од родните места.

*

Во случај на македонското прашање, барањата не се истакнати пред Обединетите нации, туку во говорите на одделните влади или во органите на печатот контролирани од страна на владите.

Московскиот документ:

На крајот од разговорите по меѓу Сталин и Захаријадис, на 16 септември 1949 година беше подготвен еден документ што го потпиша самиот Сталин. Документот ги дефинираше причините за поразот на ДАГ, кои КПГ требаше да ги согледа како основа и патоказ за новата политичка линија и за формата на борбата што требаше да ја примени. Гласи:

„1. По поразот на ДАГ (демократската армија на Грција) во Вичо и Грамос ситуацијата во Грција се измени, што ја принуди КПГ да ја измени својата политичка линија.

Причините на поразот на ДАГ се следните:

а) Слабата дејност на КПГ да го реши проблемот на резервите на ДАГ како и снабдувањето на единиците на ДАГ што се наоѓаа во подрачјата на Централна и Јужна Грција.

б) Помошта што му ја дадоа Американците и Англичаните на монархофашизмот.

в) Предавството на кликата на Тито." ... и уште 6 точки дадено е образложење.

И овој документ дава доволно факти дека ние Македонците, во Граѓанската војна не поставивме македонско прашање, ниту бевме во можност да го поставиме, и ниту од нас зависеше дали војната ќе продолжи или се прекине...

Но, токму денес (25/26 февруари 2006), кога работам на овој текст, во весникот „Македонија денес", екслузивно: читам фелтон: „Дали можеше Македонија да се обедини ?" Извадок од книгата: „Македонското национално прашање и Граѓанскат војна", од Р. Кирјазовски.

Што му е целта? Што се сака со тоа?! Кога денес се бара некој да одговара за жртвите на комунизмот. Најверојатно целта му е да не се затвари и од време на време овоа прашање што повеќе да се засенчува карактерот на потчнинувањето и диригирањето (од КПМ?КПЈ) на македонското дејание преку НОФ, како и тешките политички и етнички последици на македонскиот народ под Грција. И како основно да докаже дека македонскот раководство направи се што тоа го бараше народот, но големите сили тоа го спречија.

Во октомври 1949 година беше затворено и подложено под истрага македонското раководство на НОФ и АФЖ.

Врз основа на одлуката на 6-0т Пленум на ЦК на КПг одржан на 9 октомври 1949 и споменатата партиска конференција во Бурели, Албанија, на 7 октомври 1949 година со наредба на Главниот штаб на ДАГ и на ПБ на цк на КПГ органите за безбедност на ДАГ, по добиената предходна согласност од надлежните албански органи и лично од председателот на албанската влада Мехмед Шеху, во Бурели, Албанија, ги лишија од слобода раководителита на организацијата НОФ и АФЖ на Македонците од Егејскиот дел на македонија: Паскал Митревски, Павле Раковски, Минчо Фотев, Евдокија Николовна - Вера, Уранија Пировска, Михали Малиов,

Ташо Хаџијанов, Ламбро Чолаков, Христо Коленцев - Кокинос и Лазо Поп лазаров, кои по нивното апсение беа испратени во сибирските затвори како „Титови агенти.”

Од Албанија борците на ДАГ и цивилното население во октомври - ноември 1949 година беа префрлени во источноевропските земиј.

Врз основа на Московскиот договор во октомври 1949 година сите бегалци во Албанија со специјални руски бродови беа префрлени во следните земиј: Во Романија 9.100; во Чехословачка 11.941; во Полска 11. 475; во Унгарија 7.253; во Бугарија 3.071 и во Советскиот Сојуз 11.997 борци на ДАГ.

Од октомври, 1950 до мај 1955 година настанаа измени. Само за пример како резултат на обединувањето на фамилите до 1955 година во Советскиот Сојуз - Узбекистан нараснаа и бројката се зголеми на 16.000.

Во Узб. ССР Ташкент беа организирани т. н „градчиња” за овие емигранти и живееа под режим кои беше организиран од КПГ и ги имаа задржано своите партиски организации и членуваа повеќе од 8.000 Грци и Македонци.

На 3 март 1953 година, умре Сталин, крај на една епоха. За Сталин сега ќе суди историјата. Настана нова ситуација, а на 23 февруари 1956 година се одржа XX конгрес на КПСС и настанаа коренити измени, како во самиот СССР, така и во балканските комунистички партии.

Грчката партија се подели на две крила

Помеѓу политичките бегалци во Ташкент од КПГ беа создадени две крила. Захаријдисовото беше подржано од првиот секретар на ЦК Кп на Узбекистан Нијазов, а антизахаријадисовото го подржуваше вториот секретар на ЦК КП Узбекистан Мелников.

Враќање во Н. Р Македонија

Враќањето во Н. Р. Македонија, најавтентичНо го објаснува Евдокија Фотева - Вера, и нејзиниот пречек го опишува верно. Задомувањето и вработувањето беше максимална грижа на државата, како што досега било и за сите кои имаа пребегано во Југославија. Конечно и помогнаа да поживее среќно. Таквата грижа и од држава (можеби и поголема) била сторена и за, „дезертерите”, која и самата многу

искрено и отворено пишува во својата книгана стр. 204.„.. На тие кои дезертираа од ДАГ, од НОФ, кои ја напуштија борбата, оставајќи го народот на милос и немилос, без разлика што во нашето отсуство овде протежирале (усно и писмено) лаги воопшто не им веруваме. Тие секогаш и долу, во Егејска Македонија, во КПГ, НОФ, АФЖ, НОМС се служеа со интриги. Таквите овде ја извртеале вистината за ДАГ и НОФ за 180 степени, мислејќи дека вистинските и доследни раководители не ќе се вратат живи."

Но, станува збор за враќањето на борците и бегалците!

Но, не било така и со враќањето на сите тие борци во татковината СРМ. Тие храбри борци кои во таа епопеја (како што ја нарекува историчарот Р. Кирјазовски) го потврдија својот национален идентитет, минаа по „Идризово" и како такви беа подоцна рангирани, на подобни, неподобни, па дури и „руски шпиони" од кои повеќето и така умреа вклештени со тешка болка во срцето. Таквите борци беа сместувани во разни „Гета" - Автокоманда, Чаир, Кисела Вода и т. н, најверојатно со некаква цел, но ете природниот тек на животот направи младите да ги напуштат Гетата и да се размешат со матичниот македонски народ, а не како "егејци". Неподобните останаа во целиот период од 60 години како граѓани од втор ред, чувствувајќи ја болно таа потурнатос во своите сегменти на животот и од развојот на својот народ носејќи го до денденес името на подбивката „Ослободител" или „Егеец", ама со големо е, а големото е значеше одвоеност од македонскиот идентите. Зошто?...

ВРЕМЕ НА ЖЕЛБИ И НА ИЗГУБЕНИ ИЛУЗИИ. ПЕКАЊЕ ПО РОДНИОТ КРАЈ

По Граѓанската војна Македонците останаа да живеат со желби. И покрај желбите, принудени беа во животот да не бараат ништо повеќе отколку што тој во моментот можеше да им даде. Можеби тоа беше и единствениот начин да не се чувствуваат толку несреќни.

Македонците си го поставуваат прашањето: „Војував до крај на војната, но без да знам зошто. Никој ништо не ми признава: ме нема ниту во матичната историја, ниту во грчката што ја пишуваат комунистите"

Товарот е веќе претежок и тој повеќе не може да се носи, но го носиме, чиниш недоволно сме казнети во овие изминати 60 години или недовлно сме сотрени во идеолошкиот отпад.

ВЕСТ: НА ВЕСНИКОТ ПОЛИТИКА - БЕЛГРАД И НОВА МАКЕДОНИЈА - СКОПЈЕ

(23 август 1992)

Тито ги „смрзнал" егејските Македонци.

Со таен, но траен сојуз со Грција и НАТО и, по Титов налог, пред 42 години, Југославија прифатила во наредните децении да не го поставува прашањето за судбината на егејските Македонци во северна Грција.

Образложење: „Во летото 1950 година, Тито реши дефинитивно„да го реши грчкото прашање" постигнувајќи спогодба со својот стар воен соработник Фицрој Меклејн. На Бриони Меклејн стигна во јуни 1950, и тоа како неслужбен преставник на британската влада. Тој беше подготвен и овластен, во случај на поволни резултати од разговорите, на Тито да му понуди противуслуга. Ваквиот договор беше постигнат во најголема тајност. Британската страна го одржа ветувањето и на Југославија испорача помош во вредност од 30 милиони фунти стерлинзи, како и заем од 11 милиони фунти стерлинзи."

АРХИВ НА МАКЕДОНИЈА

Во февруари 1953 година во Анкара се водени тристрани разговори за формирање на Балкански Пакт за пријателство и соработка по меѓу Грција, Југославија и Турција.

Во август 1954 година се дополни и се стави во сила со потпишувањето во Блед (Југославија) за воен Сојуз помеѓу трите потписници.

Балканскиот Пакт од 1953 година беше еден момент како подршка на Југославија од заканите што беа упатувани од земјите на комунистичкиот лагер и затоа не траеше многу. Така во 1961 и трите земји оценија дека Балканскиот пакт стана мртво писмо.

Но, со потпишувањето на Балканскиот пак имаше и разбирливи последици спрема македонското прашање, бидејќи Југославија на Грција и направи отстапки на Грција и тоа: го распушти „Сојузот на Македонците од Егејска Македонија" и затвори (ликвидира) пропагаторскиот весник „Глас на Егејците".

ВЕСТ: НА УТРИНСКИ ВЕСНИК – СКОПЈЕ

Факсимил од обелоденетите документи на ЦИА: CONTINUING SATELLITE AID TO THE GREEK GUERRILAS. CIA HISTORICAL REWIEW PROGRAM RELEASE IN PULL – central intelligence agency:

Тајните документи на ЦИА за Тито, Југославија и за Граѓанската војна во Грција

Наслов: - Судирот Тито - Сталин ги оставил на цедило Македонците во Грција.

Какви биле проценитe на ЦИА за Македонија и за реалациите меѓу Белград и Софија

Наслов:- Независна Македонија голема закана за Тито за време на Инфорбирото.

Депортација: Доколку, се соочи со сериозна закана во текот на 1949 година од формирање на македонска држава,Тито би можел да организира масовни депортации на Македонците во други делови на Југославија, анализира ЦИА во својот извештај за Македонија во 1949 година.

„...Серијата документи на ЦИА, кои се однесуваат на Граѓанската војна во Грција, датираат од 1946 до 1949 година и тие даваат една нова конотација на случувањата од тој период. Американските разузнувачки информации недвосмислено покажуваат дека тогашна Југославија и Македонија како дел од федерацијата, активно учествувале и го помагале герилското движење на северот на Грција. Подоцнежното откажување на подршката и поразот на комунистичките герилци, ЦИА во најголем дел ја припишува на судирот меѓу Тито и Сталин.”

(8 и 9 август 2005)

Кој треба да даде одговор за историјата на егејска Македонија која стана земја на несреќни луѓе со црна судбина? Луѓе - жртви, без историја: ни во матичната историја на Македонците, ни во грчката историја на своите соборци. Педесеипетгодишна амнезија: за предавствтото спрема Македонците - кои беа изманипулирани, излажани и продадени! За овие 60 години светот се измени, а ние останавме неми набљудувачи.

Повеќе од половина век си ги поставувам прашањата: Зошто КПМ - меѓу КПЈ и КПГ - ги жртвуваше Македонците под Грција? Зачудува однесувањето на официјалната историја и државна номенклатура пред светот, како да немаме факти и аргументи дека сме постоеле и дека постоиме?

Зошто КПМ дозволи НОФ да се најде во менгемето на КПЈ и КПГ и во положба да ја брани логиката на безумието и одеше по работ на бричот.

Зарем КПМ не знаеше дека НОФ на КПГ и направи не проценлива услуга, но не помалка на КПЈ. Значи, фактите бесмислено говорат дека хаосот во егејска Македонија, бил испланиран поради нечии стратешки интереси и потреби и целите на НОФ и АФЖ од 23. 4 1945-16. 10. 1946 биле диктирани однадвор.

Значи, не е потребна голема мудрост и аналитичка способност па да се заклучи дека на овој начин се создавани услови за легален прогон на македонското населние организирано во овие организации. Злосторството не може да се сокрие. Уште потешко е тоа да се заборави.

Дека: КПМ - МЕЃУ КПЈ И КПГ - ГИ ЖРТВУВАШЕ МАКЕДОНЦИТЕ ЛЕГАЛИЗИРАЈЌИ ГО ГРЧКИОТ ПРОГОН НА МАКЕДОНЦИТЕ ВО ЕГЕЈСКИОТ ДЕЛ НА МАКЕДОНИЈА.

Зарем неможеше да согледа дека идеолошкиот активизам на туѓинците, се шириле како малигно заболување на душата, кај Македонците под Грција во годините 1944-1950 година...

Зошто ја отфрливме алтернативата која не би била помала славата ако непријателот го победевме со ненапуштање на вековниот стремеж за зачувување на сопствениот исконски македонски простор - нашето прадедово парче земја и компактноста на македонското население во Македонија под Грција? Денес не ќе имавме опустени македонски села во егејска Македонија и прогонети Македонци низ целиот свет?

За на крај: знам дека сме виновни за нашиот пораз, оти ние не се спротивставивме кога можевме и кога требаше. Јас со години се обидувам да бидам крајно коректен во презентацијата на информациите (историските факти) што ги поседувам и ги објавив во книгите: „Идеолошкиот активизам над Македонците под Грција", „(Само) жртвувањто на Македонците под Грција" и „Билет во еден

правец", "Македонците низ пеколот на црвеното губилиште", но... останува пред светот да молчеме и едно големо НО!

Редно беше барем македонската историја, еднаш да беше одговор на одредени прашања за причините - СТРАТЕГИЈАТА НА ПОРАЗОТ.

Соборци, пријатели и непријатели

Во поглавјето „Поразот на Демократската армија" стр. 21. Евдокија Фотева - Вера во својата книга дава оценка: „... Генералниот секретар на ЦК на КПГ Захаријадис, по паѓањето на Вичо, велеше: 'Грамос ќе биде гробница на монархофашистите. Меѓутоа, по бројните жртви, ако не се повлечеше ДАГ во Албанија, ќе се случеше обратното, на што подолго работеше лично тој со неговото Политбиро со сменувањето на докажаните воени стратези со таканаречениот 'Закон за Врховниот воен совет', кога му е одземена командата на генерал Маркос над ДАГ, поставувајќи нови 'воени стратезѝ без потребно соодветно искуство".

Маркос - генерал или злосторник? Во еден број на грчкиот весник „Та Неа" и „Епикера" што се печати во Атина, беше објавена информацијата за средбата во Атина на генералот Маркос со генералот на владината војска на Грција во времето на Граѓанската војна, Цакалотос. Види под точка 9. 1. Или повеќе во: „Нова Македонија", од 25. 02. 1992.

Значи, со ова што вели Маркос, во Граѓанската војна ние Македонците се боревме за да ја изгубиме Македонија под Грција!!?? Тој, значи, преставувајќи ни се како комунист не лажеше.!? Па произлегува дека Генеролот Цакалотос и како човек и како воин е по хуман; жали за жртвите. А ние во историјата се отепавме да пишуваме славопоики за генерал Маркос кој се покажа дека водеше наше истребување во самите редови на кои му служевме.

Двајцата високи раководители; Никос Захаријадис и Вафијадис Маркос двајцата средноазијадци кои не поведоа во Граѓанската војана, со мамката на КПЈ/КПМ (НОФ и АФЖ) дека ќе ни создат нов свест.

Тие за време војната градејќи го "новиот свет" сурово газеа врз достоинството на Македонците, ги валкаа нивните национални чувства и упорно го негираа македонскиот национален идентитет. На крај не отпоздравија...

Потоа следеа:

Годините на валканите пароли; Силата на црвената бура; Мрачните мисли на идеолошкиот активизам; Изгнаници со порабена судбина.

Неоти има фајде што сега народот ги нарекува натрапници...

На Конгресот во мај 1987 година на прес конференцијата со грчките и странските новинари, во септември 1988 (скоро година дена и потоа) во Солун генералниот секретар на КПГ, Харилаос Флоракис, конкретизира, односно кажа отворено зошто на Конгресот зазеде таков став. Имено, на односното прашање од новинарот на „Месимврини", Флоракис, меѓу другот рече дека: „Во оваа пригода сакам да кажам дека за нас, за нашата Партија, македонското малцинство не постои!" (Вечер, од 5 ноември 1988, с.)

Во август 1948 година, Захаријадис го смени од главен командант на ДАГ генерал Маркос Вафијадис, познат со својот став (стратегија и тактика) дека вооружената борба треба да се развива во мали ефикасни партизански воени единици. Не фронтално.

Захаријадис, со смената на Маркос, ја презеде целлокупното командување и настојуваше да створи вооружни едници на ДАГ за фронтална борба и тактика против националната армија на Грција, која беше 10 пати поголема и потпомогната од Америка.

Во август 1949 година, на фронтовите Грамос и Вич, ДАГ е скоро уништена и повекето од борците поминаа во емиграција во источните земји. Захаријадис, по таквата нова положба, западна во уште низа поголеми грешки, кои имаа како последица на целокупното лево движење. Тој изјавува и вели: "Поразот, беше едноставно мала 'починка -здив и припремание на ДАГ и таа останува со пушката во строј: " То опло парапода"

Глас на востаничкото радио: ЗА ПОСЛЕДИЦИТЕ ОД ИНФОРБИРОТО

На 4 ноември 1949 година грчкото востаничко радио ја пренело официјалната изјава на ЦК на КПГ, за причните на поразот на Демократската армија. Во неа, покрај останатото, било истакната: „Од денот кога Информационото биро на комунистичките и работничките партии го разоткри Титовото издајство, бандите на слугите на империјализмот започнаа се повеќе отворено да ја поткопуваат тешката нерамномерна борба на грчкиот народ. Бандата

на предавниците и дезертерите се востанови во Скопје и под раководство на белградската клика, организираше дезертерства од Демократската армија. Тито не лиши од потребните резерви. на крајот, не само што дозволи на монархофашистичката армија да ја употреби југословенската територија за да ја нападне Демократската армија на Кајмакчилан, туку, исто така, дозволи неговите сили да не нападнат зад грб во текот на борбите на Вичо"

Вукмановиќ - Темпо, во својата книга „Како и зошто народноослободителната борба во Грција доживеа пораз", на стр. 77, „Инволвирањето на Југославија во грчката револуција било толку големо што КПЈ се почувствувала обрзана да изнесе анализа за неуспехот на револуцијата. Општиот заклучок бил дека КПГ не успеала поради тоа што недвосмислено не ја признавала македонската нација и што била сосема претпазлива во превземањето воени акции, особено откога генерал Маркос бил сменет 'под лажен изговор' ".

Тој исто продолжи со обвинувањата и вели: "НОФ беше создаден од Тито и Колишевски... Неговото основачко и раководно јадро беше составено од титови агенти од типот на Митревски Керамициев, Гоце, Раковски, Вера и други, со единствена цел да ги унапредат интересите на Белградските раководители во егејска Македонија... Да го користат славомакедонскиот прашање за остварување на нивните националистички планови-присоединување на Егејска Македонија...". Тоа го напиша Захаријадис, и беше усвоено на посебното советување на Македонските кадри на КПГ, разгледано и прифатено од Политбирото на ЦК на КПГ. Така грчката страна гледаше и ги разбираше работите. Види: ТО ККЕ 1918-1952, стр. 271, а го цитира и Павле Раковски во книгата 2000/347.

Захаријадис, продолжуваше со манипулирањето на Македонците, се до последна политичка моќ која располагаше како Генерален секретар на КПГ. По негова иницијатива на ден на седницата на Претседателтвото на организацијата "Илинден".

- На Македонците од Егејска Македоннија, формирана по иницијатива на Захаријадис, што се одржа на 4 јуни 1956 година, раководителот на организацијата Пандо Вајна во својот реферат во врска со прогонот на Македонците од КПГ, меѓу другото, рече:„ Во периодот на борбата на ДАГ и после поразот, Захаријадис спроведуваше политика на клеветење и прогонување на еден добар дел од славомакедонските кадри и народни борци. Сосема неосновано и многу лесно на славомакедонците кадри и народни

борци им ја лепеше етикетата ‘агент на непријател на народот’ и “Тито ви агенти” и. т. н.

Реакцијата реагира остро против неговата изјава и како почеток во 1955 година во Ташкент на 6-от Пленум во март 1956 година, по интервенција на советите, Захаријадис е сменет од положајот генерален секретар и идната година беше испишан и од член на комунистичката партија на Грција.

Значи, ако добро го разбравме генералниот Секретар на ЦК на КПГ-Никос Захаријадис како што вели: “Ако бев информиран како што сум денес, тоа немаше да ми се случи”.

По ова, беше испратен во заточеништво во Сибир и трагичната смрт се случи во 1973 година во градот Соргут во СИБИР.

Од измама во измама, а тоа претставува за нас Македонците (кои сме биле испратени со билет во една насока; на луѓе со изгубено достоинство, луѓе тажни и во болка). Втор дел на ужасот по Граѓанската војна. Така говорат веродостојните факти и тоа е историска вистина. Тие факти ја покажуваат мрачната и темна завеса на нашата судбина.

Низ минатиот половина век, многу често се прашував зошто во Македонија на овие теми неможеме отворено да разговараме. Станува збор за клучни национални теми, изместени од националните интереси, неверојатни тајни политички проблеми што уште постојат, а не сакаме да ги согледаме и да ги видиме. Конечно, знаеме ли чии жртви сме? Едноставно, никој не сака да разговара на овие табу - теми. Ете, сега, дури и авторот која била основач и лидер на АФЖ не упати во понови тајни заблуди. Во изминатите 55 години, многу крикови од Македонците кои беа жртви во Граѓанската војна не сакавме да ги слушнеме дури тука во родната држава на сите Македонци. Овоа се потврди и на Собранискатa Анкетна Комисија за заштита на човековите права и правните експерти која се одржа на 23 јануаеи 2006 година, како што реже Вања Тошевски: „Во тогашна Југославија, се блокираа сите практички активности на тој план. И тоабеше во корист на Грција...“

Верувам дека ние паталците (искорнатите од Македонија под Грција) сфатиме дека сите тие идеологии како: нацизмот, фашизмот и болшевизмот се создадени од амбициите на нивните создавачи кои се наракуваа дека се загрижени за доброто на човештвото (напр: Ленин создаде систем, кој на крајот го уништи и него самиот). Власта во

рацете само на еден човек е вистински извор на опасност, отсекогаш. Но, во ниедна земја власта (партијата-КПГ) не била толку многу сурова спрема своите војници што ги остави по светот и пола век не проговори за нивната судбина...

Заборава КПГ дека илјадници Македонци ги дадоа животите за суверенитетот нас грција. Заборава за време на отпород против германците се дадоа илјадници жртви. Забарава ли КПГ дека во редовите наДАГ Македонците ги имаше низ цела Грција и гинеа на боишта на Грамос и дека по ликвидацијата заедно со нив станавме политички просфиги. Заборава дека Грците борци ги врати на своите огништа и им овозможи да ги залечат раните, нас Македонците не остави по всетот со билет во еден правец? Има ли смисла и човечност на таквите „Комунистички партии", уште да им верува?

На крај од оваа пообемна воено - политичка аналитичка студијаа може да се заклучи дека: КПЈ и КПГ посакуваа во Граѓанската воијна да си ги решат сите наследени балкански проблеми по поделата на етничка Македонија во (1913) и на Македонците да им докажат дека никогаш тие нема да застанат зад барањето „Обединета Македонија".

Македонците под Грција беа жртви на КПЈ/КПМ и КПГ, кои ја разгорија и ја лоцираа војната и овозможија тогашната грчка влада да спроведе воени терори, уништувања и обездетувања на македонската куќа и со тоа да се создадат „легитимни" миграциони движења на илјадници Македонци.

Тежок е товарот што го носиме цели 60 години, но и многу работи не разјаснивме, па се поставува основното прашање: ДАЛИ ВО ГОДИНИТЕ НА ВОЈНИТЕ (1940 - 1949) СОЗДАДОВМЕ МАКЕДОНСКИ ОРГАНИЗАЦИИ КОИ ПРОИЗЛЕГУВАА ОД НАЦИОНАЛНИТЕ СОСТОИБИ НА МАКЕДОНЦИТЕ ПОД ГРЦИЈА ИЛИ НИ ГИ СОЗДАВАА ТУГИНЦИТЕ (КПГ И КПЈ) КОИ ИМАА КАКО ОСВОЈУВ0АЧКИ ПОЛИТИЧКИ ПРОЕКТИ!?

Навистина сега се е навидело дека сите од организациите СНОФ, СНОВ, (создадени од КПГ), па следи Граѓанската војна со организациите НОФ, АФЖ, НОМС (создадени од КПЈ), па КОЕМ и „Илинден" (создадени од КПГ) и во своите пропагирања правеа центар на масовниот култ на личностите од тие туги партии. Тие заборавија дека треба да се сака земјата и народот, а не само партијата и освојување на власта.

Многу прашања во врска со нашите раководители, но од никој не покажа доблест да каже дека тие навистина беа вовлечени во длабока погрешна и трагична политика, посебно во Граѓанската војна кога Македонците се доведени до национална катастрофа.

Дали раководителите на НОФ и АФЖ се однесуваа одговорно? Тие македонски раководители во буквална смисла на зборот, жестоко поделени низ тугите партии, често прилегаа на фаланги собрани околу водачот на партијата, спремни да јуришаат на други фаланги (Македонци во друга партија КПЈ или КПГ) собрани околу други водачи. Тоа сега станува јасно дека политиката за тие наши луѓе била премногу сериозна работа оти оценката на македонската историја ќе биде строга и мора да ги именува за доблесни или за никаквеци. Но, факт е дека тие наши луѓе минувале од заблуда до заблуда, разочарување до разочрување!

Или и тие имале тешкотии комплетно да водат национално стратешки проекти надвор од опциите на КПГ и КПЈ, а камо да донесуваат крупни политички стратегии за развојот на војната. Но, тие беа нашите преставници, нели? Меѓу другото и за тоа како да се сочува народот и прадедовото огниште ни требаше македонско ПРОСТУМЕЊЕ: конечно, многу јасно е бележит ФЕНОМЕНОТ НА НАШАТА ПОДАНИЧКА СВЕСТ и верувам дека ова може да ни биде поука; да не кинисуваме по кадри кои ни ги избират тугинците.

Товарот е веќе претежок, и тој повеќе не може да се носи. Не можам, а да не се присетам на многу илјадитите мои соборци кои коските ги оставија на боиштата на Грамос, Вич и на секаде, а во интегралната македонска истоија ни збор... Мислам дека веројатно сме доволно казнети, доволно талкавме низ полавековниот период под наглед од подобните - „виновни", чиниш сме сториле некакво зло, не објаснето...

Значи, дојде време и подобните да не веруваат бидејќи времето покажа дека; лагата и вистината се израмнија, но едно е сигурно точно. Во политиката не се случува случајно. Оваа студија може да вознемири и обеспокои, но знам колку не неправи среќни една таква здодевна историја која нема „казна" за гревовите од минатото. Македонците под Грција беа водени низ многу нејасни патишта. Но сите патишта имаат нешто да ни кажат.

ИСТОРИЈАТА ОД ТИЕ ВРЕМЕНСКИ МЕТАМОРФОЗИ ДОБРО ГО ПАМЕТИ КРВАВИОТ УРОК ТАА КАКО ПРАВДА ВО ИДНИНА ЌЕ ДАДЕ СУД ЗА СЕКОГО.

10.1 Причините за спорот со името се во Граѓанската војна, наводно таа војна е водена од СЛАВО - КОМУНИСТИТЕ

Да го проследиме ставот на професорот Трепст и на поранешниот премјер на Грција Мицотакис и да видиме какви гревои ни се препишуваат на нас Македонците:

“Вистинската причина за хистеријата што го зафати целото грчко општество во однос на Македонија не може да се објасни само со тогашното распаѓање на Југославија и самостојноста на Македонија, туку таа има подлабоки корени во нерасчистената траума на она што во грчко - националистичкото сфаќање се нарекува славо - комунизам”, оцени во интервју за радио Дојче Веле профессор Штефан Требст, раководител на истражувачкиот проект на Универзитетот во Лајпциг на тема “Грција и македонското прашање”

Според него, спорот меѓу Македонија и Грција може да тера уште 100 години зашто Грција целосно би го загубила својот углед доколку сегашното име Република Македонија официјално би било прифатено.

Всушност, што ни оспорува Грција? Божем нашето име Македонија. Не, таа ни го спори правото да постоиме како народ, како Македонци. А нашето име Македонија не е од иднината, туку е од минатото. Со која непозната иднина, ние ќе го браниме името од минатото: Македонија. Всушност за се наше ни се нуди непознато нешто. И не советуваат да се договориме со Грција за да станеме ништо.

На Грција воопшто не и пречи името Македонија. Таа сака да ни забрани ние така да се викаме и да престанеме со изучувањето на историјата. Посебно античката историја. Да ги заборавиме Македонците во Грција и сите злодела што ги извршиле над нив и последниот геноциде во времето на Граѓанската војна.

Можеме ли да се откажеме на еден голем дел од нашиот народ, од тоа наше заедничко минато што сме го имале се до поделата на Македонија?

Но, да го проследиме интервјуто на хамбуршкиот “Шпигел” што го имал со господинот Константин Мицотакис (види “Нова македонија” од 28 јуни 1992 година) и работите ќе бидат по јасни:

Шпигел: Дали можете да се помирите со постоењето на оваа држава (Македонија)?

Мицотакис: За нас е добро оваа Република да постои. Кога не би била независна, таа би се поделила меѓу Албанија, Бугарија и Србија. Грција тука не би се мешала, бидејќи ние не сакаме граѓани, кои не се Грци.

Шпигел: Тогаш зошто Грција упорно одбива оваа Република да ја нарекува со името Македонија, а не со името Скопје, како што тоа го правите денес? Ова чудно недоразбирање не може никој да го разбере во Западна Европа.

Мицотакис: Би пожелувал тоа недоразбирање да биде само чудно. Грција е многу изнапатена, тоа не треба никој од нашите пријатели да го заборави. По Втората светска војна, кога комунистите ја разгореа граѓанската војна кај нас, оваа Република Македонија требаше, преку Солун, па се до Егејот да се протега. Отгаш Скопје без прекин воид една експанзионистичка пропаганда.

Шпигел: Оваа мала бедна земја сигурно не може да преставува опасност за Грција?

Мицотакис: Република Скопје е една нестабилна конструкција, еден мозаик од два милиона жители. Опасност за нас не би можела да биде, но може да предизвика опасност за нестабилност за нашата земја. Се плашиме дека таа пропаганда ќе се воиди во иднина. Затоа, Грција се залага за промена на името. Па, господата од Скопје, сметам дека тоа не ги чини ништо. Тие немаат ниту национални ниту, пак, историски причини ова име да го држат.

Шпигел: Ако Македонија, според договорот, се откажува од територијални претензии и од промената на границите, какво значење има тогаш името?

Мицотакис: Името е се. Името е пропаганда за себе, тоа е симбол.

... Никој нема авторско право на името Македонија. Македонија е географски белег. Еден дел од Македонија - 50 проценти и припаѓа денес на Грција, друг дел на Бугарија, и трет на Скопје. Тоа е реалноста.

10.2 ОД КОГА И ЗОШТО ГРЧКИТЕ ПОЛИТИЧАРИ ПОСАКАА ДА СЕ МАКЕДОНИЗИРААТ

Полемики, анализи и коментари за важни нешта низ сопствената призма на одредени грчки ставови за македонските состојби.

РЕКОА:

Јован ДОНЕВ “Евро Балкан”, смета дека дозволиво во 21 век човек да не може јавно да каже што мисли.

“Шест пати сум изјавил дека политиката на Грција кон Македонија е политика на холокауст (63) кон македонскиот народ. А ако некој не знае што е политика на холокаустот, нека ми се јави. Сите што го поддржуваат однесувањето на Република Грција кон нас, фактички ја подржуваат политиката на холокаустот и ова не ми го кажал ниту Груевски ниту Иванов, туку е мој став”.

А. КОНЕЧНО - НЕМА МОЛЧЕЊЕ ПРЕД УЖАСОТ!

ПОВОД: Евангелос Кофос (64), историчар и политички аналитичар и архитект на грчката политика по “македонското прашање” од Грција учесник на семинарот “РОС - РОТ” во Скопје ги истакна црвените линии што треба да се запазат за можното решение за името. Објавено во “Нова Македонија” на 22- 24 октомври 2010, Скопје.

Почитуван господине Евангелос Кофос, сте преставени како грчки историчар и политички аналитичар, и за архитект на актуелната грчка политика по “македонското прашање”, па не е за чудо со вашиот асиметричен вовед, не обзнанивте дека имало некоку Македонии:

Прва Македонија - древно македонско кралство, и таа била историска Македонија.

Втора Македонија - административен регион од кралската Грција, но не кажувате од кога и како настана тој дел под Грција? Значи, не знаете ништо, ниту за сведоштвата од Карнегиеата комисија која имала задача да ги истражи злосторствата сторени од грчките војници над Македонците во текот на таа војна. Не знаете ништо ни за обрските која ги зела Грција при поделата на Македонија и тој дел од кога стана - административен регион на кралската Грција. Само вие знаете за вашето своевидното премолчување (но јас си го задржувам правото подулу во текстот да ве прашам)... И ни објаснивте дека 1944 година се создава федеративен дел на СФРЈ, НРМ.

Трета Македонија - се создава територијата на која живеат граѓани на ПЈР Македонија.

Четврта Македонија - татковина на етнички Македонци.

Господине Кофос, зборувајќи на семинарот "РОС - РОТ" велите дека проблемот меѓу државите е името, а не идентитетот. Но, во вашето капризно и опачно толкување сами се демантирате и велите: - Грците денеска не бараат земја надвор од своите граници, сметаат дека наследството од антиката е основна состојка на нивното наследство.

Господине Кофос, токму за тоа сакам да ве прашам: зошто таквото наследство не го баравте во 1944 година кога се создаде федеративниот дел на НРМ?

Колку што може човек ве разбере во таквото Ваше асиметричко гледање: дека ние Македонците дури и во сегашното тло на Република Македонија не сме имале право на историското и културно наследство. Требало ние Македонците да ги заборавиме сите артефакти од античкиот период откриени токму во Република Македонија? Господине Кофосе, не сум уверен дека и господ Бог ќе може да Ве разбере; на таков начин да можете да усвојувате цивилизации... ! ! ? ?

Понатака велите:- Тоа што Македонците инсистираат на македонски идентитет, Грците го сваќале како барање со примеси на територијални побарувања. И продолжувате: За нас е зборувањето за Егејска Македонија (значи мислите за оној административен регион од кралска Грција). Пиринска Македонија. Чудно е што третиот дел сега се идентификува како ваша држава (значи аналитичарот Кофос мисли на Рапублика Македонија, ама...) Зборува, се во некаква завиткана форма и заборава што пред тоа ги набројa дека постоеле повеќе Македонии и повеќе Македонци. Но, кога станува збор: Кој биле жители на Република Македонија. (Кофос историчарот и аналитичарот за Македонците: вели граѓани на ФИРОМ).

Интересна е и "еволуцијата" на Кофос, кој самиот ја раскажа и дека студирал на универзитетот "Џорџтаун" во САД. Во почетокот, за некој семинар или и за приемен, од предложената листа, го избрал "Македонското прашање". Професорите, меѓутоа, одлучно го советувале да ја смени темата. Му објаснувале дека таа не е препорачлива, дека е претешка, дека на тие што сакале да ги одбијата, им ја давале оваа тема - за да не поминат! Ама тој опстојувал. И, за

крај вели: Тогаш го зедов (мисли на темата “Македонското прашање”) и цел живот со него се расправам! Педесет години!

Но, господинот Кофос заборава на уште многу реалн

ости и една непобитна реалност е, кога на Грчката елита не им пречело името за кое сега вели: “ Името е се. Името е пропаганда за себе, тоа е симбол. “

Ете, која е таа непобитна реалност: Ние Македонците во Светската организација со ратификувањето на Повелбата на Организацијата на Обединетите нации, постојат ратификуваните документи на тогашната Демократска Република Југославија и нивна неизоставна составка е ратификација во народното Собрание на Демократска Федерална Македонија: ДФМ! Југославија не ќе можеше да биде основач на ОН ако Македонија не го ратификуваше потписот на вадата во Белград!

Токму тоа треба да го знае грчката елита и Кофос, дека првата слободна република на Македонците под своето уставно име Македонија е основач на Обединетите нации, како сојузник во антифашистичката војна и победник. Значи, проблем со името немала Грција. За неа сме биле и АСНОМ, ДФМ и СРМ. Тоа е факт, но факт е и тоа дека Грција отвори Генерален конзулат во Скопје на чиишто патентни писма и дипломатско- конзуларна документација стои сосема јасно: Конзулат на Грција во Социјалистичка Република Македонија: СРМ!

Оттука се јавува и моето прашање: Што го спречило историчарот Евангелос Кофос, да не ги презентира историските факти кои зборуваат за нас Македонците што ги имал на располагање во архивата на Велика Британија? Но, и во другите светски архиви.

Како што се:

*”Меморандум - за македонското прашање. Односно, каде се зборува за ситуацијата во Грција (Егејска) Македонија факти за грчкиот терор во Македонија. Извештај на американскиот печат за грчиот терор во Македонија. Односно: ситуацијата во Грчка (Егејска) Македонија од 16. 12. 1946. Ф0 371/58615 ХП00201 Р16924/298/67.

*”Меморандум од Грција за словенското загрозување на грчка Македонија, од 20 октомври 1946. Ф0 371/58615 ХП00201 Р156551/298/67.

*Книгата “Македонскиот комфликт” од Лоринг М. ДЕНФОРТ- професор од САД по професија антрополог. Тој со својата превошоднса антрополошка анализа на тема “Македонскиот конфликт” во ова волуминозно и сеопфатно дело, втисна посебен белег во историјата на кофликтот и со ектлатантни докази проговори и со респект кон се што е релевантно да создаде амбиент за реално расветлување на сите темни дамки што го имаа доведено во криза македонскиот национален ИТЕГРИТЕТ. Тој, во својата книга зборува, токму на таа тема “Откако војната заврши”, посебно за Македонците под Грција.

Но, постојат и многу други историски документи, па дури уште од поделата на Македонија, но и од војните објавени во грчката историографија од страна на високи функционери на ДАГ, кои зборуваат за нашиот македонски идентитет.

Господинот Кофос, откако објасни колку Македонии и Македонци има, вели дека 50 години работи на “Македонското прашање”, значи станува збор за учено маже а и бил идеологот на грчката политика кој лично тој ја дефинирал суштината на грЧката политика кон Република Македонија во однос на името и од таа негова порака произлегува дека: “суштината на грчко - македонскиот спор се токму прашањата поврзани со идентитетот”. И децидно вели: “Вашиот идентитет! Кој сте вие, а кој сум јас? “И продолжи: “И јас сум Македонец, како и многумина други во Грција, кои се веројатно по бројни од вас! Како и зошто се по бројни не кажува, но нека ми биде дозволено подолу во текстот да го поставам прашањето: од кога и со какво инородно население е изменет етничкиот состав на тој дел на Македонија што сега му дава име: администартивен регион од кралска Грција?

Госпдине Кофос, ако наследството е идентитет, тогаш овие колонисти донесени во овој административен регион од кралска Грција, како можат да градат идентитет на нашето староседелско вековно македонско наследство? !

Тие денес се преставуваат како современи Грци, но и претендираат да бидат Спартакијци и Тракијци, и Византијци и Епирци, и Македонци и антички Грци, и што уште не! Само современите Македонци не можат да имаат свој идентитет! ? Но и од статистиката се знае дека токму во тој дел Македонија (некои живееле) сега живеат голем дел Турци, Ерменци, Власи, се разбира и ние Македонците. Ова ни покажува дека Грците успеаја да внесат контрадикторност во многу

заемно исклучиви дефиниции и да исконструираат свои “научни” одговори, согласно на одамна воспоставените версајски гледишта кон Македонија и кон македонскиот народ. Тие отидоа до таму што посакаа да извршат дури и “трансплантација на душата” за во Македонецот постепено да почне да се губи здравото татковинско чувство. Грците со својата стратегија се покажаа најжестоки во стилот: “Требало да се создаде таков принуден механизам, кон оваа специфична нова усвоена (1913) територија, бидејќи беа длабоко уверени дека македонското јадро како посебен етникум, никогаш нема да биде лојално кон грчката држава и настојуваа да ги озаконат сите геноцидни зафати.”

Кофос, продолжува да објаснува за идентитетот и вели: “Индувидуално право е секој да се чувствува што е. Владите не можат да го решат тоа. Тие се под притисок. Лично сметам сите имаат право на идентитет. Очекувам да се води сметка за мојот. Така ќе го решиме проблемот со името. Јас сум Македонец и ние велиме Македонас. Ние бараме решение како да се разбереме едни со други. Затоа ве нарекуваме Славомакедонци. Кога ќе одиме во светот, да знаат - кои сте вие, а кои сме ние!?!” Значи, ете што го мачело цели 50 години господинот Кофос.

На крај, од групата студенти му беше упатено прашањето од една Македонка:

- Кога одите во странство, како се преставувате Вие, господине Кофос - како Грк или како Македонец? Тој одговори дека се преставувал како Грк ама се Чувствувал како Македонец!

..... со таквиот одговор, теоријата на Кофос, сосема стана прозирна; и се базира на посебната - πονηρι (лукавство).

Господинот Кофос, продолжува со уште поголема жештина низ историјата и политиката, на своевиден и чуден начин (како што народот вели: “Крадецот ја суди жртвата”) да ја укорува жртвата; да ги истакнува црвените линии (сега во мода) и спрема неговото високо интелектуално и аналитичко поимање вели дека требало да се запазат во евентуалното решение за името (мисли на нашата држава Република Македонија, ама од омраза не ја споменува). И вели: - Прво, никоја од страните да нема ексклузивитет на терминот македонски, второ, преговорите да резултираат со финално, а не со времено решение и, Трето, решението да го содржи терминот Македонија, со јасна идентификација на регионот каде се наоѓа државата. И за крај вели: Ова се можните перспективи за решение на

спорот. Не сум наивен да верувам дека ваквите предлози ќе бидат поведени политичарите и дека јавноста ова ќе го подржи веднаш. И додаде дека овие предлози ги соопштил пред неколку години и оти тие биле критикувани од двете страни во спорот. Толку тоа го рече и аналитички ни го образложи.

Господине Евангелос Кофос: дали денес можеме да речиме дека меѓу двете земји, меѓу Македонија и Грција нема други проблеми, освен проблемот со името кое ги труе односите од независноста на Македонија? Вие велите: - За името ние (Грците) направивме голем чекор. Тоа е голем чекор....И дека не сакате да навлегувате во детали, но од географски историски и национални причини вие сте имале право. Значи; и водата што ја пиеме, и воздухот и плодовите и..... се грчки! ? !

Досега слушавме од многу грчки политичари кои ги повторуваа овие тези на Кофос и велат:

"...Со тоа само ќе сме го отвориле прозорецот кон европската иднина кој ние толку многу му е потребен. Ние (Грците) ја покажавме и ја потврдивме нашата искреност и волјата да помогнеме". Во исти стил продолжуваа: „...Ние Грците направивме радикален чекор со потпишувањето на Привремената спогодба....Вие се сеќавате како грчкиот народ не сакаше да слушне за името... Но ви се колнам и ви гарантирам дека Македонија како име е преоптеретено со грчка историја и нема ниту еден Грк меѓу моите избирачи, меѓу моите колеги, кои ќе може да и го даде ова име на друга нација, чии припадници дојдоа тука во 6 и 7 век. Тоа е невозможно и неприфатливо! "

Господине Кофос, само за информација бидејќи вашиот говор беше без детали и не ја кажавте вистината, но треба да знаете дека има и такви Македонци кои подобро си ја знаат историјата. Такви историчари и аналитичари ги има и кај нас и во светот кои тврдат дека: „ Ниту името Македонија е грчко, ниту античките Македонци биле Грци, ниту пак шестнаесеткратното сонце било грчко" и дека тоа го имале кажано во своите научни трудови како што се: грчките учени уште од класичното време, како Ефрос, Дионисиос Калифондас, Дионисиос Перигитис, Атинеос и други, тврделе дека „западните граници на стара Грција стигнале до Амвракинскиот Залив на северозапад, и до реката Пиниос на исток, додека северно од оваа линија живее етносот на Македонците".

Читајќи ја историјата (а Вие нели сте Историчар), ќе се убедиме дека нема остри граници и резови, па се поставува прашањето: дали е можно да се направи остра граница меѓу античките и современите Македонци?

Ако античките Македонци не исчезнале пропаѓајќи в земја, тогаш јасно е дека учествувале во процесот на етногенеза на денешните Македонци. Но, тоа не значи дека може да се стави знак на еднаквост меѓу античките и денешните Македонци. Но, не може да се негира врската меѓу античките и современите народи, и дека нема равенство меѓу нив.

Но, најверодостојно е да се послужиме со факти: Еден од најдобрите познавачи на балканската историја е еминентниот историчарот Д-р Стојан Киселиновски кој заедно со Д-р Ирена Ставова - Кавка, во книгата „Малцинствата на балканот (XX век) - 2004 г. спрема историските грчки извори односно (Лондонскиот протокол 1830 година) објаснуват дека: „ По грчкото востание (1821 - 1829), се формира современата грчка држава (47,516 км2 и со 753,400 жители)....Во 1881 година, со Цариградскиот договор, Грција ја доби Тесалија и дел од Епир....Најголемото територијално проширување Грција го реализира со балканските (1912 - 1913). И Првата светска војна (1914 - 1918). По Втората балканска војна, грчката држава ги обедини грчките етнички територии (Крит, островите Самотраки, Лезбос, Хиос, Самос, Икарија) и негрчките етно - историски територии (Егејскиот дел на Македонија).

По првата светска војна (1919), Грција продолжи со анектирањето на негрчките територии (Западна и источна Тракија). Со тоа територијата на грчката држава порасна од 63.211 км2 на 150.833 км2 и бројот на населението порасна од 2.631.952 жители на 5.531.474 жители."

Значи, така се роди Втора Македонија - административен регион од кралската Грција.

Да ги проследиме фактите што говорат за:

Грчката антимакедонска политика, која се изрази уште во текот на Балканските војни, продолжи натаму се до денес. - Акти на не признавање, дискриминација и асимилација на Македонците.

Господине Кофос, зачудува фактот, како историчар не сакате ништо да кажите, а сето тоа постои во грчките извори:

1) Какви меѓународни обврски и беа наметнати на Грција по однос на малцинствата по Првата светска војна.

Само пример: Во еден официјален документ стои: На 11 ноември 1930 година, Елетериос Венизелос, на една конференција за пежат во Атина изјави: “Прашањето на македонското национално малцинство во Грција ќе биде решено и јас ќе бидам првиот во Грција кој ќе се ангажира за отварање на македонски училишта, ако народот тоа го сака. “

Но, факт е следното: Кога во 1936 година беше воспоставена фашистичката диктатура на Метаксас, со закон беше забранет македонскиот јазик и во секое населено место беа залепени написи во кои населението се предупредува да говори само грчки - “омилите тин елиникин”. Какви беа туртурите и вечерните школи дури и на нашите дедовци и баби е многу познато и жално...

2) Како спротивно на тие обрски, грчките власти вршеа асимилација и геноцид врз малцинствата и

3) Со фактот што се објавени во посебни брошури во 1954 година, каде Гоцаманис ги обработува своите предлози од докладот од 1939 година, им се сугерира на властите по Втората светска војна да го развија системот на асимилација над малцинствата - посебно над Македонците.

Но, барем ова треба да го знаете дека Македонскиот народ под Грција, Втората светска војна во октомври 1940 година по нападот на Италија врз Грција го затекна во услови на диктетурата на Метаксас. македонците мобилизирани и испратени на фронтот, не е тајна дека храбро се бореа цели шест месеци на албанските планини против фашистичка Италија и беа пофалувани од грчките генерали за најдобри војници. Но, да не забораваме дека илјадници ги оставија коските таму, а голготата над нивните семејства по Втората светска војна продолжи.

Но, да го проследиме развојот на асимилаторската политика што систематски се вршеше, се по засилено спрема македонскиот народ.

Под еден: дека Грција во целокупната комуникација и во сите официјални документи за анектираниот дел од поделата на Македонија и го води под имињата: “Освоени земји”, “Окупирани земји”, “Грчка Македонија”, “Северна Македонија” (Ворија Еледа), а

во меѓудржавните договори со манархиите на Бугарија и Србија ете како комуницираа:

Договор за сојуз помеѓу кралството на Грција и кралството на Србија од 19 мај 1913 година. Член 2. При поделбата на територијата на Европска Турција, која по завршувањето на сегашната војна ќе им биде отстапена на балканските држави според договорот за мир со Отоманската држава... Член 3. Двете високи договорни страни... Таа граница базира... тргнувајќи од највисокиот врв на венецот Камна, горна Шкумба, ќе го заобиколи Охридското Езеро, западниот брег кај Преспанското Езеро од селото Коњско, Долно Дупени, до Рахманли, ќе поминува низ текот меѓе Црна Река и Меглена и ќе излезе на реката Вардар... итн. Исти таков договор има и со Бугарија. Член 7. Неговото Величество кралот на Грција се обврзува дека неговата влада ќе ги даде сите потребни олеснувања и се гарантира за период од 50 години полна слобода на српската извозна и увозна трговија преку солунското пристаниште, железничката линија од солун спрема Скопје и Битола... итн се до член 8, 9, 10 и 11. Потписници: Жан Александропулос и Мате Бошковиќ (Види С. Скоко, Други балкански рат, стр. 405 - 408. Се поставува прашањето: Ако од секогаш била Македонија грчка, тогаш зошто неговото Величество кралот на Грција, дозволил така широкоградно да ја дели Македонија помеѓу србија и Бугарија?

Господине Кофос, ако отсекогаш Македонија била грчка и живееле Грци, тогаш кажете нешто: зошто грчката армија од Макеонија го присвојувала административниот регион на кралска Грцијај вршела такви невидени злодела над над обичното население?

Да ги проследиме направените злосторствата со факти и аргументи:

Најавтентични се сведоштвата од Карнегиевата комисија која имала задача да ги истражи злосторства сторени во текот на таа војна. Меѓу најавтетентичние се се сведоштвата писмата од грчките војници, испратени до нивните роднини во текот на Втората балканска војна, а кои биле запленети и од Карнегиевата комисија, (види коментарот на Дарко Јаневски “Нова Македонија” 4. 10 2010): Тој пишува: Кога за Атина и за Брисел е битно дека кај Грците е поголемиот дел од Македонија, а кај нас помалиот, кога тоа е клучниот аргумент што еден грчки министер како Друцас го изнесе и пред ООН, нам не ни останува ништо друго освен еднаш да видеме како Грците станале стопани на тој поголем дел од регионот, вели новинарот Д. Јаневски.

“Ја окупиравме Македонија”

Еден грчки наредник, чиј потпис е нечитлив, на 12 јули 1913 година до доктор Панаги Левенти напишал:

“Ги запаливме двете села, Дулти и Баница, родни места на страшни комити, и се му предадовме на огнот, поштедувајќи ги само жените, децата, старците и црквите. сето ова беше старено без милос или сожалување, извршено со свирепо срце и уште посвирепо срце и уште посвирепа осуда”.

Наредникот Клетанис на 11 јули 1913 година, на брат му Јоани сакал да му се пофали:

“Драги брате Јоани. Овде живеат архикомити. Ние ги масакриравме сите. А местата низ кои поминавме, засекогаш ќе ми останат во сеќавање”.
Како што може да се забележи, во ова писмо Гркот зборува за луѓе што живеат во местата низ кои грчката војска минувала, а не за војници на непријателот. Значи, доволно било цивилите ознаЧени како комити, а потоа без гржа на совеста да бидат насакрирани.

Панагис Бегликис на брат му Сотирис, на 15 јули 1913 година му се исповедал дека дека работите што се слуЧуваат се такви какви што немало од деновите на Исус Христос. “Не е можно да се опише што се случува”, вели Панагис.

На 12 јули 1913 година, капларот Георгиос запишал дека секаде каде што минувале дури и мачките не избегнуваат. Какво е тогаш тоа ослободување на Македонија која, нели, отсекогаш била грчка, кога и мачките бегаат од ослободители?

Нико Теофилатос исто така е доста конкретен за тоа како Грција дошла до големиот дел од Македонија:

“Ми беа дадени 16 заробеници да ги одведам во дивизијата, а јас пристигнав само со двајца. Другите беа убиени во темнината, масакрирани од мене”.

Капларот Георгиос Коркоци на 11 јули 1913 година напишал една реченица која Дрцас сигурно неби мусе допаднала: “Ја окупиравме цела македонија, освен Тракија”.

Според истражувањето на комисијата, при таа окупација, “бројот на куќи изгорени од Грците во втората војна не може да биде помал од

16. 000”.Според стандарте што тогаш некои статистичари ги применувале, за куќите на македонските семјства се претпоставувало дека имаат барем по шест жители, што упатува на тоа дека биле запалени домовите на околу 100.000 луѓе.

“Грчките војници го ослободија првиот македонски град, како што пред тоа ги ослободија и другите покраини кои порано беа турски, но отсекогаш грчки и населението кое до вчера беше под турсско ропство, може сега слободно да го дише воздухот на слободата” пишува грчки “Емброс” во октомври 1912 година, по предавањето на Солун од турската војска на Грците. Тоа што притоа “ослободување” Грците имале потреба без куќи да остават 100.000 луѓе, можеби и не е толку битно.

Луѓето како овци

И навистина, куќите биле помал проблем. Злосторствата врз луѓето што живееле во Македонија која “отсекогаш била грчка”, се нешто сосема друго. На пример, во Серес била заробена една девојка, а потоа убиена со уште шестмина. “Им ги извадивме очите додека беа живи”, запишал грчкиот војник Кости. За масакрот во Серес, комисијата забележала дека затворениците што преживеале имале рани какви што нанесува месар кога се обидува да коле луѓе, на наЧин како што би колел овца.

Анастасија Павловна, вдовица од Гевгелија, сведочела за злосторството извршено врз неа.

И така се редат уште многу злодела уште потрагични, кои се само од присвоениот дел, 51% од Македонија кои потпадна под грчкаа окупација во 1913 година.

Господине Кофос, најверојатно ви се познати следните факти: Ако ги погледниме пописите на етничкиот состав на северниот дел на денешна Грција од почетокот на 20 век во 1903, 1904, 1905 година, кога Османлиската Империја вршела пописи, ќе видите колку Македонци живееле и колку живеат денес таму, како се случило нивното раселување и заминување, односно протерување од таа територија. Значи, проблемот со името е всушност индетитетско прашање, на кое токму вие си зедовте за право да битете архитектот за обезличување на Македонците.

Така било со злоделата за време војната, и така продолжува, но најдобро е да ги набројме историските етапи на разнебитувањето што

досега ги има реализирано Грција над Македонците и зошто грчките власти сметаат, кое и да е признавање на македонски народ или македонскиот јазик директно го става под прашалник грчкиот државен интегритет!? Во Македонија под Грција, доколку се навратиме доволно назад во минатото, ќе стигниме до периодот на првите Андартите на чело со Павлос Мелас и Германос Кравангелис уште во Отоманската империја, потоа по поделбата на Македонија (1913), промената на етничкиот состав, промена на личните имиња и топоними, метаксатовата диктатура, Втората светска војна и Граѓанската војна (1945 - 1949), ќе видиме кои се староседелците во Ег. Македонија, а тоа најдобро го покажуваат суровите закони.

Под два: Грција во анектираниот дел од Македонија изврши преименување на имињата и презимињата, на топонимите и на се: што е македонско на грчки јазик исклучиво само во тој дел на Македонија под Грција со закон (“Ефимерис тис Кивернисеос” бр. 332 од 21 ноември 1926 година). Во цивилизираниот свет се знае дека никој не смее да има монопол над именувањето и над имињата: тука спаѓаат името на територијата, на луѓето, на предметите, на јазикот и на секој поим што со векови го употребувале староседелците. Тоа Европа не го направи, туку во окупирана Македонија го направи само Грција. Станува збор за промена на топографијата, на душата на македонскиот народ во Грција. Со таквата сурова стратегија, се тераше македонскиот народ на заборави на сопствениот културен идентитет. Целта на окупаторите им беше: да го изменат гравитационото јадро на македонското самостојување и вековното самопотврдување и да се напуштат тајнствените алгоритми запишани во вековниот егзистенцијален код и на сето тоа да им се даде грчки код. Да се избрише целокупната македонска цивилизација која со векови беше обликувана врз иманентни аксиолошки стандарди, изградени врз основа на определени функции на културата, без кои не би била можна егзистенцијата на човечкиот род. Со таа топографија ние Македонците, (токму од тој дел на Македонија), било кај да сме по светот и ден - денес се идентификуваме и се бараме по светот. Овој закон беше еден од најсуровите со кои се изврши бришение на вековното македонско постоење на тие простори и со цел да послужи како припрема за поголемо етничко чистење.

Под три: Грција, по ова веднаш почна да спроведува една етногеноцидна политика со протерување на македонското и колонизирање на инородно население, односно да врши етничко чистење. Таа уште во 1927 година, помеѓу Грција и Бугарија (Молов - Кафандарис) и со договорот Грција и Турција во 1923 година во Лозана, во тој дел на Македонија се населија повеќе од 640.000 лица,

а исели илјадници исламинизирани Македонци и многу други луге кои учествувале во Илинденското востание. Тогаш, тие дојденци државата ги нарекуваше Просфиги (Пондиј) а нас македонците ендопии (староседелци). Понатака како се развиваа асимилационите процеси така просфигите стануваа горди Македонци, а староседелците Македонци се прогонуваа. Но се поставува прашањето: Зарем е било можно, Грците да се вршат етничко чистење ако народот и земјата била од секогаш грчка?! Човештвото до ден - денес нема забележано таков феномен.

Под четири: Метаксовата диктатура - позната од 4 Август 1936 година, кога генералот Јоанис Метаксас прогласи диктатура во Грција. Режимот посебно остро се спротиставуваше и го казнуваше македонизмот, изразуван било како опстествена дејност или само преку говорење на мајчин јазик. Многу локални жители на Македонија под Грција завршија во суровите затвори и по островите.

Под Пет: Втората светска војна, Граѓанската војна и гревовите на Македонците

Кај секој Македонец, па и кај мене (како учесник во тие војни) се раѓаат следните прашањата:

1. Зошто Македонија и Македонците се проблем за Грција?
2. Дали Македонија ја украла грчката историја или се работи за обратна ситуација?
3. Но, моето прашање е зошто ние Македонците молчиме за извршениот со ГЕНОЦИД НАД МАКЕДОНЦИТЕ во годините (1940 - 1950) токму од Грчките влади?! И зошто се уште илјадници Македонци талкаат прогонети по светот и не можат да се вратат на своите огништа!?

Почитуван Евангеле Кофос, Вие како интелктуалец, сигурно знаете дека: Силата сама за себе нема принципи. И големиот руски баснописец вели: „Силниот секогаш го победува безсилниот", а во вашето воведно и целокупно асиметрично елаборирање е базирано токму на тој игрозборен политички доклад.

Проблемот, се разбира, не е само името, туку народот што живеел и живее токму во таа Македонија - и да прифатиме како што велите и самиот а уште од 6 и 7 век. Значи, станува збор за народ кој живее 16 века и затоа е наивно и плитко Вашето објаснувањето на проблемот пред европската и светската јавност. Треба да се зборува отворено:

тие луѓе во 16 вековен живот зарем немале јазик, култура, религија, социјален живот, востања и револуции?!

Значи, шестнаесет вековни стравови, шестнаесет вековни солзи лиени едно подруги од мајки за закланиот пород (види: ΤΟ ΛΑΜΒΡΟΝ ΕΠΟΣ − ΜΑΚΕΔΟΝΙΚΟΣ ΑΓΩΝ − ΠΩΣ ΠΟΛΕΜΙΣΕ ΚΑΙ ΕΣΟΘΗ Η ΜΑΚΕΔΟΝΙΑ (Како се бореше и ја спаси Македонија од андартинот) Ιωννου Καραβτη Од кажувањата на андартинот Каравитис, со својата банда правел такви масакри по леринските и костурските села - глетки од кои замрзнува крвта. Новороденчињата во лулката се плашеле да заплачат.

Господине Кофос, за какви злосторства над Македонците се вршени, само да се прочитаат следните поглавија од оваа книга:а) Η ΣΒΑΓΗ ΣΤΗ ΖΑΓΟΡΙΤΣΑΝΗ Колежот - масакарот во с. Загоричани на 25 март 1905; б) Η ΣΒΑΓΗ ΤΟΥ ΚΛΑΔΟΡΑΠ (Колежот во с. Кладораби на 5 август 1905; и в) Ο ΑΙΜΑΤΗΡΟΣ ΓΑΜΟΣ ΤΟΥ ΖΕΛΕΝΙΤΣ (Крвавата свадба во селото зеленич 13 Ноември 1904). Не помалки страшни се дејанијата на Костурскиот Владика Каравангелис кој имаше за цел грчката црква да биде главен асимилатор. Сето ова ме потсетува на Костурскиот Владика Германос Каравангелис, кој беше еден од првите всадувачи на елинизмот во македонската душа. Тој, во своите мемоари собрани во 1959, раскажува “Ο μακεδονικος αγων (Απομνιμονευματα) Αρχειον Μακεδονικον αγωνος Πινελοπι Δελτα, Θεσσαλονικη, 1959, ΓΕΡΜΑΝΟΣ ΚΑΡΑΒΑΝΓΓΕΛΗΣ,, книгата како од македонскиот Илинденски војвода КОТЕ, направи грчки војвода - Македономах.

“... Му реков: 'Вие сте Грци уште од времето на Александер Велики, но поминаа Словените и ве словенизираа. Вашиот изглед е грчки и земјата што ја газиме е грчка. Впрочем, нашата црква и патријаршијата секогаш беа во првите редови на слободата. Додека Бугарија не се покажа способна дури и самата да се ослободи, туку беше ослободена од Русија. Па чекаш сега таа да ја ослободи Македонија? И си правиш илузии дека е можно европската дипломатија да ја потврди Македонија за Бугарска, а особено Лерин и Костур, кои одвај два дена од грчката граница, додека од бугарската се на далечина од седум дена?

... Од денес му реков ти ќе бидеш со нас, ќе бидеш прв човек. Ќе те пратам долу да ги запознаеш грчките цареви а твоите деца ќе ги испратам да учат во Грција'. Коте прифати, го благословив Како “Христов војник” и стана капетан Коте... На Коте му испраќав една

месечна плата, десет лири. Неговите деца (јунаци), денес тие се офицери на грчката војска.

Во почетокот на 1901 година, јас направив една голема обиколка по сите славофонски села на Корештата. И така селата Руља и Трново, Трсје и Дреновени, Габреш и Черновишта му се вратија на православието."

Така вели Владиката Германос Каравангелис, а нашиот Коте, стигна до таму што на 25 октомври 1903 година на Владиката Каравангелис во Костур за два грста златници, му ја донесе главата на славниот војвода и поетот Лазар Поптрајков. Ете, како се купувале Македонците.

Но, поред тоа македонскиот народ не подлегна. Шестнаесет векови во Македонија ечела песна и оро, која не личела на туѓите, шестнаесет векови се уривало и се sидало под јаркото сонце кое ни го осветлуваше патот кој требаше да се стигне до Илинден. И токму во 20-от век нашите души останаа соголени. Народ без гробишта на предците. Покажете му на светот дека навистина Грција со својата демократија, ги почитува сите значајни некрополи и историски обележја од моите предци.

Значи, за Македонците од Македонија под Грција, светот добро знае, а тоа го кажаа и Американците: „Ја признавме Македонија за да покажеме дека е реалност" за нивната вековна култура која имаше стекнат идентитет преку разликите (конкретно со грчката), а не за сличноста со грчката култура на просторот на Егејска Македонија: Костур, Лерин, Воден, Кукуш и целокупниот етнички простор до поделата на Македонија во 1913 година. Значи, господине Кофос, цел свет знае дека формирањето на македонската нација не е ничиј проект. Ниту на Бугарија, ниту на Грција, ниту на Србија, а уште помалку на Тито. Просесот на градењето на македонската нација е истиот оној процес што го поминале сите балкански држави и нејзиниот континуитет не може да се спори. Македонскиот идентитет е веќе затворено прашање. Јас и многу мои соборци со такво сознание стапивме во редовите на ДАГ и како Македонец бев почитуван од многу мои соборци Грци и никогаш нема да имам омраза према грчкиот народ. Но, судбината ни била сурова и трагична, да бидеме искорнати од родните огништа, да бидеме протерани и расфрлани по светот, со цел да ни се изгуби трагата и по пола век па се до ден - денес, од големата трагедија да не можеме дури да си ги раскажуваме прикиазните.

Господине Евангеле Кофос, дозволите да ве прашам: Можете да дадете објаснение; дали тие мои предци кои дојдоа и како што тврдите (сега) вашите предци веќе биле тука во Македонија и се сретнале со тој народ, дали не настанала никаква симбиоза во тие 16 века? Или можете да потврдите дека вашите предци и тогаш не им го давале името Македонци, на моите предци да се викаат токму така Македонци? Туку и тогаш се воделе војни за името и целиот период на време во тие 16 века? Нели Ви се чини дека вие и вашите колеги на Балканот погрешно ја толкувате историјата бидејќи во тоа време Грци на тлото на Македонија не живееле, отсем како што тврдите дека сте потомци на Александар Велики или поточно како што велат новите пропаганди: „Опу Македонија еки ине ќе Елада!", и поточно речено посакувате да создадете историја врз погрешни претпоставки, изигрувајќи „линколни (историски врски) и мајстори на минимизирање и елиминирање на туѓото", се разбира од денешно време гледано за византиското владеење, па се до антиката?

Почитуван господине Евангеле Кофос, немам намера да одам толку длабоко во историјата и да ве соочувам со непријатните потфати спрема тие мои предци, доволно е да бидеме во нашето време, да погледнеме малку поблиску во изминатиот 20-от век, оти токму тогаш се роди проблемот со името: Македонец - Македонија, посебно по поделата на етничка Македонија (1913). А името како суштина и како вечност е најбитен елемент за еден народ. Од тогаш, на мојот народ му се копа политичкиот гроб во соопствената земја или се гони човекот од родот мој како волк со билет во еден правец. Погледнете малку во сведочењата од Карнегиевата Комисија што раскажуваат грчките војници.

Балканска хроника и хеленизацијата на Македонија

Со балканските војни (1912 - 1913) и со Букурешкиот мировен договор потпишан на 10 август 1913 година, Македонија и Македонците беа физички и политички поделени меѓу Грција, Србија, Бугарија и подоцна Албанија ги доби Долна Преспа и Голо Брдо. Тоа се факти кои Европа и европскиот парламент добро ги знае.

На Париската конференција на 15 јули 1919 година, кога се третираше проблемот за правата на Македонците во комитетот за нови држави на конференција, многу беше актуелно прашањето за поделбата на Македонија и барањето да се најде решение. Во тие околности, англиската политика настапи со следната теза: ако се зафатиме со решавањето на граничните проблеми наложени со Букорешкиот договор, ќе се соочиме со многубројни проблеми од кои

тешко ќе се извлечеме. Тој проблем на границите под притисок на Бугарија меѓу 1925 и 1930 година честопати беше присутен во Друштвото на народите, често се размислуваше како да се направи таканаречената поправилно разграничување на Балканот. Меѓутоа, секојпат се избегнуваше да се решава проблемот за ново разграничување, односно за проблемот на границите. И од тие причини во комитетот за нови држави на Парискатa конференција не се разгледуваше проблемот.

За доделување автономни права на Македонците во Вардарскиот дел во рамките на Југославија, и исто така културните права на Македонците од Егејскиот дел на Македонија. Таа идеја беше поддржана од Италијаните и особено од Англија. Меѓутоа, поради спротивставувањето на Франција и на Србија, тие проекти не поминаа.

Првото етничко чистење во Грција:

Грција, наместо почитување на правата на Македонците, се потпиша договор за етничко чистење. Тоа се постигна со конвенциите;

А/ Нејскиот (65) мировен договор потпишан на 27 ноември 1919 година за " доброволно" размана на населението меѓу Грција и Бугарија. По силата на конвенцијата Калфов - Политис, за "доброволното" иселување. Грчките власти веднаш ја претворија во конвенција за задолжително иселување и до 1925 година македонското население масовно го иселуваваа од своите родни огништа.

Б/ Потоа следи и Лозанскиот мировен договор потпишан во 1923 година за задолжителната размена на населението меѓу Грција и Турција.

Турско - Грчката војна (1919-1922) беше последен историски обид на малото, но амбициозно грчко кралство да наметне и да реализира една дамнешна великодржавничка политика за Мегали и чиста национална Елада.

Последиците на тие "легални" договори е направен невиден геноцид и сето падна на грбот на Македонците, бидејќи од Македонија под Грција беа протерани околу 70 - 80 илјади Македонци, а на нивно место беа донесени колонисти (само во Македонија) повеќе од 660. 000 т. н Просфиги - Маџири, односно Понdии од Средна Азија.

КАКО НАСТАНА ПРЕКРСТУВАЊЕТО (СО ИЗМИСЛЕНИОТ ПСЕВДОНИМ) ВО СЛАВОМАКЕДОНЦИ?! Грчкото општество (држава) по поделата на Македонија (1913-1919) година, односно со етничките промени од 1920-1940 година, изработи повеќе или помалку експлицитни правила и модалитети за политичко интервенирање со цел да се справи со културната разнообразност и плуралноста на идентитетите кои настанаа по етничките промени од две поголеми групи: 1. "Вистинските национални припадници со корен-Македонците и 2. "Лажните национални припадници со доселеничко потекло - Просфиги (Пондии). Ставот и целта на грчките влади низ целиот то период на време им била и останува до денденес: Да се скрши историскиот спој Македонија- Македонци. И не случајно Македонија под Грчка, беше именувана во Ворија Елада. Сега грчката власт оди понатаму, бидејќи не гледа од нас Македонците некаков отпор. Грчкиот „Службен весник" („Ефимирис тис кивернисеос") бр.332 од 21 ноември 1926 година објави закон за топонимските прекрстување на целата анектирана територија на Македонија. Подоцна истото го стори и со личните имиња на сите Македонци. Но интересно е дека очевидно власта беше преокупирана само со сега анектираниот дел на Македонија и затоа " до денес преку етничката граница на Македонија под турската власт, односно преку реката Белица (Аљакмонас) " до Епир останаа непроменети од Славјански на грчки како што велите уште од 4-от век кога дошле моите предци. Тоа добро го забележав во годините на Граѓанската војна, кога служев и се борев во единиците на ДАГ. Од многу имиња на планини: Гољо каменик (Гол камен), Орљакас (Орлов рид), Граммос (од Гремост) и други. градовите: Мечово (од мечка)" Коница (од коњи). Сите села наречени Загорија (зад горите - планините).Селата: Врбјани, Златино, Присојвјани и други на кои коренот на зборот е Македонски.

Грчката власт, добро знаеше дека: Именувајќи не во"Славомакедонци" тоа претставува племенски атрибут за идентификација на Македонците и дека одговара на периодот пред 4-от - 6-от век кога се случиле големите преселби на народите и дека со тоа не ќе сме имале ништо со античките Македонци и со нивните атрибути. Значи, целта на Грците им е да му кажат на светот дека древна Македонија не е татковина на овие-СЛАВОМАКЕДОНЦИ.

Треба да зборуваме отворено: Грците треба да го надминат стравот од различното. Грчкиот национализам остана се до денденес без исклучок. Турците во Македонија (па и во Грција) владееа повеќе до 5 века и се до 1913 година, но не го забранија македонскиот јазик, а вие Грците се покажавте мајстори на континуирани закони, тепања,

забрани за изговорен македонски збор, чувство на страв и методи за заплашувања, со сите форми на институционално насилство. На секој сид беше обесен плакат: „ОМИЛИТЕ ЕЛИНИКА!”. Работите отидоа до таму, што беше воведено вечерно училиште за нашите родители, баби и дедовци. Но да не заборавиме во истовреме нивните синови и браќа од тие семејства служеа во грчката армија и храбро се бореа на фронтовите во мала Азија и италијанскиот фронт, бранејќи го суверенитетот и интегритетот на Грција.

Второто етничко чистење во кое комунистите најмногу буричкаа во македонските работи.

Говорењето со факти е најдобриот начин да се избегне манипулацијата наречена сегашност. Македонците како граѓани на Грција до годините на Втората војна доживееа разни псевдоними, па дури, обележани како „безимени” (луѓе на „Етнички анонимен народ на национална држава”. Така, живеејќи под строг политички надглет и катаднево лишени од човечките права, посебно во Граѓанската војна (1945 - 1950) под силната и без склуполозна пропаганда станаа жртви на КПЈ и КПГ (кои беа на чело на ПБ, ЦК на КПГ, токму колонистите - просфигите), кои ја разгорија и ја лоцираа војната и овозможија на тогашната грчка влада да спроведе воени терори, уништувања и обездетување на македонската куќа и со тоа да се создадат “легитимни” миграциони движења, протерување на луѓето: со билет во еден правец, но само за Македонците. Под таквата идеолошка офанзива со својот космополитизам (против македонската национална свест) страшно го разнишаа македонскиот староседелски корен кои беше како што велите господине Евангеле уште од пред 16 века. Потоа помеѓу Грција и Југославија завладеа полавековната конфортабилна политика со спуштање на „железната завеса.”

Господине Евангеле, СИТЕ ПРОГОНИ СЕ БОЛНИ, да не заборавиме на најелементарното: ДЕКА СМЕ ЧОВЕЧКИ СУШТЕСТВА СО СВОЕ ДОСТОИНСТВО!

Но, кога нема поставување на прашања, до вистината не може да се дојде, па сакам да ве прашам:

Зошто во грчкиот парламент, дозволивте и дозволувате да се во сила расистички закони кои важат токму за нас - наследниците на оние предци од 4-от век кои несме Грци по род?

Врз основа на меѓународното право, државјанин на една држава се ползува со нејзината заштита без оглед на тоа каде се наоѓа. Тој има

право да се врати во својата држава и наполно да се стави под нејзина заштита. Но, ние Македонците политички бегалци од Грција сме лишени од оваа можност. Донесенисе низа закони исклучиво кои важат само против Македонците:

Донесен законот КЗ 375/14, декември 1936 година и по овој закон неколку Македонци беа осомничени и окарактеризирани за нелојални граѓани и беа интернирани на грчките острови. Тој закон важеше токму за Македонците наследниците на домородците кои не се Грци по род?

Потоа следеа законите за судско гонење на Македонците:

Законот ПЗ4124/45"околу соработниците на окупаторот" и овој закон единствено беше применет против Македонците - Костурските комити.

Законот КЗ454/45 "против автономистичката дејност", а посебно КЗ453/45 беше донесен против сите Македонци кои се организирани во политичките организации НОФ, НОМС и АФЖ.

Нацрт - закон за присилно протерување на Македонците преку граница 1946 година

Декрет „З" од 7 декември 1947 година. „За лишување од грчкото државјанство на лица што делуваат антинационално";

Принудниот закон 516 од 8 јануари 1948 година „Околу подобноста на граѓаните";

Декрет „Н" од 20 јануари 1948 година „Околу конфискацијата на имотите на учесниците во Граѓанската војна";

Законот 2536/53 „За раселување и населување на грчки погранични подрачја";

Законот 3958/1959 година „Околу имотите на бегалците";

И на крај што доживеавме, најрасистичкиот закон во Европа.

Господине Кофос, како може една членка на ЕУ; како што е Грција, во нејзиното законодавство, се до ден - денес да има расистички закони, како што е законот:

(Превод: На основа решението на министерството за внатрешни работи 106.841/5-1-83, се дозволи слободното репатрирање на “Грци по род”.

Потпишано на 29 декември 1982 година од Министерот на внатрешни работи Ѓоргос Гениматас и министерот за јавен ред Гиани Скуларики.

Господине Кофос, доваѓаме до суштинското прашање: Да немаше Македонци, ќе немаше и закони за луѓето кои не се Грци по род; нели?

Значи, донесен е закон кои не важи за Грците, туку за оние кои живеат во Грција и не се Грци. А кои се тие? Тие сме ние Македонците кои во Граѓанската војна, бевме насилно мобилизирани од комунистите Грци кои раководеа со ДАГ на чело со генерал Маркос. И сите тие Грци по род, по завршувањето на војната се вратија во Грција, во своите домови и беа социјално згрижени и интегрирани во грчкото општество, а ние Македонците сме обвинети дека сме ја разгореле Граѓанската војна и сме се бореле со цел Република Македонија преку Солун, па се до Егејот да се протега...

Зарем сето тоа не преставува историски бедеми на етничкиот грчки национализам во свеста на полтичарите кои и денес пред влезот во Европа се измачуваат со невидени лаги за нас Македонците.

Како и зошто Македонците од Грција се протеруваа со билет во еден правец

Господине Кофос, овие закони, се донесени само против Македонците кои во Граѓанскат војна, бевме насилно и масовно мобилизирани од 16 - 50 години не по наша волја од тој период навреме во кое владеше најсуровиот комунистички хаос и служевме во редовите на ДАГ заедно со илјадници Грци ја делевме судбината во земјанките на Грамос. Токму таму и тогаш запознав Грци кои ме сакаа и ги сакав, но тие се вратија на своите огништа. Ја користам ова прилика да им изразам длабокапочит.Во целиот тој период на Граѓанската војна.

Македонскиот народ имаше повеќе од 20.000 жртви, а на тие што останавме живи раководството на КПГ: ниго ископа политичкиот гроб, ни ја испшаа црната страница од ЦРВЕНАТА КНИШКА и не фрлија во идеолошкиот отпад, но прашањето мие до вас господине Евангеле Кофос: Како може една легитимна влада и членка на

Европската Унија да донесува такви закони и уште да ги има во сила; за луѓе кои не учеству ваа по своја волја во таа војна и ниту преставуваа некој политички фактор во решавањето за целитена таа војна?

Зарем нели со овој закон, се потврдува дека и зафатот "ПЕДОМАЗОМА" НАСИЛНОТО ЧЕДОСОБИРСТВОТО - ЧЕДОКРАТСТВОТО НА ДЕЦА НА ВОЗРАСТ: 3 ДО-14 ГОД. СО ПОЛИТИЧКА УМИСЛА, ПРЕТСТАВУВА ДЕГРАДАЦИЈА НА ЧОВЕКОВОТО ДОСТОИНСТВО И, НАЈУБИСТВЕНО РАНУВАЊЕ НА МАКЕДОНСКАТА НАЦИЈА, ПРОГОНОТ И МАРШОТ НА 28, 000 ДЕЦА СО БИЛЕТ ВО ЕДНА НАСОКА, НО САМО ЗА МАКЕДОНЦИТЕ, е дел од планираните миграциони движења и претставува дел од стратешките прашања што ги имала грчката држава по (1913) за иселување (насилните миграциони движење) на Македонците?.

Господине Евангеле Кофос, со години ги читам сите акции кои ги презема грчката влада спрема македонската влада, односно спрема македонскиот народ, па дури и со многу не пристојни предлози т.е. од позиција на политички моќниќ.

Мојата елементарна човечка (крвородовска) реакција е: Како може грчката влада да ја принудува македонската влада да ја смени во уставот определницата за грижата на сопствениот народ (кој сега живее во Грција) и нивните културно историски вредности, зарем тоа не е уникатно насилство во Европа? Овој предлог би бил самоубиствен за македонскиот народ. Со него тој сам би се откажал од сите 16 вековни борби за своеименска држава на генерациите Македонци, но и на своја држава (Р. Македонија); сега и во иднина.

Со прифаќањето на ваков предлог, би се потцениле сите настојувања и борби на Македонците во соседните држави, па и во Грција за оставрување на елементарните човекови права за слободно искажување на идентитетот и негувањето на културната посебност како наше историско и цивилизациско право. Вие добро знаете дека Македонија и Македонците не сме само име туку и не раскилив дел од идентитетот. Значи, главниот проблем на грчката влада не е само осамостојувањето на Македонија, туку потикот што ќе го даде на барањето на правата на македонскиот народ во северна Грција. Значи за грчката влада проблемот не е Република Македонија, туку Македонците во Грција како етникум.

Господине Евангеле Кофос, барањето на грчката влада, на жалост беше прифатено под ужасниот притисок и во македонската конституција беше променета определницата за грижата на Македонците во соседните држави, а цел свет знае дека секоја (држава па и Р. Македонија) народ е историски и цивилизациски обврзан да се грижи за својот народ кој подпадна под туѓа држава. Со овој чин на политичка моќ во отсуство на духовниот, по правило, ги одвојува луѓето од реалниот живот и од она што може животот да го научи човека на човекување. Но тоа се случи...

Македонците под Грција од пеколот на војната - во пеколот на заборавот

Господине Кофос, како што велите на крај од предавањето: "... Тогаш го зедов и цел живот со него се расправам! Педесет години! Значи, 50 години, сте окупирани како да ги снема Македонците.

Ете со такви крупни стратешки зафати (спрема вашата геноцидна идеологија) грчката држава ја почна историската ерозија на македонскиот народ под Грција и на неговата самобитност со цел да се избриши се македонскиот етнографски белег: јазик, култура, историја, сите славни предци, сите познати херои и да се уништат сите моќни симболи. Па дури и сега во Австралија свештеникот грчки им вели на Македонците: "Кој зборува македонски, не може да се причести!" (Види книгата "Македонскиот конфлик" 359 стр.). Но, има уште по сурови и нечовечки потфати: Има прогонети родители кои нивните синови се бореа во грчката армија за зачувување на грчкиот суверенитет, тие ги положија животите во Турско - Грчката војна и Италијанско - Грчката војна и денес не можат да се вратат. Сите тие родители, до војната живееа од пензијата на своите погинати синови. Повеќето изумреа во беспаќата по светот, со чувство на вина. Тие стари и изнемоштени луѓе, поради тешкото етничко угнетување, ги сметаа Грците за полоши од Турците и веле: "Турците намаа вера, но имаа исав. Грците немаат ниту вера, ниту исав".

Така почна систематското уништување на македонскиот национален идентитет над Македонците под Грција и на тој начни се градеше грчкиот идентитет.

Но, тоа што зачудува сега, и е уште по сурово, дека Грција како членка на НАТО и ЕУ, не сака да знае дека таа со потпишувањето на Букурешкиот мировен договор (10 август 1913) има преземено обврски спрема Македонското население и тоа: По тој договор,

следат следните обрски по член 7: Параграф 1: “Сите грчки националности (заедници што живеат во Грција) ќе бидат еднакви пред законот и ќе ги уживаат истите граѓански права без разлика на расата, религијата и јазикот”;

Параграф 3: “Разликите во религијата, верувањето и верата не ќе бидат прејудицирани (нема да бидат пристрасни) на која било грчка националност (заедница) во однос на уживањето на граѓанските или олитичките права, како што се, например, пристапот до државните работи, вработувањето, должностите и именувањата, почесностите или пректикувањето и израз на професионализмот на секоја индувидуа посебно”;

Параграф 4: “Не ќе се наметнуваат ограничувања на слободната употреба на јазикот на која било грчка национална заедница во прифатната комуникација, во трговијата, во религијата, во печатот или во изданијата, во секој поглед. Тоа важи и за јавните собири, состаноци и јавниот збор”;

Член 8: “По малите грчки национални заедници кои припаѓаат на расните, верските или јазичните малцински групи ќе уживаат ист третман и заштита во законот како и другите грчки национални заедници. Во суштина, тие ќе имаат еднакви права да воспостава, управуваат и котролираат со нивите издатоци, со добротворните и религиозните институции, училиштаи други образовни институции, со право да го користат својот јазик и да ја практикуваат својата религија слободно и без пречки во тие институции”;

Член 9, параграф 1: “Грција ќе овозможи, во поглед на државниот образовен систем, во градовите и во окрузите во кои живеат значителен број на националните заедници, различни од оние што зборуваат грчки, да бидат изградени адекватни капацитети (објекти) во кои ќе се осигура дека во основните училишта наставата ќе се изведува на исто ниво како и за оние каде што таа настава ја следат на грчки јазик и преку следење на својот мајчин јазик. Оваа одредба не и оспорува на грчката влада да воведе задолжително изучување грчки во споменатите училишта”;

Член 16: “Грција се согласува на обврската да биде ставена под гаранција на Лигата на народите и тоа: секој член на Советот на Лигата на народите ќе има право даму обрне внимание на Советот на секое кршење или опасност од кршење на која било од овие обрвски и притоа Советот може веднаш потоа да преземе активност ид а издаде директиви, да нареди, исто така, може да одлучи според

надлежностите во дадените околности... Грчката влада со ова се согласува дека во врска со несогласувањето, спорот, ако другата страна смета дека има потреба, може да се обрати до постојаниот суд на меѓународната правда. Одлуката на постојаниот суд ќе биде конечна и ќе има иста силина и дејство како одлуката според членот 13 од Конвенцијата на Лигата на народите".

Потписници, односно верификатори на Букорешкиот мировен договор (земји кои секогаш може да поведат расправа или според членовите од договорот) се: Британија, Франција, Италија, Јапонија, канада, Австралија, Нов Зеланд, Јужна Африка и Индија.

По едновековното етничко чистење и жестоката дискриминација и асимилаија над Македонците во Грција, сега и како членка на ЕУ и НАТО, со иста замисла и цинизам; се поставува како империјална сила, како држава со асиметрична надмоќ над Република Македонија (да униште се што е македонско), со претензии за свеантичко и источновизантичко наследство.

Но, непријатно е денес од грчката влада и актуелните грчки политичари и креатори на грчката историја наЧело со Вас господине Кофос; да забораваат дека за одбрана на грчкиот суверенитет илјадници Македонци ги оставија коските во војните: Турско - Грчката војна од 1921 и Италијанската војна, Втората светска војна и најтрагичната за Македонците - Граѓанската војна, во која доживеа ГЕНОЦИД.

Но, и за многу други историски и политички прашања кои произлегуваат од ГЕНОЦИДОТ НАД МАКЕДОНЦИТЕ во Граѓанскат војна, и по неа.

По таа војна, само Македонците изгубија се: а) човековите права, б) право на враќање на татковите огништа, в) враќање на имотите и г) право на интегрирање во грчката држава со личните и колективни права на културен и национален развиток во рамките на грчката држава, како поранешни граѓани на Грција.

Законите донесени против Македониците, се најголемо сведоштво:

Да го проследиме ставот на професорот Трепст и да видиме какви гревои ни се препишуваат на нас Македонците:

"Вистинската причина за хистеријата што го зафати целото грчко општество во однос на Македонија не може да се објасни само со

тогашното распаѓање на Југославија и самостојноста на Македонија, туку таа има подлабоки корени во нерасчистената траума на она што во грчко - националистичкото сфаќање се нарекува славо - комунизам", оцени во интервју за радио Дојче Веле професор Штефан Требст, раководител на истражувачкиот проект на Универзитетот во Лајпциг на тема "Грција и македонското прашање".

Според него, спорот меѓу Македонија и Грција може да таре уште 100 години зашто Грција целосно би го загубила својот углед доколку сегашното име Република Македонија официјално би било прифатено.

Всушност, што ни оспорува Грција? Божем нашето име Македонија. Не, таа ни го спори правото да постоиме како народ, како Македонци. А нашето име Македонија не е од иднината, туку е од минатото. Со која непозната иднина, ние ќе го браниме името од минатото: Македонија. Всушност за се наше ни се нуди непознато нешто. И не советуваат да се договориме со Грција за да станеме ништо.

Факт е дека секој разумен човек знае; дека успеавте да ја натерате Европа да го погази правото на национално самоопределување на Македониците. Таквата политиката на уцена што Европа денес ја применува кон Република Македонија е лекција што им годи на Грците.

Но, повеќе од јасно е дека на Грција воопшто не и пречи името Македонија. Таа сака да ни забрани ние така да се викаме и да престанеме со изучувањето на историјата. Посебно античката историја. Да ги заборавиме Македонците во Грција и сите злодела што ги извршиле над нив и последниот геноцид е во времето на Граѓанската војна.

Политиката на Грција по Граѓанската војна (Откако војната заврши).

Господине Кофос, Вие како главен архитект на грчката политика, (верувам дека барем ова што цела Грција го доживеа, нема да го негирате) дека Вие активно учествувате во политика на Владите на Грција, кои носеа посебни законски мерки за тотална асимилација на Македонците и по завршувањето на Граѓанска војна 1946 – 1949 год.

Ете фактите што зборуваат: После крајот на воените судири во Грција, кои беа со времетарение на една деценија (1940 - 1949), бројката на Македонците во Грција се намали на околу 100.000 жители. По овој потврден воен развој, на официјалната грчка

политика, и се даде можноста “македонското прашање” и внатре и надвор од Грција да се преставува како “непоестоечко македонското прашање”. Новата стратегија, која продолжува се до ден - денес се темели на незасновани и непостоечки податоци. А официјална Атина настојува да го прикаже тоа; дека по големото смалување бројот на Македонците по Граѓанската војна, останатите жители Македонци кои продолжија да живеат во составот на грчката држава, тие “пројавуваат чиста грчка национална свест” и поради тоа треба “Да се прифати и да се бара тие Македонци да се приклучат во грчкото национално јадро”.

Ако се тврди дека овоа што е речено е вистина, тогаш работите не се такви како што се прикажуваат. Се поставува прашањето: Ако Македонците кои живееле во Грција уште пред војната и останаа да живеат и денес во Грција и имаат чиста грчка национална свест, тогаша кои се доказите (сведенијата) од превземените мерки за асимилација и таквите мерки продолжуваат се до ден - денес!? Како и да е “политиката за непостоението на Македонците” во политичкиот живот на Грција, стана пракса, не само внатре во Грција, туку и во надворешниот политички живот, дури и на меѓународно рамниште. Факт е дека за прв пат, овој став се појави во грчкиот парламент во 1950 година од тогашниот министер за надворешни работи Иоанис Софијанопулос.

Есента во 1951 година, министерството за Северна Грција им порача на резервните официри да им стане задача “Просветата и соодветното однесување” да се врати “зацврстувањето на грчките национални чувства” на Македонците кои по Граѓанската војна останаа да живаат во централната западна македонија. Во писмото се подвлекува дека со таквата промкена Македонците” да станат не само Грци во свеста, но и да зборуваат со јазикот грчки, напуштајќи го тугиојазичен идиом, на кои зборуваат меѓу себе во своите домови”.

Паралелно со тоа во 1953 и 1956 година во Костур и Лерин, отворија типиЧни радиостаници помогнати од Кралскиот Национален Институт и суштествувањето на овие радиостаници се оправдуваше како “Национална потреба”. Секогаш повеќето такви карактеристични мерки, во Грција се познати и како “Специјални програми” се препорачуваа и се спроведуваа од владата на Константин Караманлис, во времето 1958 - 1963 година. Во сите овие програми се предвидуваше и се спроведуваше “Етапно асимилирање на компактиот дел на македонското малцинство во Западна Македонија”

Со овие мерки, требаше да ги матријализираат многубројните “Соответните” национални установи, школите и црквата, војската, милицијата, разните органи и организации. Ендна од поголемите мерки е и “Заколнувањето” на трите села во 1959 година. Крпешина - Леринско; Требиљо - Кајлари и Лудово - Костур, каде Македонците беа принудувани да се заколнат, дека никогаш нема да ззборуваат на “Најпроклетиот идиом”, но ќе зборуваат само на грчки, како и при пописот на гласачкото лифче, дека ќе се откажат од наследениот јазик на своите предци. Тоа се случи во 1962 година во присуство на високи државни преставници, од 600 жители на Острово - Пела. и исто така селаните од селото Русилово - Пела и во други села.

Истотака им беа подарени патувања (Запознаја Грција), на деца преку (Програмата на фредирика), детски градинки, и разни школи за обука на домакинството, но строго им било забрането да пеат македонски песни и ора. На младината им било препорачано да склучуваат мешани бракови и многу други работи.

И целата оваа акција со големи трошкови, за специјалните програми, се занимаваа голем број назначени платени луѓе за кого: За тие кои “Непостојат како Македонци? “

Ете таква била политиката на грчката влада од 1950 година, и таква остана се до денешната грчка актуелна политика на официјална Атина.

Врз основа на меѓународното право, државјанин на една држава се ползува со нејзината заштита без оглед на тоа каде се наоѓа. Тој (Македонецот) има право да се врати во својата држава и наполно да се стави под нејзина заштита. Но, ние Македонците политички бегалци од Грција сме лишени од оваа можност дури и по половина век.

На крај, сакам добронамерно да го прашам господинот Евангелос Кофос: што го спречило, да не ги презентира историските факти кои зборуваат за нас Македонците што можел да ги имал на располагање во архивата на Велика Британија? Но, и во другите светски архиви, ако во Грција се уништени.

Како што се:

- “Меморандум - за македонското прашање. Односно,каде се зборува за ситуацијата во Грција (Егејска) Македонија факти за грчкиот терор во Македонија. Извештај на американскиот печат за грчиот терор во

Македонија. Односно: ситуацијата во Грчка (Егејска) Македонија од 16. 12. 1946. Ф0 371/58615 ХП00201 Р16924/298/67.

- "Меморандум од Грција за словенското загрозување на грчка Македонија, од 20 октомври 1946. Ф0 371/58615 ХП00201 Р156551/298/67.

- *Книгата "Македонскиот комфликт" од Лоринг М. ДЕНФОРТ-професор од САД по професија антрополог. Тој со својата превошоднса антрополошка анализа на тема "Македонскиот конфликт" во ова волуминозно и сеопфатно дело, втисна посебен белег во историјата на кофликтот и со ектлатантни докази проговори и со респект кон се што е релевантно да создаде амбиент за реално расветлување на сите темни дамки што го имаа доведено во криза македонскиот национален ИНТЕГРИТЕТ. Тој, во својата книга зборува, токму на таа тема "Откако војната заврши", посебно за Македонците под Грција.

Но, постојат и многу други историски документи, па дури уште од поделата на Македонија, но и од војните објавени во грчката историографија од страна на високи функционери на ДАГ (а тоа е време на моето живеење и леение крв, токму за да останам Македонец), на СССР кои зборуваат за нашиот македонски идентитет.

Значи, целта на вашата долгогодишна "историска" политика, сите горенаведените факти да се избришат и пред светот вашата теза би била (официјално) да нема Македонци, а во тој случај и држава не е потребна! Или - обратно.

ЕТЕ ЗОШТО, ЗА МАКЕДОНЕЦОТ НЕМА МОЛЧЕЊЕ ПРЕД УЖАСОТ!

Господине Кофос, за крај, ајде да позборуваме за човекувањето. Некако чувствувам дека нам, балканците, како да ние забрането да зборуваме на теми надвор од зајадливата и итроманско политиканство.

Да Ве потсетам: на 10 август 2003 година, по 55 години, грчката влада дозволи да се посетат огништата на нашите предеци т,е убавината од која исчезнавме, но со така наречен „ХУМАНИТЕРЕН ПАШПОРТ", во кој не треба да пишува кај си роден, туку само во Грција. Секој си го поставуваше прашањето: „Каде е мојот крај, каде е гробот на моите родители, на мојот дедо и баба, каде е тоа име што

го барам? Таа слика од детството? Тој корен, таа река, тој патоказ, таа шума, таа птица што ме будеше.Каде е прагот што лазејќи го минував како дете?!...”

Најдовме на невиден пустош. Зарем тоа не преставува газение по човечкото достоинство? Секој од нас се чувствуваше како ТУГИНЕЦ ВО СВОЈАТА ЗЕМЈА, талкајќи по пола век низ обезличените села и гробишта да пронајдеш нишан од своите предци, а не наоѓаш апсолутно ништо. Тоа е ужас, господине Евангеле Кофос кога на човека цвеќето му овене в раце...Кога свеќата нема кај да ја запали...Тоа го доживеав...

Свртете се кон човештината госпдине Кофос. Кажете му ја вистина и на грчкиот народ. Само така вие докрај би биле доследни, но ако тоа не го сторите, брате наш македонски Геле (нели велите дека се чувствувате Македонец), тогаш останувате доследни со својата сомничавост.

Б. ОД КАДЕ МАКЕДОНСКА КРВ КАЈ ДРУЦАС И КАРАЏАФЕРИС?

(Нови идеоошки ветришта од југот: Друцас со својата теза против тезата на костурскиот Владика Каравангелис).

На господинот Димитрис Друцас, решив да му се обратам посакувајки да ја одгатнам неговата храброст кога тој пред пратениците на високиот законодавен дом на Грција и пред целиот свет изјави: “Македонскиот идентитет е дел од идетитетот на секој Грк и дека секој Грк се раѓа и умира со македонски идентитет....“ Теза, која во грчката политика значи: испревртена теза после еден век.

Чудна алхемија?

Не сум изненаден, туку вчудоневиден на Друцовата смелост, така лесно даму се спротивстави на тезата на основоположникот за ПОГРЧУВАЊЕТО НА МАКЕДОНЦИТЕ, прочуениот владика Германос Каравангелис, а сега Друцас со својата теза да вршите ПОМАКЕДОНЧУВАЊЕ на Грците.

ЗОШТО ОВИЕ ПОЛИТИЧАРИ ПОСАКУВААТ ДА СЕ МАКЕДОНИЗИРААТ! ?

Значи, господинот Друцас, посакува да најде лек за сите националистички болести. Но, познавајќи ги добро Грците низ војните и животот, незнам дали ќе се најде некој достоинствен и горд Грк што би ја прифатил ова Друцова алхемија?!

Таквите пропаганди, почнаа да вируваат точно пред еден век со обмислен концеп, преку црквата на чело со костурскиот владика Германос Каравангелис. Тој во своите спомени детално ги опишува акциите и најсуровите методи што ги вршел при ПОГРЧУВАЊЕТО НА МАКЕДОНЦИТЕ. Каравангелис изработи и кодификација од таквите постапки: да се убие инстиктот за поимот МАКЕДОНЕЦ. Таквиот модел доживува кулминација еден долг временски период од 1900 - 1950 година, но и потоа траеше.

Господине Друцас, јас сум Македонец од Леринските села и 60 години по Граѓанската војна живеам во прогонство заедно со илјадници мои сонародници од Костурско, Леринско, Воденско и неможеме да се вратиме на татковите огништа поради законот што го има донесено токму грчкиот парламент пред кои говоревте и на цел свет му кажавте дека сте горд Македонец. Законот е осмислен проект кој има тенденција да ги елиминира малцинствата кои живееле и живеат со векови на прадедовите огништа, а тоа се Македонците кои гинеле заедно; Грци и Македонци, во грчко - италијанскиот фронт, против фашистичкиот германски окупатор, во Граѓанската војна и во целукупниот живот во Грција. Но, веќе 26 години Грција како членка на ЕУ; во нејзиното највисоко законодавство, се до ден - денес да има расистички закони, како што е законот:под бр. 106.841/5-1-83, се дозволи слободното репатрирање на “Грци по род. “, од 29 декември 1982 година.

Значи, донесен е закон кои не важи за Грците, туку за Македонците кои не можат да се вратат во Грција и живеат прогонети низ светот, затоа што не се Грци по род. Значи тоа се Македонците кои во Граѓанската војна, беа насилно мобилизирани од комунистите Грци и кои токму тие Грци ја раководеа ДАГ на чело со генерал Маркос. Македонците, во таа војана нема ниту воено, ниту политичко, раководство, туку служеа за топовско месо. Но, по војната сите тие Грци по род, се вратија во Грција, во своите домови и беа социјално згрижени и интегрирани во грчкото општество, а Македонците обвинети дека тие ја разгореле Граѓанската војна и тие се бореле со цел да Република Македонија стигне преку Солун, па се до Егејот да се протега. Смешна работа за секој Македонец, но и за здравоумниот грчки човек, бидејќи тоа сега историјата го потврдува дека Граѓанската војна беше заговор против Македонците. И таквиот

проект се оствари. Се изврши големи преселби на Македонците од Грција (Ег. Македонија), токму во годините 1945 - 1949 година.

Господине Друцас, да не изумам, сакам да ве осведочам за уштее ден многу важен закон, донесен токму од тој висок пратенички грчки дом.

Тоа е законот за преименување на имињата и презимињата, на топонимите и на се: ш то е македонско на грчки јазик исклучиво само во тој дел на Македонија под Грција со закон ("Ефимерис тис Кивернисеос" бр. 332 од 21 ноември 1926 година).Во цивилизираниот свет се знае дека никој не смее да има монопол над именувањето и над имињата: тука спаѓаат името ма територијата, на луѓето, на предметите, на јазикот и на секој поим што со векови го употребувале староседелците. Тоа во Европа го направи само Грција. Станува збор за промена на топографијата, на душата на македонскиот народ во Грција. Со таквата сурова стратегија, се тераше македонскиот народ на заборав на сопствениот културен идентитет. Целта на окупаторите им беше: да го изменат гравитационото јадро на македонското самостојување и вековното самопотврдување и да се напуштат тајнствените алгоритми запишани во вековниот егзистенцијален код и на сето тоа да им се даде грчки код. Да се избрише целокупната македонска цивилизација која со векови беше обликувана врз иманентни аксиолошки стандарди, изградени врз основа на определени функции на културата, без кои не би била можна егзистенцијата на човечкиот род. Со таа топографија ние Македонците, (токму од тој дел на Македонија), било кај да сме по светот и ден - денес се идентификуваме и се бараме по светот.

Но, не треба да се заборави и на Метаксовата диктатура - позната од 4 звгуст 1936 година, кога генералот Јоанис Метаксас прогласи диктатура во Грција. Режимот посебно остро се спротиставуваше и го казнуваше македонизмот, изразуван било како опстествена дејност или само преку говорење на мајчин јазик. Многу локални жители на Македонија под Грција завршија во суровите затвори и по островите.

Но сега станува збор за горе спомнатите - фамозни закони, кој сега треба да важат и за господинот Друцас, и за сите оние (што ги замислува) што имаат македонски идентитет и се горди како Македонци...

Господине Друцас, голем доказ (од светски размери) ќе биде вашата заложба, ако ги поставите тие прашања пред грчкиот парламент: да ги повлече таквите расисички и нечовечки закони и "црвените линиј"

кои не отчовечува и одалечува како луѓе. Верувајтеми дека цел мирољубив свет ќе ви честита, а јас тоа ќе го сторам меѓу првите. Но, господине Друцас, можеби од љуопитност, ипак сакам да ве прашам: Вие и многу како вас, велите дека имате македонски идентите и сте горди Македонци. Ве молам, објасните ми од каде се најде такво сродство - македонско потекло, македонска крв, кај вас роден во Кипар и кај Караџаферис од Мала - Азија? Чудни луѓе? Со проишод роден во Кипар и кај Караџаферис од Мала - Азија се најде македонска крв?

Госпдине Друцас, убаво е за сите слободоумни луѓе кога лично се осознават и се декларираат како им прилега. Тоа важи и за Грци и за Македонци и за Турци, и за Арванити и за Власи, кога ја зборуваме вистината, а не со јазикот на омразата кои обично политичарите ги тера да истрчуваат боси во трњето.

Објавено во “Нова македонија” на 22. 12. 2009

В. Европа се разминува со Европа

Повод: Брисел во најновиот извештај ни напиша - Â За да нема Âмакедонски” го тргнавме и јазикот.

Зарем со тоа, Европа не штити расистички закони донесени во грчкиот парламент! ?

Навистина, тоа е ужасно обезличување и пред таквиот ужас не треба да се молчи. Со тоа се погазени сите човечки права: Достоинството на човекот и човековите права, историјата, културата, јазик и се става во криза на идентитетот македонски.

Ние Македонците родени во Грција, а илјадници сме протерани токму од нашите родни огништа и денес живееме по светот, токму од расистичките закони на Грција, Европа и нејзините преставници, треба да знаат дека тоа сме го доживеале уште во 1926 година, кога во грчкиот Âслужбен весник” (Ефимерис тис кивернисеос) бр. 332, од 21 ноември 1926 година, објави закон за топонимско прекрстување на целата анектирана територија на Македонија. Подоцна тоа го направи и со личните имиња и презимиња на сите Македонци. Навистина тоа е ужасно, Европа би требало да го знае дека Грција во целокупната комуникација и во сите официјални документи, анектираниот дел од поделата на Македонија (1913), го водеше под имињата: ÂОсвоени земји≈, ÂОкупирани земји≈, ÂГрчка Македонија≈, (Ворија Елада).

По овој закон, низ градовите и селата, плоштадите, улиците, јавните места, во автобусите, возовите, испишани со крупни букви на кои се повикуваа Македонците: ÂОМИЛХТЕ ЕЛХНИКА' -Омилите елиника! (Зборувајте грчки). А какви беа казните и маките, се неописиви (имаше закани и сечење на јазикот).

Почитувани Европејци, во тој анектиран дел до и по војните: Првата встска војна, Втотата светска војна и Граѓанската војна, какви етнички чистења и промени се вршени, можете детално да се осведочите од многу европејски видни и почитуван историчари.

И на крај грчката влада, во 1985 година го донесува последниот закон бр. 1540, со кој се решава прашањето на враќањето на имотите на политижките бегалци. Но, овој закон се поврзува со уредбата на Министерството за јавен ред и Министерството за внатрешни работи бр, 106841, од декември 1982 година, во грција можат да се вратат само ÂГрци по род≈. Со овој акт Грција правно ги нормира фактически дискриминацијата спрема Македонија. Денес, секој Македонец знае дека со исчезнување на придавкта е обид за згаснување на македонскиот идентитет. Тоа, Грците го направија со нас Македонците анектираниот дел од Македонија (1913.)

Просто, не можам да верувам во зборовте на госпоѓа Александра Кас Грање, кога сожаливо вели:

“Вашето срце знае која е вашата земја и тоа е што е важно за вашиот идентитет...”

Да, госпоѓо, сигурно Македонецот знае и го боли кога такви работи слуша, но не знам зошто Вам Европејците, Вие страв да не нарече Македонци и кога Вие доаѓате во прекрасната наша Македонија, туку велите, во Âвашата земја.”

Секој ќе помисли дека сте пристигнавте од друга планета.

Останува, само едно нејасно, од госпоѓа Александра Кас Грање: кога Македонецот оди во Европа како треба да се престави... ???

Не сакам да зборувам; каква национална штета и неправда, ние нанесена со придавката (која Вие страв да ја изговорите), а тоа ме тера да размислувам дека расистичките закони на Грција, ве натераа повеќе да ги прифаќате, отколку реалноста МАКЕДОНСКА.

Вие - ЕУ, пред македонската и европската јавност, првенствено треба сестрано и широко да ги отворите вистинските прашања за условувањата на Грција што ги прави спрема македонскиот народ во Рпублика Македонија и нејзините закани и штети, за мирот на Балканот и во Европа, а Грција тоа го прави се со цел за тотално уништување на македонскиот историски, културен и национален идентитет.”

Објавено во “Нова Македонија” на 13. 10. 2011

11.0 ПРИЛОЗИ:

Факти и аргументи кои фрлат поголема светлина во расветлувањето на трагедијата и извршениот геноциде над Македонците од Ег. Македонија и односот на КПГ спрема Македонците под Грција 1940-1949 година и по Граѓанската војна 1960 година

11.1 На 6 февруари 2007 година на телевизијата на канал 5 во ЦЕНТЕР емисија од Васко Ефтов:

“Сведоштва за Граѓансата војна (1945-1949)” од југословенскиот генерал на УДБА (66) Јово КАПИЧИЌ, заменик на сојузниот министер на внатрешни работи на Југословија и Петре Наковски.

В.Е: Според информациите, вие неколку пати доаѓавте во Македонија како преставник на УДБА и сте задолжен за координација со револуцијата која се крева во Грција, односно во егејска Македонија.

Генералот: Да, сум, тоа го реков. Јас во име на Југославија, во името на државата, како помошник на министерот за внатрешни работи на Александар Ранковиќ, а тоа беше негова работа. Јас раководев со целата активност на Југославија кон Грција. А, тоа значи Македонија. Некои пунктови кои беа во Македонија и пунктови кои беа кај нас.

Значи, праќано е оружје, храна, облека, медицинска помош, неколку луѓе како експерти (67) за да помогнат во организацијата, на борбата и на војната, на создавање на некои одреди, правење на болници во Катланово која ние ја изградивме. Но, исто така извлековме и повеќе од 10.000 деца кои беа префрлени во источно европските земји.

В.Е: Дали во одреден период Ј. Б. Тито сакал да им помогне на Македонците под Грција, а покасно да ја присоедини егејска Македонија кон Југославија?

Генералот: Не, Тито не мислеше да ја присоедини... Видите... таа борба со Грците во Грција, тоа е дело на Македонците, на вашите, вие тоа го баравте да се прави, затоа што мислевте дека тоа е македонско малцинство. Каква врска има Србија и Црна Гора со Солун?

В.Е: Значи тоа го бараше Лазо Колишевски?

Генералот: Добро, Лазо и останатите сметаа дека е тоа можно, дека е тоа погодна ситуација во Грција и дека може да се направи еден продор кон Грчка Македонија.

В.Е: Тоа го бараше од Јосип Б. Тито?

Генералот: Власта го одобри, сакајќи и несакајќи и Југославја, немаше никаков интерес да се оди на Солун.

В.Е: А Македонија имаше?

Генералот: Македонија тој интерес го имаше. И имаше центар во Македонија кој политички се занимаваше со тоа прашање.

Целиот истоевропски свет, беше ангажиран, сметајќи дека Грција е слаба, дека Запад нема баш многу да се занимава со тоа прашање и дека може да се создаде, не да се одвојува тој дел до Солун, туку да дојде на власт Маркос, Захаријадис и такви луѓе кои ќе направат една нова Грција која би и била слична на Југославија.

В.Е: Имаше ли шанси да се оствари тоа во егејска Македонија?

Генералот: Немаше никакви шанси.

В.Е: Зошто ?

Генералот: Затоа што не војувавме војнички.

В.Е: Зошто Југославија не влезе во војна?...

Генералот: Ние бевме гранична земја, бевме на удар да бидеме тие преку кои се ќе се направи во Грција. Југославија немаше никаков интерес, освен Македонија.

Македонија имаше интерес, Македонците го сметаа тоа како дел од својата етничка територија, сметаа дека е тоа македонски народ. Можеби е така!

В.Е: Сте биле вие долу во некои тајни операции како официр на УДБА?

Генералот: Не сум бил на територијата во Грција, но сум бил во Битола, во Скопје, кон Охрид, на некои гранични пунктови каде сме имале за уфурлување преку граница. Ние не војувавме таму, ние само ја отваравме границата.

В.Е: Значи, вие само ги уфрлувавте преку граница.

Генералот: Уфрлуваш материал и пак ќе ја затвориш границата. И потоа тие го разнесуваат, војуваат и т.н.

В.Е: Македонската УДБА влегувала и се судрувала со грчката војска.

Генералот: Тоа не знам, дали нашите војници се судриле со Грците? Не, тоа не е вистина.

Ние имавме наши офицери - инструктори. Тоа имаше неколкумина офицери. Инаку, дека војската интервенирала... Тоа не е вистина.

Имаше еден момент, кога наша мала единица која ја поминала границата од грчката територија и заскитала, не за да напаѓа, неможе со една чета да се напаѓа грчката држава.

И тогаш, Грците ги фатиле и ги убиле сите тие наши војници. Тоа се случи.

В.Е: Дали некој вршеше притисок на Тито да не учествува во тој дел на егејски Македонија?

Генералот: Не. Тоа беше препуштено самото на себе. Тоа беше илегален акт, надвор од ОН, тоа не беше одобрено од нив, туку од никаков и било каков да е меѓународен форум. Тоа беше спротивно, да се работи "Под жито", како ништо да не се прави, а во всушност Југославија беше главниот фактор. Преку нас одеше сето тоа, а во таа Југославија бев јас, кој го водев тој процесс со одреден број на луѓе кои беа во Скопје, а други кои беа во Белград.

В.Е: Кој ве задолжи, тоа да го правите?

Генералот: Кој ме задолжи? Александар Ранковиќ (68) - ДБ. (Државната безбедност)

В.Е: Тој имал добра врска со Колишевски.

Генералот: Па, добро, Лазо беше... Тој беше со Ранковиќ, итн. Тие го работеа тоа.

Цветко Узунов, што знам, кој се таму работел. Јас знам, - тоа што беше моја работа за Југославија, а не за Македонија. Македонците таму се организираа самите.

Ете, тоа е, таква беше таа работа. Тоа беше една нелегална работа, на меѓународен план. Ние извршивме инвазија на една независна држава која се вика Грција, на сметка на Мекедонија, а по желба на тогашното македонско раководство.

В.Е: Колку оружје испративте долу на фронтовите?

Генералот: Вагони оружје. Не е тоа една пушка или митралез, тоа беа вагони со оружје. Немаше авиони, но имаше топови. Немаше тенкови затоа што е тешко оружје, но имаше многу лесно вооружување, тоа го имаше. Многу оружје, кое беше концентрисано во Панчево, а потоа од Панчево со воз се праќаше во различни правци во Грција. Се отвараше границата, нашите војници ослободуваа дел од границата, се ставаше оружје внатре, ќе го земеа грчките партизани, како ништо да не било ќе се вратат и ќе се затвори границата.

* * *

Генераот на УДБА Јово Капичиќ, кој свесно и одговорно во име на Југославија од 1945 - 1948 година ја организираше и снабдуваше Граѓанската војна, само не кажа од каков интерс Југославија ја потпалуваше и сесрдно ја помагаше се додека не беа масовно турнати Македонците во таа војна преку своите активисти НОФ и АФЖ (формирани од КПЈ),а потоа беа препуштени на КПГ.

Тој сега, по 60 години како заклучок вели: Дека во Грција никогаш не би можело да се промени општественото уредување и крвопролевањето било бесмислено!!

Затоа што Запад немаше никогаш да ја напушти Грција. Тоа е глупо, апсолутно глупа замисла. Затоа што не е договорено на Конференцијата во Техеран.

Повторувам: затоа што на Конференцијата во Јалта не било договорено Грција да влезе во источниот блок.

Тоа никогаш не било!

* * *

Од Балканскиот национализам, сите сме заразени, и едноставно треба да го разбереме:

БОЛЕСТА ПОКАЖУВА ДЕКА СИТЕ СМЕ ИСТИ - СИТЕ СМЕ ЛУЃЕ, НО ГЕНЕРАЛОТ НАЈВЕРОЈТНО ЗНАЕЛ; КОЈ ВО ТОА ВРЕМЕ МОЖЕЛ ДА ЈА ПОТПАЛУВА ГРАЃАНСКАТА ВОЈНА И КАКОВ ИНТЕРЕС ИМАЛА ЈУГОСЛАВИЈА. ТОЈ И СЕГА ВЕРОЈАТНО ЗНАЕ ДЕКА МАКЕДОНЦИТЕ ВО ТОА ВРЕМЕ КОЛКУ МОЖЕЛЕ ПРЕД ТИТО, КАРДЕЉИ (69) РАНКОВИЌ ДА

ПОСТАВАТ ПРАШЊЕ ЗА ПРИСОЕДИНУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА ПОД ГРЦИЈА!!??

Но, која е смислата на молчењето пред искривоколчената историја за Македонците под Грција! ?

До кога верноста кон тугинците?

Ќе не подржува (ле) комунистите (КПЈ и КПГ), како што јажето од бесилката го подржува обесениот. Шест децении тоа го правеа и го прават со нас уште само тие што имаа и уште носат поданичка свест.

11.2 КАКО И ЗОШТО (ПОСЕБНО) КОСТУРЧАНИ ГО ИЗГУБИЈА СВОЈОТ РОДЕН КРАЈ ВО ГОДИНИТЕ (1940 - 1949) - НАШАТА ИСТОРИЈА НЕМА ЈАСЕН ОДГОВОР

Костурчани низ вековните битки достојанствено опстојувања, се до почетокот на (1940 - 1949).

Со доваѓањето во Костур за владика, Каравангелис преку црквата од 1903 година почна со најгнасните методи на погрчување, особено со крајна цел по поделбата на Македонија 1913 дури за тотална асимилаија. илјадници Костурчани се покажаа како најдобри синови на македонскиот народ. За злосторствата над Костурчани, уште во почетокот на 20- от век имаат напишано доста видни луѓе за ужаосот што е правен од Грците над Костуржани:

“О,Боже!!! Перото е бесилно да ги опише ужасите, злоделата на тие sверолики луѓе вооружени од глава до пети.Тие извршија ужаси нечуени досега во светската историја на човештвото.“ (Од руски преставник на посолството -во Битола, за андарскиот колеж во село Загоричани)

Но, Костурчани, не само што беа ужасно измачувани, и прогонувани, тие се до крајот на деценијата (1940-1949) Граѓанската војна беа и најдобрите борци, а доживееа тотален геноцид.

Дали нашата историја има дадено јасен одговор?

Повод: Книгите од неколку автори кои се предмет на овој краток преглед, се со цел да се разјаснат некои од причините за нашиот геноцид во отсуство на македонскиот фактор. Истовремено да се презентираат толкувањата и на овие автори кои зборуваат токму за Костурската околија во Македонија под Грција.

По девет жилави децении, само крвта наша остана сведок за геноцидот над Костурчани. Костурската околија го зафаќа најјужниот дел на етничка Македонија.Во исто време Костур бил седиште и на костурската Епархија Ете сега на крајот од веков, многу луѓе си го поставуваат прашањето:Зарем било возможно само од едно костурско село да загинат толку многу луѓе во Граѓанската војна (1945-1949)?

Но ете тоа се случи и ние треба да ги побараме корените на злото барем од основните причини што некои стратешки ги планираное уште од почетокот на веков со појавувањето на грцизмот во Кастуррско, бидејќи од тогаш се до ден-денес Македонците добиваат

билет во еден правец и за навек се збогуваат со прадедовите исконски жилишта на тој македонски простор. Нели таквиот вековен чин спаѓа во етничкото чистење на еден народ со вековна култура, кој опстојувал во компактни заедници (села) се до извршениот геноцид во Граѓанската војна (1945-1949)?

Читајќи ги овие книги се препознаваме. Крвта ни замрзнува зашто знаеме дека се откриваме самисебе, без разлика на која идеолошка страна се наоѓавме и без разлика на тоа во каква политичка облека сме биле облечени, но сите како да трчавме да стигнеме до геноцидот и ниту еден македонски лидер не се најде, да го поучи народот Македонски, дека: Напуштањето на огништето е национален пораз!!!

1.Книга: ”Илинденската Епопеја” (Развојот на македонското ослободително движење) Том први. Од Ангел Динев.

Авторот зборува со пиетет за Илинденското востание, за величината на македонскиот дух, за развојот намакедонскоослободдителното движење од 1893-1903 година и борбата на Македонците за ослободување од отоманското феудално ропство.

Во поглавјето за Костурско, зборува за чисто револуционерниот дух носен во длабочината на душата од костурските војводи: Васил Чакаларов, Лазар Поптрајков, Манол Розов, Пандо Кљашев, Мишо Николев, Митре Влаот и редица други и дека само во костурската околија, активни востаници имало повеќе од 4.170 луѓе. Се покажува, дека навистина кај нас Македонците постоело во тоа време оптимална стратешка програма со крајна цел за создавање на македонска држава на целиот етнички простор на Македонија. Ги опишува стратешките пунктови:Клисура, Невеска и други кои беа заземени од илинденските востаници.Ја опишува масовноста на целокупното население и дека првата бомболеарница била создадена во село Смрдеш.

КОМИТИ - МАКЕДОНЦИ

Како и зошто се случи македонската катастрофа со геноцидни размери во годините (1940-1949), токму од левите сили на Грција и нивните симпатизери Македонци (членови на ЕЛАС И КПГ) против комитите и настана- “Братојадството” како феномен на Балканот.

Комитите (синови и внучи на Илинденците кои се бореле против грцизмот): Тие биле длабоко уверени дека македонското националноослободително движење мора да остане чисто национално

и самостојно, да биде надвор од идеологијата на комунистичките партии и туѓите влијанија. Нивната основна преокупација била да создадат општо национално ослободително движење во сите три дела на Македонија. Тие немаа резервна идеологија освен македонската патриотска дејност со чиста национална димензија.

Комитите биле борци за ослободувањето од турското ропство, а сега во четириесетите годините сите тие луѓе се имаа прогласено како борци против грчкото ропство. Тие сите беа синови или внуци на најистакнати Илинденци над кои андартите заедно со Владиката Каравангелис имаа извршено невидени злосторства во процесот на погрчувањето, а тоа го тврди и самиот Каравангелис во својата книга (спомени): Заклетвата на овие сите комити им беше: "МАКЕДОНИЈА -за неа ние се бориме - за неа ние ќе умриме".

Зошто со појавата на Комитите (На 5 март 1943 годаина во Костур е формирана првата воена единица-Комити) и работите зедоа друг тек? Зошто и од кои причини тие се појавија во развластената Грција? (На 20 мај 1941 година спрема Хитлеровата наредба од 17 мај истата година, Грција е официјално поделена на окупациони зони: германска, италијанска и бугарска).

Каде беше македонскиот фактор да ја земе во свои раце судбината на својот народ. Зошто им е се препуштено на туѓата пропагандна машинерија, што делувале уште од времето на Егзархијата и Патријаршијата? Каде се нашите национални водачи? Тие се во редовите на КПГ* (Види:на грбот од партиската книшка што им препорачувал Сталин-космополитизам и класна борба.)

Но, да видеме како постапија комунистите во врска со ова прашање, и со каква цел предложија тие да се формира СНОФ (има информации дека таквата идеја била потикната од Темпо), па дури и мали воени формации (но, исклучиво во областите, каде што тие и беа формирани и селаните вооружени од комитетот), кога се знае дека со таквата минимална програмска опција со целосна рамноправност на малцинствата, не се предвидува тие да имаат право на формирање на самостојни воени формации. Каква беше сепак, таа грижа од КПГ за нас Македонците, кога ЕЛАС беше уште летото 1943 година во преговори со Англичаните?

ФОРМИРАЊЕТО НА СНОФ ВО РАМКИТЕ НА ЕЛАС

(Грижа или манипулација?)

Раководствата на КПГ, ЕАМ и ЕЛАС, загрижени за ситуацијата, што се создаде во Македонија под Грција, а посебно во Костурско, Леринско и Воденско, се најдоа принудени да формираат посебна македонска организација СНОФ (Славјаномакедонски народноослободителен фронт). Така на 20 октомври 1943 година беше формиран СНОФ, но само во Костурско и покасно во Леринско, меѓутоа не и во Воденско. Па и тоа го сторија луѓе од Обласниот Комитет на КПГ за Западна Македонија, и тоа Грците: Христос Калфас (Андреас) и секретарот на окружниот комитет за Костурско Андонис Андонопулос (Периклис) и секретарот на окружниот Комитет на КПГ за Кожанско Танасис Карцунис. (Види: книгата "Ѓорѓи Р. Пејков (1915 - 1991) " Стојан Кочов, Скопје 1995

Ете како се роди организацијата на СНОФ, а исто така и какви се оценките за истата од нашата историја:

Како го објаснува тој чин историчарот Р. Киријазовски:

"СНОФ има голема заслуга за тоа што од селата, каде што дејствуваше, над 500 Македонци стапија во ред ЕЛАС..." (Нејасно е зошто Македонците пак ги туркаа во ЕЛАС?) и понатаму: со што се овозможи натамошниот непречен развој на НОД во тој крај". (Види: Д-р Ристо Крцјазовски книгата "Македонски национални институции во Егејскиот дел на Македонија (1941-1961) стр. 29)... Понатаму во истата книга на стр.33 се вели: "Токму кога СНОФ ги постигна овие и имаше реални перспективи да постигне уште поголеми резултати за уште помасовно вклучување на Македонците во борбата, раководството на КПГ во април 1944 година донесе одлука за расформирање на СНОФ и на СОВ. Овој многу нерекен и штетен потег на раководството на КПГ се должи на неговата спомената политика на спогодување со десницата преку недозволени отстапки..."

Еве како се роди и дејствуваше СНОФ само неполни 6 месеци организацијата создадена од тугинците. Сега кај нас таа е оценета како институција, а тоа ни се враќа како бумеранг. А ете и какви се оценките на истата. Но, да се оценува нејзиното расформирање како "несреќен случај", тоа покажува само дека немаме сили да си ја признаеме вистината. Дека ние Македонците всушност ја имавме препуштено севкупната наша судбина да ја решаваат други - тугинците. Па така бевме и жртвувани за туѓи цели; бидејќи исто така "боси" влеговме и во Граѓанската војна од 1945-1949 година.

Треба исто така да се знае, дека, имено, поради отсуството на македонскиот фактор, и бугарската пропаганда на двапати посегна по нас Македонците, пред да се појават Комитите. Првиот случај е во времето кога се водеше грчко-италијанската војна од 1940 година; тогаш бугарската пропаганда го искористи случајот со Македонците заробеници од грчката војска во Италија и побара од италијанската влада тие да и бидат предадени на Бугарија, при што сите овие заробени Македонци биле претставени како "Бугари". Како непосреден резултат од ваквата "грижа" овие луѓе од грчките власти беа ставени на црната листа и беа прогонувани, заедно со нивните семејства, до истребување како предавници на татковината Елада.

Вториот случај е уште подрастичен. Тој се однесува на групата од 27-те мина ослободени македонски и грчки комунисти од затворот "Акронавплион" на 28 јуни 1941 година, со помошта Јулија Шнајдер, под единствениот услов сите тие да примат бугарско државјанство, бидејќи биле потврдени бугарофили. Ослободувањето на споменативе, подоцна ќе го искористи грчкиот националистички печат и некои грчки политичари, за да ја клеветат КПГ, дека наводно таа се ставила во служба на окупаторот и им ја "предала" Македонија на Бугарите.

Но, пред да видиме кои беа Комитите, интересно е и битно да се знае дека тезата "Една држава-една партија" била применувана и во новосоздадените околности во текот на окупацијата на Македонија во 1941 година. Еве што вели Д-р Ванче Стојчев во "Н.М" од 16.08.1994 година.

"Бугарската окупација на поголем дел од Вардарска Македонија (а тоа секако важење и за Егејска Македонија м.з.), сообразно со Коминтерската теза, ја мотивирала БРП(к) на извршување на нови анексии над македонското комунистичко движение. По анектирањето на Македонската комунистичка партија во Пиринска Македонија, БРП(к) се потрудила да ја анектира и комунистичката партија во Вардарска Македонија".

Па се поставува прашањето, дали таа БРП(к) не се трудела, преку разни форми, тоа да го стори и во Егејска Македонија, и дали е докажано дека таа не била вмешана во целиот тој процес на на создавањето на Комитетот?

Но, за ова прашање Д-р Ванче Стојчев вели: "Истражувањето на односите на Коминтерната (на 15 мај 1943 год. таа била распуштена, но ИК како оперативно тело, и понатаму функционирал),

Комунистичката партија на Југолсавија (КПЈ), Бугарската работничка партија (комунисти) БРП(к) и Комунистичката партија на Грција (КПГ) спрема македонското прашање, неоспорно пред почетокот и за време на втората светска војна, до неодамна, во историографската наука традиционално зависеше од дневната политика."

Но да видиме всушност кои луѓе беа Комитите во Македонија под Грција? Еве што пишуваат за нив неколкумина историографи, а ние нема причина да не им веруваме: "...Тоа што најмногу го натерало еден мал дел од македонското население да стапи во Комитетот бил стравот од вооружените грчки националистички банди, кои во 1943 год. во Западна Македонија растураа летоци со застрашувачки пароли против Македонците, а од друга страна-не беа убедени за мнозинството од македонскиот народ и ветувањата на КПГ за рамноправност на националните малцинства кога таа би дошла на власт. Во програмата на ЕАМ воопшто не се говореше за одделни национални права на Македонците, а во првите единици на ЕЛАС, што се појавија во Западна Македонија во март 1943 г., во прво време преовладуваа националистичките елементи и во еден ден само во с Загоричани заклале 17 Македонци". (Види: Христо Андоновски "Македонија под Грција во борба против фашизмот (1940-1944)", стр.108."

Да ја проследиме следната рецензија:

"Еден од бројните фактори што контрачетничкото движење (се мисли на Комитите) во Егејскиот дел на Македонија не прерасна во квинслишко движење, беше целосното вклучување на неговите членови во редовите на ЕЛАС, а подоцна на ДАГ, во кои што се истакнаа плејада прославени борци, команданти и комесари на партизански единици. Голем број си го дадоа и својот живот за слободата на својот народ." (Види: Д-р Ристо Кириазовски во рецензијата за книгата на Ташко Мамуровски "Бугарската пропаганда во југозападна и централна Егејска Македонија (1941-1944)". И на крај, еве што вели и самиот автор на оваа книга Ташко Мамуровски: "...честите колежи, грабежи, палежи, силувања, оргии, насилства и.т.н, што ги вршеле врз невиното македонско население грчките националисти, уфрлени во редовите на ЕЛАС како агенти и соработници на окупаторот, какви што биле Коларас, Баскакис и други, ги натерале Македонците со окупаторско оружје да ја бранат својата чест и слобода."

Немам намера да коментирам, но сепак да изнесам нешто лично, што го доживеав со илијадници такви борци во единиците на ДАГ. Тоа е

случајот со Коста (Динев) Солев-Суљо, кој загина како херој и неустрашив командант и борец на ДАГ, но ете тој благороден човек не му беше дадено заслуженото место во книгата “Светли ликови од Егејска Македонија (1945-1949)” од Ташко Мамуровски, најверојатно поради тоа што и натаму некои посакуваат тие луѓе да ги нарекуваме:”...борци за целите на Хитлер и на неговите слуги на Балканот...”.Што значи, дека комитите не биле против левото движење, туку во одбрана на своето македонско достоинство.

Да не заборавиме дека тие луѓе имаат деца. и дека тие деца денес живеат во Р. Македонија, а повеќето од нив се покажаа како добри Македонци и стопанственици. Сакам да изразам особена почит кон г-ѓа Јагнула Паскал Куновска, која, во својот строго контролиран текст “Нови гледишта на историјата”, критички и концизно изнесува становишта, што се од исклучителна важност за виталните национални прашања. Текст одмерен и со високо и јасно патриотско чувство, концентриран врз движењето на македонскиот фактор, а не врз интригите на т.н “Егејскиот синдром” за (само) уништување. Г-ѓа Куновса, со овој сериозен преглед засега многу суштински проблеми. и повикува, без никаква апорија, кон национално помирување, одамна промовирано како нужен чин за нацијата, од почитуваниот професор Димитар Димитров, затоа што таа имала таква судбина (како што ги има илјадници македонци) да живее виновна без вина со: дедо илинденец, со татко борец против националистичките грчки банди и со браќа загинати во ДАГ.

11.2.1 ФАКТИ И АРГУМЕНТИ ЗА МАКЕДОНСКИТЕ КОМИТИ ОД КОСТУРСКО. ЗА НАЈСВЕТЛИТЕ ЛИКОВИ КОИ БОРЕЈЌИ СЕ ЗА СЛОБОДАТА НА МАКЕДОНИЈА

Од дневникот на комитата Васил Јанакиев. (Дневникот го поседува неговиот син Др. Ристо Ивановски, Скопје.): ”На 18 април 1942 година, фармирана е комисија од пет члена:Васил Јанкиев, од село Мањак-Костурско, член на ВМРО обе; Лука Диманин, од село Дреновени-Костурско; Бај Кољо Шестеварот, член на ВМРО обед; Танас Низамов, преведувач. Барале прием кај италијанскиот генерал РАВАЛИ кој бил командант на градот Костур. Од сите нив му била образложена намерата со претходен увод за нас Македонците, дека сме посебен народ и дека по поделбата на Македонија (1912-1913) нашиот народ е подложен на страшен теророр за погрчување, кој систематски е почнат уште во далечната 1900 година со специјално умисленото доаѓање на Владиката Каравангелис (70) и вооружените формаци под раководство на Павлос Мелас за освојување на Македонија.

Но, и со настанатата етничка промена на населението, т е со донесувањето на колонистите од Мала Азија од кои сега имаме посебно тероризирање од нивна стран и од страна на Грците, односно организацијата ПАО (71), во која членуваат исклучиво грчки националисти. Тие секојдневно организирале разни рации и пљачкања (на добиток, жито, сирење, маст и други продукти) и измачувања над македонското население кое е од најнезаштитените,па дури ни од италицјанските власти. Многу од Македонците кои биле пред италијанските власти намерно обвинувани за Комунисти и кои биле апсени и тепани до смрт, за разлика од, Грците кои биле затворени како Комунисти, но биле ослободувани. Потоа му објаснил, дека сите неопходни продукти кои многу тешко се набавуваат(сол, шеќер, масло, газија и др.) за македонското население биле недостапни.

Последното барање било, ако е можно да им се дозволи и на Македонците да им се додели канцеларија која директно ќе општи со италијанските власти, бидејќи од Грците не можат да најдат заштита и разбирање.Равали им рекол, дека ќе бара објаснување и од италијанските власти и дека наскоро ќе им одговори..Одговорот бил позитивен и на 5 март 1943 година било свикано собрание од 48 члена кои имале преставници од разни села. На истото собрание било решено да се оформи организација под името “МАКЕДОНСКИ КОМИТЕТ” за Костурско само за самодбрана, во кој членувале

повеќе од 54-60 села.Им било дозволено дури да се наоружат, бидејќи им требало да се заштитат во развластената Грција.

На собранието биле избрани со гласање:

1.Пандо Макриев, од село Четирок за главен командант на Штабот во Костур.

2. Паскал Калиманов, од село Добролишта за командан на сите наоружани селски комити.

3. Лука Диманин, од село Дреновени за помошник на командантот на Штабот.

4. Бај Кољо за главен војвода на Костур.

5 Христо Насков, од село Езерец за секретар и помшник на командантите

6.Васил Јанакиев, од село Мањак, офицер за информации и врски.

7. Кузе Шестеварот, за реонски војвода.

Вкупно бројот на оружани Комити биле околу 9.742 лица, главно со лесно оружје кое било дадено со специјална дозвола од италијанската команда на костурскиот гарнизон и дека ќе бидат исклучително под нивна заштита и контрола и нивните дејанија ќе бида ограничени, само во атарот на Костурските села и ќе можат меѓусебно да се помагаат и дека повеќе не треба да им се потчинуваме на грчките органи.

На 24 јули 1943 година во Костур се славело, се извикуваа пароли:

Драги Костурчани! Бидете храбри како што и ви доликува на потеклото!

Да живее овој најсветол наш ден Илинден! Да живее слободарскиот дух на Костурчани! Да живее цела Македонија!

Потоа по ова пристапија сите комити кон една маса покриена со црвено кадифе на која беа вкрстени кама и пиштол и даваа заклетва:

ЗАКЛЕТВА:

“Се клнам шчо до последната капка крв ќе се борам за слободна Македонија и шчо ќе бидам верен на Македонскиот Костурски Комитет и нема да станам предавник. Ако станам измамник, нека ми се шнди со револверот и камата шчо за верност ги бацвам!

Слобода или смрт!”

Нека им е вечна слава!

ПОВЕКЕТО ОД ОВИЕ ХРАБРИ МАКЕДОНСКИ ЛИКОВИ ОД КОСТУРСКИОТ ДЕЛ НА МАКЕДОНИЈА, НИВИТЕ КОСКИ ОСТАНАА ЗА ВЕЧНО ТАМУ, ВО РОДНИОТ КРАЈ: ВО МАСОВНАТА ГРОБНИЦА НА БРАТОЈДЦИТЕ: а) (ПОМЕЃУ СЕЛАТА ТУРЈЕ И БАПЧ0Р ВО МЕСНОСТА “СТРАШИЛОВО”; б) ФРЛЕНИ ВО Д'МБЕНСКОТО ДУЛО в) ВО НАЈГОЛЕМАТА ГРОБНИЦА ВО СЕЛОТО АПОСКЕП И д) НИЗ ПЛАНИНИТЕ НА ГРАМОС, ЕПИР И ВИЧО.

11.2.2. ФАКТИ И АРГУМЕНТИ ЗА ГРЧКАТА СТРАТЕГИЈА СПРЕМА МАКЕДОНЦИТЕ - РЕЧЕНО ВО ГРЧКАТА ИСТОРИЈА ОД САМИТЕ ЗАВОЈУВАЧИ

Грчката стратегија била: а) Македонија, без Македонците. б) Како второ од документот се гледа кога дошле Грците во Костур и во Егејска Македонија и в) Зашто на Грците им била главна цел; нас Македонците до денденес не прогонуваат!.

1. Αθήνα, 2 Μάη 1906. Φάκελος Κ 59 Β, ΓΑΚ

Στην αναζήτηση ζωικού χώρου για το ελληνικό κράτος, αναγκαίο για την οικονομική και εθνική επιβίωση του, πρωταρχικός στόχος της εξουσίας στην Αθήνα, αποτελούσε η γη της Μακεδονίας, όχι όμως και ο πληθυσμός της. Στην κατεύθυνση εκείνη, ο εκπρόσωπος του ελληνικού «Μακεδονικού Κομιτέτου» της Αθήνας, το οποίο βρισκόταν πίσω από το «Μακεδονικό Αγώνα», στην αντιπροσωπεία που κατέφθασε το 1905 στην Αθήνα από τη Μακεδονία και παραπονέθηκε για τη φριχτή συμπεριφορά των ελληνικών αντάρτικων σωμάτων στην περιοχή της Μπίτολα και Λέριν, τους απάντησε: «Εμείς δεν έχουμε ανάγκη τους Μακεδόνες, αλλά έχουμε ανάγκη τη Μακεδονία» (Καραβίτης, 1994:937).
Превод: С. Кочов

Во иследувањето на животниот простор на грчката држава, нужен за економскиот и националниот опстанок, првостепена цел на власта во Атина, претсатвуваше земјата (просторот на Македонија, но не и нејзиното население.

Во таа насока, преставникот на грчкото ÂМакедонско Комитато≈ во Атина, кое се наоѓаше позади од преставништвото на ÂМакедоникос агон≈, во делегација која приостигна во 1905 година во Атина од македонија и се пожали (на преставниците од Макед. Агон) за ужасниот и страшен однос на грчките андарти кои делуваа во реоните на Битола, Лерин, а тие им одговорија: ÂНие (Грците) немаме потреба од (народ)Македонци, но имаме голема потреба од земјата Македонија. (Каравитис, 1994, 937)

2 Македоникос агон од 1904- 1908 година. (Истражувањето е подолго, поради тоа што и се дава големо значење, на таа борба во грчката историја како се вели:

Градот Костур е прв од регионите во кој се запали ослободувачката борба за освојување на Македонија (1904 - 1908). Првапочетната активност против Бугарите (На нелои, тоа им беше вообичаено да не

викаат спрема црквата) се организира токму тука под прводството на Павло Мела.

11.3 Интервју: “ Тридесет три године касније: ЗАШТО МАРКОС НЕ КАЖЕ СВЕ

Један наш обавештајни официр се сећа збивања која су узбудивали свет.

Како је дошло до сукога. Шта то Маркос нетачно прикажује? И. н. т.

Но, најинтересно е прашањето: Да ли је поред ових разлога пропасти грчког ослободилачког покрета, било и неких других?

Игра око македонског живља

- Грчки устанички покрет се у прво време оријентисао на Егејску Македонију, због тога што је традиција борбе у мјој била веома јака и што су можда Егејски македонци рачунали да ќе кроз нову борбу остварити свој циљ- уједињење с матицом. И, уместо да руководство Грчке КП искористи тај позитивни моменат и да устанак прошири не целу Грчку, они се ограничавају на Егејску Македонију, због близине југословенске границе. Поред тога, они воде потпуно погрешну кадровску политику, дозвољавајући Македонцима да непредују у војничкој хијерархији само до командира чете, правдајући то недостатком партијског искуства код македонског живља. Томе треба додати стално манипулисање између’у два највиша фуннкционера-Македонца. Свака два месеца један од њих ја био у немилости, а други форсиран....”

(Дел од поголемото интервју во списанието Дуга 1985, стр. 30 со Д. Голубовиќ).

11.4 Последните искази на Захаријадис

На XII Пленум на ЦК на КПГ, што се одржа на 25 до 27 јуни 1945 година, Захаријадис во својот политички потенцираше:

"... Против сме каква било промена на границите од 1939 година со примена на сили од каде и да доаѓа. единствениот демократски принцип што го признаваме е принципот на самоопределување на народите. Овој принцип важи и за додеканезите и за Кипар и за Северен Епир. Истовремено настојуваме да се спроведе еден друг демократски принцип за националните малцинства, принцепот на рамноправноста, на нивно почитување. Тој принцип треба да се спроведе и за македонското малцинство, пријателски да се регулираат нашите односи со северните балкански републики..." (Види: "Ризоспастис" 17 јули 1945 година).

Никос Захаријадис Генерален Секретар на ЦК на КПГ, претседател воениот Совет на ДАГ. Зборувајќи за проблемите на поразот на ДАГ, на 13 Конференција во 1950 година рече: "Ако од порано го знаевме ставот на Тито, дека ќе биде таков, ќе размислевме дали да го земеме оружјето и да војуваме во Граѓанската војна. "НОФ беше создаден од Тито и Колишевски...

Нејзиното основачко и раководно јадро беше составено од титови агенти од типот на Митревски Керамиџиев, Гоце, Раковски и други, со единствена цел да ги унапредат интересите на Белградските раководители во егејска Македонија... Да го користат славомакедонскиот прашање за остварување на нивните националистички планови-присоединување на Егејска Македонија... ". Тоа го напиша Захаријадис, и беше усвоено на посебното советување на Македонските кадри (72) на КПГ, разгледано и прифатено од полит-бирото на ЦК на КПГ. Така грчката страна гледаше и ги разбираше работите. Види: ТО ККЕ 1918-1952, стр. 271, а го цитира и Павле Раковски во книгата 2000/347.

***

Значи, ако добро го разбравме генералниот Секретар на ЦК на КПГ-Никос Захаријадис како што вели: "Ако бев информиран како што сум денес, тоа немаше да ми се случи".

Ете, како по катастрофата на Граѓанската војна, овој водач кој беше моќ и мит, стратег на револуцијата, каква оцена апостериори даде за

војната, но сега не со говорот на политичкото насилство (барем таков беше познат), туку конечно се оправдува пред историјата.

Од измама во измама, а тоа претставува за нас Македонците (кои сме биле испратени со билет во една насока) Втор дел на ужасот по Граѓанската војна. Так говорат вародостојните факти и тоа е историска вистина. Тие факти ја покажуваат мрачната и темна завеса на нашата судбина.

Верувам дека ние паталците (искорнатите од Македонија под Грција) сфатиме дека сите тие идеологии како: нацизмот, фашизмот и болшевизмот се создадени од амбициите на нивните создавачи кои се наракуваа дека се загрижени за доброто на човештвото(напр: Ленин создаде сис-тем, кој на крајот го уништи и него самиот). Власта во рацете само на еден човек е вистински извор на опасност, отсекогаш. Но, во ниедна земја власта (партијата-КПГ) не била толку многу сурова спрема своите војници што ги остави по светот и пола век не проговори за нивната судбина...

11.5 СИБИР ЗА “ ТИТОВЕ АГЕНТЕ„

Пре тридесет три године, групу Македоноца, руководилаца Народноослободилачког фронта, НОФ-а из Егејске Македоније, оптужио је сталинистички политбиро ЦК КП Грчке као кривце за пораз Демократске армије Грчке у Граѓанском рату 1946-1949 године.

-Десеторо њих осудени су на смрт као “агентура Титове Југославије и медународне реакције”. По налогу генералног секретара КП Грчке, Захаријадиса и његове групе, која је следила ставове инфорбироа “о стању у КПЈ”, оптужени и осудени су из драчке луке депортовани у Совјетски Савез на истрагу, о њиховим злочинима”. У Москви им је смртна казна замењена робиом и изгнанством у Сибир. -После Сталијинове смрти и Двадесетог конгреса КП Совјетског Савеза сви заточеници су рахабилитовани као погрешно осудени, па су се вратили у Југославију, у Скоплије, где највечи број њих и данас живи”.

Види: Опширно пишува-Драган Кљакиќ, “ДУГА” 15 јануар 1983 гонина.

Значи, ние Македонците најмногу, ако не и првите сведења ги добивме од овој автор и од тугинците, за сторено зло спрема нашите раководители на НОФ и АФЖ. Се разбира, дека сега ја имаме и книгата од Павле Раковски: Автобиографија-моите страдања, издавач, АЕА издавачи, Скопје, 2000.

Но, тоа што најмногу ме измачи во истражувањето; барав да најдам официјално: ГЛАС, ПРОТЕСТ: ЕЈ, ВИЕ ТАМУ! КОЈ ВИ ДОЗВЛИ ДА ГИ СУДИТЕ НАШИТЕ РЕВОЛУЦИОНЕРИ И ДА ГИ ПРАТИТЕ ДУРИ ВО СИБИР?! Ама тој глас или протест да биде од нас Македонците.

Дали можеме по полавеков да зирниме во фактите: КАКВО МИНАТО ЌЕ ДОЗНАЕМЕ (НЕ) (ОЧЕКУВА).

Совеста на овие наши луѓе т. н. револуционери од редовите на НОФ и АФЖ, кога се најдоа во рацете на мокникот Захаријадис, очевидно е дека доживееа страшни прекршувања низ моќните идеолошки механизми во целокупниот систем на глобалната советизација т. е, во идеолошката пропаганда со жестоко разурнувачко дејство на самата човекова психа.

Во тој глобален хаос, во една збркана и брутална војна, се поставува прашањето како ние самите Македонци да ги разбериме.

ВО ПОТРАГА ПО ЧОВЕКОВОТО “ЈАС” ИЛИ СПАС?

Врз што се заснова неповторливата индувидуална свест “Јас” на секој поединец? Во случајот трагајќи по човековото “Јас”, за секое лице, неговата индувидуална самосвест претставува необјасниви појави, но во истражувањето токму тоа посебно станува збор токму кај овие наши раководители.

Да го проследиме она што го доживеа:

Види: НЕБЕСКА ТИМЈАНОВАВНА, роман од Петре Андреевски 1989, стр. 297.

“ -Товариш Хрушчов, товариш хрушчов, викаме, ја краваме земјата, ја цепиме. Одекнува гласот од куполите на театерот, што се вели, како со иста уста да викаме. Хрушчов позапира, си го враќа предниот чекор на делканиот камен, се врти и гледа: две жени се борат со глутница полицајци.

-Пуштите женшин, вели Хрушчов.

Полицајците се свртеа, јас се подослободив и го удрив тојшто ме држеше. Право в стомак. Ко со магарешко копито го удрив в стомак, а можеби подолу. Крикна човекот и си ги тргна рацете од кај мене, ме испушти.

Дојдовме до Хрушчов, ама не можеме да фатиме ред во дишењето. Толку што сме предишени. Сме застанале пред него како чуми: разбушавени и растрбушени, не ни се познаваа и лицето, сликата. Зборуваме и збиваме, обете наеднаш зборуваме: си ги покриваме зборовите.

Како и зошто од НОФитите и АФЖититките е напуштен е вековниот стремеж за родниот крај.

-Товариш Хрушчов, велиме, ми комунисти од Југославија, ние револуционери и борци од четириест и прва година, од грчка Македонија. Ние сме уапсени и рехабилитирани, велиме, од Југославија имаме виза, од вас уште немаме. Не можеме да се вратиме, велиме и само збивтаме. Ни играат слабините, ни скокаат

жилите, слепите уши и ноздринките. Немам душа за уште, сета ни е во носот.

-Успокојтес, успкојтес, вели Никита Сергеевич, му свети јајчестата гола глава, обросена со пот. Всјо будет харашо. Оливера... му тутнува писмото в раце “

Така заврши револуционерната дејност на овие наши луѓе, кои беа пратени преку СИБИР ДО - КАТАТРЗА.

Се поставува прашањето: дали овие наши политичари, сега прокламирани како “југословенски комунисти ??!!”, со таквиот пресврт и не отстапија од националните интереси, за кој го повикуваа својот народ и тоа нема да биде оквалификувано од историјата како национално отстапување и измама на својот народ повикувајќи го во револуција и старо и младо?

Дали навистина тоа го сторија за спас или тие за целиот период ја остварувааа политичката платформа на КПМ/КПЈ (Во пропагирањето ги повикуваа Македонците под Грција во револуција и продолжување на Илинден.)

Редно е, да признаат дека тие носат историска вина (ако уште тврдат дека тие биле воено политички фактор во Граѓанската војна, а не се извинат пред македонскиот народ и признаат дека биле манипулирани и жртвувани) за жртвите и за многу национални прашања, но и не помалка вина што им оставија голем грев на ПОТОМЦИТЕ, кои се уште се наоѓаат по светот БЕЗ ПОВРАТЕН БИЛЕТ!!!???...

12.0 ПОГОВОР

Чречил рекол: “Еден народ може да закрепне од воен и од политички пораз, може да ги надмине злосторството и сиромаштијата, но кога еднаш свесно ќе прифати понижување, ќе се предаде или продаде, после тоа веќе нема закрепнување. Одговорноста завршува тука. Нема понатаму! “

Сите земји (нации низ војните во XX век и пред тоа) кои се придржуваа на старата културна стратегија за опстанок на своите вековни огништа, тие денес многу завидно, си ја развиват сопствената културата и државноста. Но, што се случи со нас Македонците под Грција? Како и зошто го изгубивме родниот крај?

По битките на многу предходни генерации; тие наши прадедовци, гинеа и истраеа да опстујување на своите огништа и тоа беше до периодот на на Втората светска војна и нас ни случи за не цели 10 години (1940 - 1949) да го изгубивме родниот крај.

Секои паталец си го поставува прашањето:Зошто војната не заврши како и секаде, на 9 мај 1945?! Како и зошто беше активиран македонскиот синдром преку идеолошкиот активизма над Македонците под грција по Втората светска војна во Граѓанската војна (1945 - 1949)?

Основното прекршување кај нас Македонците настана токму во Втората светска војна и понеа во Граѓанската војна (1946 - 1949) и од тука треба да се одговорот на овие прашања.

Го праша некој македонскиот народ под Грција: зошто и со каква цел треба да бидат создадени НОФ и АФЖ? надвор од Егејска Македонија?

Значи со право ние Македонците можеме да им кажеме на НОФ и АФЖ, зошто не лажевте и ни донесовте несреќа која со ништо не се лечи и изгубеното со ништо не се враќа!

Граѓанската војна за Македонците под Грција е најмрачното историско досие. Состојбата во Ег. Македонија во четвртата деценија од 20-от век, стана пустош и се е протерано со биллет во еден правец. Секој се прашува: кој е виновен за изневерените надежи: нашите организации НОФ и АФЖ, КПЈ/КПМ начело со ТИТО, КПГ на чело со Захаријадис, Сталин, Англија и Америка или пак македонскиот напатен народ кои живееше со векови на тој дел од Македонија!?

Граѓанската војна се покажа дека имаше геостратешки и геополитички интереси кои беа зацртани уште при поделата на свери на влијание (Грција беше под британска сфера на влијание), и од тука треба покрај внатрешниот фактор, бара детална анализа и улогата на меѓународниот фактор, пред се Англо - Американскиот и, за некои аналитичари: да се спречи руската доминација. Но, тоа многу пати Сталин го негираше и велеше дека СССР нема никакви пратензии и надежи дека Грција да помине во лагерот на социјализмот. Истотака, да се тврди дека во Грција на крајот на 1945 и почетокот на 1946 година (кога НОФ и АФЖ биле формирани и под команда на КПЈ/КПМ) во Грција се наѕирале и се јавиле револуционерни сили, па затоа беше оправдано и ние Македонците д аим се придружимеа, анализите и ишодот покажуваат дека тоа се само оправдување на проектентите кои сакаа да не ископат. Тоа за време на војната го користеше и Захаријадис дека со вооружена борба ќе се победи (за таквиот став беа против најзначајните лидери Торес на франција и Тољати на Италија му укажале: "... дека е опасно да се прибегнува кно оружје!". Посебно Георги Димитров му укажал дека: "меѓународната ситуација не дозволува избувнување на нов вооружен конфликт, кој фактички би им овозможил директно машање на западните сојузници на БАЛКАНОТ."

Но, за нас Македонците во овие 60 години е најнеразјаснето прашањето на прекомерното инволвирање на Југославија, посебно; дел во Втората светска војна и многу активно во 1945 година, до март 1948 година кога кај нас Македонците (посебно преку Југославија) беше прифатено како: "Времето на револуциите не е завршено".(Види: пораката на Цветко Узунов- Абас ин а Лазар Колишевски).

Со жалење треба да се констатира дека иаку и Македонците од Егејска Македонија не беа клучни играчи во глобалните процеси, туку беа оддани кон КПЈ или КПГ, некои од раководителите на НОФ и АФЖ (луѓе со поданички менталитет), не само што не смогнаа, туку свесно работеа во обратна насока, на интересите на македонскиот народ, а таа насока на главните стратези (Тито и Захаријадис) целта им била што по масовно да ги вклучат Македонцте дури со принудни мобилизации, иаку се знае дека македонските селаните традиционално беа пасивни и потчинети.

Ако тргнеме од негативниот историски детерминизам што делуваше во егејскиот дел на Македонија по 1913 година, ние Македонците во Граѓанската војна како да заборавиме на сето тоа и постапуваме со

искреност и секогаш правевме големи недозволени отстапки иаку учесниците во ДАГ беа 40- 50% Македонци.

Тоа се случи со формирањето на ПДВ (Привремената Демократска Влада - во планина и непризнаена од никого) не ни дадоа да партиципираме со оправдување, оти ќе им се дало повод на владата во Атина.

По овој чин, во т. н "Слободната територија" од која беше поголемиот дел во Македонија и дел во Епир, генерал Маркос почна со масовни мобилизации. Мобилизираните, се распоредуваа во воените единици дури и 10 до 20 во иста единица од исто село и во битките имаше случај да погинат повеќе бориц од исто село, па дури од поблиски по род. Генерало Маркос, се понашаше како господар, а НОФ и АФЖ му служеа како сервис, а тоа не важеше за цела Грција. Последица на таквите мобилизации доведоа до жалосна положба и секој се прашуваше: зарем било можно само од ендно село да загинат толку луѓе.

По катастрофата на Граѓанската војна, Захаријадис кој беше моќ и мит, стратег на револуцијата, каква оцена апостериори даде за војната, но сега не со говорот на политичкото насилство (барем таков беше познат), туку конечно се оправдува пред историјата. Скоро на ист начин се оправдуваа сите, па и НОФ и АФЖ и КПГ и КПЈ/КПМ. Некои се сметаа за единствени поклоници на вистината, дури извршија свевидно насилство на историјата. Но, значајните настани и личности кои се дел од македонското минато во егејскиот дел на Македонија останаа и не се целосно расветлени. Од измама во измама, а тоа претставува за нас Македонците (кои сме биле испратени со билет во една насока; на луѓе со изгубено достоинство, луѓе тажни и во болка). Втор дел на ужасот по Граѓанската војна. Така говорат веродостојните факти и тоа е историска вистина. Тие факти ја покажуваат мрачната и темна завеса на нашата судбина.

Како и зошто ги браневме изгубените битки? !

Низ минатиот половина век, во официјалната историја за Македонците под Грција, во интерес на Југославија беа строго бранети изгубени битки и многу често ние учесниците во тие војни, се прашувавме зошто во Македонија на овие теми неможеме отворено да разговараме и ни се велеше:

„... Настанот не смееме да го спомениме за да не ги налутиме Грците. " Или се поставуваШе прашањето: „Што Ќе речат Грците? "

Станува збор за клучни национални теми, изместени од националните интереси, неверојатни тајни политички проблеми што уште постојат, а не сакаме да ги согледаме и да ги видиме. Конечно, знаеме ли чии жртви сме? Едноставно, никој не сака да разговара на овие табу - теми. Ете, сега, дури и авторот кој ја пишувал историјата Р. Киријазовски не упати во понови тајни заблуди. Во изминатите 60 години, многу крикови од Македонците кои беа жртви во Граѓанската војна не сакавме да ги слушнеме дури тука во родната држава на сите Македонци Р. Македонија. Овоа се потврди и на Собранискатa Анкетна Комисија за заштита на човековите права и правните експерти која се одржа на 23 јануари 2006 година, како што рече Вања Тошевски: „Во тогашна Југославија, се блокираа сите практички активности на тој план. И тоа беше во корист на Грција...“

Верувам дека ние паталеците (искорнатите од Македонија под Грција) сфатиме дека сите тие идеологии како: нацизмот, фашизмот и болшевизмот се создадени од амбициите на нивните создавачи кои се наракуваа дека се загрижени за доброто на човештвото(напр: Ленин создаде систем, кој на крајот го уништи и него самиот). Власта во рацете само на еден човек е вистински извор на опасност, отсекогаш. Но, во ниедна земја власта (партијата-КПГ) не била толку многу сурова спрема своите војници што ги остави по светот и пола век не проговори за нивната судбина...

Заборава КПГ дека илјадници Македонци ги дадоа животите за суверенитетот нас грција. Заборава за време на отпород против германците се дадоа илјадници жртви. Забарава ли КПГ дека во редовите на ДАГ Македонците ги имаше низ цела Грција и гинеа на боишта на Грамос и дека по ликвидацијата заедно со нив станавме политички просфиги. Заборава дека Грците борци ги врати на своите огништа и им овозможи да ги залечат раните, нас Македонците не остави по всетот со билет во еден правец? Има ли смисла и човечност на таквите „Комунистички партии”, уште да им верува? На крај од оваа пообемна воено - политичка аналитичка студијаа може да се заклучи дека: КПЈ и КПГ посакуваа во Граѓанската вијна да си ги решат сите наследени балкански проблеми по поделата на етничка Македонија во (1913) и на Македонците да им докажат дека никогаш тие нема да застанат зад барањето „Обединета Македонија” и за признаванието на не решеното македонското прашање.

Македонците под Грција беа жртви на КПЈ/КПМ и КПГ, кои ја разгорија и ја лоцираа војната и овозможија тогашната грчка влада да спроведе воени терори, уништувања и обездетувања на македонската

куќа и со тоа да се создадат „легитимни" миграциони движења на илјадници Македонци.

Тежок е товарот што го носиме цели 60 години, но и многу работи не разјаснивме, па се поставува основното прашање: ДАЛИ ВО ГОДИНИТЕ НА ВОЈНИТЕ (1940 - 1949) СОЗДАДОВМЕ МАКЕДОНСКИ ОРГАНИЗАЦИИ КОИ ПРОИЗЛЕГУВАА ОД НАЦИОНАЛНИТЕ СОСТОИБИ НА МАКЕДОНЦИТЕ ПОД ГРЦИЈА ИЛИ НИ ГИ СОЗДАВАА ТУГИНЦИТЕ КПГ (со просвигите доселениците од Мала Азија) И КПЈ) КОИ ИМАА КАКО ОСВОЈУВ0АЧКИ ПОЛИТИЧКИ ПРОЕКТИ!?

Навистина сега се е навидело дека сите од македонските организации: СНОФ, СНОВ, (создадени од КПГ), па следи Граѓанската војна со организациите НОФ, АФЖ, НОМС (создадени од КПЈ), па КОЕМ и „Илинден"(создадени од КПГ) и во своите пропагирања правеа центар на масовниот култ на личностите од тие туги партии. Тие заборавија дека треба да се сака земјата и народот, а не само партијата и освојување на власта.

Многу прашања во врска со нашите раководители, но од никој не покажа бдоблест да каже дека тие навистина беа вовлечени во длабока погрешна и трагична политика, посебно во Граѓанската војна кога Македонците се доведени до национална катастрофа.

Дали раководителите на НОФ и АФЖ се однесуваа одговорно? Тие македонски раководители во буквална смисла на зборот, жестоко поделени низ тугите партии, често прилегаа на фаланги собрани околу водачот на партијата, спремни да јуришаат на други фаланги (Македонци во друга партија КПЈ или КПГ) собрани околу други водачи. Тоа сега станува јасно дека политиката за тие наши луѓе била премногу сериозна работа оти оценката на македонската историја ќе биде строга и мора да ги именува за доблесни или за никаквеци. Но, факт е дека тие наши луѓе минувале од заблуда до заблуда, разочарување до разочрување!

Или и тие имале тешкотии комплетно да водат национално стратешки проекти надвор од опциите на КПГ и КПЈ, а камо да донесуваат крупни политички стратегии за развојот на војната. Но, тие беа нашите преставници, нели? Меѓу другото и за тоа како да се сочува народот и прадедовото огниште ни требаше македонско ПРОСТУМЕЊЕ: конечно, многу јасно е бележит ФЕНОМЕНОТ НА НАШАТА ПОДАНИЧКА СВЕСТ и верувам дека ова може да ни биде поука; да не кинисуваме по кадри кои ни ги избират тугинците.

И така Егејска Македонија стана земја на несреќни луѓе. Најверојатно, се беше со умисла замолчено и се покажа дека во овие 60 години, недостигот од критична мисла придонесуваше апатија и во историската наука. Се за трагедијата од Граѓанската војна, чиниш потона во живиот песок на историјата. Во текстот, значи, се обидов да дадам прилог кон нашето многунејасно и замаглено минато и се уверив дека кај и да чепнеме, нешто чудно, тешко препознатливо, ококорено, не гледа низ тугиот одраз.

Се покажа дека човекот (заведен од идеологијата) е најголемо чудо на светот. Би сакале секој човек да има доблест да ја каже вистината в лице, да не лаже, да нема суета, да нема фрустрации, да не блефира, да не калкулира, да не измислува двојни вистини, да биде чист, да ги поставува вистинските прашања без разлика каков ќе биде одговорот и што потоа ќе се случи. Мислам дека апсолутно секој човек заслужува да биде почитуван. Но светот се измени, а ние останавме неми набљудувачи. Молчиме, тешки и мачни ни се чекорите, сите овие 60 години се погледнуваме тајум, со неверица еден кон друг.

Товарот е веќе претежок, и тој повеќе не може да се носи. Не можам, а да не се присетам на многу илјадитите мои соборци кои коските ги оставија на боиштата на Грамос, Вич и на секаде, а во интегралната македонска истоија ни збор... Мислам дека веројатно сме доволно казнети, доволно талкавме низ полавековниот период под наглед од подобните - „виновни", чиниш сме сториле некакво зло, не објаснето... Значи, дојде време и подобните да не веруваат бидејќи времето покажа дека; лагата и вистината се израмнија, но едно е сигурно точно. Во политиката не се случува случајно. Оваа студија може да вознемири и обеспокои, но знам колку не неправи среќни една таква здодевна историја која нема„казна" за гревовите од минатото. Македонците под Грција беа водени низ многу нејасни патишта. Но сите патишта имаат нешто да ни кажат. ИСТОРИЈАТА ОД ТИЕ ВРЕМЕНСКИ МЕТАМОРФОЗИ ДОБРО ГО ПАМЕТИ КРВАВИОТ УРОК ТАА КАКО ПРАВДА ВО ИДНИНА ЌЕ ДАДЕ СУД ЗА СЕКОГО.

Истражувањето покажува, дека ние Македонците под Грција сме биле плен на левите сили, на чело со Тито и Захариjадис, кои искористувајќи ги борбено настроените од НОФ и АФЖ,го поведоа народот по Втората светска војна во авантура, со без политичко искуство и непознавање на балканските прилики, верувајќи во празен и гол братски - комунистички збор, доживеавме геноцид. Во нашата историја не се памти дека преземена акција од тугинците (Срби, Бугари и Грци) да не ја реализирале преку Македонците -

манипулирајќи ги таквите идеолошки поданици. Што ни понуди времето после доживеаната катастрофа во Граѓанската војна: Некои се сметаа за единствени поклоници на вистината, други извршија своевидно насилство над историјата, а историјата не е ничија „Привелегија".

Ние Македонците од егејска Македонија на родниот крај му должиме се, затоа што го напуштивме, а родниот крај нам ништо!

Полавековна невистина е дека; сите учесници на ДАГ и бегалците, сме фрлени во идеолошкиот отпад, а историјата молчи, сами ние Македонците си го ретушираме минатото и не кажуваме, но остануваат отворени прашањата:

СИТЕ ПРОГОНЕТИ, ПОВЕЌЕ ОД ПОЛА ВЕК ЧЕКАМЕ ОДГОВОР: ЧИЈА Е ВИНАТА?! ЧИИ ЖРТВИ СМЕ НИЕ МАКЕДОНЦИТЕ ПОД ГРЦИЈА... !!??

13.0 ПРЕГЛЕДАНА И КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА

1. Д-р Ристо Кирјазовски, “Петте судбоносни години во Егејска Македонија (1945-1949”.

2. Перо Симиќ, “Тито - Тајна на столетието” за македонското издание ТОПЕР, Скопје 2009.

3. ΕΜΦΥΛΙΟΣ ΠΟΛΕΜΟΣ − 60 ΗΡΟΝΙΑ ΑΠΟ ΤΗ ΛΗΞΗ ΤΟΥ, ΕΛΕΥΘΕΡΟΤΥΠΙΑ − ΙΣΤΟΡΙΚΑ, 2009

4. Το ΚΚΕ, Επισημα Κε μενα, τ. 6, Σ. χρονη Εποχη, Αθηνα, 1989.

5. Понарешните Балкански вијни (1912 - 19130); Извештај на Карнагиевата Балканска Комисија. (Carnegie Endowment for International Peace -
Карна гиева фондација за Меѓународен мир). Издавач, “Култура“, Април, 2000, Скопје

6. Επιστολη Ροσου προς ΚΕ, του ΚΚΓ για τα εκκρεμη θεματα μεταξα των δηο κομματων στο Β.Κ ντης − Σ. Σφταφ (επι μ.) , Εμφλος Πολεμος, Εγγραφα
απο τα γιουγκοσλαβικα κια βυολγαρικα αρχεα, Παρατηρητης, Θεσσαλονικη, 1999.

7.Σπυριδων Σφτασ −ΣΤΗ ΣΚΙΑ ΤΟΥ ΜΑΚΕΔΟΝΙΚΟΥ (Ηκρση Αθηνας −Βελγραδιου
στη δεκαετα του 1960, επ κεντρο.

КОНСУЛТИРАНА ЛИТЕРАТУРА

Андоновски Христо, Вистината за Егејска Македонија, Скопје, 1972.

Андоновски Христо, Дипломатска антимакедонска игра, Скопје, 1969.

Андоновски Христо, Македонското национално малцинство во Грција, Бугарија и Албанија, “Гласник”, Скопје 1974, бр. И.

Андоновски Христо, Меѓународните договори и билатерални конвенции меѓу Грција, Бугарија, Турција и Југославијам, “Разгледи”, Скопје, 1962 ИВ

Андоновски Христо, Македонците под Грција во борбата против фашизмот (1940 - 1944) ИНИ, Скопје 1968

Апостоловски Ванчо, Грција, односите во Југославија и прашањето за Егејска Македонија. “Нова Македонија”, Скопје, 1952, февруари 10.IX. 2237.

Вајна Пандо, “Борбите на Славомакедонскиот народ за ослободување.”(ориг. нанасловот на грчки: Οι αγονες του Σλαβομακεδονικου λαου για απελευθεροση, Νεα Ελλαδα, Βυοκορεστη, 1952.

Бакић, Дарко, Југославија у Хладном рату: Односи с великим силама 1949 - 1955 (Загреб: Глоббус, 1988).

Бунтески Ристе-Бунте, Методија Шаторов-Шарло (политички ставови), издавач, Друштво за уметност Прилеп,Скопје,1996.

Благоев Спиридон, Околу причините и последиците на проширување на бугарската окупациона власт во нови области на Егејскиот дел на Македонија во летото 1943 година.Гласник ИНИ, Скопје, 9183, XXVII 1–2.

Блажевска Даниела “Коминтерната и македонското национално прашање 1931 - 1941 година.

Григоријадис Фивос, Историја ту емфилиу полему, 1945 - 1949 (То дефтеро андартико) (Историја на Граѓанската војна 1945 - 1949), (Второ партизанство) Атина Том I, II, III и IV, издавач К. М. Камаринопулос.

За проблемите на Егејска Македонија. Изјава на Димитар Влахов на конференцијата зза печатот во Париз. “Нова Македонија”, Скопје, 1946, септември 19ИИИ 527, стр.4

“Изјавуваме високо дека Грција нема право на Егејска Македонија”, рече во својот говор на предизборниот митинг во Битола Димитар Влахов, потпреседате на Президиумот на Народната Скупштина на ФНРЈ. “Нова Македонија”, Скопје, 1946, септември 22.ИИИ 530, стр.4

Ивановски В. Христо, “Сеќавања и размислувања”,издавач “Здужение на децата бегалци од егејскиот дел на македонија”,2009, Скопје.

Кирјазовски Ристо, “Народноослободилениот фронт и другите организации на Македонците од Егејска Македонија (1945 - 1949)”. Култура, Скопје, 1985

Кирјазовски Ристо, “Македонски национални институции во егејскиот дел на Македонија (1941 - 1961)”, ИНИ, Скопје, 1987

Кирјазовски Ристо, “Македонската политичка емиграција од егејскиот дел на Македонија во источноевропските земји по Втората светска војна”.Култура, Скопје, 1989

Киселиновски Стојан, “КПГ и македонското национално прашање (1918 - 1940)”. Мисла, Скопје, 1985

Киселиновски Стојан, “Статусот на македонскиот јазик во Македонија (1913 - 1987)”. Мисла, Скопје, 1988

Киселиновски Стојан, “Егејскиот дел на Македонија (1913 - 1989)” Култура, Скопје, 1990

Киселиновски Стојан, “Националното и државното во македонското револуционерно движење(1893 - 1994)”, МАНУ, Скопје, 1995

Киселиновски Стојан, “Етничките промени во Македонија (1913 - 1995)”, ИНИ, Скопје, 2000.

Кочов Стојан, (Само) жртвувањето на Македонците под Грција, “Матица Македонска”, Скопје, 1994

Кочов Стојан, “Ѓорѓи Пејков-македонски воин низ историјата на ДАГ(1945 - 1949)”- монографија, издавач “Академик”, Скопје, 1997.

Кочов Стојан, Идеолошкиот активизам над Македонците под Грција, издавач'“Матица македонска”Скопје, 2000.

Кочов Стојан, Есеи и литературни толкувања, издавач “Матица македонска”, Скопје 2002.

Кочов Стојан. Билет во еден правец, издавач, „Матица македонска”, Скопје 2004.

Кочов Стојан, Големото враќање на талкачите, издавач„Современост”, Скопје 2006.

Кочов Стојан, “Македонците низ пеколот на црвеното губилиште” “Матица македонска”,Скопје, 2007.

Кочов Стојан, “Јамка” “Матица Македонска”,Скопје, 2008.

Кљакиќ Драган, генерал Маркос, Загреб, 1979

Мамуровски Ташко, Бугарската пропаганда во Југозападна и Централна Егејска Македонија (1941 - 1944). ИНИ, Скопје, 1989

Митревски Паскал, Учеството на македонскиот народ од Егејска Македонија во борбите против фашистичките окупатори.Нова Македонија, скопје 1945, октомври 11.??.237

Митревски Паскал, Триесет години од Првата конференција на СНОФ (И - ИИ) Нова македонија, Скопје 1973, декември 25 - 26 XXX, 9672- 9673

Митревски Паскал, Критички осврт на трудот на Вангел Ајановски-Оче, “Егејски бури”, издание на ИНИ–Скопје, 1975. Гласник на ИНИ, Скопје, 1977, XXX, 2 - 3, 195- 211 (Одделен отпечаток)

Митревски Паскал, Првите органи на народната власт и формирањето на Привремената демократска влада на Грција за време на Граѓанската војна 1945 - 1949 година.Симпозиум: АСНОМ-остварувањето на идеите за создавање на македонската држава. МАНУ, Скопје, 1977, с. 199 - 211 Од. Отпечаток)

Мојсов Лазо, Околу прашањето на македонското национално малцинство во Грција (Еден поглед врз опсежната документација). ИНИ, Скопје, 1954.

Пејов Наум, Прилози за односот на раководителите на КПГ по македонското национално прашање. Главен одбор на македонците од Егејска македонија, Скопје, 1953

Пејов Наум, КПГ и македонското национално прашање (IV - X). Глас на Егејците, 1953, IV, 32- 37

Пејов Наум, Македонците и Граѓанската војна во Грција. ИНИ, Скопје 1968

Пејов Наум, По повод првиот конгрес на НОФ во Егејска Македонија. Во прилог на вистината.Глас на Егејците, Скопје, 1951, јануари 10.ИИИ, 18

Раковски Павле, Македонското национално прашање низ политиката на КП на Грција (или Политиката на КП на Грција по македонското национално прашање) Гласник ИНИ, Скопје, 1968, ЏИИ, 3

Раковски Павле, Кон согледување на историската вистина.Погледи, Скопје 1980, XVII, 8

Раковски Павле, КПГ, ЕАМ, ЕЛАС и македонското НОД. Гласник на ИНИ, Скопје XXVI, 2 – 3

Раковски Павле, КП на Грција и Македонците (Согледувања,размислувања, сознанија). Македонска книга, скопје, 1990

Раковски Павле, Автобиографија - моите страдања, издавач, АЕА издавачи, Скопје, 2000.

Ристовски Блаже, Македонија и македонската нација, издавач "Детска радост", Скопје, 1995

Симовски Тодор, Населените места во Егејска Македонија. ИНИ, Скопје, 1978

Симовски Тодор, Македонско национално прашање низ политиката на КПГ во текот на НОБ. Гласник на ИНИ, Скопје, 1972, XIV, 2 – 3

Фотева Евдокија-Вера „До пеколот и назад", издавач „Аз - Буки", Скопје 2005
Халет Кар Едвард, што е историја, Култура, Скопје, 1990

Арент Хана, Изворите на тоталитаризмот, Култура, Скопје, 1990

Стив Е. Палмер и Роберт Р. Кинг, "Југословенскиот комунизам и Македонското прашање". Арчон Боокс, 1971

Лоринг М. Денфорт, "Македонскиот конфликт", Македонска книга, 1996
"Македонија и односите со Грција" - Македонска академија на науките и уметностите, Скопје, 1993

Тодор Чепреганов, “Велика Британија и македонското национално прашање (август 1944 - 1948)”, издавач ИНИ, Скопје, 1997

Лазар Лазаров “Македонија во француската политика на Балканот 1944 - 1957”, издавачи ИНИ и Матица македонска, Скопје, 1998

Приручник (Зборник материјала): Грчки народ у борби за слободу, 1947 година.

Весници и списанија.

Автори од грчката историографија кои исклучиво пишувале само за Граѓанската војна

ГРЧКА ЛИТЕРАТУРА БИБЛИОГРАФИА

ΑΒΕΡΟΦ−ΤΟΣΙΤΣΑ, ΕΒΥΑΓΓΕΛΟΥ: Φοτια κατσεκρι −ΕΛΛΑΣ 1946 1949, Αθηναι, 1975.

ΑΜΥΝΤΑΣ ΚΟΖΜΑΣ :Ηπ, Πολτικη ιστορια του ΚΚΕ προδομνη παναστηση, Αθιναι, 1977.

ΒΛΑΝΔΑΣ ΔΗΜΗΤΡΙ Σ: η τακτικη του χθρουστ 1943 1949.

ΒΛΑΝΔΑΣ ΔΗΜΗΤΡΙΣ, ΗΜΕΡΟΛΟΓΙ Ο 1947 −1949, Αθηνα 2007.

ΒΑΦΕΙΑΔΗΣ ΜΑΡΚΟΣ: Απομνημονευ ματα (3 τομοι, Αθιναι , 1984 85).

ΒΟΓΙΑΤΖΙΔΟΥ Κ: Εθνικες μειοντιτες στην Ελλαδα, Αθηνα, 1954.

ΒΟΓΙΑΤΖΙΔΟΥ Κ: Τα προς Βορριον συνορα του Ελλινισμου, Θεσσαλονικη, 1946.

ΒΟΝΤΙΣΙΟΣ ΓΕΩΡΓΙΟΣ−ΓΟΥΣΑΣ: Ο ατες τις διασπασης του ΚΚΕ, Αθηνα, 1977.

ΒΟΥΡΝΑΣ ΤΑΣΟΣ: Ιστορια της Συνχρονις Ελλαδας, Ο εμφυλιος, Αθηνα, 1981.

ΒΙΒΛΟΣ: Η μαυβρη Βιβλος των βυολγαρικων ενγλιματωνεις την Ανατολικην Μακεδονια και Θρακη 1941 1944, Αθηνα, 1945.

ΓΚΑΣΗΣ Δ. ΓΕΩΡΓΙΟΣ: ΟΙ ΑΘΑΝΑΤΟΙ της Καστοριας (1940 1949) , Αθηνα , 1992.

ΓΡΗΓΟΡΙΑΔΗ ΦΟΙΒΥΟ: Ιστορια του μφυλου πολεμου 1945 1949, Τομος ΙΙΥ, Αθηνα.

ΖΑΦΕΙΡΟΠΟΥΛΟΥ ΔΗΜΗΤΡΗ Γ.: Ο αντισιμμοριακος αγων. 1941 1945, Αθηνα, 1956.

ΖΑΗΑΡΙΑΔΗ ΝΙΚΟΥ: Η πολιτικι ελευτερια και η δεμοκρατια στην Ελλαδα, 1948.

ΖΑΗΑΡΙΑΔΗ ΝΙΚΟΥ: Θσεις για τιν Ιστορια του ΚΚΕ, 1950.

ΖΕΥΓΟΥ ΓΙΑΝΝΗ: Η λαικη αντισταση τον Δεκεμβρη και το Ελλινικο προβλιμα, Αθηνα, 1945.

ΚΑΡΑΒΑΝΓΕΛΗΣ Γ.: Ο μακεδονικος αγων (Απομνι μονευματα) αρχειον Μακεδονικον αγωνος Πινελοπις Δελτα, Θεσσαλονικη, 1959.

ΚΑΡΑΜΕΡΟΥ Δ.: Πως μφανιζετε σημερα το μακεδονικο ζι τημα (οχρανα, μακεδονικο ταγμα, μακεδονικος αγων). Αθηναι, 1945.

ΚΑΤΣΟΥΛΗΣ ΓΕΩΡΓΙΟΣ: Ιστορια του ΚΚΕ −Τομος ΙΙΥ, Αθηνα, 1976.

ΚΟΡΔΑΤΟΣ ΙΩΑΝΝΣ: Η Ιστορια τις Νεωτερας Ελλαδας Τουρκοκρατια, Αθηνα, 1957.

ΚΟΣΜΑ Α. (Καπεταν ΑΜΙΝΝΤΑΣ): Εθνικη αντισταση, εμφυλιος πολεμος, αναμνισεις ενος καπετανιου, Θεσσαλονικη.

ΚΥΡΟΥ Α.: Η συνομοσαν αντον τος Μακεδονας, (1940 1949), Αθηνα, 1950.

ΚΩΦΟΣ ΕΥΑΓΓΕΛΟΣ: Η Βαλκανικη διασταση του Μακεδονικου Ζητηματος στο χρονα και στιν Αντισταση, Αθηνα 1989. Κ. Κ. Ε (εσωτερικου) : Επισημα κει μενα: Το
ΚΚΕ στον πολεμο και στην αντισταση 1940 1945. − Αθηνα, 1974.

Κ.Κ.Ε.: Εξηντα χρονια αγωνων και θυσιων χρονικο του Κ.Κ.Ε (Αθηνα, εκδοση της Κ.Ε, του Κ.Κ.Ε, 1978) .

ΛΙ ΘΟΧΟΟΥ ΔΗΜΗΤΡΙΟΣ: Μειονοτικα Ζητηματα και Εθνηκη Συνειδηση στην Ελλαδα, Αθηνα, 1992 (Εκδοση Β).

ΛΙΘΟΧΟΟΥ ΔΗΜΗΤΡΙΟΣ: ΤΟ Ιλιντεν μεσα απο τα ιστορικα αρχεια του Ελλινικου Υπουργειου Εχωτερικων, Ζορα−Ιουλιος 1995/ 17 22.

ΜΑΛΤΕΖΟΥ ΓΕΡΑΣΙΜΟΥ−ΤΣΟΥΜΕΡΚΙΩΤΗ: Δ.Σ.Ε. Δημοκρατηκος στρατος Ελλαδας (Ζητηματα στρατηγικης και τακτικης της ηγεσιας του. Αθηνα, 1984.

ΜΑΡΓΑΡΙΤΗΣ ΓΙΩΡΓΟΣ: ΙΣΤΟΡΙΑ ΤΟΥ ΕΛΗΝΙΚΟΥ ΕΜΦΥΛΙΟΥ ΠΟΛΕΜΟΥ 1946 1949, 2001

ΜΑΘΟΠΟΥΛΟΥ ΒΑΣΟΥ: Η Ελληνικη αντισταση (1941 1944), και οι συμαξοι, Αθηνα, 1977.

ΜΕΡΤΖΟΣ ΝΙΚΟΣ: Σβερνουτ το Προδομενο Ανταρτικο, (Θεσσαλονικη, 1983) .

ΜΙΝΤΣΗΙ ΓΕΩΡΓΙΟΥ: Ιστορια του μακεδονικου ζιτηματος, (Γενικη ιστορια και Επισκοπηση: (1870 1991) , Θεσσαλονικη 1991.

ΒΑΣΙΛΗΣ ΜΗΤΣΟΠΟΥΛΟΥ ΘΑΝ.: Στα Μακεδονικα βουνα. Το 30 Συνταγμα του ΕΛΑΣ, Αθηνα, 1980)

ΜΠΑΡΤΖΩΤΑΣ: Ο αγωνας του διμοκρατικου στρατου Ε λλαδας, Αθηνα, 1981.

ΜΠΛΑΝΑ ΓΙΩΡΓΗ: Εμφυλιος πολεμος 1946 1949, Αθηνα, 1976.

ΜΠΡΑΜΟΥ Κ,: Σλαβοκομμουνιστικα οργανοσεις εν Μακεδονα, Θεσσαλονικη, 1953.

ΝΑΛΤΣΑ ΧΡΙΣΤΟΦΟΡΟΥ: Τα ελλινοσλαβικα συνορα και προς βοραν εθνικαι διεκδικησεις, Θεσσαλονικη, 1946.

ΠΑΠΑΚΥΡΙΑΚΠΟΥΛΟΥ ΙΩΑΝ: Βουλγαροι και τα λοι Εγκληματια Πολεμου εν Μακεδονα (εισαγγελικα αγορευσις), Αθηνα, 1946.

ΠΑΠΑΠΑΝΑΓΙΩΤΟΥ ΑΛΕΚΟΣ: Το Κ.Κ.Ε. στο πολεμο κα στιν αντισταση−Κει μ να το Κ. Κ. Ε (1940 1945), Αθηνα, 1974.

ΠΡΑΓΜΑΤΙΚΕΣ ΑΙΤΙΕΣ ΤΟΥ ΕΛΛΗΝΙΚΟΥ ΔΡΑΜΑΤΟΣ, Αθηνα, 1947.

ΡΟΣΙΟΣ ΑΛΕΚΟΣ−Υψηλαντης <<Στο φτερο του ορματος>>, Θεσσαλονικη, 1997.

ΡΟΥΣΟΥ ΠΕΤΡΟΥ: Η μεγαλη Πενταετια, Αθηνα, 1982.

ΡΑΠΤΗΣ ΜΙΧΑΛΗΣ: <<Τυχερο μας στιν Ατυχα>>, ΑΘΗΝΑ 1999.

ΣΑΡΑΦΗ ΣΤΕΦ.: Ο ΕΛΑΣ, Αθηνα, 1980.

ΣΤΡΑΤΟΣ, Οληνκος στρατος κατα του αντισυμμοριακο αγωνα (1946 1949).

ΤΣΑΜΗ ΠΑΥΛΟΥ: Μακεδονικος Αγων (Ε.Μ.Σ., Θεσσαλονικη, 1975) .

ΧΑΤΖΙΣ ΘΑΝΑΣΗΣ: Η νικηφορα πανασταση που χαθηκε, 1941 1945, Αθηνα, 1977, 1979.

ΔΗΜΟΚΡΑΤΙΚΟΣ ΣΤΡΑΤΟΣ (Μηνιατικο στρατιωτικο−πολιτικο οργανο του Γεν. Αρχηγειυο του δημομρατκου στρατου Ελλαδας (1948 1949). Το αρχειο του Εμφυλιου που βρεθικε στο Γραμμο−Βιτσι .

Η ΤΡΙΧΡΟΝΗ ΕΠΟΠΟΙΙΑ ΤΥΟ ΔΗΜΟΚΡΑΤΙΚΟΥ ΣΤΡΑΤΟΥ ΕΛΛΑΔΑΣ 1946 1949 αφιερονται στα 80 χρονια του ΚΚΕ, ΡΙΖΟΣΠΑΣΤΗΣ−ΣΥΝΧΡΟΝΗ ΕΠΟΧΗ, ΑΘΗΝΑ 1998.

ΤΑ ΔΡΑΜΑΤΙΚΑ ΓΕΓΟΝΟΤΑ ΚΑΙ Η ΣΟΒΕΤΙΚΗ ΤΩΝ ΕΤΩΝ 1944 1949 ΣΤΗΝ ΕΛΛΑΔΑ ΠΟΛΙΤΙΚΗ: Απορρητα ντοκουμεντα του Υπουργεον Εξωτερικον του
ΕΣΣΔ (Οι Ελληνοσοβιετικη σχεσες στο 1944 1949.

ΕΦΗΜΕΡΙΔΑ ΤΗΣ ΠΡΟΣΩΡΙΝΗΣ ΚΥΒΕΡΝΗΣΗΣ, ΜΕΛΕΤΕΣ ΓΙΑ ΤΟΝ ΕΜΦΥΛΙΟ ΠΟΛΕΜΟ (1945 1949)

(Studies in the History of the Greek Civil War, 1945–1949, edited by L. Baerentzen, J. O.
Smith, “Museum Tusculanum Press”, Copenhagen 1987.)

14.0 КРАТЕНИЦИ

АСНОМ - Антифашистичко собрание на народ ното ослободување на акедонија
АВНОЈ - Антифашистичко веќе на народното ослободување на Југославија
АФЖ - Антифашистички фронт на жените.
АНДАРТИН - Грчки платеник во време на турс ката империја се иборел за освојување на Македонија и приклучување кон Грција. Повеќето беа од стара Грција и од островот Крит, а делувале во Македонија Костурско,Леринско, Битолско, Ресенско и Мариово). Тоа име се употребуваше од грчката влада и за учесниците на ЕЛАС и Ѓраѓанската војна.
БУРАНДАС - "Бурандари"- беа наречени припадниците на грчката национална војска, формирана по договорот во Варкиза. Поради познатите вандализми што ги вршеа врз демократското грчко население, а народот ги нарече со име што потсетуваше на познатите квишлински единици формирани и раководени од грчкиот полковник Костас Бурандас - командант на градот Атина во времето на германската окупација
ВМРО - Внатрешна револуционерна акедонска организација
ГШ - Главен штаб
ДАГ(ДСЕ) - Демократска армија на Грација за време на Граѓанската војна 1946 - 1949 година, раководена од Комустичката партија на Грција.
ЕАМ - Национален ослободителен фронт
ЕДА - Грчка демократска левица
ЕДЕС - Национален демократски сојуз на грчката војската, соработувал со Германците, истовремено и со англичаните.
ЕЛАС - Грчка народно- ослободителна армија.
ЕПОН - Национална сегрчка организација на младите(прокомунистичка).
ИВЕ - Бранители на Северна Грција 1941–942 година соработувале со Германците).
ПГ - Земјоделска партија на Грција
ИБ - Информбиро
ЕППЕ - Централен комитет на политичките бегалци од Грција
ЕМПЕДА - Центер за воена обука
КЗ - Кривичен закон
КОЕМ - Комунистичка организација на Македонцитеод Егејска Македонија
КПЕ - Комунистичка партија на Грција
КПЈ - Комунистичка партија на Југославија
КПМ - Комунистичкапартија на Македонија

ЛОК - Чети за планински потери, воени формации на дел од владината војска.
НРМ - Народна Република Македонија
НОВ - Народноослободителна војска
НОД - Народноослободително движење
НОМС - Народноослободителен младински сојуз
НОФ - Народноослободителен фронт.
МАИ - Единици за самоодбрана на теренот (оружени организарани цивили, кои спрема потребатасебореаПротивДемократската армија на Грција).
ООН - Организација на обединетите нации
ПАО - Сегрчка ослободителна организација 1942 - 1944 година, соработуваше со окупаторот против против народноосло-бодителното движење во Грција.
ПБ - Политбиро
ПДВ - Привремена демократска влада на Грција формирана 1947 година на Грамос
ПЕЕА - Политички комитет на ослободување
ПЗ - Принуден закон
СРМ - Социјалистичка Република Македонија
СНОФ-Славјаномакедонскинародно ослободителен фронт
СКОЈ - Сојуз на комунистичката младина на Југославија
УДБ - Управа за државна безбедност
ЦК - Централен комитет
ЦС - Централен совет.
УНСЦОБ - Унитед Натионс Специал Цоммиттее он тхе Балканс.

15.0 ПАТОТ НА БИТКИТЕ НИЗ ТУЃИТЕ КОМУНИСТИЧКИ ИДЕОЛОГИИ

Судбинскиот пат што го минавме ние Македонците под Грција, водејќи не левите сили, на кои им верувавме и ги дававме нашите животи во времето од 1924 година до 1950 година.

Είναι γνωστό ότι με βάση τις κομμουνιστικές αντιλήψεις, η αναγνώριση της ύπαρξης ενός συγκεκριμένου έθνους ισοδυναμεί στην πράξη με την αναγνώριση του δικαιώματος αυτοδιάθεσης του έθνους αυτού.

Познато е дека на основа на комунистичките сознанија и разбирања, извршено е признавање на една конкретна националност која суштествува во пракса, а и со признавањето на првото и самоопределување на оваа националност . (документ од архивот на КПГ)

Στη βάση αυτή, το ΚΚΕ (3ο Έκτακτο Συνέδριο [26/11 - 3/12/1924]), υιοθέτησε τη σχετική απόφαση του 5ου Συνεδρίου της Κομμουνιστικής Διεθνούς (Μόσχα, 17/6 – 8/7/1924) και μιλούσε [το ΚΚΕ] για καταπιεζόμενες [από την Ελλάδα] εθνικές μειονότητες και για “ανεξάρτητη Μακεδονία και Θράκη” !!

На оваа основа, КПГ (3-от Вонред Конгрес (26/11- 3/12. 1924 г.), го прифати решението на 5- от Конгрес на Комунистичката Интернационала (Москва, 17/6 - 8/7. 1925 г.) и дебатираше (КПГ) за угнетувањето (во Грција) на малцинствата и за “Независна Македонија и Тракија” !!

Τον Δεκέμβριο του 1935 (6ο Συνέδριο), το ΚΚΕ επικύρωσε την απόφαση της ηγεσίας του [Απρίλιος 1935] για ‘αντικατάσταση’ (καιροσκοπική, ωστόσο, προσωρινού χαρακτήρα και μηδέποτε ουσιαστικώς εφαρμοσθείσα!…) του παραπάνω συνθήματος με το σύνθημα “πλέρια ισοτιμία στις μειονότητες”….

Во декември 1935 (6-от Конгрес), КПГ го потврди донесеното решење на највисокото раководство на (Април 1935) за “смена” (кое привремено беше такво и никогаш во суштина. . . . . не се реализира! . . погорната парола: “Целосна рамноправност на малцинствата”. . . .

Σε συνέντευξή του στην Αγγλίδα δημοσιογράφο Elisabeth Barker το 1946, ο Ζαχαριάδης είχε δηλώσει: “… τα ζητήματα των συνόρων του Βορρά έπρεπε να διευθετηθούν με βάση την αυτοδιάθεση…”

Во интервјуто што го дал на Англиската новинарка Елизабет (Елизабетх) Баркер во 1946, Захаријадис има изјавено: “Прашањата за северните граници, треба да се уредат (регулираат) на основа самоопределувањето на населението.”

Είναι σχεδόν βέβαιο πλέον ότι χωρίς την αποφασιστική (καθοριστικής σημασίας) στήριξή του από τη Γιουγκοσλαβία, το ΚΚΕ δεν θα τολμούσε τότε να εξωθήσει τα πράγματα ως την εμφύλια ρήξη.

Не сомнено е веке дека без решавачкото (определено значење) подршката од југославија, КПГ не ќе се осмелеше, тогаш да ги постави прашањата и да доведе до граѓански конфликт.

Εξίσου βέβαιο φαίνεται ότι ο Τίτο δεν θα είχε παράσχει την στήριξη αυτή, αν προηγουμένως ο Ζαχαριάδης δεν είχε δηλώσει ρητά στο Βελιγράδι ότι το ΚΚΕ είναι σαφώς υπέρ της αυτοδιάθεσης των Σλαβομακεδόνων, η οποία βεβαίως εξυπηρετούσε απολύτως τη μακροπρόθεσμη γιουγκοσλαβική πολιτική στο “Μακεδονικό”, δηλαδή την απόσχιση της [ελληνικής] “Μακεδονίας του Αιγαίου” και τη συνένωσή της με τη γιουγκοσλαβική Μακεδονία…

Исто така е несомнено дека Тито не ќе имаше мотив за подршка, па таквата парола (лозунг), аку Захаријадис му немаше изјавено- јасно и категорично на Белград дека КПГ е сосема со јасен став за Самоопределување на Славомакедонците и која изјава несомнено им служеше за поголемо унапредување на Југословенската политика во однос на “Македонското прашање”, значи согласноста (Грчка), за “Македонците од Егејска Македонија” да се обединат со југословенската Македонија.

Κι αν επιπλέον ληφθεί υπόψιν ότι οι Σλαβομακεδόνες αποτελούσαν μέχρι και τα 3/5 [14.000 στις 25.000!!] του ΔΣΕ (αρχές 1949), είναι πολύ δύσκολο να μην οδηγηθεί κανείς στο συμπέρασμα ότι άξονας και καταλύτης του Εμφυλίου υπήρξε η αξιοποίηση (εκμετάλλευση;) από το ΚΚΕ του πόθου των Σλαβομακεδόνων για την ‘εθνική αποκατάστασή’ τους.

И ако, уште повеќе се земи предвид дека Славомакедонците преставуваа до некаде околу 3/5 (14.000. на 25.000) на ДАГ (Во почетокот 1949), е многу тешко да не се поведе некој и да не дојде до заклучок дека ставот беше за нивното уништување, во Граѓанската војна имаше големо искористување од КПГ, но желбите на Славомакедонците останува; за “Независна Македонија и национално воспоставување”

Μετά τη ρήξη Τίτο – Στάλιν και τη ‘σύνταξη’ του ΚΚΕ με τον δεύτερο, η 5η Ολομέλεια (Αλβανία, 30 – 31 Ιανουαρίου 1949) υποσχόταν, ως γνωστόν, στους Σλαβομακεδόνες “πλήρη εθνική αποκατάσταση”· όχι, πλέον, στην αγκαλιά του Τίτο και της διευρυμένης “Μακεδονίας” του, αλλά αυτή τη φορά στα πλαίσια μιας [βουλγαρικής και πάλι εμπνεύσεως] ανεξάρτητης Μακεδονίας που θα συμπεριελάμβανε και τα 3 τμήματα (ελληνικό, γιουγκοσλαβικό, βουλγαρικό) της Μακεδονίας, μιας κατασκευής σαφώς αντι -Τιτικής.

По судирот Тито - Сталин и “реакцијата” на КПГ со вториот, и 5-тиот пленум (Албанија, 30- 31 јануари 1949) ветуваа, како е познато, на Славомакедонците “Целосно национално воспоставување”, но не веќе, во прегратките на ТИТО и со “обединување со Н. Р. Македонија”, туку овој пат со во рамките на една (Бугарија и пак со вдахновенија) Слободна Македонија која ќе ги содржи 3-те делови (Грчкиот, Југословенскиот, Бугарскиот) на Македонија, една нова конструкција, точна анти ТИТОВА.

СТОЈАН КОЧОВ - БЕЛЕШКА ЗА ПИСАТЕЛОТ

Стојан Кочов е роден во 1930 година во селото Турје, Леринско. Во годините на Граѓанската војна во Грција (1946 - 1949) е активен учесник во единиците на ДАГ. Од 1950 до 1957 година живее и се школува во СССР, се до своето враќање во Р. Македонија во 1957 година.

Дипломирал на белградскиот универзитет. Живее во Скопје.

Автор е на делата:

1. СРЕДБА раскази „Студентски збор”- Скопје, 1989;
2. ЕДНА МРТВА ВОЈСКА - поезија „Македонска книга” - Скпје,1992;
3. САМО) ЖРТВУВАЊЕТО НА МАКЕДОНСКИОТ НАРОД ПОД ГРЦИЈА - критички огледи „Матица македонска” - Скопје, 1994.
4. МРТВОТО ЛИЦЕ НА ВОЈНАТА - поезија „Македонско сонце” - Скопје, 1996.
5. ЃОРЃИ ПЕЈКОВ - МАКЕДОНСКИ ВОИН НИЗ ИСТОРИЈАТА НА ДАГ (1945-1949) - монографија - „Академик” - Скопје, 1996.
6. ТАЛКАЧИ - роман, „Матица македонска”, Скопје, 1997;
7. НОВА ГОДИНА ВО ЗЕМЈАНКИТЕ НА ГРАМОС - роман „Матица македонска”, Скопје, 1998
8. КАЗНА БЕЗ ВИНА - роман „Матица македонска”, Скопје, 2001
9. ВО ПРЕСРЕТ НА СУДБИНАТА - раскази „Огледало”, Скопје, 1998
10. ИДЕОЛОШКИОТ АКТИВИЗАМ НАД МАКЕДОНЦИТЕ ПОД ГРЦИЈА -критички огледи. „Матица македонска”, Скопје, 2000
11. ЕСЕИ И ЛИТЕРАТУРНИ ТОЛКУВАЊА - критички огледи, „Матица македонска”, Скопје, 2002.
12. КОБА И ГНЕВ - Раскази “Менора”,Скпје, 2010.
13. ГРОБАРОТ ОД ЛЕРИН - роман „Детска радост”, Скопје, 2001
14. БАЛКАНСКА САГА - роман “Макавеј”- Скопје, 2004.
15. БИЛЕТ ВО ЕДЕН ПРАВЕЦ - Историски критички огледи „Матица македонска”, Скопје, 2004
16. ГОЛЕМОТО ВРАЌАЊЕ НА ТАЛКАЧИТЕ - роман „Современост”, Скопје, 2006
17. МАКЕДОНЦИТЕ НИЗ ПЕКОЛОТ НА ЦРВЕНОТО ГУБИЛИШТЕ - Историски критички огледи “Матица македонска”, Скопје, 2007.
18. ВОИНОТ И МАРГАРИТА - Роман “Матица македонска”, 2008.
19. ЈАМКА - роман “Матица македонска”, Скопје, 2009.
20. ВРАЌАЊЕТО НА ПОТОМЦИТЕ - роман “Менора”, Скопје, 2009.
21. ГЛАСОТ НА ТАЛКАЧИТЕ - Поезија, 2009

22. ГРОБНИЦАТА НА БРАТОЈАДЦИТЕ - роман, 2011.

ЗАБЕЛЕШКИ

(1) Грчкиот печат односно Грчките автори од таборот на десницата (Атинска влада) војната (1946-1949) ја нарекуваа со терминот "Антисимритикос агон" (антибандиска борба) што владините сили ја водеа воопшто, не со терминот "Граѓанска војна". Меѓутоа, колку поразот на ДАГ (Демократската Армиа на Грција) временски, полека – полека одминуваше, во Грчката историографија и преовлада терминот Граѓанска војна (Εμφύλιος Πόλεμος).

(2) Букурешката Поделба: Последиците на Втората Балканска Војна е Букурешката конференција за мир од 17 до 28 Јули 1913 година (според стариот календар), на која е потпишан Букурешкиот договор со кој Грција и Србија како победници во војната добиваат 89, 89 отсто од територијата на Македонија, а Бугарија, како поразена страна 10, 11 отсто.

На конференцијата, зад Грција и Србија стоеле Франција и Велика Британија, додека Бугарите се надевале на подршката од Русија и Австро-Унгарија. Најмалку половина од преговорите биле потрошени околу тоа дали пристаништето Кавала ќе и припадне на Бугарија (за што се залагаа Русија) или Грција (за што се далагале Франција и Велика Британија со цел да оневозможат Русите преку Бугарија да излезе на Егејското Море).

(3) Повод е книгата на Д-р Ристо Кириазовски "Птте судбоносни години во Егејска Македонија (1945-1949)", постхумно објавена од издавачот "Здружение на децата бегалци од Егејскиот дел на Македонија". Ристо Кирјазовски е роден на 6 Јануари 1927 година, учесник во ДАГ, а во 1949 година пред да заврши војната, пребегна во Н.Р. Македонија. Во 1981 година докторира на тема: Националнооцлободителниот Фронт (НОФ) и другите организации во Егејска Македонија 1945-1949. Во 1987 година се пензионира. Почина 2002 година во Скопја.

(4) Конференцијата на Јалта траела од 4 до 11 Февруари 1945 година. На неа присуствувале Черчил, Сталин и Рузвелт, во присуство на министрите за надворешни работи.

(5) Почетокот на Македонското прашање некои западни дипломати го датираа од 1870, кога Русија ја принуди Турција да дозволи формирање на посебна Бугарска православна црква – Егзархија, со контрола врз деловите од Турската провинција Македонија. Други, го застапуваат мислењето дека тоа прашање датира од 1878, кога на

Берлинкиот конгрес било извршено ревидирање на Санстефанскиот договор кој Русија и го наметнала на Турција по Руско-Турската војна. Со Санстефанскиот договор Бугарија ги добила границите што ги исполнувале Бугарските национални соништа, и бил доделен целиот дел од Македонија под Југославија, вклучувајќи ги и Врање, Костур, Лерин, Острово и еден мак дел од Егејското море, западно од Солун. На Берлинскиот конгрес Русија се откажала од Санстефанскиот договор, со што Македонија била вратена во рамките на Турција. (Види: Документи: Велика Британија и Македонија (1944-1945)).

(6) ЕЛАС – ЕЛАСИТИ (припадниците на оваа војска се викаа "андартес" и што кај Македонците асоцираше на злогласните дела против Македонскиот народ од пост-Илинденскиот период на Грчките андарти организирани и вооружени во Грција и испраќани во Македонија со нож да го шират Грчкото влијание).

На 6 Април 1941 година во истовреме Германија изврши напад против Југославија и Грција и сега во Грција се јави нов господар, со нови фашистички погледи, а на 27 Септември истата година е формирана организацијата ЕАМ (Народноослободителен фронт) и го повикува целокупното население на Грција на отпор против фашизмот и за таа цел на заедничкиот состанок на ЦК на КПГ, бараат да се организира ЕЛАС (Грчка народноослободителна војска) и дури на 15 Февруари 1942 година се појавуваа воените еиници на ЕЛАС, Еласити. Во Костурско беше формиран првиот одред на ЕЛАС на 7.12.1942 година и го сочинуваа 10 Македонци, 7 Грци и двајца Власи.

ЕЛАС во цела Грција броеше околу 70.000 еласити, но на 16 Јули 1943 година, раководството на ЕЛАС и шефот на Англиската воена мисија, полковникот Еди Мајерс потпиша спогодба со која ја потчинува својата команда под Англиска за Блискиот Исток, а на 12 Февруари 1945 година во Варкиза потпишан договор со кој практично му ја предаде власта на десницата во Грција 1945 година.

(7) СНОФ – (Славомакедонски народен ослободителен фронт) формиран во Октомври 1943 година во селото Осничани Костурско од секретарите на обласниот комитет на КПГ за Западна Македонија: Христос Калфас – Андреас и секретарот на Окружниот комитет на КПГ за Костурско Андонис Андонопулос – Периклис, како и секретарот на Окружниот комитет на КПГ за Кожанско Танасис Карцулис. Сето тоа со умисла да ги разбијат и привлечат комитите со уверување дека веќе формирани се Македонски организации. На

СНОВ и беше дозволено за еден период да се образуваат од Македонски еласити, само до бројност на еден одред, но по команда на ЕЛАС. Но организацијата СНОВ и воените единици на СНОВ (Славомакедонска народно ослободителна војска), беа расформирани на 26 Септември 1944 година. Со потпишувањето на договорот во Казерта – мало гратче во Италија, во кој на 26 Септември 1944 година беше потпишан договор меѓу КПГ, ЕАМ, ЕЛАС и Грчката влада во бегство на чело со Георгиос Папандрејy и Британскиот Штаб за Среден Исток.

Со овој договор, дефинитивно беше запечатена судбината на левите сили и на Македонците во Грција, на кои најмногу се надевам и им веруваа Македонците на КПГ.

(8) Партискиот весник "Лаики Фони" објавувајќи го фамозното интервју на Бакерsис му соопштува на светот дека се работи за "Булгарофони Елини", а врховниот командант на ЕЛАС, генерал Стефанос Сарафис, во својата позната книга "О ЕЛАС" (1946, 331), за Македонците зборува како за "Славофони Елини". И уште нешто што треба да се знае: Грција, по Балканските војно со Нејскиот 14 (27.11.1919) со Бугарија и во 1923 во Лозана (Швајцарија) мировен договор со Турција направи етнички промени со т.н. задолжителна размена на населението. Македонскиот народ веќе го имаше изгубено етничко-територијалниот статус. Грција и во Втората светска војна ова прашање го елиминира кога командантот на ЕЛАС, ЕАМ и КПГ го потпишаа договорите (во Либан 16.07.1943, Казарта 26.09.1944, Варкиза 12.02.1945) со Англискиот полковник Еди Мајерс и со тоа Грција ја доби заштитата на територијалниот интегритетот на државата со границите-Статус Кво. Понатамошниот развој на настаните покажаа нова Балканска Заблуда (1945-1949), пак дело на КПГ и КПЈ и тие не турнаа во хаосот, во Македонски нихилизам, грешки, поданство и реки крв и со губење на огништето-рамен на национален пораз. Сите овие демагози кои беа за "вистинитоста" на паролата за Обединета Македонија, беа свесни на лагата со која се служеа. Тие официјално остануваа на ставот дека Македонското прашање е закана за мирот на Балканот. Но, за Македонците, неоспорно беше дека ни остануваше само историско неприкосновено право на татковата земја, оти немаше смисла да се живее без идентитет, но дали под тугинската измама требаше токму така да се саможртвуваме?!

Впрочем, органот на ЦК КПГ, двонеделното тогаш списание КОМЕП број 16 од Август 1943 година, убаво објаснува: "Во Грчка Македонија нема национална испомешаност... Словенското и

Турското насиление се иселени согласно конвенциите, а Грчкото население е собрано од сите земји на Балканот и од Мала Азија во Грчка Македонија... која станала толку Грчка колку и секоја област на стара Грција!" (с, 331.), а ние и ден денес сма грлести па дури и во историјата и велиме дека тие ни беа најверните сојузници. Со право вели народот: "Од умот си страдаме!"

(9) Наум Пејов, роден во селото Габреш, Костурско, во 1919 година. Член беше на КПГ од пред војната. Во 1939 година е уапсен од Грчката полиција. Во нов е од 1941 година. Командант е на партизанскиот Македонски одред "Лазо Трповски". Член е на окружниот комитет на СНОФ за Костурско. Ја раководи групата борци што ги напуштија воените редови на ЕЛАС и преминаа во Вардарска Македонија во Мај 1944 година. Заменик командант е на Првата Егејска Бригада. По војната зазема разни високи политички и државни функции во СР Македонија.

(10) Во суштина биле формирани две организации: СНОФ за Костурско, формирана во Октомври 1943 година и СНОФ (Која беше формирана од ЕАМ со умисла и предлог на Темпо дека ќе се заедно со еласитите и со тоа да ги придобие Костурските комити. Организацијата беше строго контролирана од ЕАМ и ЕЛАС од Грчки раководители) во Леринско, формирана во Ноември истата година во село Белкамен. Настојувањата организацијата СНОФ да претставува една организацјона целина за сите Македонци од Егејскиот дел на Македонија, како и барањата организацијата да се дејствува самостојно, односно надвор од рамките на ЕАМ, биле подржани од КПГ. Трба да се знае и тоа дека во Јануари 1944 година од КПГ било дозволено и формирање на воена Славвијаномакедонска народноослободителна војска СНОВ под директно раководство на ЕАМ и ЕЛАС. Покасно, токму од овие одреди беше оформена "Егејската Бригада" која се од составот на ЕЛАС и преминаа во Титовата армија, во Југославија. А на 23 Април 1945 година во Скопје, по иницијатива на КПЈ/КПМ, од нив биле формирани организациите: НОФ, АФЖ и НОМС и испратени во Македонија под Грција.

(11) Цветко Узуновски – Абас, одговорен за ОЗНА, според него на Пленумот на ЦК КПМ одржан во текот на летните месеци 1945 година, предложил да се заземе фронтален став спрема групата кои скршнале во партијата и фракционерството. Во таа група биле: Ченто, Венко Марковски, Апостолски, Киро Глигоров, Лазар Соколов, Петре Пирузе, Благој Хаџи Панзов, помагани од Димитар Влахов.

(12) Моето долгогодишно истражување има за цел да открие: кој помогна (одмогна) на Македонците под Грција по поделата (1913), да си ги сочува (напушти) многувековните цивилизациски традиционални вредности на етничкиот простор и да се дојде под удар на тотален геноциден зафат над мојот мирен Македонски народ?

(13) Државното партискао раководство на Југославија на седницата на Политбирото на ЦК на КПЈ од 21 Март 1945 година беше за со "изградбата на соцјализмот" во Македонија преку реферирањето на Миха Маринко. Состанокот го заклучи Тито истакнувајќи дека во Македонија се уште не е изживеан михајловизмот. "Тој живее во буржуазијата, па и во селанството. Партијата ги популаризира. Нив треба прво на конкретни дела да се разоткријат. Македонија треба да се задржува со сопствени сили. Треба да се риба Ченто во паријата, Vлахов треба да се повика овде. Прашањето на тие луѓе треба внимателно да се реши... Македонија се уште не даде за оваа војна и ние ќе мора да прејдиме повеќе да дава за војната и обновата на земјата..." Потоа набрзо се одра Пленумот на ЦК КПМ. Види: ставот на Цветко Узунов-Абас.

(14) Денес на Балканот: Черчил го опишува во своето мемоари: "Пристигнавме во Москва во доцните часови на 9 Октомври 1944 година. На 10 Октомври ја имавме првата значајна средба и советување и се договоривме во Кремељ. Беше Сталин, Молотов, Иден и јас. Мајорите Бирис и Попов го извршуваа преводот..." Значи, постигната е согласност за поделба на интересни сфери. Според договорот, Грција беше целосно препуштена на Британското влијание, со право, по потреба во секое време, да може да интервенира со сите можни средства.

(15) Никос Захариадис, е роден на 27 Април 1903 година во Одрин (Адријануполис). Источна Тракија. Татко му бил вработен како службеник – експерт во Француската трговска команија за тутун "Рази" со седиште во Цариград. Никос Захариадис од 1911-1912 година живее во Скопје во населба "Ибин Пајко", каде неговиот татко работел во преставништвото на споменатата компанја "Рази". Во Скопје Захариадис заоди на училиште. Во 1913 година се преселува во Солун. Во 1922 и 1923 година како морнарски работник допатува во Советскиот Сојуз, каде се зачлени во КПСС. Во 1924 со размена на населенијата меѓу Турција и Грција, семејството Захаријадис се преселива во Грција. Во 1924 година го посетува познатиот комунистички универзитет за народите од Источна Европа КУТВЕ во Москва. Никос Захаријадис бил лидер на Грчкото комунистичко движење и генерален секретар на КПГ, од 1936 година до 1956

година. Захаријадис упорно го култивираше во редовите на КПГ култот и сета доверба во апсолутната непогрешност на КПСС и на Сталин, факт, како што и самиот призна, многу скоро го плати Грчкото комунистичко движење, Грчкиот и Македонскиот народ и самиот тој. Се самоуби како робијаш во градот Соргун во Сибир 1973 година.

(16) Како последица од Балканските војни (1912-1913) и со Букурешкиот мировен договор од 28 Јули (10 Август) 1913 година, санкциониран од Нејскиот мировен договор од 28 Јули (10 Август) 1920 година, Македонија беше поделена меѓу Грција, Србија, Бугарија и подоцна Албанија која ги доби Долна Преспа и Голо Брдо. Грција доби 34.356 км2 или 51% од Македонската етничко-историска територија; Србија 25.713 км2 или 39%; Бугарија 6.798 км2 9,5% и Албанија 0.5% од Македонската-историска територија.

(17) Види под А/Нејскиот мировен договор и под Б/лозанскиот мировен договор.

(18) (Со подршка на левите политички сили, пред се на комунистичкото движење, во 1924 година се постигна договор за создавање на ВМРО(об.) за сите делови на Македонија. Беа издадени Декларација и Манифест во април односно мај 1924 година од програмски карактер. Некои ставови и денес претставуваат посебен интерес. “ВМРО (об.) во својство на вистинска револуционерна сила се бореше за ослободување на раскинатите делови на Македонија во една наполно самостојна (независна) политичка единица во нејзините природни етнографски и географски граници”, се вели во програмските цели.

На 6-та Конференција на Балканската комунистичка (Б.К.О) - која беше призната од КОМИНТЕРНА, во март 1924 година официјално се прифати бугарскиот предлог за создавање на “Обединета и независна Македонија” во рамките на една “Балканска Федерација”, но и КОМЕНТЕРНА на 5-от Светски Конгрес во мај 1924 година го полноуважи горното решение на БКО (Преставниците на КПГ на овие конгреси Пулиопулос и Максимос, како и други преставници на КПЈ, беа принудени да го прифатат овоа решение, за да не бидат обвинети дека се разбивачи на меѓународното комунистичко движење. И како резултат на 3-от Конгрес на КПЈ што се одржа во Виена во јуни 1926 година, беше прифатено решението на КОМЕНТЕРНАТА за создавање на “Независна Македонска држава” и овој став се потврдува на 4-от Конгрес на КПЈ во октомври 1928 година.

(19) Во слободна Битола на 18 ноември 1944 година беше формирана "Првата Егејска Бригада", од борците на двата пребегнати баталјони. На 28 декември 1944 година беше распоредна во Западна Македонија: Кичево, Гостивар и Тетово, со задача да се бори против балистичките банди на Џемо и Мефаил кои биле формирани уште за време на италијанско - германската окупација. Со специјална наредба под број 236 (строго доверлива) од маршалот Тито, на 2 април 1945 година побара расформирање на "Првата Егејска Бигада".

(20) Во 20 век, по поделата на Македонија во 1913 година и се до втората светска војна во Австралија, Америка и Канада беше создадена уште една Македонија. Во годините на Граѓанската војна (1945-1949), повеќе од 20 илјади Македонци го дале во залог својот живот за Македонија, други по затворите низ Грција, а голем дел најдоа прибежиште во Европските земји: СССР, Полска, Чехословачка, Унгарија, Романија, создавајќи уште една емигрантска Македонија, но во душата ја носеа татковината Македонија, посакувајќи во секој миг да се вратат и да се соберат со своите семејства.

Враќањето почна по подобрувањето на односите на Југославија и СССР и со сите источно Европските земји како политички емигранти во Република Македонија. Првата институција во која се сретнаа беше КПД "Идризово". Имено, таму, во затворот, се вршеше проверка дали семјството што се враќа во својата татковина е Југословенски ориентирано, односно на која македонска фракција и припаѓа. Но, во годините што следуваа не важеше изјавата ". . . . се враќам во Македонија затоа што сум Македонец, туку важеа правилата на УДБА.

(21) Комити - На 5 март 1943 година во Костур е формирана првата вооружена воена единица - Комити во Македонија под Грција. Тие брзо се појавија во 54 села и нивната бројка беше 9850 вооружени селани наречени комити за одбрана од вооружените грчки националистички банди, кои во 1943 година во западна Македонија растура летоци со застрашувачки пароли, против Македонците, а како против македонските Комити. КПГ на 20 октомври 1943 година ја формира организацијата СНОФ (Славомакедонски народноослободителен фронт) со цел уништување на комитите. А, по уништувањето на комитите во април 1944 година, КПГ донесе решение за расформирање на СНОФ и на СОВ и тогаш една група Македонци кои служеле во ЕЛАС во знак на протест се одделија од

ЕЛАС и се прилкучија кон партизанските единици од Вардарска Македонија во Титовата армија.

(22) Генерал Маркос Вафијадис - комунист, тутунски работник, член на КПГ од 28 година. Член на ЦК на КПГ од 1942 година, втор секретар на битото на КПГ за Македонија и комесар на Групата дивизии на ЕЛАС во Македонија под Грција. Воен командант и претседател на Привремената демократска влада на Грција за време на Граѓанската војна. Во Резолуцијата на ПБ на ЦК КПГ од 15. 09. 1948 година се велеи дека и Маркос Вафијадис како комесар на Групата девизии на ЕЛАС во Македонија следел шовенистичка политика спрема Славеномакедонците борци. (Сл. "Неос Космос" август 1950. "Десет години борба" стр. 470.)

(23) На седницата на Претседателството на организацијата "Илинден" на Македонците од Егејска Македонија формирана по иницијатива на Захаријадис, што се одржа на 4 јуни 1956 година, раководителот на организацијата полковникот Пандо Вајна во својот реферат во врска со прогонот на Македонците од КПГ, меѓу другото, рече: ". . . Во периодот на борбата на ДАГ и после поразот, Захаријадис спроведуваше политка на клеветење и прогонување на еден добар дел од славомакедонските кадри и народни борци. Сосема неосновано и многу лесно на славомакедонските кадри и народни борци им ја лепеше етикета "агент на непријателот" итн. Врз основа на лажни обвинувања во 1948-1949 година и подоцна, повеќе Славомакедонци беа уапсени, а некои од нив и ликвидирани..." (Ам, Ф-21/1600).

(24) На 21 февруари 1947 година британската Влада ја извести американската Влада дека на 31 март истата година, поради економски тешкотии, ќе прекине да ја помага Грција. Американската Влада ценеше дека доколку не ги превземе обврските од Британија спрема Грција, ќе се соочи со поголеми последици. За да не се случи тоа, председателот на САД Труман ја соопшти својата доктрина за доделување на 300 милиони долари помош за Грција, односно за заштита на атинскиот режим.

(25) На 12 февруари 1943 година, во Варкиза, одморалиште што се наоѓа близу до Атина, потпишана е спогодба меѓу раководството на движењето на отпорот на КПГ и ЕАМ од една и Владата на Пластирис и британскиот генерал Скоби од другата страна. Со таа спогодба на ЕАМ и ЕЛАС (војската на ЕЛАС во цела Грција броеше околу 70.000) уште на 16 јули 1943 година, раководството на ЕЛАС и шефот на англиската воена мисија полковникот Еди Мајерс, потпишаа спогодба со која ја потчинија својата команда под

англиската на Блискиот Исток, со што практично и ја предадоа власта на десницата. Тоа беше крајниот резултат на ЕЛАСИТИТЕ

(26) Конференцијата на Јалта траела од 4 до11 февруари 1945 година. На неа присуствувале претседателите Черчил, Сталин и Рузвелт, во присуство на министрите за надворешни работи.

(26а) Британската влада имаше ангажирано бројни сили: Во Солун била извршена концентрација на околу 80.000 луѓе и бројни моторни возила, тенкови и топови. На аеродромот Серес (12 км од Солун) имало околу 200 британски ловечки авиони и 60 бомбардери.

(27) Повеќето од хронологија на настаните од пеколот на војната, се користени со следните официјални архиви и книги;

−ΤΟ ΚΚΕ, ΕΠΙΣΗΜΑ ΚΕΙΜΕΝΑ, (1945−1949), ΣΥΓΗΡΟΝΗ ΕΠΟΧΗ, ΑΘΗΝΑ, 1987;

−ΔΗΜΟΚΡΑΤΙΚΟΣ ΣΤΡΑΤΟΣ, ΕΚΔΟΣΗ, ΡΙΖΟΣΠΑΣΤΗΣ, ΤΟΜΟΣ Α, Β, ΑΘΗΝΑ
1996;

−ΕΝΓΡΑΦΑ ΑΠΟ ΤΟ ΑΡΧΕΙΟ ΤΟΥ ΤΙΤΟ (ARHIV JOSIPA BROZA TITA KANCELARIJA PRETDSEDNIKA REPUBLIKE (IZVORI: ΣΤΗ ΣΚΙΑ ΤΟΥ MAKEDONIKOU) И од наведената литература која е наведена на крај од книгата.

(28) Шаторов, Методи - Шарло (Прилеп 1897 - Бугарија, септември 1944). Од крајот на Првата светска војна емигриант во Бугарија. Член на БКП од 1920. Во 1929 емигрира во СССР. Од пролетта 1940 година до септември 1941 година секретар на ПК КПЈ за Македонија. Се застапува за формирање на сопствена македонска држава и обединување на Македонија, со потенцирање на македонска национална индувидуалност. Отстранет од функцијата секретар (по налог од Тито и го заменува Колишевски) по разрешувањето на спорот меѓу КПЈ - БРП - Коминтерна за припадноста на ПК.

(29) Бунтот на скопскиот кале и Штип: Недела претпладне, 7 јануари 1945 година - Божик. Во офицерскиот дом нап поштадот во Скопје се одржува Вториот Конгрес на Народната младина на Македонија. Стотици војници, вооружени, се симнуваат од калето и преку Камениот мост доагаат при Офицерскиот дом. Со транспаренти, извикувања, мешаница, пароли “Не сакаме на Срем, сакаме на Солун”

и “Не на Берлин, туку на Солун”. ОЗНА почнува да ги апси. (Види: Фокус, стр, 24, Мај 2009 година).

(30) Паскал Митревски од должноста секретар на Политичката комисија на Македонците под Грција, по решение на ЦК на КПМ на почетокот на февруари 1945 година замина за Белград со цел да ја посетува тримесечната партиска политичка школа, која беше организирана од ЦК на КП на Југославија. (види: Паскал Митревски и неговото време 1912-1978, од 1992 година).

(31) Големиот револуционер Георги Димитров раководеше со Коминтерна и со Бугарија. Георги Димитров, чие име го има во сите светски енциклопедии, потекнува од македонско семјство. Беше раководител во Коммунистичката интернационала во Москва, а во повоените година стана прв човек на бугарската држава.

(32) Во декември истата 1944 година, Британците испровоцираа вооружен судир со единиците на ЕЛАС во Атина. На 12 февруари 1945 година во местото Варкиза надвор од Атина, беше потпишан истоимениот договор. По силата на овој договор капитулираа и беа ликвидирани сите еденици на ЕЛАС ширум Грција, иаку само некои нејзини еденици во Атина (Главно, од територијалната резерва ЕЛАС) беа победени од здружените сили на Британците и домашната реакција. “

Студена војна: Многу историчари кои се занимаваат со поновата историја на Европа и на светот имаат констатирано дека состанокот на „Големата тројка” што се одржа од 17 јули до 5 август 1945 година во гратчето Потсдам близу Берлин, во дворецот Селиенкоф, во основа бил бесполезен освен за една историска релевантна последица - отварањето на таканаречената Студена војна. Од тогаш сојузниците на антихитлеровската коалиција Велика Британија (Вистон Черчил), САД (Хари Труман) и Советскиот сојуз (самодржавецот на СССР Јосиф Висарионович Сталин) кои со крајни напори успееја да го победат германскиот фашизам, престанаа да се сакаат меѓусебе, отварајќи ја онаа етапа во поновата историја што дури подоцна ќе го добие името Студена војана. Железна завеса: Токму на конференцијата во Потсдам Вистон Черчил ја фомулира синтагмата за „железната завеса” што ја означи поделбата на Европа на свери на интерес.

(33) Политиката на Советскиот Сојуз спрема македонското прашање, беше во функција на глобалната политика и стратегија воопшто и спрема Грција посебно. Сталин, македонското прашање, како и

односот на Англичаните, Американците и Грците спрема Македонците под Грција, го користеше како покритие за својата политика што ја спроведуваше во земјите кои паднаа под влијание по Втората светска војна. Во текот на Втората светска војна комуистижките партии во земјите меѓу кои беше поделена Македонија цврсто го почитуваа декларативниот принцип на големите сили за непромена на предвоените граници. Траба да се знае и тоа: На иницијатива на Сталин е донесена одлука за распуштање на Коментерна, со што формално е признато правото на самостојност на секоја комунистижка партија и е подржана тезата: Една држава една партија. Кога тој истиот Сталин со големите сили во Москва (октомври 1944) ја направи делбата на сфери на влијанија и на балканот границите да останар "Статус кво". Ете тоа е беше одговор на сите нас кои гледавме спас во Русија. Тоа беше првиот удар и покажува како го изгубивме обединетиот духовен систем т. е нацијата остана без стратегија за духовен опстанок на својот етнички простор на Балканот.

(34) „Водечките македонски активисти, осудувани од КПГ, беа прифатени од КПМ/КПЈ. Со јавна подршка на КПМ/КПЈ се конституира Политичка комисија за Егејска Македонија (октомври, 1944), се формира Првата македонска егејска бригада (ноември, 1944, а потоа, наместо нив се формира сенародна политичка организација. народен ослободителен фронт - НОФ (Истовемено АФЖ и НОМС во април, 1945), чија воено - политичка активност наскоро стана основен белег на времето во тој дел на Македонија.

(35) Паскал Митревски од должноста секретар на Политичката комисија на Македонците под Грција, по решењние на ЦК на КПМ на почетокот на февриари 1945 година замина за Белград со цел да ја посетува тримесечната партиска политичка школа, која беше организирана од ЦК на КП на Југославија. (види: Паскал Митревски и неговото време 1912 - 1978. од Т. Мамуровски 1992 година.

(36) Значи, потврдени се фактите дека; 1945 година, на 23 април, во Скопје, независно од КПГ, се формира НОФ и стратешката национална грешка беше исправена со без (С-Славомакедонци), бидејќи во одлуките на АСНОМ немаше место за такви туѓи манипулации со нас Македонците.

(37) Караиванов бил специјален Титов разузнувач и агент на советската НКВД и инструктор на Коментерна. А Перо Симиќ, во својата книга Симиќ, "Тито - Тајна на столетието" за македонското издание ТОПЕР, Скопје 2009 стр. 240, пишува: На Петтиот конгрес

на КПЈ во нејзиниот ЦК избран е и енкаведеовецот Иван Караиванов Шпинер. Три години порано, овој бугарски екстремист не добил очекувана положба во комунистичката власт во Софија, па Тито го повикал, своите амбиции, да ги оствари во Југославија. Од железничката станица во Балград заминал право во резиденцијата на Тито на Дедиње: - Дали докажавте дека нашата партија е верна на револуцијата и а Коминтерната - прашал Валтер.

- И повеќе отколку што треба! - одговорил Караиванов.
. . . Тито му дал на Караиванов - Шпинер, вила на дедиње, го избра во својот Централен комитет и му овозможил да стане пратеник во Сојузното собрание на Југославија. Го прогласил за "Јунак на социјалистиката работа", кого челниците на КПЈ го ословувале со "револуционер кому светот му е татковина".

(38) Непосредни соработници и инструктори на генерал Маркос Вафијадис биле и: Ѓуза радовиќ, Обрад Трниниќ, Мишо Врбица, Велимир Доцниќ, Светислав Стојановиќ и Петар Луциќ, сите пд КОС на Србија. (Види КОС и УДБА - Акциите и документите на тајните служби).

(39) На седницата на Претседателството на организацијата "Илинден" на Македонците од Егејска Македонија формирана по иницијатива на Захаријадис, што се одржа на 4 јуни 1956 година, раководителот на организацијата полковникот Пандо Вајна во својот реферат во врска со прогонот на Македонците од КПГ, меѓу другото, рече: ". . . Во периодот на борбата на ДАГ и после поразот, Захаријадис спроведуваше политка на клеветење и прогонување на еден добар дел од славомакедонските кадри и народни борци. Сосема неосновано и многу лесно на славомкедонските кадри и народни борци им ја лепеше етикета "агент на непријателот" итн. Врз основа на лажни обвинувања во 1948-1949 година и подоцна, повеќе Славомакедонци беа уапсени, а некои од нив и ликвидирани…" (Ам, Ф-21/1600).

(40) Според КПГ Труманова доктрина значи потчинување на Грција на американските интереси, потоа КПГ смета дека Грција под раководство на САД ќе послужи како мостобран против балканските народни републики и Советскиот Сојуз. На 20 јуни 1947 година е потпишан Грчко-американскиот договор за реализација на доктрината. Во договорот е предвидено зајакнувањето на теророт преку примена на планот за масовни апсења, како што се од 9-10 јуни 1947 година и други.

(41) Пролетта 1947 година македонската организација НОФ постигна крупни политички и организациони успеси. Во редовите на НОФ, АФЖ и НОМС членуваа 16.349 лица. Во регуларните единици на ДАГ се бореа повеќе од 6.000 Македонци и Македонки. Слободната територија што беше создадена главно на територијата на Егејскиот дел на Македонија, беше претворена во работилница каде што стари и млади, жени и мажи, работеа за потребите на ДАГ.

(42) Панихида во Штип за 150 млади, кои беа насилно земени од суверената Југославија и испратени во суверена Грција, во прегратките на смртта во Граѓанската војна, само затоа што тие беа родени таму...) . На страниците на "Н.М" од 29 мај 1994 година веќе и отворено се идентификува кој го правел таквиот "национален долг" и им го покажал патот до "слободата", на овие млади луѓе, кои што ги оставија коските на Грамос. Тоа е синдрофос Мичос (како што се претстави: политичар, револуционер и мобилизатор). Тој вели: "...Дојдов во Скопје и за четири месеци испратив стотина борци во редовите на ДАГ" (Во заклетвата на борецот во редовите).

(43) Во гардот Костур има биста на генерал Џејмс А. Ван Флит, како прв човек на американската воена мисија, тој сторил многу за да заврши Граѓанската војна со успех на грчката владина армија.

(44) Бројката е се поконкретна и поприфатлива, спрема извештајот на УНСЦОБ, од август 1949(А/935, стр. 16) во кој се потврдуваше: " Во периодот на време во 1948 година, околу 25. 000 "Ελληνοπουλα" Грчиња се иселени од Грција и се сместени во територииte на Северните соседи на Грција и во други земји. ". Во јануари 1950 година, еден претставник на Грчкиот Црвен Крст, му поднесе извештај: " За збирниот број на Грчките деца кои добија азил во северните земји на Грција и ека бројката во јануари 1950 година, достигна до 28. 296". Истовремено, тој даде и една прегледна анализа за збирниот број на децата и во кои земји се стационирани: "Албанија: 2. 000, Бугарија: 2. 600, Унгарија: 3. 000, Полонија: 3. 000, Романија: 3801, Чехословакија: 2. 235, Југославија: 11. 600." (Извештајот на УНСЦОБ А/1307, 1950, стр. 23.). Во книгата, за воспитувањето на децата, од Танасис Мицопулос, вели дека: "имаше и повеќе од 25. 000 деца" но и Василис Барџиотас, прокоментира, дека сме иселиле 25. 000 деца, а владата во Атина, тој број го покачува на 28. 000.

(45) (Моја забелешка: навистина КПГ и ДПВ си го задржаа објеќањето пред светот и се изборија по војната да ги врати, но само децата "Грци по род". Оттогаш половина век, се слуша само лелекот

на макеоднските родители и на тие деца и се прашуваат: зошто не се погрижи оваа КПГ за Македончињата да ги врати. Зошто заборавила дека на иљадници од ни: нивните тактовци и мајки ги имаат оставено коските на Грамос, борејќи се, за и само за интересите на КПГ??!!)

(46) Партизанскиот весник (ДАГ) "Ексормиси" излегуваше на секој петнаесет дена. Се уредуваше и се печатеше во планината Грамос.

(47) На 16. 06 1949 година. Извршниот одбор на АФЖ на жените Македонки од Е. Македонија усвои резолуција за активирање на жените Македонки во одбрана на фронтовската линија Вичо.

(48) СЛАВОМАКЕДОНЦИ?! Дали ние Македонците по воља наша или на КПГ прифативме да се викаме од Македонци во "Славо-Македонци"? Зошто и како се сложивме со таквиот племенски атрибут кој важеше за идентификација на Македонците Словени. Дали тоа грчките комунисти го направија со умисла и во најголем дел го внесоа и во целокупната историска документација од Граѓанската војна (1945-1949), а ние тоа го прифативме и го правевме на сиот глас, па дури и сегордеевме дека пишуваме историја на Славомакедонците.

Се поставува прашањето: Дали овој прв човек на НОФ,за што историографијата вели дека НОФ претставуваше воено политички фактор, тоа го прави од незнаење? Тоа неможе да биде, бидејќи тој истиот беше прв човек при формирањето на организација СНОФ во Костурско (20 октомври 1943 година), но исто така и прв човек на организација НОФ во Скопје (23 април 1945 година) и добро знаел зошто е избришана буквата "С", што значи не "Славо".

Грчкото општество (држава) по поделата на Македонија (1913-1919) година, односно со етничките промени од 1920-1940 година, изработи повеќе или помалку експлицитни правила и модалитети за политичко интервенирање со цел да се справи со културната разнообразност и плуралноста на идентитетите кои настанаа по етничките промени од две поголеми групи: 1. "Вистинските национални припадноци со корен-Македонците и 2. "Лажните национални припадници со доселеничко потекло-Маџирите (Пондии). Ставот и целта на грчкате влади низ целиот то период на време им била и останува до денденес: Да се скрши историскиот спој Македонија-Македонци. Ине случајно Македонија под Грчка, беше именувана во Ворија Елада

Грците, добро знаат дека: Именувајќи не во ”Славомакедонци” тоа претставува племенски атрибут на идентификација на Македонците Словени и одговара на периодот пред 4-0т век кога се случи големата преселба на народите од старата татковина на Словените и дека немаме ништо со античките Македонци и со нивните атрибути. Значи, целта им е да му кажат на всетотим дека древна Македонија нее татковина на овие-СЛАВОМАКЕДОНЦИ. Тоа и денеска некои од светските медиуми го пропагираат во таа насока и во корист на грчката пропаганда.

До сега, од таквите пропаганди сме доживеале разни толкувања за КОРЕНИТЕ НА МАКЕДОНСКИТЕ ИДЕНТИТЕТИ и тоа: за националниот идентитет има берем три видувања меѓу самите Македонци. Едни ги наоѓаат своите корени во античка Македонија; други, во автоктонасловенска струја од деветнаесеттиот век на АСНОМ; додека трети зборуваат за бугарски корени. Види: повеќе информации во мојата книга: “Идеолошкиот активизам над Македонцците во Грција” издавач “Матица македонска”, Скопје 2000 година

(49) Извештај на Специјалната Комисија на Обединените Нации за Балканот. Генералното Собрание. Официјални Протоколи. (Report of the United Nations Special Committee on the Balkans. General Assembly, Official Records): Трето Заседание прилог бр. 8 (A/574) со датум 30 јуни 1948), стр. 18 и 29.

(50) Κουφουδικης, Οι Ηνωμνες Πολιτιες, τα Ενωμενα Εθνηκαι το ελληνικο ζιτημα, 1946−1952.

(51) Извештај на Истражната комисија до советот за безбедност во врска со инцидентите на грчката граница: “Пред да дадеме нашите предлози, Комисијата чувствува дека би било корисно, накусо да ја рекапитулира состојбата долж северната грчка граница, а нашите предлози се насочени кон ублажување и поправање на ваквата ситуација. Прво, од страна на грчката влада беа изнесени обвинувања дека нејзините три северни соседа ја помагаат герилскта војна во Грција. Второ, денес во Грција постои една нарушена ситуација што претставува наследство од минатото, а чии причини можат да се пронајдат во грчкото трагично искуство за време на војната, во нејзината окупација од страна на Италијанците, Германците и Бугарите, во герилската војна што се водела за време на окупацијата, во политичката жештина и економските тешкотии предизвикани од војната.

Следното што треба да се спомене, е одбивањето на најголемиот број од споменатите земји да ги прифатат како конечни нивните граници, на начинот на кој тие се дефинирани денеска. Некои од таквите барања на сосема легитимен начин биле покренатаи пред форумот на Обединетите нации или пред другите надлежни меѓународни тела, но нивното зголемување несомнено ја влошува и без тоа веќе опасната ситуација.

Натаму, во случајот на Македонското прашање, барањата не се истакнати пред Обединетите нации, туку во говорите на одделните влади или во органите на печатот контролирани од страна на владите. Искористувањето на Македонското прашање на ваков начин, според мислењето на Комисијата, претставува позитивна закана за мирот на Балканот и само може дополнително да придонесе на постојните тензии и сомневања и да ги зголеми националните страсти, кои беа оглед на воените искуства, не само што воопшто не се намалени, туку дури и се заострени поради нивната идентификација во голем број случаи со политички идеи.

Исто така, како нешто што треба да се спомене, е присуството во Грција, од една, и во Југославија, Бугарија и Албанија, од друга страна, на политичките бегалци од различните територии, кои во голем број учествувале во политичките борби што биле водени во нивните земиј за време и по војната. Некои од тие бегалци се сместени во близината на границите на земјата од каде што тие побегнале. Некои пак, за време на нивниот егзил, се ангажирале во политички и воени активности и преголем број од нив, живеат во надеж дека некој насилен обрт на ситуацијата ќе им овозможи да се вратат во нивните домови, под услови што тие ќе ги изберат. Други бегалци се жртви на паниката што се шири и ако ним им се даде слободен избор, тие со задоволство би се вратиле во своите домови. Меѓутоа, постојаното присуство на сите нив под условите под кои тие живеат во моментов, сосема јасно, сериозно претставува сериозен фактор што придонесува за постојаната ситуација.

Конечно, насилството и нивото на пропаганда што се користи од некои од протагонистите во нивните меѓусебни односи не можеше, а да не биде забележано од страна на комисијата за време на нејзиниот престој во четирите земји. Ваквата пропаганда секогаш служи за разгорување на страстите, што и онака, се попролично разгорени… Комисијата сугерира Советот за безбедност да и стави до знаење на Грчката влада дека тој е подготвен, ако таа влада тоа го бара, да и ги стави на располагање своите добри услуги за да се изнајдат сите можни средства за реализација на таа мерка.

Комисијата даде и свои предлози:

А. Комисијата му предлага на Советот за безбедност тој да им предложи на владите на Грција, од една, и на Албанија, Бугарија и Југославија, од друга страна тие да направат се што е во нивна моќ за да воспостават нормални добрососедски односи, да се воздржат од сите дирекни или индиректни акции… Комисијата верува дека во сферата на нејзината истрага, натамошните случаи на подршка на оружените банди формирани на територијата на една држава, што преминуваат на територијата на некоја друга држава или одбивањето на владата и покрај барањето на засегнатата држава, да ги преземе сите можни мерки на својата територија за да ги лиши таквите банди од секаков вид помош или заштита, Советот за безбедност треба да го третира како закана за мирот во смисла на Повелбата на Обединеите нации.

Б. За да се обезбеди ефикасна машинерија за регулирање и контрола на нивните заеднички граници, Комисијата предлага Советот за безбедност да им предложи на засегнатите влади тие да склучат нови конвенции по примерот на Грчко-бугарската конвенција од 1931 година, земајќи ги предвид потребите на постојната ситуација. (тнр. Грчко-Бугарската конвенција за размена на населението). Значи се предлагаше ТРАНСФЕР НА МАЛЦИНСТВАТА.

В. За да се реставрираат нормалните услови долж границите по меѓу Грција, од една, и Албанија, Бугарија и Југославија, од друга страна, и со самото тоа да се помогне во воспоставување на добрососедските односи, Комисијата препорачува формирање на посебно тело . . .).

(52) Делегацијата на Советскиот сојуз приговара на изнесените предлози-за Грчкото прашање:

“1. Горе наведените предлози на ниту еден начин не произлегуваат од фактите и документите што ги собра Комисијата за време на истражувањето на ситуацијата во Северна Грција и на нејзините северни граници, туку тие се втемелени само на некои незасновани претпоставки на грчката влада во врска со пружањето помош на герилата од страна на северните соседи на Грција.

2. Предлозите ја прифаќаат можноста за постоење на гранични инциденти, конфликти, па дури и акти на агресија, во иднина во односите помеѓу Грција, од една, и Југославија , Бугарија и Албанија

од друга страна, и покрај тоа што Комисијата нема никакви основи за давање на предлог од ваква природа.

3. Предлозите предвидуваат мерки што се однесуваат не само на Грција, туку на Југославија, Бугарија и Албанија исто така, иако од документите што и беа на располагање на Комисијата, сосема е очигледно дека тензична ситуација постои во Грција и дека тамошните нереди не се случуваат само во северниот дел, туку во цела земја и така тензичната ситуација и нередите во Грција се последица на внатрешни причини.

4. Воспоставувањето на постојана гранична комисија или на тело што би го преставувало Советот за безбедност, на начин како што се предвидува со предлозите, како и склучување на конвенции и договори меѓу Грција, Југославија, Бугарија и Албанија, во огромна мерка претставува ограничување на суверените права на тие држави во решавањето на нивните меѓусебни односи. “

(53) Полската делегација ги изнесе следниве приговори на изнесните предлози од Комисијата за Грчкото прашање:

“1. Мерките во целост се жината неефикасни, бидејќи тие ги земаат предвид само симптомите, а не и прижините за неприликите што постојат во северна грција и долж нејзините северни граници. Фактот, што предложените мерки се неефикасни, може лесно да го загрози престижот на Обединетите нации.

2. Некои од предложените мерки се чини дека не го земаат предвид фактот што не постојат дипломатски односи по меѓу Грција, од една страна и Бугарија и Албанија, од друга страна.

3. Во врска со предлогот изнесен под Б, во кој се сугерира формирање на постојано контролно тело, оваа мерка се чини не соодтветна заради следните прижини:

(а) таквото контролно тело ќе ги загрози суверените права на Грција, како и на Албанија, Бугарија и Југославија.

(б) тоа ќе претставува мерка на присила во однос на Албанија, Бугарија и Југославија. Оваа мерка, на ниту еден начин нема да биде оправдана со резултатите до кои дојде истрагата на Комисијата. Токму затоа, наместо да доведе до подобрување на постојните тешкотии, таа сосема добро може да доведе до сосема спротивни резултати.

(54) “Репатрирање на Грчките деца” – “Repatriation of Greek Children”. (First Joint Report by the International Red Cross and the Red Cross Society), Женева, 5 октомври 1949, стр. 2.

(55) Значи: на 30 - 31 јануари 1949 година се одржа 5-от Пленум на ЦК на КПГ и на него е исфрлена паролата за „Обединета Македонска држава во рамките на балканска федерација” , а на 7 март 1949 година ЦК на КПГ ја демантира таквото решение. Исто така таквиот демант го прифати и НОФ и на 2- от Пленум на НОФ од 3 февруари 1949 година. По фронтовската загуба на планината Вичо на 14 август 1949 година од политичкиот (врховниот комесар) Василис Барџиотас, беше фрлена паролата дека „Грамос ќе стане гробница на монархофашистите - владината војска” која броеше дест пати повеќе од силите на ДАГ, а на 29 август 1949 година со последните битки на планината Грамос, Главниот штаб на ДАГ објави: . . . дека единиците на ДАГ са повлекуваат во Албанија, бидејќи си ја извршија херојски својата задача. “ и тоа беше крајот на ликвидацијата на ДАГ. А на 7 октомври 1949 во Албанија, во месноста „Бурели”, по налог на КПГ беа прогласени за шпиони и предавници на револуцијата 11 членови на НОФ, АФЖ и НОМС и тие поминаа низ сибирските логори, а сите борци на ДАГ во емиграција остана со паролата од КПГ: „Μετο οπλο παραποδα” и со тоа беше остварена над секого казната без вина.

(56) На 23 март 1949 година КПГ ја формира КОЕМ (Комунистичка ораганизација за Егејска Македонија) и се велеше дека за Македонците дека тоа преставува “Светла точка” во историјата. „КОЕМ прогласува, се вели во резолуцијата” дека КПЈ го издаде народно – демократскиот блок и дека народите на Југославија, меѓу кои и македонскиот, ги предава во рацете на империјализмот. . . “. Историјата наша (Секторската историја за Егејците”, оценува: „Усвоената Резолуција од раководството на КОЕМ и сите организации на НОФ, АФЖ и борците на ДАГ и служи како средство за спроведување на една хистерична кампанија против Југославија и нејзиното раководсто”. А на 16 јуни 1949 година извршниот одбор на АФЖ на жените ги повикува македонките во одбрана на фронтовската одбрамбена линија Вичо.

(57) Како последица од Балканските војни (1912-1913) и со Букурешкиот мировен договор од 28 јуни(10 август) 1913 година,санкциониран од Нејскиот мировен договор од 14/27 ноември 1919 година и од Северскиот мировен договор од 28 јули (10 август) 1920 година, Македонија беше поделена меѓу Грција, Србија, Бугарија и подоцна Албанија ги доби Долна Преспа и Голо Брдо.

Грција доби 34. 356 км2 или 51% од македонската етничко-историска територија ; Србија 25. 713 км2 или 39%; Бугарија 6. 798 км2 или 9, 5 % и Албанија 0. 5 % од македонската-историска територија.

(58) Резолуцијата на Инфорбирото, ПБ на ЦК на КПГ ја прифати на 30 јуни 1948 година, а ЦК на КПГ на својот четврти пленум, одржан на 28 и 29 јули 1948 година.

(59) Случајот го паметам како денес и се уште при секое потсетување во овие изминат 64 години, ми носи горчина. Нашата единица која вршеше минирање на одредени борбени сектори во областа Вичо и Бела вода, беше привремено стационрана во селото Букоиќ. Еден ден се вџасив, кога видов колона од полуголи и гладни старци: родители на кои децата им беа насилно мобилизирани во единиците на ДАГ, а некои и погинати. Логорот беше лоциран меѓу месноста на селата Бесвина и Букоиќ.

(60) Според Владимир Дедијер, Титов дипломат и разузнувач, бригадниот генерал Фицрој Меклин спаѓа во врвот на разузнавачите во Британија, и Европа во тоа време! Меклин бил личен пријател на Черчил, а како негови достигнувања се смета тоа што прв дознал и јавил за постигнувањето на тајниот пакт помеѓу Хитлер и Сталин, како и откривањето на плановите и движењата на германскиот генерал Ромел во севера Африка.

Меклин е определен да организира контакти и сојузничка подршка за партизаните на Тито. Тој дошол во Југославија во 1943 година спуштајќи се со падобран заедно со радиотелеграфистот Бил Дикинс, задолжени за контакт со партизаните. Меклин бил дипломатски службеник во Москва и имал искуства и сознанија за комунистичкта идеологија и дејствување. Тито, посебно го ценел Меклин. По војната го сметал за свој пријател и му подарил куќа на островот Корчула. Фицрој Меклин ја посетувал куќата на Корчула речиси се до својата смрт, во март 1996 година.

(61) Во февруари 1953 година во Анкара се водени тристрани разговори за формирање на Балкански Пакт за пријателство и соработка по меѓу Грција, Југославија и Турција. Во август 1954 година се дополни и се стави во сила со потпишувањето во Блед (Југославија) за воен Сојуз помеѓу трите потписници. Балканскиот Пакт од 1953 година беше еден момент како подршка на Југославија од заканите што беа упатувани од земјите на комунистичкиот лагер и затоа не траеше многу. Така во 1961 и трите земји оценија дека Балканскиот пакт стана мртво писмо.

Но, со потпишувањето на Балканскиот пак имаше и разбирливи последици спрема македонското прашање, бидејќи Југославија на Грција и направи отстапки на Грција и тоа: го распушти „Сојузот на Македонците од Егејска Македонија“ и затвори (ликвидира) пропагаторскиот весник „Глас на Егејците“.

(62) На 23.04.1945 година, во Скопје, во просториите на ЦК на КПМ, формирана е организацијата НОФ (Народно Ослободителен Фронт) на Македонците под Грција. Во составот на оваа организација се формирани АФЖ и НОМС. Од формирањето се до т.н "Братство и единство" помеѓу НОФ и КПГ, НОФ дејствуваше спрема директивите на КПМ/КПЈ, а по тоа помина под команда на КПГ се до ликвидацијата на ДАГ и нејзиното расформирање, а нејзиното раководство, беше интернирано во логорите на Сибир.

(63) Холокауст анг. (Ολοκαλτωμά грч.): жртви што горат во ритуален пламен или жртви што страдаат во пожар- (терминов се употребува и за страдањето на Евреите во фашистичките крематоријуми.)

(64) Евангелос Кофос, студирал на универзитетот "Џорџтаун“ во САД и дипломирал на темата "Македонското прашање“. Кофос е идеологот на грчката политика кон нашата земја во однос на името. Во клучните години, кога се решаваше нашата судбина за признавањето на државата, приемот во ООН. . . , се до крајот на 1995 година, или нешто подоцна, тој беше шев на штабот при грчкото МНР, кој го отвори и го менаџираше спорот. Сите овие години работел на "Македонското прашање“.Во 5о-тите години е и периодот по 1991- та, кога тој се обидува да го затвори ова прашање. Еднаш за секогаш . Тој е идеологот и архитектот кој ја дефинирал суштината на грчката политика во спорот.

Има издадено неколку книги преку Институтот за Балкански студии во Солун. Една од тие е и првата: Кофос, Евангелос, Натионалисм енд Цоммунисм ин Македониа (Тесалоники: Институте фор Балкан Студиес, 1964)

(65) Нејскиот мировен договор: Како земја - губитничка во Првата светска војна, Бугарија потпиша мировен договор со кој изгуби многу своите теритоии. Така, Добруџа и припадна на Романија, Тракија на Грција, Струмица, Димитровград (Тогашен цариброд) и Босилеград на Србија. На страната на бугарската армија се бележат 8. 750 мртви војници и офицери и 152 илјади ранети, додека на нејзината територија имало 275 илјади цивилни жртви.

(66) ОЗНА и односно УДБА (Одделот за заштита на народот - Управа за државна безбедност), КОС (контра разузнавачки сектор на ЈАН), и СИД (Служба за информирање и документација при Министерството за надворешни работи на Југославија).

(67) Специјален Титов разузнувач бил и Иван караиванов, агент на советската НКВД и инструцтор на Коминтерната. Непосредни соработници и инструктори на генералот Маркос Вафијадис биле и: Ѓуза Радовиќ, Обрад Трниниќ, Мило Врбица, Велимир Доцниќ, Светислав Стојановиќ и Петар Луциќ, сите од КОС на Србија. Слободан Марковиќ имал задача по потреба илегално безбедно да го донесе и враќа од Белград генералот вафијадис. (Види: КОС и УДБА - Акциите и документите на тајните служби).

(68) Александар Ранковиќ, со партизански прекар Марко, е роден на 28 ноември 1909, во околината на Обреновац, Србија, творец на КОС и УДБА и нивна жртва.

(69) “. . . Неколку дена пред Новата 1945 година, во Скопје се одржува Второто заседание на АСНОМ, означено и како вонредно, на кое 'великанот' Јосип Броз не доаѓа. Го праќа Словенецот Едвард Кардељ - Бевец. Магепсан од величината на гостинот, Колишевски понизно го слуша, а тој пак, без стеснување, на заминување му соопштува непријатни работи. Ближи крајот на војната, му рекол Кардељ на Колишевски, а со тоа ближи и денот кога ќе се поднесуваат сметки кој колку сторил. На сметката на македонија има Пет големи минуса: најдоцна почна со востанието, најудобно ја мина окупацијата, имаше најмали разурнувања, имаше најмалку жртви и, конечно, не учествуваше во ослободувањето на Југославија.

Лазо обезумен го прашува Кардељ, што да се прави. Овој ладнокрвно му вели: 'Првите три работи не можете да ги исправат. Затоа ОЗНА треба веднаш да почне да апси ид а стрела, а вие да партите голема единица на Сремскиот фронт'. “Поопширон: Дарко Јаневски “Фокус”: “Дали знаеме се за бунтот на кале во јануари 1949 година”.

(70) Германос Каравангелис роден е во 1866 година во с. Стипси на островот Лезбос. Го завршува минхенскиот Универзитет со голем успех и желба му била да се оддаде во просветата како професор по теологија, но по барање на грчката влада во 1900 година е назначен за Митрополит на Костурската Епархија. Каравангелис за кратко време по сите костурски села создава цела мрежа од свештеници,учители и други, кои ги поткупуваше со златни лири. Тој во овие свои спомени

детално ги опишува акциите и најсуровите методи што ги вршел при погрчувањето заедно со Павлос Мелас, началник и организатор на грчките андарски чети,кои се појавија во Македонија во 1901 година.

(71) ПАО & Пауџидес (Сегрчка ослободителна организација) која ја сочинуваа паранешни полициски началници и офицери на поранешната грчка армија (ЕС) и други разни националистички антинародни елементи. Организацијата ПАО во соработка со воено-окупационите власти се обидуваше во редовите на ЕЛАС да инфилтрира свои офицери и агенти со задача да ги ликвидираат партизаните Еласити комунисти. Такви инфилтрирани офицери како Кирцидакис, Зисис и Мандаропулос беа осудени и физички ликвидирани кон крајот на април 1943 година.

(72) На седницата на Претседателството на организацијата “Илинден’ на Македонците од Егејска Македоннија, формирана по иницијатива на Захаријадис, што се одржа на 4 јуни 1956 година, раководителот на организацијата Пандо Вајна во својот реферат во врска со прогонот на Македонците од КПГ, меѓу другото, рече: “. . . Во периодот на борбата на ДАГ и после поразот, Захаријадис спроведуваше политика на клеветење и прогонување на еден обар дел од славомакедонските кадри и народни борци. Сосема неосновано и многу лесно на славомакедонците кадри и народни борци им ја лепеше етикетата ‘агент на непријател на народот’ и "Титови агенти" т. н.

ЗА СУШТИНА НА КНИГАТА:
РЕЦЕНЗИИ ОД ЧИТАТЕЛИТЕ НА РАКОПИСОТ

Неспорно е дека големата Епопеа на националниот отпор на Македонците патриоти 1940-1949 година против сите окупатори и поробувачи, досега не е напишана целосно и со сите вистински настани.

Многу значајни настани останууваа непознати или се имаат пренесено со сериозни недостатоци од факти и доста од објаснетите факти беа прикривани и потребно беше да се напишат и објаснат; многу нејасни настани кои требашее да се расветлат, за да се сочуваат и да се пренесат историски верно, со сета големина на македонското дело и да им се пренеси на идните генерации како многуценето ÂКовчеце≈ за вечното паметение на македонската нација.

Авторот Стојан Кочов се почувствува дека сиго исполни долгот спрема македонскиот народ и неговата историја и даде личен влог за македонското дело во Граѓанската војна во која беше лично од почетокот до ликвидацијата и се најде со сите елитни единици - борци на ДАГ во - политичката емиграција, конкретно во СССР.

Така книгата на Стојан Кочов нее само еден личен влог - сведоштво на еден писател за се што доживеа тој лично, туку една суштинскаа и многу значајна порака со неспорни факти на поновата политичка историја на Македонија.